Илија Глигоров Драги Аргировски

СТУДИЈА ЗА ПЕНЗИОНЕРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ

СКОПЈЕ, 2016

ИЛИЈА ГЛИГОРОВ ДРАГИ АРГИРОВСКИ

СТУДИЈА ЗА ПЕНЗИОНЕРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Скопје, 1 мај 2016 година

Издавач
Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

Автори
Илија Глигоров, Драги Аргировски

Наслов
Студија за пензионерското организирање

Корица
Калина Сливовска - Андонова

Графичко обликување
Илија Глигоров

Лектор
Верица Тоциновска

Печати
РИ – Графика – Скопје, 2016

Тираж
200

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

061.2-057.75(497.7)"1946/2016"(091)

ГЛИГОРОВ, Илија
Студија за пензионерското организирање / Илија Глигоров, Драги Аргировски. - Скопје : Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија, 2016. - 306 стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-608-65788-1-7
1. Аргировски, Драги [автор]
а) Пензионерски друштва - Македонија - 1946-2016
COBISS.MK-ID 101247498

ПРЕДГОВОР

„70 години пензионерско организирање во Македонија“

Во 2016 година се навршуваат 70 години од првите закони за социјално осигурување и пензионирање на работниците, со што започна и пензионерското организирање. Сеуште има живи од луѓето кои со борба го победија фашизмот, овозможија формирање Македонска држава, ударнички го обновуваа разрушеното, градеа и работеа, формирајќи ја основата за идните генерации. И неколку генерации вредни луѓе од тогаш до денес придонесуваа за изградбата и развојот на Македонија на сите полиња, почнувајќи од економијата (во прв ред индустријата, трговијата и земјоделството) и политиката, преку образованието, здравството, културата, науката, уметноста и другите дејности. И тоа трае...

Денес во Република Македонија има околу 300.000 пензионери кои заслужено ги користат стекнатите бенефити од работниот век и достоинствено ја живеат својата старост.

Оваа публикација има за цел да даде краток, хронолошки осврт во пензионерското организирање, преку фактографски материјал, без претензии за сеопфатен опфат на случувањата. Според научната класификација и историската методологија, најголемиот број на користените извори на податоци, во оваа книга, се од групата ткн. „секундарни“ извори, што значи не се само изворни документи, туку има и веќе објавувани материјали. Со цел читателот да може поблиску да ги доживее случувањата, авторите отстапија од граматичките правила, така што при пишувањето упоребуваа „прво лице и сегашно време“ како раскажувачи во реалното време.

Со популарен метод на кратко кажување и набројување во последните делови од книгата, се насочува читателот да ги побара веќе објавените поширокі и подетални материјали како и изворните документи за кои ќе прејави поспецифичен интерес.

Авторите апелираат до сите добронамерни луѓе кои поседуваат проверени податоци и документи, со кои би можело да се дополнат или евентуално да се корегираат некои информации во оваа книга, да ги стават на располагање, со цел тие да бидат презентирани во наредното издание, кое може да биде и по повод следниот јубилеј на пензионерите во Македонија.

„Вистината – доживеана, запишана, прочитана, осознаена и / или прифатена, навистина се случила.“

Скопје, 01.05.2016 година

СОДРЖИНА

	Стр.
ПРЕДГОВОР.....	3
СОРЖИНА.....	4
РЕЦЕНЗИЈА.....	5
ГЛАВА ПРВА.....	7
ДЕЛ I.	7
ВОВЕД.....	7
РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРАВА ВО ТРУДОВОТО ПРАВО.....	8
ДЕЛ II.....	19
ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И САМООРГАНИЗИРАЊЕ НА ПЕНЗИОНЕРСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.....	19
ГЛАВА ВТОРА.....	69
Дел I. „Македонските пензионери денес“ (1946-2003), од Вите Исјановски, СЗПМ, 2004.....	69
Дел II. „Неговото височество пензионерот“ (2003-2006), од Драги Аргировски, Скопје 2006.....	87
Дел III. „Пензионерска сага“ (2006-2007), од Драги Аргировски, Скопје 2007.....	101
Дел IV. „Моето име е пензионер“ (2007-2010), од Драги Аргировски, Скопје 2010.....	113
Дел V. „Наши пензионерски времиња“ (2010-2012), од Драги Аргировски, Скопје 2012.....	137
Дел VI. Очекувања на пензионерите и на СЗПМ.....	182
ГЛАВА ТРЕТА.....	185
„ПЕНЗИОНЕР плус“ – времеплов.....	185

РЕЦЕНЗИЈА

Делото „Студија за пензионерското организирање“ е еден од ретките трудови во македонската публицистика, кој на систематизиран, историско-хронолошки и со документи поткрепен начин, дава целосен осврт за пензионерското организирање во поновата македонска историја.

Авторите на Студијата, на едноставен и пристапен за читателот стил, прават хронолошки приказ на исклучително значајна тема, а тоа е пензионерското организирање и неговата рефлексија врз социјалните, економските, историските, па и социолошко-политичките аспекти на граѓанското организирање во општеството.

Користејќи симбиоза на историски, фактографски и публицистички материјали, авторите обезбедуваат историско-научен осврт на развојот на граѓанското организирање, почнувајќи од првите форми на пензионерски здруженија и сојузи, нивните информативни гласила, јубилејните одбележувања, историската поврзаност меѓу синдикалното организирање и движење и пензионерското организирање и движење, до поновите институционални форми на автономно синдикално организирање и активности и на соодветните форми на пензионерско организирање во независна Република Македонија.

Студијата има посебна вредност, според начинот и стилот, со кој авторите се осврнуваат и го објаснуваат настанувањето и развојот на пензионерското организирање, посебно укажувајќи на карактеристиките и активностите на неговиот специфичен и автономен карактер по 1994 година, во Република Македонија.

Студијата многу успешно го анализира пензионерското организирање и на читателот му овозможува да се запознае и со детерминираноста на општествено-економските и политичките претпоставки кои влијаеле врз неговиот развој, се разбира сето тоа во контекст на основните уставни, законски и други нормативни одредби кои исто така го детерминираат развојот на пензионерското организирање.

Посебна тежина на Студијата, дава хронолошкиот пристап во приказот на информативната и комуникациската практика во пензионерското организирање, реализирана преку соодветни гласила, кои, како хроничари на времето, даваат јасна слика за пензионерското живеење, култот на т.н. „трета доба“, но и за самопрегорот на раководствата на пензионерските организации за обезбедување подобра социјална, материјална и економска состојба, но и за афирмиран статус на пензионерите во македонското општество.

Светлата страна на т.н. „трета доба“, духот и еланот на ветераните на трудот, во Студијата, посебно се отсликани и преку наброените и опишани активности: спортски натпреварувања, рекреативни излети, пензионерски ревии, самодејности и волонтерство, но и преку пензионерското ширење на соработката со други сродни граѓански организации од странство како и со институциите и субјектите од државата и надвор од неа.

Карактеристика на Студијата е тоа, што, таа инкорпорира повеќе трудови од разни автори, кои давале осврт кон повеќе теми за пензионерското организирање, за феноменот на „пензионерската сага“ и воопшто за пензионерот.

Посебна вредност на Студијата бележиме во однос на тоа, што исто така на хронолошки и аргументиран начин се евидентираат активностите, идеите, стратегиите и предлозите кои вродија со плод и придонесоа за значајно унапредување на социјалната, економската и материјалната положба на пензионерите, посебно во последниве десетина години. Овој дел, е и своевиден одговор на оние субјекти кои имаат подруг пристап кон актуелната пензионерска организација и кои прават обиди да го нарушат автономниот, невладин и непартиски карактер на пензионерското организирање во Република Македонија.

Презентирањето на основните документи, врз основа на кои се создадени услови за пензионерско организирање во Македонија, поврзани со синдикалната организација, првите закони за социјално осигурување и за пензионирање од 1946 година, првото Решение за регистрација, првите Правила за организација и работа, се до најновиот Статут на СЗПМ од 2015 година, даваат особено значајна научно-стручна поткрепа на веродостојноста на материјалите во годината кога се слави јубилејот „Седумдест години пензионерско организирање во Македонија, 1946-2016“.

Во Студијата е употребен јасен, систематизиран, употреблив стил и јазик кој овозможува на особено прифатлив начин да се анализира и елаборира оваа комплексна материја.

Комплексноста на препораките, ставовите и очекувањата на пензионерите и на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, презентирани во оваа Студија, даваат стручна основа за натамошна разработка на оваа материја, што претставува уште една вредност на овој труд кој топло го препорачувам на целокупната јавност, а особено на оние кои се активни партиципиенти и носители на пензионерското организирање во Република Македонија.

Рецензент:
Доц. д-р Живко Митревски
Претседател на Сојузот на синдикатите
на Македонија

ГЛАВА ПРВА

ДЕЛ I.

Секое време носи во себе убавини и тешкотии.
Убавините треба да се почитуваат,
а тешкотиите да се надминуваат!

1. ВОВЕД

Кога со читањето на оваа книга ќе дојдете до последната страница, ќе ги осознаете големите успеси на организацијата на пензионерите во Република Македонија, која ги бере плодовите во својата вечна златна есен. Тогаш, ќе се сетите, за овде опишаните почетоци на макотрпниот многугодишен пат, со нагорен или подзабавен развој, почнувајќи со егзистенцијални проблеми, а достигнувајќи оптимални успеси. Периодот пред формирање, постапките за формирање, организациската поставеност, пензискиот систем, здравствената заштита, станбените прашања, општествениот стандард, солидарниот фонд, социјалната инклузија изразена преку културно-забавниот живот, спортувањето, доживотното учење и меѓународната соработка се главните области за кои се кажува тука, сепак, не е можно сè да се опфати. Секако најважни се луѓето, генерациите пензионери преку чија глава сето тоа поминало. Сè започнува со напорите на луѓето, со производството, услугите и надградбата во рамките на правната држава, и тие луѓе заслужуваат пензија. Беше неизбежно спомнувањето, без детализирање, на големиот број закони, со кои започнаа правата и обврските во оваа област, тие повремено се менуваа, се прошируваа или стеснуваа.

Социјалното осигурување од болест, изнемоштеност, старост и смрт претставува една од најважните алки за решавање на социјалните потреби. Тоа е составен дел на социјалната политика и трудовото право на државите во светот, без обsир на нивната општествена и економска политика. Сигурно е, дека, заедно со политиката на приходот и цените, изградбата на становите, образованието и социјалната заштита, социјалното осигурување во значителна мерка ги ублажува социјалните спротивставености и нееднаквоста, кои се присутни во секое општество. Во Република Македонија, врз основа на Уставот, со Закон за пензиското и инвалидското осигурување, на единствен начин се уредени правата од пензиското и инвалидското осигурување. Ресорно министерство во Владата на Република Македонија е Министерството за труд и социјална политика. Шест децении во Република Македонија се применуваше пензиски систем заснован на принципот на генераciска солидарност и заемност. Со Законот за ПИО од 2000-та

година беше воспоставена легислативната рамка за новиот, трослоен пензиски систем во Република Македонија. Првиот столб е задолжителниот државен пензиски фонд (Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија), кој и во иднина ќе продолжи да функционира според принципот на генераciска солидарност. Преку него се уплаќаат придонесите од бруто платите на осигурениците кои се користат за исплата на пензиите на сегашните, но и на идните пензионери. Вториот столб го претставуваат задолжителните капитални (приватни) пензиски фондови, од кои секој осигуреник ќе може да избере само еден. Во нив задолжително се уплатува дел од придонесот на сите лица вработени по 1 јануари 2003 година, додека за останатите вработени изборот за вклучување во вториот столб е на доброволна основа. Придонесот за пензиско осигурување издвоен од бруто платата, заедно со приносот од инвестирањето на тие средства, му припаѓаат на осигуреникот и тоа претставува основа за формирање на износот на неговата пензија. Третиот столб го претставуваат доброволните приватни пензиски фондови, во кои секој осигуреник може да членува според својот доброволен избор. Така реформираниот тростолбен систем профункционира почнувајќи од 2006 година.

2. РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРАВА ВО ТРУДОВОТО ПРАВО

Во светот, првиот познат закон за обврзно социјално осигурување објавен е во Прусија (Бизмарк, 1882 година). Тој е резултат на тешката и упорна борба за работничките права. И во поранешните балкански држави работничкото осигурување минувало преку разни тешкотии. Властите ги штителе сопствениците на фабриките и претпријатијата со цел да ги ослободат од обврските за заштита на здравјето и животот на оние кои фактички ги ствараат богатствата. Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, формирано во 1918 година, е настанато од неколку покраини после распаѓањето на Австро-унгарската монархија како и од Кралството Србија во чиј состав е и територијата на Вардарска Македонија. Во овие земји имало неколку различни административни системи, па и наследеното работничко осигурување во одредени подрачја на новонастанатото Кралство имало различни содржини. Во Србија, во 1910 година усвоен е „Закон за дејностите" со кој е воведено задолжително осигурување на работниците од болест и незгоди со можност за доброволно пензиско и инвалидско осигурување. Овој Закон не се спроведувал доследно.

Пензиското и инвалидското осигурување во Кралска Југославија (1918-1941) и за време на окупацијата, било расцепкано и се спроведувало врз основа на повеќе разни прописи во кои биле утврдени права и обврски преку многу различни услови и основи. Пред почетокот на Втората светска војна во Југославија постоеле: Средишен уред за осигурување на работниците; Братимски благајни за осигурување на рударите; Хуманитарни фондови за сообраќајниот персонал; Пензиски фонд за осигурување на приватните вработени. Постоеле уште и околу сто „Јавни фондови" и стоседумдесет „Приватни пензиски фондови" кои според разни прописи го остварувале осигурувањето за одредени категории вработени. Пензиското осигурување на државните службеници било пропишано и воведено за подрачјето на цела Кралска Југославија со закон и со други прописи со кои се регулирале службеничките односи. Осигурувањето било класично, со

капитално покривање, а пензијата била зависна од вкупно платениот износ за времетраењето на осигурувањето. Реално осигурувањето почнало да се спроведува дури од 1937 година. Во Хрватска и Србија пензионерски здруженија за самопомош и застапување на правата и потребите, се формираат почнувајќи од 1927 година. Тогаш, за општото работничко осигурување половина од придонесите плаќал работодателот, а другата половина работникот. И во управувањето паритетно учествувале со 50 отсто работниците и 50 отсто газдите. За повредите на работа целата рата од осигурувањето ја плаќале газдите. На некои подрачја имало и рударско осигурување, а во Војводина и доброволно земјоделско. По завршувањето на Првата светска војна за подрачјето на Словенија биле основани, во Љубљана, четири разни установи за осигурување. Во Србија, Македонија и Црна Гора сè до 1921 година воопшто немало работничко осигурување. Во 1921 година објавена е Уредба за организирање осигурување на работниците во случај на болест и несреќа, кое во Србија и Црна Гора почнало да се спроведува од 1922 година. На 30 мај 1922 година донесен е Законот за осигурување на работниците со кој е основано општо работничко осигурување од болест, несреќа при работа, изнемоштеност, старост и смрт. Овој Закон ги изземал државните и другите јавни службеници. Иако за тоа време овој Закон бил еден од најнапредните закони за социјално осигурување во светот, со принципи на сеопфатност, солиданост и обврзност, тој никогаш не бил спроведен доследно и во целина. Во него била предвидена и помош „погребнина" во висина од 30 цели дневници и право на семејна пензија. За старите и изнемоштените била предвидена инвалидска и старосна пензија.

Извори:
-Zakon o osiguranju radnika, „Službene novine" Kraljevine SHS, br. 117, 30.05.1922.
-Споменица двадестпетогодишњице ослобоѓења Јужне Србије 1912-1937, Скопје, 1937.

∞ ∞ ∞

Развој на социјалното осигурување во Југославија

- *Југославија по Втората светска војна*

Осигурувањето во случај на изнемоштеност, старост и смрт претставува највисок дострел во заштитата на социјалните и материјалните интереси на работниците и нивните семејства, а во некои држави во системот на ова осигурување вклучено е вкупното население. Таму, право на пензија има секој граѓанин со навршен број на години на живот определни со закон.

Со уредби (и други прописи со законска сила) за спроведување на социјалното осигурување на подрачјето на Демократска Федеративна Југославија, во 1945 година започна формирањето и делувањето на „систем за социјално осигурување" во новите услови. Направено е обединување на сите институции за социјално осигурување во еден систем. Со овие прописи основан е Средишен завод за социјално осигурување, со седиште во Загреб, како единствен носител на осигурувањата за целата држава Демократска Федеративна Југославија. Во Скопје основан е Земски завод за социјално осигурување со повеќе филијали. За решавање на спорови во врска со овие права, основан е и Суд за социјално осигурување, а при Средишниот завод основан е и Врховен суд за социјално осигурување со надлежност за целата држава. Министерството за социјална политика на 27.07.1945 година издаде Наредба за воведување единствена стапка

на придонес за сите постојни установи за социјално осигурување во висина од 20% од бруто платата, која опфаќа: социјално осигурување во случај на болест, незгода и пензиско осигурување. Уште пред да се донесат овие прописи, на 09.02.1945 година донесена е Одлука за привремена помош на лицата кои добиваат пензија или поткрепа од Уредот за осигурување на работниците. Демократска Федеративна Југославија во 1945 година ги презеде сите обврски на поранешните фондови за социјално осигурување и го призна вкупниот пензиски стаж без разлика дали бил покриен со соодветни придонеси. Сите осигурителни фондови тогаш беа пропаднати и организациски и финансиски. На Пленум на Главниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија, во 1945 година побарано е: -Итно да се донесе закон за унифицирање и централизација на сите постојни установи и фондови за социјално осигурување во еден државен завод кој ќе го спроведува осигурувањето во случај на болест, изнемоштеност, старост, смрт (како пензиско осигурување) и несреќи и невработеност; -Да се образува привремена Комисија која ќе раководи со работата на државниот завод за социјално осигурување; -Средишниот завод за осигурување преку, републички заводи да врши осигурување во случај на болест и да посредува во другите гранки на осигурување. Демократска Федеративна Југославија, веќе во 1945 година, пристапи кон Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот од 1935 година. Конвенцијата го уредува зачувувањето и правата во осигурувањето во случај на изнемоштеност, старост и смрт на работниците кои мигрираат.

Донесена е сојузна уредба со законска сила со наслов: „Уредба за востановување право на пензија", и објавена е во „Службен лист" на Демократска Федеративна Југославија, број 86 од 06.11.1945 година. Таа стапи во сила на 01.01.1946 година и непосредно го уредува пензионирањето на сојузно и републичко ниво. Според моделот од сојузната Уредба, донесени се и републички прописи за пензискиот систем. И пред ова беа донесени прописи според кои работниците добиваа пензија, меѓутоа de facto се зема дека ова е прв системски закон во оваа област. На крајот на Втората светска војна социјалното осигурување во Југославија е во тешка материјална положба. Установите за социјално осигурување се оштетени или уништени, фондовите за долгорочно осигурување ограбени, а голема е и кадровската загуба кај службениците и лекарите. Започнато е со кадровско, материјално и финансиско обновување на социјалните (вклучително здравствените) установи и со исплата на старосните пензии. Во предвоената Југославија, во 1939 година имало 104.499 пензионери (над 60 отсто од нив пред тоа биле државни службеници) за кои расходите изнесувале 1 милијарда динари. Во 1946 година во нова Југославија има околу 108.000 пензионери, а во 1952 година има 332.903, и за нив расходите изнесуваат 24 милијарди динари при што најниската плата на вработените е 5.000, најниската пензија 4.700, највисоката плата 22.500, а највисоката пензија 20.000 динари. Во 1953 година, има 353.769 пензионери, додека во 1979 година тој број изнесува 1,5 милиони.

Во 1946 година донесен е Сојузен Закон за социјално осигурување, кој е многу важен системски закон. Во 1948 година припоена е самостојната здравствена заштита на социјалното осигурување кон „државната здравствена служба" во единствен систем за здравствена заштита. Здравствената заштита е подобрена и за земјоделците и за други граѓани (бесплатна здравствена заштита на децата, младината и родилките, бесплатно лекување рак, заразни и душевни

болести). Натамошниот развој на трудовото право, преку работничкото осигурување, е рефлектиран преку нов „Закон за социјално осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии", донесен на 22.01.1950 година. Со овој закон проширено е и усовршено социјалното осигурување како најважен дел за решавање на прашањата за заштита на работниците и службениците. Со цел да се изедначат, овој Закон предвиде повторно определување (преведување) на сите пензии, сега според новите прописи, независно дали за време на вработувањето биле пензиски осигурени или не. На овој начин е заокружен новиот систем за социјално осигурување. Со слична цел донесена е и Уредба за одредување и преведување на пензиите на 25 јули 1952 година и уште една Уредба во 1953 година. Понатаму со развојот на самоуправниот систем и во социјалното осигурување воведувани се социјалистички принципи за ослободување од државните „стеги". Притоа, здравственото осигурување се одвојува од другите видови долгорочни гранки на социјално осигурување (инвалидски и пензиски систем). И овој процес не е лесен. Во 1969 година донесен е Општ закон за здравствено осигурување и задолжителни облици на здравствена заштита на населението, врз основа на кој, во републиките и покраините донесувани се поспецифични закони за здравствено осигурување. Истото се случува и во социјалното осигурување. Поради ограничените економски извори, правата и обврските на земјоделците се помали во однос на работниците.

Според Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од 1974 година „Правото на работниците на социјално осигурување се осигурува со обврзно осигурување врз начела на взаемност и солидарност и минат труд во самоуправни интересни заедници, а врз основа на придонес од личниот доход и придонесите од доходот на организациите на здружен труд, односно придонесите од средствата на другите организации или заедници во кои работат. Со таквото осигурување *работникот* врз основа на закон, осигурува за себе: -право на здравствена заштита и други права во случај на болест; -права поврзани со породување; -права при намалена или изгубена работна способност; -права при невработеност; -права во староста; -права на други облици на социјално осигурување." Работникот, врз основа на закон од трудовото право, *за членовите на своето семејство осигурува*: -право на здравствена заштита; -право на семејна пензија*;* -права на други облици на социјално осигурување. Со Законот за здружен труд, од 1976 година, направени се значајни измени, кои најмногу се рефлектираат преку одредена слобода и разноличности во републичките и покраинските закони. За заштита на својата социјална сигурност, работните луѓе основаат самоуправни интересни заедници за пензиско и инвалидско осигурување или други облици на социјално осигурување, во кои и за таа цел ги здружуваат средствата и утврдуваат, врз начела на взаемност и солидарност и минат труд, свои заеднички и единечни обврски кон тие заедници, како и заеднички и единечни права кои во нив ги остваруваат.

Во СФРЈ во 1979 година има повеќе од 1,5 милиони корисници на пензии (старосни 577,5 илјади, инвалидски 533,8 илјади, и семејни 429,4 илјади). „Оптеретувањето" со пензионери во тоа време во Македонија изнесува 178 на 1000 вработени (5,6 : 1). Пензионерите се дел од населението кој не привредува, а преку пензијата остварува свое стекнато право. Системот за пензиско и инвалидското осигурување во СФРЈ постепено е менуван. Преку сојузен Закон за

основни права на пензиско и инвалидско осигурување од 1972 година, па потоа со Закон од 1982 година, кој на работниците и на членовите на нивните семејства им осигурува социјална сигурност. Според овој Закон, пензиското и инвалидското осигурување засновано врз начела на взаемност и солидарност, на осигурениците им ги пружа следните права: право на старосна пензија, право на инвалидска пензија и на професионална рехабилитација и вработување со соодветен паричен надомест во случај на намалена или изгубена работна способност, право на паричен надомест во случај на телесно оштетување, и право на семејна пензија во случај на смрт на осигуреник. Во исто време, законите во републиките и покраините овозможуваат и други поголеми или помали права кои се однесуваат: на помош и нега поради голем степен на инвалидност, на професионална рехабилитација на децата, на минимална пензија и заштитен додаток, на патни трошоци и др. Финансиските средства потребни за спроведување на овие закони се обезбедуваат од придонес од личен доход на работникот, од придонес од работниците со самостојна дејност, од придонес на друштвено-политичките заедници за борците и членовите на нивните семејства итн. Социјалното осигурување ги опфаќа сите вработени, што поспецифично е регулирано во републичките закони. Врз основа на сојузен закон за Југословенската народна армија, има посебно, специфично, социјално осигурување. Заводот за социјално осигурување на воените осигуреници во Белград ја води матичната евиденција за осигурениците и корисниците на правата од тоа осигурување, и ги исплатува воените пензии на целата територија на тогашната Југославија. Во тоа време, со право на старосна пензија се стекнува маж на 60 години возраст и жена на 55 години возраст, доколку има 20 години стаж, а со 40, односно 35 години стаж без разлика на возраста. Можност да се стекне старосна пензија има и со минимален стаж од 15 години, а постојат и разни облици за стекнување и исклучителни околности за признавање на старосна пензија (за особени заслуги и др.). Во Законот е пропишано во кои случаи настанува правото за инвалидска пензија. Додаток за нега и помош добива осигуреник кој прима старосна или инвалидска пензија на кој му е потребна постојана помош и нега од друго лице со точно наброени состојби. Паричен надомест за телесно оштетување добива осигуреник кој во текот на осигурувањето поради болест или повреда претрпи оштетување на здравјето од најмалку 50 отсто и кој има одреден работен стаж. Со посебни прописи регулирани се деталите за ова право. Право на семејна пензија стекнуваат членовите на семејството на умрен осигуреник, доколку тој бил 5, или 10 или 20 години осигурен, а во случај на смрт како последица од несреќа на работа или професионална болест независно од времетраењето на осигурувањето. Подетално е регулирано кои членови и при кои услови се стекнуваат со право на семејна пензија.

Пензиското и инвалидското осигурување е комплексна гранка на социјалното осигурување. Тоа е во непрекинат развој и прилагодување гледано од хуманитарен и економски карактер. Пензионерите се голем дел од населението. Тие имаат многу општи, заеднички потреби како и другото население, меѓутоа тие имаат и специфични потреби. За таа цел пензионерите слободно формираат свои организации: здруженија, сојузи, синдикати, партии и други облици на граѓанско организирање дозволени со легислативата.

Извор: B. Kesic, Socijalno osiguranje u Jugoslaviji 1945-1983, Stvarnost, Zagreb, 1983.

- *Пензиско и инвалидско осигурување во Република Македонија*

За работниците и за пензионерите значајно е регулирањето на условите според кои се стекнува правото на пензија, определувањето на првиот износ на пензија, натамошните усогласувања, додатоци односно други социјални примања, сигурност и редовност на пензијата, здравствената и социјалната заштита, други државни и општествени поволности за пензионерите, како и самоорганизирањето во граѓанска организација.

Развојот на пензискиот систем во Македонија има неколку карактеристични периоди: повоениот период, се до 1964 година; периодот по 1964 година (Основен закон за пензиското осигурување, „Службен лист на СФРЈ" бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69, 47/70, 60/70, 15/71, 16/71, 60/71), (Основен закон за инвалидското осигурување, „Службен лист на СФРЈ" бр. 10/65, 14/66, 1/67, 23/67 и 56/69), (Закон за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители, „Службен весник на СРМ" бр. 23/66 и 10/70 год.) (Закон за пензиското и инвалидското осигурување, „Сл. весник на СРМ" бр. 46/72, 26/73, 42/77, 39/78. (цитат од „Сл. весник на СРМ" бр. 46/72: „На 1 јануари 1973 година престануваат да важат сите поранешни прописи за пензиско и инвалидско осигурување, ако со Законот за основните права или со овој закон не е поинаку одредено. На 1 јануари 1973 година престанува важноста на одредбите на член 9 до 13 од Законот за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители, како и одредбите на тој закон, што се во спротивност со одредбите на овој закон. Заедницата ќе ги регулира прашањата одредени со одредбите чија важност престанала според став 2 од овој член."); периодот од 1982 година до 1993 година (Закон за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, „Сл. лист на СФРЈ" бр. 23/82, 77/82, 75/85, 8/87, 65/87; како и Закон за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, „Сл.в. на СРМ" бр. 18/83, 4/87), периодот од 01.01.1994 до 31.12.2005 година: Закон за пензиското и инвалидското осигурување, „Сл. в. РМ" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 14/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008) и сегашниот период кој врз основа на законите донесени по 2000 година, почна да се спроведува од 1.1.2006 година.

Системот на социјалното осигурување во Република Македонија составен е од: здравствено осигурување и пензиско-инвалидско осигурување, утврдени со Уставот, со неколку закони и подзаконски прописи, од кои водечки се: Закон за работни односи, Закон за здравствена заштита, Закон за здравствено осигурување, Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти кои ја доразработуваат соодветната област. Правата од здравственото осигурување се остваруваат во Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство. Правата од пензиско и инвалидско осигурување се остваруваат преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. За осигурениците се уплатуваат придонеси во соодветните фондови. Во Република Македонија задолжителни придонеси се издвојуваат за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување, осигурување при невработеност и дополнително здравствено осигурување во случај на несреќи при работа. Придонесите пресметани како процент од бруто платите во 2015 година,

изнесуваат: 7,3 отсто за здравствено осигурување, 0,5 отсто за дополнителни придонеси за здравствено осигурување, 18 отсто за пензиско и инвалидско осигурување, и 1,2 отсто за невработеност. За пензионерите се уплатува 13 отсто од висината на пензискиот износ во Фондот за здравствено осигурување. Придонеси се одбиваат од платата на вработените (доходот), а работодавачот е должен нив да ги уплати на име на вработените. Регулиран е максималниот и минималниот износ на осигуран приход за лицата вклучени во системот на задолжително пензиско осигурување. Во 2016 година во Република Македонија има околу 300.000 пензионери. Со Устав е загарантирана економската и социјалната сигурност на граѓаните. Со пензиско и инвалидско осигурување опфатени се сите вработени, а по тој основ одредени права имаат и нивните семејства како и земјоделските семејства, согласно Основните човекови права од Декларацијата на ООН. За секоја демократска држава важно е постоењето (задолжително) осигурување со сите облици на осигурување на работниците. Многу значаен вид на социјална сигурност е инвалидското (во случај на болест, повреда) и пензиското осигурување (внесени придонеси, години на стаж и години како возраст). Секаде е потребно да се врши усовршување на пензискиот систем. Услови за пензија претставуваат: наполнети 64 години (за мажи) и 62 години (за жени) и најмалку 15 години пензиски стаж, освен во случај на инвалидност или смрт. Измените во Законот за работни односи овозможија по навршувањето на определените години на старост, вработениот да може да избира и да се изјасни за продолжување на работниот однос за уште една, две или три години. Работодавците и самовработените ги обезбедуваат придонесите за пензиско и инвалидско осигурување.

Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

Системот на пензиското и инвалидското осигурување се спроведува преку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (ФПИОМ), кој од 1991 година е следбеник на поранешната Самоуправна интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Во ФПИОМ се остварува политиката на развојот на пензиското и инвалидско осигурување, се следат состојбите, се преземаат соодветни мерки за унапредување на системот на пензиското и инвалидско осигурување и за рационално користење на средствата потребни за обезбедување на правата од пензиското и инвалидско осигурување, се решаваат права за остварување старосна, инвалидска и семејна пензија, право на најнизок износ на пензија и се врши исплата и на други права од пензиското и инвалидско осигурување. Во 2015 година во ФПИОМ се исплатуваат: старосни пензии, инвалидски пензии, семејни пензии, пензии по земјоделско право и пензии по воено право. Се исплатуваат и странски пензии. Со распаѓањето на поранешната Југославија, Република Македонија ги прифати како свои сите важечки меѓународни договори на поранешна Југославија. Покрај ова, Република Македонија како самостојна држава има склучено билатерални договори за социјално осигурување.

Солидарен фонд за посмртна помош

Солидарниот фонд за посмртна помош го формираа пензионерите преку своите раководства, со редовно внесување на пропишан износ. Почетоците се од пеесеттите години во минатиот век, а денес средствата ги прибира, чува и исплатува ФПИОМ. Исплатата на погребните трошоци за сите корисници на

пензија по 1 јануари 2008 година, ја врши ФПИОМ, преку своите подрачни единици. Барање за исплата на погребните трошоци може да поднесе член на семејството, или друго лице кое го извршило погребот на корисникот на пензија.

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување -МАПАС, е државна институција, основана во јули 2002 година. Агенцијата има својство на правно лице и за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Агенцијата е одговорна за издавање, повлекување и одземање дозволи за основање на друштва, вршење дејност – управување со пензиски фондови и издавање, повлекување и укинување на одобренија за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови. Таа врши супервизија на работењето на пензиските друштва, задолжителните и доброволните пензиски фондови, како и на чуварите на имот и на странските менаџери на средства. Мисијата на МАПАС è да ги заштити интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови и да го поттикне развојот на капитално финансираното пензиско осигурување заради посигурни пензионерски денови.

Задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување т.н. втор столб и трет столб, засега, се спроведува само преку пензиските друштва: НЛБ „Нов пензиски фонд" АД Скопје и КБ „Прво пензиско друштво" АД Скопје. Тие до своите членови, еднаш годишно, доставуваат извештај за пензиската заштеда на индивидуалната сметка, на доброволната индивидуална сметка и на професионалната сметка и извештај за инвестициското портфолио. Од почетокот на 2015 година членовите на пензиските фондови, можат, преку електронски систем на интернет страницата на пензиските друштва, да пристапат и да ги ажурираат/корегираат своите податоци.

Историски гледано во Република Македонија прв државен систем за социјално осигурување (во чии рамки е и пензиското осигурување) е воспоставен со „Закон за социјално осигурување на работниците, намештениците и службениците" („Сл. лист на ФНРЈ" бр. 65 од 13.08.1946 година), кој стапи на сила на 01.01.1947 година. Со овој закон организацијата на осигурувањето е поставена на целосно нови основи, според принципот: „социјалното осигурување е државно, сеопфатно, целосно и единствено". Државниот Завод за социјално осигурување е носител на ова осигурување со Дирекција во Белград, со надлежност за целата држава, а во републиките формирани се филијали и во претпријатијата -експозитури. Во тоа време сè уште постојат разлики помеѓу социјалното осигурување на работниците и државните службеници. На сила се повеќе разни прописи за определување на пензиите на државните службеници, така што нивните пензии не ги определува органот на социјалното осигурување, туку надлежниот ресорен министер. Уредбата за востановување право на пензија, објавена во Службен лист на Демократска Федеративна Југославија, број 86 од 06.11.1945, а која стапи во сила на 01.01.1946 година заедно со Законот за социјално осигурување на работниците и службениците од 26.07.1946 година и следствените подзаконски прописи **се вреднуваат како основа на новото пензионерско организирање во сите поранешни југословенски републики, па оттаму, во 2016 година го одбележуваме јубилејот „70 години пензионерско организирање во Република Македонија 1946-2016".**

Факсимил од „Уредба за воспоставување право на пензија" објавена во „Службен лист" на Демократска Федеративна Југославија, број 86 од 6 ноември 1945 година:

СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

СЛУЖБЕН ЛИСТ
НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегува два пати неделно. — Ракописите не се враќаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62224. — Поштарина платена во готово.

Уторак, 6 ноември 1945
БЕОГРАД
БРОЈ 86 ГОД. I

Цената на овој број е 6.— дин. — Претплата за второто полугодиште 1945 год. дин. 350.— Редакцијата: Бранкова бр. 20. — Телефон 28-828

Службен лист на Демократска Федеративна Југославија

УРЕДБА
ЗА ВОСТАНОВУЕЊЕ ПРАВО НА ПЕНЗИЈА

Право на пензија ПО ОВАА УРЕДБА припагја од 1 јануари 1946 година.

По членот 5 на Одлуката на Националниот комитет за ослободуење на Југославија од **19 декември 1944** нема да се постапуе.

Се овластуе сојузниот Министер за финансии да издаде **Правилник** во кој ќе ги сврсти личните пензионери по звањата и положајните групи во пензиски основи од членот 6 на оваа Уредба, а фамилијарните пензионери во групите на фамилијарните пензии по чл. 10 на оваа Уредба, ќе предвиди случаи кога на лицата кои со оваа Уредба губат право на пензија поради недоволни години на служба или години на живот може да биде одредена помокј, ќе пропише што има да се смета како ефективна служба, ќе изврши поделба на пензионерите на сојузни и земски, ќе пропише подробни одредби за извршување на оваа Уредба и ќе дава потребни објаснувања и толкуења за примена на оваа Уредба.

Претседател на Министерскиот совет, Министер за народна одбрана и застапник на Министерот за надворешни работи, Маршал на Југославија
Јосип Броз-Тито, с. р.

Табела 1: Проценет број на пензионери во Македонија во периодот 1946 – 1949 г.

Година	Старосна пензија	Семејна пензија	Инвалидска пензија	**ВКУПНО**
1946	792	956	850	**2598**
1947	1101	1208	1294	**3603**
1948	1257	1447	1613	**4317**
1949	1585	1642	1708	**4935**

Извор: Статистички годишник на ФНРЈ, 1954 година, Второ издание

Белешка: Проценетиот број на пензионери по годни за 1946-1949, врз основа на податокот за состојбата во 1953 година, кој е наведен во изворот, по методот на еднакви делови на учество, по барање од авторите го изработи Јане Крстески, професионален статистичар.

Табела 2: Број на вработени, број на пензионери и сооднос по години

Година	Број на вработени	Број на пензионери	Сооднос вработени : пензионери
1951 г.	150.000	5.471	26 : 1
1960 г.	184.000	19.374	9,5 : 1
1970 г.	350.000	51.537	6,8 : 1
1980 г.	419.623	85.000	5,0 : 1
1985 г.	491.673	120.000	4,0 : 1
1990 г.	600.000	130.000	4,6 : 1
1996 г.	412.000	220.000	1,8 : 1
2004 г.	522.995	260.075	2,0 : 1
2009 г.	629.901	275.000	2,2 : 1
2013 г.	650.323	290.012	2,2 : 1
2014 г.	690.188	299.126	2,3 : 1
2015 г.	695.324	301.728	2,3 : 1

Извор: Државен завод за статистика на Македонија

Белешка: во други, различни извори овие податоци се разликуваат.

∞ ∞ ∞

СОЗДАВАЊЕ ПЕНЗИОНЕРСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И СОЈУЗИ

Пензионерите се значајна група од населението. Староста не е пречка за активен социјален живот и создавање. Како и другите граѓани, согласно закон, и тие имаат право на здружување во граѓански организации. Таквото право во Југославија има корени во законите донесувани веднаш по Втората светска војна.

Забележани се следните датуми на формирањето на републички пензионерски здруженија во поранешните југословенски републики:

-во НР Србија -формирано е на 02.02.1946 година: „Здружение на пензионерите на НР Србија, составна организација на Единствените синдикати на Југославија“.

-во НР Хрватска -формирано е на 25.04.1946 година: „Земско здружение на пензионерите, нивните вдовици и деца на НР Хрватска“.

-во НР Словенија -формирано е на 15.12.1946 година: „Друштво упокојенцев Људске Републике Словеније, Звеза синдикатов Југославије“.

-во НР Црна Гора -формирано е на 02.12.1947 година: „Здружение на пензионерите на НР Црна Гора“

-во НР Босна и Херцеговина -формирано е на 15.01.1950 година: „Земско здружение на пензионерите“.

-во НР Македонија –формирано е на 28.12.1950 година: „Здружение на пензионерите на Народна Република Македонија“.

По формирањето, републичките пензионерски здруженија воспоставија меѓусебна соработка, договарање и усогласување по значајни прашања, разменуваа искуства и взаемни посети. Називите на здруженијата се условени од измени на законските прописи, а сепак тие го продолжуваат континуитетот на првоформираното здружение. Како пример се даваат називите на организацијата на македонските пензионери од 1950 до 2016 година:

-„Здружение на пензионерите на Народна Република Македонија" (прва регистрација во МВР на РМ 04.11.1950, а објавена во „Служен весник на Народна Република Македонија" бр. 13 на 18.04.1951 година).

-„Здружение на пензионерите на Социјалистичка Република Македонија" (1963 година).

-„Сојуз на здружението на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот на Социјалистичка Република Македонија" (22.01.1966 година).

-„Сојуз на пензионерите на Македонија" (29.05.1975 година)

-„Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија" (21.12.1998)

-„Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија" (22.12.2015)

∞ ∞ ∞

„Сојуз на здруженијата на пензионерите на **Југославија**" -СЗПЈ е формиран на основачки Конгрес кој е одржан на 20.06.1951 година. На овој Конгрес избрани се и негови раководни органи: Сојузен одбор и Надзорен одбор.

∞ ∞ ∞

Блиската соработка на пензионерските оргнизации со синдикатите започнува во 1945 година, меѓутоа, таа се официјализира дури по Тринаесеттиот пленум на Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија, во ноември **1950** година, кога е одлучено, здруженијата на пензионерите од републиките да бидат примени во состав на ССЈ, со сите права и обврски, со исклучок на обврската за плаќање членарина. Во финансиски, организациски и акционен поглед републичките пензионерски здруженија се формирани како самостојни организации, финансирани од членарината на своите членови. Првата задача на пензионерските подружници (подоцна како здруженија), е организирањето на пензионерите на територијата и нивното ангажирање во сите активности во општеството, како што се, во тоа време актуелните разни доброволни работни акции и учеството во работата на органите на народната власт на сите нивоа. Пензионерите учествуваат во разни комисии и во други здруженија и општествено-политички организации. Зголемената активност на пензионерите во Македонија е резултат на зголемениот број на пензионери и нивното образование. Информирањето на пензионерите, преку гласилото на синдикатите „Трудбеник", весникот „Нова Македонија", фабричките информатори, преку Агитпроп и преку здруженијата било слабо застапено.

∞ ∞ ∞

Извор: Синдикатите во Скопје 1908 – 1971, Скопје, 1971

❖

ДЕЛ II.

ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И САМООРГАНИЗИРАЊЕ НА ПЕНЗИОНЕРСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Најдобар историски извор се оригиналните документи (хронолошки архивирани од субјектите, организациите, кај кои тие настанале). Историската наука признава и други извори. Ова дело се карактеризира по интензивната истражувачка активност на авторите и примена на научни методи на вкрстено потврдување на вистината и фактите во јубилејната година на пензионерите. Тоа е **посветено на седумдесетгодишнината од првиот закон за пензионирање на вработените, по завршувањето на Втората светска војна, во тогашна Југославија и Македонија**. Во книгата се специфицира организирањето на пензионерите на највисокото (републичко) ниво. Ова дело како извори користи документи, публикации, весници и воопштувања извлечени од секундарни документи –настанати за друга цел. Иако постојат повеќе публикации (монографии) посветени на развојот, работата и достигнувањата на поедини здруженија на пензионери во Република Македонија, тие не се цитирани затоа што таму има информации специфични само за тие здруженија.

Развојот на пензиското и социјалното осигурување, а преку него и за пензиското самоорганизирање, по осамостојувањето на Република Македонија го прикажуваме, најмногу преку: *законската регулатива, достапните документи, од написи во пензионерските весници, како и преку парафразирани и цитирани, веќе објавувани содржини во основните хронологии на оваа област во Република Македонија, а тие се следните:*

1.-„Сојуз на пензионерите на Македонија 1946 – 1996“

монографија, издание на СПМ, 1997 година, уредник Димче Апостолски.

2.-„Македонските пензионери денес“ (1946-2003),

од Вите Исјановски, СЗПМ, 2004.

3.-„Неговото височество пензионерот“ (2003-2006),

од Драги Аргировски, Скопје 2006.

4.-„Пензионерска сага“ (2006-2007),

од Драги Аргировски, Скопје 2007.

5.-„Во виорот на Третата доба“

од Драги Аргировски, Кочани 2007.

6.-„Моето име е пензионер“ (2007-2010),

од Драги Аргировски, Скопје 2010.

7.-„Наши пензионерски времиња“ (2010-2012),

од Драги Аргировски, Скопје 2012.

8.-„Пензионер плус“, весник,

од број 52 во 2012 година, заклучно со бројот 93 од април 2016 година.

Прописи за регистрирање здруженија во Македонија

Во работата за прибирање граѓа за ова дело, многу голем проблем претставуваше пронаоѓањето на првите документи за регистрирањето и статутот на здруженијата. Во монографиите на скоро сите здруженија на пензионери кои се регистрирани пред 1971 година, како и во книгите за СЗПМ недостига документ (во било каков облик: фотокопиран, препишан, цитиран) за запишување во државниот регистар на здруженија. Со цел да се прикажат правните регулативи и можностите за регистрирање и обврските за пререгистрирање на здруженијата и сојузите, прикажуваме листа на односните закони од 1945 до 2011, со напомена дека во периодот на федартивната држава постојат две нивоа на законодавството, сојузно и републичко.

-„Закон за удруженија, собори и други јавни скупови." Службен лист на ДФ Југославија бр. 65 од 31 август 1945 година.

-„Поднесуење пријави за основање нови и обновуење работата на старите удружења" (според чл. 12 и 18 Законот за удружења, собори и други јавни скупови). Службен лист на ДФЈ, Број 102 од 31.12.1945.

-„Закон за потврда и измени на Законот за удружења, собори и други јавни скупови." Службен лист на ФНРЈ бр. 51 од 1946.

-„Закон за измени и дополнуења на законот за удружења, собори и други јавни скупови." Службен лист Федеративне Нардоне Републике Југославије бр. 29/1947.

-„Закон за здруженијата на граѓаните." Сл. весник на СРМ бр. 15 од 19.05 1972.

-„Закон за општествени организации и здруженија на граѓани." Службен весник на СРМ бр. 32 од 11.11.1983.

-„Закон за изменување и дополнување на Законот за општествените организации и здруженијата на граѓани." Службен весник на СРМ бр. 12 од 13.04.1990.

-„Закон за здружувањето на граѓаните во здруженија, општествени организации и политички организации што се основаат за територијата на СФРЈ." Службен лист на СФРЈ бр. 42 од 27.07.1990.

-„Закон за здруженијата на граѓани и фондациите." Службен весник на РМ бр. 31 од 02.07.1998.

-„Закон за изменување и дополнување на законот за здруженијата на граѓани и фондациите." Службен весник на РМ бр. 29 од 09.03.2007 година.

Во сила, од 2010 година до денот на печатењето на оваа студија се:

-„Закон за здруженија и фондации" објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 52 од 16.04.2010 година, и

-„Закон за дополнување на Законот за здруженија и фондации." „Службен весник на Република Македонија" бр. 135 од 3 октомври 2011 година.

Донесувањето нови закони за здруженија, подразбира прилагодување на конститутивните акти (правила, статути) и по потреба пререгистрација која е вршена во различни фази во различни установи (сојузно министерство за внатрешни работи, републички, околиски, или општински органи за внатрешни работи, судови од различен степен, се до Централен регистар на Република Македонија).

∞ ∞ ∞

Во 2016 година пензионерите во Република Македонија се организирани во следните невладини, непартиски организации – сојузи:

1. Сојуз на зруженија на пензионери на Македонија – СЗПМ
2. Национален сојуз на инвалидите на трудот на Република Македонија – НСИТРМ
3. Сојуз на здруженија на инвалидски пензионери на Република Македонија – СЗИП на РМ
4. Сојуз на здруженија на инвалиди на трудот корисници на инвалидска пензија на Република Македонија – СЗИТ-КИП на РМ

∞ ∞ ∞

ПРВОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ

Прва регистрација на Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија

Законски прописи за регистрирање и работа на здруженија на граѓани постоеле и пред Втората светска војна, а по војната донесен е нов закон и подзаконски прописи. И во Кралска Југославија имало здруженија на пензионери. По ослободувањето здруженијата и сојузите кои делувале на целата територија на ФНРЈ добивале одобрение за работа и се регистрирале во Сојузното министерство за внатрешни работи. Оние здруженија кои делуваат на територија на една република се регистрираат во министерството за внатрешни работи на соодветната република. Општинските здруженија се регистрираат во општинските институции на МВР. Во тие регистри и архиви треба да се бараат документите за регистрација. На почетокот, првенствено, постојните пензионери во Македонија потекнувале од службениците, а потоа следува значително зголемување на бројот на пензионери од работничката класа. Тие по завршувањето на работниот век почнуваат да се здружуваат. Во еден извор запишан е податок дека „прво формирано здружение на пензионери во Македонија е Здружението на пензионери Титов Велес од 1947 година, со 65 членови, а во градот има и сеуште незачленети пензионери." За битолското здружение на пензионери пишува дека е основано на 21. јануари 1950 година. Здружението на пензионерите во општина Кочани е регистрирано во 1951 година со 8 членови (пред војната во Кочани имало двајца пензионери). До 1951 година формирани се 28 пензионерски организации. Здружението на пензионери „Кисела Вода" формирано е во 1952 година. Авторите успејаа да пронајдат многу важен податок за случувањата пред формирањето и документ за првата регистрација на Македонското здружение на пензионерите, во 1950 година, кое ги обединило постојните 28, сега како синдикални подружници, од поголемите градови во Македонија, со 5.822 членови (3.493 лични и 2.329 семејни пензионери). Бројот на пензионери тука цитиран е според хрватските и српските извори и се разликува од вкупниот број што го прикажува м-р Вите Исјановски, како 3.736 пензионери.

Македонското здружение е последно формирано во однос на здруженијата на другите тогашни југословенски републики. Формирањето огранизација на пензионерите во Македонија не е без потешкотии. Тешко е да се сменат сфаќањата на луѓето кои немаат искуство во слично организирање пред тоа. Долго се тапка во место. Треба да се совлада недовербата према новото, чија корист не може веднаш да се согледа. Во послевоената психологија има многу

луѓе кои гледаат со недоверба и исчекуваат да се врати старото, а има и колебање во создавањето пензионерска организација. Има и такви пензионери кои сакаат да создадат услови за лично напредување или материјална корист, а тие се поактивни и ги потиснуваат добронамерните. Не е можно преку ноќ да се сфати корисноста, па има и лутање кон добрите решенија и ускладување на интересите на пензионерите и организацијата. Тогашните интереси се за: заштита и помош за остварување на правата и пензиите, барањата и потребите, потоа во воспоставувањето „каса за взаемна помош" (позајмици) и „посмртни фондови", остварување разни повластици, правна помош и информирање. За формирање Македонско здружение, подготвени се потребните документи, според состојбите и потребите во тоа време, насочени за организациско јакнење, застапување, материјална помош и солидарност помеѓу пензионерите. Здружението е формирано како културно-просветна, општествена организација која го усвојува Статутот на Сојузот на Синдикатите на Југославија, и ги следи принципите на Народниот фронт (подоцна ССРНЈ). Определени се органи, права и должности и начин на функционирање, како и разни помошни тела. Во програмите, активностите се насочуваат кон: разни облици на помош за членовите врз основа на взаемност и солидарност; организирање културно-забавен живот за пензионерите и за други групи население; давање правни совети на членовите при остварувањето на нивните права; грижа за семејствата на пензионерите; помош за снабдување со артикли, зимница, дрва и др.; отворање народни мензи и др. Декларирано е дека под покровителство на синдикатите: ќе се застапуваат пензионерските права, ќе се поставуваат барања за поволности за бесплатно бањско лекување, за зголемување на најниските пензии и доделување на две посмртни пензии за семејствата на починат пензионер. Натамошниот развој на пензионерското организирање насочен е за организациско и кадровско зајакнување во согласност со континуираниот пораст на бројот на пензионери. Стандардот на пензионерите е редовно прашање за кое се залага Здружението, како и за решавање на други „горливи" социјално-економски задачи. Според практиката во другите републики, предвидени се каси за взаемна помош и се интензивира залагањето за зголемување на пензиите соодветно на зголемувањето на платите. Преку Здружението давани се бескаматни кредити на членовите за социјални потреби како и еднократна финансиска помош за лекување и др. Пензионерите активно се вклучени во обновата и изградбата во сите области на општеството. Преку Здружението, они остваруваат општествено-политичко делување и поддршка за зајакнување на државата. Пензионерите активно придонесуваат во акциите за описменување на населението. Се користат читални и библиотеки во претпријатијата и синдикатите, или се состануваат во чајџилници и во приватни домови.

∞ ∞ ∞

- *Зошто за македонските пензионери е важно формирањето „Сојуз на здруженија на пензионери на Југославија"?*

Во 1946 година првиот Статут на Здружението на пензионерите на НР Србија предвидува вклучување во Единствените синдикати на Југославија. Единствените синдикати на Југославија, својот Прв Конгрес го одржаа на 24. октомври 1948 година во Белград. На овој Конгрес е истакнато дека постојниот закон за социјално осигурување недоволно ги решава правата за пензиско

осигурување и потребен е нов подобар закон. Помеѓу другите, на оваа тема зборува и сојузниот министер за труд Љупчо Арсов. Во **1950** година, започнати се првите активности за основање „Сојуз на здруженијата на пензионерите на Југославија". Централниот одбор на ССЈ ги разгледал организациските прашања и дал насоки на Здружението на пензионерите на НР Србија, со цел тоа да ја координира работата, а за натамошни упатства да се поврзе со Главниот одбор на Сојузот на синдикатите. До стварањето централно раководство на пензионерите на ФНРЈ, организациските форми, системот на финансиското раборење, висината на членарината и другите прашања, да останат онака како што важат во српското здружение. Дадена е препорака, да се одржи заеднички состанок на претставници на републичките здруженија на пензионерите. На тој состанок да се разгледа прашањето за формирање централно раководство, како и да се избере иницијативен одбор со задача да организира основачки конгрес на пензионерите на Југославија.

За таа цел на **17.12.1950 година** одржан е состанок на претставници од републичките здруженија од НР Хрватска, НР Словенија, НР Босна и Херцеговина, НР Црна Гора и НР Србија. На состанокот присуствувале и претставници на Централниот одбор на Синдикатите на Југославија. На првиот состанок е договорено да се избере иницијативен одбор со задача да организира конгрес и да изготви статут. Се дискутирало и за формирање здружение на пензионери на Народна Република Македонија. На вториот состанок избрани се: претседател, секретар и членови, и Одбор за редакција на „Правила". Одлучено е: на секои 2.000 членови пензионери, да се бира по еден делегат, или најмалку три делегати од секоја Народна Република; изборите да бидат со тајно гласање; Конгресот да се одржи во Белград, по можност во јануари 1951 година; Иницијативниот одбор да припреми извештај за работата на секое републичко здружение од основањето до денот на известувањето; земските одбори свои извештаи да доставаат до секретарот на Иницијативниот одбор. Одредени се задачите на Централната управа на идниот сојуз, тие се: зацврстување на соработката со синдикатите, политичка работа, културно-просветна работа и социо-економска грижа за пензионерите. Во средината на 1951 година живописно се опишани тогашните прилики и значењето на Сојузот на здруженија на пензионери на Југославија (СЗПЈ). Во Записникот од основачкиот Конгрес на СЗПЈ, детално се запишани сите податоци. Конгресот е одржан на 20 јуни 1951 година во Белград, во Синдикалниот дом. Присуствувале 76 делгати и тоа од: НР Словенија 10 делегати; НР Хрватска 25 делегати; НР Србија 24 делегати; НР Босна и Херцеговина 7 делегати; НР Црна Гора 5 делегати; и од НР Македонија 5 делегати. Присутни биле и: претставник на Главниот одбор на Сојузот на синдикатите на Србија; и претставници на Централниот одбор на ССЈ. На Дневниот ред се следните точки: -отварање на Конгресот; -избор на работно претседателство, два записничари и заверувачи на записникот; -избор на комисиите: верификациска, кандидациска, избирачка и за резолуцијата; -извештај од сите републички здруженија кој е обединет од Иницијативниот одбор; -читање, дискусија и усвојување на статутот на СЗПЈ; -избор на Сојузен одбор и Финансиска контрола; и -заклучоци.

Во *работното претседателство* од НРМ е избран Ѓорѓе Ристиќ, во *Верификациската комисија* Џемаил Катана, во *Кандидациската комисија*

Михајло Јанев, а во *Изборната комисија* Петар Димовски. Во *Комисијата за резолуција од НРМ е избран* Крсто Коруновски.

Претставникот од ССЈ, во својот говор на Конгресот, помеѓу другото рекол дека со Одлука на XIII Пленум на Централниот одбор на ССЈ примени се здруженијата на пензионерите како составна организација на ССЈ. Новиот Сојуз на здруженијата на пензионерите на Југославија, ќе овозможи да се зајакне соработката со другите централни одбори во земјата. Делокругот на пензионерската организација има свои специфичности. Најпрво треба да се организира омасовување, до зачленување на сите пензионери. Пензионерите треба уште повеќе да се активираат во Народниот фронт. Да им помагаат на органите на власта и локалната управа. Нерешените пензионерски прашања да се решаваат со поддршка на врвните синдикални органи и да постои голема соработка помеѓу републичките пензионерски раководства.

Секретарот на Иницијативниот одбор, кој пред конгресот ги обединил републичките извештаи го прочитал заедничкиот извештај во кој немало дел за македонско здружение, затоа што тоа било формирано непосредно пред Конгресот.

Од дискутантите после извештајот прв зборувал Михајло Јанев од НР Македонија и сите со одушевување се согласиле да зборува на мајчин македонски јазик. Тој зборувал на тема за категоризирањето на трудовите инвалиди, за добивање потрошувачки карти и во врска со Уредбата за преведувањето на пензиите. По негов предлог избран е одбор кој ќе интервенира во Комитетот за социјални грижи на ФНРЈ, во состав: Михајло Јанев, Валентин Бидовец и Раде Мрѓа. Објавен е и Статутот во кој е запишано: Сојузот на здруженијата на пензонерите на Југославија (СЗПЈ) е доброволна организација во која се здружуваат сите републички здруженија на пензионерите како рамноправни членови. СЗПЈ е составна организација на ССЈ, го усвојува неговиот Статут и ја насочува својата работа според директивите и одлуките на органите на ССЈ. Секое Републичко здружение на пензионери е организациска единица за себе и самостално одлучува за своите организациски, финанасиски и други прашања во согласност со овој Статут, а што се регулира со посебни „Правила" на секое здружение. Во овој Статут, наброени се задачите на СЗПЈ. Органи на СЗПЈ се: Конгрес, Сојузен одбор, Претседателство и Надзорен одбор. Конгресот е составен од делегати (најмалку по 5 од секоја република). Сојузниот одбор е извршен орган помеѓу два конгреса. Сојузниот одбор е составен од 30 членови кои имаат 18 заменици (по 5 членови и 3 заменици од секоја република, од делегатите кои се бирани за Конгресот). Претседателството ги извршува одлуките од Конгресот и од Сојузниот одбор и е во постојана врска со републичките здруженија и со Централниот одбор на ССЈ. Претседателството е составено од 12 членови кои имаат 6 заменици (по 2 члена и по еден заменик од секое републичко здружение, сите од составот на Сојузниот одбор). Од членовите на Претседателството се бира претседател и секретар. Надзорниот одбор се состои од 5 членови кои ги бира Конгресот. По спроведеното гласање избран е Сојузен одбор. Од НР Македонија во него се избрани: Ѓорѓе Ристиќ, Михајло Јанев, Џемаил Катана, Петар Димовски и Крсто Коруновски, а нивни заменици се: Панде Фидановски, Манојло Јанев и Благој Боцевски.

Слика 1. Првото Претседателство на СЗПЈ

Za Predsjednika izabran je Gašparac Đuro, za potpredsjednike: Matković Lazar, predsjednik Zemaljskog odbora UPNRB i H i Ristić Đorđe, predsjednik Zemaljskog odbora UPNRM, za Sekretara Klicin Predrag, predsjednik UP Autonomne Pokrajine Vojvodine.

Predsjedništvo Saveza Udruženja penzionera Jugoslavije (s lijeva na desno) 1. Ristić, predsjednik Z O N R M, 2. A. Petrović, potpredsjednik Z O B i H, 3. M. Sauer, tajnik Z O N R M, 4. Predrag Klicin, predsjednik PO Vi sekretar Saveza U P I N R J, 5. R. Matković, predsjednik Z O B i H, 6. Drago Stefanović, član Z O N R S, 7. Đuro Gašparac, predsjednik Z O U P N R H i predsjednik Saveza, 8. Ivan Vrkljan, tajnik U P N R H, 9. Novica Sekulović, predsjednik Z O N R Crne Gore, 10. Andrej Szuti, predsjednik društva Upokojencev L R S, 11. Valentin Ridovec, pravni referent društva Upokojencev L R S.

Првата конститутивна седница на Сојузниот одбор на СЗП на Југославија одржана е наредниот ден по Конгресот, на 21 јуни 1951 година. На неа е избрано Претседателство на СЗПЈ. Во него, членови од НР Македонија се: Ѓорѓе Ристиќ и Михајло Јанев, а заменик е Крсто Коруновски (а според друг извор заменик е Петар Перуновски). За прв претседател е избран Ѓуро Гашпарац, а за потпретседатели Ѓорѓе Ристиќ и Лазар Матковиќ и за секретар Предраг Клицин. Тогаш е изгласан и буџет на СЗПЈ. Приходите за буџетот се одредени со квота за уплата од секое републичко здружение сразмерно на бројот на пензионерите.

∞ ∞ ∞

Здружение на пензионерите на Македонија

Здруженијата на пензионерите на Словенија, Хрватска и Србија го иницираа, а Сојузот на синдикатите го отпочна процесот за формирањето: Здружение на пензионерите на Народна Република Македонија во 1950 година.

Со иницијатива, инсистирање и помагање од веќе формираните братски здруженија на пензионерите од Словенија, Хрватска и Србија, како и со правна, организациска и материјална помош на Земскиот совет на Сојузот на синдикатите на Македонија, избран е Иницијативен одбор за формирање македонско здружение. Составот на Иницијативниот одбор е следен: Ѓорѓе Ристиќ учител, Пане Фидановски работник, Александар С. Цветковиќ службеник, Елисавета А. Ѓеоргиева учителка, Трпе Иванов железничар, Перса Н. Војнева учителка,

Серафим Тодоров железничар, Љуба Иванова работничка, Михајло Петровски работник, Здравко Здравковски работник и Методија Петровски работник. Со голема помош од Сојузот на синдикатите, иницијативниот одбор подготви Правила, Програма и Финансиски план. Синдикалниот орган ја одобри Програмата за работа, а МВР на НРМ го запиша во Регистарот на здруженија со што и правно е одобрено формирањето и работата. Организациската поставеност е според правилата на ССЈ. На 28 декември 1950 година одржано е Основачко собрание на кое е избран Првиот Земски одбор во состав: Ѓорѓе Ристиќ, претседател, Пане Фидановски, потпретседател, Стеван Симиќ, секретар, Воислав Никодијевиќ, благајник, и членови Елисавета Ѓеоргиева, Тодор Велев, Александар Цветковиќ, Данило Томовски, Здравко Здравковски, Мухамед Мудеризовиќ и Новак Буковиќ (сите од Скопје). Според истиот извор (изјава на првиот претседател на Здружението на пензионерите на Македонија, само пет години подоцна), Земскиот одбор броел 7 луѓе, во кои се: претседателот, потпретседателот, секретарот, благајникот и само уште тројца членови. Првиот Надзорен одбор е во состав: Михајло Санев, Џемаил Катана и Миливоје Кајевиќ (сите пензионери од Скопје).

Наредната година (**1951**) Земскиот извршен одбор на ЗПНРМ, се обрати до Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија со молба за вклучување како колективен член во Сојузот на синдикатите на Југославија. Поблиска соработка на Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија е манифестирана од Вториот Конгрес на Сојузот на синдикатите на Југославија во септември 1951 година. Така Здружението и сите негови членови добија можност да се ползуваат со сите права како и останатите членови на Сојузот на синдикатите. Почетните организациски и материјални потешкотии решавани се заеднички со ССМ и раководствата на подружниците на теренот.

Војислав Никодијевиќ, бил благајник, а потоа и секретар на Здружението. Тој евоцира спомени во 1970 година по повод дваесетгодишнината од формирањето на Здружението, при што кажува дека на формирањето на ЗПНРМ на 28.12.1950 година, присуствувале 50 пензионери од Скопје и уште 50 пензионери од другите градови. Според него, дури по Основачкото собрание, во текот на наредните години, Здружението формира подружници, како свои основни организации. Тој кажува дека прва формирана подружница е во Струмица на 13 јануари 1951 година, а до крајот на годината формирани се 24 подружници.

Во јули **1952** година Здружението има 28 подружници со околу 6.500 пензионери. Во тоа време пензионерите многу се ангажираат во акциите што ги организираат синдикалните организации, фронтовските организации и органите на власта, а многу од нив се бирани во раководствата на организациите и во органите на власта. Како негативна е оценета дотогашната пракса на некои раководства во подружниците да земаат хонорари за работата, под изговор на „доброволни прилози". Позитивно се опишани правата од социјалното законодавство и фактот дека од околу 6.500 лични и семејни пензионери во Македонија, веќе 81 отсто пред тоа биле физички работници. Владата донесе одлука и за социјална пензија на преживеаните учесници од Илинденското востание кои ги има околу 600 (а според друг извор 900). Пензионерите заедно со пензијата, имаат право и на бесплатно лекување, право на детски додаток,

повластици при користење одмор, надомест за прехрамбените и индустриските бонови за брачните другари и др. Направена е замена на дотогашните членски карти со нови и дадено е соопштение дека е воведена македонска страница во весникот „Пензионерски глас" за која е формиран Редакциски одбор и објавен е повик за дописници од сите подружници, чии написи и вести ќе бидат хонорирани, како и за помасовна претплата на весникот кој излегува еднаш месечно. Во весникот редовно има македонска страница со вести и написи за Здружението и случувањата. Пишувано е и за прославите на: 8-години од АСНОМ, 30-години од Илинденската епопеја, прославата на 11 Октомври и прославата на 29 Ноември. Поздравено е донесувањето „Уредба за одредување и преведување на старите пензии по нови тарифи". Пензионерите искажаа подготвеност за волонтерска помош и соработка со Заводот за социјално осигурување, во работите за побрзо спроведување на оваа уредба која е поповолна за најголемиот број на пензионери. Дадена е насока за зачленување на пензионерите во подружниците само врз основа на добиен чек за пензија од Народната банка, без да се бара решението за пензионирање. Од подружниците е побарано да доставуваат списоци на умрени пензионери кои ќе бидат објавувани во весникот. Во информативен текст и како пример, објавено е, дека, Здружението на пензионерите на НР Србија, во 1952 година, за секој починат член исплатува 3.000 динари посмртна помош, а за брачен другар 1.500 динари од редовната членарина. Бидејќи таа сума не е доволна, некои подружници формирале свои интерни „Посмртни фондови" за кои се уплатувала дополнителна членарина, додека пак други подружници се осигурувале за случај на смрт во Државниот осигурителен завод „ДОЗ". Претседателот на Здружението на пензионерите на Македонија, во весникот, презентира популарна, поучна но и критичка содржина со наслов „Нашите обврски кон заедницата и нашата организација". Коментирана е Уредбата од Сојузната влада да се организираат градски, околиски и републички заводи за социјално осигурување во чии собранија се бираат и пензионери. Во Македонија, во поедини подружници почнува да се формира „спомагателна каса". Здружението даде појаснување за значењето на претстојните избори за народни одбори и повикани се сите пензионери заедно со трудбениците активно да учествуваат во изборите и да истакнуваат свои кандидати. Земскиот одбор на ЗПНРМ на 7 декември 1952 година донесе Решение, квотата за уплата кон Здружението да биде 30 отсто (помеѓу другите трошоци, од овие средства се исплатува и посмртна помош, и помош за бањско-климатско лекување), а во подружниците да останува 70 отсто од членарината.

Пензионерската општествено-политичка активност е изразена како поддршка и придонес на напредните промени во земјата и борбата против информбировската пропаганда и слични надворешни и внатрешни притисоци. Пензионерите помагаат и активно учествуваат во изборите за органи на народната власт во 1952 и 1953 година. Според територијалната поделба, Здружението, организациски се прилагодува на децентрализацијата. Како што се спроведуваат реорганизации во органите на власта во државата, така следуваат и реорганизации во Здружението и соодветно организирање на раководните органи. Пензионираните работници даваат придонес, влијание и помагаат при донесувањето нови закони најмногу во социјалната сфера. Се врши самоуправно престројување на организацијата и се прават и нови кадровски решенија.

∞ ∞ ∞

Во јануари и февруари **1953** година одржани се годишните изборни собранија на подружниците (здруженијата) на пензионерите. Земскиот одбор им даде насоки за нивно водење, и подобро работење за надминување на тешкотиите и на негативните појави. Реферирано е и за отворањето дом на пензионерите во Штип. Во врска со методите на работа во здруженијата кажува и овој цитат: „Ние, пензионерите треба со примерот, искуството и својата јака волја да покажеме на помладите трудбеници, дека сме и ние нивни соработници, во изградбата на социјализмот во нашата земја." Во врска со финансиското работење дадени се насоки, тоа правилно да се спроведува, да се водат евиденции и да се штеди. Да се даваат годишни отчети и финансиски планови за наредната година. Донесено е Решение, второто годишно собрание на Земскиот одбор на ЗПНРМ да се одржи на 15 април 1953 година. Заедно со делегатите, на тоа Собрание, има присутни и гости, помеѓу кои и претседателот и секретарот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија и претставник на Здружението на пензионерите на НР Србија. Реферат на Собранието поднесе претседателот на пензионерите на Македонија. Спомената е бројка од 30 подружници со 8.038 членови, кои претставуваат околу 90 отсто од сите македонски пензионери. Во буџетот за 1953 година предвидени се 400.000 динари за изградба на пензионерски дом. Имињата на членовите се наведени за: Земскиот одбор (Собрание од 35 членови), Надзорниот одбор, делегатите за Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија, Извршниот одбор (Пленум од 13 членови). Веќе во 14 подружници формирани се потпорни фондови, а една подружница има спомагателна каса. Во 1953 година во Македонија е одржан Третиот конгрес на Сојузот на синдикатите на Македонија. Главниот реферат, помеѓу другото ги опфати постигнувањата на работничката класа, проблемите, заштитната функција на синдикатите и некои организациски прашања. Прославена е и 50-годишнината од Илинденското востание. Оваа година во Белград, на 5 ноември, одржан е Вториот Конгрес на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија, со делегати од сите републички здруженија. До сите пензионери пренесувани се толкувања во врска со исплатата на погребнината за пензионерите. Според тогаш важечкиот Закон за социјално осигурување, за ова прашање, од државниот буџет и за пензионерите се признаваат истите одредби како и за работниците: при смрт на осигуреник се исплатува износ од две пензии, а при смрт на член на негово семејство, кој тој го издржувал, се исплатува износ од една пензија. Новото преведување на старите во нови пензии во НР Македонија е во согласност со Уредбата од Сојузната влада, како резултат на развојот на самоуптавниот стопански систем. Извршниот одбор на Здружението на пензионерите на НР Македонија е во постојана врска со Заводот за социјално осигурување на НРМ, интересирајќи се за состојбата на преведените и непреведените пензионери, а посебно за препреките кои се јавуваат. Забележан е голем број на пропусти, па затоа формирани се три комисии за прегледување и решавање на приговорите. Се настојува, кон можноста за докажување на стажот со изјава на сведоци внимателно да се пристапува, со цел да се спречат извесни лажни сведочења. Здружението на пензионерите на НР Македонија во својата работа се ангажира и на заживување и омасовување на просветната и културната работа помеѓу пензионерите. За таа цел истакната е потребата од имањето културен дом со потребни простории и поголема сала во која организирано ќе има континуирани активности од овие области (по примерот на пионерските и младинските културни домови). За ова прашање разгледувани се

можните решенија. За просветување на пензионерите, во подружниците се организираат разни курсеви и предавања, помеѓу кои има многу теми за образованието, поучни народни поговорки, за социјалното живеење и разните облици на здружување, за штетните обичаи и навики, за здравствената култура и хигиената со парола: „Преку воспитувањето човекот станува човек. Не е доволно да се воспитуваат само децата и младите луѓе." Преку народните библиотеки, читалните, просветно-културните домови, народните универзитети и разни курсеви и предавања, пензионерите се вклучуваат во континуираното доживотно учење. Испратено е циркуларно писмо до сите подружници во кое е речено дека врз основа на Договор со Земскиот совет на Сојузот на синдикатите на Македонија, годишните изборни собранија треба да се одржат во месец април 1954 година. Потоа, секоја подружница треба да достави извештај за работата на собранието, список на избраните членови во органите и телата и список на делегати за годишното собрание на ЗПНРМ.

∞ ∞ ∞

Третото годишно собрание на Земскиот одбор на Здружението на пензионерите на НР Македонија е оджано на 28 јуни **1954** година со присуство на делегати од сите 31 подружници (во кои има 8.360 пензионери членови) и многу гости, помеѓу кои и: претседателот на СЗП на Југославија Василије Ѓорѓевиќ, претседателот на ЗПНР Србија Покраински одбор на Војводина Предраг Клицин, претседателот на ЗПНР Црна Гора д-р Новица Секуловиќ и претседателот на ЗПНР Босна и Херцеговина д-р Назиф Алиќ, како и претставници од Сојузот на синдикатите на Македонија и од Заводот за социјално осигурување на Македонија. Прочитан е годишен извештај, финансиски извештај и извештај на Надзорниот одбор, даден е предлог буџет за 1954 година и извршени се избори. Избран е Извршен одбор во состав: Ѓорѓе Ристиќ, претседател, Михајло Малевски секретар и благајник и членовите Димитар Константинов, Лазар Манчевски, Васка Цири Вири, Славе Петровски, Демир Нуредин, Милева Јовановиќ и Борис Николовски. Надзорен одбор: Георги Тодоровски, Марко Цветковиќ и Димче Мацан. Делегати за Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија се Ѓорѓе Ристиќ и Славе Петровски. Во донесените заклучоци се кажува дека квотата која се уплатува од подружниците за Земскиот одбор се намалува од 25 на 20 отсто сметајќи од 01.01.1954 година, дадена е задача да се изработи единствен Правилник за Посмртниот фонд за сите подружници и по можност да се формира еден Централен фонд како база за сите посмртни фондови. На 2 август 1954 година, претседателот на подружницата на пензионерите од Вториот скопски реон, Димитар Константинов свечено го отвори Културно-просветниот дом на пензионерите наменет за првиот и вториот реон, кој е доделен од Градскиот Народен Одбор во Скопје. На 16 и 17 декември 1954 година, во Белград се одржа Пленум на Сојузниот одбор на СЗП на Југославија со претставници од сите републички здруженија и од ССЈ. Разгледани се прашања од социјалното законодавство, тези за ново пензиско осигурување, нацрт Уредба за времени додатоци на минималните пензии (заштитен додаток), прописи за вработување на пензионерите и проблеми од областа на инвалидското осигурување. На барањата за основање посебни здруженија на инвалидските пензионери одговорено е дека за решавање на нивните прашања се залага токму овој Сојуз и неговите здруженија, па не е потребно да се одвојуваат.

Констатирано е дека пензионерските здруженија ја добиваат потребната поддршка и помош од синдикатите.

Од Земскиот извршен одбор на ЗПНРМ испратено е циркуларно писмо до сите подружници во врска со донесена Одлука во согласност со ССМ, годишните изборни собранија во подружниците да се одржат најдоцна до 15 април 1955 година и од нив да се достават сите работни материјали до ЗПРНРМ. За датумите на собранијата да се извести Земскиот извршен одбор кој ќе делегира свои претставници на собранијата. Толкуван е новодонесениот Закон за здравствено осигурување во кој се применети нови принципи кои треба да придонесет за здравјето на народот и направено е прераспределување на финансиските средства за социјалното осигурување. Најважната новина е воведување превентивна здравствена заштита на осигурениците. Проширен е опфатот на населението со здравствено осигурување, во прв ред за земјоделците, брачните другари и членови на семејството. Зголемена е специјалната грижа на заедницата кон жената-мајка во работен однос. Определено е намалување на износот за надомест на плата во случај на боледување.

∞ ∞ ∞

Наредното годишно собрание на Здружението на пензионерите на НР Македонија се одржа на 28 април **1955** година, во Скопје, со делегати од сите 31 подружници во кои има вкупно 9.456 пензионери. Годишен извештај поднесе претседателот на Здружението. Во него членуваат: лични, семејни, инвалидски и пензионери илинденци. Прочитан е финансов извештај и извештај на Надзорниот одбор. Поднесен е предлог буџет за 1955 година, Правилник за Единствениот доброволен посмртен фонд на ЗПНРМ и Упатство за работата на Единствениот доброволен посмртен фонд на ЗПНРМ. Известено е дека е завршено формирањето Здружение на трудови инвалиди (кои не се во работен однос, додека сеуште вработените трудови инвалиди се вклучени во синдикалните подружници), кое е правно оформено, со потврдени правила од надлежната власт но без свој посебен земски одбор, а во составот на ЗПНРМ формирани се секциии на инвалиди. Извршено е гласање (во документите приложени се целите листи со имиња) за: Пленум (33 членови), Претседателство и извршен одбор (13 членови), Надзорен одбор (3 члена), еден делегат за Третиот Конгрес на ССЈ, двајца делегати во Сојузниот одбор на СЗП на Југославија. Претседател на Републичкиот одбор е Ѓорѓе Ристиќ, а секретар Димче Мацан. На 19 октомври 1955 година почина Михајло С. Малевски, бивш секретар на Земскиот одбор на Здружението на пензионерите на НР Македонија. На Третиот конгрес на ССЈ во мај 1955година расправано е и за унапредување на самоуправниот систем во социјалното осигурување и здравството, што многу ги засега и пензионерите. Во декеври 1955 година се одржа конференција со извршните одбори на Подружниците од I, II, III и IV реон во градот Скопје. Конференцијата ја свика Земскиот одбор на ЗПНРМ поради советување и одлучување за финансирањето на просветно-културниот дом на пензионерите во градот Скопје и реорганизација на истиот. Во Домот-просторијата своето слободно време го поминуваат пензионерите со забавни и културно-просветни активности. Трошоците за одржување се подмируваат со донации, а по дискусијата се заклучи да продолжи со работа преку самофинансирање од приходите кои ги остварува со продавање локум и кафе. Во 1955 година пензионерите добија линеарно зголемување на пензиите во износ од

500 динари месечно. На иницијатива на ССЈ, кон крајот на 1955 година формирани се и посебни здруженија на трудовите инвалиди. Пензионерските организации активно соработуваат со Сојузот на борците и взаемно се помагаат. Развојот во општеството влијае и врз развојот на Здружението. Натамошното правно регулирање на дејностите вршено е преку измени и дополни на статутарните акти, кои често се само формални, без да се менува суштината на целите и активностите. Донесени се правилници: за материјално-финансиско работење, за заеднички посмртен фонд, за фонд за взаемна помош и др.

∞ ∞ ∞

Петтото Годишно Собрание на Републичкиот одбор на ЗПНРМ е одржано на 28 јуни **1956** година со делегати од 32 подружници (во кои има 11.500 пензионери) и со гости од ССМ и Заводот за социјално осигурување на НРМ. Изнесен е извештај за работата, финасов извештај, извештај на Надзорниот одбор и предлог буџет за 1956 година. Усвоени се нови Правила на ЗПНРМ, со чие усвојување престанува да важи Правилникот на ЗПНРМ донесен на основачкото собрание на 28.12.1950 година. Донесен е Правилник за другарските судови. Извршени се избори. Во новиот Републички одбор (Пленум) избрани се 31 лице. Во Претседателството се избрани 15 лица. Во Секретаријатот се избрани 7 лица. Кажано е дека Републичкиот одбор ја одвива својата работа преку состаноци, конференции, годишни собранија, дискусии, работа на терен и преку Пленумот на Сојузниот одбор на СЗП на ФНР Југославија. Претседателството на Републичкиот одбор на ЗПНРМ во извештајниот период одржа 9 состаноци на кои главни прашања беа:

1. Проблемот за културно-просветна работа. Доделени се 120.000 динари за купување на зграда за просветно-културен дом на подружницата во Битола, а за Ѓорче Петров сума од 10.000 динари за културни активности. Избрана е Комисија која ќе направи проект и финансиска конструкција за купување една зграда во Скопје која ќе служи за културно-просветни активности на пензионерите од НРМ.

2. Ангажирање, да се обезбедат прописи за повластици за илинденските пензионери и за социјална заштита на нивните фамилии.

3. По прашањето од областа на трудовите инвалиди, да се формира секција на трудови инвалиди при ЗПНРМ.

4. Одредена е сума од 100.000 динари, која ќе се уплати на име помош за настраданите од елементарните непогоди во Маврово.

5. Ангажирање кај институциите на државата (во Заводот за социјално осигурување и др.) кое се одвива и преку Сојузниот одбор на СЗПЈ, како и преку синдикалните подружници и раководни органи на сите рамништа, по сите прашања од интерес на пензионерите, со мотото „Староста не смее да биде пречка за решавање на важните задачи".

На крајот од 1956 година сите пензионери добија еднократна помош во износ од 50 отсто од пензијата. Во 1956 година Централниот совет на ССЈ се согласи и одлучи дека може да се формира Здружение на трудовите инвалиди, а неговите членови можат, доколку сакаат, едновремено да бидат и членови на Здружението на пензионерите во кое ќе плаќаат членарина и ќе се владеат според неговиот Статут, а Здружението на пензионерите да формира секција на трудови инвалиди. За време на седумгодишното постоење, организацијата на

пензионерите постигна забележителни резултати, стабилност и искуство во заштитата на интересите на пензионерите. Сè почна во услови на поствоената разурнатост, практично без никакви основи, освен човечкиот фактор и неговата волја. Затоа постигнатите успеси се уште повредни. Секако, кога ќе се увиди дека започнува развој на самозадоволство и зачмаеност потребни се и промени. Промените во општествено-политичкиот живот и новите прописи влијаат и врз развојот на организацијата на пензионерите. Централниот одбор на **Сојузот на синдикатите на Југославија** кон крајот на 1956 година до сите **подружници** на здруженијата на пензионерите, како до свои организации (прескокнувајќи ги раководствата на републичките здруженија), достави препораки за организациски промени преку реорганизација и за решавање на прашањата на здруженијата на пензионерите и здруженијата на трудовите инвалиди. Препорачано е, да се направат организациски промени, со кои ќе се децентрализираат републичките здруженија. Препораките се испратени до општинските организации со назнака тие таму да ги проучат, да се организираат според локалните услови и потреби и да направат реорганизација. Проблемите како и активностите се најприсутни во местата во кои живеат пензионерите, во рамките на општините. Највисоките форуми (на републичко ниво) се ориентирани на покрупните заеднички проблеми кои се решаваат на многу високо ниво (со републичките и сојузните органи на власта и сл.). Треба да се зајакнат и осамостојат општинските организации, со промени во статутот, и со организациски промени и пренесување на раководните надлежности на нивно ниво. Општинските организации ќе ги решаваат секојдневните прашања, ќе се грижат за изградба на пензионерски домови, ќе остваруваат поблиска соработка со организациите, институциите и со локалната власт. Тие ќе одлучуваат за методите и формите на работа и за внатрешната организација според потребите и локалните прилики. Притоа не треба да се манифестира тврд конзерватизам и отпор за спроведување на организациските реформи. Така општинските организаци ќе ја добијат потребната виталност и нема да се зачаурат во едноставни административни единици со формална работа (така наречени „погребални друштва"). Кај пензионерите не е пресушен етузијазмот и способноста за делување и за социјалистички напредок. И од Пленумот на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на ФНР Југославија кој е одржан на 28.09.1956 година испратено е писмо во врска со насоките од ССЈ, за реорганизација во републичките здруженија, според промените во органите на власта, новата територијална поделба на општините и според новите статути на синдикатите. Нагласена е координативната улога на Сојузниот одбор на здруженијата на пензионерите на ФНРЈ кон републичките сојузи, а општинските здруженија добиваат поголеми овластувања. Од овие причини, се прават и чести измени во документите и правилниците, а се случува да се направи и по некој погрешен потег.

∞ ∞ ∞

На 22 февруари **1957** година со присуство на претставници од сите републички здруженија, одржана е Пленарна седница на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија. На дневниот ред основно е прашањето за реорганизацијата во републичките здруженија. Сите делегати се искажале дека подготовките се во тек: се одредуваат услови, број на членови и седишта за општински здруженија и др. На 15 март 1957 година Републичкиот одбор на Здружението на пензионерите на Народна Република

Македонија одржа пленарна седница. Посебно внимание на оваа седница беше посветено на спроведувањето на реорганизацијата на ЗПНРМ. Пленумот во целост ја усвои Одлуката на Централниот совет на ССЈ и им препорача на основните организации да постапат според неа. Постапувајќи по овие одлуки најпрво реагираа пензионерите од Кисела Вода и на годишното собрание во месец март го променија името во „Подружница-здружение на пензионерите на општина Кисела Вода – Скопје". Потоа овој пример го следат само уште неколку други подружници. Ова може да се смета како прва фаза за организирање и регистрирање општински пензионерски здруженија како самостојни правни лица, до донесувањето нови статути и нов закон за здруженија.

∞ ∞ ∞

Во **1958** година одржани се избори на највисоките сојузни органи на ФНРЈ. Пензионерите имаа активно учество во сите предизборни и изборни активности и најмасовно излегоа на изборите. Од 1 јануари 1958 година стапи во сила нов Закон за пензиско осигурување, според кој пензиите во НРМ се зголемени за 8 отсто. Пензионерските организации се договараа и помагаа за негово доследно и брзо спроведување. Таа година пензионерите, со јануарската и јулската пензија добија уште и по 50 отсто како еднократни примања (тринаесетта пензија) до конечното усогласување на пензиите.

На 22 јануари 1958 година одржан е Пленум на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија. Во заклучоците покрај другото, речено е, Сојузниот одбор активно да учествува во подготовките за нов закон за инвалидско осигурување и нов закон за социјална заштита. Побаран е и прием за сите претседатели на републичките здруженија на пензионери кај претседателот Тито. Се задолжува Секретаријатот на Сојузниот одбор на СЗПЈ, со цел за спроведување на Одлуката на ЦО ССЈ за реорганизацијата на здруженијата на пензионерите, до следниот Пленум, да подготви нови правила за делување на СЗПЈ. Како пример наведуваме, дека, едновремено, Здружението на пензионерите на НР Србија испрати циркуларно писмо до своите подружници со кое им наложува да не ги свикуваат редовните годишни собранија за да се одбегне подоцна свикување вонредни собранија на кои ќе треба да се усвојат нови документи кои сега им се испратени како прилози за разгледување и јавна дискусија и тоа: Нацрт Статут и Правилник за организацијата и работата на општинските здруженија на пензионери на територијата на НР Србија. И неговото редовно годишно собрание се одложи за крајот на годината, со цел, до тогаш да се подготви нов Статут.

Во првата половина на 1958 година, сите подружници на Здружението на пензионерите на НРМ ги одржаа своите годишни собранија. Нема известувања за спроведена реорганизација. Републичкиот одбор на Здружението на пензионерите на НР Македонија го одржа своето редовно, седмо, годишно Собрание на 26.06.1958 година во присуство на 32 делегати и гости. Изнесен е годишен извештај од претседателот Ѓорѓе Ристиќ, финансиски извештај од благајникот на Републичкиот одбор Славе Петровски и извештај од Надзорниот одбор. Усвоен е буџетот за 1958 година, одобрени се измени и дополнувања на Правилникот за единствениот посмртен фонд. Извршени се избори со кои за претседател е реизбран Ѓорѓе Ристиќ. Во годишниот извештај помеѓу другото е речено дека пензионерите, според своите можности, како поединци членуваат во неколку

општествени организации: Социјалистички сојуз на работниот народ, Сојуз на борците, Црвен крст и други. За подружниците дадени се следните податоци: заклучно со 31.12.1957 година во НР Македонија има: 6.362 лични пензионери, 3.273 фамилијарни и илинденци 984 – вкупно 10.619 пензионери членови, организирани во 32 подружници. Во врска со Одлуката на ССЈ за реорганизација, порачано е таа да се спроведува во согласност со Статутот на ССЈ и Правилата на ЗПНРМ кои се донесени во 1956 година (пред донесувањето на одлуката на ССЈ). Во тоа време во државата, согласно правното уредување, носени се нови системски закони, за кои се водени долги јавни расправи со редовно учество на пензионерите. Така по двегодишно усогласување, донесен е нов Закон за **пензиско** осигурување на 11.12.1957 година, а ќе се применува од 01.01.1958 година. Исто така, донесен е и нов Закон за **инвалидско** осигурување на 26.11.1958 година, со примена од 01.01.1959 година. Новиот Закон за пензиско осигурување е многу значаен за пензискиот систем и има понапредни решенија. Тој носи нов пристап за определување на висината на пензијата според два критериуми: должина на работен стаж и висина на придонеси за време на работата. Така се надминати дел од нелогичностите во старите закони, според кои, висината на пензијата зависеше само од школската подготовка и платната група, без разлика колку изнесувале придонесите. Натамошното усовршување во работата и активностите на организацијата, се однесува за: нормативно регулирање на положбата, правата и примањата на пензионерите; подобрување на статусот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија; измени во статутите и правилниците; делегирање пензионери во самоуптавните органи во Заводот за социјално осигурување, во Сојузот на синдикатите и во Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија; склучување договор со Југословенската лотарија, пензионерите да бидат аквизитери со 8 отсто провизија, почнувајќи од 1958 година; купување одморалишта за пензионерите (оваа активност во другите републики реално започна од 1955 година, а во Македонија во 1968 година) и друго.

Повторно за споредба, наведуваме дека Сојузот на здруженијата на пензионерите на Србија (со новото име) на 22 и 23 декември 1958 година го одржа своето Петто редовно изборно Собрание на кое донесени се нови ПРАВИЛА и сменето е името во „Сојуз на здруженијата на пензионерите на НР Србија". За нов претседател избран е Влада Љубојевиќ, за потпретседател Младен Богосављевиќ, а за секретар Теофило Стојановиќ. Дотогашниот претседател Василије Ѓорѓевиќ (кој бил претседател вкупно 14 години) останува да биде претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија.

∞ ∞ ∞

Во **1959** година Здружението на пензионерите на Македонија активно се ангажира за застапување на интересите на пензионерите за доследно спроведување на новите закони (Закон за пензиско осигурување и Закон за инвалидско осигурување). Согледано е, дека, некои пензионерски здруженија само се формирани, а немаат активности. Помошта која се дава на членовите од пензионерските фондови повремено е зголемувана со цел да не биде само симболична. Работата редовно се усогласува со работата на другите општествено-политички организации, во прв ред со синдикатите и Социјалистичкиот сојуз на работниот народ, во чии раководни тела и органи има и пензионери. Во јануари

1959 година претседателот на македонските пензионери Ѓорѓе Ристиќ објавува писмо насловено со „Работата требе да е конструктивна на подружницата". Во него тој посочува на некои добри и на некои негативни појави во подружниците и ги подучува како треба добро да се работи, цитат: „Тоа се констатира и од самиот програм за работата на ЗПНРМ, кој содржи важни и разноврсни задачи и обврски кои отвораат широко поле за работа. Значи се сака вистинска, конструктивна и корисна работа и затоа мора да се води сметка за остварувањето и извршувањето на задачите согласно на Програмот и Правилата на Здружението, на кои се засновува неговата работа." Издадено е соопштение дека треба да се преземат нови членски книшки во кои има рубрики за запишување на уплатите за членарина и за Единствениот посмртен фонд. Посмртен фонд формираа поголемите здруженија, а помалите немаат услови за тоа. Од таа причина во 1955 година Здружението издаде Правилник за Единствен посмртен фонд (ЕПФ) за целата Република. Секој пензионер член на Здружението, кој сака да се зачлени во ЕПФ, уплатува уписнина од 100 динари и секој месец износ од 40 динари. Во случај на смрт семејтсвото добива 10.000 динари погребнина. Во случај на смрт на член на фамилијата, на пензионерот му се исплатува 5.000 динари. Пропишан е и објавен „Правилник за финансовото послување на ЗПНРМ". Во првата половина на 1959 година одржани се редовните годишни изборни собранија на подружниците. Пленарен состанок на Републичкиот одбор (старото име беше Земски одбор) на ЗПНРМ е одржан на 25 јуни 1959 година. Поднесени се редовните извештаи, усвоен е буџетот за 1959 година и предлог активности за sидање Просветно-културен дом во Скопје. На почетокот одадена е почит на починатите: Василије Ѓорѓевиќ претседател на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија, Максимилијан Фишер претседател на Здружението на пензионерите на НР Хрватска и Ивовиќ Душан претседател на Здружението на пензионерите на НР Црна Гора. Се повеќе се дискутира по прашањето за решавање на станбените потреби на пензионерите.

На 18 септември 1959 година одржана е Пленарна седница на Сојузниот одбор на СЗП на Југославија и избран е нов претседател, Влада Љубојевиќ, кој едновремено е и претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на НР Србија, нов потпретседател, Мирко Павлековиќ, кој едновремено е и претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на НР Хрватска, а за секретар избран е Теофило Стојановиќ. На седницата разгледни се проблемите во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување и за нивно решавање како и залагање преку ЦС на ССЈ да се реагира за правилно зголемување на пензиите.

Табела 3: Број на трудови инвалиди во НР Македонија и инвалидски пензионери

1959 година	Трудови инвалиди	Инвалидски пензионери
Мажи	364	2857
Жени	30	572
Воени	15	-
ВКУПНО	**409**	**3420**

На почетокот на **1960** година упатен е циркулар со наслов „Неколку напомени до подружниците„ Во него се кажува дека ЗПНРМ ќе настојува: пензионерите и инвалидите да ги добиваат сите права од здравствената заштита, правото на повластено користење на превозните средства и за зголемување на

пензиите, а здруженијата да ги подготват редовните годишни собранија и да ги изберат најдобрите кадри. Во работата да се раководат од принципот на братство и единство и против шовинистичките тенденции, со правилна културно-просветна работа. На изборите на годишните собранија подружниците да ги применуваат Правилата на Здружението на пензионерите на НРМ.

Табела 4: Број на пензионери членови на подружниците во декември 1959 година

	ПОДРУЖНИЦА	**Бр. членови пензионери 30.12.1959 г.**
1	Берово	85
2	Битола	1192
3	Брезово	69
4	Брод	54
5	Гевгелија	243
6	Гостивар	323
7	Дебар	142
8	Делчево	57
9	Демир Капија	38
10	Ѓорче Петров	127
11	Идадија - Скопје	1304
12	Кавадарци	210
13	Кале - Скопје	971
14	Кисела вода - Скопје	994
15	Кичево	348
16	Кочани	225
17	Кратово	68
18	Крива Паланка	160
19	Крушево	118
20	Куманово	858
21	Неготино	57
22	Охрид	711
23	Прилеп	638
24	Радовиш	88
25	Ресен	142
26	Ростуша	103
27	Свети Николе	45
28	Струга	377
29	Струмица	397
30	Тетово	350
31	Титов Велес	610
32	Штип	273
	ВКПУПНО во НРМ	**11.377**

Во текот на првата половина од **1960** година општинските подружници ги одржаа своите редовни годишни изборни собранија. Во известувањата сеуште се користи називот подружница „Кисела Вода", без зборот здружение, исто како и за другите подружници. Оваа година даден е и краток извод од биографијата на претседателот Ѓорѓе Ристиќ. Тој е: учител во пензија, стар е преку 70 години, бил член на првиот Народно-ослободителен одбор на град Скопје, со големо учество во обновата на земјата. Како член на Комисија на Министерството за просвета соработувал за изработка на Првиот Македонски буквар за основните Народни школи. Активно учествувал во борбата против неписменоста во Скопје каде му било доверено да формира седмодневни курсеви за раководители на Анафалбетски курсеви по фронтовско-синдикална линија и за народните власти. Како искусен и практичен педагог, предавал по сите предмети методика на курсевите на Учителската школа во Скопје, за спремање на учителски кадри. И најпосле доверено му е да организира пензионерско здружение на чие чело се наоѓа сите овие години. Ѓорѓе Ристиќ е одликуван со Орден на трудот III ред.

Оваа година пензионерите од Штип почнаа да ѕидаат своја зграда за Просветно-културен дом. Тие собраа парични прилози, а од народните власти добија бесплатно: плац и градежен материјал. Во тоа време во НР Сбија, врз основа на Одлука донесена од Републичкиот сојуз на здруженијата на пензионерите за реорганизација, односно за намалување на бројот на општинските здруженија некои помали здруженија мораа да се припојат кон некои поголеми.

На 13 септември 1960 година одржано е „Десетто редовно годишно собрание и прослава на дестгодишнината од основањето на Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија". По тој повод испратено е поздравно писмо до претседателот Тито, а тој срдечно им го честита јубилејот. Поднесен е реферат, годишен Извештај, финансов извештај и извештај од Надзорен одбор. Извршени се избори за претседател и повторно е избран Ѓорѓе Ристиќ. На ова Собрание донесена е одлука во сите подружници да се воведе еднообразна картотека со сите неопходни податоци за членувањето во ЗПНРМ и во Единствениот посмртен фонд, сметајќи од 1 јануари 1961 година. Картоните се отпечатени на трошок на ЗПНРМ. Картотеката е многу важен социјален документ од кој во секој момент може да се видат податоците за пензионерот. Одговорите треба да бидат точни, верни и читко пополнети, за тоа да се користи матичната книга и изјавите лично од пензионерот. Имињата и сродството на членовите се важни за правото на примање од посмртниот фонд, што важи и кога приматели на пензија се вдовицата или децата наследници. Членарината ќе се наплатува според скала. Оваа година, Петтиот Конгрес на ССРНЈ е одржан од 18-22 април, а Петтата Пленарна седница на Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија беше во јули месец. На 16 и 17 септември 1960 година одржан е Пленум на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија на кој присуствуваа по два претставника од сите републички здруженија. На Пленумот е „примен" новиот Статут на СЗПЈ. Донесен е заклучок да се започне со изградба на станови за пензионерите и планска изградба на посебни домови за стари и изнемоштени пензионери. На овој Пленум предложено е да се постави барање за измена на Одредбите за преведување на старите во нови пензии според нов Закон за пензиско осигурување, со цел да се намали разликата

во животниот стандард помеѓу порано пензионираните и новите пензионери како и разликата со просечната плата.

∞ ∞ ∞

Во текот на **1961** година, сеуште, тежишни се дискусиите за нов Закон за финансирање на социјалното осигурување и Закон за здравственото осигурување. Поздравена е идејата за воспоставувањето слободен избор на лекар и здравствена установа. Во првата половина на 1961 година одржани се годишни собранија на подружниците. Во документите на ЗПНРМ, веќе се сретнува и насловот „Здружение на пензионерите на општина Кисела Вода" во град Скопје. Републичкиот одбор на Здружението на пензионерите на НРМ го одржа својот Пленарен состанок на 11 јули 1961 година. На овој пленарен состанок, како на годишно собрание, основните точки на дневниот ред се стандардни, а има и неколку нови дополнителни точки. Поднесена е завршна сметка за 1960 година, усвоен е буџетот на ЗПНРМ за 1961 година, изнесен е извештај за состојбата во Единствениот посмртен фонд. Прифатен е Статутот на СЗПЈ во кој во чл. 15 е регулирано „републичко изборно собрание да се одржува секоја трета година." Пленумот го овласти секретаријатот на ЗПНРМ да изработи нови Правила кои ќе бидат во согласност со Статутот на СЗПЈ од 1960 година и да се сообрази организацијата на ЗПНРМ спрема одредбите од тој Статут. Претседателот на ЗПНРМ, Ѓорѓе Ристиќ, нагласува дека Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија не е организирано спонтано ни случајно. Тоа е израз на реална потреба. Почнувајќи со релативно малобројно членство, сега брои до 12.000 пензионери организирани во 32 подружници. Требаше да помине време да се дојде до сознанието дека Здружението треба да постои според принципот и организацијата на Југословенските синдикати и според правилата за работа на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија во духот на новото време и братството и единството.

Во **1962** година, Републичкиот одбор на ЗПНРМ (понатаму: РО) инсистира, членарината која се уплатува според одредена скала зависно од висината на пензијата, сега да се уплатува според наголемените пензии, а не според претходните износи. За годишните собранија на општинските здруженија, РО достави распоред на датумите за нивното одржување. Со развојот на Социјалистичка Југославија се развива и Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија, прилагодувајќи ја својата работа спрема приликите, со цел, да помогне во изградбата на социјализмот од една страна, а од друга страна да им помогне на пензионерите да ги остваруваат своите права и да го подобрат социјалниот статус. За една деценија постоење, Здружението постигна извесни добри резултати и натаму упорно цели за поарни успеси на тоа поле. Упатена е порака до подружниците дека треба многу поангажирано да се заземат за обезбедување културно-просветни домови (во тоа време планирани се и пионерски, младински, задружни домови и сл.). Треба да се бара помош и поддршка од општествено-политичките организации, од народната власт, од претпријатијата, како и пензионерите сами да се грижат за sидање домови, клубови и сл. Меѓу првите домови (-клубови) отворени се во Штип, Битола, Прилеп и Идадија во кои има дури и радио апарат и телевизор. По донесувањето на новиот Закон за организација и финансирање на социјалното осигурување и новиот Закон за здрваствено осигурување вршено е запознавање на членството со

новините и давана е помош за остварување на правата од овие закони. Апелирано е да се врши претплата, читање и испраќање дописи до весникот Пензионерски гласник.

На 20 јуни 1962 година одржан е Пленарен состанок на Републичкиот одбор на ЗПНРМ со претставници од општинските здруженија и со гости. Важно прашање на овој состанок (за кое е дискутирано и на ниво на Сојузниот одбор на СЗПЈ), е донесувањето нов пензиски систем. Дискутирано е за барањето, во Скопје да се изгради Дом, во кој пензионерите ќе можат да се сместуваат и да добиваат основни услуги за живеење и потребна нега. Предложено е влогот во Единствениот посмртен фонд да се зголеми од 40 на 60 динари, помошта што се добива да се зголеми од 10.000 на 15.000, а за брачниот другар на 7.500 динари. Квотата која се уплатува од собраната членарина во подружниците кон ЗПНРМ изнесува 20 отсто секој месец. Во октомври 1962 година најмногу состаноци во подружниците се посветени на дискусиите по објавувањето на Преднацртот на новиот Устав на СФРЈ и на СРМ. Секретаријатот на ЗПНРМ на седница одржана на 23.11.1962 година одлучи од буџетот да додели износ од 200.000 динари за настраданите во катастрофалната поплава во Скопје и Републиката, а во подружниците се собрани и доброволни прилози. Здружението брои преку 17.278 членови, организирани во 36 општински здруженија, а во Републиката сеуште има незачленети пензионери. Народната скупштина на 23 мај 1962 година го усвои Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување и Законот за здравственото осигурување. Со овие закони подигнато е нивото на социјалната сигурност на граѓаните. Постепено се проширува здравственото осигурување кон целото население, а инвалидското и пензиското осигурување се приближуваат до сите луѓе кои привредуваат независно од дејноста и сопственоста на работното место.

∞ ∞ ∞

Во СФРЈ, како облик на развој во сите пори на општеството, од 1952 година, воспоставено е самоуправувањето. Најпрво се унифицирани правата на работниците и службениците, проширено е осигурувањето кон нови категории на осигуреници и др. Организациската структура во ЗПНРМ е прилагодувана, па во одреден период постои работа во пленум, конференција, републички одбор, секретаријат, претседателство, извршен одбор и извршни одбори во здруженијата и подружниците. Зајакнувана е внатрешната контрола и помошта во работењето, зајакнувани се заедничките фондови и контролата на нивното работење. Пензионерите во рамките на комисиите за подготовка нови закони, упорно настојуваат да се подобри регулативата. Во годините 1962 и 1963 тие помагаат во Републичкиот орган за социјално осигурување како и во комуналните заводи во општините, во активностите за преведување на старите во нови пензии. Се поинтензивни се барањата до Сојузниот извршен одбор, за решавање на станбените прашања на пензионерите по примерот на работните организации и вработените. Во тоа време од вкупниот буџет за пензиите се издвојува сума во висина на 4 отсто, која се уплатува во Републичкиот фонд за станбена изградба. Пензионерите побараа тие средства да се издвојуваат на посебна сметка за станбена изградба која ќе биде во рамките на Републичкиот завод за социјално соигурување. Пензионерите и понатаму активно се вклучени во работата на општествено-политичките организации и органите на општественото управување

во: Социјалистичкиот сојуз на работниот народ, Сојузот на комунистите, Сојузот на борците од НОВ, Сојузот на резервните воени старешини, Црвениот крст, синдикалните одбори, Собранието на социјалното осигурување, комуналните заводи, Републичкиот совет, месните заедници, советите на потрошувачите, куќните совети и во општинските собранија. Тие активно се вклучени во јавните расправи за донесување нов Устав на СФРЈ во 1963 година.

По донесувањето на новиот Устав, на 7 јули **1963** година, во документите се појави ново именување на здружението, најпрво како „Здружение на пензионерите на Социјалистичка Република Македонија", а наскоро потоа, на Пленум се донесени новите Правила, според кои името е: „Сојуз на здружение на пензионерите и инвалиди на трудот на Социјалистичка Република Македонија – СЗПИТСРМ" (н.б. името се појавува и во друга варијанта). Годишното Собрание на Републичкиот одбор на СЗПИТСРМ, во 1963 година е одржано на 11 јули. Извештајот од ова Собрание е систематизиран по следните области: Работа на Републичкиот одбор; Организациона состојба; Правилата; Пензиите; Картотека; Општинските здруженија; Годишни собранија; Просветно-културна работа и домови. До крајот на 1963 година Здружението, односно Сојузот работи во тешки услови поради катастрофалниот земјотрес на 26.07.1963 година. Канцеларијата на Републичкиот одбор на Сојузот е сместена во зградата Работнички дом, на шести кат во соба бр. 185. Непосредно по скопската трагедија, пензионерите солидарно со целиот народ даваа голема материјална и друга помош за настраданите и за обновување на разрушениот град. Во однос на организациските задачи во здруженијата, после земјотресот регистрирани се одредни слабости: намалена е дисциплината, ослабната е работата, не се уплатува членарина и не се одржуваат состаноци, за што им се упатени критики. За одбележување е дека здруженијата на пензионерите од другите републики организирано собраа финансиска помош за настраданите во Скопскиот земјотрес.

Во текот на **1964** година донесен е Правилник за финансиското работење на СЗПИТСРМ. Појаснувани се состојбите, барањата, потребите и новините во пензискиот систем. Дискусиите се насочени кон заложбите за воспоставување сосема нов пензиски систем.

Во **1965** година разгледуван е, дискутиран и појаснуван новиот Основен закон за пензиско осигурување, донесен во декември 1964 година. Генерално, според Републичкиот одбор и здруженијата, пензионерите се задоволни, затоа што е во согласност со сегашниот развој и можностите на државата. Во него се содржани новини за валоризација, за усогласување, за покачувања, за бенефициран стаж и др. На свеченоста по повод Петнаестгодишнината, претседателот на Републичкиот одбор говори за развојот, достигнувањата, успесите и проблемите на пензионерската организација. Анализирано е прашањето како да се зајакнат помалубројните здруженија кои имаат егзистенцијални тешкотии, не успеваат добро да се организираат и како и тие да остварат позабележителни активности. Првите препораки се, врз основа на иницијативност и социјалистичка свест, самите да направат анализи и да предложат припојување кон некое поброј но, добро организирано здружение, меѓутоа тоа не доведе до никаков резултат. Во тоа време настанати се промени во територијалната организација на Републиката, со измени во комуналниот систем, па наместо 61 општина, од 01.02.1965 година има 32 општини, во кои, технички,

се најдоа и по неколку општински здруженија на пензионерите. Тогаш, преземен е поконкретен чекор за развој и зајакнување, така што е донесена одлука да се укинат слабите, односно нивно спојување со подобрите здруженија. Од оваа година, започнаа многу значајни примери: претпијатијата на своите годишнини, на свечени собири, на пензионираните од тие претпријатија, да им доделуваат благодарници, финансиски и материјални подароци за придонесот додека работеле. На 11 септември 1965 година свечено е отворен културен дом на ЗП Идадија, на ул. Партизанска бр. 5, како замена за домот на ул. Орце Николов бр. 24 Скопје, кој беше срушен во скопскиот земјотрес. По повод роденденот на претседателот на СФРЈ, Тито, делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите и инвалидите на трудот на СФРЈ, на 14 мај имаа прием во неговиот кабинет.

Слика 2. Од приемот кај Јосип Броз Тито на 14 мај 1965 година

ДЕЛЕГАТИ Савеза удружења пензионера и инвалида рада СФР Југославије на свечаном рођенданском пријему код Председника Републике друга Тита на дан 14. маја 1965. године

С лева на десно седе другови: Ристић Ђорђе председник Републичког одбора удружења из Скопља, Богосављевић Младен председник Савеза удружења СФРЈ, председник Републике Јосип Броз Тито, Радовић Јоксим председник Републичког одбора удружења из Титограда.

Стоје другови: Ковач Албин председник Републичког одбора удружења из Љубљане, Кнежевић Младен председник Републичког одбора удружења из Загреба и потпредседник Савеза удружења СФРЈ, Протић Богољуб секретар Савеза удружења СФРЈ и Сладић Рамиз председник Републичког одбора удружења из Сарајева.

Во текот на **1966** година активностите во Сојузот и здруженијата се насочени во повеќе области. Тие се совпаднаа со големите настани во општествено-политичкото опкружување во земјата кога успешно се спроведуваат реформи во сите области. Во својата работа, Сојузот, особено се зазеде за усогласување на активностите на најширок план. Се констатира дека во Републиката има и одредени значајни фактори (организации и институции на власта) со несоодветен однос кон Сојузот и тоа ја кочи неговата работа. Во исто

време има внатрешни проблеми, првенствено од кадровски карактер и од лошата материјална состојба на Сојузот и здруженијата. Сепак со примена на принципот на самоуправување, членството станува се поактивно, а особено по изборот на новиот Републички одбор, кога се извршени и значајни промени во организациската структура. Претседателството (во функција на извршен одбор) на Републичкиот одбор во текот на 1966 година одржа 12 редовни седници на кои се разгледувани повеќе значајни прашања, како што се: за пензиското и инвалидското осигурување, за територијалноста на организацијата, за предизборните активности во ССРНСРМ, за формирање комисија за давање правна помош и формирање правно советувалиште, за збогатување на културно-просветната дејност и за фондовите за станбена изградба. Донесена е Програма за работа на РО и Деловник на Комисијата за давање правна помош, донесени се предлози за употребата на средствата од Фондот за помош при користењето одмор и рекреација, за испраќање на бањско-климатско лекување и за доделувана финансиска помош на здруженијата. Воведено е редовно консултирање со општинските здруженија. На изборите во општинските здруженија, во раководствата, вклучени се поактивни пензионери и инвалиди на трудот. Републичката заедница за социјално осигурување донесе Одлука: средствата за станбена изградба да се издвојуваат во посебен фонд за кредити за изградба и адаптација домови и станови за пензионерите и инвалидите во сопственост на здруженијата. Се настојува да се реши прашањето за надоместок на повластената карта за превоз „К-15", па така, почнувајќи од 01.01.1966 година наместо бенефицираната карта на пензионерите, здруженијата добиваат 1,5 отсто од буџетот за пензии. Претседателството на РО СЗПИТСРМ побара да не се дистрибуира целата сума во здруженијата, туку дел од оваа сума да се задржува. Така се собраа финансиски средства пренаменети за изградба на Дом за лекување и рекреација во Катлановска Бања. Многу голем труд е вложен за проширување на мрежата на Сојузот, преку формирање нови здруженија на сите пензионери и инвалиди на трудот. СЗПИТСРМ побара од Уставниот суд автентично толкување на законските прописи во врска со усогласувањето на пензиите поради забележаните отстапувања. Во Републиката донесен е нов Закон за додаток на деца кој е во сила од 01.01.1967 година (има пензионери кои го остваруваат тоа право), како и Закон за изменување и дополнување на Основниот закон за пензиското осигурување. Внимателно е анализирана организацијата на здравствената заштита и заклучено е дека таа сеуште не е соодветна на потребите и можностите. Правото на слободен избор на лекар е добро решение, меѓутоа има уште многу административни потешкотии при реализирањето на лекувањето на повисоко ниво. На 22 јануари одржана е редовна изборна републичка Конференција на Сојузот на пензионерите и инвалидите на трудот на СР Македонија, со делегати од сите здруженија, како и со присутни гости, помеѓу кои и секретарот на СЗПИТ на СР Србија, Вуковиќ Марко. Поднесени се редовните годишни извештаи: за работата на Републичката конференција, Финансиски извештај, Извештај на Надзорниот одбор, Извештај за Единствениот посмртен фонд, донесена е Програма за работа и Буџет за 1966 година. На оваа седница развиена е бурна дискусија, што ретко се случувало порано. На крајот направени се редовните избори на кои се избрани членови на Републичкиот и Надзорниот одбор. Нов претседател на СЗПИТСРМ е Перо Стојановски, потпретседател е Александар Петровски, секретар е Ѓоре Видевски, а претседател

на Надзорниот одбор е Славе Петровски. Донесена е нова скала за висината на членарината. На 01.03.1966 година Републичкиот одбор формираше Комисија за давање правна помош при Претседателството на РО. Комисијата на првата седница усвои Деловник за работа, формира правно советувалиште и го назначи за прв правен советник Крсте Крстевски, поранешен заменик на директорот на Републичкиот завод за социјално осигурување на СРМ кој е пензиониран во 1965 година. Донесено е решение редовните годишни собранија во здруженијата да се одржат во периодот од 25 април до 31 мај. Појаснета е причината поради која се отстапува од практиката на другите општествено-политички организации (здруженијата од други области) своите годишни собранија да ги одржуваат во декември или во јануари. Препорачано е во раководните органи да се изврши ротација и избор на помлади и поактивни кадри и да се донесат подобри планови за активности. Предложени се спојувања на здруженијата: с. Брезово да се припои кон Демир Хисар, Демир Капија кон Неготино, Ѓорче Петров кон Идадија-Скопје, Лазарополе кон Гостивар, Пехчево кон Берово, Ростуша кон Гостивар. Наместо укинатите здруженија во тие места ќе функционираат „поверенства" кои ќе бидат претставени со делегати во здружението кон кое се припојуваат. Ќе се формира и општинско здружение во Виница. Донесена е Програма за работата на Комисијата за културно-просветна работа. По укинувањето на повластите за возење при користењето годишен одмор, ткн. К-15 (Закон за престанок на важењето на Одлуката за лицата што имаат право на повластици во возењето при користењето годишен одмор, и на Одлуката за определување повластици во патничкиот сообраќај) ќе се издвојува 1,5 отсто од бруто пензискиот фонд во посебен фонд при Заедницата за социјално осигурување на Македонија, за пензионерите. На седница на Претседателството на РО одржана на 23.04.1966 година предложено е, ова прашање да се регулира на следниот начин: -на секој пензионер да му се исплати надомест за годишен одмор во износ од 4.500 динари, а вишокот кој ќе остане од предвидената сума во буџетот на ЗСО, за одмор на пензионерите, да се пренамени за одморалишта на пензионерите. Републичката заедница за социјално осигурвање го прифати предлогот, а на пензионерите им исплати по 3.000 динари регрес за одмор. Решено е и пензиите во 1966 година да се зголемат за 10 отсто, а додатокот за помош и нега да се зголеми за 35 отсто. Републичкиот одбор на СЗПИТСРМ согледувајќи ја итната потреба во духот на солидарноста и хуманите цели испрати распис до здруженијата да се вклучат во акцијата за прибирање доброволна помош за тешката економска ситуација во Индија. Во повеќе општински здруженија се собраа значителни финансиски средства. Пензионерите исто така се придружија кон јубилејната прослава која се организира по повод 25 годишнината на Народно-ослободителната борба. Во врска со користењето на средствата од Фондот за станбена изградба на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ, дадена е информација, дека, на сите пензионери во СФРЈ од бруто пензијата им се задржува 4 отсто во Фонд за станбена изградба (објавен пропис во „Сл. лист на СФРЈ" бр. 35/65, 56/65 и 55/66) и точно е наброена нивната намена. Одржани се и проширени состаноци за распределување на овие средства во рамикте на СЗПИТСРМ. Собранијата на здруженијата Идадија, Кале, и Кисела Вода одлучија од тие средства да се изгради дом за самци. На 26 декември 1966 година Собранието на Републичката заедница за социјално осигурување на работниците – Скопје донесе Одлука за користење на средствата од Фондот за станбени потреби на пензионерите и инвалидите на трудот. Општинските

здруженија со свои одлуки ќе решат како ќе ги употребат доделените средства. Во трите скопски здруженија на пензионнери акумулирани се вкупно 151.055.000 динари во тој период.

На 19 и 20 февруари **1967** година одржано е Вонредно собрание на Републичкиот одбор на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ, на кој, заедно со претставниците од здруженијата присуствуваа и гости и тоа: Стево Сердар, претседател и Никола Мировиќ, секретар на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија. На ова вонредно собрание усвоен е нов Статут на СЗПИТСРМ со што престанува важноста на Статутот донесен на 22.01.1966 година. Донесен е Правилник на Единствениот фонд за взаемна помош и Правилник за финансиско-материјалното работење. Во февруари 1967 година претседателот на Сојузот упати писмо до редакцијата на весникот „Пензионерски гласник" во кое пишува како и зошто настанала соработката и објавувањето на сите информации за македонските пензионери преку тој весник. Од причини, што веќе се надминати почетните потешкотии во работата, со членство од околку 40.000 пензионери, на барање на 32 општински здруженија, на Вонредно собрание, донесена е Одлука за издавање посебен лист како орган на Републичкиот одбор на СЗПИТСРМ. Од тие причини испратено е писмо со братска благодарност за досегашната поддршка и помош до СПСР Србија и редакцијата на весникот, а во иднина ќе се издава сопствен весник. На ова писмо добиен е соодветен одговор со желби за успешен почеток и плодна работа за информирање на пензионерите. Во 1967 година донесен е Правилник за станбена изградба за пензионерите. Со Закон за измени и дополнување на Основниот закон за здравствено осигурување се предвиде, осигурените лица да учествуваат со партиципација во трошоците за здравствените услуги. Поведени се и дискусии за ослободување од партиципација за услугите во здравствените установи на пензионерите кои боледуваат од болести наброени во листа за ослободување, како и за целосно ослободување од секоја партиципација на пензионери кои имаат пензии помали од 400 нови динари. Бројот на пензионери и инвалиди на трудот со состојба на 01.10.1967 година во СРМ е: 41.581 пензионери, од кои во Сојузот се **зачленети 35.196** што значи дека преку 6.300 не се членови на организацијата. Од сите 32 здруженија само во Струмица и во Идадија-Скопје, претседател на здружението е жена. Во средината на 1967 година сите здруженија собраа и доделија финансиска помош наменета за братските арапски земји погодени од израелската агресија, како братска солидарност со праведната борба на арапските народи. Во 1967 година Собранието на Републичката заедница за социјално осигурување донесе Одлука за користење на средствата за закрепнување на инвалидите и пензионерите во фиксен износ како надомест за закрепнување.

Со заложба на Републичкиот одбор на СЗПИТСРМ успеано е да се направи зголемување на пензиите на илинденците. Зголемувањето треба да се исплати со јануарската пензија во 1968 година и да изнесува од 30 – 60 отсто во зависност од висината на пензијата. На 27.12.1967 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Основниот закон за пензиско осигурување (н.б. „Сл. л. СФРЈ" бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67 и 56/67), и Закон за изменување и дополнување на Основниот закон за инвалидско осигурување (н.б. „Сл. л. СФРЈ" бр. 10/65, 14/66, 1/67, 23/67). Републичката заедница на социјалното осигурување

на СРМ донесе Одлука за првично усогласување на пензиите за 6,6 отсто што се применува од 01.01.1968, а потоа ќе следува и конечно усогласување.

Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионери и инвалиди на трудот на Југославија одржа седница на 13 ноември 1967 година во Белград. Тука даваме цитат од заклучокот: „Според Уставот на СФРЈ единствено трудот и резултатите од работата ја одредуваат материјалната и социјалната положба на луѓето во СФРЈ. Бидејќи во спроведувањето на ова начело преку законите и во праксата има отстапувања, се поставува барање во самоуправните органи во Заедницата за социјално осигурување и Фондот на инвалидско-пензиското осигурување да има претставници на осигурениците кои ќе имаат право да влијаат врз содржината и донесувањето на одлуките. Пензионерите изразија подготвеност да се откажат од усогласувањето на пензиите за 1968 година, доколку со тоа значително се подобри ликвидноста на Фондот за пензии. На седницата разгледани се и многу прашања поврзани со пензиско-инвалидското осигурување и побарани се подобри законски решенија за пензионерите и инвалидите".

Слика 3. Раководството на СЗПИТСРМ со гостите од Сојузот на пензионерите на СР Србија, во 1967 година

∞ ∞ ∞

Во февруари **1968** година одржана е Пленарна седница на РО СЗПИТСРМ со претставници од сите здруженија и со гости. На оваа седница пензионерите од општина Идадија-Скопје дадоа иницијатива да се формира Градско здружение на пензионерите во Скопје. Оваа иницијатива е поздравена и направени се многу анализи, од кои е заклучено дека, сепак, предлогот е многу рано даден и нема веднаш да се спроведе. Од таа седница, посочени се обврски кон здруженијата за посодржајно работење. Посебно е нагласена обврската за ангажирано соработување со сите општествено-политички организации и со органите на локалната власт. Републичкиот синдикален совет испрати писмо до сите општински синдикални совети, во своите раководства да кооптираат претставници од пензионерите. Од Уставниот суд добиен е одговор дека барањето за автентично толкување на начинот на пресметувањето на усогласувањето на пензиите во висина на годишното зголемување на животните трошоци не е актуелно, затоа што власта во меѓувреме го укина тој начин. Комисијата за правна помош преку советувалиштето даваше правна помош како на поединци

пензионери, така и на раководствата на пензионерските организации. На овој начин таа даде голем придонес и им заштеди финансиски трошоци. Советувалиштето за укажување на правна помош при РО работеше континуирано и примаше странки два дена во неделата (во пазарните денови вторник и петок). Комисијата во својата работа едновремено ги следеше и законските и подзаконските прописи од пензионерската област, кои впрочем и често се менуваа, притоа преземаше активности и сугерираше до властите, да се донесуваат поповолни решенија.

Како што веќе кажавме, по укинувањето на повластените карти „К-15" во јавниот превоз, обезбедувањето средства за закрепнување на сите пензионери и инвалиди на трудот, пренесено е, како обврска на Републичката заедница за социјално осигурување на СРМ. Годишната сума на оваа намена е во висина од 1,5 отсто од буџетот на ФПИОМ. Донесена е Одлука со пензијата за месец мај 1968 година на секој пензионер во Република Македонија да му се исплати сума од 8.000 динари за закрепнување. Со друга Одлука, средствата наменети за изградба, кои се одвојуваа од буџетот за пензиите во 1966 и 1967 година, се пренесени на сметката на СЗПИТСРМ, како неповратни средства, со точна намена, за изградба на објект за одмор и **лечење** на пензионерите во месноста Катлановска Бања. Претседателството на РО СЗПИТСРМ во средината на 1968 година систематски го разгледа прашањето дали и понатаму да се вршат измени и дополни на постојните закони и зазема став, да инсистира и да бара да се создаде нов систем за пензиско и инвалидско осигурување, затоа што е согледано дека постојниот има многу слабости и недореченості. Пензионерите инсистираат за нивно многу поголемо вклучување во самоуправните органи како засегнати осигуреници. Вештачки се создадени големи разлики во висината на пензиите само поради околностите кои важеле во моментот на донесувањето на решението за пензионирање за работници кои имаат еднаква должина на стажот, исто образование и се на иста возраст. Разгледувано е прашањето за должината на пензискиот стаж, за усогласувањето на пензиите, за заштитниот додаток и финансирањето на пензиското осигурување и за прашањето за вработените пензионери. Даден е предлог, да се укине заштитниот додаток на најниските пензии, а да се воведе право на минимална пензија и предлог и инсистирање да се намали должината на пензискиот стаж за полна лична пензија од 40 на 35 години за мажи, и од 35 на 30 години за жени. По повод 65 години од Илинденската епопеја објавена е честитка до македонскиот народ, а во пензионерскиот весник објавени се имињата и местото на живеење на сите живи илинденци, членови на Сојузот. Претседателтвото на СЗПИТСРМ и здруженијата на пензионерите остро ја осудија агресијата од страна на СССР врз Чехословачка, во август 1968 година.

Неколку здруженија на пензионери презедоа сериозни чекори и ќе отпочнат со градба на домови за живеење на пензионери самци. Од Републичката заедница за социјално осигурување на СРМ, првото одобрување на финансиски средства за таа намена го доби ЗП Неготино, а второто ЗП Битола, и потоа ЗП Гостивар, ЗП Кавадарци, ЗП Кичево и Скопје (Кисела Вода, Кале и Идадија). Во овој период сите здруженија на пензионери одржаа годишни собранија.

За подобрување на материјалната положба на Илинденците, РО СЗПИТСРМ континуирано интервенираше со дописи до надлежната власт. Согледани се законските решенија кои се препрека за подобро решавање на

нивниот статус и за зголемување на пензиите и побарана е измена на прописите. Правната служба сè подобро работи и многу им помага на пензионерите во остварувањето на нивните права од областа на пензиите.

На 31 декември 1968 година пензионерската организација има 32 општински здруженија и 5 поверенства со **27.995** членови од вкупно **44.248** пензионери колку што има во СРМ.

На Шестиот Конгрес на Сојузот на синдикатите на Југославија посветено е значајно место на прашањата од областа на пензиското осигурување. За нивно подобро решавање поставени се барања за подобрување на сите прописи кои се однесуваат на парични примања за пензионерите (усогласување на старите и новите пензии, заштитен додаток, гарантирана минимална пензија, усогласување на пензиите со личниот доход и зголемување на надоместокот за рекреација и годишен одмор).

∞ ∞ ∞

Во **1969** година закажани се избори на највисоките органи во државата. На 19.02.1969 година донесен е нов Статут на „Сојуз на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на Социјалистичка Република Македонија", чиј претседател е Перо Стојановски, и престана важноста на Правилата, донесени на 22.01.1966 година. Тогаш е усвоен и Правилник за материјално и финансиско работење, како и Правилник на Единствениот фонд за взаемна помош при Републичкиот одбор на СЗПИТСРМ, после кој престанува важноста на „Правилникот за Единствениот посмертен фонд при Републичкиот одбор на Здружението на пензионери и инвалиди на трудот на СРМ" од 22.01.1966 година. Претседателството на РО одржа седум редовни и една проширена седница со претседателите на општинските здруженија. РО соработува со: Сојузот на синдикатите, Сојузот на боречките организации, Републичката заедница за социјално осигурување, Собранието на СРМ, Републичкиот одбор на инвалидите на трудот и др. На седниците разгледани се прашањата за валоризацијата, заштитниот додаток, усогласувањето на пензиите и акумулираните средства во Фондот за станбена изградба. Побарано е да се зголеми стапката на средствата за исплата на помош за одмор и закрепнување како замена на бесплатната карта „К-15", а за да се подобрат односите во системот на осигурувањето побарано е да зајакнат самоуправните односи. Во административното работење забележано е дека во деловодникот оваа година заведени се вкупно **1.236 акти**.

На 26 мај 1969 година одржана е седница на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите и инвалидите на трудот на Југославија, на која се истакнати сите прашања кои треба да се решат за да се унапреди состојбата и животот на пензионерите. Одлучните залагања и постигнатите резултати за добивање на самоуправните права, придонесоа пензионерските организации во тој период да достигнат општествен статус на значајна општествено-хуманитарна организација со големо влијание во борбата за социјалната и материјалната положба на пензионерите. Нивните претставници настапуваа со цврсти аргументи, на разни општествени форуми, при донесување одлуки и закони, и со статистички анализи и непобитни факти. Зачестени се контактите со органите на власта на сите нивоа. Републичката конференција на ССРН ги поддржа акциите за решавање на животните прашања на пензионерите, посебно со „Предлог за нов систем за пензиско и инвалидско осигурување", за нов закон за здравствено

осигурување и др. Пензионерите присуствуваа и на седниците на Републичката заедница за пензиско и инвалидско осигурување и даваа придонес во работата. Тие имаат претставници во Одборот на Сојузот на синдикатите на Југославија и Одборот на ССМ. Две делегации од РО СЗПИТСРМ остварија посети и разговори за пензионерските прашања со: секретарот на Секретаријатот на ЦК СКМ, д-р Славко Милосавлевски и со претседателот на Извршниот совет на СРМ, д-р Ксенте Богоев. Направени се големи залагања за доградба на системот на пензиското и инвалидското осигурување. Во овој период воспоставени се и поцврсти врски и соработка помеѓу пензионерскиот сојуз на Македонија со пензионерските сојузи во Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

На 13 јануари **1970** година свечено е отворен Домот за лекување и рекреација на пензионерите и инвалидите на трудот во Катлановска Бања. По повод јубилејот „20 години од формирањето на ЗПНРМ" одржана е свечена седница на 30 јуни 1970 година, на која се доделени признанија „СПОМЕНИЦА" на пензионери кои учествувале во формирањето на Републичкото или на општинските здруженија. На 1 јули 1970 година донесени се измени и дополни на Статутот на Сојузот на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ, како и пречистен текст на Правилникот на Единствениот фонд за взаемна помош. Со цел да се обезбедат финансиски средства кои ќе се инвестираат за отворање нови работни места во Републиката, распишано е доброволно запишување заем, на кој зедоа учество и пензионерите со повисоки пензии. Тие совесно пристапија кон оваа акција и 8.547 пензионери дадоа заем во вкупен износ од 4.397.892 динари. Заводот за социјално осигурување оваа година донесе Одлука за ослободување на одредени категории пензионери од трошоците (задолжителното учество) во лекувањето. Побарано е ослободување и за другите пензионери. Околу 3.000 пензионери со ниски пензии добиваат детски додаток за своите деца. Во 1970 година формирано е Здружението на пензионерите од ОВР со седиште во Скопје, а во другите градови тие членуваат во секции во рамките на општинските здруженија на пензионерите. Тогаш е формиран и „Градски одбор на пензионерите од Скопје" како координативно тело.

∞ ∞ ∞

Во **1971** година триесет и тројца функционери од пензионерските здруженија од Србија и Војводина и од Сојузниот одбор, престојуваа во Македонија и притоа имаа интензивни средби, разговори и размена на искуства со македонските пензионери. Возвратна посета во Белград и Нови Сад, од 35 македонски пензионери на чело со раководството на Републичкиот одбор, уследи во месец октомври 1971 година. Општинското здружение „Кале" и Здружението на пензионерите Ниш се збратимија. Во декември оваа година пензиите се зголемени за 10,5 отсто и со уште по 400 динари.

Со промените во **1972** година воспоставен е нов пензиско-инвалидски систем кој ја подобри положбата на пензионерите. Вршени се почести и поголеми усогласувања на пензиите, обезбедени се нови права во врска со додатокот за помош и нега, признаени се поповолни услови за бенефициран стаж, донесен е нов закон за здравствено осигурување и задолжителни видови на здравствена заштита. Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот на СРМ одржа Пленарна седница на 16 март 1972 година, на кој поднесени се редовните извештаи и Извештај за работата на домот во

Катлановска Бања, со кој стопанисува Сојузот, донесена е Одлука за збратимување со Сојузот на пензионерите на СР Србија, Одлука за зголемување на членарината за Единствениот фонд за заемна помош и за одржување на изборните конференции на општинските здруженија. Претседателството на Републичкиот одбор во извештајниот период имаше мошне интензивна и плодоносна работа. Редовни седници одржуваше и секретаријатот на Републичкиот одбор. Податоци за организациската поставеност на пензионерите: во СРМ има 54.018 пензионери, од кои **членови** на Сојузот се 31.895. Суштествуваат и дејствуваат: Републички одбор на СЗПИТСРМ, Градски одбор на здруженијата во Скопје (како координативно тело за здруженијата „Идадија", „Кале", „Кисела Вода" и Здружението на пензионираните работници од органите на СВР), други 29 општински и 3 самостојни здруженија. По двегодишно успешно работење, Градскиот сојуз на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот од подрачјето на град Скопје, под раководство на претседателката Трајанка Колева на 10 мај 1972 година ја одржа својата прва изборна конференција. Во Единствениот фонд за заемна помош зачленети се 28.585 пензионери. Основањето на фондовите за станбена изградба за пензионерите (почнувајќи од 1966 година) и давањето кредити за станбена изградба помогнаа да се решава горливото станбено прашање. На Сојузот на пензионерите на Македонија и на Сојузот на трудовите инвалиди, отстапени им се средства од Републичкиот фонд за одмор и опоравок, тие самите да создаваат услови за нивно користење. Амандманските промени во органите на власта се применети и во пензионерската организација како и во Републичката заедница за пензиско и инвалидско осигурување, кајшто се зголемени правата и учеството на пензионерите во Собранието и Извршниот одбор и во комисиите. За усогласување со Уставот на СФРЈ и делегатскиот изборен принцип, во 1974 година донесен е и нов Статут на „Сојуз на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на Социјалистичка Република Македонија" како трети измени и дополна на Статутот од 19.02.1967 година. Во декември е одржан VIII Конгрес на Сојузот на синдикатите на Македонја на кој, како делегат, за пензионерските прашања дискутираше Перо Стојановски, претседател на СЗПИТСРМ. Оваа година пензионерите од сите здруженија организираа екскурзии и излети во земјата и странство.

Немањето доволен број дисперзирани друштвени и работни простории за здруженијата на пензионерите е значаен проблем во реализацијата на планираните активности на сите нивоа на пензионерските организации. Сепак нивните одбори успеваат да се состануваат, некогаш и во приватни домови, да организираат бесплатна правна помош, организирана набавка на огревно дрво и зимница, користење климатски и бањски лекувалишта, за годишните одмори, за организиран културно-забавен живот и др. Пензионерите се ангажираат во работата на општествено-политичките и хуманитарните организации, во доброволни акции и работа и сл. Организациски веќе се зајакнати сите здруженија и Сојузот како значајна општествена сила. Донесени се измени на главните прописи за работа. Кон државните органи и институции директно или преку ССРНМ и ССМ, се поставуваат се повеќе барања за усогласување на пензиите, за учество во интересните заедници за станување, подобра организација на одморот и рекреацијата и сл. Во **1974** година организирана е Недела за солидарност со старите лица, која потоа, се спроведува континуирано, секоја година во Црвениот крст како програмска активност.

Секција на пензионираните работници од ОВР е формирана при Републичкиот одбор на СПМ. Формирана е и Секција на пензионираните воени старешини, која во своите активности поставува барања кон Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници.

Според Законот за здруженијата на граѓаните од **1975** година, Сојузот го задржа истиот статус во рамките на ССМ и ССРНМ. На 29.05.1975 година усвоен е нов Статут и ново име „Сојуз на пензионерите на Македонија" –СПМ кој и понатаму дејствува како општествено-хуманитарна организација со 36 здружени организации кои ги застапуваат интересите на 65.000 членови, и продолжува да биде во составот на Сојузот на Синдикатите на Македонија како колективен член. СПМ го претставува Републички одбор, а претседател е Крсте Крстевски. Општинските здруженија одвојуваат квота во висина од 15 отсто од своите приходи за трошоците на СПМ, што годишно вкупно изнесува околу 160.000 динари. Од ССРНМ во 1975 година СПМ доби 25.000 динари, а од Заедницата за ПИО 50.000 динари. СПМ партиципира со 8.000 динари во трошоците на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија. СПМ учествува и во трошоците за активностите на неколку основни организации и дава и социјална помош на членови со тешка материјална состојба. Направено е организациско јакнење и преструктуирање според делегатскиот принцип. Престанато е издавањето на гласникот „Пензионер" односно „Билтен" со цел да се намалат финансиските издатоци. Во СПМ постојат два фонда: Фонд за одмор, рекреација и лекување на пензионерите и Единствен Фонд за заемна помош (посмртен фонд). Фондот за одмор и рекреација добива средства од Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, а СПМ строго наменски ги троши за плаќање на сметките за одмор и лекување на пензионерите со ниски примања. Единствен Фонд за заемна помош (посмртен фонд) формиран е од средствата кои се посебна давачка на пензионерите членови, кои доброволно пристапуваат во тој Фонд. Од него се исплатува посмртнина за починат пензионер или негов брачен другар. Станбеното прашање е стална грижа на СПМ. Констатирано е дека многу работници го имаат решено станбеното прашање во текот на работниот век. Исто така и голем број заминаа во пензија без решено станбено прашање. На иницијатива и со инсистирање на пензионерската организација донесен е Закон за обезбедување средства за станбена изградба, кој стапи на сила уште во 1966 година. Заводите за социјално осигурување врз основа на овој Закон издвојуваа по 4 отсто од бруто износот за пензии (за толку ги намалуваа пензиите) и тој износ месечно го уплатуваа во посебен Станбен фонд на Републичката заедница за социјално осигурување. Од овие нивни средства се решаваа станбените прашања на пензионерите и инвалидиските пензионери. За трошењето на овие средства имаше посебни правилници. Широката примена на Законот за здружениот труд во осумдесеттите години од дваесеттиот век направија работните организации многу да соработуваат и да им помагаат на пензионерите кои од таму се пензионирале. Овозможено е користење на работничките и синдикалните одморалишта и клубови. Домот за пензионери за одмор и рекреација „Перо Стојановски" Катлановска Бања е изграден со средства кои биле акумулирани во Заедницата за ПИОМ од пренаменетите средства за одмор на пензионерите. Така се изградени и одморалиштата во Претор и во Струга.

Белешка: До 1990 година во Македонија изградени се станови, друштвени простории и клубови за пензионерите во многу градови. За пензионерите во

Македонија изградени се и 4 одморалишта. Во 2016 година некои пензионерски домови се во државна сопственост, други се во сопственост на здруженијата, а за некои се водат спорови за титуларот на сопственоста. Сопствени одморалишта на пензионерите не постојат, само остана домот за рекреација кај Катлановска Бања. За него се води постапка за добивање сопственост.

Слика 4: Дом на пензионерите, за лекување, Катлановска Бања.

Слика 5: Дом за рекреација кај Катлановска Бања.

На 9 и 10 јануари 1976 година во Сараево одржана е седница на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија со присуство на претставници од сите републички сојузи. На оваа седница повторно се истакнати барањата за подобрување на социјалниот статус на пензионерите на прво место со редовно усогласување на пензиите.

Во **1978** година во СФРЈ и во СРМ има големи политички и општествени активности, во кои многу активно учество зема и Сојузот на пензионерите на Македонија. Одржани се општите делегатски избори, 11. Конгрес на СКЈ, 8. Конгрес на ССЈ, а пензионерите учествуваат, по лична определба, во многу други, разни активности на сите нивоа (локално, републичко и сојузно).

Во март **1979** година донесен е нов Статут на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија. Во април 1979 година конституирана е делегатска Конференција на СПЈ која избра Претседателство од девет делегати со претседател кој има едногодишен мандат. На сите нивоа зајакната е колективната работа и раководењето, исто така и одговорноста, унапредена е работата на делегациите и делегатите и друго.

Во натамошниот развој на работничкото законодавство вградувани се норми кои влијаат и врз пензиските права. Така регулирано е одењето во пензија да биде со 35 години работен стаж, а направено е и масовно административно (предвремено) пензионирање. Ова го зголеми потребниот вкупен износ за исплатување на пензиите секој месец, а од друга страна овозможи во СПМ да има прилив на нови кадри, со помлади, пообразовани и поактивни луѓе.

Републичката конференција на СПМ на седница на 19 февруари 1982 година, донесе Статут на СПМ. Ова тело со одобрување ја прифати Одлуката на Собранието на СИЗ на ПИОМ: „Одлука за конечно усогласување на пензиите и паричните надомести со движењето на номиналните лични доходи во 1982 година, во вкупен однос од 26,8 одсто и 300 динари фиксен износ, со важност од 01.01.1983 година." Исто така донесена е и Одлука за висината на минималните

пензии во 1983 година. За одмор, закрепнување и рекреација на корисниците на пензија и на определени права од инвалидското осигурување за 1983 година, обезбедени се средства по стапка од 2 отсто. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија определи ден за свечено пензионерско одбележување. Првото свечено одбележување е направено на 23 јули 1983 година во Трбовље, Словенија, а второто во 1984 година. Третата свечена средба за одбележување „Ден на пензионерите на Југославија" се одржа на 22 јуни 1985 година во Нови Сад. Таму, на приредбата прв настапи мешовитиот хор со оркестар и пејачка група од Македонија.

∞ ∞ ∞

На редовната годишна седница на Републичката конференција на СПМ на 18.10.1984 година, заедно со делегатите од општинските сојузи имаше и гости од СЗПЈ и други институции. Поднесени се стандардните извештаи и донесени се нови документи. Во новите точки донесена е Одлука за здружување во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија и за формирање три нови секции и тоа: Секција на пензионираните работници од органите за внатрешни работи, Секција на пензионираните воени старешини и Секција на пензионираните инвалиди. Усвоени се измени на Статутот кој е презаверен во ГСВР Скопје на 23.01.1985 година, по добиеното позитивно мислење од Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија – Координациониот одбор за развој на општествените организации и здруженија на граѓани. Со Одлука на Републичката конференција на СПМ од 13.11.1986 година, утврдени се: висината на членарината, квотата од членарината за СПМ, висината на членарината за Единствениот фонд за взаемна помош и износот на помошта од фондот.

Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија на 6 јануари 1987 година одржан е состанок на Претседателството на СЗПЈ. Изнесени се неколку негативни тенденции и потешкотии во работата. На 13 октомври 1987 година одржана е седница на Сојузната конференција на СЗПЈ во Белград. Поради актуелната ситуација со промените во регулативата за пензиско-инвалидското осигурување изнесени се сите забелешки и барања за отстранување на полошите решенија. Донесувањето Закон, со кој отпочна исплата на пензиите наназад, а особено употребениот начин „по итна постапка и без расправа" е окарактеризирано како многу штетно за пензионерите.

Во Скопје, на 26 мај 1987 година, одржан е состанок со претседателите на општинските конференции од **општинските сојузи** и Градскиот сојуз Скопје, на кој е водена дискусија за најавените рестриктивни законски одредби во социјалното осигурување кои ги зафаќаат пензиите. Републичката конференција на СПМ на седница на 3 јули 1987 година донесе Одлука за измени и дополнувања на Статутот на СПМ со кои се направени усогласувања со Законот за општествените организации и здруженија на граѓаните („Сл. весник" на СРМ 32/83). Во декември 1987 година одржана е седница со претседателите на општинските сојузи и Градскиот сојуз на која е донесена Нацрт-Спогодба за начинот, условите и постапката за издвојување, распоредување и користење на средства за помагање на одморот, закрепнувањето и рекреацијата на корисниците на пензија. На 3 декември таа година одржана е седница на Претседателството на Републичката конференција на СПМ, во проширен состав со членовите на

комисиите и други активисти. На оваа седница разгледувани се многу актуелни прашања од општествено-политичкиот живот, а најмногу е дискутирано за прашањата од областа на регулирањето на пензиите и здравствената заштита на пензионерите.

Во 1988 година на Годишното изборно собрание на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија за претседател на Сојузното претседателство избран е М-р Вите Исјановски.

Во 1990 година одржани се многу седници на кои е расправано за трансформацијата и активностите во државата насочени за одредување на титуларот на сопственоста на многу објекти за кои не беше јасно во чија сопственост треба да припаднат имајќи ја предвид и приватизацијата. Во СПМ, од 1965 до 1988 година изградени се многу домови за живеење, за рекреација, клубови за дневен престој, одморалишта, станови и станбени згради и други видови на објекти. Финансирањето било различно, меѓутоа генерално, тоа е од буџетот за пензиите или од прилози и со учество и работа на пензионерите, во периодот кога важеа еднакви права и обврски за станбена изградба и за работниците.

По осамостојувањето на Република Македонија, во 1991 година, на Собрание на СПМ донесена е „Одлука за повлекување на Републичкиот сојуз од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Југославија". За натамошните контакти со пензионерските сојузи од новонастанатите држави, ќе се изградат дополнителни ставови на билатерална основа. На 5 јули 1991 година донесен е Статут на Сојузот на пензионерите на Македонија. Тогаш се донесени и други организациски решенија. Разгледан е развојот и организирањето на раководните органи и времетраењето на нивниот мандат. При формирањето во 1950 година, како и долги години потоа изборни собранија одржувани се секоја година, потоа на две години, па на три години и сега е решено мандатот да трае четири години со можност за реизбор. Функциите претседател и секретар на Сојузот добија нови организациски права и обврски. Воведена е и насловна функција „доживотен почесен претседател" и за прв таков е прогласен Вите Исјановски. Во 1991 година донесен е Закон за здравствена заштита, а потоа во согласност со овој, и Правилник за висината на трошоците за погреб, при што, регулирано е, трошоците за погреб на осигурениците и членовите на нивните семејства да ги покрива државата според ценовник кој е дефиниран со погребалните претпријатија. Меѓутоа, поради континуираната висока монетарна девалвација во државата, погребалните претпријатија го напуштија тој ценовник, а фиксниот износ кој остана да го исплатува ФПИОМ стана само симболична сума. За да им помогне на своите членови, Сојузот на пензионерите на Македонија презеде мерки за самоорганизирање и формирање солидарни фондови за таа намена, или за колективно осигурување во осигурителната компанија „ДОЗ Македонија". По постапката на Сојузот на синдикатите на Македонија со која е избришан СПМ од колективно членство во ССМ, на 27.10.1994 година донесен е нов Статут на СПМ, во кој во делот за организациската поставеност на Сојузот, во чл. 22 алинеја 2, регулирано е постоењето „Општински сојузи на пензионерите."

Извршниот одбор на Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија, на седница одржана на 6 март 1998 донесе Одлука да се одржат избори: во општинските сојузи и здруженија во септември, во Градскиот Сојуз на

здруженијата на пензионерите и трудовите инвалиди на град Скопје во октомври, и во Сојузот на пензионерите на Македонија на 30 ноември 1998 година. Првпат е воведена практиката за донесување среднорочна програма за работа на СПМ. На 21.12.1998 година усвоен е нов Статут согласно новиот Закон за здруженија и притоа е изменето името во „Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија". Со цел се повеќе да се промовираат здруженијата, воведена е новина така што местото на одржување на Собранието на СЗПМ не е Скопје туку, историски гледано, за прв пат, тоа е направено во Штип во 1999 година.

Слика 6. Годишно Собрание на СПМ, на 22 мај 1999 година, во Штип

Следните редовни избори во СЗПМ се одржани на 10 декември 2002 година. Избрани се новите членови на органите и телата на СЗПМ. За нов претседател на Собранието и на Извршниот одбор на СЗПМ избран е Душко Шурбановски.

За новиот мандатен период одржани се редовни избори во СЗПМ во 2006 година. На овие избори повторно за претседател е избран Душко Шурбановски.

По завршувањето на четиригодишниот мандат на претходниот состав на органите и телата на СЗПМ, одржани се редовни избори на 31 март 2011 година. И на овие избори избрани се нови членови. За нов претседател на Собранието и на Извршниот одбор избран е Драги Аргировски.

Наредните редовни избори по завршувањето на четиригодишниот мандат извршени се во март 2015 година. На овие избори повторно е избран за претседател Драги Аргировски.

За бројот на пензионери во државата, во одреден период, влијаат повеќе фактори. Основни фактори се: број на вработени кои исполнуваат услови за пензионирање по основ на години на старост и години на пензиски стаж. Основните услови повеќе пати се менувани, забележано е и административно пензионирање, можност за докуп на стаж, бенефициран стаж, како и олеснување или заострување на критериумите за инвалидско пензионирање, па така во одредени периоди има „форсирано" пензионирање и многу голем прилив на пензионери во краток временски период.

∞ ∞ ∞

Решение за првата регистрација на
„Здружението на пензионерите од Народна Република Македонија“:

Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" — Скопје, и не се враќаат.

СКОПЈЕ
Среда, 18 април 1951 година
Број 13 Год. VII

Овој број чини 2 дин. Претплата за една година изнесува 250 дин. Чековна сметка бр. 801.901812

Министерството за внатрешни работи на НРМ – Скопје, надлежно по чл. 13 буква г) од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобрување оснивањето и работата на Здружението на пензионерите од Народна Република Македонија со седиште во град Скопје, донесе следното:

РЕШЕНИЕ
ЗА ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Одобрува оснивањето и работата на „Здружението на пензионерите од Народна Република Македонија" со седиште во град Скопје, а со право на дејност на подрачјето на Народна Република Македонија.

Такса по тар. бр. 1 и 7 од Законот за таксите е наплатена.

Решено во Министерството за внатрешни работи на Народна Република Македонија на ден 4-XI-1950 год, под бр. 22122/50
II—25—466

„Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија е доброволна општествена организација. Здружението е правно лице. Тоа е составна организација на Сојузот на синдикатите на Југославија, го усвојува неговиот Статут и ја усмерува својата работа спрема Одлуките на неговите органи. ЗПНРМ претставува организациона единица за себе и самостојно одлучување за своите организациони, финансиски и други прашања. Член на ЗПНРМ може да биде секој старосен, личен, инвалидски, фамилијарен пензионер и илинденците од територијата на Народна Република Македонија. Подружница е основна организација на Здружението на пензионерите на НР Македонија. Подружницата ги опфаќа сите старосни-лични, инвалидски и фамилијарни пензионери од подрачјето на едно место или околија. Секоја ново-формирана подружница се регистрира кај Републичкиот одбор. Одлука за формирање нови подружници донесува Републичкиот одбор на Здружението. Подружницата има Извршен одбор со претседател, потпретседател, секретар и благајник и Надзорен одбор, кои се бираат секоја година на редовно собрание на подружницата.“

(Извадок од „**Правилата**“ на Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија)

∞ ∞ ∞

Иако е факт дека Здружението на пензионерите на Македонија во 1950 година е формирано со помош на Сојузот на синдикатите и долги години било колективен член на ССЈ и ССМ, со еднострана одлука, на Конгрес на Сојузот на синдикатите на Македонија во 1994 година, Здружението, едноставно е избришано од Статутот и повеќе не е член на синдикатите. Оттогаш пензионерската организација е самостојно правно лице. Како граѓанска организација на пензионерите, заедно со застапувањето на нивните права, СЗПМ многу придонесува и за развојот и унапредувањето на општествениот стандард преку грижата за обезбедување пензионерски домови, клубови за дневен престој, старски домови, геријатриски установи, со финансиска и материјална помош, културно-забавни активности (изразени преку: музичката, играорната и театарската уметност, приредби, свечени концерти, традиционални средби, излети, екскурзии и др.), здравствени и хуманитарни активности (најмногу преку активи на пензионерките, волонтерски и по проекти), организирани спортски активности, соработка со други невладини организации, соработка со владини институции, меѓународна соработка и друго.

∞ ∞ ∞

Во изминатите 70 години Македонија како држава бележи развој во сите области. Земјата беше економски заостаната, по војната 1941-1945 разрушена и со голем број човечки жртви, сепак преку интензивна изградба, индустријализација, електрификација, подигнување на инфраструктурата и вработувањето, успеа да достигне среден развој. Развојот на трудовото право и работничкото законодавство со социјалното осигурување кое го опфаќа здравственото, инвалидското и пензиското осигурување, како и демографските движења, придонесоа денес секој седми жител да биде пензионер. Тоа значи сигурна старост, помош на семејството и придонес во државата. Тоа овозможи доброволно граѓанско организирање на локално, регионално, државно и меѓународно рамниште во афирмирана пензионерска организација, која квантитетот го изрази во квалитет. Воспоставен е добро организиран систем, во кој има самостојност на здруженијата, со пренесени овластувања за застапување на ниво на државата и пошироко, и со усогласени статути, во кои прецизно се определени целите, задачите, правата и обврските.

Слика 7. Факсимил од насловните страници на **Статутот** на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, од 2015 година, на македонски, албански и англиски јазик. Во времето на печатењето на оваа книга овој е најновиот Статут на СЗПМ!

∞ ∞ ∞

Напомена:

Развојот на пензионерската организација во Македонија од 1990 до 2016 година подетално е опишан во другите делови од оваа книга, како и во посочената литература!

ИНФОРМАТИВНИ ГЛАСИЛА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Јавното информирање е многу важно во општественото живеење. Средствата, начинот и методите за јавно информирање се развиваат со векови: од римските „форуми", преку усно пренесување „новости" помеѓу мали групи (во сокакот, на улица, помеѓу „еснафот", во чајџилници и сл.), преку турските „телали" и со многу разновидни други начини и средства, се до денешните социјални мрежи на интернет. Специфичното опкружување на старите луѓе долго време ги ограничувало во нивната комуникација и ширење на вестите и информациите. Таквата состојба се повеќе се надминува.

Многу информации во оваа книга се превземени од пензионерските весници.

Ги изнесуваме најзначајните примери:

-Во Кралска Југославија – 1927 година

На просторот на Кралска Југославија се бележи едно од првите пензионерски информативни гласила со наслов: „Глас државних пензионера и пензионерки Краљевине Југославије", чиј прв број е отпечатен во далечната **1927** година, во сараевската штампарија „Задруга". Весникот излегувал месечно, во текот на седум години (до 1933 година), на српски и хрватски јазик.

Во **1935** година во Белград, Кралство Југославија, еднаш месечно излегувал весник со наслов „Пензионерски ГЛАСНИК". Сопственик и уредник на весникот бил Милутин Ќатиќ, кој исто така бил пензионер. Заедно со информативната улога, весникот имал и улога на орган кој се заложува за подобрување на состојбата на тогашните пензионери.

Прилог 1: Слика од насловот на весникот „Пензионерски ГЛАСНИК" од јуни 1935 година, број 3, година I.

ЧУВАЈТЕ МИ ЈУГОСЛАВИЈУ
ЧУВАЋЕМО ЈУГОСЛАВИЈУ
ПРЕТПЛАТА: Годишње 15 динара — Месечно
Пензионерски ГЛАСНИК
Уредништво и Администрација Делиградска бр. 19
Чековни рачун број 57114
Примерак 1. — динар
Београд јуни 1935 Број 3 Година I
Власник и Уредник МИЛУТИН Ђ. ЋАТИЋ
Рукописи се не враћају

∞ ∞ ∞

-Народна Република Србија – 1947 година

По Втората светска војна, по ослободувањето и формирањето републички пензионерски здруженија, почнаа да се издаваат весници како нивни гласила. Весникот на српските пензионери „Пензионерски гласник" - е „Орган на земската управа на Здружението на пензионерите на Народна Република Србија".

Прилог 2: Слика од насловот на весникот „Пензионерски гласник" од ноември 1947 година, број 1 и 2, година I.

Пензионерски гласник

ОРГАН ЗЕМАЉСКЕ УПРАВЕ УДРУЖЕЊА ПЕНЗИОНЕРА НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ
САСТАВНЕ ОРГАНИЗАЦИЈЕ ЈЕДИНСТВЕНИХ СИНДИКАТА ЈУГОСЛАВИЈЕ

Месечни лист | Београд 26 новембра 1947

Наша прва реч

Цитат од првиот број: „Наша прва реч - Благодарност за ослободителите"

„Будната старост на нашите пензионери им се придружи на другите граѓани со искрена волја и со сета своја сила во обновата и градењето нов подобар живот. Ние пензионерите како чесни патриоти ќе се потрудиме да ја извршиме нашата задача со голем морал и свест. Пензионерите ќе се заложат со својата работа да придонесат за општото добро на заедницата и како членови на Здружението на пензионерите уште поодговорно ќе ги извршуваат задачите. Со тие идеи е формирана таква организација и затоа е во крилото на Централниот одбор на Единствените синдикати на ФНРЈ. Познато е дека синдикатите на сиот работен свет се најголемата сила на општественото создавање и решавање на социјалните проблеми. Пензионерите со духовната и моралната вредност, па и според бројноста, претставуваат значаен општествен и политички фактор, вклучени преку Народниот фронт во општите дејности на татковината. Преку Здружението ќе се развива расположение за работливост, едновремено грижејќи се за потребите на пензионерите. Здружението на пензионерите ги прифаќа и задачите на народната власт. Само така пензионерите ќе добијат целосна доверба. Во нашите стари денови се разведрува решавањето на нашите проблеми, пред нас е иднината со плодовите на нашето искуство и рутината на утврдените знаења. Уште можеме да создаваме!". Во овој број направен е ретроспективен преглед на постигнатите резултати и опишана е целата постапка за создавање здружение, кое ги бележи своите почетоци од 10.12.1944 година, а објавени се и „Правила - Удружења пензионера НР Србије."

По престанувањето на печатењето на овој весник, како информативно гласило на српските пензионери се користи „Глас на осигурениците" („Glas osiguranika" Глас осигураника – „лист Републичке заједнице социјалног осигураника радника Србије"), чиј издавач е Републичкиот фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Србија. Овој, излегува електронски еднаш месечно, а веб адресата е: http://www.pio.rs/lat/glas-osiguranika-rf-pio.html. Првиот број „Glas osiguranika" е објавен на 14.06.1969 година.

Прилог 3: Слика од насловот на електронското издание на весникот „ГЛАС ОСИГУРАНИКА" Бр. 4, од 30. април 2016 година

∞ ∞ ∞

-Народна Република Хрватска – 1947 година

Републичкото здружение на пензионерите од Народна Република Хрватска почнувајќи од 1947 година го издава весникот „Глас на пензионерите" („Glas penzionera, mjesečnik Zemaljskog udruženja penzionera Hrvatske"), кој низ годините го менувал називот во „Glas penzionera i invalida rada NRH", „Glas umirovljenika i invalida rada SRH", а денес го носи називот „Hrvatski umirovljenički list" (Хрватски пензионерски лист").

Прилог 4: Слика и наводи од насловот на весникот „GLAS PENZIONERA" mjesečnik zemaljskog udruženja penzionera Hrvatske, Godina I Zagreb, sječanj – veljača 1947. Broj 1 – 2

Прилог 5: Слика од насловот на весникот „Hrvatski umirovljenički list" од март 2016 година.

-Народна Република Словенија – 1946 година

Во тоа време и Здружението на пензионерите од Народна Република Словенија како составен дел од Сојузот на синдикатите на Југославија, почнувајќи од 1946 година, го издава својот весник „UPOKOJENEC" („ПЕНЗИОНЕР"). И овој весник го има менувано името и денес се вика „ZDUS plus" и не се продава. Бесплатно може да се чита и електронското издание.

-Наводи за првиот број на словенечкиот весник: *„**UPOKOJENEC"** Glasilo ZSJ Društvo upokojencev LRS Leto I/1946 No 1. Izd. ZSJ Društvo upokojencev LRS. Ur. Uredniški odbor. Odg. ur. Gombač Erie. T T. Tomšiča. Mesečnik*

Прилог 6: слика и наводи за весникот на словенечките пензионери од 1955 г.

Poštnina plačana v gotovini.
Brezplačno samo
UPOKOJE
Glasilo ZSJ Društva upokoj cev LRS
Uredništvo in uprava: Novi trg 5 o oreda 290 Telef. 21-953 in 20-531 Društveni tek. rač. 50-KB-1-Ž-655
Št. 10-11 LJUBLJANA, OKTOBER-NOVEMBER 1955 LETO IX

***Upokojenec**. Glasilo ZSJ Društva upokojencev LRS. Lj. Leto IX (1955). 4. 66.700 izv. 260 Izd. Zveza sindikatov Jugoslavije, Društvo upokojencev LRS. Ur. uredniški odbor. Odg. ur. Gombač Erle. T T. Tomšiča. Mesečnik (št. 10-11). II 79220*

Прилог 7: Слика и наводи од електронскиот весник „ЗДУС плус" во чие заглавие е додадено логото „naših 70 let" *„Нашите 70 години"*

ZDUS plus
naših 70 let
www.zdus-zveza.si
april 2016, leto IX, številka 4

„ZDUS plus elektronski časopis, april 2016. ZDUS plus je interni obveščevalec Zveze društev upokojencev Slovenije in ni v prodaji. Urednica Nevenka Dobljekar Nepodpisani članki so uredniški oz. info zdus. Naklada 5000 izvodov."

∞ ∞ ∞

-Народна Република Македонија – 1952 година

По регистрирањето и конститутивното собрание на Здружението на пензионерите на Народна Република Македонија (ЗПНРМ) се створија услови и ова здружение да се појави со информативно гласило. Немајќи можности за издавање сопствен весник, ЗПНРМ, се договори да има своја страница во рамките на веќе постојниот весник на српските пензионери. Така почнувајќи од јули 1952,

по повеќе од една година од формирањето, во бројот 7 на српскиот весник „Пензионерски ГЛАСНИК" се печати и една страница на македонски јазик, која ја уредува македонското здружение.

Прилог 8: слика од бројот 7, за јули 1952 година, на весникот „Пензионерски ГЛАСНИК" во кој **за прв пат** почнува да се печати и страница на македонските пензионери.

Пензионерски ГЛАСНИК

Год. VI БРОЈ 7
Београд, ЈУЛИ 1952
Уредништво и администрација
Молерова 24 Тел. 41-039

ОРГАН УДРУЖЕЊА ПЕНЗИОНЕРА НР СРБИЈЕ И МАКЕДОНИЈЕ – САСТАВНЕ ОРГАНИЗАЦИЈЕ С. С. ЈУГОСЛАВИЈЕ

ВЕЛИКИ КОРАК НАПРЕД | БРАТСКИ ПОЧЕТАК

За **македонското здружение на пензионери** значајно е тоа што во весникот на српските пензионери „Пензионерски гласник" од 1952 година, во бројот 7, од јули месец, променет е поднасловот на името на весникот и сега го содржи следниот текст: „Орган на здруженијата на пензионерите на НР Србија и на НР Македонија, како составни единици на Сојузот на синдикатите на Југославија." (во оригинал: „Орган удружења пензионера НР Србије и Македоније саставне организације СС Југославије"). На првата страница даден е напис со наслов „Братски почеток" со пригодна сордржина. На седмата страница од овој весник има генерален наслов „НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" под кој се поставени написи од ЗПНРМ. Во овој број, и во наредните, поставени се написи од Здружението. По написите „Некои организациони проблеми на Здружението на пензионерите во Македонија", „Ползување на правата од пензионото осигурување во НР Македонија" и „Соопштенија", следуваат и многу други. На овој начин македонските пензионери за прв пат добиваат свое јавно информативно гласило, месечен весник, во кој се објавувани написи во врска со пензионерските прашања како и други информации од општеството.

Оваа соработка трае до 1967 година, кога македонските пензионери формираа своја нова редакција и почнаа да издаваат свој весник, како прилог во дневниот весник „Вечер". Првиот број со наслов „Наш ЗБОР" излезе на 31 март 1967 година. Весникот излегува повремено. Вториот број на весникот „Наш ЗБОР" се однесува на периодот јуни – јули 1967 година.

Прилог 9: Слика од првиот број на весникот „Наш ЗБОР" од 31 март 1967 година.

НАШ ЗБОР

ГОД. I БР. 1 СКОПЈЕ, ПЕТОК 31 МАРТ 1967 ГОДИНА

По повод првиот број на Прилогот

Веќе третиот број, кој е печатен за август и септември 1967 година, е преименуван и го носи насловот „ПЕНЗИОНЕР“ со подзаглавие „Весник на пензионерите и инвалидите на трудот од Македонија“.

Прилог 10: Слика од весникот „ПЕНЗИОНЕР“ број 3, август 1967 година.

ПЕНЗИОНЕР

ВЕСНИК НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ И ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ОД МАКЕДОНИЈА

ГОД. I. БР. 3 — АВГУСТ — СЕПТЕМВРИ 1967 ГОДИНА

НОВО ИМЕ

Весникот на македонските пензионери „ПЕНЗИОНЕР“ излегува се до средината на осумдесеттите години кога, поради финансиски причини, е укинат со одлука на Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија.

Во периодот што следува, македонските пензионери, информациите ги шират преку другите општи дневни весници кои излегуваат во Македонија и синдикалниот весник „Трудбеник“, а за своите главни активности раководствата на пензионерските здруженија се информираат на заеднички состаноци или преку писма и документи.

По осамостојувањето на Република Македонија започнува период на транзиција, кој се карактеризира со приватизација на општествената сопственост. Во овој период престанува излегувањето на повеќе јавни гласила како што е весникот „Трудбеник“ и повеќето весници, билтени и информатори на фабриките и претпријатијата. Со право констатираме дека е настанат период на „информативен мрак“ во јавното информирање за пензионерската проблематика.

Дури во јануари 2005 година, по иницијатива на пензионираниот новинар Драги Аргировски, во соработка со раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, излезе првиот број на „***Пензионерски видици***“ како месечен подлисток во дневниот весник „Нова Македонија“. Првата сезона на овој подлисток е во периодот од 28 јануари 2005 до 24 април 2008 година, до кога се отпечатени 40 броја.

Прилог 11: Слика од насловот на весникот „Пензионерски видици“

бр. 1 од 28.01.2005 година:

НОВА МАКЕДОНИЈА

Пензионерски видици

ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

АКТУЕЛНО

Средба со министерот за труд и социјална политика

Стр.13

Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија

По извесна пауза, започна Втората сезона на подлистокот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“ од 16.02.2012 година. Така во оваа втора сезона, на 10 март 2016 година излезе 50-от број на овој подлисток.

Прилог 12: Слика од насловот на весникот „Пензионерски видици“
бр. 50 од 10.03.2016 година

ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИТЕ И ИДНИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ
„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е издавач на пензионерскиот весник „ПЕНЗИОНЕР плус“. Неговиот прв број излезе на 25 јули 2008 година.

Прилог 13: Слика од првот број на весникот „ПЕНЗИОНЕР плус“
од 25. јули 2008 година.

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ Година 1 број 1 25 јули 2008 година

Во ноември 2016 година ќе биде 100-тиот број на весникот

Прилог 14: Слика од весникот „ПЕНЗИОНЕР плус“
број 93 од 29.04.2016. год.

Почнувајќи од 2011 година во весникот „Пензионер плус", како и во весникот на албански јазик „КОХА", месечно, на една страница, застапени се написи од пензионерскиот живот запишани на албански јазик.

СЗПМ редовно годишно издава и две специјални изданија „Информативен билтен за спортските натпревари" (почнувајќи од 1996 година) и „Информативен билтен за пензионерските фолклорни ревии" (почнувајќи од 2003 година).

Прилози 15 и 16: Слики од насловните страни на „Информативен билтен за XX Републички пензионерски јубилејни спортски натпревари -2015"; и од

„ Информативен билтен за XIII Пензионерски фолклорни ревии -2015"

На Интернет мрежата, воспоставена е и функционира веб страница, како информативен орган на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со адреса www.szpm.org.mk. Страницата има поддомени на здруженијата членки на СЗПМ. Во иднина, со надоградување, оваа страница ќе прерасне во интернет портал. На овој начин е применета современата технологија за информирање.

Прилог 17: Слика од насловот на веб страницата на СЗПМ

Во исто време некои здруженија отворија свои „профили" на социјалната мрежа „Facebook" и на тој начин во јавноста пласираат информации за своите активности и други документи и информации.

На 4 април 2012 година почна да излегува уште едно пензионерско гласило, тоа е првиот комерцијален весник за пензионерите со наслов „Пензионер" под мото „знаење, искуство, мудрост". Издавач беше маркетинг агенцијата „Beaute" од Скопје. Весникот набрзо престана да излегува.

Прилог 18: Слика од весникот „ПЕНЗИОНЕР знаење, искуство, мудрост “ број 1 од 04.04.2012. год.

АПРИЛ 2012 · ГОДИНА I · БРОЈ 01

ПЕНЗИОНЕР

10 денари · МЕСЕЧНО ИЗДАНИЕ

...НАШИТЕ СТРАНИЦИ НИЗ ВАШЕТО ВРЕМЕ!

Многу здруженија на пензионери издавале или сеуште издаваат свои локални информативни гласила „Информатор“, „Билтен“ и слично.

Некои здруженија на пензионери имаат издадено и свои монографии како посебен облик на презентирање пред јавноста.

Информации за пензионерите се емитуваат и во специјални радио и телевизиски емисии кои редовно програмски се застапени, како на националните, исто така и на повеќе локални радио и телевизиски станици.

∞ ∞ ∞

ЈУБИЛЕЈНИ ОДБЕЛЕЖУВАЊА НА ГОДИШНИНИТЕ

Јубилеите заслужуваат да бидат одбележани и заедно со прославата да бидат сумирани постигнатите резултати и постојните проблеми со насоки за нивно решавање.

-Првата свечена седница е по повод Дестгодишниот јубилеј на Здруженито на пензионерите на НР Македонија, одржана во 1961 година.

-Втората свечена седница е по повод Петнаесеттата годишнина на Здруженито на пензионерите на СР Македонија, одржана во јануари 1966 година.

-По повод јубилејот 20 години од формирањето на Здружението на пензионерите на Македонија, на 30 јуни 1970 година одржана е свечена седница на која се доделени признанија „СПОМЕНИЦА“.

-Следниот податок (кој можеа авторите да го пронајдат) за одбележување јубилеј на Здружението е по повод 40-годишнината на пензионерското организирање, со свечена академија одржана на 20 ноември 1986 година, на која се доделени голем број на „БЛАГОДАРНИЦИ“.

-По повод 50-годишнината на пензионерското организирање одржана е свечена академија, на 20 септември 1996 година, за што е издадена и монографија на македонски и на англиски јазик.

-Поскромно е одбележана 60-годишнината на СЗПМ во 2006 година.

-Голема прослава, со свечена академија по повод 65-годишнината на пензионерското организирање во Македонија одржана е во 2011 година. По овој повод беа доделени голем број на „БЛАГОДАРНИЦИ“

Јубилејната 70-годишнина од пензионерското организирање во Македонија ќе се одбележи со голема свечена академија на 20 септември 2016 година. Свечените активности се одвиваат и преку целата 2016 година, во СЗПМ и во сите здруженија членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

∞ ∞ ∞

РАКОВОДСТВА НА ПЕНЗИОНЕРСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА 1950-2016

Во оваа книга, за прв пат, во публицистичка литература со потекло од Македонија, се презентира првиот назив на републичката пензионерска организација и првото службено донесено решение за првата регистрација во регистар на граѓански општествено-политички организации при Министерството за внатрешни работи на Народна Република Македонија. Презентирани се првите „Правила" за пензионерско организирање кои се еднакво правно признаени како и подоцнежните статути на Здружението и Сојузот. Изворни документи за организациската поставеност во првите дваесетина години не се достапни, сепак направена е реконструкција и прикажан е организацискиот развој врз основа на секундарни извори кои се проверувани. Разговаравме со семејствата на пет починати поранешни претседатели (Крсте Крстевски, Наќо-Кочо Мешковски, Стојче Николовски, Петар Кабранов и Вите Исјановски), разговаравме и со двајца поранешни претседатели кои се живи за време на пишувањето на оваа книга (Перо Лазаревски и Душко Шурбановски), а најголемиот придонес го даде актуелниот претседател на СЗПМ кој е и еден од авторите на оваа книга.

За пензионерското организирање по осамостојувањето во 1991 година, и одвојувањето од Сојузот на пензионерите на Југославија, а потоа и одвојувањето од синдикатите во 1994 година, на располагање се повеќе документи и записи кои се прикажани во другите делови од оваа книга, а секако ќе бидат презентирани и во јубилејната монографија во издание на СЗПМ. Во оваа книга не се презентирани списоци со членовите на раководните органи на Републичката организација на пензионерите. Неможевме од надлежните органи да ги добиеме документите за пререгистрирање. Документи за периодот до 1991 година, веројатно постојат, затоа апелираме, професионален историчар, да се зафати со задача да ги пронајде документите во јавните и личните архиви во Македонија и надвор од Републиката и да и ги презентира на јавноста. Овие прашања и недостигот на документи се искажани од скоро сите сојузи на здруженија на пензионери во државите кои произлегоа по распаѓањето на поранешната СФРЈ со кои имавме прилика да контактираме и кои исто така во 2016 година, имаат јубилеи. Историјата како наука се засновува на факти. Постојат и дискутабилни презентирања на некои делови од историјата за времето, случувањата, состојбите и луѓето. Спорните прикази може да бидат случајни или да се засновани на тенденции или на шпекулации! Историски најверен доказ се оригиналните документи, кои не смеат да бидат преправани, подесувани па подметнати. Во некои случаи, кога недостасуваат изворни документи, фактите можат да бидат извртени со лажно сведочење. Познато е и користење нарачани „новинарски" написи како извор на „факти" кои треба да послужат за некоја цел! И ние наидовме на некои дискутабилни податоци, па возможно е да се направени ненамерни грешки произлезени од отсуството на веродостојни извори: оригинални записници од изборите и конститутивните седници на органите и телата на Сојузот од 1950 година до 1986 година, за што им се извинуваме на читателите.

Преглед на имињата на претседателите
на пензионерската организација од 1950-2016
(со напомена дека се можни ненамерни пропусти)

П Р Е Т С Е Д А Т Е Л И

Ѓорѓе Ристиќ

Перо Стојановски

Крсте Крстевски

Наќо-Кочо Мешковски

Перо Лазаревски

Стојче Николовски

Петар Кабранов

Вите Исјановски

Душко Шурбановски

Драги Аргировски

❖

ГЛАВА ВТОРА

Дел I.

-„Македонските пензионери денес" (1946-2003),
од Вите Исјановски, СЗПМ, 2004.

Дел II.

-„Неговото височество пензионерот" (2003-2006),
од Драги Аргировски, Скопје 2006.

Дел III.

-„Пензионерска сага" (2006-2007),
од Драги Аргировски, Скопје 2007.

Дел IV.

-„Моето име е пензионер" (2007-2010),
од Драги Аргировски, Скопје 2010.

Дел V.

-„Наши пензионерски времиња" (2010-2012),
од Драги Аргировски, Скопје 2012.

Дел VI.

Очекувања на пензионерите и на нивната организација

❖

Дел I.

МАКЕДОНСКИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ ДЕНЕС (1946-2003)

Вите Исјановски

(оригиналот е на 195 страници)

Напомена:-прераскажани, парафразирани и цитирани содржини од оригиналното издание. Некои зборови се задржани како што се запишани во оригиналот, со цел да се задржи автентичноста на изразот на авторот.

Вовед

Единствените синдикати на Југославија, и синдикатите на Македонија, при самото формирање во 1945 година, ги истакнаа стремежите на новата држава, и поднесоа резолуција со која настојуваа: „Да се реши прашањето на болничкото осигурување, да им се овозможи брза и сигурна помош на трудбениците и службениците, да се реши прашањето за годишен одмор и да се донесат конкретни мерки за пензионирањето на работниците (сите вработени да имаат право на старосна, инвалидска и семејна пензија заради сигурност во овој дел од животот)“.

„Во октомври 1946 година, во Република Македонија беше донесен првиот Закон за пензионерското и инвалидското осигурување, кога веднаш по тоа, беа пензионирани првите работници – пензионери во Републиката“. Тоа право е признаено иако нема податоци дали претходно за нив се уплатувал пензиски придонес. Малиот број дотогашни пензионери потекнуваа од претходната, Кралска Југославија.

По ослободувањето, многу луѓе (особено високостручните кадри) иако се стекнаа со право на пензија според новиот Закон, беа задржувани на работни задачи затоа што недостасуваа кадри за брзо обновување и градење на сѐ што требаше во државата, а требаше многу!

Републичкиот Закон за пензионерско и инвалидско осигурување во Демократска Република Македонија, е донесен врз основа на претходно донесениот Сојузен Закон за пензионерско и инвалидско осигурување во Демократска Федеративна Република Југославија.

Целата законска регулатива, со својот социјален карактер, е иницирана од Единствените синдикати. Бидејќи наскоро е донесен Закон за национализација на стопанството (05.12.1946 година), организирањето на пензискиот систем е ставено во втор план.

Државната управа формираше свои органи и институција за спроведување на мерките од областа на социјалното осигурување, во кои се формирани и раководни структури. Во Собранието и Извршниот одбор на институцијата за спроведување на социјалното осигурување имаше 170 лица од кои:

-100 лица од редовите на службениците,

-57 лица од редовите на работниците,

-7 лица од редовите на други професии, и

-6 лица од редовите на пензионерите.

Делегираните пензионери, во овој период, сеуште немаа своја пензионерска организација, сепак, тие како репрезент се залагаа за подобрување на социјалниот статус на пензионерите со поддршка од Единствените синдикати на Македонија, како силен авторитет, заштитник и борец за остварување на пензионерските права во општеството.

Донесен е државен пропис со кој се формирани Околиски и Општински комисии овластени за „собирање“ на работниот стаж на потенцијалните пензионери. При недостиг на службени документи, стажот можеше да се прибере и со изјави на сведоци кои службено ќе потврдат дека навистина во периодот на владеење на Кралството Југославија, или во текот на НОБ, одредено лице работело кај некој работодател. Во тоа време тие работодатели го одбегнувале пензиското и здравственото осигурување на работниците.

Веќе во 1947 година има позабележителен прилив на нови пензионери во Републиката, па според некои извори, кон крајот на таа година во Македонија има околу 500 пензионери.

Формирање организација на пензионерите

Во текот на првите години по Втората светска војна, започна самоогранизирањето на пензионерите во поголемите градови. Тие се состануваа во „туѓи“ простории и се залагаа за редовно информирање, за разни појаснувања, за изнесување специфични прашања и проблеми и поправедно и поредовно да користат права: за повластено патување во државните превозни средства; за заштита на здравјето и здравствената положба; за испраќање на годишни одмори во синдикалните одморалишта по мошне поволни услови; за усогласување на пензиите со порастот на платите на вработените; за решавање или ублажување на нерешените станбени прашања на пензионерите; за редовно снабдување на пензионерите со потребните артикли; за градење практика, пензионерите да бидат повикувани во своите работни организации кога се прикажуваат годишните биланси од работењето и друго.

Единствените синдикати, во тоа време имаа форуми, како организациска форма. Во овие форуми имаше „Комисии за прашањата на пензионерите и пензионерскиот систем“. Овие комисии, во составот имаа застапено најмногу претставници од пензионерите. Тие имаа специфични програми за решавање на прашањата и проблемите на пензионерите.

Веќе тогаш пензионерите започнаа, на доброволна основа, да формираат свои „заштитни (посмртни) фондови“. Уплатата беше скалеста и строго доброволна. Влоговите во фондот беа евидентирани во посебни членски книшки. Во случај на смрт на пензионер, уредно се исплатуваше надомест на семејството.

Организирањето на македонските пензионери бележи подем по **1991** година во независна, суверена и самостојна Република Македонија, како организирана сила во заштитата на правата утврдени со Закон, кои се однесуваат на редовната исплата на пензиите, усогласувањето на пензиите со порастот на

платите на вработените, и развивањето разни спортски и културни активности, меѓународна соработка и друго во согласност и со Статут на С ЗПМ.

Организација на пензионерите на ниво на СФРЈ

Првиот југословенски Закон од 1946 година, создаде солидна основа на југословенско ниво, а потоа и на нивоата на републиките да се градат нови темели и нови приоди кон создавање посолиден пензиско-инвалидски систем. Пензионерите беа застапени како заедничка целина во Единствените синдикати на Југославија и учествуваа во работата на сите работни седници и се залагаа за решавање на предлозите и барањата на пензионерите. Таму пензионерите беа прифаќани и третирани со респект за нивното богато животно и работно искуство.

Во рамките на Единствените синдикати на Југославија, формирано е раководно тело „Сојузен одбор на пензионерите на Југославија“. Секоја република делегираше по 2 члена во овој Сојузен одбор, а делегати имаа и пензионерите од Органите за внатрешни работи и Воените пензионери (тие подоцна имаа и посебни структури за социјално осигурување). Сојузниот одбор на пензионерите на Југославија доби работни простории во преубавата зграда на Синдикатите на Југославија во Белград, Србија. Иако ова тело имаше големо значење за пензионерите, повремено имаше недоаѓање на делегатите на неговите седници поради наводно „штедење“ - кога на дневен ред беа прашања кои не се однесуваат на некоја република. Во републиките, според сојузниот модел, формирани се раководни тела „Републички одбор на пензионерите“, при републичките синдикати. Во раководењето се применуваше двогодишен ротациски принцип според однапред утврден редослед.

Првите никулци на организирање на самопомош врз доброволна основа

Во периодот на висока инфлација семејствата на пензионерите беа во незавидна положба за покривање на посмртните трошоци на своите починати. Фондовите за заемна помош за таа намена беа ретки, а покриваа едвај 50 отсто од погребните трошоци. Со целосна грижа за своите пензионирани членови Сојузот на синдикатите на Македонија зазеде став - во новиот Закон за здравствено осигурување да се опфати и финансиска поддршка за покривање на минималните издатоци во случај на смрт на пензионер.

Државата презема дел од трошоците за „закопнина“ 1991 година

Како акт на посебна грижа и интерес на државата со закон е регулиран надомест на трошоците за погребување на пензионерите. Тука многу придонесе и Синдикатот кој се заложи и за регулирање и на други актуелни прашања од социјалната област, како што се: трудничко боледување, отсуство од работа поради повреда или професионално заболување и слично што се однесува за активните работници. Донесени се правни акти: Закон за здравствена заштита („Сл. весник“ на РМ бр. 38/91 и сите натамошни измени), Правилник за начинот на остварувањето на правата и обврските од здравственото осигурување („Сл. весник“ на РМ бр. 38/91 и сите натамошни измени) и Правилник за висината на трошоците за закоп на осигурениците и членовите на нивните семејства („Сл.

весник“ на РМ бр. 38/91 и сите натамошни измени се до донесувањето нов закон со кој е укинат овој надомест). Висината на овие трошоци беше според утврдени ценовници. Инфлацијата придонесе фиксниот износ за надоместокот да биде само десетина проценти од вистинските трошоци, па така овој облик на социјална поддршка во тоа време стана сосема девалвиран.

Во Сојузот на пензионерите на Македонија барано е ефикасно и стабилно решение на прашањето за посмртна помош. Со цел за создавање концепт за самопомош, за решавање на ова прашање, одржано е Советување со претседателите на општинските организации на пензионерите. Тогаш е формиран концепт, кој е поднесен до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, од каде е добиена целосна поддршка. Интензивирани се контакти и разговори со осигурителните компании, а особено со „Кјуби Македонија“ и барано е решение за осигурување и на пензионерите постари од 65 години. „Кјуби Македонија“ прифати да ги осигура пензионерите единствено доколку тоа биде сеопфатно за сите пензионери во Македонија. Во исто време помногубројните општински организации на пензионерите започнаа со самоорганизирање. Ова самоорганизирање имаше разни модалитети (првенствено во скопските општини). Резултатите беа: опфаќање на сите пензионери со некој облик на самоорганизирање во фондови за посмртна самопомош на семејствата.

Развој на пензионерското организирање

Развојниот период на пензионерското живеење и активност наполно е идентичен со оној на Синдикатите. Образовната структура на пензионираните кадри, како потенцијал за пензионерско организирање, беше соодветна на нивото на образовната структура на вработените во тие времиња. Веќе во 1950 година на републичко ниво формиран е Републички одбор на пензионерите, како орган во рамките на Синдикатите на Македонија. На ниво на градот Скопје избран е Градски совет на пензионерите, а подоцна и општините пристапиле кон пензионерско организирање и формирање свои раководни органи. Првото сепарирање на пензионерското ткиво е од времето кога на сојузно ниво се издвои и се формираше Сојуз на инвалидите на трудот на Југославија. Во Македонија, кога почнаа да се формираат солидарните фондови и притоа членарината беше услов за членување и во солидарните фондови се засилија апетите на некои инвалидизирани лица за разбивање на единствената пензионерска организација. Создаден е Републички одбор на инвалидите на трудот (денешниот Сојуз на инвалидите на трудот), а потоа и две други републички инвалидски организации, Сојуз на инвалидски пензионери и Сојуз на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија.

Во времето на СФРЈ, вообичаена практика беше консултирањето со масовната политичка организација „Социјалистички сојуз на работниот народ на Македонија“ секогаш кога се правеа побитни кадровски промени во масовните организации, каква што беше и организацијата на пензионерите. До 1986 година на раководни места најмногу имаше кадри пензионирани од МВР, а потоа се започна со привлекување кадри од редовите на стопанството, од економската струка. Постепено се развиваше и двонасочната соработка и комуникација помеѓу Републичкиот одбор, Градскиот одбор Скопје и општинските организации на пензионерите. Зајакна влијанието на Сојузот на пензионерите на Македонија како

квалификуван партнер во развојот на системот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и како вистински непосреден заштитник на правата на пензионерите, како стожер во градењето помирен, побогат, постабилен и посодржаен живот на сите полиња, а особено со: културно, просветно, забавно, спортско и рекреативно програмско делување во живеењето на пензионерите.

Свечена седница на Републичкиот одбор на пензионерите на Македонија – 1986 година

Сојузот на пензионерите интензивно настојува да се доближи до членството, да биде постабилна организација, да се изградува, за да му служи и да ги брани неговите интереси со вградување на современо, помодерно, поплодно и покорисно организирано делување. Со оглед на поамбициозните програмски активности, беше договорено, во сите општински организации на пензионерите како и во Извршниот одбор на Сојузот на пензионерите да се воспостави задолжително работно време од четири часа, наместо претходната практика со повремено периодично навратување во работните простории. Така се направи континуитет во работата и редовно присуство на одговорни луѓе, па пензионерите можеа да се информираат, да побараат мислење, совет или одговор на прашањата од нивниот интерес и пошироко.

Бидејќи во 1986 година се навршуваа 40 години од донесувањето на првиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, донесено е решение и на 20.11.1986 година одржано е свечено одбележување на оваа годишнина. Поддршка за одржувањето на свечената седница дадоа: Сојузот на синдикатите на Македонија, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и Сојузниот одбор на пензионерите на Југославија. Оваа прослава претставува и *прво поголемо јавно промовирање на Сојузот на пензионерите на Македонија*. На седницата е изнесен реферат со декларирана програма за делување во општеството преку Сојузот на Синдикатите како и преку самостојни активности. На свечената седница присуствуваа членовите на Републичкиот одбор, по два члена од општинските организации, пет членови од Градската организација Скопје, како и многу поканети гости. Со пригодни поздравни говори, најпрво се обратија, претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Томе Георгиевски и претседателот на Сојузот на пензионерите на Југославија. Потоа рефератот „40 години живот и работа на пензионерите на Македонија“ го прочита претседателот на Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија. На крајот од работниот дел на свечената седница едногласно е усвоена нова, мобилна програма за работа, во која особено беа акцентирани:

-секоја година на *20* септември да биде одбележувана годишнината на формирањето на Сојузот на пензионерите на Македонија, со пригодни средби, реферати, разни културни и спортски приредби и друго;

-на секои изминати 10 години да се воведе позначајно одбележување на животот и работата на Сојузот на пензионерите на Македонија.

Сојузот на пензионерите на Југославија под претседателство на Сојузот на пензионерите на Македонија

Сојузот на пензионерите на Југославија, на секои две години одржуваше Годишно изборно Собрание. Тогаш, републичките организации на пензионерите од шестте републики и двете покраини (Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Македонија, Црна Гора, Војводина и Косово) ги испраќаа своите избрани претставници во Сојузниот одбор и неговото Претседателство во Белград. Според Сојузниот статут, претседател на Претседателството на Сојузот се избира на секои две години според утврден редослед. Во периодот од 1988 година, за претседател на Сојузното Претседателство на пензионерите на Југославија е избран претставникот од Македонија, м-р Вите Исјановски. Тој, пензионерското прашање редовно го актуелизираше и на седниците на Сојузот на синдикатите на Југославија, на кои по функција присуствуваше. По функција присуствуваше и на годишните собранија во Босна и Херцеговина, Хрватска, Војводина, Србија и други. Примаше и странски делегации на пензионерите, каква што беше делегацијата од Советскиот сојуз.

Сојузот на пензионерите на Македонија колективен член на Сојузот на синдикатите на Македонија

Методот и содржината на работата на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија постојано беше инспирација при конципирањето на програмата за работа на Сојузот на пензионерите на Македонија. Притоа, оставен е простор, во сопствените програми на пензионерите, да бидат предвидувани бројни прашања од специфичен карактер за пензионерската популација.

Редовно, на синдикалните конгреси, на синдикалните пленарни состаноци, на седниците на синдикалното претседателство и на бројните советувања, присуствуваа претставници од Сојузот на пензионерите на Македонија, и обратно. На сите видови и форми на собирања на организациите на пензионерите и нивните форумски седници имаше претставници од синдикатите.

Сојузот на синдикатите во сите свои активности ја поттикнуваше трајната врска на пензионерите со своите активни соработници, па така, вратите на работните колективи, за довчерашните работници беа постојано отворени. Пензионерите беа присутни на годишните отчетни собранија на своите претпријатија, на одделни позначајни годишнини им се доделувани награди за изминатата успешна работа во претпријатието и сл. Се внимаваше пензионираните работници да бидат еднакво третирани во работничките одморалишта, со изедначени права и критериуми за престој, што важеа како и за активните работници. Се градеа пензионерски домови во Републиката, и во 2004 година се користеа 39 од нив, исклучително наменети за пензионерите, со простории и станови за катадневно собирање, за дневен престој и забава, за средби, читање весници, слушање радио и гледање ТВ, за состаноци, предавања, советувања, за сместување и живеење на социјално најзагрозените пензионери и слично. Синдикатот на Македонија сестрано ја поддржуваше оваа форма на пензионерско работење и живеење. Програмските активности на Сојузот на пензионерите на Македонија непречено се одвиваа во зградата и просториите на Синдикатот.

Сојузот на пензионерите надвор од Статутот на Сојузот на синдикатите

Во 1994 година Сојузот на синдикатите одржа свој редовен конгрес, на кој се усвоија измени на Статутот – тогаш е избришано колективното членство на пензионерите. При такви услови Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија во ниту еден момент не ја прекина вообичаената комуникација со Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија. Секогаш имаше консултативни средби за големите прашања, како што се: залагањето за враќање на незаконското намалување на пензиите за 8 отсто, за процесот на создавањето на солидарните фондови и друго. Сепак во тоа време „разнишаниот“ синдикат, кој ја бараше својата позиција во општеството, не наоѓаше доволно време за соработка и присуство на пензионерските состаноци, особено на оние што имаа битно републичко значење.

Сепак Синдикатот продолжи да ги застапува и брани интересите на пензионерите и нивната статусна положба во системот, како социјален партнер во трипартитната форма на работење (Влада, Синдикат и Комора).

Сојузот на пензионерите на Македонија внимателно изготви Програма за самостојно работење. Тој, успеа да го сочува единството од големите апетити за сепарирање. Со тоа силата и авторитетот на организацијата растеше. Тој, во сите контакти со Владата и нејзините органи, беше респектиран и почитуван како партнер и соговорник. Гласот на пензионерите беше уважуван. Се смета дека во овој транзиционен период исполнет со бројни непознаници, успешно се спроведуваше програмата и се бранеа и заштитуваа правата на пензионерите.

Организацијата на Сојузот на пензионерите на Македонија успешно ги решаваше и материјално-финансиските проблеми, за да може да дејствува независно, без да се задушува во финансиски тешкотии. Начинот на функционалното усогласување на членството во Сојузот на пензионерите на Македонија беше во спона и во функционална целина и меѓузависност со функцијата и работата на солидарните фондови. Во финансиското работење на Сојузот вградена е и ставката донации, кои (во помал степен) помогнаа за негово зајакнување.

По осамостојувањето, зајакната е меѓународната соработка на Сојузот со сродни организации во непосредното опкружување и пошироко. Така на пример делегација на Сојузот на пензионерите на Македонија присуствуваше на свечените манифестации на пензионерите во Словенија во 2000 година.

Сојузот на пензионерите на Македонија интензивно развиваше спортска и фискултурна активност меѓу своето членство. Културно-забавните активности во редовите на пензионерите се ценета област на дејствување.

Забрзано се осовремени комуникацијата на реалција општински сојузи – републички сојуз.

Со помош на видни правници и искусни експерти успешно е издејствувано и вратени се на пензионерите незаконски одземените 8 отсто од пензиите. Со тоа респектот на организацијата на Сојузот на пензионерите на Македонија меѓу неговото членство неколку пати се зголеми, а тој афирмативен престиж значеше и негова поширока афирмација во земјата.

Сојузот на пензионерите на Македонија во независна, самостојна Македонија

Периодот по раздружувањето од СФРЈ не беше ни лесен ни едноставен. Некои области од економијата, од културниот, социјалнот и другиот живот различно се адаптираа во квалитетно изменетите услови. Имаше и силно неповолни влијанија од надворешни фактори кои ја загрозуваа и безбедноста и суверенитетот. Во овој период Сојузот на пензионерите на Македонија цврсто, единствено и сестрано го поддржа процесот на создавање независна држава Република Македонија.

Во времето на прогласувањето на Македонија како независна, самостојна и суверена држава, Сојузот на пензионерите на Македонија раководеше со Претседателството на Сојузот на пензионерите на Југославија. По изгласаниот референдум мораше, без двоумење, да се прекине учеството и работата во сојуните органи на СФРЈ. Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија свика седница со единствена точка на дневниот ред, излегување од Сојузот на пензионерите на Југославија. Веднаш потоа свикана е седница на Републичкото собрание и на Извршниот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија на кои беше донесена одлука за „Повлекување на Републичкиот сојуз од Сојузниот сојуз на пензионерите на Југославија“. Со овој акт, практично, Сојузот на пензионерите на Македонија стана наполно самостојна организација на македонските пензионери и целосно го сврте своето внимание врз јакнењето на својата национална држава.

Во развојниот период на Сојузот на пензионерите на Македонија се водеше сметка за времетраењето на мандатите на раководните кадри. На почетокот вообичаена практика беше „година + година“. Се согледа, дека, таквата форма на ротација на раководните кадри стана еден вид сопирачка на патот за постабилна работа на организацијата и не даваше можност да се прават подолгорочни акциски планови. Наскоро во Статутот е формулирано мандатот да трае четири години, со можност за реизбор. Зацртаните програми подобро и посигурно се остварува. Во статутот се редефинираа функциите претседател и секретар. Промена на избраните функционери може да се направи и доколку се согледа дека тие не одговараат на обврските (не комуницираат со членовите, не се блиски, колегијални и разбирливи, немаат примерен живот и конзумираат алкохол, а функцијата ја подразбираат како „попатно“ ангажирање, или прават финансиски и материјални малверзации и друго).

Европските искуства, особено оние кои што Сојузот на пензионерите на Македонија ги црпи, се инспирирани од примерите од Италија, Франција, Шведска, Словенија и др. Во иднина, таквите, повеќе ќе се користат и кога се во прашање кадровските решенија. Ќе се воведе практика, почитуваните пензионерски лидери после активниот мандат да се прогласуваат за „почесни доживотни лидери“.

По осамостојувањето, економската ситуација во државата беше мошне сложена, со натрупани финансиски проблеми и нередовни уплати на придонеси од претпријатијата. Во овој период, Сојузот на пензионерите на Македонија презеде, како своја првостепена обврска, да се залага за редовна и навремена исплата на пензиите, затоа што, тоа има големо влијание врз стандардот на пензионерите. Имаше периоди кога исплатата на пензиите доцнеше и по три и

четири месеци наназад. Државата ја смени уплатата на пензиите, па наместо да се добиваат однапред во месецот, тие се добиваат по истекот на месецот (со тоа на пензионерите им се закина една цела пензија).

Се пристапи и кон реформирање на пензискиот систем, од единствен принцип на „генераciска солидарност“ кон тростолбен пензиски систем. Генерациската солидарност подразбира дека активните вработени го „полнат“ пензискиот фонд за исплата на пензиите на актуелните пензионери, кои пред тоа, додека работеле, стварале и акумулирале „додадена“ вредност во општеството. Со текот на времето, стана се поголемо учеството на трансферот од буџетот на државата во пензискиот фонд. Со моделот на приватизација во државата, на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување му беа доделени акции кои исто така финасиски придонесуваат за потребниот буџет за пензии. Во еден период (до 2004 година) пензиите беа исплатувани во три временски интервали во месецот, распределени во групи, според висината на пензијата. Сојузот на пензионерите на Македонија настојуваше да се елиминира таквата практика, како редок пример во Европа и сите пензии да се исплатуваат едновремено.

И Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија бележи виден напредок во развојот. Централната и подрачните единици опремени се со компјутерска технологија. Во раководните органи на ФПИОМ застапени се и пензионерите, со што на посебен начин е изразен принципот на учество на осигурениците во управувањето со ФПИОМ. Така е постигната тесна, корисна, продуктивна, секојдневна соработка, која е обострано корисна во остварувањето на заедничката цел. Корисници на пензија во ноември 2002 година имаше: старосни 129.580; инвалидски 52.674; семејни 67.307; корисници на минимални земјоделски пензии 7.914, или се вкупно 260.559. Просечниот износ на пензија во денари, во ноември 2002 година беше за: старосни 7.982,00; инвалидски 6.065,00; семејни 5.685,00; Вкупно просечно 6.958,00. Просечен износ на пензија во денари, кај другите групи, во ноември 2002 година беше: корисници на минимални земјоделски пензии 2.444,00; воени пензионери 13.086,00.

Табела 1.: Сооднос просечена пензија **:** просечна плата во ноември 2002 година

КОРИСНИЦИ НА ПЕНЗИЈА	Просечна пензија во денари	Просечна плата во денари	Сооднос пензија-плата во %
Старосни	7.982,00	11.729,00	68,1
Инвалидски	6.065,00		51,7
Семејни	5.685,00		48,5
ВКУПНО просечно	6.958,00		59,3

При секоја месечна исплата на пензиите, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија уплатува во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, здравствен придонес со значително повисок процент од другите обврзници, со цел да се формира износ соодветно пресметан како за бруто плата.

Усогласување на пензиите со движењето на платите

Усогласувањето на пензиите со движењето на платите во Републиката е значаен, со Закон утврден инструмент за заштита на животниот стандард на пензионерите, вграден во пензискиот систем на Македонија. Утврдено е, двапати годишно, според податоци добиени од Државниот завод за статистика за движењето на платите за односното полугодие, ФПИОМ да ги усогласи пензиите. Сојузот на пензионерите на Македонија одговорно ги следи и настојува усогласувањата да бидат навремено и прецизно применети особено при зголемена инфлација. Пензионерите остваруваат ниво на пензија согласно висината на вложувањата во работниот век. Оттука и социјалните разлики се присутни и кај пензионерите. Мегутоа, Сојузот на пензионерите на Македонија се залага, да им помага на најсиромашните пензионери, да остваруваат права преку социјалните служби во согласност со социјалната политика на државата (заштитен додаток и сл.). Подоцна почнаа отстапувања и во усогласувањето на пензиите. Наместо за репер да се зема просечната плата во земјата, тоа се правеше во однос на просечната плата во нестопанските дејности, а таму платите беа „замрзнати“ и контролирани од државата, и тоа одеше на штета на пензионерите.

Подоцна усогласувањето се вршеше по формулата: во споредба со движењето на трошоците за живот (80 отсто) и со движењето на платите (20 отсто).

Педесетгодишната работа и развој на СПМ

Временските периоди се прилика за сведување на резултатите од работата и преку биланс, да се искаже растежот на организацијата, јавно и отворено да се искажат резултатите, да се појаснат проблемите и начинот и патот на нивното совладување, а критички да се искажат и нерешените прашања.

Во 1996 година се навршија педесет години пензионерско организирање во Македонија. Формиран е Одбор за свечено одбележување. Тој подготви Програма и го спроведе одбележувањето, на 20 септември 1996 година, во Домот на АРМ, во Скопје. На свечената седница присуствуваа членовите на Републичкиот одбор и по 5 члена од секоја општинска организација на пензионерите. На оваа седница на едно место беа собрани: претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров со својата сопруга, претседателот на Собранието на РМ, господинот Тито Петковски со група пратеници на Собранието, претседателот на Владата на РМ, господинот Бранко Црвенковски со повеќе министри од неговиот кабинет. Пригоден реферат насловен „50 години живот и работа на македонските пензионери“ поднесе претседателот на Сојузот на пензионерите на Македонија, м-р Вите Исјановски. Широката јавност во Република Македонија имаше можност јавно и отворено да ги ислуша резултатите на Сојузот на пензионерите на Македонија низ педесетгодишната работа. Тоа беше еден вид јавен дијалог за некои отворени прашања што ги измачуваат пензионерите како интегрален дел од македонскиот народ. Во дневниот печат и на ТВ, имаше пригодни написи за оваа манифестација. Пензионерите оваа годишнина ја одбележаа и со многу други богати и содржајни активности. Програмите за работа се исполнети со нови амбиции, со нови содржини за поголемо ангажирање и повнимателно попримање на евроските дострели во пензионерското организирање, со цел да создаваат животен амбиент соодветен на нивниот стандард и исполнување на слободното

време со мошне богати и осмислени активности. Пензионерите искажаа генерализирана порака со мерка за реалност и меѓусебен респект, готови да го понесат својот дел од одговорноста за подобар животен стандард и посреќен живот. За сумирање на резултатите од свечената седница издадена е публикација „50 години на Сојузот на пензионерите на Македонија 1946 - 1996“ која целосно е преведена и на англиски јазик, за презентирање на животот и работењето на Сојузот на пензионерите на Македонија, како во соседните земји, така и во земјите членки на Европската унија и пошироко.

Причини за формирање „солидарни фондови“

Значајното прашање за обликот на социјална помош како „посмртнина“ изби на преден план во работата на Сојузот на пензионерите на Македонија. Паричниот товар врз семејствата на починат пензионер стана голем проблем. Се постави прашање за изнаоѓање солидарно самоорганизирање. На почетокот, државата имаше законско решение за еднократна, социјална, парична помош на семејството на починато осигурено лице во Законот за здравствена заштита. Беше договорен износот на помошта колку што е најниската цена за закоп. Меѓутоа инфлацијата тој износ сосема го обезвредни, а со измени на законот и сосема беше укинат. Републичкиот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија одржа состаноци со претседателите на општинските организации на кои се бараа можни решенија. Оваа задача е оквалификувана како мошне ургентна. Интензивно се комуницираше со институциите и со ФПИОМ. Од ФПИОМ е согледана хуманата димензија на проблемот и дадена е целосна поддршка на заложбите на Сојузот на пензионерите на Македонија за решавање на ова прашање и подготвеност тој да прими дел од обврските кои ќе му бидат доверени.

Сојузот на пензионерите на Македонија презеде активности и конкретен дијалог со тогашниот ДОЗ „Македонија“, а потоа новоименуваниот „Кјуби-Македонија“. Се разговараше за многу суптилни непознаници во таа област, затоа што деловното правило за нив, било, да можат да преземаат ризик, само до горна возраст од 65 години. За можно надминување на ова ограничување се постави условот: да бидат осигурени сите пензионери во модел на колективно доживотно осигурување без оглед на староста. Општинските организации го прифатија овој модел, а ФПИОМ ја утврди методологијата на исплатата на месечните износи. За ФПИОМ не беше дискутабилно ниту интегрирањето на членарината која е наменета за пензионерските организации, во состав на осигурителната рата и тој дел од услугите се остварува бесплатно.

Сосема сепаратно, надвор од заедничкиот модел што одеше преку ДОЗ „Македонија“, одделни општински организации на пензионерите се определија за друг модел со самостојни „посмртни фондови“. За тој модел се определија следните организации: Карпош, Кисела Вода, Центар, Гази Баба, Чаир, Велес, Штип, Кочани, Кавадарци, Радовиш, Неготино и Виница. Во овие општински организации беше преведуван, месечно, уплатениот осигурителен износ, а тие го исплатуваа договорениот износ на семејствата на починатиот. Во некои организации имаше и друга варијанта, така што тие, вршеа исплата на помош и за починат брачен другар кој не е пензионер. Сојузот на пензионерите на Македонија јавно истакна дека на овој начин пензионерите му заштедуваат на буџетот на државата над 300 милиони денари годишно, додека во многу држави

во Европа овој трошок е на товар на државата или на фондовите за пензиско и инвалидско осигурување. Во македонскиот модел, тој финансиски товар го презедоа пензионерите врз себе и од релативно скромните износи на пензии тие издвојуваат дел за оваа социјална намена. Во текот на времето настана трансформација на моделот така што општинските организации го напуштија посредството на „Кјуби-Македонија“ и спроведуваа автономно менаџирање, како поекономичен модел. Во 2003 година останаа само 12 организации поврзани со „Кјуби-Македонија“. Регистрирана е и посебна ситуација со инвалидските пензионери: нивните организаци потешко го спроведуваа солидарното осигурување, па имаа и проблеми во исплатите на осигурените суми.

Во 1998 година, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија со едностана одлука на директорот изврши препад на веќе постојниот модел на солидарно осигурување на пензионерите. После една измислена анкета за задоволството на корисниците, преку поштарите кои ја разнесуваа пензијата, присобра изјави за определување за нов модел на управување со солидарниот фонд, исклучително од ФПИОМ и неговите подрачни филијали. Правно-економскиот совет при Сојузот на пензионерите на Македонија критички ја оцени правната основа на потезите на ФПИОМ, а една иницијатива што беше покрената од една инвалидска организација беше земена како основа сите организации во Републиката да застанат зад неа, и Уставниот суд да ја преиспита уставноста на одлуката на ФПИОМ и таа е укината. За да се обезбеди веродостојна аргументација, спротивна од онаа со која настапуваше ФПИОМ, во рамките на општинските организации на пензионерите, извршено е целосно преанкетирање во Берово, Тетово и други места, кое покажа дека пензионерите биле целосно изманипулирани, грешно анкетирани, со цел, да се дојде до саканата анкетирана маса од ФПИОМ. Новиот анкетен материјал беше понуден на увид, со препорака и за автентично негово користење. Професор д-р Асен Групче како член на Извршниот одбор на Сојузот на пензионерите на Македонија и активен во Правно-економскиот совет, пред Уставниот суд, ги одбрани ставовите на пензионерите. Уставниот суд го затвори случајот во корист на пензионерите и препорача договорни односи со ФПИОМ за натамошно управување со солидарниот фонд.

Партиско организирање на пензионерите

По осамостојувањето на Македонија, Сојузот на пензионерите на Македонија, исто како и Сојузот на синдикатите на Македонија, се определи да дејствува како неполитичка, непартиска, невладина, граѓанска организација, иако одредени партии во неа гледаа резервоар на севкупното избирачко тело. На првите слободни демократски парламентарни избори во изборните единици беа кандидирани шест пензионери, како независни кандидати за републички пратеници, од кои, ниту еден не доби потребен број на гласови. На наредните парламентарни избори група пензионери формираа Партија на пензионерите, која не доби поддршка од Сојузот на пензионерите на Македонија, затоа што беше решено пензионерите да соработуваат со секоја партија која ја избрал народот и која се залага за доброто на пензионерите, без да им се наложува за кого да гласаат.

Во предизборната кампања, независниот Сојуз на пензионерите на Македонија, јавно ги презентираше најактуелните барања и најелементарните животни прашања кои го изразуваа нивото на животниот стандард и другите нерешени сериозни прашања значајни и за пензионерите и за општеството. Беше издадена „промеморија“ со нагласени 12 прашања: од редовната исплата на пензиите, па се до обезбедувањето лекови и домови за пензионерите. Некои од партиите целосно ги вградија овие прашања во своите партиски програми.

Меѓународна соработка – можности и потреби

Сојузот на пензионерите на Македонија во својата програма предвиде значајно место за меѓународната соработка. Во согласност со тенденциите на државата, насочени кон Европската унија и НАТО, така и Сојузот на пензионерите на Македонија го дава својот придонес за таквата определба. Во Статутот на Сојузот на пензионерите на Македонија, усвоен на 25.05.1990 година во целите, задачите и начинот на делување во точката 5 се вели: „Да остварува соработка со пензионерските асоцијации од другите земји, особено од земјите во непосредното соседство и со меѓународни и регионални организации, со цел за унапредување на организацијата, методот и содржината на работата на Сојузот на пензионерите на Македонија, како и на системот на пензиското и инвалидското осигурување во Македонија“ (печатено во брошура: Акти на Сојузот на пензионерите на Македонија, Скопје 1999 година). Изготвена е Ориентациона програма за работа на органите и телата на Сојузот на пензионерите на Македонија за периодот 1998-2002 година, во која, во точката 14 се вели: „Со меѓународната соработка Сојузот на пензионерите на Македонија, во изминатиот период направени се првите чекори за воспоставување на што поконтинуирана соработка со пензионерските организации на одделни европски држави со цел внимателно да се согледаат нивните искуства во врска со организационата поставеност, начинот на функционирање и активностите за заштита и остварување на правата на пензионерите за да се користат за унапредување на работата на Сојузот на пензионерите на Македонија.“

Во четиригодишните програмски активности 2002 – 2006 година зацртана е меѓународната соработка со поблиските и подалечните држави се до зачленување во Европската конфедерација на пензионерите, која е социјален партнер во рамките на Европската унија (прилог во книгата „Четиригодишна ориентациона програма за работа на органите и телата на Сојузот на пензионерите на Македонија во периодот декември 2002 -декември 2006 година).

Остварувана е и локална прекугранична соработка: Дебарската организација со организацијата на пензионерите од Пешкопеја, Струшката соработува со Елбасан, Охридската со Подградец, Ресенската со Корча, Битолската со Лерин, Струмичката со Петрич, Кочанската со Благоевград, Беровската со Симитли, Кривопаланечката со Ќустендил, Штипската со Земун, Карпош со Књажевац и така натаму. Ја насочуваме Градската пензионерска организација Скопје да воспостави соработка со организациите од главните градови на соседните држави.

Сојузот на пензионерите на Македонија настојува да воспостави соработка со соодветни пензионерски организации во другите држави. Со Словенија и Хрватска постојат извесни облици на соработка, кои пак со Србија и со Црна Гора

не се толку организирани. Развиена е плодна соработка (по препорака од Сојузот на синдикатите на Македонија) со големата организација на пензионерите на Италија кои се членка на Конфедерацијата на европските пензионери. Делегација на Сојузот на пензионерите на Македонија беше гостин на Конгресот на италијанските пензионери, а имаше и возвратна посета од италијанските пензионери. Италијанската федерација на пензионерите искажа и солидарност со Сојузот на пензионерите на Македонија и во времето на бегалската криза во 2000 година даде донација од 3.000 американски долари за македонските пензионери.

Со препорака на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, македонска делегација на пензионерите беше поканета и присуствуваше на Конгрес на пензионерите на Франција, по што следуваше плодотворна комуникација.

По покана од пензионерската организација на Шведска, македонска делегација на пензионерите беше гостин на шведските пензионери. Посетата и размената на мислења со оваа организација беше мошне богата по содржина. Прикажани се активности за организирање на слободното време преку бројни занимања во технички опремени работилници, со најсовремена опрема.

Француските пензионери организираа средба на пензионерите од медитеранската област, во Алжир. Македонската делегација таму го презентираше текот на реформата на пензискиот систем.

Во организација и со целосна поддршка од федерацијата на пензионерите на Франција, во Романија се одржа симпозиум „како да се оди на патот кон ЕУ и како тој пат да го следат пензионерските организации од државите кандидати за влез во ЕУ“. На овој симпозиум имаше делегација и од македонските пензионери.

Делегација на Сојузот на пензионерите на Македонија присуствуваше на конгрес на пензионерите во Албанија, со кои имаме најразвиена соработка.

Со поддршка на Федерацијата на италијанските пензионери, во Хрватска, на регионалната мултинационална средба на пензионерските организиации од овој дел на Европа насочена за развивање и унапредување на меѓусебната соработка, присуствуваше и делгација од Сојузот на пензионерите на Македонија.

Во рамките на добрата соработка со бугарските пензионери, македонските пензионери, како едни од ретките гости, присуствуваа на Обедителниот конгрес на пензионерите од Бугарија во Софија. Бугарските пензионери беа во возвратна посета и се запознаа со животот и работата на пензионерите во Сојузот и во организиациите во Тетово и Куманово.

Потрено е, Сојузот на пензионерите на Македонија да се стреми кон членство во Европската конфедерација на пензионерите (FERPA) која заедно со Европската конфедерација на синдикатите се инструмент за унапредување на животниот стандард и на работниците и на пензионерите. Поволности од членувањето би биле: тие заедно со синдикатите се силен социјален партнер во бројни структури на Унијата како толкувачи на положбата, животот и стандардот на пензионерите и на работниците; и секојдневно ги следат, проучуваат и анализираат значајните тековни информации кои ги дистрибуираат кон членките за преземање соодветни активности, што е важно и за нас.

Реформите во системот за пензиско и инвалидско осигурување

Историски гледано системот за пензиско и инвалидско осигурување има релативно стабилен развој. Забележани се неколку интервенции. Пензиите се намалени за 8 отсто, под изговор дека не е соодветен односот со движењето на платите. Изменет е принципот на усогласување, па наместо со општото движење на платите, усогласувањето почна да се врши според движењето на платите во нестопанските дејности (кои стагнираа) со симболично усогласување од 0,2 отсто годишно. Укинат е додатокот за одење на годишен одмор К-15, направена е рестрикција на правото за станбен придонес, минимизирана е поддршката за користење на пензионерските одморалишта и направено е нивно отуѓување (национализација). Владата формира Републички комитет за рефомирање на пензискиот систем. По двегодишна работа, во 2002 година беше презентиран новиот тростолбен пензиски систем.

Пензионерски домови

Градењето пензионерски домови во Македонија е започнато во шеесетите гонини на 20-от век. Пред тоа, малубројната пензионерска организација и немала сопствени простории и објекти. Под покровителство на Синдикатите, со донации од донатори и со сопствена работна рака, изградени се пензионерски домови во Струмица, Дебар, Гостивар, Гевгелија, Пробиштип и други места. Некои домови се градени со договор помеѓу Сојузот на пензионерите на Македонија и ФПИОМ. Во Жировница материјалите за градба на пензионерскиот дом ги обезбеди ФПИОМ, а работната рака и градбата е извршена од пензионерите. ФИОПМ изгради домови кои ги дарувал на пензионерите во Крива Паланка, Велес, Битола и некои други градови. До 2002 година изградени се вкупно 39 домови скоро во сите општински центри во Републиката.

Пред пет години, ФПИОМ покрена акција да го преземе управувањето со сите домови во Републиката. За таа цел направени се и измени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Организациите на пензионерите и Сојузот на пензионерите на Македонија остро се спротиставија на овие промени. Тука помогна и новиот Закон за граѓански организации и фондации во Македонија. Некои домови се вратени на пензионерските организации со судски пресуди (Домот во Чаир – Скопје и други).

Организирани одмори на пензионерите

Во буџетот на ФПИОМ, беше планирана ставка за финансиска помош на пензионерите за користење годишен одмор. Со текот на времето тие средства се намалуваа и на крај целосно се укинати. Сојузот на пензионерите на Македонија презема активности за враќање на ова стекнато право. Се очекува и Синдикатите да го поддржат ова барање. ФПИОМ назначи неколку одморалишта, од затворен вид, како пензионерски, во кои се даваа повластени десетневни одмори за пензионерите со ниски примања. Меѓутоа, инфлацијата придонесе и повластените цени за пензионерите да бидат неприфатливи, па одморалиштата остануваа неискористени. Такви беа одморалиштата во Катлановска бања, „Спиро Захов“ во Банско, „Илинден“ и „Галеб“ во Струга и Пензионерско одморалиште на

Преспанското езеро. Некои општински пензионерски организации финансиски им помагаат на своите членови за користење годишен одмор.

Сојузот на пензионерите на Македонија настојува да воспостави практика со взаемна размена, македонски пензионери да престојуваат во одморалиштата во Албанија, Бугарија, Црна Гора, Србија и слично.

Спортот меѓу пензионерите

Спортските активности се развиваа со развојот на пензионерската организација, најпрво на општинско, меѓуопштинско и регионално ниво. Спортот постепено станува програмска активност на Сојузот на пензионерите на Македонија. Иницијатори биле поранешни активни и забележителни спортисти. Формирана е републичка комисија за негување и развој на спортските активности. Првите Републички спортски пензионерски натпревари одржани се во Охрид 1996 година.

Табела 2.: Општински центри, година на одржување и број на учесници во пензионерските спортски игри

Година	**Место на одржување**	**Број на учесници и гости**
1996	Охрид	150
1997	Гевгелија	350
1998	Куманово	500
1999	Виница	550
2000	Ресен	800
2001	Велес	600
2002	Охрид	857

Натпреварувањата се во дисциплините: шах (мажи, жени), пикадо (мажи, жени), стрелаштво (мажи, жени), тегнење јаже (мажи, жени), фрлање ѓуле (мажи, жени), трчање (мажи), скок од место (мажи), брзо одење (мажи).

Секции на жените пензионерки

Во пензионерските организации не се врши никаква дискриминација според полот, иако се користи единствен назив – пензионер. Сепак бројот на жени во раководните структури не е соодветен на нивниот вкупен број во здруженијата, а таков пример има во сите структури во општеството па и во Европа.

Десетина години наназад, некако стихијно почнаа да се формираат женски секции при општинските сојузи на пензионерите. Тие прават планови и активности кои се финансираат од разни извори, па и од донации.

Сојузот на пензионерите на Македонија настојува нивната активност да биде вградена во општинските планови и соодветно поддржана.

Примена на Законот за здруженија на граѓани и фондации

Во самостојна Република Македонија донесен е Закон за здруженија и граѓани и фондации кој е објавен во „Службен весник“ на Република Македонија бр. 31 од 1998 година. Сојузот на пензионерите на Македонија како најголема невладина, непартиска и граѓанска организација новите законски решенија ги прифати како чекор поблизу до стандардите во Европската унија. Постојните форми на граѓанско организирање се преструктуираа. Сојузот на пензионерите на Македонија успешно го приспособи својот Статут и судски го верифицира. Како неповолна одредба од новиот Закон, се назначи можноста за едноставно формирање нови здруженија од 5 граѓани. Доколку тоа земе замав во организацијата ќе доведе до раситнување и слабеење на пензионерските здруженија. И недореченоста за територијалниот принцип на организирање би можела да доведе до сепаратизам во организацијата.

Прилози

Во книгата „Македонските пензионери денес“, на крајот, дадени се следните прилози:

-Реферат „50 години живот и работа на македонските пензионери“, Скопје 1996 година.

-Четиригодишна ориентациона програма за работа на органите и телата на СЗПМ 2002 – 2006.

-Шестти конгрес на пензионерите на Република Франција.

-Медитеранска средба на пензионерските организации од овој регион, во Алжир.

-Во книгата е даден и модел на „Правилник за работа на солидарен фонд“.

Струмичките пензионери пред својот дом, 1990 година

Дел II

НЕГОВОТО ВИСОЧЕСТВО ПЕНЗИОНЕРОТ (2003-2006)

Драги Аргировски, Скопје 2006.

(оригиналната книга е на 227 страници)

Напомена:-прераскажани, парафразирани и цитирани содржини од оригиналното издание.

За навремено и вистинито информирање

Транзицијата во македонското општество е долготраен мачен но важен и потребен период. Во тоа време евидентно е чувството на незадоволство кај пензионерите и потребата од поголемо почитување како личности и за нивното наталожено искуство. Пензионерите го актуелизираат прашањето на својот идентитет и намалената социјална грижа, со ниски пензии и недоволна здравствена заштита во време на скапотија. Написите од нашите дописници на единственото јавно месечно гласило -прилогот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“, кој се печати од 2005 година, ја подигаат свеста и сè посилно се слуша гласот на пензионерите и во другите јавни гласила. Публицистичката студија „Неговото височество пензионерот“ од Драги Аргировски е огледало на СЗПМ, во мандатниот период 2002-2006 година. Нејзина цел е анимирање на јавноста и афирмирање на пензионерите и нивните здруженија. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) нагласено се залага за подобрување на положбата на пензионерите, за редовна исплата и усогласување на пензиите и подобрување на социјалната и здравствената заштита, подобрување на домувањето и отворањето клубови за дневен престој. Оваа публикација е поврзана и со јубилејот 60 години пензионерско организирање во Македонија. Првиот напис е посветен „За навремено и вистинито информирање“, затоа што информации и „знаење“ има се повеќе, ама важна е нивната вистина. Еве и статистика: околу 270.000 пензионери (семејни, старосни и инвалидски) организирани се во три сојузи. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во 2004 година, брои околу 210.000 членови, организирани во 48 здруженија. Бројноста на членовите во здруженијата е најразлична, исто како и територијалната дисперзираност во општинските центри, со опфат на селата кои припаѓаат на општината, а понекаде и територии на неколку општини. Тоа влијае и на можностите за добивање општи и специфични информации од локален интерес за пензионерите. Облик на задоволување на потребата за разјаснување на прашања од локален карактер е печатењето пензионерски билтени-информатори. Здруженијата соработуваат и со локалните печатени и електронски медиуми и пласираат информации за своите активности. Ефективни се и известувањата преку огласните табли на здруженијата. Тематските состаноци за информирање исто така се користат. На ниво на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се користат повеќе видови на комуникации за информирање. Секој месец се печати прилогот

„Пензионерски видици“ во Нова Македонија. Од 2005 година, МТВ ја емитува неделната емисија „Трета доба“ со пензионерска тематика.

Прилог кон историјата: Шест децении на пензионерско организирање во Македонија -факти за периодот 2003-2006 година

„Историјата на здруженијата на пензионерите е историја и на СЗПМ -и обратно“

Во 2006 година се навршуваат 60 години пензионерско организирање во Македонија, од донесувањето на првиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување во 1946 година. Вкупниот број на пензионери во декември 2005 година достигнува до 272.740. Тие придонесувале, граделе, подигале семејства, трошеле и афирмирале, а сега заслужено добиваат пензија.

Сојузот на пензионерите на Македонија (СПМ) конституиран по осамостојувањето на Република Македонија, сега под името СЗПМ, делува како самостојна, невладина, неполитичка и непрофитна заедница на 48 здруженија на старосни, семејни и инвалидски пензионери, со над 400 ограноци и преку 30 пензионерски домови. Во годината кога одбележува 60 годишен јубилеј оваа организација е најбројна, добро организирана, технички добро опремена и со забележителна програма на активности, како со значење за унапредување на состојбата на пензионерите така и за нивно активно вклучување во сите области на живеење во општеството. Приходите во здруженијата во најголем дел се од членарината. Активностите се финансираат од таа членарина, а хуманиот солидарен аспект се искажува преку помагање на болните и на оние со најниски пензии. За помош на семејството на починат пензионер, во здруженијата се формирани солидарни фондови за исплата на посмртнина. Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (ФПИОМ) од 1993 година ги сервисира солидарните фондови, а во 2003 година СЗПМ и ФПИОМ склучија Спогодба за начинот на задршката на членарината и уплатата на износот за Солидарниот фонд, од пензиите. Висината на овие задршки ја определува СЗПМ, а ФПИОМ средствата ги дозначува на сметките на здруженијата, кои редовно вршат исплата според правилник. На седница на 24 ноември 2004 година, ФПИОМ побара од Владата да даде предлог до Собранието, да се изгласа закон за управување и располагање со Солидарниот фонд само од страна на ФПИОМ, на што се спротивстави пензионерската организација. Членарината во 2006 година изнесува 20 денари од кои 1,6 денари се за буџетот на СЗПМ, а 18,4 денари за програмите и активностите на здруженијата.

СЗПМ, во рамките на застапувањето на пензионерските потреби, даде иницијатива, годишно, ФПИОМ да исплатува додаток за одмор ткн. К-15, кое право е укинато во 1993 година. Континуирано е залагањето пред органите на државата, за заштита и унапредување на правата и заштитата на пензионерите. До Собранието на РМ доставени се предлози за измени и дополнување на неколку закони од областа на пензиското и инвалидското осигурување и здравствената заштита. Во 2005 година преку претседателот на Владата, доставена е иницијатива за законско регулирање и враќање на одземениот износ од 8 отсто со Законот за исплата на плати и пензии од 1993 година, дури е предложено и да се исплати и камата за времето додека не се вратат закинатите износи. Иако ова

право беше регулирано и со судска одлука од 1997 година, ФПИОМ се до 2005 година не ја спроведуваше судската одлука. СЗПМ поднесе и иницијатива до Уставниот суд на РМ за оценка на согласноста со Уставот на РМ на измените и дополнувањата на чл. 37 од Законот за ПИОМ во врска со усогласувањето на пензиите. Во 2005 година одржани се јубилејните Десетти пензионерски спортски натпревари, под покровителство на претседателот на Владата на Македонија. Оваа година, Првата Републичка фолклорна ревија беше завршна манифестација на ревиите од трите региони: Тетово, Кочани и Неготино, со желба таа да прерасне во Фолклорен фестивал на пензионерите.

Здравствената заштита на пензионерите е важно прашање за кое се залагаат СЗПМ и здруженијата на пензионерите. До ФЗОМ насочувани се барања и нагласувани се нередовната снабденост со лекови од позитивната листа и други поплаки од пензонерите, барана е и подобра организација и функционирање на мрежата на здравствени установи. Во 2003 година направено е обемно истражување во градовите низ Републиката за проблемите со лековите, кое е објавено во посебна брошура „За подобра здравствена заштита на пензионерите“, во која се искажани конкретни состојби и барања за решавање на проблемите. Во 2005 година до Собранието е поднесена иницијатива за законско регулирање на правото за користење здравствена заштита надвор од местото на живеење, особено за пензионерите кои престојуваат по неколку месеци во места во кои имаат викендички и сл.

Раководствата на пензионерите настојуваат и остваруваат квалитетна соработка со централата и со филијалите на ФПИОМ. Претседателот на СЗПМ е покануван како гостин на седниците на УО на ФПИОМ, а поднесена е иницијатива до Собранието, со закон да се регулира, во овој УО да има редовен член -претставник од пензионерите. Засега од ФПИОМ нема одговор на предложениот проект од СЗПМ, за начинот на исплатата на разликата на пензиите од 8 отсто. Со ФПИОМ добро се соработува за сервисирање на Солидарниот фонд, освен по прашањето за задршката во корист на СЗПМ да биде и од четирите инвалидски здруженија кои се членки на СЗПМ. Поднесена е иницијатива до Собранието за дополнување на Законот за ПИОМ, така што ФПИОМ ќе има законска обврска да ја врши задршката за Солидарниот фонд од пензиите.

На 1 октомври 2005 година претседателот на СЗПМ, Душко Шурбановски, со делегација, присуствуваше и изнесе реферат за пензионерските прашања и организираност на 18. Конгрес на Европската асоцијација за заштита на стари лица (ЕУРАК) во Љубљана, Словенија. Притоа на претседателката на ЕУРАК и врачи монографија „50 години пензионерско органзирање во Македонија“ на англиски јазик, како и примероци од билтени за спортските игри и фолклорната ревија.

Преку Европската агенција за реконструкција во 2005 година, СЗПМ доби грант од Данскиот совет за бегалци, за опремување на здруженијата на пензионерите со компјутери и обука на персоналот. Данскиот совет за бегалци изготви и Програма за среднорочен развој на СЗПМ, со визија, мисија и области на делување во периодот 2006-2008 година: -заштита и унапредување на интересите и правата на пензионерите во областите на пензиското, инвалидското и здравственото осигурување; -унапредување и развој на солидарните фондови на здруженијата; -подобрување на квалитетот на општествениот живот на

пензионерите; и -институционален развој и организациско јакнење на СЗПМ. Планирано е создавање интерпарламентарна група од пратениците во Собранието на РМ, преку која ќе се лобира во Собранието за сите потребни прашања на пензионерите. Програмата е усвоена од Собранието на СЗПМ. Во врска со прославата „60 години пензионерско организирање“ во 2006 донесено е решение да се формира посебна комисија.

Со цел за целосно објективно информирање на пензионерите, побарано е од ФПИОМ да отпочне со издавање заедничко гласило за објавување информации и од работата на ФПИОМ и за активностите на СЗПМ, а тоа не е остварено. Сепак на иницијатива на Драги Аргировски и со поддршка од весникот „Нова Македонија“ во 2005 година воведен е редовен месечен информативен прилог „Пензионерски видици“. Доколку во ФПИОМ се прифати предлогот тој да биде соиздавач на овој прилог, наместо еднаш месечно, периодот на излегување ќе биде пократок, а обемот поголем. Во програмата на МРТ од 2005 година воведена е редовна популарна неделна емисија „Трета доба“.

Со цел, претседателот на Владата на РМ изворно да биде запознат со положбата и потребите на македонските пензионери, остварена е средба со премиерот Владо Бучковски и раководството на СЗПМ, на 28.01.2005 година. Премиерот беше запознаен дека, во 2003 година, СЗПМ има потпишано Спогодба со ФПИОМ за задршка на членарина и средства за Солидарен фонд и уплатување на сметките на здруженијата, а сега е побарано тоа да се уреди со закон, како и да не се наплатува поштарината од пензионерите при доставувањето на пензиите преку поштарските разнесувачи. Понатаму, побарано е да се донесе закон за да продолжи исплатувањето на потребен износ, со кој ќе се надоместуваат закинатите 8 отсто на поранешните пензии, со образложение дека на тој начин ќе се надомести штетата настаната со укинувањето, кое понатаму влијаеше и на усогласувањата на пензиите. Во врска со здравствената заштита побарано е подобрување на здравствената мрежа во руралните места и подобрување на снабденоста со лекови и дадена е забелешка против партиципацијата во цената на лековите.

Раководството на СЗПМ оствари средба и со претседателот на Собранието на Р. Македонија, со кого се водени разговори за подобрување на соработката со Собранието (пратениците и собраниските комисии) за решавање на прашањата и проблемите на пензионерите. Оваа соработка во минатото била посодржајна, а сега се има впечаток како да се запоставува.

На 25.01.2005 година остварена е средба со министерот за труд и социјална политика и раководството на СЗПМ. На средбата присуствуваа и раководителите на ФПИОМ. Помеѓу прашањата за кои меѓусебно се разговараше, како најважно беше решавањето на пропустот со дозначување средства од Солидарниот фонд до новите инвалидски здруженија кои фактички не се членови на СЗПМ.

Во рамките на соработката со ФПИОМ, продолжени се разговорите со првите луѓе за надминување на пропустите во сервисирањето на Солидарниот фонд, за издавање заедничко информативно гласило, за поддршка од ФПИОМ за пензионерските спортски натпревари и идејата тие да прераснат во Балканска пензионерска олимпијада. Од ФПИОМ информираат, дека, преку прибирање средства по неколку основи, успеваат да ги реализираат постојните обврски од кои најголем обем зафаќаат пензиите. Реформите се во тек и добро се

реализираат. Воведен е нов процес за наплата на придонесите, во електронска форма, што многу го подобрува системот. Во единствена постапка, ФПИОМ ги прибира и насочува придонесите во првиот и вториот пензиски столб, кој се активира од 01.01.2006 година. Се следат и измените во законот за пензионирање кои ќе стапат во сила после две години и според кои во пензија, по правило, ќе се оди според возраста. Соработката со сите пензионерски асоцијации ќе биде интензивирана.

Во врска со Градскиот сојуз на здруженијата на пензионерите во Скопје забележано е дека тој е формиран уште во 1950 година, кога бил формиран Републички одбор на пензионерите во рамките на Синдикатот на Македонија, при што бил избран Градски совет на пензионерите на ниво на град Скопје, а тој послужи и како урнек за фомирање организации на пензионерите и во општините, кои навистина настанаа во шеесеттите и сеумдесеттите години на 20. век. По заедничка иницијатива и со големи материјални вложувања, Градскиот одбор на СЗП Скопје изгради пензионерски домови во населбите Аеродром, Автокоманда, Чаир и Ѓорче Петров. Од 2005 година органи на СЗП Скопје се Собрание и Извршен одбор. Овој Сојуз се залага за унапредување на статусот на пензионерите во градот Скопје, за реконструкција на рекреативниот центар „Катланово“, за решавање на статусот на пензионерските домови, за изградба нови домови, за бенефициран јавен превоз, за унапредување на информирањето и ја координира работата на општинските здруженија.

СЗПМ се промовираше и на НВО Саемот „5. Форум на граѓанското општество во Македонија“ од 9-11 декември 2005 година. Таму е остварена средба со претседателот на РМ, Бранко Црвенковски и специјалниот претставник на ЕУ и шеф на мисијата на ЕК во РМ, Ерван Фуере и со министерот за труд и социјална политика Стевче Јакимовски. Во панел дискусиите на тема за сиромаштијата учествуваше потпретседателот Андон Марковски при што тој ја нагласи потребата за зголемување на најниските пензии и за изградба на два нови пензионерски домови во Скопје.

Во рамките на активностите на здруженијата забележано е „Мултиетничко дружење на пензионерки и пензионери од Македонија“ во организација на ЗП Тетово во 2005 година, на кое се дружеа и прикажаа свои фолклорни традиции пензионерки Македонки, Албанки, Турчинки, Ромки, Србинки и Црногорки од 8 градови во РМ со гости од Драч, Албанија. Средбата беше финансирана од ОБСЕ. Одржана е и средба на претставници на пензионерите од Албанија, Косово и Македонија.

По повод десетгодишнината од добиената донација од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и отворањето на Клуб на пензионери во Неготино, на почетокот на 2006 година, остварена е „Средба на благодарноста“ во просториите на МЦМС во Скопје. Притоа водени се разговори за граѓанското организирање во Македонија и за негова поддршка.

Осврти, согледувања, погледи

Седници на Собранието на СЗПМ – во фокусот актуелни прашања

Во мандатот 2002-2006, Собранието на СЗПМ одржа осум седници. Разгледувани се прашања за: афирмација на пензионерската популација, заложба за заштита на правата, унапредување на организацијата, помош, поддршка и соработка со здруженијата. Конститутивна седница се одржа на 12.12.2002 година. За претседател на Собранието и на Извршниот одбор на СЗПМ избран е Душко Шурбановски и донесена е Програма за работа во четиригодишниот мандат. На втората седница, решавани се организациски и други актуелни прашања и усвоени се годишен извештај и финансиски план. Солидарниот фонд и висината на членарината се помеѓу важните прашања кои ги засегаат пензионерите и за кои е решавано на третата седница. Натаму ова е договарано и решавано заедно со здруженијата и со ФПИОМ. Одлучено е членарината да биде 20 денари, а уплатата за Солидарниот фонд по 120 денари од член. Побарана е измена на Законот за здравствената заштита. На четвртата седница одржана на 01.03.2004 година, во СЗПМ примени се новите здруженија: ЗП Ѓорче Петров, и инвалидските здруженија од Охрид, Кавадарци, Велес и Прилеп. Петтата седница за централна тема ја имаше најавената едностана измена во сервисирањето на Солидарниот фонд, со интенција таа да не се прифати. Натаму, на шесттата седница посебно место зазема договарањето соработка со пензионерските асоцијации од балканските земји и формирање Балканска пензионерска асоцијација (веќе постои Медитеранска федерација на пензионерските организации, а европските пензионери се здружени преку синдикалниот сојуз ФЕРПА), како и организирање Балканска пензионерска олимпијада и Балкански пензионерски фолклорен фестивал. Овие ставови се изнесени на советувањето во Струга 2004 година, кога македонските пензионери беа домаќини на меѓународна средба на претставници на пензионерите од Албанија, Бугарија, Црна Гора, Турција и Македонија и за која начелна согласност има и од другите балкански држави. Развивана е соработка и со други организации, како МЦМС, Универзитетот „Трета доба“ и др. Натаму, на седмата седница се усвоени Програмата за работа за периодот 2006-2008 и акцискиот план, кои беа подготвени од асоцијацијата „Дански совет за бегалци“. На осмата седница на 27.02.2006 година усвоен е Извештајот за работата, завршната сметка и Програмата и Финансискиот план за 2006 година. Во работата на седниците, посебно место е давано за реализирање на програмските задачи и развивање на спортските и културно-забавните самодејности и активности. Залагањето да се влијае за подобрување на здравствената заштита на пензионерите има значајно место на седниците. Поттикнувана е работата на активите на жените пензионерки како и заложбата за поддршка и помагање на помалите здруженија за учество на републичките спортски игри и на фолклорната ревија.

Пензионерите и локалната самоуправа

Пензионерската организација постепено го актуелизира прашањето за својот идентитет и општествено влијание. Организацијата се залага за решавање на болните прашања: ниските пензии и недоволната здравствена и социјална грижа. Во 2005 година има напредок во слободните активности на пензионерите.

Одржани се 10. Јубилејни републички пензионерски спортски натпревари и Првата републичка фолклорна ревија на пензионерите.

Регистрирано е, дека, во Собранието на РМ има само еден пратеник од пензионерските редови, а во општинските совети има избрано само неколку пензионери, што укажува на тивка маргинализација на довчерашните градители и раководители во државата. СЗПМ се залага, локалната самоуправа во секоја општина да им додели на пензионерските организации простории за нивните активности. Постојните 35 пензионерски домови не се доволни ни со станбени ни со работни простории. Се бара и изградба на нови домови, барем два во Скопје, еден во Штип и во другите места. Потребни се и клубови за дневен престој на пензионерите, а во раководствата да се вклучуваат помлади пензионери кои со своето знаење и умеење ќе ја направат организацијата помобилна. Се иницира и процес за обединување на инвалидските здруженија во еден сојуз.

Богати форми на активност

Со добрата организациска поставеност, во СЗПМ и во здруженијата и со изборот на поспособни кадри во раководството, евидентен е напредокот на авторитетот во општеството и афирмацијата на пензионерската популација. Во статутите на здруженијата на пензионерите, определени се целите и организацијата. Раководни органи се собранијата, а извршни органи се извршните одбори, кои во најголем број случаи се составени од истите членови кои членуваат и во собранијата. Контролата ја врши надзорен одбор. Се формираат работни комисии и други тела за поорганизирано работење и совесно планирање и извршување, а грижата за документацијата и евиденцијата, архивирањето и контролата се одлика на работењето во најголемиот број од здруженијата. Во многу здруженија со финансиски вложувања, а често и без вложувања, волонтерски, се спроведуваат значајни активности, кои го подобруваат културниот, забавниот и спортскиот живот, се одржуваат и предавања и работилници за континуирана едукација од многу области. Тука, со цел да се прикажат разните форми, збирно се наброени некои активности и се опишува состојбата. Секако дека има многу здруженија со примерни активности, а некои од нив прераснуваат и во традиционални општонародни-пензионерски средби, како што се фолклорните средби, ткн. средби „на зелено“, збратимувања и спогодби за соработка. Во некои здруженија, решено е да може да се зачленуваат и брачните другари кои не се пензионери, па и тие се вклучени во сите права и обврски, вклучително Солидарниот фонд. Формирани се културно-уметнички друштва со повеќе секции: драмска, хор, машка и женска фолклорна група, дуети, солисти, оркестар со народни инструменти, рецитатори и сл. Се одржуваат литературни средби и другарувања, се организираат излети и посети на познати места, се дава финансиска и материјална помош на посиромашните и болните пензионери, се организираат забавни вечери, колективни посети на театарски и други претстави. Здруженијата имаат остварено успешно гостување во странство (Лесковец, Подградец, Софија, Јесенице и др.) и на повеќе регионални и градски култуни манифестации во сите краеви на Македонија. Забележителни се активностите на активите на жени пензионерки. Постигнати се и успешни спортски резултати на натпреварувањата на сите нивоа. Потпишани се спогодби за соработка со други здруженија на пензионери од Републиката и со други

организации и институции, а во Сојузот на борците на Македонија се пристапи како колективен член. Преку ова набројување се согледуваат активностите во здруженијата кои повеќе или помалку се поклопуваат, секако прилагодени на конкретните услови (нема секаде потреба од организирано снабдување со дрва, зимница, краткорочно бескаматно кредитирање и сл.). Понекаде се забележани и пропусти од помал или поголем карактер, меѓутоа тие не се толку значајни за да ги засенуваат вкупните успеси и брзо се реагира да се надминуваат негативните појави. Во текот на 2004 и 2005 година во ЗП Карпош се спроведува долготраен процес за согледување на социјалната положба на членовите и изготвување *социјална карта*, а по анализата плански ќе се преземаат чекори за помагање на сиромашните и болните и други хуманитарни акции. Се поддржува организираниот одмор на пензионерите во рекреативните објекти на ФПИОМ, за кои постои интересирање поради повластените цени. Најмногу активности се реализираат во основните клетки, а тоа се *ограноците и клубовите* на здруженијата преку другарување на неформални средби, како и со добро организирани плански активности. Територијалниот принцип на организирање ги отсликува реалните состојби во Републиката и по етничките белези, а во членувањето и активностите нема никаква дискриминација. Иако се констатира дека во раководствата процентот на жени е помал, тогаш мора да се нагласи дека тие предначат во сите активности. Новите општествени појави во граѓанските организации се забележуваат и во работата на здруженијата. Така неколку здруженија веќе имаат добиено странски донации за опремување и унапредување на нивната работа. Карактеристичен е податокот дека ЗП Карпош ги прифати воените пензионери за свои членови.

Потреба од подобра здравствена заштита и грижа за пензионерите

Согледувајќи ја потребата за поголема грижа за старите лица со ниски пензии кои живеат осамено, во неизвесност, разочараност, страхувања и насилства врз нив, СЗПМ интензивно се залага за остварување на поднесената иницијатива до владините институции за отварање неколку регионални домови за згрижување стари лица и за формирање патронажни служби за помош на изнемоштените и во градовите и во руралните места. Од пензионерските здруженија се очекува да изготват *социјална карта* за членството и заедно со Црвениот крст и локалната самоуправа да се грижат за најзагрозените. Преку проектот „Сите сме нивни деца – Да им помогнеме на старите лица“ собрани се околу еден милион денари за подобрување на условите во домовите за стари лица „Мајка Тереза“ во Злокуќани -Скопје, „Сју Рајдер“ -Битола, „Киро Крстевски Платник“ -Прилеп и во „Зафир Сајто“ -Куманово.

Бројноста на популацијата „65+“ е сè поголема и со тоа повеќе се актуелизираат здравствените и социјалните проблеми на оваа популација. Стареењето, биолошки е неминовно и важно е, уште од младоста да се започне со превенција од патолошко стареење на луѓето, да се намалуваат ризиците за здравјето, болестите рано да се откриваат и ефикасно да се лекуваат, да се унапредуваат здравствените и другите служби и квалитетот на услугите. Старите луѓе 3-6 пати повеќе користат здравствени услуги и лекови отколку луѓето во зрелата животна возраст. Придонес за нивно здравствено осигурување се уплатува преку ФПИОМ во ФЗОМ. Комисијата за здравство во СЗПМ и здравствените

комисии во здруженијата треба повеќе да придонесуваат во интерес на здравото стареење „Да им дадеме живот на годините, а не години на животот“.

Солидарни фондови во здруженијата на пензионерите

Со осамостојувањето на Република Македонија и транзицијата во општеството, се изменија и некои претходно постојни поволности. Се намалуваше социјалната грижа за помош на семејствата во кои има починат пензионер со еднократно давање ткн. „закопнина“, се до обезвреднување и укинување, за разлика од другите поранешни југословенски републики и европските земји. Одржани се многу состаноци, анализи, консултации и договори за овој проблем. Испробувани се модели и баран е најодржливиот. Во договор со ФПИОМ се задржува месечна рата од секоја пензија за Солидарниот фонд. Според определбата на здруженијата, средствата им се назначуваа на нивните сметки, или за нивните членови се формираше сметка во осигурителната компанија „Кјуби-Македонија“. Од страна во ФПИОМ се појави пропуст, кога дел од средствата се назначуваше и на здруженијата на трудовите инвалиди кои не се пензионери. Инвалидските пензионери основаа и регистрираа свои здруженија, па Координативно тело на чело со претседателот на СЗПМ, претставници од инвалидските здруженија, Министерството за труд и социјална политика и ФПИОМ, проба да најде начин да се усогласат барањата за единствени правила во Солидарниот фонд. Координацијата не успеа, а проблемите останаа и се искомплицираа. Незадоволни од состојбата, здруженијата на инвалидските пензионери од Велес, Кавадарци, Прилеп и Охрид побараа и беа примени во СЗПМ. Во тоа време Собранието на СЗПМ донесе и Одлука за услови за прием нови членки во СЗПМ, и Одлука за висината на членарината за членување во здруженијата и за задршката за Солидарниот фонд. Потпишана е и Спогодба помеѓу СЗПМ и ФПИОМ за правата и обврските во управувањето со Солидарниот фонд и членарината на здруженијата. Брачните другари на починатите инвалидски пензионери кога преоѓаат на семејна пензија, по автоматизам стануваат член на соодветно здружение на старосни и семејни пензионери независно каде пред тоа членувал починатиот брачен другар.

Грижа за старите лица

Пензионерите бараат многу повеќе државата да се грижи за укажување помош, здравствена грижа и нега во домашни услови и амбиент за пензионерите, со цел за остварување подостоинствен живот. Дел од оваа потреба ја даваат невладини организации. Водечка хуманитарна организација која се грижи за старите изнемоштени и сиромашни лица е Црвениот крст на Македонија. За улогата на „Ел Хилал“ и „Каритас“ во Македонија, овде немаме податоци. Црвениот крст организира посети во колективни и во индивидуални домови, а преку јавни манифестации влијае за подигање на свеста и помагање на старите лица. Се вршат лекарски прегледи, се разговара, се носат подароци и се даваат и други потребни услуги за набавки и сл.

Илустрација: „Проект грижа на стари лица во заедницата финансиран од Европската Унија“

Македонија како и многу европски земји се соочува со стареење на населението. Поради проблемите кои со себе ги носи трендот на демографското стареење, на ова прашање му се посветува сè повеќе внимание. Со зголемување на очекуваното траење на животот, се зголемува и потребата за долгорочна нега и мобилни услуги за грижа за старите лица. Од таа причина Црвениот крст на РМ развива вонинституционални форми за поддршка на старите лица, што е и една од целите на Проектот „Грижа на стари лица во заедницата“. Проектот е финансиран од Европската Унија во рамките на националната програма за привремена поддршка и јакнење на институционалните капацитети, IPA 2009. Од страна на Европската Унија, за имплементација на проектните активности обезбедени се средства во висина од 128.800 евра (7.921.200 денари). Проектен партнер на Црвениот крст на РМ е Австрискиот црвен крст кој обезбеди поддршка во висина од 14.982 евра (921.393 денари), со кој националното друштво во досегашниот период остварува плодна соработка. Црвениот крст на РМ во проектот учествува со 6.038 евра (371.337 денари). Проектните активности ќе се имплементираат во период од 18 месеци, завршно со јуни 2015 година, преку општинските организации на Црвен крст Прилеп, Кичево и Гостивар во соработка со единаесет граѓански здруженија. Целта на проектот е зајакнување на капацитетите на општинските организации на Црвен крст и граѓанските здруженија за обезбедување на социјални сервиси за старите лица во Прилеп, Гостивар и Кичево, како и јакнење на соработката помеѓу граѓанскиот сектор и владините институции и локалната самоуправа во областа на грижата за старите лица. Преку зајакнување на капацитетите ќе се подобри квалитетот на менаџирањето на волонтерите и мобилизирање на ресурси за развој на социјални програми за старите лица. Исто така со проектните активности ќе се актуелизираат прашања за грижа на старите лица и ќе се подигне свеста на општата популација за поддршка и заштита на старите лица. Со имплементација на проектот ќе се придонесе за подобрување и про-активно учество на граѓанскиот сектор во општествено – економскиот развој на Македонија и спроведување на законодавството на Европската Унија.

1-ви Октомври –Меѓународен ден на старите луѓе

Од 1990 година, по препорака на ООН секоја година „1 Октомври“ се одбележува како ден посветен на старите луѓе. Во 1995 година изготвена е и Акциона програма на Светскиот самит за општествен развој во Копенхаген. Нагласено е дека секоја единка без оглед на возраста има право и обрска за активна улога во општеството. Мотото во 2005 година е „Стареењето во новиот милениум: сиромаштијата, старите жени и развојот“ со интенција на родова еднаквост на сите полиња.

Изградба домови за стари луѓе

Според податоци од Државниот завод за статистика во Република Македонија старите луѓе учествуваат со 12,2 % од вкупното население. Секое старо лице (вклучително и лицето сместено во дом за стари лица) има право со

него да се постапува со почитување на неговата личност и достоинство, без дискриминација во односот кон него, или во пристапот до правата, односно има право на здрава храна, чиста вода, сместување, здравствена заштита и осигурување, право на организирање на слободното време, соодветна грижа и заштита од семејството или институциите за грижа на стари лица. Исто така, старите лица треба да се заштитени од каков било облик на физичко или психичко насилство и да знаат каде може да пријават несоодветен однос или евентуално насилство и повреда на нивните права.

СЗПМ континуирано се залага за подобрување на инфраструктурата за колективно сместување стари луѓе. ИО на СЗПМ ги актуелизира веќе доставените иницијативи до надлежните владини институции за да се организира социјална заштита во областа на домувањето, со овозможување поголема достапност до домови за стари луѓе на целата територија на РМ. Првата анализа е направена и иницијативата е покрената уште од 2003 година, а дедени се и конкретни предлози за четири нови домови во четири региони (Повардарие, Кочанско-брегалнички, Охридски и Штипско-струмички), за домови на стари лица, со капацитет од 100 до 150 корисници. Барањето повторно е доставено до Министерството за труд и социјална политика. Од причина што во Скопје живеат околу 80.000 пензионери од кои голем број имаат потреба од колективно домување, се бара, тука да се изградат барем уште два државни дома за пензионерите.

Во РМ има 35 пензионерски домови, од кои за извесен број, не е решена сопственоста, одржувањето и условите за прием и сместување. Вакви домови има во Берово, Битола, Македонски брод, Валандово, Велес, Виница, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струмица, Тетово, Штип, Карпош-Скопје, Чаир-Скопје, Аеродром-Скопје и Гази Баба-Скопје. Постојните 4 дома во Скопје со капацитет од 258 станари се исполнети, а со години се чека да се ослободи место за тие кои ги исполнуваат условите за сместување во нив. Домовите се погодни и за работни простории на здруженијата и за простории за клубови за дневен престој.

Во последно време во подем е отворањето на приватни домови за колективно живеење на стари лица, во кои се пружаат сите потребни услуги како што се исхрана, одржување хигиена, здравствена заштита и нега, организирани активности и другарување. Цените за сместување во овие домови се релативно високи, но сепак нивниот капацитет е исполнет. Денес има и други модалитети за отворање старски домови.

Пензионерски самодејности на културно поле

Во 2003 година започна нова програмска задача на СЗПМ: организирање пензионерски ревии на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти. Така првата ревија е одржана во Пробиштип со 200 исполнители од 9 здруженија. Втората, во 2004 година е одржана во Штип, Велес и Куманово со вкупно 500 исполнители од 24 здруженија. За нив се искажани високи оценки и препораки да станат традиционлни и со прецизирани правила и жири комисија составена од: етнолог, музичар и фолклорист. Во 2005 година прво се планирани ревии во

четири региони со настапи во Тетово, Охрид, Кочани и Неготино. Одржани се тие во Тетово, Неготино и Кочани со 600 исполнители од 32 здруженија. Во Универзалната сала во Скопје, на 7 октомври 2005 година се одржа Првата Републичка фолклорна ревија на пензионерите од Република Македонија на која учествуваа избраните ансамбли кои настапуваа на регионалните ревии. Во двочасовната програма настапија 15 здруженија со вкупно 300 исполнители. Пензионерите практикуваат фолклорни настапи организирани и по други поводи, одбележувања во градовите, средби со други здруженија и сл. Се планира во иднина да се организира и Балканска фолклорна ревија.

Во здруженијата на пензионерите во повеќе општини се одржуваат поетски вечери и други слични средби. Се размислува да се одржи Прва Републичка поетска манифестација на пензионерската популација. Пензионерите творат, пишуваат проза и поезија, сликаат, организираат театарски групи и др. Активите на жени пензионерски имаат богат репертоар на волонтерски активности. Секако најголемиот дел се за културно-забавниот живот, домашни ракотворби, хуманитарни акции и одбележување на празникот 8 Март.

Спортски пензионерски активности

Физичката активност, особено изразена преку редовно спортување, го одржува и подобрува здравјето во секоја возраст. Не само пензионираните спортисти, туку сите пензионери треба да практикуваат физичка активност, усогласена со можностите и условите. Посебен мотив се спортските натпреварувања. Во здруженијата на пензионерите и СЗПМ се спроведуваат организирани спортски игри и натпревари преку комисии за спорт. Од 1996 година се води статистика на организирани и одржани регионални и републички спортски натпревари. Во 2005 година веќе е дојдено и до јубилејните Десетти Републички спортски натпревари. Постепено е подобрувана организираноста, зголемуван е бројот на дисциплините, зголемуван е бројот на натпреварувачите, постигнувани се сè поголеми успеси, организирани се и придружни манифестации и официјални средби и состаноци на раководствата и најмногу е популаризирано другарувањето и заедничката забава, што придонесува и за присуство на многубројна публика. Спортистите се подготвуваат преку годината во здруженијата, за да изберат реперезентација која настапува на регионални натпревари, а најдобрите настапуваат на Републичките натпревари. Натпреварувањето е по строги правила и упатства кои важат за сите еднакво. Со спортувањето човекот се рекреира, релаксира, се забавува и се дружи, се обновуваат старите и се стекнуваат нови пријателства, се информира меѓусебно, се запознаваат природните и урбаните убавини. А освоените места, признанија и награди, се мотив повеќе за редовно спортување. Последните три олимпијади се придружени и со настапи организирани од Комисијата за културно-забавен живот, па така се доби и ширина во случувањата, збогатени спортски активности, музичка веселба и поетски читања и настапи. СЗПМ извесно време заговара организирање и одржување Балканска пензионерска олимпијада, која засега како идеја е на самиот почеток. Треба да се одбележи редовното присуство на видни државни раководители, луѓе од локалната самоуправа, бизнисмени и гости. На Деветтите по ред натпревари присутни беа и првите луѓе -претставници на пензионерите од Црна Гора, Бугарија, Албанија и Турција. На работниот

состанок, тие, покрај другото, исто така ја поддржаа идејата за балканско организирање на пензионерите и за Балканска пензионерска олимпијада, притоа беше потенцирана потребата да се подготви основачко собрание.

Во 2005 година одржани се и Четвртите спортски натпревари помеѓу здруженијата на инвалидите на трудот и корисници на инвалидска пензија од Република Македонија, со 114 натпреварувачи од здруженијата: Гази Баба, Центар, Кисела Вода, Берово, Валандово, Гевгелија, Куманово и Тетово. Тие се натпреварува во шах, пикадо, тегнење јаже, трчање, фрлање копје, диск и ѓуле.

Во организација на СЗПМ, а под покровителство на претседателот на Владата на РМ, Владо Бучковски, кај мотелот Лозар на велешкото Езеро Младост, на 10 септември 2005 година, се одржаа Десеттите јубилејни републички пензионерски спортски натпревари. Во говорот на отворањето, премиерот вети „пакет“ мерки кои ќе започнат од 2006 година, со цел да се подобри положбата на пензионерите. Овие натпревари беа одбележани преку голем број популарни информативни прилози во сите медиуми.

Во организација на СЗП на Град Скопје, под покровителство на градоначалникот на Скопје, во салата на Домот на пензионерите Аеродром, на 13 Ноември, Денот на ослободувањето на Скопје, се одржа традиционален шаховски турнир помеѓу екипи од здруженијата на пензионерите од Градот Скопје. Првото место го освои екипата на Кисела Вода, пред екипите на: МВР-Скопје, Центар, Карпош, Гази Баба, Чаир и Ѓорче Петров.

Избор на информации

2005. година -Една година на прилогот во Нова Македонија

„Пензионерски видици“

Првите 12 броеви на единственото гласило во печатен медиум посветено на пензионерите се карактеризираат со интересна и богата содржина. Објавени се 190 прилози со актуелни теми, осврти, согледувања, белешки и прикази, интервјуа, информации, вести, анкети, поетски творби, афоризми и писма до редакцијата. Точните и навремени информации од сите области, се важен извор за состојбата, случувањата, потребите и постигнувањата. Редакцијата на Нова Македонија, овој прилог го печатеше без надомест, само со договор за откупување одреден број примероци од весникот за здруженијата. Се настојува соиздавач (финансиер) на овој прилог да биде и ФПИОМ, за да се овозможи почесто и поопширно негово излегување, со многу повеќе изворни информации за работата на ФПИОМ. Ќе се зголеми редакцискиот одбор, бројот на дописниците, ќе се воведат нови рубрики и совети за користење на правата на сегашните и идните пензионери. Така е во многу држави во Европа.

Електронските медиуми се повеќе во своите програми опфаќаат емисии посветени на пензионерите. Македонското радио -Радио Скопје воведе „Утринска програма за пензионерите“, а Македонската телевизија, неделна програма „Трета доба“. И локални пишани и електронски медиуми за јавно информирање се повеќе имаа содржини од пензионерскиот живот.

СЗПМ издава *информативни билтени* за републичките спортски натпревари и републичката фолклорна ревија.

За веб страницата и работата на ФПИОМ

Како дел од реформските активности, ФПИОМ воведе веб страница. Европските стандарди за електронско рабоење, е-Влада, ефикасно, брзо и точно информирање и комуникација со осигурениците интензивно се вградуваат во работењето на ФПИОМ. Веб страницата на ФПИОМ е финансирана од Заемот за развој на социјалната заштита во висина од 37.000 долари. Директорот на ФПИОМ ги потенцира новите процеси во работењето, затоа што преку ФПИОМ, пензии добиваат околу 13,7 отсто од населението на РМ. Тековната реформа на пензиското работење е во интерес на значајно подобрување на условите, можностите и резултатите во работата. По 15 години од осамостојувањето, ФПИОМ, треба да прерасне во современа и ефикасна институција на системот. Граѓаните заслужуваат сигурни пензионерски денови затоа што „младоста е привилегија, а пензијата придобивка“. Секоја година се прават анализи, се донесува План и програма на активности и задачи, се утврдува буџет на ФПИОМ (приходна и расходна страна) се донесуваат одлуки, правилници, упатства и други подзаконски прописи. ФПИОМ ги презема сите потребни мерки за поефикасно прибирање на средствата од придонесите за исплата на пензиите, за уплата за здравствено осигурување, за пренесување на средствата во вториот пензиски столб и за трошоците на работењето на ФПИОМ.

Поддршка на создавање единствен сојуз на инвалидските пензионери

Во втората половина на септември 2005 година се водат интензивни договарања за формирање единствен сојуз на инвалидски пензионери, така што ќе се интегрираат постојните три сојузи: Сојуз на трудови инвалиди (СТИ), Сојуз на трудови инвалиди и корисници на инвалидска пензија (СТИКИП) и Сојуз на инвалидски пензионери (СИПМ).

По десетти пат пензионерките во Македонија ја покажаа својата хуманост и дружењето за солидарност на манифестацијата „Блакцето на баба“

Преку дружење и донациско подготвување колачиња, по разни стари и нови рецепти, пензионерките на манифестацијата „Блакцето на баба“ традиционално, на Велешкото Езеро, обезбедуваат финансиски средства со кои помагаат за лекување на одредени лица. Во 2005 година манифестацијата е јублејна, десетта, а собраните средства се наменети за операција на прилепчанецот Миле Стојкоски. Средбата е во февруари, добро организирана со повеќе активности, забава и другарување. Долгогодишен спонзор на манифестацијата е фирмата „Раде Кончар„ Скопје и нејзиниот менаџер кој е по потекло од Велес.

❖

Во 2006 г. СЗПМ одбележува 60 години пензионерско организирање. Тоа е повод за пообемно јавно информирање и афирмирање за „неговото височество пензионерот“.

❖

ДЕЛ III.

ПЕНЗИОНЕРСКА САГА -*реална слика за пензионерскиот живот*
Драги Аргировски, (2006-2007), Скопје 2007 година
(оригиналната книга е на 255 страници)

Напомена:-прераскажани, парафразирани и цитирани содржини од оригиналното издание.

Континуитет и во новиот милениум

Пензионерското организирање во Македонија во 2006 година ја доживеа својата шеесеттагодишнина. Во фокусот се напорите за поквалитетно живеење на членството, за ширење на пријателството, хуманоста, зголемување на социјалната сигурност и достоинство. Висината на пензиите, здравствената заштита, домувањето и сигурноста се најчувствителните прашања. Сеуште се живи пензионери кои пред само 60 години го ослободија македонскиот народ со борба против фашизмот, и веднаш почнаа ударнички да ја обновуваат и градат материјалната основа, низ нивниот работен век често „одвојувајќи од својата уста и устите на своите деца“, тие заслужуваат достоинствена старост.

Време на отчети

Според пропишаните организациски задачи, во првото тромесечие на 2006 година, во здруженијата на пензионерите и во СЗПМ се одржаа отчетни седници на собранијата. Извршните одбори прво подготвуваа и усвојуваа годишни извештаи за работата и за финансискиот план, кои потоа се презентираа, се дискутираа и усвојуваа на собранијата. Се набројуваат резултатите, но се потенцираат и проблемите. Во овој период актуелно е лошото снабдување со лекови од позитивната листа, недоволната служба за итна медицинска помош и мрежата на медицинската служба во руралните краеви. Неадекватно е покачувањето на пензиите и има проблеми со Солидарниот фонд и ФПИОМ. Здруженијата настојуваат со разни проекти и хуманитарни активности да им помогнат на најзагрозените.

Во пензионерската асоцијација секој ден се случува нешто, и сето тоа волонтерски со голем ентузијазам. Најмасовни, програмски случувања на ниво на СЗПМ, се традиционалните спортски натпревари и ревии на песни, игри и музика, кои се организираат на неколку нивоа (во здруженијата, регионални и републички). Културните и забавните самодејности на пензионерите не се исцрпуваат само преку ревиите на ансамбли и групи со песни, игри и музика, туку, голем број пензионери пишуваат поезија и проза, сликаат, ракотворат, даваат приредби. Волонтерските хуманитарни активности исто така се застапени. Претходниот претседател, м-р Вите Исјановски, прогласен е за почесен претседател на пензионерите на Македонија.

Организациски активности -Осма седница на Собранието на СЗПМ

На 27.02.2006 година Собранието на СЗПМ, на осмата седница, ги разгледа: Извештајот за работата и Завршната сметка за 2005 година, и усвои Програма за работа и Финансов план за 2006 година. Во 2005 година, главни активности биле иницијативите до државните институции, за заштита на правата и интересите на пензионерите и за подобрување на материјалната положба, развивање на солидарноста и хуманоста. Крајот на исплатата на претходно закинатите 8 отсто од пензиите беше тема за разговори во Владата, но без успешно решение. Позитивни оценки добија Десеттите Републички пензионерски спортски натпревари, Првата Републичка фолклорна ревија на пензионерите и информативното гласило „Пензионерски видици“, како и емисијата „Трета доба“ на МТВ. Во планот за 2006 година е формирање Интерпарламентарна лоби група, за застапување на пензионерите во Собранието на РМ.

Меморандум за разбирање помеѓу Владата на РМ и СЗПМ

На 10.06.2006 година претседателот на Владата на РМ и претседателот на СЗПМ, потпишаа Меморандум за разбирање, со цел да се подобрат условите и стандардот на пензионерите со: покачување на пензиите за 10 отсто, ослободување од партиципација за лекови и здравствени услуги на лица постари од 65 години, подобрување на снабдувањето со лекови, пропишување рецепти за лекови за три месеци, ослободување од поштарина за доставување на пензиите, создавање правна основа за сервисирање на Солидарниот фонд, изградба на пензионерски домови и др. За остварување на договорените обврски, формирана е и работна група составена од членови на Владата и од СЗПМ.

Достојно одбележување на Денот на македонските пензионери

Како и другите години, и во 2006 година, во здруженијата и во СЗПМ достојно е одбележан Денот на македонските пензионери, во духот на одбележувањето на 60-годишнината на пензионерското организирање. Најсвечено беше во Кавадарци, Гази Баба, Струмица, Штип, Гевгелија, Велес и Струга.

Иницијатива за пореално усогласување на пензиите

До претседателот на Собранието на Р. Македонија, до претседателот на Владата на РМ и до министерот за труд и социјална политика, СЗПМ достави иницијатива за пореално усогласување на пензиите со предлог за измена на чл. 23 од Законот за изменување и дополнување на ЗПИО („Сл. весник“ на РМ бр. 85/03) така што да се врши усогласување со 80 отсто од порастот на платите, наместо како што е сега регулирано, со 40 отсто. Иницијативата е доставена и до сите пратеници во Собранието на РМ.

Состанок со претседателите на здруженијата на пензионерите

Во октомври 2006 година, во СЗПМ се одржа состанок со претседателите на извршните одбори на здруженијата на пензионерите членки. На овој состанок направен е осврт на претстојните избори во организацијата, кои треба да завршат до крајот на 2006 година. Посебно е расправано за солидарните фондови и невистините за нив изнесени во некои медиуми.

Деветта седница на Собранието на СЗПМ

На 29.11.2006 година, се одржа деветтата седница на Собранието на СЗПМ, како последна во овој мандат. Разгледан е извештај за работата. Дискутирано е и за препораката која беше дадена на политичките партии, тие, на парламентарните избори, во своите кандидатски листи да вклучат и пензионери. Се покажа, дека само во УО на ФЗОМ е ставен претставник на пензионерите, а има малку пензионери пратеници, како и во локалните самоуправи или во управите на други јавни институции. Во 2006 година, Извршниот одбор одржа три седници и два состаноци со претседателите од здруженијата. Поведени се иницијативи да продолжи компензацијата од 8 отсто во пензиите, како камата за долгот, потоа законски да се регулира сервисирањето на Солидарниот фонд преку ФПИОМ, да се подобри формулата за усогласување на пензиите, да се уреди Управниот одбор на ФПИОМ да го именува Собранието на РМ, а не Владата на РМ и во него да има претставник од СЗПМ, поштарината за доставување на пензиите да се укине, да се вратат правата за бесплатно лечење и лекови на лица постари од 65 години, да се прошири позитивната листа на лекови, подобра снабденост со лекови, проширување на мрежата здравствени установи и упростено добивање на рецепти во руралните населби и за време на отсуство од местото на живеење. Во Извештајот за работата набележани се сите планирани и реализирани, како и нереализираните активности на СЗПМ и здруженијата во текот на 2006 година

Конститутивна седница на Собранието на СЗПМ

На 20.12.2006 година, се одржа конститутивна седница на Собранието на СЗПМ, за мандатниот период 2007-2010 година, на која се верифицираа мандатите на претставниците од здруженијата во Собранието на СЗПМ. Членовите на Собранието едногласно за претседател повторно го избраа Душко Шурбановски кој по функција е и претседател на Извршниот одбор на СЗПМ. На оваа седница избран е и Извршен одбор и Надзорен одбор.

Прва седница на Извршниот одбор на СЗПМ

На 11.01.2007 година, се одржа првата седница на ИО на СЗПМ на која за потпретседател е избран Андон Марковски, а за секретар повторно Чедо Георгиевски. Избрани се и работни групи за подготовка на програми и документи за работа на комисиите на ИО на СЗПМ.

Втора седница на ИО на СЗПМ

На 31.01.2007 година, се одржа втората седница на ИО на СЗПМ, на која се дискутираше за подготовка и заземање ставови по заклучоците на Владата на РМ во врска со Солидарниот фонд. Избрани се работни тела на ИО: Правно-економски совет, Комисија за спорт и рекреација, Комисија за здравство, Комисија за информирање, Комисија за културно-забавен живот, Комисија за соработка, Комисија за солидарни фондови.

Состанок со претседателите на здруженијата на пензионери

На 05.02.2007 година, се одржа состанок со претседателите на извршните одбори на здруженијата. Заклучено е дека ФПИОМ нема капацитет да управува со Солидарниот фонд, кој мора да остане и понатаму на управување во здруженијата.

Средба со Никола Груевски, претседател на Владата на РМ

На 15.02.2007 година, во Владата на РМ, делегација од СЗПМ оствари средба со претседателот на Владата на Република Македонија. Притоа пред претседателот изнесени се сите неостварени иницијативи и дадени се барања за подобрување на состојбата на пензионерите.

Втора седница на Собранието на СЗПМ

На 26.02.2007 година, се одржа втората седница на Собранието на СЗПМ. Главни теми беа: Солидарниот фонд, Програмата за работа за периодот 2007-2010 и Програмата за работа за 2007 година. Разгледана е завршната сметка за 2006 година, и усвоен е финансов план за 2007 година.

Средба со Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на РМ

На 02.04.2007 година, во Собранието на РМ делегација од СЗПМ оствари средба со претседателот на Собранието на РМ. Притоа пред претседателот изнесени се сите неостварени иницијативи и дадени се барања за подобрување на состојбата на пензионерите.

Средба со Трифун Костовски, градоначалник на Скопје

Во април 2007 година, делегација, составена од раководствата: на СЗПМ, на СЗП на град Скопје, и од ЗП Центар, ЗП Кисела Вода, ЗП Карпош и ЗП Гази Баба, оствари средба со градоначалникот на град Скопје. Притоа пред градоначалникот изнесени се постигнувањата и потребите, како и барања за подобрување на состојбата на пензионерите во градот Скопје.

Поволни пансионски цени за престој во објектите за одмор и рекреација

Во мај 2006 година, во интервјуто со помошникот на директорот на ФПИОМ, добиени се податоци за пензиската реформа која почна да функционира од 2006 година, така што ФПИОМ ги собира, контролира и распределува придонесите за државниот и приватните пензиски фондови. Во периодот од 1966-1989 година, за потребите на корисниците на пензија изградени се 38 домови за живеење, 21 клуб како посебни градежни објекти за дневен престој и 3 домови за одмор и рекреација (во Претор, Катлановска Бања и во Банско). ФПИОМ овозможува поволни услови за пензионерите при користењето на домовите за одмор и рекреација.

Покрај користењето на пензијата пензионерите можат да засноваат и работен однос

Во декември 2006 година, во интервјуто со помошникот на директорот на ФПИОМ, добиени се информации за преодните услови за остварување право на старосна пензија, само врз основа на пензиски стаж, кои ќе важат само до 01.09.2007 година. Наброени се и условите под кои заедно со користењето старосна или инвалидска пензија, пензионерот може и да се вработи, а притоа да му се задржува одреден дел од пензијата во зависност од бројот на работните часови кои ги остварува со новото вработување и можност за зголемување на пензијата доколку се остварат поволности во текот на новото вработување. Изменета е и регулативата за стекнување право на семејна пензија со склучување брак со пензионер, при што бракот треба претходно да траел најмалку 5 години.

Од работата на Управниот одбор на ФПИОМ

На 25.12.2006 година, Управниот одбор на ФПИОМ, одржа редовна седница, на која водечка тема беше финансиската состојба со оценка за 2006 година. Забележано е зголемување на вкупните приходи, што се должи на зголемувањето на платите, наплатата на придонесите и поволната продажба на акции и удели. И расходите се зголемени како резултат на зголемениот број на пензионери и усогласувањето на пензиите за 2,66 отсто.

Разговори во ФПИОМ

Во јануари 2007 година, претставници од: СЗПМ, Сојузот на инвалидски пензионери (СИП), Сојузот на трудови инвалиди (СТИ) и Сојузот на здруженијата на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија (СЗИТ и КИПМ) разговараа со директорот на ФПИОМ, во врска со новите ставови на Владата на РМ за Солидарниот фонд, со кои е наложено ФПИОМ да управува со него. На овие ставови се спротивстави претставникот од СЗПМ, со образложение, дека веќе еднаш таквата одлука е укината од Уставниот суд и тоа не е добро решение, туку со средствата треба да управуваат здуженијата на пензионерите.

Успешно реализирани програмските задачи и обврски од имплементацијата на пензиската реформа

На 14.04.2007 година, УО на ФПИОМ, на седница, позитивно го оцени Извештајот за работењето на ФПИОМ во 2006 година. Со реформата на пензискиот систем, воспоставен е процесот на собирање, контрола и распределба на придонесот меѓу државниот и приватните пензиски фондови. Во 2006 редовно се реализирани сите исплати на пензиски примања. Остварени се добри резултати во делот на оценката на работната способност. Спроведувани се меѓународни договори за социјално осигурување. Надограден е информатичкиот систем на ФПИОМ. Стручната служба оствари зголемени активности.

Финална конференција на проектот „Јакнење на капацитети на организации од граѓанското општество“

–Истакнати резултати на СЗПМ

Во јануари 2007 година, се одржа Финалната конференција на проектот „Јакнење на капацитети на организации од граѓанското општество“ финансиран од ЕУ, раководен од Европската агенција за реконструкција преку Данскиот совет за бегалци. Корисник на овој проект беше и СЗПМ. Заедно со материјалната и финансиската помош за СЗПМ, значајно е да се одбележи оствареното оспособување на 40 пензионери, да можат самостојно да подготвуваат проекти за нови донации, кои уште повеќе ќе придонесат за благосостојбата на членовите на здруженијата на пензионери и на СЗПМ.

Ориентациона програма за работа на Собранието на СЗПМ

за 2007-2010 година

Собранието на СЗПМ усвои Ориентациона програма за работа за периодот 2007-2010 година, со следните поглавја:

1. Остварување на уставните и законските права на пензионерите.
2. Институционален развој и организациско јакнење на СЗПМ.
3. Солидарно осигурување, социјална заштита и хуманитарна дејност.
4. Подобрување на квалитетот на животот на пензионерите.
5. Информирање.
6. Одлука: секоја година СЗПМ и здруженијата ќе организираат одбележување на денот на пензионерите на Македонија – 20 Септември.

Препорака од Правно-економскиот совет на СЗПМ

Со цел за поефикасно организирање и дејствување, неопходно е потребно да отпочнат постапки за измени и дополнувања на статутите на СЗПМ и на здруженијата на пензионерите во Република Македонија. Законот за здруженија на граѓани и фондации не е најсоодветен за СЗПМ, меѓутоа таков сеуште се применува, а нашите организации мораат подобро да се организираат.

Третта седница на Извршниот одбор на СЗПМ

На 14.05.2007 година, ИО на СЗПМ ја одржа третата седница. Подготовката на осумте регионални и на Републичките спортски натпревари, како и на четирите регионални ревии на песни, музика и игри во 2007 година беа главни теми на дневниот ред. Донесени се програмите за работа на органите и телата на ИО (комисиите). Одбиено е барањето на новоформираното ЗП Ѓорче Петров, за прием во СЗПМ, затоа што според актите на СЗПМ, не треба да има паралелни здруженија во иста општина.

Поглавје „Во фокусот на...“ и поглавје „Во посета на...“

Во продолжение на погоре набележаните наслови и текстови, во книгата „Пензионерска сага“ следуваат две поглавја насловени со: „Во фокусот на...“ и „Во посета на...“.

Книгата „Студија на пензионерското организирање“ е конципирана за да ги прикаже случувањата на највисоко ниво, односно во СЗПМ, а бидејќи спомнатите поглавја се однесуваат на активностите и случувања во здруженијата во текот на 2005, 2006 и 2007 година, тие содржини тука *не се прераскажани само се споменуваат*.

На почетокот има напис за Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје, а потоа следуваат написи за ЗП Карпош, ЗП Гази Баба, ЗП Кисела Вода, ЗП Куманово, ЗП Дебар, ЗП Гостивар, ЗП Струмица, ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Прилеп, за Универзитетот „Трета доба“ и за здруженијата на инвалидските пензионери. Натаму следува опис на активностите во ЗП Свети Николе, ЗП Чаир, ЗП Ресен, ЗП Кочани, ЗП Прилеп, ЗП Охрид, ЗП Гевгелија, ЗП Кавадарци, ЗП Пробиштип, ЗП Карпош, ЗП Струга, ЗП Гази Баба, ЗП Виница и ЗП Валандово. Опишани се активностите и организациските седници: изборни, конститутивни, отчетни, плански, редовни и вонредни. Опишани се содржините на плановите и реализираните активности, како што е стопанисувањето со пензионерските домови и клубови и друг недвижен и подвижен имот, грижата за стандардот и здравјето. Наброени се спортски и културно-забавни случувања, екскурзии, средби „на зелено“, посети, хуманитарни активности, едукативни предавања, разни одбележувања, работа на комисиите, секциите, ограноците, клубовите за дневен престој, активите на жените, културно уметничките друштва. Се зборува за информирањето, меѓурегионалните средби, меѓународната соработка, соработката со други невладини организации и учеството на инвалидските пензионери и многу други случувања. Во 2006 година, од организациските активности водечки се: изборите, промената на статутите и иницијативите за зачувување, унапредување или враќање на изгубени права за пензионерите. Од 47 здруженија на пензионери членки на СЗПМ, само во 12 одделно има претседател на Собранието, а одделно претседател на Извршниот одбор. Дури во 35 здруженија овие две функции се сконцентрани во иста личност, иако едната функција е управна, а другата извршна со финансиско располагање. Исто така и членовите на извршните одбори се бираат од редот на членовите на собранијата, и јасно е, дека, истите луѓе и управуваат (донесуваат одлуки) и располагаат со средствата. Сепак има и издвоени случаи во кои тоа не е така, како на пример според Статутот на ЗП Карпош од 2006 година. Во помал број здруженија има организациски решенија кои овозможуваат ангажирање на што поголем број различни личности на функционалните места, додека во други здруженија, исти личности обавуваат задачи на неколку нивоа и во различни органи и тела и едновремено се претставници од здружението во органите и телата на Градскиот сојуз и на СЗПМ.

Градскиот сојуз се залага за судско разрешување на сопственоста на Пензионерскиот дом Аеродром, за порационално користење на Рекреативниот центар Катланово и за поголема соработка со здруженијата во градот Скопје. ЗП Карпош покренува проект „социјална карта“ за следење на социјалната положба на членовите. Во ова здружение согласно Статутот, пропишана е неспоивост на

функциите во Собранието и во Извршниот одбор на здружението, а успеваат да обезбедат и добивање кредити од Комерцијална банка за членовите. Во ЗП Гази Баба специфично е членувањето и на брачните другари на пензионерите, постоењето КУД „Пензионер“, хор, актив на пензионерки и големата соработка со Сојузот на борците. Во ЗП Кисела Вода се истакнува грижата за здравјето преку организирано мерење шеќер во крвта, крвен притисок и предавања, а недостасува поблиска соработка со локалната самоуправа. Таму е во фаза на разрешување на проневерата на голема сума пари од Солидарниот фонд во 2003 и 2004 година. Во ЗП Струмица е карактеристично дека членуваат и земјоделски пензионери.

Организирани масовни случувања со здруженија на пензионерите се: Битола „Пензионерите пеат“, Битола „Илинденски денови“, Долнени „Фестивал Пеце Атанасовски“, Куманово „Пензионерите за својот град“, Велес „Блакцето на баба“, Виница „Томина недела“, Кочани „Осоговски натпревари“, Берово „Петровденски средби“, „Коријада“ на ЗП Кисела Вода, „Баницата на баба“ во Еленец, Македонска Каменица, пречек на новата година, приредби на верски празници (Божиќ, Василица, Св. Трифун, Велигден, Петровден, Св. Пантелеј, ...), „Осмомартовски средби“, Средби во Југо-западниот регион, Кавадарци „Тиквешки гроздобер“, Ресен „Преспански јаболкобер“, Струмица „Струмички карневал“, Штип „Штипско културно лето“, „Шегобијна разгледница во Куманово“. „Излети на зелено“ се организираат во: Ѓуриште, Ораовица, Беровско Езеро, Лесново, Лешок, Стар Дојран, Дошница, Валандовски „Св. Ѓорѓија“, Кочанско Гратче, Пониква, Кочански „Св. Пантелеј“, Ваташа. Масовни чествувања има во Крушево, Пелинце, Скопје и на други места.

Поголема соработка со синдикатот, Црвениот крст и меѓународни пензионерски организации

СЗПМ има планска задача за соработка со многу домашни и меѓународни владини и невладини организиации, органи, институции, работни организации и сл. Како работно тело на Извршниот одбор на СЗПМ, формирана е Комисија за соработка, која ја проектира програмата, покренува иницијативи, организира и спроведува соработка од обостран интерес. Наброени се планирани соработки со: Сојузот на трудови инвалиди; Сојузот на инвалидски пензионери; Сојузот на трудови инвалиди и корисници на инвалидска пензија; меѓународни пензионерски асоцијации; пензионерски организации од странски држави; Сојузот на синдикатите; Црвениот крст; Службата на Владата на РМ за соработка со невладиниот сектор; Одделот на Генералниот секретаријат на Владата на РМ; создавање Интерпарламентарна лоби група со пратеници од Собранието на РМ; Сојузот на борците на Македонија; меѓународните организации и фондации: СОРОС, УСАИД, Европска агенција за реконструкција, МЦМС и со ЗЕЛС.

Од меѓународната соработка

Пријатна средба со гости од Албанија

За време на одржувањето на 11. Републички спортски натпревари 2006 година, во Крани, делегација на пензионерите од Подградец, Албанија, имаше средба и разговори за размена на искуства и за поголема соработка со претставници на пензионерската организација од Македонија.

Гостување на КУД „Ѓоко Симоновски“ од ЗП Куманово во Албанија

Во октомври 2006 година, КУД „Ѓоко Симоновски“ од ЗП Куманово оствари средби и соработка со претставници на албанските пензионери, а одржа и концерти во Подградец, Драч и Тирана.

Гости од Холандија во Берово

Во јуни 2006 година, на пензионерскиот фестивал во Берово заедно со беровските пензионери настапи и хорот „Жан и Алеман“ од Хаг, Холандија и притоа исполнија изворни малешевски и старогорадски македонски песни.

Соработка со етно-музиколози од Холандија

Во 2006 година, група етно музиколози од Холандија беа во Пробиштип. Тие го проучуваа народниот фолклор со помош на КУД „Весели пензионери“ од ЗП Пробиштип. Наредната, година, на 02.04.2007 година, истата организација оствари случување во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ кај Крива Паланка, на кое македонскиот фолклор го презентираа групи од Пробиштипските пензионери, Холанѓани, Белгијци и Германци.

Признание за м-р Вите Исјановски

Во декември 2006 година, на м-р Вите Исјановски, во СЗПМ, на свечен начин му беше врачено официјално признание: Почесен член на Конфедерацијата на синдикатот на пензионерите од Подградец, Република Албанија, за долгогодишната соработка и разбирање.

Делегација на пензионери од Стара Загора, Бугарија во Охрид

Во јуни 2007 година, во тридневна возвратна посета на ЗП Охрид престојуваше делегација на пензионерите од општината Стара Загора, Бугарија. Притоа водени се заеднички разговори и разменети се искуства од двете организации.

Фолклорни импресии

Тоа е насловот на следното поглавје во книгата „Пензионерска сага“.

Во него се опишани ревиите на песна, музика и игри, како и другите фолклорни настапи на здруженијата на пензионерите. Во 2005 година, одржана е Првата Републичка фолклорна ревија на пензионерите од Република Македонија во Универзалната сала во Скопје. Во 2006 година, одржани се регионални ревии во Свети Николе, Велес и Гостивар и две Меѓурегионални ревии во Струмица и Прилеп. Во 2007 година, одржани се регионални ревии во Охрид, Куманово, Валандово и во Штип.

Признанија од СЗПМ на КУД „Весели пензионери“ од ЗП Пробиштип

За извонредните резултати постигнати на полето на изворниот фолклор на фестивалите и на ревијалните и концертните настапи во 2006 година, на КУД „Весели пензионери“ од ЗП Пробиштип, делегација од СЗПМ, му подари часовник со фолклорни елементи и бакрорез со мотиви од главниот град на РМ, Скопје.

Спортска разгледница

Единаесетти Републички пензионерски спортски натпревари

–Крани 2006

На 09.09.2006 година, во Крани се одржаа Единасеттите Републички пензионерски спортски натпревари во девет дисциплини: тегнење јаже, фрлање ѓуле, стрелаштво, пикадо, трчање, шах, табла, домино и скок од место. На оваа Олимпијада учествуваа 40 здруженија со вкупно 351 натпреварувач. Севкупен победник е ЗП Охрид и Дебрца.

Петти спортски игри на инвалидските здуженија

На 01.10.2006 година, Сојузот на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија, кај Беровското Езеро ја организираше Петтата спортска средба на која учествуваа здруженијата од Тетово, Битола, Куманово, Берово, Валандово, Гевгелија и Струмица, со гости од Скопје и други градови. Најдобри беа спортистите од Тетово.

Шаховски турнир во Скопје

Во чест на 13 ноември 2006 година, по повод Денот на ослободувањето на Скопје, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на градот Скопје се одржа шаховски турнир во просториите на МВР Скопје. Учествуваа екипи од седумте скопски здруженија, а победник беше ЗП Ѓорче Петров.

Дванаесетти Регионални и Републички пензионерски спортски натпревари во 2007 година

Во јуни 2007 година, во осум региони се одржаа Дванаесеттите Регионални спортски натпревари, на кои домаќини беа: ЗП Кисела Вода, ЗП ОВР Скопје, ЗП Струга, ЗП Богданци, ЗП Радовиш, ЗП Куманово, ЗП Пехчево и ЗП Демир Хисар. Вкупно учествуваа 42 здруженија со 1291 натпреварувач.

Според Одлуката на СЗПМ, Дванаесеттите Републички пензионерски спортски натпревари ќе се одржат на 15.09.2007 година, кај езерото Младост, Велешко, со 356 натпреварувачи.

Загриженост за грижата...

-Здравствена заштита на популацијата од третата доба

Во програмата за работа на Комисијата за здравство при ИО на СЗПМ набележани се задачи и активности со кои треба да се унапреди здравствената заштита на пензионерите. Главните задачи на оваа Комисија се: редовна комуникација со ФЗОМ и настојување за подобро снабдување со лекови во аптеките, подобрување на аптекарската и амбулантската здравствена мрежа во руралните подрачја и ослободување од партиципацијата за лековите и лекувањето преку Министерството за здравство, подобрување на односот на здравствениот персонал, контакти со раководствата на здравствените установи, следење на патологијата кај старите лица и насочување на програмите за превенција и

лекување. Комисијата соработува со здруженијата на пензионерите и настојува да се воведат прегледи за контрола на шеќерот во крвта и крвниот притисок, да се насочуваат активностите за рекреација и здраво стареење и да се врши здравствена едукација со предавања, написи, радио и телевизиски емисии. Комисијата ќе развие соработка со Црвениот крст и други хуманитарни организации за помош на старите лица и ќе се залага за подобрување на условите за сместување и домување на пензионерите. Таа ќе се залага кај државните институции доследно да се почитуваат Декларациите за правата на пензионерите донесени од ООН, кои се потпишани и од Република Македонија.

Средба со директорот на ФЗОМ

На 09.03.2007 делегација од СЗПМ оствари средба со директорот на ФЗОМ, со цел да се дискутира и решава проблемот со лошото снабдување со лекови во аптеките. Притоа добиено е ветување дека проблемот кој е настанат од технички причини веднаш ќе биде решен. Ќе се зголеми и бројот на лекови на позитивната листа и бројот на аптеки кои имаат договор со ФЗОМ.

Делегација од СЗПМ на средба со министерот за здравство во Владата на Република Македонија

На 13.04.2007 година, делегација од СЗПМ имаше средба со министерот за здравство, директорот на ФЗОМ и директорот на Бирото за лекови. Притоа беа изнесени барања и предлози за подобрување на здравствената заштита на пензионерите и за ослободување од партиципација на старите луѓе. Таму делегацијата доби нацрт за нов закон за здравствена заштита, со порака дека и таа ќе учествува во расправата во Одборот за здравство на Собранието на РМ.

Согледување -На старите луѓе треба да им се помогне во животот

По пензионирањето исклучена е можноста за вклучување на старите луѓе во економијата. Ниските пензии, миграцијата на младите кон градовите или нивната финансиска зависност од пензионерите, ги усложнуваат условите за живот на пензионерите. Осамените, изнемоштените и болните стари луѓе имаат потреба од хуманитарна, волонтерска или институционална помош. Потребно е да се обезбеди меѓугенерациска и внатрегенерациска рамноправност и солидарност, оджување на повеќегенерациските семејства со долгорочно помагање и давање услуги на старите луѓе. Невладините организации и приватниот сектор треба да го подобрат системот и мерките на социјалната сигурност со елиминирање на насилството и дискриминацијата.

Констатирано е, дека во Република Македонија има околу 100.000 луѓе постари од 65 години кои не оствариле право на пензија или на социјална помош. Иако за овие луѓе никаде нѐ постои евиденција, статистички се доаѓа до следниот податок: според пописот во РМ има околу 200.000 луѓе постари од 65 години. Пензионери над таа возраст има околу 100.000, што значи од другите 100.000 има голем број кои не се евидентирани во социјалните служби и не примаат социјална помош. СЗПМ поведува иницијатива за социјална пензија во РМ.

Женско пензионерско хоби...

Во ова поглавје опишани се активностите во *поедини здруженија* кои ги организираат и спроведуваат активите на пензионерките. Опишани се осмомартовски средби, ликовни изложби, творечки самодејности, литературни случувања, манифестацијата „Блакцето на баба“, манифестацијата „Томина недела“, средба во Лешочкиот манастир, хуманитарни активности, вешти жени, натпревари, предавања, посети и друго.

Нов, современ однос кон информирањето

Комисијата за информирање при ИО на СЗПМ го следи функционирањето на информирањето во сите клетки на СЗПМ и пошироко во општеството, непосредно се ангажира за издавање информативно гласило на пензионерите, подготвува соопштенија и прес конференции. Се настојува, здруженијата да се опремат со информатичко-компјутерска опрема. Се подготвува отворање на веб страница на Интернет за СЗПМ. Таа соработува со пишувани и електронски информативни медиуми од националнен и локален карактер и со информативната служба при ФПИОМ. Комисијата се ангажира во изработка на елаборат за средување на архивските материјали и податоци на СЗПМ. Во весникот Нова Македонија секој месец излегува прилогот „Пензионерски видици“, а на МТВ има неделна емисија за пензионерите „Трета доба“. Неколку здруженија издаваат свои Информатори или Билтени.

Позајмен хумор од пред 50 години, а денес...

ДЕЛ IV.

МОЕТО ИМЕ Е ПЕНЗИОНЕР - *Од репортерски агол* -
Драги Аргировски, (2007-2010), Скопје 2010 година
(оригиналната книга е на 332 страници)

Напомена:-прераскажани, парафразирани и цитирани содржини од оригиналното издание.

Пензионерската идентификација во третата доба е постојана, живееме со слични или исти проблеми, дилеми и надежи. Речиси сите сме членови на пензионерска организација, преку која ги заштитуваме своите права од пензиското и здравственото осигурување. И не само тоа, вака организирани успеваме да реализираме голем дел од новонастанатите потреби.

Од репортерски агол е согледано и значењето на објективното и навременото информирање и внесување поголема транспарентност во донесувањето на одлуките. Како скромен придонес на остварувањето на Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во процесот на пристапувањето на Република Македонија во ЕУ, е и успешната реализација на дамнешната идеја: појавата на бесплатниот весник „Пензионер плус“, во кој се третираат голем број актуелни прашања од животот во третата доба.

Со изнесените факти и сознанија, како и со прикажаните фотографии на незаборавот, книгата „Моето име е пензионер“ ќе може да послужи и како дел од историјата на пензионерското живеење во Република Македонија во првата декада на 21 век.

Животот во третото доба под лупа

Во оваа рубрика, преку лични сознанија, известувања од седници на собранија и извршни одбори и од разговори, осознаена е потребата од подобар и соодветен третман на пензионерите и старите лица во нашава земја и нивно навремено и точно информирање.

Средби со Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ

(*парафразирано***)**

Информирањето е од непосреден интерес на пензионерите. За прв пат во 62-годишната историја на пензионерската асоцијација, на 25 јули 2008 година започнува да излегува самостојно јавно гласило на СЗПМ: „Пензионер плус“. Иако од 2005 година, излегува прилогот „Пензионерски видици“, новиот весник многу повеќе ќе значи, затоа што ќе содржи повеќе страници и повеќе информации за прашањата од непосреден интерес на пензионерите, но и дел што има забавен карактер. Весникот ќе придонесува и за информирање на пошироката јавност за состојбите на оваа популациона група граѓани и за нивните потреби,

како и за анимирање на надлежните органи на државата за потребите на оваа популација, за зголемување на чувството на солидарност на помладата популација кон овие седокоси нивни родители, дедовци и баби. Весникот ќе придонесува за запознавање на помладите со придонесот на оваа популација не само за создавање на Македонската држава со учеството во Народноослободителната војна, туку и во обновувањето и изградбата на материјалната основа на земјата која беше разорена во војната. Се подготвува и веб страница на Интернет за СЗПМ.

Со усвојувањето на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, од почетокот на 2008 година, исплатата на погребнината од Солидарниот фонд на пензионерите ја врши ФПИОМ, преку своите подрачни единици. Иако одредбата од членот 130-б на Законот за пензиското и инвалидското осигурување не е прецизна, таа, сепак, се применува. Според цитираната одредба, висината на задршката од пензијата за Солидарниот фонд и висината на исплатата на отпремнината на членовите на семејството за починат корисник на пензија, ја утврдува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во „соработка“ со Сојузот на пензионерите на Република Македонија. Не е прецизен терминот „соработка“. Впрочем, во Иницијативата доставена до Уставниот суд од педесетина здруженија и поединци, побарана е заштита на уставноста. Со оглед на тоа, што Уставниот суд не донесе решение за времена мерка, каква што се бараше: да не се применуваат деловите на измените на Законот, до конечната одлука на Судот, Извршниот одбор на СЗПМ, со цел да не се одолговлекува решението и да немаат последици семејствата на починатите корисници на пензија, го соопшти своето мислење до ФПИОМ, за висината на задршката и исплатата, а ФПИОМ тоа го прифати. Уставниот суд на 26 март 2008 година донесе Решение за поведување постапка за оцена на уставноста на спорните одредби на Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Кога, Уставниот суд ќе ја донесе дефинитивната Одлука, не може да се прогнозира и поради вонредните избори за пратеници, а и поради периодот на годишните одмори во Судот.

Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, донесена во 2006 година, која се однесува за периодот 2007-2011 година, тргнува од следниве принципи: во соработката со граѓанскиот сектор Владата ќе ги почитува принципите на заемна доверба, партнерство, учество и консултации, транспарентност и независност и одговорност. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како дел од граѓанскиот сектор во Република Македонија, очекува, Владата да подготви план за следење на спроведувањето на Стратегијата. Успешната соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор претпоставува партнерски однос. СЗПМ очекува партнерски однос во решавањето на мошне широк број потреби на членовите на здруженијата на пензионерите - членки на СЗПМ и доследна реализација на програмските определби на ВМРО-ДПМНЕ 2008-2012 година, потенцирани на 121 и 122 страница во Програмата. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е подготвен да партиципира во согледувањата, проектите и утврдувањето на инструментите за нивна реализација. На раководството на СЗПМ нема да му биде тешко да ја потсетува Владата на обврските од Програмата „ПРЕРОДБА ВО 100 ЧЕКОРИ“.

За поттикнување на соработката со локалната самоуправа, потпишан е „Меморандум за соработка“. ЗЕЛС се обврза да влијае врз неговите членки -

општините, поточно врз градоначалниците и претседателите на советите, да потпишат „Спогодба за соработка“ со здружението на пензионерите во нивната општина. Се бара, да се овозможи на претставници од здруженијата на пензионерите да учествуваат во работата на Советот на општината, во неговите работни тела, да се дава поддршка со обезбедување деловни простории и клубови за дневен престој на пензионерите, изградба или адаптирање на соодветни градежни објекти за старски домови, евидентирање на пензионери со нарушено здравје, стари и сами, примена на програма на мерки кои произлегуваат од Законот за социјална заштита и други активности. Третманот од страна на општеството не задоволува. За жал, така мислат сите пензионери во Македонија. Тие се на маргините на општествениот живот. Оваа популација не учествува во решавањето на своите права и не влијае врз општествените релации со Државата.

Владата предвидува: реализација на најавуваното зголемување на пензиите во 2009 и 2010 година со вкупен пораст од околу 30 отсто за најниските пензии и околу 20 отсто за највисоките; отворање на социјални сервиси за стари и изнемоштени лица во неколку општини до средината на 2009 година, зголемување на мрежата на старски домови, како и развивање на дневни центри за стари лица преку јавно/приватно партнерство; и стимулирање на волонтерски активности за помош на стари и изнемоштени лица.

Новогодишно интервју со министерот за труд и социјална политика

Џељал Бајрами (*парафразирано*)

-Министерството за труд и социјална политика и во 2009 година работеше на повеќе полиња важни за унапредувањето на социјалната заштита, како и на подобрувањето на социјалната слика на Р. Македонија. Исто така се работеше и на подобрување на законските решенија со коишто се регулираат законите од ресорот труд и социјална политика. Во 2009 година, отворивме уште неколку народни кујни за лицата коишто во одреден период од својот живот се нашле во социјален ризик, а сè со цел, да не останат гладни. Оваа мерка ќе продолжи со отворање на народни кујни во руралните средини, каде што најчесто живеат стари лица. Во фокусот на грижата за старите лица се: обезбедување на соодветна социјална заштита (средства за живот, домување); обезбедување на вониституционални облици на заштита на старите лица (клубови за дневен престој, сместување во друго семејство и сервиси за помош на старите лица во домашни услови); обезбедување на поддршка и помош од семејството, соседите, пријателите, невладини здруженија, како и основна помош од државата. Потребно е старите лица да водат живот во којшто ќе бидат целосно ангажирани нивните потенцијали, живот во којшто ќе ја добијат потребната поддршка од семејството, соседите, пријателите, владини и невладини институции, а пред се, одговорноста за нивната заштита примарно да се грижи државата.

Соработката со СЗПМ е на одлично ниво и се надевам дека и пензионерите го делат моето мислење. Со ваша поддршка направивме неколку измени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со ваша поддршка, еве, сега ќе ја реализираме и услугата: бањско-климатска рекреација за корисници на пензија во 2010 година. Владата на РМ презема обврска исплатата на пензиите да се врши на почетокот на месецот. Во Р. Македонија се обезбеди усогласување на пензиите и

тоа: 3,5 отсто на 1.1.2009 година; 2,02 отсто од 1.7.2009 година, или вкупно 5,52 отсто за 2009 година. Од 1 јануари 2010 година усогласувањето на пензијата ќе се врши според порастот на индексот на трошоците на животот во висина од 50 отсто и порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Македонија во висина од 50 отсто. Отворивме два дневни центри за престој на стари лица кои ги нарекуваме „Клубови за стари лица“. Во нив старите лица и пензионерите можат не само да се дружат, туку и да ги добиваат потребните услуги, како што се згрижување, медицинска помош, услуги и помош во одржување на лична хигиена за оние коишто не се способни тоа самите да го прават, оброк за оние што не можат да си готват и така натаму. Во блиска иднина ваков клуб за стари лица ќе биде отворен во Македонски Брод. Оваа година треба да се отпочне со реконструкција и надградба на домот за стари лица „Сју Рајдер“ во Битола, за што од ИПА фондовите ќе се одвојат 600.000 евра, а од буџетот на МТСП 150.000 долари.

Ванчо Муратовски, претседател на ССМ

-Не се оди напред без договор со трудбениците (*парафразирано*)

Според мене, Синдикатот и СЗПМ природно се надоврзуваат една на друга организација - пензионерите се некогашни трудбеници, додека синдикалците и работниците се идни пензионери. Не може да се заборави дека во 2008 година се случи експресното менување на Законот за работни односи. Без никакви консултации, Владата донесе закон со кој работниците се сведени на луѓе без право на глас, укинати се многу права. Веднаш да го соопштам нашиот став: ССМ е за синдикален плурализам. Не само што не ни пречат другите синдикати, туку напротив, сметаме дека треба да соработуваме меѓу себе. За жал, во Македонија сме далеку од елементарна соработка на синдикалните организации, туку преовладува зависта, непријателството и чувството на повисока вредност.

Исни Јакупи, генерален директор на Фондот на ПИОМ

-Досегашната соработка, гаранција за иднината (*парафразирано*)

Во април 2009 година генералниот директор на ФПИОМ, Исни Јакупи прими делегација од СЗПМ, при што беше изразен взаемен интерес и подготвеност за соработка за сите актуелни прашања на пензионерите. Притоа беше усвоен заклучок, да се потпише спогодба за соработка помеѓу ФПИОМ и СЗПМ за начинот и постапката за вршење задршка за солидарен фонд и членарина при исплата на пензија, да се ажурира евиденцијата за пензионерите и да се воспостави подобра соработка помеѓу подрачните единици и здруженијата на пензионерите. Беше изразена и потребата од подобро користење на домовите на пензионерите и пензионерските одморалишта, како и за подобра соработка со месечниот весник „Пензионер плус“. На средбата, директорот Јакупи изјави:

„Ми причинува особено задоволство што како нов генерален директор на ФПИОМ, можам да ги поздравам преку вашиот весник „Пензионер плус“ сите пензионери. За соработката на ФПИОМ и СЗПМ важно е: на седниците на Управниот одбор да присуствува претставник од СЗПМ, чии идеи и предлози ќе се вградуваат во материјалите и одлуките што ги донесува овој орган; искажана е взаемна соработка во релизацијата на реформата на пензискиот систем;

сугестиите за отворање трансакциски сметки за пензионерите, кои дојдоа од СЗПМ, беа добродојдени; распределбата во домовите за живеење на пензионерите што се во наше владение ќе биде според усогласените критериуми; пензиите редовно ќе се исплатуваат во првите пет дена од месецот; а во наредниот период ќе има зафати за оживотворување на третиот пензиски столб.“

Трета и четврта седница на Собранието на СЗПМ

-Успешни активности и нови програмски задачи

На 27.02.2008 година, Собранието на СЗПМ ја одржа третата седница. Извештајот за работата на Собранието и неговите органи за 2007 година и Програмата за работа за 2008 година, беа главните теми. Во текот на 2007 година, Солидарните фондови, со измените на Законот за ПИОМ, беа одземени од здруженијата на пензионерите, па пред Уставниот суд се покренати иницијативи за поведување постапка, расплетот се очекува. Во 2007 година, беа одржани регионалните и Републичките пензионерски спортски натпревари, како и четирите регионални ревии на песна, музика и игри, остварено е учество во одбележувањето на значајни настани и датуми од нашата историја и слично. За објективно информирање на членството и на граѓаните за актуелностите во пензионерската организација треба уште повеќе да се работи. Усвоена е Програмата за работа за 2008 година. Беше усвоена и завршната сметка за 2007 година. Собранието донесе и Одлука за усвојување на финансиски план на приходи и расходи за 2008 година. На крајот за нова членка на СЗПМ беше примено Здружението на пензионери Сарај.

На 15.12.2008 година, Собранието на СЗПМ ја одржа четвртата седница, на која се расправаше за спроведување на новоусвоените измени на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, и укинувањето одредени делови, од страна на Уставниот суд, а врз основа на иницијативата од СЗПМ, здруженијата на пензионерите, група пензионери и од поединци. На седницата се разгледа Спогодбата за утврдување на СЗПМ за регистрирана организација на Сојузите на пензионерите на Македонија, како и Одлуката за висината на задршка за Солидарниот фонд и за членарина и висината на исплатата на погребните трошоци. Избран е Одбор на Регистрираната организација, кој пак на своја седница, усвои акт, висината на задршката за солидарен фонд за 2009 година да изнесува месечно 120 денари и 20 денари за членарина, а висината на посмртната помош за 2009 година, да изнесува 30.000 денари, која според законските одредби ќе ја врши Стручната служба на ФПИОМ преку подрачните единици.

Две седници на Извршниот одбор на СЗПМ

-Позитивни оценки за работата и активностите

На 26.02.2009 година**,** ИО на СЗПМ ја одржа 13-тата седница со главна точка од дневниот ред: разгледување на завршна сметка за 2008 година со преглед на планираните приходи и остварените расходи. Дадени се предлозите: со вишокот на средствата да се создадат услови за купување на деловни простории за СЗПМ; да се поведе иницијатива законодавецот да го ослободи СЗПМ и здруженијата од плаќање данок на членарина; штедењето да не значи скусување на активностите и на хуманитарните дејности, потребно е да им се помага на

помалите здруженија, планираните средства во буџетот за контото за Комисијата за информирање се зголемени, затоа што се додадени и трошоците за Издавачкиот совет на весникот „Пензионер плус“. Усвоена е Завршната сметка. Извршниот одбор ги разгледа и предлог Правилникот за работа на Одборот на солидарниот фонд за посмртна помош и средствата за членарина на здруженијата на пензионерите на Македонија и предлог Спогодбата помеѓу СЗПМ И ФПИОМ за регулирање на меѓусебните обврски во врска со Солидарниот фонд и членарината. На оваа седница, Извршниот одбор на СЗПМ ја прифати неотповикливата оставка на потпретседателот Андон Марковски поради здравствени причини.

На 12.03.2009 година, Извршниот одбор на 14-тата седница, за нов потпретседател на ИО на СЗПМ го избра Чедо Георгиевски, дотогашен секретар. Потоа опстојна дискусија се водеше по Извештајот за работата на Собранито и Извршниот одбор на СЗПМ и на нивните тела во 2008 година, и по Програмата за работа на Извршниот одбор на СЗПМ за 2009 година.

Петта седница на Собранието на СЗПМ и седница на ИО на СЗПМ

На 16.03.2009 година, Собранието на СЗПМ ја одржа петтата седница, на која централна тема беше Извештајот за работата во 2008 година, и Програмските задачи за 2009 година. Се донесе предлог да се изнајдат нови начини за подобра соработка со министерствата и за организирање дебати за значајни прашања и проблеми. Истакната е акцијата која ја спроведуваат ЗЕЛС и Црвениот крст за евиденција на состојбите на сите постари лица од 65 години и иницијативата СЗПМ да добие повремен член на социјално-економскиот совет. Усвоена е Одлуката за Завршната сметка за 2008 и Финансискиот план за 2009 година, и прифатени се Правилникот за работата на Одборот на регистрираната организација за Солидарен фонд и Спогодбата за начинот и постапката за вршење задршка при исплата на пензија за Солидарниот фонд - посмртна помош и членарина и исплата на посмртна помош на семејствата на починат пензионер. Изменета е Одлуката за условите и постапката за прием во членство на СЗПМ на новоосновани здруженија на пензионери во новите општини со најмалку 500 членови, односно како паралелни здруженија доколку имаат најмалку 3.000 членови со повратна пристапница. За нови членови на СЗПМ примени се ЗП Шуто Оризаре и ЗП Тафталиџе ДДД. За нови членови на Извршниот одбор избрани се Гафур Салиу и Драги Аргировски.

ИО на СЗПМ на 15-тата посебна седница, за нов секретар на ИО на СЗПМ го избра Драги Аргировски.

Резиме од регионалните средби со потесните раководства

на здруженијата на пензионерите

Во организација на СЗПМ, во текот на јуни 2009 година, се одржаа регионални состаноци со потесните раководства на пензионерските здруженија на кои се расправаше за актуелности и проблеми од заедничкото дејствување. Оваа форма на комуникација беше остварена во Прилеп, Тетово, Пробиштип, Пехчево и Неготино. На средбите најавено е барање за враќање на средствата задржани од декемвриската пензија во 2007 година наменети за посмртнина. Дадена е

информација за средбите со министерот за труд и социјална политика и со заменик-министерот, во врска со предлогот на Владата, за привремена промена на начинот на усогласувањето на пензиите, поради воведувањето на новиот начин на пресметнување на платите, со што дојде до вештачко зголемување на нето-платите заради додавањето на трошоците за храна и превоз. Поради тоа се предлага усогласувањето на пензиите годинава да се пресметува врз основа на реалното зголемување на платите, без вредноста за превозот и храната, според изменетата шема, 20 отсто од порастот на платите и 50 отсто од порастот на трошоците на живот. Во врска со интерактивноста во соработката со СЗПМ, освен ЗП Куманово, други здруженија не поканија претставници од СЗПМ на отчетните седници на собранијата, а не се доставени и записници од одржаните седници. Стана збор и за најавената инспекција во здруженијата на пензионерите од Државниот инспекторат на Министерството за правда, иако СЗПМ и здруженијата не се државни органи. Беше речено, дека, СЗПМ доцни со реакциите и дека недостасува заедничка стратегија, дека се потребни измени на Статутот на СЗПМ, а Правно-економскиот совет да го проучи прашањето на висината на наградите на функционерите во здруженијата на пензионерите и да предложи нивно изедначување. Сублимирано, од петте регионални состаноци може да се издвојат неколку констатации:

- Средбите се корисни, треба и натаму да се одржуваат за одделни теми, и да има и нов облик на средба со сите претседатели во СЗПМ, со присуство на ресорните министри, директорите на ФПИОМ и на ФЗОМ и други.

- Се поддржуваат иницијативите и активностите на СЗПМ на сите полиња на дејствување, особено за заштита на правата на пензионерите и за подобар стандард и квалитет на животот во третата доба (организирање спортски натпревари, фолклорни ревии и сл.).

- Да се почитува интерактивноста во информирањето, бидејќи има здруженија на пензионери членки на СЗПМ кои ретко известуваат за одржувањето на отчетните седници или другите значајни средби и не доставуваат записници или информации за одржаните седници.

- Да се збогати соработката со ФПИОМ. Да се настојува враќање на задржаните средства од декемвриската пензија во 2007 година и поредовно да се информира.

- Да се подобри соработката помеѓу органите на здруженијата на пензионерите и делегатите во Собранието на СЗПМ и членовите на ИО на СЗПМ.

Седници на ИО на СЗПМ и на Надзорниот одбор на СЗПМ

На 23.07.2009 година, ИО на СЗПМ ја одржа 17-та седница со дневен ред за усвојување на: Иницијатива за дополнување на чл. 246 од Законот за работни односи; Правилник за работа на Одборот на солидарниот фонд за посмртна помош и средства за членарина на здруженијата на пензионери на Македонија; Спогодба за начинот и постапката за вршење задршка при исплата на пензија за Солидарниот фонд - посмртна помош и членарина и исплата на посмртна помош на семејствата на починат пензионер, Извештај од Комисијата за спорт за одржаните Регионални спортски натпревари. Членовите на ИО беа присутни и на заедничкиот состанок со Издавачкиот одбор и редакцијата на весникот „Пензионер плус“ по повод една година од неговото излегување.

На 18-та посебна седница, Извршниот одбор на СЗПМ расправаше по извештаите за одржаните 14-ти Републички пензионерски спортски натпревари и 7-та Ревија на песни, музика и игри. Беа изнесени и неколку забелешки и предлози за измени на Правилникот за спорт, за одржување на игрите во два дела, за воведување нови дисциплини и слично. Беше разгледана и Информацијата за деветмесечното остварување на финансискиот план на СЗПМ за периодот од 1 јануари до 30 септември 2009 година и заклучоците на Надзорниот одбор на Собранието на СЗПМ. Усвоен е предлогот за измена на Одлуката за прием во членство во СЗПМ, така што во Сојузот може да биде примено здружение на пензионери основано на подрачје на општина во која дотогаш немало, ако бројот на членовите на новото здружение изнесува 1/3 од вкупниот број на пензионери во општината.

На 22.10.2009 година, Надзорниот одбор на Собранието на СЗПМ одржа проширена седница, на која беше разгледано финансиското и материјалното работење на Сојузот од 1 јануари до 30 септември 2009 година. Се констатира дека и покрај зголемените активности, расходите во овој период се во рамките на планираното и дека со домаќинско и економично работење, остварени се позитивни резултати во финансиското работење.

Правно-економскиот совет на ИО на СЗПМ, на 5.11.2009 година, одржа проширена седница на која се покрена иницијатива за измени на Статутот на СЗПМ. Се констатира дека е потребно одредени ставови да се изменат и усогласат со новиот Закон на ПИОМ, а во меѓувреме се очекува да се донесе и нов Закон за здруженија на граѓани и фондации.

Состанок со претседатели на здруженија на пензионери - членки на СЗПМ

Во Скопје на 17.12.2009 година, се одржа средба на која присуствуваа над 75 претставници на здруженијата на пензионерите - членки на СЗПМ и членови на ИО на СЗПМ, во врска со спогодбата на Одборот на Регистрираната организација на СЗПМ со ФПИОМ, имплементацијата на Меморандумот за соработка на СЗПМ со ЗЕЛС и Меморандумот со Црвениот крст на Македонија, формите за збогатување на квалитетот на животот на пензионерите и други актуелни теми. Констатирано е дека годинава се склучени значителен број спогодби помеѓу градоначалниците и здруженијата на пензионерите, како и со општинските одбори на Црвениот крст, со што конкретно се реализира заедничката соработка. Даден е предлог ревиите да бидат жанровски, да се воведе традиција на поетски митинг, да се отвори галерија на домашни ракотворби, да се одржат регионални средби за хумор и слично. Уставниот суд на Република Македонија донесе решение да не поведува постапка за оценување на уставноста на членовите 130-а, 130-б и 130-в од Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по иницијативата покренатa од ЗП Делчево, како и неколку пензионери од Битола и Штип.

Средба на министерот за труд и социјална политика во СЗПМ

На 12.01.2010 година, министерот за труд и социјална политика со своите соработници го посети СЗПМ и разговараше со претседателот на СЗПМ и со

неговите соработници. Ова е нивна прва средба во просториите на СЗПМ, која, покрај протоколарниот, имаше и работен дел, со меѓусебно информирање за состојбите во областа на пензиско-инвалидското осигурување и за прашања од областа на заемното дејствување. За време на разговорите претставниците на СЗПМ се заложија да се санираат и доградат постојните пензионерски одморалишта во Банско кај Струмица, во Катланово и во Претор. Поставено е прашањето за постапката на Управниот инспекторат на Министерството за правда, кој во минатата година вршеше инспекција во здруженијата на пензионерите-членки на СЗПМ, а тие не се организации со јавни овластувања. Министерот информираше дека, според планот, оваа година ќе се отворат нови четири дневни центри за стари лица, за што има средства во буџетот на Владата.

Според јавното мислење -Забележителен рејтинг на СЗПМ

Како дел од програмата на Граѓанската платформа на Македонија и Македонскиот центар за меѓународна соработка во првата половина на јули 2007 година беше спроведена анкета во домаќинствата со национален репрезентативен примерок од 1.601 испитаник од сите краеви на нашата земја. Резултатите покажаа дека само 45,4 отсто од испитаниците искажале доверба во граѓанските организации. Познавањето на испитаниците за граѓанските организации е испитувано со потсетување за листа од 23 организации. Испитувана е општата информираност (слушнале) и познавањето (знаат). Според добиените одговори на ова прашање, СЗПМ е на второто место и за него преовладува позитивна доверба кај испитаниците.

Одбележан Денот на Европа -Деветти мај

Во Клубот на пензионерите „Јане Сандански“ - огранок во Општина Аеродром, при ЗП Кисела Вода, се одржа свечена пензионерска средба, посветена на Денот на Европа. За значењето на денот говореа Н.Е., специјалниот претставник на Европската унија и амбасадор, шеф на делегацијата во Р. Македонија, Ерван Фуере и градоначалникот на Општина Аеродром Ивица Коневски, пред раководството на СЗПМ и претставници на повеќе здруженија на пензионерите од Скопје.

ЗЕЛС потпиша Меморандум со СЗПМ

На 09.05.2008 година, претседателот на ЗЕЛС и претседателот на СЗПМ потпишаа Меморандум за соработка. Целта на овој Меморандум е да се создадат услови за соработка меѓу овие две здруженија. Според Меморандумот и двете страни се заложија за взаемно помагање, а ЗЕЛС се заложи да достави препораки до сите општини, да склучат поединечни спогодби за соработка со здружението на пензионери на соодветната општина - членка на СЗПМ во рамките на која ќе вршат планирање на взаемните активности, како и изготвување програма за изградба на старечки домови, клубови за престој на пензионерите и обезбедување на работни простории и канцеларии за потребите на ограноците на здружението.

Коце Трајановски, претседател на ЗЕЛС

На 29 август, Управниот одбор на ЗЕЛС ја одржа 12-та седница на која за претседател на ЗЕЛС е избран Коце Трајановски. ЗЕЛС е асоцијација во која, иако членството е на доброволна основа, членуваат сите 84 општини и Градот Скопје, и која ги застапува и афирмира нашите интереси пред централната власт, пред Владата и другите институции и пред јавноста и претставува центар за услуги од сферата на локалната самоуправа. ЗЕЛС постои од 1972 година, но поинтензивно се етаблира од 1990 година, а со стартот на децентрализацијата на 1 јули 2005 година, ЗЕЛС стана достоен партнер на Владата. СЗПМ и со Владата на РМ има потпишано Меморандум за соработка.

Пензионерите потпишаа повеќе спогодби за соработка

Новоизбраниот градоначалник на Скопје, Коце Трајановски, на 23 април 2009 година, прими делегација составена од раководствата на Градскиот сојуз на здруженијата на пензионери и од здруженијата на пензионерите од Скопје. На средбата, градоначалникот на Скопје и претседателот на СЗПГ Скопје, потпишаа спогодба за меѓусебна соработка на Градот Скопје со Градскиот сојуз на здруженијата на пензионери. Воедно, ваква спогодба потпишаа и градоначалникот на општина Центар и претседателот на ИО на ЗП Центар.

Врз основа на усвоениот Меморандум за соработка помеѓу СЗПМ и ЗЕЛС, во јуни 2009 година, во Охрид беше потпишана трилатерална Спогодба за соработка меѓу ЗП Охрид и Дебрца и локалната самоуправа на општина Охрид и општина Дебрца. Спогодбата обврзува да се формира заедничко работно тело на локалната самоуправа Охрид и Дебрца и од Здружението, врз паритетна основа, за реализација на многубројни планирани активности од взаемен интерес. Локалната самоуправа презема обврска да изнајде локација за изградба на Дом за стари лица, за клубови за престој на пензионери во руралните средини, работни простории на месните ограноци, да ги кординира активностите за евиденција на пензионерите на кои им е потребна помош за набавка на лекарства, медицинска и парична помош, форми и начини Здружението да биде вклучено во работните тела и комисиите на советите на двете општини, Охрид и Дебрца, за проблематика која се однесува на животот и активноста на пензионерите, потоа за навремено нивно информирање за одлуките на Советот, за културно изразување на пензионерите преку разни културни манифестации, литературни средби, спортски натпревари и учество на туристички манифестации на кои пензионерите можат успешно да се претстават со пејачката група и со спортски екипи во презентација на градот. ЗП Охрид и Дебрца, се обврзува да ги програмира формите и методите на активност за соработка со локалната самоуправа, преку месните одбори да организира активности со урбаните и месните заедници во градските и руралните средини, да поведе иницијатива за организирање на сообраќајни патроли од пензионери и ученици за безбедно минување на пензионерите преку фрекфентните сообраќајници во градското подрачје, особено во летните месеци, да се вклучува во локален еколошки и рурален туризам, во акции за чистење и уредување во градот и селските населби, во збогатување на формите за активирање на жените пензионерки преку Активот на жени, за информирање на пензионерите преку локалните медиуми, вклучување во акции за пошумување, уредување на градот, одбележување на државни празници и други манифестации од взаемен интерес.

Спогодба за соработка, во октомври 2009 година, беше потпишана и помеѓу ЗП Чаир и Бутел и локалната самоуправа на општините Чаир и Бутел. Предмет на оваа спогодба е конкретизирање на определбите од Меморандумот ЗЕЛС-СЗПМ, кој обврзува на програмски активности и формирање посебно тело составено на паритетна основа од претставници на локалната самоуправа и ЗП.

На 18.08.2009 година, во просториите на Општина Македонска Каменица се одржа состанок помеѓу Здружението на пензионери и градоначалникот на Општина Македонска Каменица. На состанокот беше потпишана Спогодба за соработка.

Спогодби беа потпишани и помеѓу градоначалниците и здруженијата на пензионерите во Кочани, Ѓорче Петров, Гази Баба, Зелениково, Кисела Вода, Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Прилеп, Македонски Брод, Радовиш, Сарај и други.

Во општината Берово, се одржа состанок на градоначалникот со заинтересирани членови на Здружението на пензионерите од Берово, како и со членови на пензионерите - инвалиди и трудови инвалиди. Во конструктивна атмосфера, пензионерите побараа помош од локалната самоуправа за решавање на постоечките проблеми во работењето на објектот на Домот на пензионерите во Берово.

Меморандум за соработка помеѓу СЗПМ и Црвен крст на РМ

На 06.11.2008 година, потпишан е Меморандум помеѓу СЗПМ и Црвен крст на Македонија, со што се регулираа заемните односи и обврски за натамошна поуспешна соработка. Активностите ќе бидат насочени и на локално ниво, за ублажување на одредени социјални проблеми на пензионерите и старите лица. Единиците на локална самоуправа, здруженијата на пензионерите во општините и волонтерите на Црвениот крст во рамките на нивната хуманитарна функција треба да им помагаат на пензионерите кои се неподвижни или имаат потреба од купување лекови и други основни потреби.

Соработка на пензионерите со Црвениот крст на Р. Македонија

Многу пензионери во текот на животот биле волонтери во Црвениот крст (ЦК), а голем број уште се активни. Има пензионери кои сега се зачленуваат во ЦК и се вклучуваат како волонтери во многу негови активности. Голем број активности на ЦК се однесуваат директно за потребите на пензионерите и најмногу за старите и изнемоштени лица кои имаат зголемени здравствени и други потреби, а немаат роднини или пријатели кои би им помагале. Здружението на пензионерите „Кисела Вода“ во долг временски период има одлична соработка со Општинската организација на Црвениот крст.

Спогодба СЗПМ - ФПИОМ

Одборот на Солидарниот фонд при Регистрираната организација на сојузите на пензионерите и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија склучија Предлог-Спогодба за начинот и постапката за вршење задршка при исплатата на пензијата за солидарниот фонд-посмртна помош и

членарина и исплатата на посмртна помош на семејствата на починатите пензионери.

ФПИОМ во нов објект

Во јануари 2009 година се изврши преселување на Стручната служба - Централа на Фондот на ПИОМ и подрачната единица на ФПИОМ Скопје, во новиот објект што се наоѓа во близина на Железничка станица на ул. „Владимир Комаров“ бб Скопје.

Остварување на придонесите - Планирано е намалувањето на стапката на придонеси што почна во 2009 да заврши во 2011 год.

Се бара претпазливо следење на законскиот пропис и конкретната состојба

Пензиската реформа е имплементирана од 2006 година. Од 2009 година, почна да се применува Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување, со кој е уредена висината на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. Предвидено е таа постепено да се намалува во периодот од 2009 до 2011 година од 21,2 отсто на 15 отсто, со следната динамика: во 2009 година стапката се намали на 19 отсто, во 2010 година на 16,5 отсто и во 2011 година треба да изнесува 15 отсто . Со овој Закон е регулирана и висината на најниската основица на која се плаќаат придонесите во износ од 50 отсто од просечната плата, што претставува намалување на претходната основица која изнесуваше 65 отсто од просечната плата. Тоа непосредно влијае врз пензискиот систем и има и одредени реперкусии во наплатата на придонесите и во остварувањето на приходи на ФПИОМ. Од 2009 година, наплатата на придонесите ја врши Управата за јавни приходи, а ФПИОМ ја врши контролата на неплатените придонеси и наплатата на заостанатите придонеси до декември 2008 година. Бидејќи предвидените приходи не се остваруваат, се зголемуваат трансферните средства од Буџетот на РМ. Преземени се активности стапката на придонесите да не се намалува, таа во 2009 година изнесува 18 отсто.

Пензионерски домови и домови за стари лица во Македонија

Во Македонија има 37 домови за пензионери и стари лица. Фондот за пензиско и инвалидско осигурување стопанисува со 13 пензионерски домови, а неколку се на здруженијата на пензионерите. Од домовите за стари лица, со четири управува Министерството за труд и социјална политика, а многу повеќе се приватни, од кои најмногу во Скопје. Од 13 домови на Фондот, во Скопје има три: Домот во Аеродром, Домот во Автокоманда и Домот во Ѓорче Петров. Останатите домови се наоѓаат во Прилеп, Гевгелија, Виница, Пробиштип, Делчево, Кочани, Крива Паланка, Свети Николе и два има во Гостивар. Корисници на становите се пензионери, кои ги исполнуваат условите согласно Правилникот за доделување стан во пензионерските домови. Становите се издаваат врз основа на склучен договор за наем. Сите обврски кои произлегуваат од договорот корисниците се должни навремено да ги исполнуваат и сами да се грижат за своите лични потреби.

Со Домот „Лика Чопова“ стопанисува ЗП Чаир. Сите домови заедно имаат вкупно 341 станбена единица со површина од 16 до 30 квадратни метри.

Во Македонија постојат четири дома за стари лица, кои се под ингеренција на Министерството за труд и социјална политика. Тоа се: Геронтолошки завод „13 Ноември“ оддел „Мајка Тереза“ Скопје, Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола, „Зафир Сајто“ Куманово и „Киро Крстески-Платник“ во Прилеп.

Во приватните пензионерски домови престојот е доста поскап. Во Скопје веќе се отворени шеесетина приватни пензионерски домови и во нив, во зависност од услугите што се добиваат, месечно се плаќа од 300 до 450 евра.

Со судска Одлука од 23.03.2009 година, тужбеното барање на Градскиот сојуз на здруженија на пензионери е одбиено во целост, а домот „Јане Сандански“ е доделен за управување и стопанисување на ФПИОМ, со намена за користење на пензионерите.

Недостиг од пензионерски домови во Република Македонија

Недостигот од пензионерски домови сестрано го проучи и истакнатиот новинар на весникот „Нова Македонија“, Александар Димковски. Тој опишува дека за сместување во државните пензионерски домови се чека по неколку години. Во трите скопски дома има околу 300 станови. Владата има Национална стратегија за заштита на старите лица, во која е предвидено подобрување на домувањето. Нагласена е потребата од изградба на пензионерски и домови за стари лица, клубови и центри, создавање евиденција на пензионери што имаат потреба од медицинска, материјална и друга помош.

Искуства со приватните пензиски фондови, кај нас и во светот

Реформи и промени во начинот на обезбедување средства за пензии има во многу држави и речиси секаде пензиските системи се потпираат на три пензиски столба. Преку државен задолжителен фонд за пензиско и инвалидско осигурување, се обезбедуваат средства за пензионерите, главно што ги уплаќаат вработените. Овој фонд е дел од социјалното осигурување и со текот на времето е се посиромашен заради невработеноста, а и заради демографските промени, односно заради се поголемиот број на стари луѓе, како што е впрочем и насекаде во светот. Вториот столб е задолжителен, а се финансира со дел од задолжителното пензиско осигурување, кој дел се насочува во приватен пензиски фонд. Висината на дополнителната пензија ќе зависи од уплатените средства, зголемени за профитот кој го остварува компанијата која со нив управува. Третиот столб го карактеризира доброволен договорен однос меѓу поединецот и некој приватен пензиски фонд и овој однос е најфлексибилен. Ова е доброволно приватно пензиско осигурување кое им дава можност на сите, и на вработени и на невработени, да плаќаат онолку средства колку се во можност, но сепак постои минимален лимит. Во некои земји го има само првиот, првиот и третиот или вториот и третиот.

Општество за сите возрасти

На 14.12.1990 година, Генералното собрание на ОН донесе одлука 1-ви Октомври да биде Меѓународен ден на старите лица, следејќи ја иницијативата, што била усвоена во Виена во 1982 година на Светското собрание на стареењето при што бил усвоен „План за акција за стареењето во светот“. Во таа година Генералното собрание на ОН ги усвои принципите на Обединетите нации за старите лица. Во 2002 година, на Второто Светско собрание на стареењето, во Мадрид, усвоен е „Меѓународен план за акција за стареењето“ кој треба да одговори на предизвиците и можностите за стареењето на населението во 21. век и беше промовиран начинот за развој на општество за сите возрасти. Меѓународниот ден на старите лица за прв пат е одбележан во целиот свет на 1. октомври 1991 година, и оттогаш се одбележува и слави секоја година, со цел да се согледаат проблемите и да се сумираат резултатите од дејството во светот на оваа многубројна популација. Светската здравствена организација уште во 2002 година усвои документ „Рамковна политика за активно стареење“ во кој ги посочи приодите и перспективите за здраво стареење во текот на целиот живот.

Со почит кон старите лица

Настојуваме да се зголеми грижата за старите лица. Во Македонија има околу 100.000 стари лица кои не се пензионери, а тие најчесто се социјално необезбедени. Токму тие, како и старите и осамени пензионери, се најчесто цел на крадци и на брутални разбојници. Има потреба не само од поголем полициски надзор, туку грижата за старите лица треба да биде посеопфатна и перманентна. Треба да се изградат домови за пензионери и за стари лица. Да се спроведуваат хуманитарни акции за помош. Грижата за стари лица е особено значајно прашање, а преку решавањето на овој проблем се оценува и вкупната социјална политика на државата.

Клубовите на пензионери –потреба за дневен престој

Клубовите за дневен престој придонесуваат за подобро дружење и информирање на членството и за надминување на монотонијата во третата доба. Здруженијата издвојуваат од својата членарина средства за изградба, доградба, реконструкција и адаптација на клубови, со што се создаваат просторни услови за хуман и културно-забавен живот на пензионерите. Неминовна е потребата да се зголеми бројот на домови и клубови на пензионерите. Во овие активности здруженијата често соработуваат со локалната самоуправа.

Светски препознатлив позитивен пример

Во организација на Граѓанската организација „Ден на дрвото - засади ја својата иднина“ на 13.11.2009 година, се реализираше четвртата акција за пошумување. Македонските акции за пошумување се посочуваат како единствен пример во светот. Токму заради пофалбите на светските водечки агенции, во 2008 година, г-н Борис Трајанов доби награда од меѓународната организација „Supreme Master Ching Hai International Association“ која донираше и значајни финансиски

средства. Во оваа успешна акција свој придонес дадоа и пензионерите од повеќе градови на нашата земја.

Петта ревија на песни музика и игри –Масовност и квалитет

Планираните активности на културно-забавното поле и во 2007 година се спроведоа успешно. Во организација на СЗПМ се одржаа јубилејните Петти регионални ревии на песни, музика и игри во центрите: Охрид, Куманово, Валандово и Штип на кои за првпат настапија и гости од Република Бугарија. Регионалната ревија на песни, музика и игри во Охрид се одржа на 22.06.2007 година, со учество на здруженија на пензионери од Прилеп, Крушево, Кичево и Охрид, а како гости настапија пензионери од Стара Загора од Република Бугарија. Во Куманово, Ревијата се одржа на 29.06.2007 година, со учество на здруженијата на пензионерите од Тетово, Гостивар, Гази Баба, Кисела Вода, Ѓорче Петров, Кратово и Куманово, а учествуваше и пејачка од Софија, Република Бугарија. На Ревијата и претходеше изложба на домашни ракотворби подготвени од кумановското Здружение на пензионерите. Во Валандово, Ревијата се одржа на 6.7.2007 година, со пејачки групи на здруженијата на пензионерите од Велес, Кавадарци, Неготино, Гевгелија, Богданци и Валандово. Регионалната ревија на песни, музика и игри што се одржа на 27.09.2007 година, во Штип беше најмасовна, со учество на здруженијата на пензионерите од Струмица, Кочани, Радовиш, Берово, Свети Николе, Виница, Делчево, Пробиштип, Злетово, Македонска Каменица и Штип. Општа констатција за сите, е дека, не се исполнија очекувањата да се зголеми бројот на здруженија учесници. Немаше ни многу иновации во содржините - се повторија главно познатите точки. Годинава се пееше покрај на македонски и на албански, турски, српски и за првпат на влашки јазик. Поради настап на збратимени пензионери од Стара Загора, Република Бугарија со охридските пензионери, се пееше и на бугарски јазик. Се отворија некои прашања, пред се, дали има потреба од нови региони, и тоа дека има потреба да се одржуваат ревии и во помали градови, кајшто треба да се надмине проблемот со обезбедувањето сала за одржување приредби и за дружење. Кај некои здруженија се јавува проблем со недостиг на материјални средства, кај други недостасуваат иницијативи за формирање пејачки, инструментални и играорни групи и за привлекување на членовите кои се способни за настап. Присутна е потребата да се изготват нови пропозиции, но и за почитување на договорените норми, бидејќи сè уште има недисциплина и непочитување на договорената програма и времетраењето на настапот. Сите овие и слични прашања ќе бидат предмет на расправи од кои се очекуваат позитивни ефекти во наредните ревии.

Шеста регионална ревија на песни музика и игри

-во Радовиш на 27.06.2008 година, учествуваа здруженијата: Пробиштип, Кратово, Лозово, Злетово, Штип и Радовиш.

-во Кичево на 28.06.2008 година, учествуваа здруженијата: Кичево, Прилеп, Охрид, Крушево и Демир Хисар.

-во Гевгелија на 11.07.2008 година учествуваа здруженијата: Струмица, Богданци, Валандово, Велес, Кавадарци, Неготино и Гевгелија.

-во Кочани на 10.10.2008 година учествуваа здруженијата: Берово, Виница и Кочани.

-во Скопје на 15.10.2008 година учествуваа здруженијата: Гази Баба, Гостивар, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Куманово, Сарај, Тетово и Чаир.

Седма регионална ревија на песни музика и игри

-во Пробиштип на 30.06.2009 година учествуваа здруженијата: Пробиштип, Радовиш, Штип, Свети Николе, Кратово, Крива Паланка, Куманово и Злетово.

-во Тетово на 3.7.2009 година учествуваа здруженијата: Гази Баба, Гостивар, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризаре и Тетово.

-во Крушево на 5.7.2009 година учествуваа здруженијата: Прилеп, Охрид, Кичево, Крушево, Демир Хисар, Дебар и Македонски Брод.

-во Кавадарци на 17.09.2009 година учествуваа здруженијата: Велес, Кавадарци, Неготино, Валандово, Богданци, Гевгелија и Струмица.

-во Берово на 20.09.2009 година учествуваа здруженијата: Кочани, Виница, Пехчево, Берово и Македонска Каменица.

Во продолжение, во книгата „Моето име е пензионер“ следуваат написи за активности во рамките на здруженијата на пензионери за кои тука ги бележиме само насловите, а текстовите можете да ги побарате во оригиналното издание:

-Пензионерското КУД „Ѓоко Симоновски“ од Куманово –Репрезент на македонскиот фолклор

-Пензионерската аматерска драмска работилница во Куманово –Значајна изведба на драмата „Ленче Кумановче“

-На Меѓународен драмски аматерски фестивал во Кочани –Посебно признание за „Ленче Кумановче“

-Културно-уметничките друштва „Пензионер“ и „Пенка Котеска“ од Прилеп - Амбасадори на македонскиот фолклор

-Во Неготино: Три јубилеи

-Пет години од формирањето на пејачката група „Распеани охриѓанки“ – „Пензионерите пејат за пензионерите“

-Во Кочани – традиционален предновогодишен концерт

-КУД „Весели пензионери“ од Пробиштип – Награди и признанија

-Пензионерите творат, Мирко Узунов – Сликар на своето време

-Бабини приказни од Сотир Пирузе

-Нова книга на пензионерката Зафировска

-Промоција на книга од Андриета Цветковска

-Клуб на љубители на книгата во ЗП Кисела Вода -Двегодишна успешна работа

Физичка активност за здраво тело и здрав дух

- За подобрување на квалитетот на животот во третото животно доба значително придонесуваат физичките активности, како најдобар начин да се постигне подобро здравје, рекреација и меѓусебно дружење. За таа цел во организација на СЗПМ веќе 14 години се одржуваат Републички пензионерски спортски натпревари. Така во 2009 година во 11 спортски дисциплини учествуваа 376 натпреварувачи, со елиминација од неколку илјади пензионери на општински и регионални игри. Покрај тоа, во организација на Сојузот на здруженијата на инвалидите на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија досега се организирани осум Републички спортски игри на инвалидските пензионери. Овој пат се задржувам на постигнувањата на спорското поле на пензионерите во нашата земја во минатите три години, со оглед на тоа што за предходните натпревари има осврти во книгите „Неговото височество пензионерот“ и „Пензионерска сага“. Експертите укажуваат дека со спортувањето може да се започне во било кој период од животот, бидејќи е докажана способноста на постарите лица да се адаптираат, и со физичка активност да отпочнат дури во осумдесетите и деведесетите години од животот.

–Драги Аргировски.

12-ти Рпублички пензионерски спорски натпревари во 2007 година

-Спортување, информирање и пензионерско дружење

На 15.09.2007 година, во организација на СЗПМ, под покровителство на премиерот Никола Груевски, кај Велешкото Езеро „Младост“ се одржаа 12-те Републички пензионерски спортски натпревари, на кои се натпреварувaа 364 спортисти, во девет дисциплини: стрелаштво, шах, пикадо, тегнење јаже, фрлање ѓуле, скок од место, домино и табла. Најдобри резултати постигнаа спортистите пензионери од ЗП Тетово, кои го освоија преодниот пехар.

13-ти Републички пензионерски спортски натпревари во Радовиш во 2008 година -Успешна традиција на натпреварување и дружење

На 6.9.2008 година во Радовиш, СЗПМ ги организираше 13-те Републички пензионерски спортски натпревари со 34 здруженија на пензионери и 364 натпреварувачи. Натпреварите се одржаа во девет дисциплини. Најдобри резултати имаше ЗП Куманово.

14-ти Републички пензионерски спортски натпревари во 2009 година

Игрите беа успешни, во убава натпреварувачка атмосфера

На 26.09.2009 година, во организација на СЗПМ, на спортските терени околу и во хотелот „Еуротел“ на езерскиот брег кај Струга, се одржаа 14. Републички пензионерски спортски натпревари на кои учествуваа 36 здруженија на пензионери. Натпреварите се одржаа во 11 дисциплини, со вкупно 376 натпреварувачи. Дисциплините се: стрелаштво, шах, пикадо, тегнење јаже, фрлање ѓуле, трчање, скок од место, табла и домино и за прв пат во двобој за жени и тробој за мажи. Севкупен победник беше ЗП Куманово.

14-ти Регионални спортски натпревари и игри во 2009 год.

На овие натпревари се натпреварувaа 1307 пензионери и пензионерки од 45 здруженија. На регионалните натпревари непосредно учество во двете категории (мажи и жени) имаа сите здруженија на пензионери, освен ЗП Шуто Оризари кое е нов член во првиот Регион, а за прв пат на регионалните натпревари учество зема и ЗП Лабуниште, кое се натпреваруваше само во една спортска дисциплина (домино), но битно е дека учествуваше.

Во организација на СЗПМ, на 29.05.2009 година, кај Градскиот парк во Скопје, се одржаа натпреварите во првиот регион, на кои во 9 дисциплини се натпреварувaа здруженијата: Центар, Гази Баба, Кисела Вода и Чаир.

На спортските терени на Езеро Треска во Скопје, ЗП Ѓорче Петров беше успешен домаќин на спортски натпревари во вториот регион на кои учествуваа здруженијата на пензионерите од Тетово, Гостивар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај и ОВР Скопје. На натпреварите во 11 дисциплини, заедно со двобој и тробој, учествуваа 236 натпреварувачи, а најдобри резултати имаа во екипна и во поединечна конкуренција спортистите од ЗП Тетово.

На прекрасно уредените терени на игралиштето „Гумење“ и во ресторанот „Папа Рацо“ во Крушево се одржаа спортските натпревари во третиот регион на кои учествуваа здруженијата: Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар. Напреварите беа во 11 дисциплини, а севкупен победник стана Здружението на пензионерите од Прилеп.

Под покровителство на градоначалникот на Охрид и на Дебрца, а во организација на ЗП Охрид и Дебрца се одржаа спортските игри на пензионерите од четвртиот, југо-западен регион. На натпреварите учествуваа 130 пензионери спортисти од Струга, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Лабуништа и Охрид. Спортистите се натпрварувaа во девет дисциплини на терените на Спортско рекреативниот центар „Билјанини извори“. И годинава, по 14 пат, најдобри резултати постигнаа пензионерите на Охрид и Дебрца.

Во петтиот регион Здружението на старосни и семејни пензионери од Кавадарци обезбеди солидни услови за нормално одвивање на натпреварите во кои учествуваа пензионери од здруженијата: Гевгелија, Велес, Богданци, Неготино, Валандово, Стар Дојран и од Кавадарци двете здруженија на пензионери (старосни, семејни и инвалидски). Апсолутен победник беше ЗП Кавадарци.

Здружението на пензионерите на Злетово за прв пат беше домаќин, на 14. спортски натпревари од шестиот регион за здруженијата: Злетово, Куманово, Пробиштип, Крива Паланка и Кратово. Натпреварите беа во 11 дисциплини.

Здружението на пензионерите од општина Ново Село беше успешен домаќин на спортски игри на пензионерите од седмиот регион. На натпреварите во девет дисциплини учествуваа здруженијата: Штип, Радовиш, Струмица, Свети Николе и Ново Село. Најдобри резултати имаа спортистите на Здружението на пензионери од Штип.

Околу 200 пензионерки и пензионери од Делчево, Македонска Каменица, Пехчево, Берово, Кочани и Виница, со успех се натпреварувaа во 9 спортски

дисциплини во осмиот регион. Пензионерите, вештините ги покажуваа во 9 дисциплини. Пензионерите од Кочани се покажаа како најголеми спортисти и вкупни победници.

Спортски натпревари на ЗП Крива Паланка

Во Крива Паланка се одржаа 23. традиционални спортски натпревари, на кои, покрај домаќините, учествуваа и натпреварувачи од здруженијата: Пробиштип, Кратово и Свети Николе. Пензионерките и пензионерите се натпреварувaа во шах, домино, пикадо и карти. Најдобри резултати имаше ЗП Пробиштип, пред ЗП Крива Паланка, ЗП Кратово и ЗП Свети Николе.

Традиционален турнир во шах во Скопје

Во чест на Денот на ослободувањето на Скопје, во организација на Градскиот сојуз на здруженијата на пензионерите, се одржа традиционалниот шаховски турнир „13 Ноември“ во 2007 година. На турнирот учествуваа шест екипи од здруженијата: Гази Баба, Ѓорче Петров, Кисела Вода, МВР-Скопје, Центар и Чаир. Победник на турнирот беше екипата на МВР-Скопје.

Во 2008 година овој традиционален турнир се одржа во просториите на стадионот „Македонија“ во Ѓорче Петров. Домаќин на турнирот беше ЗП Ѓорче Петров. На турнирот учествуваа седум екипи во машка и за прв пат три екипи во женска конкуренција. Меѓу шахистите и овој пат победија пензионерите на ОВР-Скопје.

На 13 ноември 2009 година овој традиционален турнир се одржа по седми пат. Во машка конкуренција се натпреварувaа екипите на здруженијата на пензионерите на Центар, Гази Баба, Кисела Вода, Карпош, Ѓорче Петров, Чаир, ОВР-Скопје, Тафталиџе и Сарај, а во женска на: Кисела Вода, Центар и Гази Баба. Домаќин беше ЗП Центар. Во женска конкуренција победи екипата на Кисела Вода. Во машка конкуренција победник стана екипата на Кисела Вода.

Со физичка активност до поздраво и побавно стареење

Со цел за здравствена едукација и мотивирање на пензионерите за практикување на физичката активност, во книгата „Моето име е пензионер“, ставен е и написот од прим. д-р Руменка Калајџиска Крпач, специјалист по спортска медицина со наслов: „Со физичка активност до поздраво и побавно стареење“. Овој напис стручно и на популарен начин ги анимира пензионерите да спортуваат.

Здравствена заштита на популацијата од третото доба

– Пензионерите, како и сите возрасни лица, многу се зинтересирани за подобра здравствена заштита. Дотолку повеќе што е голем бројот на стари лица со кревко здравје. Тоа често ги прави зависни од околината и влијае на нивното вклучување во активностите за поквалитетен живот. Очигледна е потребата од пофункционална здравствена служба, за обезбедување навремена, достапна и квалитетна здравствена заштита. Во книгава, заедно со значајните информации од

оваа област објавуваме и мислења на специјалисти кои укажуваат на потребата од здрав начин на живот во третото животно доба, како што е редовна физичка активност за добра кондиција со што се подига имунитетот, а се намалува и ризикот од монотонијата, па и депресијата. Со други зборови и за време на стареењето, потребно е да се чувствуваат луѓето помлади. –Драги Аргировски

Информација за здравствената состојба на старите лица во Република Македонија

На иницијатива на Комисијата за здравствена заштита при ИО на СЗПМ, Републичкиот завод за здравствена заштита изготви „Информација за здравствената состојба на лицата над 65 години возраст во Република Македонија“. Информацијата беше разгледана на седницата на Комисијата за здравствена заштита на 8.4.2009 година, и се констатира дека таа содржи релевантни податоци за здравствената состојба на популацијата од трета доба. Цел на Информацијата е да се согледаат состојбите и проблемите во врска со здравјето на старите лица, како и да се направи проценка на организацијата и функционирањето на здравствената служба во обезбедувањето на навремена, достапна и квалитетна здравствена заштита на старите лица. Извршена е процена и споредба на здравствените индикатори и податоци од 2000 со 2006 година, со цел да се согледа стареењето во Р. Македонија и неговите импликации и влијанија врз демографската, здравствената и социоекономската состојба на земјата. Стареењето во Р. Македонија се уште е во демографска транзиција. Општа констатација е дека, мажите почесто се разболуваат и почесто користат здравствени услуги. Заклучокот е дека, здравствената заштита не е прилагодена за старите лица, а исто така е и со социјалната заштита. Домовите за стари лица се без соодветен стандард, научноистражувачката работа за старите не е доволно развиена и слично. Во препораките се става поента на едукацијата, рекреацијата, спортската активност, грижата за хендикепираните стари лица, домовите за стари лица, прилагодување на здравствената заштита за старите лица и друго.

Закон за заштита на правата на пациентите

Законот за заштита на правата на пациентите е донесен во 2008 година. Тој се однесува на секој корисник на здравствена услуга кога ќе се најде во ситуација да го заштитува своето здравје и здравјето на своите блиски. Со години на ред во светот се водат дебати околу дефинирањето на односот пациент - доктор. Сите во основа се согласуваат со меѓународниот консензус дека пациентите имаат фундаментално право на приватност, доверливост во однос на медицинските информации, прифаќање или одбивање на медицинскиот третман како и информираност за можниот ризик што произлегува од медицинската постапка.

Интервју со д-р Илија Глигоров, примариус, магистер и специјалист, пензионерски активист

– Превентивата битна за подолг живот и во третото доба

Пациентот во ординацијата е секогаш во право. Кога избраниот лекар инсистира да престанете да пушите (а тој можеби пуши) зошто е тоа така? Како во практиката кај нас функционира односот лекар - пациент? Веројатно и лекарот и

пацентот „се во право“. Како се објаснува ова? Лекарот е во право кога грижејќи се за здравјето на својот пациент инсистира на одредени медицински докажани постапки за лекување и за однесување, односно „стил“ на животот на пензионерот. Има модели кои се однесуваат на сите луѓе, ама има и такви од кои на некои луѓе им зависи животот (на пример изложување на опасни материи и сл.). Пациентот е во право кога грижејќи се за своето здравје и за својот живот ги спроведува препораките од лекарот. Тој е во право и кога за некои постапки поставува прашања или пројавува отпор. Токму тука е филозофскиот одговор. Авторитетот и знаењето на лекарот не се спротивставени наспроти стравовите и послабата информираност или малата медицинска едукација на пациентот. Точно е дека личниот пример е најдобар, сепак тој не е и одлучувачки. Доколку лекарот е навистина „избран лекар“ тоа значи дека пациентот има доверба во него (во спротивно може да го смени).

Во 2010 година, 10.000 пензионери на бањско-климатска рекреација

Владината акција е во тек. Во Катлановска бања, во Дебарски бањи - Цапа, во Банско во „Цар Самуил“ кај Струмица и во Негорски Бањи кај Гевгелија од 6 до 13 февруари 2010 година престојуваше првата група на 500 пензионери од Владината акција за бесплатна седумдневна климатско-бањска рекреација. Во текот на 2010 година, се планира да престојуваат над 10.000 старосни, семејни и инвалидски пензионери од сите краеви на нашата земја. Пензионерските сојузи во Македонија оваа акција ја поздравија како добар потег на Владата. Со почитувањето на критеримите ќе се придонесе бањската рекреација да ја искористат оние кои се најзагрозени и на кои им е најнеопходна. Треба да се истакне и тоа дека, многу пензионери, кои нема да бидат опфатени со владината акција, преку нивните здруженија ќе добијат партиципација и до 50 отсто од трошоците за рекреативен одмор или бањско лекување, зависно од висината на пензиите. Како придонес за стандардот на пензионерите, донесена е и одлука, според која жените над 62 години старост и мажите над 65 години, почнувајќи од 1 февруари секој петок можат бесплатно да се возат со автобусите на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, за што градот Скопје годишно ќе издвојува 25 милиони денари. Скопските пензионери оваа одлука ја прифатија со задоволство.

Репортерско видување на пензионерските одмаралишта во Претор, Бања Банско и Катланово

–Во летото 2007 година ги посетив пензионерските одморалишта: хотелот „Претор“ на Преспанското Езеро, одморалиштето „Перо Стојановски“ во Катлановска Бања и „Спиро Захов“ во Банско, со кои стопанисува ФПИОМ. Првиот впечаток беше дека, во сите тие објекти долги години ништо не е инвестирано. Инвентарот е стар, а запуштени се и инсталациите. Сепак, поради поволните пансионски цени од околу 450 денари и туристичката такса од 50 денари, како и поради големите горештини тоа лето, интересирањето беше зголемено, со исклучок на одморалиштето во Катлановска Бања. Се чувствува потребата за реконструкција на објектите и обнова на инвентарот.

Во летните горештини во 2008 година повторно го посетив Рекреативниот центар „Катланово“ кој и оваа сезона работеше речиси со полн капацитет. Летово

тука имаше шест смени. И условите за престој во летувалиштето се подобрени. Новина беше и гостувањето на КУД „Пензионер“ од ЗП Гази Баба.

За престојот на пензионерите во летото во 2009 година репортерска задача имаше колегата Мендо Димовски, па извештајот ќе го презентира тој.

-Драги Аргировски

50 години од формирањето на Геронтолошкиот завод во Скопје

Грижата за лицата во третата доба започна со формирањето на првиот Дом за стари во земјава, во Катланово, во 1958 година. Тоа се темелите на ЈЗУ Геронтолошки завод „13 Ноември“. Потоа во 1964 година, во Злокуќани е изграден Дом за стари лица. Во 1966 година, Градското собрание донело решение за формирање на Дом за стари лица во Скопје како социјална установа. Во 1972 година овој Дом и Домот во Злокуќани продолжуваат да функционираат како една установа. Две години подоцна, во 1974 година, седиштето на Центарот за згрижување на стари и изнемоштени лица е префрлен во Ѓорче Петров. Во 1988 година Центарот се трансформира и прераснува во Геронтолошки центар „13 Ноември“ кој и натаму ја задржа основната дејност – здравствена и социјална заштита на старите лица. Две години подоцна тој се трансформира во Геронтолошки завод. Со помош од Фондацијата Леди Сју Рајдер Кеар, од Лондон во 1998 година, започна градбата на нов објект лоциран во кругот на Заводот. Во 2009 година, реновиран е одделот за интензивна и постинтензивна нега по европски и светски стандарди и отворена е физикална терапија за потребите на сите граѓани, а најавено е и отворање нови специјалистички амбуланти. Тука се згрижуваат старите лица, терминално болните и лица кои според важечкиот закон спаѓаат во групата на социјални случаи.

Во посета на најголемото семејство во Куманово

-Домот „Зафир Сајто“

Домот за стари лица „Зафир Сајто“ во Куманово, како институција за организирано згрижување на стари лица е основан 1956 година. Тој, од 1978 година, е сместен во новоизградениот објект во центарот на градот. Во 1995 година, сместувачкиот капацитет на домот е зголемен за 28 легла, а во 2004 уште за 18, така што денес располага со вкупно 166 легла. Основна функција на Домот е институционално згрижување на стари и изнемоштени лица. Таму се обезбедува исхрана, целодневна нега, социјална и здравствена заштита и социјална адаптација. Во домот има амбуланта и просторија за физикална терапија.

Трибина: Избор од „ Пензионерски видици“ и „ Пензионер пулс“

– Во изминатите неколку години во јавните гласила објавив повеќе колумни од актуелниот живот на пензионерите, кои најдоа свое место во другите рубрики на книгава. Овој пат од „Пензионерски видици“ и „Пензионер плус“ направив избор на колумни, поточно на погледи и мислења на истакнати аналитичари на пензионерските збиднувања во нашата земја. Поради својата актуелност се надевам дека ќе го задржат вниманието на читателите.

–Драги Аргировски.

Тука ги прикажуваме само насловите на избраните написи:

-Пензионерите во транзициониот период на Македонија

-Функционирање и опстојување на Солидарниот фонд

-Во СЗПМ рационално трошење на средствата

-Состојбата на корисниците на инвалидска пензија во Република Македонија

-Година на консолидација

-Пензионерот Стамен Филипов, чувар на уставниот поредок

-Управната инспекција не може да врши инспекциски надзор во здруженијата на пензионерите

-Подобри услови за подобра работа и за живеење

-Доживотно учење и за пензионерите во Универзитетот „Трето доба“

-Достоинствен живот на возрасните

Медиумски соочувања

Благовременото и точното информирање на пензионерите и на јавноста за активностите и проблемите на многубројната пензионерска популација во нашата земја е битен фактор во анимирањето на општеството за подобрување на нивниот стандард и на квалитетот на животот. Поради тоа во последните неколку години СЗПМ прави очиглени напори за подобрување на комуникацијата со медиумите, а со тоа и со јавноста. Настапите во живо во емисиите „Трето доба“ на МТВ, „Раноден“ на А-1 телевизија, „Журнал“ на Сител, како и на Алфа-ТВ Скопје и Скај-нет, изјавите во „Нова Македонија“ и во другите дневни весници во нашата зермја, тоа најдобро го потврдуваат. Во ширењето на вистината за пензионерската популација мошне значајна улога има весникот „Пензионер плус“. Со него се пополни една празнина во информативниот простор на нашата земја, а благодарејќи на добрата и квалитетна содржина постојано се зголемува бројот на читателите. Поради тоа, иако весникот се пласира и на ВЕБ страницата на СЗПМ, се наметнува потребата од зголемување на тиражот. Така, полека, но сигурно европскиот тренд на третирањето на пензионерската проблематика станува составен дел и на нашиот медиумски простор. Секако, медиумските соочувања се тесно поврзани и со мојата животна преокупација, новинарството и публицистиката, а на тоа укажуваат и објавените рецензии и прикази од ценети автори. –Драги Аргировски

Во книгата се поместени и написи со насловите:

-Крупен исчекор во информирањето, веб страница www.szpm.org.mk

-Заедничка седница на Издавачкиот совет и на Редакцијата на весникот „Пензионер плус“, Позитивна оцена за весникот и веб страницата на СЗПМ

-Одбележување на годишнината од излегувањето на „Пензионер плус“

На плеќите на дедо!

(руска фотографија од 1967 година)

ДЕЛ V.

НАШИ ПЕНЗИОНЕРСКИ ВРЕМИЊА

-хроника на пензионерското живеење -

Драги Аргировски, Скопје, 2012 година

(оригиналната книга е на 452 страници)

Напомена:-прераскажани, парафразирани и цитирани содржини од оригиналното издание.

Во знак на јубилејот

-Во 2011 година одбележан е јубилејот 65 години пензионерско организирање во Македонија, заедно со 20-годишнината од прогласувањето на независноста на Република Македонија. Таа година, во историјата на СЗПМ и на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе биде забележана како мошне значајна и плодна. Сепак, сеуште не се исцрпени сите инструменти за влијание и дејствување преку раководството на СЗПМ, кое дава иницијативи, сугестии и предлози за законските регулативи во интерес за пензионерската популација и е подготвено да учествува во работата на некои државни органи, во советите и комисиите. Успешно се менаџирани повеќе активности кои го олеснуваат стареењето, релаксираат, духовно збогатуваат, го зачувуваат и зацврстуваат здравјето, тоа, во прв ред, се: спортските, рекреативните, културните и забавните форми. СЗПМ настојува да обезбеди максимална инклузија и опфатеност на членството во разни активности. По повод двата јубилеи одржани се повеќе пригодни манифестации. Под покровителство на претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, на 20-ти септември „Денот на пензионерите на Македонија“, во Домот на АРМ во Скопје се одржа Свечена академија. На пензионерите кои беа присутни во голем број и на гостите од земјата и од странство им се обратија и ги поздравија: претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов и министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски. Претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски пред да го прочита свечениот реферат, ги поздрави сите присутни, помеѓу кои и гостите од странство со кои СЗПМ има добра соработка: Владимир Ножариќ, заменик на претседателот на Матицата на пензионерите на Хрватска, Рајко Јариќ, секретар на Сојузот на пензионерите на Србија, Андреј Јус, директор на Европскиот институт „Хеврека“ од Љубљана и Марјан Шифтар од Фестивалот за трета животна доба во Љубљана, долгогодишен амбасадор на Република Словенија во нашата држава, високите гости од многуте институции поврзани со оваа популација, како што се ФПИОМ, ФЗОМ, градоначалниците и други. На гостите од странство и на доајените на пензионерското организирање во Македонија, Душко Шурбановски, Андон Марковски и Бесник Поцеста, на свечен начин им беа доделени благодарници.

-Претседателите на двете најбројни невладини организации, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија, Драги Аргировски и Живко Митревски, на 3. октомври 2011 година одржаа работна средба, при што претседателот Аргировски, по повод одбележувањето на 65-годишнината од пензионерското организирање, на лидерот на ССМ, му врачи благодарница како признание за долгогодишната и успешна соработка.

-Делегација на СЗПМ оствари работна средба со директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова, при што претседателот Аргировски, по повод одбележувањето на 65-годишнината од пензионерското организирање, на директорката Маја и врачи благодарница како признание за долгогодишната и успешна соработка на ФЗОМ со СЗПМ.

-Пензионерите во рамките на своите здруженија или на заеднички средби на неколку здруженија, достоинствено ги одбележаа заедничките јубилеи, а неколку здруженија едновремено одбележуваа свои годишнини и други датуми со локално значење. ЗП Ѓорче Петров, едновремено прослави уште и 10 години постоење на Здружението и 15 години на општината Ѓорче Перов. ЗП Кочани го организираше третиот традиционален собир на пензионерите од источниот и централниот дел на Македонија. Во рекреативниот меморијален центар Пелинце, се одржа голем пензионерски собир. ЗП Пробиштип организираше традиционален пикник на зелено во селото Лесново. ЗП Охрид и Дебрца јубилеите ги одбележа со Свечена приредба. ЗП Центар заедно со двата заеднички јубилеи со свечена седница одбележа и 57-годишнина од основањето. Во Неготино се одржа традиционалната манифестација „Пензионерите пеат“. ЗП Демир Капија организираше прослава на двата јубилеја. По повод јубилејната прослава „70 години од нападот на участакот во Прилеп“ и двата заеднички јубилеи, Активот на жени – пензионерки Прилеп организираше забава и традиционално дружење на пензионерки и пензионери од: Битола, Кичево, Кочани, Крушево, Струга, Тетово, Велес, Штип, Ѓорче Петров и Карпош. ЗП Кавадарци организираше свечена програма за одбележување на двата јубилеи. На свечен и достоинствен начин ЗП Гевгелија ги одбележа двата заеднички јубилеи и 40 години на Здружението. ЗП Радовиш и Конче по повод јубилеите одржа Свечена академија. Активот на пензионерки од Битола, заедно со двата јубилеја го прослави и својот јубилеј - триесет години постоење. Во ЗП Штип се одржа свечена академија, а ЗП Кочани одржа свечен концерт по повод двата јубилеи. Собранието на Здружението на воените пензионери по повод двата јубилеи како и започнувањето на подготовките за одбележување на 20 години од формирањето на ова здружение, одржа Свечена седница. По повод двата јубилеја и 39-годишнината, свечена седница одржа Собранието на ЗП Гази Баба. Во Демир Хисар под покровителство на градоначалникот на општината, се одржа свеченост по повод двата јубилеја. ЗП Крива Паланка одржа свечена седница по повод двата јубилеи и 39-годишнината од основањето. Свечени седници одржаа собранијата на: ЗП Куманово, ЗП Струмица, ЗП Велес, ЗП Крушево, ЗП Тетово, ЗП Виница и ЗП Карпош. По повод јубилејот 65 години од пензионерското организирање во Македонија, во просториите на општината Бутел му беше доделена јубилејна благодарница на градоначалникот на општина Бутел, Петре Латиновски. На пригодна средба во СЗПМ, во Скопје, претседателот Драги Аргировски, на свечен начин, благодарница врачи на Сојузот на борците на Македонија од НОАВМ

1941-1945. Тој, притоа, зборуваше за пензионерското организирање и посебно за соработката со исто така значајниот Сојуз на борците на Македонија, која е зацврстена и со заеднички Меморандум. Благодарницата ја прими и се заблагодари претседателот на СБМ, Тодор Атанасовски. Едновремено по повод значајниот јубилеј 70-годишнината од востанието во 1941 година, генералот Атанасовски врачи Благодарница од СБМ за СЗПМ. Десетгодишнината од формирањето на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста се совпадна со одбележувањето на јубилеите: 65 години од почетокот на пензионерското организирање и 20 години од осамостојувањето на Република Македонија. На нивната свеченост присуствуваа и претставници од СЗПМ кои притоа ја предадоа благодарницата „65-години СЗПМ“ за тоа здружение. Благодарница по повод 65 години на СЗПМ е доделена и на Универзитетот „Трето доба“ Скопје. И Собранието на ЗП „Солидарност-Аеродром“ – Скопје на своја седница ја одбележа 65-годишнината од пензионерското организирање во Република Македонија, притоа за Здружението, за претседателот на ИО Димитрија Богатиноски и за генералниот директор на ФПИОМ Беким Незири, на оваа седница, беа врачени благодарници од СЗПМ.

Минати времиња

Сојузот на пензионерите на Македонија беше колективен член на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), меѓутоа уште од прогласувањето на независноста и осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, пензионерската асоцијација почнува посамостојно да делува. На конгрес на ССМ во 1994 година усвоено е статутарно решение за престанок на колективното членство на Сојузот на пензионерите на Македонија (СПМ) и оттогаш пензионерската организација во нашата земја делува потполно самостојно како посебна граѓанска организација.

На конститутивна седница на Собранието на СЗПМ одржана на 12 декември 2002 година за претседател на СЗПМ е избран Душко Шурбановски. По истекот на тој мандат, на 20 декември 2006 година на конститутивната седница на Собранието на СЗПМ, Душко Шурбановски повторно е избран за претседател, и тој со оваа најголема пензионерска асоцијација раководи до месец март 2011 година. На 26 февруари 2009 година Извршниот одбор ја прифати оставката на потпретседателот Андон Марковски, а за нов потпретседател беше избран Чедо Георгиевски, дотогашен секретар. На петтата седница на Собранието на СЗПМ одржана на 16 март 2009 година за секретар на Извршниот одбор е избран Драги Аргировски. На 31 март 2011 година на констутивна седница на Собранието за претседател на СЗПМ е избран Драги Аргировски. На ново востановената функција – потпретседател на Собранието на СЗПМ е избран Бесник Поцеста, за потпретседател на ИО избран е Методија Тошевски, а за секретар Станка Трајкова.

Според публицираните **сеќавања на Душко Шурбановски**, првата пензионерска организација е „Републички одбор“ –тело вградено во раководните структури на ССМ во 1950 година. Со зголемувањето на бројот на корисниците на пензија расте и интересот на пензионерите за создавање на „своја“ организација. Постепено, Републичкиот одбор на пензионерите добива статус на колективен член на Сојузот на синдикатите на Македонија, што траеше до 1994 година.

Во 1993 година донесен е Закон за исплата на плати и пензии со кој пензиите се намалија за 8%. Уставниот суд оваа одредба ја оцени како неуставна и ја укина. Со промена на условите за индексација –усогласување на пензиите, им се наштети на пензионерите. Просечната пензија во однос на просечната плата постепено паѓаше, па во 2010 година падна на 49,5% додека во 1992 година таа беше од 77,1%. Се укина и исплатата на додатокот „К-15“, се укина бесплатното здравство, се пренесе на други субјекти управувањето со пензионерските домови. Пензионерските одморалишта и клубовите на пензионери им се дадоа на ФПИОМ, се укина Фондот за општествен стандард при ФПИОМ, од кој се даваа субвенции на пензионерите за користење на бањско-климатски одморалишта, како и правото на отпремнина на семејството на починат пензионер од Фондот за здравство, се укина правото на учество на претставници на пензионерите во работата на Управниот одбор на ФПИОМ. СЗПМ иницираше пред Владата и пред пратениците на Собранието со Законот за работни односи, да се пропише, пензионерите да учествуваат во работата на Економско-социјалниот совет, заедно со Синдикатот. Во 2008 година, врз основа на законско овластување, Владата донесе одлука за вонредно усогласување на пензиите за 21,66%, „дегресивно“, давајќи приоритет на најниските пензии. Постепено се зајакнуваше афирмацијата на пензионерското организирање во Република Македонија. Така, СЗПМ во 2006 година потпиша „Меморандум за работење“ со Владата на Република Македонија, потоа „Меморандум за соработка“ со ЗЕЛС, а во 2008 година потпиша „Меморандум за соработка“ со републичкиот Црвен крст, со Сојузот на борците од НОАВМ, и со ФПИОМ. Од 2010 година наваму на 10.000 пензионери со најнизок износ на пензии, Владата на РМ им одобрува бесплатен седумдневен престој за рекреација во бањи во Македонија, а во градот Скопје се одобри бесплатен превоз во градскиот сообраќај и во жичницата на Водно, така што мажите постари од 64 и жените постари од 62 години во деновите вторник и петок (подоцна и сабота и недела) бесплатно се возеа. Обиди за такви поволности има и во некои други градови во државата.

Според публицираните „**Сеќавања на Андон Марковски**, доајен на пензионерското организирање и функционирање во Република Македонија, потпретседател на СПМ од март 1993 до март 2009 година“, формирањето на Солидарниот фонд е значаен белег на развојот на СЗПМ. Иницијативата дадена во 1993 година, гласи: на пензионерите да им се задржува од пензијата по 10 денари за членарина за активностите на здруженијата и по 100 денари за Солидарниот фонд (за погребнина). Собранието на Сојузот, на седница донесе заклучок: до 15 јануари 1993 година секое здружение да достави одлука за согласност за задржување по 110 денари од пензијата на секој пензионер. Со исплатата на јануарската пензија, се спроведоа одлуките. Од средствата што ги добиваа здруженијата на Сојузот му пренесуваа по 1,6 денар од секој член, за неговиот буџет. По завршувањето на таа година, покрај одлуките на здруженијата, Сојузот изготви и Спогодба со ФПИОМ, со која се регулираа односите, проблемите и дилемите, бидејќи не постоеше законска основа ФПИОМ да врши задржување на тие средства. Со Законот за здруженија на граѓани и фондации („Сл. весник“ на РМ бр. 31 од 02.07.1998 година), се реши зачленувањето на пензионерите и начинот како да се здружуваат. Статутите на здруженијата се усогласија со Законот. И Сојузот го измени Статутот и го смени името во СЗПМ. По неколку години донесена е одлука задржувањето да биде 140 денари, од кои 120 денари за

Солидарниот фонд и 20 денари за членарина. Во 2008 година донесен е закон, со кој ФПИОМ е овластен да врши задржување на средствата и исплата на погребните трошоци во висина од 30.000 денари на семејството на починатиот. А од почетокот на 2011 година членарината во здруженијата од 20 се зголеми на 30 денари.

Почнувајќи од 1996 година, пензионерите организираат спортски игри и натпревари, слично на моделот од синдикалните спортски игри. Тие станаа традиционални. Извршниот одбор донесе одлука во Македонија да се формираат 8 региони и со тоа да се овозможи секое здружение да учествува, во прв ред на регионалните спортски натпревари, а победниците да учествуваат на Републички пензионерски натпревари.

Покрај спортските манифестации, се појави интерес и се започна со организирање културно-забавни фолклорни ревии. Првата ревија се одржа 2003 година во Пробиштип, а регионалните и републичката ревија станаа традиционали во годините потоа.

СЗПМ доби донации од неколку донатори. Со пред-проект со наслов „Јакнење на капацитетот на здруженијата и Сојузот“, преку Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) добиени се донации од следните донатори:

Од Европската меѓуцрковна хуманитарна организација, со седиште во Амстердам, Холандија:

-Добиени се 12 комплети за активите на жените во здруженијата. Секој комплет содржи: телевизор, радиокасетофон, комплет прибор за кафе/чај и комплет прибор за ручање. Овие комплети беа доделени на 12 здруженија.

- Втората донација се состоеше од 34 телефони и мини-телефонска централа за Сојузот и 3 мобилни телефони. Телефоните беа доставени до 34 здруженија.

- Третата донација се состоеше од телефакси и истите беа доделени на неколку здруженија.

- Четвртата донација беше автомобил шкода фелиција, кој беше доделен на Сојузот.

- Петтата донација беше изградба на санитарии во одморалиштето во Катланово, кое е во владение на Сојузот на здрженијата на пензионерите од Град Скопје.

-Хуманитарната организација Ѓаконија од Германија, односно градот Нирнберг, обезбеди средства во висина од 40.000 германски марки, за изработка на покривна конструкција на Пензионерскиот дом во Гевгелија. Преку оваа организација се направија и 4 санитарни јазли во Битола.

Натаму, Македонскиот центар за меѓународна соработка обезбеди:

- Реконструкција на Пензионерскиот дом во Тетово и изградба на посебна просторија за спортување, инсталации за греење и друго.

- Реконструкција на електричната инсталација во Пензионерскиот дом во Гостивар.

- Реконструкција на санитарните јазли и адаптација на фасадата на Домот на пензионерите во Кичево.

- Донација за новоизградениот клуб во с. Лабуништа, со која се обезбеди комплетен мебел за канцеларијата.

- Добиена е донација од 20 апарати за фотокопирање и истите беа доделени на здруженијата.

- За Сојузот се обезбеди донација од: телевизор, радиокасетофон, столици, телефакс и компјутер.

Шпанска хуманитарна организација изврши реконструкција на Домот на пензионери во Свети Николе, и во Домот на пензионери во Струмица, кајшто се изгради и инсталација за парно греење.

Со „Проксима“ (меѓународна полиција) имавме соработка и добивме 1 компјутер за Сојузот.

Од УСАИД (американска организација) добивме 10 компјутери за клубовите во 10 здруженија.

Од Европската агенција за реконструкција и Данскиот совет за бегалци со посебен проект за јакнење на капацитетите и за едукација на кадрите, обезбедивме 25 компјутери и 6 телефакси и се одржаа и 3 семинари. Данскиот Совет за бегалци го реализираше проектот и истиот обезбеди учество на Меѓународниот конгрес на стари лица во Копенхаген – Данска, за двајцата раководители на Сојузот.

Во 1999 година, Андон Марковски престојуваше 21 ден во САД. Првите две недели имаше предавања на Економскиот факултет во Сиракуза -едукација на кадрите за раководење со невладини организации. Потоа во Вашингтон имаше посета на неколку невладини организации, од кои и на најголемата, пензионерската организација. Директорката за меѓународни односи изнесе дека таму има 33 милиони пензионери, во 23 сојузни држави. Организацијата има своја зграда и 1500 вработени лица. Тие се интересираат за нашата организација, за нејзината поставеност, за развојните програми, за соработката со другите организации и со власта. Таму секој пензионер - член на организацијата, плаќа по 8 долари месечно. Во САД има 440 ограноци. По посетата на Вашингтон, посетен е и Њујорк. Таму имаше посети во неколку невладини организации и прием и разгледување на ООН, кајшто беше приреден свечен ручек. Водени се разговори со раководителот на Одделот за грижа на старите лица, кој појасни дека Македонија (БЈР) во својство на членка на ОН има потпишано: Декларација за грижа на старите лица, и Декларација за правата на пациентите. Оваа посета беше финансирана од САД. На крајот на едукацијата се доделени сертификати за успешно завршена обука, а од Белата куќа за подарок се добиени рачни часовници. Овие спомени укажуваат дека пензионерите од многу земји соработуваат во интерес на пензионерското движење во светот.“ -А. Марковски.

Според публицираното „**Сеќавање на Душан Пересски**, претседател на Комисијата за културно-забавен живот на СЗПМ“, пензионерските ревии на песни, музика и игри ја возобновија фолклорната традиција во Република Македонија. Комисијата за културно-забавен живот при СЗПМ, која во 2002 година ја формира Извршниот одбор на СЗПМ, на една од првите нејзини седници го разгледа културно-забавниот живот во здруженијата на пензионерите и констатира дека во поголем дел од нив, заостанува оваа активност. Донесена е одлука, од 2003 година, секоја година да се одржува Ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти, за што се формира и

Организационен одбор. Откако беа извршени потребните подготовки и организација, донесена е одлука Првата ревија да се одржи во Здружението на пензионерите во Пробиштип, каде постои квалитетно и активно пензионерско културно-уметничко друштво. На 12 ноември 2003 година во Пробиштип се одржа првата регионална ревија, на која зедоа учество девет здруженија, со 196 учесници во програмата и околу 500 гледачи во салата на Културниот дом. На оваа, прва регионална ревија, која се прифати мошне добро, беше изведен главно изворен фолклор.

Втората ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и инструменталисти, се одржа во три региони: Штип, Велес и Куманово, во септември и октомври 2004 година. На оваа ревија учествуваа 24 пензионерски здруженија, односно трипати повеќе од првата ревија. Во програмите на трите региони учествуваа околу 500 членови, а во салите имаше околу 1500 гледачи. Констатиран е напредок и во квалитетот на изведбите.

Третата регионална ревија се одржа во јуни и јули 2005 година, во трите регионални центри: Тетово, Неготино и Кочани. Вкупно зедоа учество 32 здруженија, со околу 700 учесници во програма. Регионалните ревии беа посетени и гледани од над 1500 пензионери и други присутни.

По успешното одржување на трите годишни ревии, одлучено е да се одржи прва Републичка фолклорна пензионерска ревија. Стручната комисија која ги следеше ревиите на чело со проф. д-р Ѓорѓи Ѓоргиев, етнолог, направи селекција на пејачки групи за одржување на Републичката ревија. Така со одлука на Организациониот одбор, ревијата се одржа на 07.10.2005 година во Универзалната сала, Скопје. Тоа беше импозантен пензионерски спектакл. На ревијата зедоа учество 15 пензионерски здруженија, со околу 300 изведувачи во програмата. Републичката ревија ја следеа околу 2000 гледачи.

Со одлука на Организациониот одбор, четвртата фолклорна ревија, во 2006 година се одржа во 3 регионални центри и тоа: Свети Николе, Велес и Гостивар, а Струмица и Прилеп беа домаќини како меѓурегионални центри. На регионалните ревии вкупно зедоа учество 28 здруженија, со 850 учесници во програмата и присутни 1600 посетители, а на двете меѓурегионални имаше 27 здруженија со 300 изведувачи и 1500 гледачи.

Петтата пензионерска фолклорна манифестација се одржа во 2007 година, во Охрид, Куманово, Валандово и Штип. Посебни одлики на оваа ревија беа: квалитетот, масовноста, добрата организација и големата посета. На ревијата зедоа учество 28 здруженија со 620 учесници во програмата кои настапија пред повеќе од 2000 гледачи. Во Охрид настапи и збратименото здружение од Стара Загора-Бугарија.

Во 2008 година се одржа шестата регионална ревија на песни, музика и игри во Радовиш, Кичево, Гевгелија, Кочани и во ресторанот „Ханибал“ во Скопје со вкупно 30 здруженија и 50 изведувачи и околу 2000 гледачи.

Седмата ревија се одржа во пет регионални центри и тоа: Пробиштип, Тетово, Крушево, Кавадарци и Берово. Ревиите се одржаа во јули-септември 2009 година. На овие ревии зедоа учество 37 здруженија на пензионери, со 250 учесници во програмата, а беа следени од над 2500 гледачи. Посебно импонираа оркестрите со изворна музика, облеката на учесниците и масовноста на посетата.

Во 2010 година осмата ревија на македонското фолклорно и етничко богатство на Република Македонија се одржа во месеците јуни, јули и септември. Ревијата се одржа во Свети Николе, Прилеп, Виница, на Езерото Треска крај Скопје и во Струмица. На овие 5 регионални ревии зедоа учество 39 пензионерски здруженија. На ревијата во програмата учествуваа 340 пензионери, а неа ја следеа околу 2000 пензионери од кои само во Прилеп околу 680. Во Прилеп како гостин настапи здружението од Штип, а во Струмица, ЗП Гази Баба.

Во 2011 година, се одржа Деветата ревија на фолклорно-уметничките музички самодејности на пензионерите од Република Македонија, во пет региони и тоа во: Валандово, во Домот на АРМ во Скопје, во Крива Паланка, Кичево и во Македонска Каменица. На ревијата зедоа учество 43 пензионерски здруженија, со над 900 учесници, а ревијата беше следена од повеќе од 2.800 гледачи. При тоа дојде до израз порастот на квалитетот на изведбите и масовноста. Како траен документ се и колор Билтените во кои подетално се прикажани ревиите.

За одбележување е, дека, таму кајшто имаше интерес и услови, учесниците на ревијата облечени во народни носии, направија дефилеа по главните улици. Тие беа дочекувани со големи аплаузи. Во некои здруженија како Куманово, Пробиштип и други едновремено беа организирани и изложби од народни ракотворби кои беа извонредно интересни и различни, а на свечените отворања на ревиите во повеќе градови покрај претставниците на СЗПМ, говореа и градоначалиците.

Преземено од написот:

„Низ сеќавањата на Славе Лазаревски, истакнат пензионер од Тетово“

Славе Лазаревски од Тетово две децении е вклучен во работата на пензионерската организација. Тој е вистинска енциклопедија за пензионерската организација. Се сеќава за времето кога здружението имало ресторан, авто школа со инструктори пензионери, потоа на првиот статут донесен 1992 година и уште на многу други работи. „Имавме 5-6.000 членови во неколку ограноци. Потоа бројот на пензионерите се зголемуваше, а денес достигна 11.500, организирани во 21 огранок. Во 1993 година, поведовме иницијатива за солидарно осигурување, кое беше прифатено во целата држава“, - вели Лазаревски. Овој активист тврди дека најголема добивка за тетовските пензионери е изградбата на Домот, со помош на ИОМ и МЦМС. Речиси истовремено била реализирана и иницијативата за основање клубови на пензионери во ограноците. ЗП Тетово учествувало на сите спортски натпревари со најмасовни и најквалитетни екипи. Тие осум пати се апсолутен победник на републичките игри. „Имаме и мешан хор, музичка група, оркестар, кои беа поставени на доброволна основа. Учествувавме на сите видови културно-забавни и други манифестации, на регионални ревии што ги организираше СЗПМ, на разни други форми на рекреација, „разноличнувајќи“ им го животот на пензионерите. Тука спаѓаат и многубројните екскурзии низ сите познати историски и културни центри во земјата, потоа во соседните: Србија, Бугарија, Грција, а последниве неколку години и во Албанија и Косово. Воспоставивме тесни врски со многу здруженија, се со намера да ги збогатиме активностите“, кажува Лазаревски. Тој се присетува и на други содржини на активност, на големата соработка со органите и телата, на меѓусебното разбирање.

ЗП Тетово веќе 10 години континуирано доделува еднократна парична помош на најранливата категорија пензионери, биле испраќани пензионери на бањско и климатско лекување и уште многу содржини, кои претставувале основа да се констатира дека ова здружение е сложно и едно од најактивните во државата.

Во „Наши пензионрски времиња“, како континуитет од предходните четири публикации со пензионерска проблематика, од авторот Драги Аргировски, детално се прикажани најзначајните раководни, организациски и други активности до 2012 година, кои тука скратено, се прераскажани.

Седма седница на Собранието на СЗПМ: остварувањата како поттик за нови пензионерски активности

Во март 2010 година се одржа седмата седница на Собранието на СЗПМ на која е разгледан и усвоен Извештај за работата на Собранието, на Извршниот одбор, и на неговите тела за 2009 година и усвоена е Програма за работа во 2010 година. Остварени се забележителни резултати. Преку разгледување на повеќе извештаи, анализи, програми, информации, иницијативи и меморандуми, усвоени се многубројни ставови и заклучоци по прашањата за стандардот и правата на пензионерите, за подобрувањето на здравствената заштита и снабденоста со лекови, за нови форми во квалитетот на живеењето, за спортско-рекреативните активности, за културно-забавните манифестации и друго. Преземени се иницијативи пред Собранието и Владата на РМ за дополнување на чл. 246 од Законот за работни односи, за учество на СЗПМ во трипартитниот орган на Социјално-економскиот совет, потоа за воведување социјална државна пензија, а подготвена е и Спогодба за соработка со ФПИОМ. Кажано е дека 2009 година мина и во знакот на потпишување на спогодби помеѓу здруженијата на пензионерите и градоначалниците, со тоа е интензивирана соработката со локалната самоуправа, како и со општинските организации на Црвениот крст. Информирањето е остварено со редовно излегување на месечниот весник „Пензионер плус“, со веб-страницата на СЗПМ, зголемено е и учеството на пензионерски теми во емиисите на МТВ, Скај нет, Алфа, Сител, како и во дневните весници. Извештајот и Програмата беа едногласно усвоени. За завршната сметка за 2009 година се истакна дека средствата се трошени наменски и домаќински и дека со завршната сметка е остварено позитивно салдо и укажани се можностите за штедење. Заклучено е дека новиот Финансиски план иако е зголемен, тој е реален со оглед на зголемените активности кои се планираат во 2010 год. Усвоена е Одлуката за завршната сметка за 2009 година, како и Финансискиот план за 2010 година. На седницата беше примено за член на СЗПМ новоформираното Здружение на пензионери од Демир Капија, а беа верифицирани мандатите на Методија Тошевски, Димитрие Димовски, Данче Даскаловска, Ариф Бекир и Лазар Ангелов.

Пред одржувањето на седмата седница на Собранието, претходно се одржа седница на Извршниот одбор на СЗПМ, на која беа разгледани и усвоени како предлози до Собранието: Извештајот за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, завршната сметка за 2009 година и Програмата за работа со финансискиот план за 2010 година.

Состанок со сите претседатели на здруженијата на пензионерите на СЗПМ: во функција на подобри изборни активности

Во организација на СЗПМ, на 30 јуни 2010 година, се одржа средба со претставници на сите здруженија на пензионерите членки на СЗПМ, на која се разменија мислења, сугестии и видувања по одредени актуелни прашања. На состанокот посочени се проблемите со спроведувањето на одредбите од новиот Закон за здруженија и фондации, дадена е иницијатива за продолжување на рокот за одржување на изборите во пензиоинерската организација, разгледано е прашањето на финансиската положба на Солидарниот фонд за помош на семејствата на починатите пензионери и друго. Здруженијата на пензионерите треба во предвидениот рок, до 16 април 2011 година, да донесат нови статути и да извршат пререгистрација. Се заклучи, до 20 јули работната група на ИО на СЗПМ до здруженијата на пензионерите да достави нацрт текст на нов статут, кој ќе им послужи како урнек. За надминување на разликите во термините на одржување на отчетно-конститутивните седници, кои порано беа во период од јуни до декември, се препорача, тие да се одржат на почетокот на 2011 година, откако сегашниот состав ќе го усвои извештајот и завршната сметка за 2010 година, а новиот состав да подготви Програма за работа и финансиски план за 2011 година. Само две здруженија изразија извесни резерви за овој предлог. На состанокот се расправаше и за враќање на средствата на здруженијата на пензионерите од Солидарниот фонд на задршката од декемвриската пензија за 2007 година. Претставниците на ФПИОМ притоа искажаа дека во ФПИОМ има недостиг на средства поради рецесијата. Во врска со ова, претставници од пет здруженија настојуваа да се побараат можности и во неколку рати средствата да се вратат во здруженијата.

Осма седница на Собранието на СЗПМ

На 20 декември 2010 година Собранието на СЗПМ ја одржа осмата седница, на која го утврди Нацрт-Статутот на СЗПМ и одлучи да го даде на јавна дискусија во здруженијата, која ќе трае до крајот на јануари 2011 година. Собранието едногласно ја усвои Одлуката за продолжување на мандатот на сегашниот состав на органите и телата до крајот на март 2011 година. Беше усвоена и Одлука за времено финансирање на СЗПМ за првите три месеци во 2011 година. Опстојна дискусија се водеше и за предлогот за зголемување на месечната членарина од 20 на 30 денари. За Одлуката се изјаснија мнозинството претставници на здруженијата - членки на СЗПМ. На предходно спроведена анкета, од вкупно 51 здружение на пензионери членки на СЗПМ, 39 беа за предлогот, а согласност не дадоа само 12 здруженија на пензионери. За зголемување на членарината за 10 денари позитивно се изјаснија и: Сојузот на здруженијата на инвалидите на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија, Сојузот на инвалидски пензионери на Македонија и Националниот сојуз на инвалидите на трудот на Р. Македонија. Имајќи го сето тоа во предвид Одборот на регистрираната организација на Сојузите на пензионерите на Македонија, едногласно, донесе Одлука за зголемување на членарината од 20 на 30 денари со важност од јануарската пензија 2011 година. Претходно по сите работни материјали од дневниот ред на седницата на Собранието, позитивно се произнесоа и членовите на Извршниот одбор на СЗПМ.

Отчетна седница на Собранието на СЗПМ

Остварени програмските цели и задачи

Собранието на СЗПМ, на 10 март 2011 година, одржа отчетна седница на која ги разгледа: Извештајот за работата на СЗПМ во 2010 година; Завршната сметка на СЗПМ; Записникот на Надзорниот одбор, со одлука за прифаќање; и Статутот на СЗПМ.

На седницата, истакнати се околностите и влијанието на економските фактори врз падот на животниот стандард, особено кај пензионерите, од што произлезе усогласувањето на порастот на трошоците со пензиите со зголемување од 0,8 отсто за првите три месеци, кое, е минимално и не соодветствува на вистинската состојба. Направен е краток осврт на изготвениот материјал за работата на Собранието од аспект на заложбата за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, а извештајот е добра основа за воспоставување и одржување континуитет во работата на новото раководство. Упатена е остра критика за појавата и тенденцијата за формирање паралелни пензионерски здруженија. Предложено е да се остварат контакти со Владата за да се истакне потребата за покачување на пензиите. Нагласено е дека новото раководство треба да се избори поголем број претставници на СЗПМ да влезат во составот на државните и другите раководни структури и да имаат влијание врз одлуките од интерес за пензионерите. Истакнат е проблемот со напуштеното бањско одморалиште во Банско. Собранието го усвои пречистениот текст на Статутот на СЗПМ, и заклучи тој да се објави во весникот „Пензионер плус“.

Изборна седница на Собранието на СЗПМ на 31.03.2011 година

Собранието на СЗПМ, на 31 март 2011 година, одржа изборна седница на која, по изборот на работните тела, како и по донесувањето Деловник за работа, беа верификувани мандатите на членовите на Собранието, едногласно беа избрани претседателот и потпретседателот, членовите на Извршниот и на Надзорниот одбор и членовите на Статутарната комисија.

На седницата учествуваа 59 делегати со валидни овластувања и Собранието едногласно го верифицира мандатот на сите присутни и заклучи дека има кворум и може полноважно да одлучува. Поднесен е, и образложен единствен предлог, кој, всушност, беше предложен од повеќе здруженија на пензионери, за претседател на Собранието да биде избран Драги Аргировски, досегашен секретар на СЗПМ. Предлогот беше едногласно прифатен и изборот на претседателот со акламација беше извршен. Според Статутот и функционалната должност, во наредниот мандат од 4 години Драги Аргировски наедно ќе биде и претседател на Извршниот одбор на СЗПМ. За потпретседател на Собранието, избран е Бесник Поцеста. За член на ИО и секретар избрана е Станка Трајкова. Избрани се членови на Надзорниот одбор и Статутарната комисија на Собранието на СЗПМ. Во името на сите избрани се заблагодари Драги Аргирвоски и искажа благодарност за раководењето на досегашниот претседател Душко Шурбановски.

Прва седница на Собранието на СЗПМ

По конституирањето, на 31. март 2011 година, Собранието на СЗПМ ја одржа првата седница на која расправаше и усвои Програма за работа и Финансиски план за 2011 година. Програмата за работа е насочена кон остварувањето на активностите кои овозможуваат подобрување на квалитетот на животот, социјална сигурност и доживување достоинствена старост на пензионерската популација. Во таа насока ќе се трошат и планираните средства од Финансискиот план.

Прва и втора седница на ИО на СЗПМ

На 31. март 2011 година, веднаш по завршувањето на седницата на изборното собрание на СЗПМ, одржана е седница со новоизбраниот Извршен одбор, на која за потпретседател беше избран м-р Методија Тошевски. На седницата беше разгледана и Програмата на СЗПМ и Финансискиот план за 2011 година.

На 21. април 2011 година, Извршниот Одбор на СЗПМ ја одржа својата втора седница. На седницата беше усвоен Деловникот за работа на ИО на СЗПМ и беа формирани постојани работни тела со чија помош ќе се одвиваат многубројните активности зацртани во Програмата на СЗПМ, тоа се: Комисија за меѓугенерациска и меѓународна соработка; Правно-економски форум; Комисија за културно-забавен живот; Комисија за здравство и социјална политика; Комисија за спорт и рекреација; и Комисија за информирање и издавачка дејност.

Формирани се Организациони одбори за шеснаесеттите Спортски пензионерски натпревари и за деветите по ред Ревии на песна, музика и игра. Избран е и Издавачки совет и Редакција на весникот „Пензионер плус“. Усвоена е Предлог-Одлука преминувањето на членови-пензионери од едно во друго здружение да се врши со валидна пристапница и со исписница.

На седница на Надзорниот одбор на Собранието на СЗПМ, за претседател беше избран м-р Доне Николовски, а беше направен и план за активноста на овој Одбор во 2011 година. На нова седница за потпретседател на Надзорниот одбор беше избран Нијази Хаљили.

Четврта седница на ИО и Втора седница на Собранието на СЗПМ

На 29. јуни 2011 година ИО на СЗПМ ја одржа четвртата седница на која се даде пресек на активностите во периодот меѓу двете седници. Констатирано е дека активностите од Програмата на СЗПМ се одвиваат со предвидената динамика и со успех. Одржани се регионални спортски натпревари во осум региони, како и три регионални ревии на песни, музика и игри. Во здруженијата се спроведени многу задачи и активности со учество на голем број пензионери.

Усвоен е Меморандум за соработка помеѓу СЗПМ и СБМ. За решавање спорни прашања помеѓу здруженијата се подготвува Правилник за работата на Арбитражната комисија. За итно разгледување на проблемите со извршувањето на Договорот со НВО „Проект развој Македонија“ формирана е Комисија.

Истиот ден, седница одржа и Собранието на СЗПМ. На седницата Собранието усвои Деловник за работа. Се разгледа можноста за купување деловен

простор за потребите на СЗПМ во пензионерскиот дом што се планира да го гради ЗП Центар. Собранието усвои ребаланс на Финансискиот план на СЗПМ за 2011 година и соодветни одлуки. Согласно Статутот на СЗПМ, по предлог на претседателот на Кандидационата комисија, Собранието ја избра Станка Трајкова за член на Собранието и член на Извршниот одбор на СЗПМ. Методија Тошевски, Крсте Ангеловски, Димитрија Богатиноски и Љупчо Наумовски беа избрани за членови на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина. За нов член на Надзорниот одбор на Собранието на СЗПМ, беше избран Нијази Хаљиљи од ЗП Гостивар. Образложен е предлогот за измена и дополнување на Одлуката за прием во членство во СЗПМ и нагласени се организациските проблеми во евиденцијата на миграцијата на членовите на здруженијата од едно во друго здружение. Тоа се уредува со давање исписница и пристапница на членовите и во случаите кога раководствата не се согласуваат со личните одлуки на поединците, што е значајно за утврдување на вистинскиот број на членовите во секое здружение, а тоа е потребно и заради распределбата на средствата од членарината. Едногласно беше одлучено како нов член на СЗПМ да може да се прими здружение доколку има над 50 отсто од вкупниот број пензионери што живеат во новата општина, а паралелните здруженија треба да имаат најмалку 3.000 членови со пристапници и исписници.

Петта седница на Извршниот одбор на СЗПМ

На петтата седница на ИО, Станка Трајкова беше официјално избрана за секретар на Извршниот оборот.

Шеста седница на ИО на СЗПМ

-Значајни одлуки и верифицирани позитивни резултати

Извршниот одбор на СЗПМ на 25 август 2011 година ја одржа шестата седница на која беа најавени зголемени активности по повод 20-годишнината на независноста на РМ и 65-годишнината од пензионерското организирање во Македонија. Со активностите, на свечените седници на собранијата на здруженијата, на пикник средбите, на бањската рекреација, на хуманитарните активности, со користењето бесплатен автобуски превоз и на жицницата во Скопје, со секојдневната работа на клубовите на пензионерите ширум нашата земја и со други активности во текот на септември, се очекува да бидат опфатени и активирани над 100.000 пензионери, што е нов месечен рекорд во акцијата „Од Вас за Вас“. Доделувањето на јубилејните благодарници на институции, на градоначалници и на поединци, нема да биде само признание за нивната истакната соработка и активност, туку и поттик за нови ангажирања во интерес на пензионерите. Благодарници се доделуваат за прв пат во историјата на СЗПМ, поради што и списокот е поброен. Договорено е да се изготви Правилник за награди, а добитник на благодарница да биде и претседателот Драги Аргировски. На седницата е усвоен Предлог-Правилник за арбитража, кој потоа се даде на јавна дискусија во здруженијата до крајот на септември 2011 година. Сугестиите и предлозите од јавната дискусија ќе ги разгледа Правно-економскиот форум, а потоа ќе се усвојува од ИО на СЗПМ. Разгледан е Извештај за финансиското работење на СЗПМ за првото полугодие во 2011 година и позитивно е оценета

работата на Сојузот. Се настојува да се обезбеди друг деловен простор за СЗПМ, за што е остварена и соработка со ЗП Центар. Се остварува Договорот за соработка со весникот на албански јазик „Коха“ за објавување месечен прилог за пензионерите во овој весник, што ќе придонесе за подобро информирање на членството за активностите на СЗПМ. Изнесена е информација за Одлуката на ЗП Битола да се врати во членството на СЗПМ, како и за предлогот за кооптирање два члена од ЗП Битола во Собранието на СЗПМ, од кои еден и за член на ИО, како и по еден член во Правно-економскиот форум и Комисијата за култура. Во Љубљана на 28 и 29 септември ќе се одржи „11. Фестивал за трето животно доба“ на кој доколку со Институтот „Хеврека“ се обезбедат потребните средства, ќе учествува составот од 7 гајдаџии на КУД „Весели пензионери“ на ЗП Пробиштип, а делегацијата ќе ја предводи Александар Захариев, со Милевка Здравковска и д-р Илија Глигоров. На седницата се кажа дека весникот „Пензионер плус“ доби ISSN број од Меѓународниот систем за податоци на публикации, кој се води во базата на податоци во Париз. Во врска со повикот од Институтот за Демократија за обука за користење на ЕУ проекти, се препорача да аплицираат повеќе здруженија на пензионери.

Состанок со претседателите на здруженијата на пензионери

На 11. мај 2011 година, во СЗПМ, се одржа состанок со претседателите на собранијата и на извршните одбори на здруженијата на пензионери, при што се расправаше за активностите на Сојузот и на здруженијата за остварување на Програмата на СЗПМ за 2011 година, со акцент на одбележување 65 години на пензионерското организирање. Нагласени се задачите и Програмата за работа на СЗПМ и задачите на работните тела на ИО на СЗПМ. Програмата на СЗПМ претставува основа и рамка во која се опфатени активностите на СЗПМ: Собранието, Извршниот одбор и Надзорниот одбор, во координација со активностите на здруженијата членки. Даден е апел за организирано ефикасно вклучување и учество на поголем број од членството во сите домени. Од некои учесници беа наведени определени потешкотии и пречки во дејствувањето кои произлегуваат поради недоречени или несоодветно регулирани односи на здруженијата со другите општествени субјекти на локално ниво. На крајот едногласно се усвоени следните заклучоци:

1. Програмата за работните тела на СЗПМ да се допрецизира преку детални програми кои ќе бидат оперативни документи за реализација.

2. До крајот на мај 2011 година, работните тела на СЗПМ и здруженијата, кои сè уште не ја дефинирале својата оперативна програма, да го сторат тоа, а паралелно да го утврдат (таму каде што за тоа има потреба) и календарот на дејствување.

3. Извршниот одбор да ги задолжи своите членови, да ја иницираат и да ја следат активноста на здруженијата и да даваат поддршка со учество, за подобро извршување на утврдените задачи.

4. Раководствата на здруженијата соодветно да ги усогласат своите програми за работа со содржина и динамика, особено во деловите кои кореспондираат со програмата за работа на СЗПМ, заради синхронизација на активностите и остварување на меѓусебната соработка.

5. Информирањето за активностите и остварувањето на програмските задачи да биде приоритетна работа на Комисијата за информирање, преку сите форми (весник, веб-страница, повремени билтени и слично).

6. Извршниот одбор редовно да го насочува и да го следи извршувањето на програмските задачи и повратно да ги сумира искуствата, потребите и можностите за остварување на барањата на СЗПМ кои се упатени кон органите на државата, за решавање на економските и социјалните потреби на членството.

7. Се формира работна група за разгледување на проблемите настанати со промената на статусот на домовите за пензионери, нивното преземање и отуѓување од страна на државата.

8. Извршниот одбор им препорачува на раководствата на здруженијата, во активностите со локалната самоуправа и во ограноците на здруженијата да бидат вклучувани и членовите на раководствата заради координација и содејство во остварувањето на задачите.

9. Заклучено е Извршниот одбор на СЗПМ да поведе постапка пред Владата со барање за вонредно зголемување на пензиите заради настанатите диспропорции во нивото на пензиите, кое се случи поради неадекватната примена на механизмот на усогласувањето на пензиите според Законот.

10. Здруженијата навремено да подготват програми за одбележување на 65-годишнината од пензионерското организирање во Македонија.

Седници на Одборот на регистрираната организација за солидарни средства и членарина -утврдување на вистинската состојба

Одборот на регистрираната организација за солидарни средства и членарина (ОРО), на 30 мај 2011 година одржа седница на која расправаше за реализацијата на Спогодбата со ФПИОМ, за начинот и постапката за задршка на определените средства од пензијата за солидарен фонд -посмртна помош и членарина и за исплатата на посмртната помош на семејствата на починатите корисници на пензија. Се разговараше за различното прикажувње на вистинската бројност на членовите во здруженијата и четирите сојузи на здруженија, а тоа влијае за несоодветна распределба на средствата од членарината. Претседателот на ОРО истакна дека Спогодбата е добра основа за соработка со ФПИОМ и овозможува реализирање на регулираните обрски, а искажана е и потреба за нејзино доградување. Одборот реши да го обнови прашањето за средствата што ФПИОМ требаше да ги врати во здруженијата уште во декември 2007 година врз основа на ЗПИО, а предложи и формирање резервен фонд за Солидарниот фонд. Потребно е интензивно информирање од ФПИОМ, а здруженијата редовно да добиваат податоци за починатите и новите пензионери. Се бара регулирање на бројноста на членството во здруженијата и сојузите и утврдување на точната состојба. Поради неажурната евиденција и појавата на паралелни здруженија распределбата на членарината е несоодветна. Предложено е, ОРО да донесе Одлука за регулирање на бројноста на членството, како и за начинот на пресметување и распоредување на средствата од членарината која им припаѓа на здруженијата и на сојузите. Одлуката ќе се достави до сите сојузи на здруженија на пензионери, за да се усогласи работата и идентично да се постапува по прашањето на членството и распоредувањето на средствата по здруженија.

Седница на ОРО –значајни заклучоци за натамошно дејствување

Одборот на регистрираната организација за солидарни средства и членарина, на 7-ми септември 2011 година одржа седница на која расправаше за актуелни прашања и проблеми околу прибирањето, распределбата и трошењето на средствата од Солидарниот фонд за посмртна помош и членарина. Покрај другото, беше констатирано дека најгорлив проблем претставува неточната и неусогласената евиденција за членството во здруженијата и сојузите. Истакнато е дека сè уште ФПИОМ нема извршено разграничување на списокот на пензионерите според новата номенклатура на општините, а ниту пак здруженијата имаат соодветна методологија за утврдување на бројноста. Затоа, ОРО ја прифати Одлуката за регулирање на бројноста на членството и за начинот на пресметување и распоредување на средствата од членарината, која им припаѓа на здруженијата и сојузите и утврди методологија за годишно усогласување и ажурирање на евиденцијата на членството. Исто така, зазеде став за решавање на споровите околу бројноста на членството по разни основи, кое може да биде и со вклучување на Комисијата за арбитража и усвои заклучоци.

Во Крушево: Три средби на 1. ноември 2011 година

Извршниот одбор на СЗПМ, Собранието на СЗПМ, претседателите на здруженијата на пензионери и претседателките на активите на пензионерки, одржаа три конструктивни средби во Крушево на 01.11.2011 година. За прв пат СЗПМ одржа седници надвор од Скопје, каде и покрај големиот број на учесници беа создадени непречени услови за работа.

Најпрво ИО ја одржа седмата седница, со поканети и други учесници како и претставници на медиумите. Притоа, позитивно е оценето одбележувањето на 65-годишнината на пензионерското организирање во Македонија и 20-годишнината на самостојна и независна Република Македонија. Поволни искажувања имаше и за пригодните свечености кои се одржаа и во повеќе градови во нашата држава. Извршниот одбор даде позитивна оцена и за 16. Републички пензионерски спортски натпреварии и за 9. Регионални ревии на песна, музика и игри. Разгледан е Правилникот за ревиите на песна, музика и игри кој е даден на јавна расправа во здруженијата. Правилникот за работа на Комисијата за арбитража донесен е по јавното разгледување. Донесена е одлука компјутерот што СЗПМ го доби како подарок од „Макпетрол“ да биде даден на ЗП Ново Село. Усвоен е ценовник за рекламирање во „Пензионер плус“. Заклучено е „Предлогот за времено финансирање на СЗПМ за првите три месеци во 2012 година“ да се усвои на седницата на Собранието на СЗПМ.

На седница на Собранието на СЗПМ, која се одржа истиот ден, присуствуваа и претседатели на здруженијата на пензионерите-членки на СЗПМ. Направен е осврт на активностите и состојбите во изминатите седум месеци. Со колективен дух во раководењето и интерактивно дејствување со здруженијата подигнат е квалитетот во работата. На седницата се осуди писмото во „Дневник“ од група пензионери, бидејќи во него се изнесени само измислици и невистини. Упатено е писмо до ЕУ со кое СЗПМ протестира заради изоставување на зборот „македонски“ во Извештајот на еврокомесарот Филе. Усвоена е Одлука за привремено финансирање на СЗПМ во период јануари-март 2012 година.

Поздравена е одлуката за прием (поточно враќање) на ЗП Битола за членка на СЗПМ. Свечен тон на седницата на Собранието со претседателите на здруженијата на пензионерите од Македонија, како и на другите средби во целина даде и доделувањето на јубилејните благодарници на здруженија и истакнати поединци за нивниот придонес во работата на СЗПМ. По седниците, учесниците го разгледаа Крушево и ја посетија Спомен-куќата на македонската музичка ѕвезда Тоше Проески. Средбите дадоа нов поттик за збогатени активности на здруженијата и на СЗПМ во целина, но и покажаа дека е добро и корисно средби да се прават не само во Скопје, за да се активираат здруженијата домаќини. За добрата организираност на овие средби упатени се честитки и благодарност на домаќинот ЗП Крушево.

Драги Аргировски имаше излагање пред сите присутни на трите средби во Крушево. Тој истакна дека во првите седум месеци од овој мандат, остварена е збогатена активност. За прв пат во 65 годишната историја на пензионерското организирање во Македонија на свечена академија говореше претседателот на државата, министерот за труд и социјална политика, гости од земјата, претставници на пензионерските асоцијации од Словенија, Хрватска, Србија, Европскиот институт Хеврека и други, а во пригодната програма учествуваа истакнати ансамбли на пензионерските здруженија од Гази Баба, Куманово, Тетово, Пробиштип и Прилеп. Од овој настан, за прв пат, имаше радио и телевизиски пренос на МРТ, а настанот го одбележаа повеќе електронски и пишани медиуми. Оваа позитивна атмосфера која се совпадна и со уште еден голем јубилеј – 20 години од осамостојувањето на Република Македонија, продолжи и на свеченостите што се организираа во здруженијата. По повод 65 годишниот јубилеј врачени се благодарници на истакнати активисти и на градоначалници. Во „Пензионер плус“ започна да излегува и страница на албански јазик, а во „Коха“ еднаш месечно и страница за пензионерите. Воедно, во Алфа телевизија, воведена е неделна емисија „Врати време“ која е посветена на пензионерите, а во МТВ е обновена емисијата „Трето доба“. Компанијата Телекомуникации ОНЕ дониираше 95.000 денари, со што се покриени сите годишни трошоци на функцијата претседател на СЗПМ, а од АД ЕЛЕМ - Скопје за проектот 16. Републички пензионерски спортски натпревари доделен е грант во износ од 100.000 денари. Потпишани се договори за соработка со Матицата на пензионерите на Хрватска, а продолжи и воспоставената соработка со Европскиот институт „Хеврека“ од Љубљана со чија помош, во септември, СЗПМ учествуваше на 11. Фестивал на трето животно доба, со импресивен настап на гајдаџии на КУД „Весели пензионери“ од Пробиштип. Трошоците за патувањето ги дониираше нашиот амбасадор во Словенија, Игор Попов. СЗПМ оствари меѓународна соработка и со Сојузот на пензионерите на Србија, а во неа особено се истакнаа здруженијата од Куманово, Кочани, Охрид и Битола. Со Сојузот на пензионерите на Албанија, остварија соработка здруженијата од Тетово, Дебар, Сарај, Гостивар, Охрид, Лабуништа, а со Сојузот на пензионерите на Бугарија, здруженијата од Берово, Охрид и други. Меморандум за соработка потпишавме и со Сојузот на борците на Македонија. Успешно се остварува и новата акција „Од Вас за Вас“. Во фокусот на вниманието беа и другите цели и задачи на СЗПМ како што се: заштита и унапредување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, поквалитетна здравствена заштита, хуманитарните активности и за организирано учество во севкупниот општествен живот во државата. Во повеќе

здуженија на пензионери се чувствува позитивна раздвиженост. Отворени прашања има уште многу. Многу ми значи Вашето мислење, да работиме колективно, но со почитување на хиерархијата. Ова не им се допаѓа на некои наши критизери, кои недоволно информирани, лошо настроени, неедуцирани, малициозни, недобронамерни и завидливи, бараат и измислуваат нешта кои не постојат или постојат со помали размери и е занемарлива во однос на позитивните резултати и видливите постигања. Може да се критикува, но за тоа се потребни здрави аргументи и факти, а не инсинуации и манипулации. Тоа што е добро за сите пензионери, треба да се поддржува. Секако дека секогаш и сѐ може и треба да биде подобро. Моите и вашите намери се во таа насока, а за тоа е гаранција постигнатото... (другиот дел од говорот може да се прочита во книгата).

На заедничкиот состанок на претседателите на здруженијата на пензионери со претседателките на активите на пензионерки, по обемна и плодна дискусија се заклучи - активите на пензионерките да дејствуваат во составот на здруженијата, како и досега, со акцент на социјално-хуманитарната компонента, но да учествуваат и во сите други активности на здруженијата. Усвоени се заклучоци за начинот на интегрирање на работата на активите во програмите и активностите на здруженијата на пензионери кои се детално публицирани во книгата.

Средби на здруженијата

Во месноста „Равна Река“, оддалечена на околу 10 километри од Пехчево, се одржа средба меѓу пензионерите од оваа општина и од скопската општина Гази Баба. На средбата учествуваа околу 270 пензионери од кои 100 беа од пехчевската, а околу 150 пензионери од општината Гази Баба. Пензионерите ги посетија водопадите во околината на месноста „Равна Река“ кои што претставуваат туристичка атракција. Во рамките на средбата, двете раководства направија збратимување на здруженијата, и притоа се договорија за понатамошни заеднички активности.

Од први јануари 2010 година, пензионерите од Демир Капија, се осамостоија и формираа свое Здружение. Разделбата со пензионерите од Неготино беше со добро разбирање од двете страни.

Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите од градот Скопје, во Рекреативниот центар Катланово се одржа средба со градоначалникот на градот Скопје, Коце Трајановски, на кој присуствуваше и градоначалникот на општина Петровац и потпретседателот на ИО на СЗПМ. Претседателот на Градскиот пензионерски сојуз, д-р Крсте Ангеловски информираше дека оваа асоцијација ја сочинуваат 11 здруженија на пензионери кои делуваат на територија на 17 општини со 72.000 членови и 60 ограноци. Воспоставена е добра соработка со локалната самоуправа. Минатата и оваа година од буџетот на градот Скопје добиени се по 500.000 денари, наменети за реновирање на Рекреативниот пензионерки центар во Катланово, а обезбедени се и посебни средства за канделабри, осветлување, клупи, патеки и друго. За мажите постари од 64 години и за жените постари од 62 години, овозможени се два дена во неделата бесплатен превоз со автобусите на ЈСП и со жицницата до Милениумскиот крст на Водно. По еден автобус годишно, обезбеден е за секое здружение, за бесплатен превоз при еднодневни ескурзии низ Македонија. Истакната е потребата со сите

градоначалници на општините, здруженијата на пензионерите од Скопје да потпишат спогодби за соработка и да се интензивира постапката за изградба на нов Дом на пензионерите на ЗП Центар, како и да се отворат нови клубови и центри за дневен престој и друго.

Средба на министерот за труд и социјална политика со Раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, со соработниците, на 02.02.2012 година го посети СЗПМ и разговараше со раководството за повеќе актуелни прашања и проблеми од интерес за пензионерската организација. Средбата ја следеа повеќе новинари од пишаните и електронските медиуми во Македонија. Стана збор и за недостатокот од пензионерски домови, како и за нееднаквиот третман на сопственоста над истите. Побарана е информација за зголемувањето на пензиите за оваа година и за можноста за подобрување на односот помеѓу просечната плата и просечната пензија. Се дискутираше за заедничкото дејствување и соработка на здруженијата и центрите за социјална работа со цел за заштита на сигурноста на старите лица, кои од разни причини станаа мета на насилство од секаков вид. По повод одбележувањето на 65 годишниот јубилеј на пензионерската организација, а како поттик и во знак на добрата соработка со Министерството за труд и социјална политика, претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски на министерот Спиро Ристовски му врачи благодарница.

Четврта седница на Собранието на СЗПМ

На 29 февруари 2012 година се одржа четвртата седница на Собранието на СЗПМ. На ова седница усвоени се: завршната сметка на СЗПМ, извештајот за работата во 2011 година, Финансискиот план и Програмата за работа во 2012 година, Правилникот за спортски игри на пензионерите и Правилникот за ревии на песни, музика и игри. Констатирана е потребата за вонредно зголемување на пензиите, за што треба да се интервенира кај надлежните институции.

Зацврстување на соработката со ФПИОМ

На 25 јануари 2012 година, во ФПИОМ одржан е првиот состанок на менаџерскиот тим со претседателите на здруженијата на пензионери членки на СЗПМ. Средбата е значајна за зајакнување на соработката и воспоставувањето поблиски релации и разбирање во решавањето на актуелните прашања. Цел е да се создадат поповолни услови и порелаксирана атмосфера за надминување на проблемите и воведување практика за месечно состанување на раководствата од двете страни и ангажирањето за непосредно решавање на актуелните проблеми, како и поцелосно меѓусебно информирање и согледување на проблемите и нивно решавање. Сеуште нерешено важно прашање е, да се утврди точниот број на пензионери по општини, за што се договорени заеднички акции, бидејќи оттаму потекнуваат многу недоразбирања и незадоволства во здруженијата при распределбата на средствата од членарината. Беа поставени прашањата за отуѓувањето на пензионерските домови и за враќањето на средствата за погребни трошоци од декември 2007 година. На овие, како и на други прашања, беа дадени

одговори, со напомена дека за истите ќе се организира посебен состанок со заинтересираните здруженија. Договорено е, прашањата и проблемите да се решаваат во непосредни контакти, со поголемо меѓусебно разбирање и доверба, на заедничко задоволство и по можност без поведување судски постапки.

На 23 март 2012 година со менаџерскиот тим на ФПИОМ одржан е вториот состанок со СЗПМ, на кој присуствуваа претседатели на Сојузите и претседатели на здруженија на старосни и семејни и на инвалидски пензионери, со цел да се согледаат најгорливите проблеми и поскоро да се надминат со меѓусебно разбирање за да се избегнат потешкотиите во функционирањето на ФПИОМ. Даден е апел до здруженијата кои го тужат ФПИОМ по разни основи, да ги повлечат тужбите, бидејќи постои можност за оштетување и намалување на средствата за пензија. Побарано е разбирање и менување на односот кон ФПИОМ и негово прифаќање како свој партнер. На крајот на средбата истакнате се следните заклучоци:

1. Во најкраток рок да се одржи состанок со здруженијата кои го тужат ФПИОМ за да се разрешат недоразбирањата.

2. Да се расчистат меѓусебните недоразбирања и спорови меѓу здруженијата на корисници на инвалидска пензија.

3. Да се забрза добивањето на бараното одобрување од Дирекцијата за заштита на податоците, со цел ФПИОМ да може да ги доставува списоците на членството.

4. ФПИОМ, зема обврска да им препорача на филијалите и деловниците во општините, да даваат одредени податоци кои им се потребни на здруженијата.

Според веќе воспоставената практика за соработка, на 10 мај 2012 година во ФПИОМ имаше работна посета од СЗПМ. Приоритетно беше натамошното средување на евиденцијата на членството. Подготовките од страна на СЗПМ се речиси при крај и се чека да биде потпишан Договор за соработка меѓу СЗПМ и ФПИОМ за уредување на оваа проблематика. Со реализација на овој проект податоците во ФПИОМ и СЗПМ ќе бидат точни и навремени. Во овој проект спаѓа и добивањето разни прегледи и информации за состојбите во оваа популација. Побарано е ФПИОМ да одреди лице за контакт со кое СЗПМ ќе комуницира за актуелни прашања, со цел пензионерите и нивните здруженија благовремено да ги добиваат потребните податоци и информации.

Во ФПИОМ - реализација на повеќе проекти

Во ФПИОМ, по препорака и барање на Владата на РМ, се реализираат неколку значајни проекти насочени за подигнување на нивото на организацијата и работната дисциплина во интерес на корисниците на услугите и за модернизација и осовременување на администрацијата. Реализирани се проектите: „Граѓански дневник“, „Семафор“ и „Граѓанинот на прво место“, а во тек се и нови проекти за 2012 година. Во рамките на проектот на Владата на РМ „Граѓанинот на прво место“ ФПИОМ овозможи средби со граѓаните, така што нституцијата „доаѓа кај граѓанинот“ и низ непосреден дијалог настојува да се надминат отворените прашања за пензиските права. Во тек е реализирање и на проект насловен „Ден за

вас“ кога претставници од стручните служби на ФПИОМ, низ непосреден дијалог настојуваат да им помогнат на граѓаните да ги надминат проблемите со кои се соочуваат при остварувањето на правата од пензиското и инвалидско осигурување. И ФЗОМ организираше средби со граѓаните во нивната средина, со цел да им одговори на поставени прашања и барања.

Министерот за труд и социјална политика во посета на СЗПМ

Обезбедување достоинствен живот за пензионерите

Министерот за труд и социјална политика и директорот на ФПИОМ, на 25 април 2012 година учествуваа на Десетата проширена седница на ИО на СЗПМ со претседателите на здруженијата на пензионери од СЗПМ и членовите на Правно-економскиот форум. Беше искажано дека за подобрување на пензионерскиот стандард, постепено, од 2006 година до сега, Владата ги зголемува пензиите. Исплатата на пензиите се врши во првата седмица од месецот. Владата на РМ нема да отстапи од дефинираното усогласување на пензиите за периодот 2012-2015 година. И во наредните 4 години ќе продолжи да се реализира проектот за бањско-климатска рекреација со кој треба да се опфатат вкупно 40.000 корисници. Ќе се реализира Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, со која се планира изградба нови регионални домови и центри за прифаќање и престој на стари лица. Во Законот за пензиско и инвалидско осигурување се предвидува учеството на СЗПМ во управувањето со ФПИОМ, така што ќе има свој претставник во Управниот одбор.

Местото и улогата на пензионерите треба да биде регулирано со посебен Закон

Пензионерите претставуваат дел од населението во Македонија на кое треба да му биде озаконето местото и улогата во државата, а не да биде третирано под постојниот Закон за здруженија и фондации. Правно-економскиот форум на СЗПМ одржа проширена седница на која беше разгледан и утврден текст на посебен Закон за пензиското организирање во Македонија подготвен и изработен од работна група во СЗПМ. Иницијативата за донесување ваков закон начелно е поддржана и од министерот за труд и социјална политика. Нацрт-Законот беше на јавна расправа во сите 55 здруженија на пензионери во земјата, а за него се произнесоа и искусни стручни кадри од областа на правото, законодавството, пензиското осигурување, здравствената и социјалната заштита и други. Се очекува предлог-законот да биде доставен до Министерството за труд и социјална политика со што ќе започне и вообичаената законската процедура за донесување.

Одржани се отчетни седници и други активности во здруженијата на пензионерите – 2012 година, година за подобро пензионерско живеење

Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите од град Скопје (СЗПГ Скопје)**,** на 21 март 2012 година за своја членка го прими Здружението на пензионери „Солидарни пензионери -Илинден“, потоа избра нов Извршен одбор и нови членови во својот состав, ги усвои сите документи по кои се одлучуваше, како и Програмата за работа и финансискиот план за 2012 година.

Средба на претседателите на здруженијата на пензионерите од градот Скопје со градоначалникот на Скопје

Во кабинетот на градоначалникот на Скопје, на 10 мај 2012 година, беше одржана работна средба со претседателите на здруженијата на пензионерите од Градскиот сојуз, притоа, градоначалникот истакна дека соработката е примерна и се остварува согласно Спогодбата помеѓу Градот Скопје и СЗПГ Скопје потпишана во 2009 година. Според договорот за соработка, трета година по ред се планираат средства во буџетот на Град Скопје наменети за реновирање на одморалиштето во Рекреативниот центар Катланово. По тој повод на средбата беше потпишан Договор за донирање средства за таа намена во вредност од 500.000 денари, и уште 1.000.000 денари за да се заокружи комплетното реновирање на Центарот. Покрај тоа, Градоначалникот ги наброи и другите активности за поддршка на пензионерите: организирање групен превоз до излетнички дестинации во Скопје и на територијата на државата, бесплатен превоз за возрасни лица два дена во неделата (вторник и петок), бесплатни слободни легитимации за јавниот превоз за инвалидски пензионери, поддршка на спортски манифестации и други активности на СЗПГ Скопје и слично.

Регионална средба на пензионерите во Битола

Претседателите на здруженијата од југозападниот регион, на 26.04.2012 година, во ЗП Битола одржаа седница. Се дискутираше за актуелните состојби, за усогласувањето и зголемувањето на пензиите, за иницијативата за донесување Закон за пензионерско организирање, за здравствената заштита, за проблемите околу евиденцијата на членството во здруженијата, за претстојните спортски игри и регионална фолклорна ревија. Присутните беа информирани за сите активности, за преземените мерки, предлози и сугестти од страна на СЗПМ.

55 години од формирањето на ЗП Велес

На 20.09.2011 година ЗП Велес со пригодна прослава го одбележа своето 55 годишно постоење и грижа за старите лица која е назначена како приоритетна задача. На оваа прослава гостите од Куманово ја прикажаа претставата Печалбари, а на заслужни членови и институции им беа поделени благодарници.

Меѓународната соработка битна за пензионерското ангажирање

СЗПМ ја зголемува меѓународната соработка и размената на искуства. Во Програмите за работа за 2011 и 2012 година потенцирана е потребата за меѓународна соработка со сојузи и здруженија од соседните земји: Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Албанија и Косово, за зголемување на размената на искуства со земјите од Европската унија преку институтот Хеврека од Љубљана и друго. За нашата меѓународна соработка како продуктивни се покажаа и билатералините договори за регулирање на пензиските прашања.

На 20 април 2010 година во еднодневна посета на СЗПМ, престојуваше делегација на Сојузот на друштвата на пензионерите на Словенија (ЗДУС). Делегацијата ја сочинуваа: Антон Донко – потпретседател на ЗДУС, Алдо Трновец – претседател на комисијата за меѓународни односи, Марјан Шифтар –

поранешен амбасадор на Р. Словенија во Р. Македонија и Андреј Јус – директор на институтот „Еурека“, а во името на СЗПМ во разговорите учествуваа тогашниот претседател, потпретседател и секретар, Душко Шурбановски, Чедо Георгиевски и Драги Аргировски како и Томислав Димишковски, претседател на Универзитетот „Трето доба“. Целта на посетата беше воспоставување и продлабочување на соработката меѓу ЗДУС и СЗПМ. Тогаш, делегацијата од Словенија упати покана до СЗПМ, за учество на Десетиот Фестивал за трето животно доба.

По повод 1 октомври 2010 година, Меѓународниот ден на старите лица, во Љубљана – Република Словенија, се одржа Десеттиот фестивал за трето животно доба на кој учество имаше и македонска делегација со 3 претставници од СЗПМ, 25 членови на КУД „Ѓоко Симоновски“ од ЗП Куманово и 12 лица од Универзитетот „Трето доба“. Таму имавме настапи на КУД „Ѓоко Симоновски“, учество на стручна конференција, штанд на саемската манифестација, средба со раководството на ЗДУС и ревијален настап на отворена сцена на плоштадот Франце Прешерен. Претставници од македонската делегација беа примени од претседателот на државата и од претседателот на Парламентот на Словенија и притоа се разговараше за меѓународната соработка во решавањето на пензионерските проблеми. Претседателката на Сојузот на друштвата на пензионерите на Словенија, д-р Матеја Кожух Новак, приреди посебен прием за претставниците на македонската и хрватската делегација. Престојот во Љубљана беше искористен и за средба и разговори со Друштвото на словенечко-македонското пријателство. На средбата со Ирена Кожељ Левички, потпретседателка на ЕУРАК (Европска федерација на стари лица) беше договорена СЗПМ да поднесе апликација за прием во оваа значајна пензионерска асоцијација, за што беше разговарано и со потпретседателот на АГЕ (Европска платформа за стари лица), Марјан Седмак.

11-ти Меѓународен фестивал ФЗЗО во Љубљана

Од 27 до 30 септември 2011 година во Љубљана, Словенија, се одржа Единаесеттиот фестивал на луѓето од третата животна доба, на кој, наши музички претставници беа групата гајдации од КУД „Весели пензионери“ од ЗП Пробиштип. Учествувавме и на стручната конференција, а делегацијата имаше и прием кај нашиот амбасадор во Љубљана.

12-ти Фестивал на трета животна доба во Љубљана

Од 1 до 3 октомври 2012 година во Љубљана, Словенија, се одржа Дванаесеттиот Фестивал за трета животна доба. Веќе традиционално претставници од СЗПМ, со делегација, учествуваа на стручната конференција и на свечениот прием, а музичкото КУД од ЗП Кочани оствари неколку забележителни настапи.

Независен и достоинствен живот во трета доба

Во рамките на програмата „Европа за граѓаните“, на 23 февруари 2011 година, во Загреб, Хрватска се одржа тркалезна маса и прес конференција на кои

како партнери на проектот „За толерантен општествен соживот на сите генерации“ говореа претставници на пензионерските асоцијации од Словенија, Италија, Македонија и Хрватска. Цел на проектот е меѓународна соработка за независен и достоинствен живот во третата доба, за организирање стручни собири и трибини, како и културни, уметнички и други содржини за подобрување на квалитетот на животот на старите лица. Воедно, потребни се промени во општественото сфаќање на стареењето и староста, создавање на меѓугенераciска соработка и солидарност за потребите на старите лица. Воспоставувањето меѓународна соработка создава можности за заеднички проекти за толерантен соживот на сите генерации, нудејќи содржини за подобрување на условите за живот и активност во третото животно доба. Важна е и размената на искуства за пронаоѓање на решенија за проблемите со кои се соочуваат пензионерските организации во овие земји.

Свечено одбележана 65-годишнината на Матицата на пензионерите на Хрватска

На 27 април 2011 година, во Загреб, свечено беше одбележана 65-годишнината од основањето и делувањето на Матицата на пензионерите на Хрватска (МУХ), што се одржа под покровителство на претседателот на Република Хрватска, Иво Јосиповиќ. Од СЗПМ, претседателот Драги Аргировски беше гостин на оваа прослава. На посебна свеченост претседателот на Матицата на пензионерите на Хрватска, Јосип Винцек и претседателот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, Драги Аргировски, потпишаа Договор за соработка помеѓу СЗПМ и МУХ на македонски и хрватски јазик. „Матица умировљеника Хрватске“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија земајќи ја предвид повеќевековната соработка на своите народи, како и напорите за одржување добри односи, до денешен ден, изјавуваат дека имаат намера да соработуваат и да настапуваат во корист и интерес на луѓето од постарата животна доба во двете држави. Содржината на соработката и нејзиното спроведување се дефинирани во посебен документ.

Од меѓународната соработа

–Во Скопје престојуваше делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите инвалиди на трудот на Косово

Во рамките на размената на искуства од делувањето на пензионерските организации, делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите инвалиди на трудот, од Република Косово, на 7 април 2010 година, беа гости на СЗПМ. Секретарот на Сојузот на пензионерите на Косово, еден член на Претседателството, како и претседателот на пензионерската организација во Приштина, се интересираа за искуствата на организацијата на пензионерите во нашата земја во заштитата на правата на пензионерите, за здравствената грижа на старите лица, за висината на пензиите и за генерациската солидарност. Во Косово се уште не е донесен Закон за ПИО, пензиите се со единствен износ и тие изнесуваат 80 евра за старосни и семејни корисници на пензија, додека социјалната пензија изнесува 45 евра.

–Фестивал „Гора фест 2011“

На покана на Советот на фестивалот „Гора фест 2011“, на 8 мај, во општина Драгаш, Република Косово, КУД „Весели пензионери“ од ЗП Пробиштип мошне успешно го претставија изворниот фолклор од Македонија. Тоа е фестивал на изворен фолклор на земјите од јужен Балкан, во кои живеат македонци, а целта е да се прикажат македонските традиции, обичаи, песни и ора пред гораните од овој крај. КУД „Весели пензионери“ го презентираше фоклорот од осоговието и овчеполието, а нивните носии беа вистинска атракција за населението од Брод, место сместено на Шар Планина.

–Албанските пензионерки во посета во ЗП Чаир и Бутел

На 15 и 16 октомври 2010 година, пензионерките од Пустец, Република Алабанија во придружба на нивниот градоначалник, дојдоа во возвратна посета на пензионерките од ЗП „Чаир и Бутел“. Беше приреден пречек и свечена вечерна уметничка програма за гостите и домаќините. Притоа за библиотеката во Пустец беа подарени повеќе книги. Дружењето, наредниот ден, беше исполенто со повеќе активности.

–Во меѓународната активност на здруженијата на пензионерите, забележана е и еднодневна посета на дебарските пензионери на градовите Корча и Подградец, кои притоа ги разгледуваа знаменитостите во двата града.

–Здружението на пензионери од Лабуниште оствари неколку-дневен престој во Република Албанија.

–Пензионерите од Македонија покажуваат големо интересирање и за летување на брегот на Јадранското Море во Република Албанија. За таа цел СЗПМ, со Туристичката агенција „Три-А“ од Република Албанија, потпиша спогодба за организирање пристоен одмор на пензионерите од нашата земја во хотелите во преградието на Драч со попуст од 25 отсто.

–Тетовските пензионери при престојот во Албанија, во Тирана остварија средба со Иса Горица, претседател на пензионерската асоцијација, при што му предадоа благодарница и монографија. Групи на тетовски пензионери остварија меѓународна посета и на Ниш, Прокупље и Пролом Бања во Србија и на неколку градови во Косово, при што имаше посебно интересирање за културно-историските споменици.

Делегација на СЗПМ во посета на Албанија

–На 16 октомври 2010 година, во Подградец, на седница на Конференцијата на синдикатот на пензионерите во Албанија, присуствуваше делегација на пензионерите од Македонија. Таму стана збор за значењето и очекувањата на меѓусоседската пензионерска соработка. Притоа, претседателот на ЗП Охрид и Дебрца свечено му врачи повелба за почесен член на здружението на Назиф Далјани, а претседателот на ЗП Дебар му предаде документ за прогласување за почесен член на дебарското здружение. Средбата помеѓу пензионерите од Македонија и Албанија мина во пријатна и пријателска атмосфера.

–Делегација на СЗПМ и претседателот на ЗП Охрид, на 21 јуни 2011 година, престојуваше во Тирана, на покана на Конфедерацијата на синдикатите на

Албанија. Македонската делегација ја прими претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на Албанија, Кол Николај. Во Албанија има околу 600.000 пензионери кои се организирани во неколку сојузи. На средбата потенцирана е потребата за збогатување на меѓусебната соработка, во интерес на пензионерите на двете држави и разменети се искуства од дејствувањето на пензионерските организации во Македонија и во Албанија. Изнесена е иницијативата на СЗПМ за одржување: Балканска пензионерска спортска олимпијада и за одржување Балканска ревија на песни, музика и игри.

–По повод јубилејот - доделени благодарници за меѓународна соработка

На 20 септември 2011 година, по завршувањето на Свечената академија по повод јубилејот 65 години од пензионерското организирање во Македонија, во Скопје, на Владимир Ножариќ, заменик на претседателот на Матицата на пензионерите на Хрватска, потоа на Рајко Јариќ, секретар на Сојузот на пензионерите на Србија, на Андреј Јус, директор на Европскиот институт „Хеврека“ од Љубљана и на Марјан Шифтар, од Фестивалот за трето животно доба во Љубљана и долгогодишен амбасадор на Република Словенија во нашата држава, претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски им врачи благодарници за добрата соработка меѓу СЗПМ и нивните организации, со желба и надеж, таа да биде уште подобра и поплодна. Сите присутни се заблагодарија, споделувајќи го истото чувство и надеж за добра меѓусебна соработка и дружење. Андреј Јус, директор на Европскиот инситут „Хеврека“ од Љубљана, на претседателот на СЗПМ, во знак на благодарност, му подари графики од Љубљана.

Дружење и меѓународна соработка за пример

–Во минатите неколку години повеќе здруженија на пензионери од нашата земја ја збогатија меѓународната соработка. Така, по повод одбележувањето на 8 март 2010 година, делегација на ЗП Охрид и Дебрца, со пејачката група „Распејани Охриѓанки“, беше во возвратна посета на Здружението на пензионери на градот Врање, Република Србија. Таму, согледани се можностите за соработка, како и организацијата и начинот на работа на здруженијата и активите на пензионерките.

–Делегација од ЗП Битола, по покана од Здружението на пензионери од Пожаревац, а по повод 2 мај, денот на пензионерите на овој град, на 6 и 7 мај 2011 година, присуствуваше на свечена седница на Собранието. Овие посети имаат триесетгодишна традиција. Така, наскоро, на 29 и 30 јули 2011 година, ЗП Битола беше домаќин на збратимените здруженија на пензионери од Врање и Пожаревац. Тие го проследија и дефилето на културно-уметничките друштва кои учествуваа на манифестацијата „Илинденски денови“ по Широк Сокак.

–Пензионерските здруженија од Куманово и Врање од Република Србија воспоставија контакти за соработка во повеќе области. Во нивната агенда први се огласија пензионерските културно-уметнички друштва од двата града. КУД „Ѓоко Симоновски“ од ЗП Куманово учествуваше на фестивалот на фолклорот на ветераните на Србија во Врање, а возвратната посета се оствари на традиционалниот концерт „Пензионерите за својот град“, што секоја година се одржува по повод годишнината на ослободувањето на Куманово. Потоа на 18 и 19 август 2011 година, на Собирот на пензионерите, организиран од Здружението на

пензионери Врање, за јубилејот -65 години на пензионерското организирање во Србија, присуствуваа делегации на пензионерите од Битола, Охрид и Куманово.

–На 09.07.2010 година, Општина Аеродром ја посети група играорци од културно-уметничкото друштво „Разиграна Македонка“ од Квинбијан, Австралија. Притоа играорците од Австралија одржаа мал концерт пред пензионерите од Аеродром и им поклонија музички систем.

–Групата „Village Harmony“ од САД за време на учеството на Фолк-семинар за македонска традиционална музика, во Берово, се сретна со беровските пензионери и имаа заедничи настап на концертот пред беровската публика.

–ЗП Берово на верскиот празник „Успение на пресвета Богородица“ беше домаќин на 14 пензионери од Микрево, општина Симитли, Република Бугарија. Ова придонесе за зацврстување на меѓусебната соработка.

Меѓународна научно-стручна конференција во Скопје

Како придонес кон регионалната и глобалната безбедност, Здружението на ветераните и резервистите од одбраната и безбедноста на РМ, на 23 април 2012 година, организираше Меѓународна научно-стручна конференција, на тема за улогата на активниот и резервниот состав на вооружените сили во поддршката на нивните мисии и задачи во регионалната и глобалната безбедносна средина. На Конференцијата присуствуваше и претседателот на СЗПМ.

Меѓународна конференција на тема

„Активно стареење и меѓугенерациска солидарност“

На 19 јуни 2012 година, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за труд и социјална работа и заштита на потрошувачите на Република Австрија и Филозофскиот факултет – Институтот за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“ – Скопје, организираа меѓународна конференција на тема „Активно стареење и меѓугенерациска солидарност“. Во рамките на втората тематска сесија, Драги Аргировски го изнесе заедничкиот реферат со Илија Глигоров, како претставници од СЗПМ со наслов: „Социјална инклузија на пензионерите и влијанието на медиумите за јавно информирање.“

Европа бара нови станови за пензионерите

Конференција за толерантен и социјален соживот на сите генерации се одржа на 4 декември 2010 година во Трст, во организација на Институтот Еурека од Љубљана, а со финансиска поддршка од Европската унија. Европскиот став е, дека: лицата кои за живејачка имаат помалку од 60 отсто од просечната заработувачка во земјата каде што живеат, се во опасност да станат сиромашни. Воедно, во локалните заедници, треба да се формираат информативни бироа, кајшто постарите луѓе ќе може да добиваат информации и совети. На оваа меѓународна средба на ниво на експерти беше и преставник од СЗПМ. Таму е разговарано за хумани модели за домување на старите лица, без изолирање и нивна институционализација. За ова, добри се колективните центри во кои има

услужни сервиси за потребите на старите и изнемоштените. Усвоена е платформа: новите станови за старите лица да се градат во квартови кои се заедно со другото население. Во Македонија, се залагаме, до 2020 година, да се изградат 1000 станбени единици за пензионерите во колективни објекти за домување.

Пензијата се дефинира на следниот начин: „пензијата е основно и неотуѓиво право на пензионерите, кое е здобиено со работа и преку уплата на придонеси, а државата, пензијата треба да ја третира како трајна материјална сопственост, заштитена со Устав и со закон.“

Македонско – француска средба на претставници на пензионери

Како сеќавање на трагичното минато и соработка за похумана иднина, во Ораовец, Радовишко, реализирана е средба меѓу делегација од СЗПМ и двајца претставници во име на француските асоцијации „Ветерани на Големата војна“ и „Француски спомени и зачувување на местата каде загинале борците“, господин Лионел Дабаре, професор по историја и госпоѓа Жанин Дисел. Договорено е во наредните години да има повеќе такви средби.

Меѓугенерациска солидарност и соработка

Претседателот на државата и премиерот во посета на пензионерскиот дом во Аеродром

–На 08.01.2011 година, претседателот на Владата, Никола Груевски, ги посети пензионерите во пензионерскиот дом „Јане Сандански“ во Општина Аеродром –Скопје. Тој се интересираше за сместувачките капацитети и условите за живот во Домот, за стандардот, за задоволството од реновирањето и стопанисувањето со Домот од страна на ФПИОМ, како и за други проблеми што ги тиштат пензионерите и во знак на благодарност и сеќавање на денот на посетата им подари телевизор.

–На 19.06.2012 година, станарите во пензионерскиот дом „Јане Сандански“ во Оштина Аеродром –Скопје, ги посетија: претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски и претседателот на Советот на Општината, д-р Виктор Камиловски. Цел на посетата беше -запознавање со условите во кои живеат станарите во домот и со нивните секојдневни проблеми.

Значајни зафати за санација на пензионерските домови

Во Република Македонија има вкупно 37 домови за живеење на корисниците на пензија, а ФПИОМ стопанисува со 13 од нив, додека со останатите 24 стопанисуваат здруженијата на пензионери. Пензионерски домови со кои стопанисува ФПИОМ се: во населбата Аеродром со 142 стана, потоа во Ѓорче Петров, кој има 30 станови, па пензионерскиот дом во Автокоманда со 44 станови, како и пензионерските домови во Прилеп со 20, во Делчево со 13, во Гевгелија со 16, во Пробиштип со 9, во Виница со 3, во Крива Паланка со 10, во Кочани со 8, во Свети Николе со 9, во Гостивар (нов дом) со 16 и во Гостивар (стар дом) со 21 стан. ФПИОМ располага со 341 стан во 11 градови во државата.

Становите целосно се исполнети и се користат, а во Скопје се чека подолг период за сместување.

–Во 2011 година екипа од СЗПМ ги посети пензионерските домови, направи увид во состојбата и достави извештај.

Во 2012 година продолжува реализирање на проектот за бањско-климатска рекреација на пензионерите

На 14.01.2012 година, во Министерството за труд и социјална политика се одржа прес-конференција за проектот „Бањско-климатска рекреација на корисниците на пензија во 2012 година“. Министерот за труд и социјална политика притоа објасни дека, во рамките на програмските активности за обезбедување на социјална заштита и сигурност на старите лица во 2012 година, Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика и оваа година продолжуваат со реализација на Проектот за бањско-климатска рекреација на корисниците на пензија. Услугата може да се користи еднаш, во траење од 7 дена, и опфаќа 6 пансиони, бањска терапија, еден задолжителен здравствен преглед и трошоци за превоз. Според финансиските можности во 2012 година 5.500 пензионери ќе одат на бањско-климатска рекреација.

Рекреативен центар „Катланово“ 2012 година

- Се поатрактивно место за пензионерите

Рекреативниот центар Катланово стана мошне посетувана и посакувана дестинација за пензионерите со пониски пензии, од здруженијата членки на Градскиот сојуз на здруженијата на пензионерите – Скопје, како и од здруженијата од: Куманово, Свети Николе, Тетово, Гостивар, Кочани, Прилеп, Кавадарци, Неготино и Велес. Овој Центар за одмор и рекреација на пензионерите се наоѓа во Комплексот бањи во Катланово, од западната страна, затскриен зад високите дрвја во шумата, кои значително ја намалуваат жештината од врелото сонце. Токму затоа Центарот работи само во летниот период.

Меморандум за соработка помеѓу ССМ и СЗПМ

На 08.10.2011 година, потпишан е Меморандум за соработка помеѓу ССМ и СЗПМ. Овој Меморандум има историско значење и се очекува да го зголеми влијанието за заедничко делување на вработените и на пензионерите во остварувањето на законските права и подобрување на животните и работните услови. Раководствата се договорија за заедничко настапување со проекти од обостран интерес.

Работна средба во Црвениот крст на Република Македонија

Раководните луѓе на СЗПМ и ЦКРМ, претседателот Драги Аргировски и генералниот секретар Саит Саити, на самиот почеток на 2012 година, остварија работна средба. Се разговараше за соработката и за поддршката помеѓу двете организации. Се зборуваше за значењето на Меморандумот кој ги поврза двете

организации и на државно и на локално рамниште и развиј плодна соработка. Пензионерската организација е посветена на пензионерите, додека Црвениот крст во своите програмски активности помеѓу другите целни групи, на значајно место ги има токму старите лица. И тоа нѐ само за време на неделата посветена на грижата за старите луѓе, туку и преку повеќегодишни проекти, посебно кога Европската унија 2012 година, ја прогласи за година за активно исполнување на времето на старите и за меѓугенераciска соработка и соживот. Како значајна област, во која ќе треба да се зголеми заедничката соработка и поддршка, се активностите надвор од границите на државата. Партнерското настапување преку, заедничко учество во меѓународни проекти, претставува потреба и реално е остварливо. Двете организации треба, во рамките на потпишаниот Меморандум за соработка, да востановат редовни координативни средби за евалуација, информирање и договарање на највисоко рамниште. Да се зголеми меѓусебното промовирање и дисеминација во јавноста. Треба, пообемно да се пласираат информациите преку весникот Пензионер плус и редовно да се објавуваат на веб-страниците на двете организации. Да се интензивира заедничкиот настап пред државните органи за конкретни прашања или кога треба да се влијае врз одредени политики со важни барања и за учеството во имплементацијата на Националната стратегија за старите лица. Предноста на Црвениот крст е бројното учество на волонтери во активностите, секако предводени од соодветни експерти. Општинските организации на Црвениот крст остваруваат соработка со пензионерските здруженија и клубови, преку кои се спроведуваат активностите од областа на здравствено-превентивната и социјално-хуманитарната дејност. По повод 65-годишниот пензионерски јубилеј, на оваа средба беше врачена Благодарница за Црвениот крст на Република Македонија, како израз на признание за значењето на активностите и резултатите од досегашната соработка, но и како поттик во идната поддршка на старите луѓе и меѓугенераciската соработка и соживот. На крајот беа упатени покани за скорешни заемни посети на постојните локални клубови за старите луѓе.

Со најновата владина мерка над 167.000 пензионери со ниски пензии нема да плаќаат партиципација за болничкото лечење

Околу 170.000 пензионери ќе можат бесплатно да се лекуваат врз основа на донесените нови владини мерки. Со болничко лекување без плаќање партиципација за услугите и терапијата ќе бидат опфатени пензионерите со пензија помала од просечната, односно под 10.600 денари. Пензионерите и понатаму ќе плаќаат партиципација за лекови од аптека, за лабораториски услуги и за специјалистички прегледи. СЗПМ бара бесплатното лекување да важи за сите пензионери, затоа што со својот минат труд тие имаат многу придонесено за развојот на државата. Сепак, ова е прв чекор и надеж дека во иднина пензионерите ќе добиваат се поголема поддршка преку владините мерки. Во прилог на пензионерите е и договореното вонредно зголемување на пензиите. Владата на РМ најави од декември 2012 година пензиите да се зголемат за 5 отсто, во декември 2013 за 7,5 отсто, а во декември 2014 година за 10 отсто.

Проект – Баби, дедовци и внуци „Заедно во 12“

Во Европската година на активно стареење и меѓугенерациска солидарност и соработка се реализира проектот „Заедно во 12“ поддржан од СЗПМ и Алфа телевизија. Едноставен услов за учество во проектот е: со внучето да се дојде во општинските пензионерски клубови кајшто се организираат креативни работилници на кои се изучуваат техники за изработка ракотворби, работа со глина, цртање на стакло, порцелан, изработка честитки, оригами, фигури и цветови од разни материјали и друго.

Нови владини мерки за пензионерите

Министерот за труд и социјална политика, оствари средба во СЗПМ, на која беше презентиран нов пакет на економско-социјални мерки на Владата. Владата, на корисниците на пензија им овозможува 50 отсто попуст за посета на театрите, музеите, операта, филхармонијата и балетот. Со ова се обезбедува подобар и поквалитетен живот за пензионерите. Здруженијата на пензионерите во Скопје, Битола, Прилеп, Велес, Куманово, Штип и други градови и досега откупуваа по неколку театарски претстави годишно, а со промотивни цени на билетите, тоа двојно ќе се зголеми.

Значајни договори за соработка

Новина во работата на СЗПМ претставува и директната комуникација на претседателот и неговите соработници со раководствата и членството во општинските здруженија. На работни средби се разгледуваат актуелни прашања од работата, иницијативи и проблеми на здруженијата, а се презентираат и актите на органите на СЗПМ, со насоки и програми за нивна реализација. Остварени се средби со здруженијата: Карпош, Центар, Битола, Охрид и Дебрца, Кичево, Илинден и Гевгелија. Неколку средби се одржани и со раководството на ФПИОМ, на кои е зборувано за повеќе актуелни прашања, за евиденцијата на членството и за Солидарниот фонд, за искажаната поддршка за донесување посебен Закон за пензионерско организирање и за подобрување на соработката од взаемен интерес. За ова се разговараше и при посетата на Националниот сојуз на инвалиди на трудот на РМ.

Средбите на зелено се значајни за активното стареење

Пикник на збратимени здруженија во Маврово

ЗП Гостивар на 28 мај 2011 година, на брегот на Мавровското Езеро, кај месноста „Крстови-два“, организираше пензионерска пикник средба на која учествуваа околу 1.700 членови на здруженијата од: Радовиш, Кавадарци, Куманово, Гостивар, Велес, Свети Николе, Ѓорче Петров, Штип, Тафталиџе од Скопје, Сарај, Тетово, Струга, Неготино, Кичево и Дебар. Радува фактот што успешно се дружат Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и други, што е симбол на единство и нераздвоеност.

Пикник во Мариово

ЗП Прилеп на 29 мај 2012 година, реализира средба во Мариовскиот регион заедно со пензионери од здруженијата од: Битола, Прилеп, Велес, Охрид и Скопје со посета на манастирскиот комплекс „Св. Ѓорѓија“ во с. Манастирец и пикник во манастирот „Св. Илија“ недалеку од с. Витолиште.

Дружење во Стар Дојран

На 23.07.2011 година, ЗП Штип организираше дружење „пикник на зелено“ во Стар Дојран, со повеќе од 2000 пензионери, од 30 здруженија од Македонија, меѓу кои најмногубројни беа од ЗП Радовиш, 611 членови. Притоа претседателите од здруженијата одржаа и работен состанок. Ова дружење се совпадна со манифестацијата „Пивтијада“.

Пензионерски хепенинг во Дојран

На 30 јуни 2012 година се одржа досега најмасовен пензионерски хепенинг, на кој учествуваа околу 5 илјади пензионери од Скопје, Радовиш, Струмица, Штип, Куманово, Кавадарци, Охрид, Струга, Прилеп, Велес и од други триесетина здруженија од сите краеви на нашата земја. Средбата ја организираа заедно здруженијата од Гевгелија, Валандово, Богданци и Дојран.

Пријатна средба во Дошница

По повод двегодишнината од формирањето, ЗП Демир Капија, во излетничкото место Дошница, на 12 мај 2012 година, организираше пензионерска средба на зелено, на која учествуваа околу 2000 пензионери од Неготино, Кавадарци, Валандово, Богданци, Гевгелија, Дојран, Ново Село, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Демир Хисар и Демир Капија. Убав пример на меѓугенерациска соработка беше и присуството на ученици од Демир Капија, кои заедно со бабите и дедовците одиграа и неколку македонски ора.

Пензионерски собир на Еленец кај Македонска Каменица

Прв натпревар на пензионерките во сукање зелник и баница

ЗП Македонска Каменица финансикси помогнато од градоначалникот на општината, на 3 јуни 2012 година, кај месноста и манастирот „Еленец“, организираше собир на околу 2000 пензионери, од десетина пензионерски здруженија. Таму се одржа првиот натпревар на пензионерките во сукање и печење на зелник и баница.

Пикник на зелено кај Неготино

ЗП Неготино организираше „Пикник на зелено“ на 16.06.2012 година, во комплексот на манастирот „Св. Ѓорѓи“. На пикникот учествуваа 2000 пензионери од Неготино, Велес, Демир Капија, Богданци, Гевгелија, Штип, Македонска Каменица, Прилеп, Радовиш и Гостивар. Со музичката програма и големото

весело оро пензионерите беа среќни и задоволни и посакаа уште многу вакви средби и дружења.

Денови за паметење

–На 26 јуни 2011 година, ЗП Радовиш и Конче, организираше пикник средба кај манастирот „Св. Ѓорѓи“ во с. Ораовица близу Радовиш. На средбата присуствуваа пензионери од Штип, Велес, Битола, Прилеп, Гази Баба, Куманово, Струмица, Ново Село, Валандово, Неготино, Свети Николе, Лозово, Кратово, Пробиштип, Крива Паланка, Македонска Каменица, Конче и Радовиш. Средбата ја отвори претседателката на Активот на пензионерки од ЗП Радовиш.

–Пикник кај Ораовец

Во организација на ЗП Радовиш и Конче на 15 јули 2012 година, кај Ораовичкиот манастир и црквата „Св. Ѓорѓија“, која е во изградба, се одржа пензионерска пикник-средба со околу 5000 членови од 27 здруженија. На средбата имаше и работен состанок со претседателите на здруженијата со цел подобро да се запознаат, да разменат одредени искуства, како и да воведат нови форми и содржини во дејствувањето и проширувањето на соработката.

Прва хуманитарна манифестација „Коријада“ во Кисела Вода

На 29 јуни 2012 година за прв пат се одржа хуманитарната манифестација „Коријада“ во организација на ЗП Кисела Вода во соработка со Општината Кисела Вода, која, на тој ден го славеше својот 57-ми роденден. Идејата потекна од Активот на пензионерки од ЗП Кисела Вода, кои подготвија повеќе видови вкусни баници. Баниците за кратко време беа продадени на посетителите на хуманитарната манифестација.

Еко средба кај Мокриево, Општина Ново Село

ЗП Ново Село на 10 август 2012 година, беше еден од организаторите на Еко средбата во Мокриево, кај „Самоиловата крепост“, која потекнува од 1014 година. На традиционалните Печалбарски средби на локалитетот „Пирго“ на падините на Беласица присуствуваа над 2.000 посетители, од кои над илјада беа пензионери од Струмица, Штип, Радовиш, Пробиштип, Злетово, Демир Капија, Берово, Крива Паланка, Виница, Лозово, Дојран и други.

–Предходно во ресторантот во село Борисово се одржа и традиционална пензионерска средба. Таа мина во мошне срдечна и незаборавна атмосфера. Според програмата на средбата, притоа, организирано ги посетија и Колешинските водопади.

Средба кај манастирот Пантелеј, Кочанско

На 11 август 2012 година, во манастирскиот комплекс „Св. Пантелејмон“ во селото Пантелеј, Кочанско, ЗП Кочани организираше средба на која дојдоа над 2.000 пензионери од околу 20 здруженија на пензионери. За учесниците беше организиран ручек, а на полјаните покрај мананстирот ечеа песни и се играше оро до доцните попладневни часови.

Во славно Пелинце -Вистинско рекреативно доживување во природа

На 18 август 2011 година во Пелинце се одржа рекреативно-забавна средба „Еко хепенинг“ во организација на ЗП Куманово, на која присуствуваа пензионери од повеќе градови од Македонија. Во текот на средбата пензионерите го посетија Националниот музеј на АСНОМ и неолитската опсерваторија „Татиќев камен“ во Кокино.

Нова незаборавна средба во Лесново

Крај Лесновскиот манастир „Св. Гаврил Лесновски“ традиционално, пензионерите, повеќе години доаѓаат на организирани средби, на кои заедно со забавните содржини, се одржуваат и договорни средби на раководствата на здруженијата на пензионери.

Празнувања и хуманитарни активности

–По повод Новогодишните празници, повеќе здруженија на пензионери организираат пензионерски средби и делат хуманитарна помош. На средбите во Штип и Радовиш учествуваа пензионери од повеќе градови, а во Свети Николе дојдоа пензионери од десетина здруженија. Новогодишни дружења организираа и здруженијата на пензионери од Куманово, Ѓорче Петров, Солидарност-Аеродром, здружението на воените пензионери и други, а беа поделени и хуманитарни пакети, а во ЗП Ѓорче Петров дури 200 пакети.

–На 15 мај 2011 година, Активот на пензионерки од ЗП Струга организираше традицинална средба за 360 пензионерки од 12 градови од Македонија. Средбата мина во пријатна, незаборавна и весела атмосфера надополнета со пријатна музика.

–На 25 јуни 2011 година, Активот на пензионерки од ЗП Тетово беше домаќин на традиционалната средба на пензионерки од Македонија во локалитетот „Жичарница“. Вакви средби во Тетово се одржуваат над десетина години.

–На 13 мај 2012 година, како „Струга нема друга“ беше мотото на собирот на пензионерките од западниот регион на Македонија, што се одржа во хотелот „Бисер“ на брегот на Охридското Езеро. На средбата зедоа учество активите на пензионерки од Прилеп, Крушево, Охрид, Кичево и Дебар. Средбата заврши во попладневните часови со заедничка желба ваквите дружења да продолжат и во иднина.

Пензионерска средба во Кичево

На 15 септември 2012 година во Кичево се одржа пензионерска средба по повод Денот на ослободувањето на Кичево, на 11 септември 1943 година, и по повод 10-годишнината од формирањето Актив на пензионерки. На средбата присуствуваа 560 пензионерки и пензионери од: Охрид, Струга, Дебар, Ресен, Битола, Демир хисар, Прилеп, Крушево, Гостивар, Тетово, Ѓорче Петров, Велес, Штип и Кичево. По повод дестгодишната соработка на членови од присутните здруженија им беа доделени благодарници.

Нови клубови за пензионерите

–Здруженијата на пензионерите настојуваат на своите членови да им обезбедат простории –клубови за дневен престој. Некои со сопствени средства, некои со помош од локалната самоуправа, а некои и со странска помош успеваат да ја остварат намерата и да ги задоволат потребите на членовите за простории и објекти во кои се случуваат многу активности, предавања, средби, содржаен културно-забавен живот на пензионерите и друго.

–Во Општинската организација на Црвениот Крст –Неготино, активно работи Клубот на пензионери „Анри Динан“, формиран преку проект за интензивна надградба на капацитети (ИНК), со цел да се вклучат што поголем број пензионери во активностите за остварување на хуманата мисија на Црвениот Крст – помагање на луѓето во неволја. Во клубот членуваат волонтери – пензионери, со разна образовна структура. Тие делуваат во тимови за разни области. Клубот има бројни активности: предавања, хуманитарна акција „Од куќа до куќа“ за собирање финансиски средства за хумани цели и собирна акција за собирање алишта, обувки, постелнина и друго.

На 16 јуни 2012 година, во Скопје, отворени се два центри за стари лица со служба за помош во домашни услови. Едниот центар е во Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“, другиот е во Црвениот крст Чаир. Средствата за проектот се добиени од Австрискиот Црвен крст, од Градот Скопје (2 милиони денари) и од МТСП (700.000 денари). Клубовите служат за едукација и за разонода, а се организира и домашна посета за околу 60 изнемоштени стари лица. Упатен е апел и другите градоначалници да го следат овој пример и во нивните општини, на овој начин, да се грижат за постарите сограѓани.

Пензионерскиот дом во Кочани ќе биде од регионален карактер

Во подготовка е изградба пензионерски дом во Кочани, наменет за источниот регион. Локалната самоуправа отстапи урбанизиран градежен простор без надомест, направена е физибилити студија, се очекува инвеститорите да пројават интерес и да се изгради домот. Во овој дом ќе се сместуваат пензионери од источниот регион.

Активности во летото 2012 година

Во летото 2012 година, пензионерите на СЗПМ, присуствуваа на Илинденските прослави за одбележување на двата најголеми Македонски празници, од 1903 и оној од 1944 година. Пензионерите беа најбројни и во Крушево и во меморијалниот комплекс Пелинце и на плоштадот „Македонија“ во Скопје.

Пензионерите преку летото се дружеа и на многубројните собири и екскурзии во: Дојран, Ораовица, Трново, Макриево, „Св. Пантелејмон“–Кочанско, во Пелинце и Лесново и на многу други историски, културни и туристички дестинации, свесни за благодетите од активниот живот врз здравјето. СЗПМ активно се подготвува и за септемвриските регионални ревии на песна, музика и игри во Битола и Кочани, како и за јубилејната 10-та Републичка ревија на 25 септември во Скопје. Се подготвуваат и 17-тите Републички пензионерски

спортски натпревари за 11 септември 2012 година, во Скопје, во организација на СЗПМ, а домаќин ќе биде Здружението на пензионери од Ѓорче Петров.

Десетгодишен успех на ревиите на пензионерите

Ревиите на песна, музика и игра започнаа во Пробиштип во 2003 година. Ревиите кои се одржани до 2009 година, опишани се во претходните публикации од Драги Аргировски.

Во 2010 година, СЗПМ успешно ги организираше осмите регионални ревии на песни, музика и игри. Домаќини за петте региони беа здруженијата на пензионерите од: Свети Николе, Прилеп, Виница, Ѓорче Петров и Струмица.

Деветата ревија на музичките исполнувања на пензионерите од Република Македонија, во 2011 година, се одржа во пет регионални центри и тоа во: Валандово, Скопје, Крива Паланка, Кичево и Македонска Каменица.

Во 2012 година, регионалната, десетта по ред ревија на песни, музика и игри, за прв пат се одржа во шест региони и тоа во: Пробиштип, Куманово, Кавадарци, Тетово, Кочани и Битола. Таму се направи избор за јубилејната Републичка ревија, која се одржа на 25.09.2012 година, во Универзалната сала, во Скопје. Ова е значајна културна пензионерска манифестација.

Средба со градоначалникот на Скопје

Градоначалникот на Скопје на 24.09.2012 година, оствари средба со претседателот на СЗПМ и со претседателот на Сојузот на задруженијата на пензионерите на Град Скопје. Се разговараше за успешната соработка и спроведување на потпишаниот Меморандум, како пример за локалната самоуправа. Проектите за подобрување на животните услови и инклузија на пензионерите, со разни поволности во градот Скопје, ќе продолжат и ќе се збогатуваат. Продолжува и помошта за реновирање на Рекреативниот центар на пензионерите во Катланово.

35-годишен јубилеј на КУД „Пензионер“ од ЗП Прилеп

Со свечен концерт во 2010 година, беше одбележан 35-годишниот јубилеј на КУД „Пензионер“ при ЗП Прилеп. Концертот го отворија домаќините, нивниот оркестар и пејачката група. КУД „Пензионер“ во изминатиот временски период од 35 години оствари богата активност, одржувајќи повеќе концерти во Прилеп, а имаше учество и на сите ревии што ги организираше СЗПМ, како и на републички манифестации како што се „Охридскиот старградски фестивал“, „Илинденските денови“ во Битола, на „Меѓународната средба на децата бегалци во Трново“, на фестивалот „Пеце Атанасоски“ во Долнени, „Фестивалот на носии во Струга“ и други, при што има добиено многубројни награди, златни плакети и признанија. Гости на свечениот концерт во Прилеп беа КУД „Сирма Војвода“ од Битола, Музичката група од ЗП Богданци, пејачката група „Сава Михаилов“ од Гевгелија, КУД „Пенка Котеска“ од ЗП Прилеп, октетот „Прилеп“, како и КУД „Мирче Ацев“ и пејачките групи на здруженијата од: Кавадарци, Неготино и Штип.

35 години и на КУД „Весели пензионери“ од ЗП Пробиштип

–Со целовечерен концерт во 2010 година, во Пробиштип се одбележа јубилејот на КУД „Весели пензионери“, 35 години од постоењето. Покровител беше локалната самоуправа. Настапија и гостите: КУД „Владо Тасевски“ од Скопје и пејачката група „Распеани пензионери“. Во рамките на јубилејот, КУД „Весели пензионери“ настапи и на повеќе концерти и фестивали, на кои освоија три награди. На фестивалот „Илинденски денови 2010“ во Битола се претставија со обичајот „Прочка и чист понеделник“, кој одамна е заборавен во овој крај.

–Во јули 2011 година, членовите на КУД „Весели пензионери“ од ЗП Пробиштип се претставија со група гајдаџии во придружба на тапан на 36-от меѓународен фестивал на изворни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“ во Прилеп. Таму наградата „Гајдата на Пеце“ му беше доделена на Ернесто Фише од Холандија, долгогодишен пријател на „Весели пензионери“ со кои ја изучуваше вештината на свирење македонски ора со македонска гајда.

-Исто така, „Весели пензионери“ од ЗП Пробиштип учествуваа и на меѓународниот фестивал „Илинденски денови 2011“ кога се претставија со еден мошне стар и речиси заборавен обичај „Седенка во Мартинови ноќи“.

Во Кавадарци „Пензионерите пеат 2012“

По девети пат, во Кавадарци, во 2012 година, се одржа манифестацијата „Пензионерите пеат“. На манифестацијата гости беа здруженија на пензионери од Кавадарци, Валандово, Неготино, Прилеп, Кочани, Битола, Гевгелија, Богданци, Нов Дојран и Велес, кои во најдобро светло ги прикажаа своите музички способности.

Пензионерите на етно-фестивал на изворни влашки песни, 2011 година

На 10.07.2011 година, на Пониква, на Осоговските планини, се одржа манифестација со мото „За Петровден сите на планина“ со гости од Бугарија и Романија. Се возобновува традицијата на предците, кои до педесетите години од минатиот век традиционално на овој ден се собирале крај своите мандри на Пониква и го празнувале празникот „Петровден“, со многу семејства чии корени потекнуваат токму од овој крај, од „влашките колиби“. Престојувајќи на планина, власите, со себе ги негувале христијанските православни обичаи и празници. Во 2011 година, на овој, четврти етно фестивал на изворни влашки песни, зедоа учество пензионери од влашката пејачка група „Грамостеѣ“ од Скопје, пензионерски пејачки групи од Бугарија и Романија, и пејачката група од ЗП Штип, која се претстави со две влашки песни.

Традиционален концерт на КУД „Ѓоко Симоновски“

Секој мај, ЗП Куманово, традиционално организира манифестација „Мајски ракувања“. Така беше и на 10 мај 2012 година, со КУД „Ѓоко Симоновски“ и гостите од збратименото КУД „Пензионер“ од Лесковец. Тогаш беше интерпретирана и новосоздадената химна за Куманово.

„Злетово 2012“ за активно пензионерско живеење

На 18.05.2012 година, во Злетово, Домот на културата –Пробиштип организира „Вечер на македонските народни песни –Злетово 2012 година“. На оваа вечер учествуваа пејачката група на ЗП Злетово, пејачката група од Демир Капија и пејачката група од Валандово. Оваа културна манифестација која под покровителство на Министерството за култура на Република Македонија се одржа по вторпат, се очекува да стане традиционална.

Во Штип пензионерско дружење со песна

По повод денот на сесловенските просветители Светите Кирил и Методиј на 23 мај 2012 година, во Штип се одржа манифестацијата „Дружење со песна“. Концертот го отворија домаќините МПГ „Пензионерски цветови“ со пригодната песна „Словенски просветители“, посветена на Светите Кирил и Методиј, а продолжија друштвата од Велес, Гевгелија, Неготино, Ѓорче Петров, Берово, Прилеп, Радовиш, Куманово и Пробиштип.

Пријатно другарување со поезија во Куманово

На 12 ноември 2011 година, во Куманово се одржа поетско-музичка средба, на која, пред повеќе од 300 пензионери, со свои творби се претставија десетина поетеси и поети. Лични творби рецитираа поети од Врање, Демир Хисар, Велес, Гази Баба, Кратово, Кочани, Куманово, Радовиш и од Штип.

Поетска вечер во Скопје

Во Клубот на љубителите на книгата при ЗП Солидарност-Аеродром, во 2012 година, се одржа поетска вечер посветена на поезијата на поетот Методија Тошевски. Стихови од неговите песни полни со емоции читаше тој самиот, а и група на ученици од гимназијата „НОВА“. Тоа беше пријатна вечер за паметење.

Пензионерска драмска работилница во Куманово

–Пензионерската драмска работилница на КУД „Ѓоко Симоновски“, на 5 мај 2010 година, одржа премиерна изведба на драмскиот текст „Шути и рогати“ од Славко Димовски и Драгољуб Димовски, а во режија на Стоје Додевски. Оваа изведба следува по успешното изведување на битовата драма „Ленче Кумановче“.

–Во мај 2012 година, драмската работилница при КУД „Ѓоко Симоновски“ од Куманово, се претстави и со премиерна изведба на „Печалбари“ од Антон Панов во режија на Стоје Додевски.

–Драмската работилница при КУД „Ѓоко Симоновски“ од ЗП Куманово редовно учествува на Драмскиот аматерски фестивал во Кочани. Во 2012 година, на 48-то среќавање, кумановските пензионери се претставија со „Печалбари“ од Антон Панов.

Монографија на ЗП Центар - Скопје

ЗП Центар - Скопје по повод 55-годишнината од формирањето, во 2010 година, издаде пригодна Монографија, во која се поместени текстови и фотографии од активноста во изминатиот период. Во развојниот пат од 1954 до 2009 година, истакнати се првите почетоци на пензионерското организирање на Здружението, како **прва** општинска организација на пензионерите во Скопје.

Монографија за јубилејот на пензионерите од Тетово

Монографијата „65 години пензионерска организација –Тетово“ излезе од печат во 2012 година. За време на истражувачката работа со пребарување на архивата имаше проблем, затоа што за еден подолг временски период, од речиси 2,5 децении не можеше да се најдат документи и пишани материјали, заради што и постои извесна празнина во монографијата. Монографијата е издадена на два јазика –македонски и албански.

Во ЗП Охрид и Дебрца

–пригодно одбележан празникот на пензионерите

ЗП Охрид и Дебрца во 2012 година, по повод Денот на македонските пензионери, имаше свечена прослава на која присуствуваа и гости од Врање и Подградец. Притоа беше промовирана монографијата „Охридските пензионери низ времето“.

Трета доба со физичка активност

Хронологија на Републичките пензионерски спортски натпревари

–Во 1996 година, тогашниот СПМ (подоцна преименуван во СЗПМ) започна со организирање масовни спортски натпревари на пензионерите во нашата земја. Иницијативата беше доставена до сите 34 здруженија на пензионери. За учество на натпреварите се пријавија 12 здруженија. Првите републички пензионерски спорски натпревари се одржаа во Охрид на 28 август 1996 година со вкупно 150 учесници.

–Во 1997 година, на Вторите републички пензионерски спортски натпревари во Дојран, учествуваа 80 натпреварувачи и 270 придружни членови и гости од 19 здруженија. Претходно, регионални спортски натпревари се одржаа во Скопје, Струмица, Кавадарци и Кратово.

–Во 1998 година, во Куманово се одржаа Третите по ред Републички пензионерски спортски натпревари со учество на 500 учесници од кои над 100 натпреварувачи. Тогаш СПМ издаде специјален **Информативен билтен**.

–Во 1999 година во Виница се одржаа Четвртите републички пензионерски спортски натпревари со 550 учесници и над 100 натпреварувачи.

–Во 2000 година се одржаа Петтите републички спортски натпревари кај Крани - на Преспанското Езеро, со учество на околу 800 пензионери.

–Во 2001 година се одржаа Шесттите републички пензионерски спортски натпревари кај Велешкото Езеро „Младост“. Оттогаш се објавува спрецијален

Информативен билтен. Таму учествуваа 600 пензионери од кои 182 натпреварувачи во шест дисциплини и тоа 105 мажи и 77 жени, од 22 здруженија.

–Во 2002 година се одржаа Седмите републички пензионерски спортски натпревари кај Охридска Горица, со учество на околу 860 пензионери, од кои 235 натпреварувачи во осум дисциплини и тоа 138 во машка и 97 во женска конкуренција.

–Во 2003 година се одржаа Осмите републички пензионерски спортски натпревари во Кавадарци. Таму 276 натпреварувачи се натпреварувaа во 9 дисциплини.

–Во 2004 година се одржаа Деветите републички пензионерски спортски натпревари кај „Еуротел“ - Струга. Таму учествуваа 289 натпреварувачи, и тоа 160 во машка и 129 во женска конкуренција. На оваа масовна пензионерска манифестација присуствуваа и гости од Албанија, Бугарија, Црна Гора, Турција и од Македонија. На маргините на овие натпревари се одржа состанок на кој се разговараше за соработката на пензионерите од Балканот.

–Во 2005 година се одржаа јубилејните Десетти републички пензионерски спортски натпревари, кај Велешкото Езеро „Младост“. Во девет дисциплини се натпреварувaа 299 натпреварувачи од кои 166 во машка и 133 во женска конкуренција, од 33 здруженија.

–Во 2006 година кај автокампот „Крани“ на Преспанското Езеро, на Единаестите републички пензионерски спортски игри учествуваа 351 натпреварувачи и тоа 192 пензионери и 159 пензионерки.

–Во 2007 година се одржаа Дванаесетите републички пензионерски спортски натпревари, по трет пат кај Велешкото Езеро „Младост“. На нив учествуваа 364 натпреварувачи и тоа 172 мажи и 122 жени.

–Во 2008 година во Радовиш се одржаа Тринаетите републички спортски натпревари со 364 натпреварувачи (192 во машка и 172 во женска конкуренција) од 34 здруженија.

–Во 2009 година, кај „Еуротел“ Струга, се одржаа Четиринаестите републички пензионерски спортски натпревари со 376 натпреварувачи, од кои 198 во машка и 178 во женска конкуренција, во 11 дисциплини.

–Во 2010 година, се одржаа јубилејните Петнаести републички пензионерски спортски натпревари, во Радовиш, со учество на 380 натпреварувачи од 35 здруженија, од кои 200 во машка и 180 во женска конкуренција, во 11 дисциплини.

–Во 2011 година, по повод 65 годишниот јубилеј на пензионерското организирање во Македонија, во комплексот Ливадишта, кај Струга се одржаа Шеснаетите републички пензионерски спортски натпревари со 380 натпреварувачи, во 11 дисциплини.

–Во 2012 година, во Скопје, се одржаа Седумнаестите републички пензионерски спортски натпревари. Врз основа на резултатите постигнати на регионалните пензионерски спортски натпревари, право на настап на Републичките натпревари обезбедија 38 здруженија, со вкупно 395 натпреварувачи (207 во машка и 188 во женска конкуренција) во 11 спортски дисциплини и во 21 категорија. Регионалните спортски натпревари за 52

здруженија, се одржаа во осум региони, со вкупно 1598 натпреварувачи од кои 977 во машка и 621 во женска конкуренција. Од натпреварувачите на Регионалните спортски натпревари, 395 обезбедија право на настап на Републичките натпревари.

Меѓуопштински натпревари

На 27.10.2011 година, во Кратово во хотелот „Кратис“ се одржаа Дваесет и петтите традиционални меѓуопштински спортски пензионерски натпревари на пензионерските здруженија од општините: Кратово, Пробиштип, Крива Паланка и Свети Николе. Пензионерите се натпреварувaа во шах, пикадо, табла, домино и карти -жени и мажи. Во натпреварите зедоа учество вкупно 130 натпреварувачи.

Шаховски турнир

Сојузот на здруженијата на пензионери на град Скопје, во рамките на одбележувањето на 65-годишнината од пензионерското организирање, а по повод празникот 13 Ноември –Денот на ослободувањето на Скопје, под покровителство на директорот на Подрачната единица на ФПИОМ, на 11 ноември 2011 година, организираше шаховски турнир. На турнирот учествуваа шахисти од здруженијата членки на СЗПГ Скопје. Тие се натпреварувaа во женска и во машка конкуренција. Овие шаховски турнири станаа традиционални.

Факти, дилеми и ...

(во книгата ова е наслов на една нова област за која пишува авторот Драги Аргировски)

Влијанието на јавното информирање е од историско значење за пензионерската организација

Во публикацијата „Наши пензионерски времиња“ содржан е авторски напис од Драги Аргировски во кој, од стручен –новинарски аспект, е опишана потребата и користа од информирањето на пензионерите со навремени и точни информации. Почнувајќи од „информативен мрак“, преку разни агенциски известувања со ненамерни или намерни пропусти, постигнати се состојби на имање сопствени, проверени извори на информации и факти за случувањата во пензионерската организација и општеството. Написот има посебна вредност, па затоа Ве упатуваме, изворно да го прочитате директно од публикацијата.

Создавање на позитивна атмосфера за решавање на проблемите

Мерките за ублажување на последиците од економската криза, подобрување на стопанскиот развој и зголемувањето на вработеноста се во интерес и на пензионерите на Македонија, бидејќи со тоа се подобрува вкупната состојба на граѓаните. СЗПМ аргументирано се ангажира за осознавање на пензионерските проблеми и се повеќе придонесува за нивно решавање, и создавање позитивна атмосфера не само меѓу членството, туку и во пошироката јавност, со подигање на свеста за долгогодишните потреби за подобар стандард и

услови за достоинствен живот во третото животно доба. Напоредно со ова, се одвиваат и активностите на СЗПМ, за подобрување на квалитетот на животот на оваа популација со организирање разни активности, како, спортски игри, ревии, масовни пикник средби, екскурзии, предавања, благовремено информирање и друго.

Во Македонија, за сегашните пензионери, нема да има намалување на пензиите

Пензиското и инвалидското осигурување има значајно место во вкупниот општествен, социјален и политички живот во Република Македонија. Најниската пензија е околу 6.500 денари. Неа ја примаат над 78.000 пензионери или 28 отсто од вкупниот број. Највисоката пензија е над 34.000 денари, а неа ја примаат само 920 пензионери или 0.3 отсто. Најголем број пензионери примаат пензија помала од просечната која изнесува околу 10.500 денари, што во однос на просечната плата изнесува околу 50 отсто. Според европските стандарди кога овој просек изнесува под 60 отсто води кон сиромаштија. Донесениот нов Закон за пензиско и инвалидско осигурување ги задржа сите права од предходниот, така што на сегашните пензионери не им се намалуваат пензиите, а за вработените не се зголемува старосната граница за одење во пензија. Единствено со законот се прави корекција за идните пензионери, така што се намалува заменската стапка од 1,8 на 1,6 отсто. За тоа колку ова ќе се одрази на висината на пензиите на идните корисници, и меѓу експертите во СЗПМ има спротиставени мислења, но се смета дека износот нема да биде голем. Значајно е, дека, со новиот Закон е регулирано, (по десет години пауза), од СЗПМ повторно да има член на Управниот одбор на ФПИОМ, што значително ќе придонесе за поцелосно информирање, за поголемо меѓусебно координирање и за зајакнување на соработката во согледувањето и решавањето на пензионерските прашања, во интерес на сите корисници на пензија, и тоа: во СЗПМ, кајшто членуваат над 230.000 корисници на старосна и семејна пензија и над 11.000 инвалидски пензионери, додека во Сојузот на ЗИТ-КИП на РМ има 18.400, во Националниот сојуз на трудови инвалиди на РМ 9.700 корисници на инвалидска пензија, а во Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија 6.600 членови. Се повеќе ја нагласуваме потребата за обединување на сите категории на пензионери во Македонија, што е зацртано и во нашата иницијатива со предлог Закон за пензионерско организирање во Македонија.

Меѓугенерациска солидарност и соработка

Проблемите на животот на пензионерите се очигледни. ЕУ ја прогласи 2012 за година на активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност, а усвои и Проект до 2020 година за спокојна старост „Европска унија-пријател на старите“. Се бара поголемо внимание и почит кон оваа многубројна популација, да се користи нивното искуство и мудрост, како и создавање на взаемна почит меѓу генерациите. Пензионерите од Р. Македонија многу се заинтересирани и за имплементација на Националната стратегија за стари лица 2011-2020 година, за изградба на пензионерски и старски домови, отворање на центри за дневен престој, клубови за пензионери и друго, за што е потребно заедничко дејствување

на сите фактори, како и за зајакната соработка за реализација на заеднички проекти на асоцијациите за стари лица на национално и европско ниво.

Усогласување на пензиите од 1 јули 2012 година

Согласно чл. 37. Од Законот за ПИО („Службен весник“ на Република Македонија, бр. 98 од 2012 година) пензиите од 1 јули 2012 година се усогласуваат за 1,4 отсто. Притоа одредени се највисоките и најниските износи на пензиите.

Делегација на пензионери во Владата на РМ

Соработката продолжува: пензиите ќе се зголемат

Делегација од СЗПМ, на 26.09.2012 година имаше средба во Владата на Република Македонија. Притоа разговарано е за повеќе прашања од пензионерскиот живот и добиено е ветување дека во 2013 година пензиите ќе се зголемат за 7 отсто, од кои 5 отсто е зголемување, а 2 отсто е усогласување. Други мерки преку кои се подобрува стандардот на пензионерите се: бесплатниот превоз во јавниот сообраќај, намалување на цените на лековите, бесплатното лекување во болница за пензионерите со ниски пензии и др. Ќе има разговори со пензионерите за тоа: „како да се спроведе зголемувањето, дали да се оди процентуално со 5 отсто за сите, или пак распределбата на средствата да биде во еднаков апсолутен износ. Што ќе биде спроведено, ќе зависи од тие разговори.“

Активности на претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, искажани преку интервјуа во јавните гласила

Нова Македонија, 2011 година

Интервју: Драги Аргировски, нов претседател на СЗПМ

Пензионерите интегрираат над еден милион граѓани

ТВ Сонце, 2011 година

Интервју со Драги Аргировски, претседател на СЗПМ:

Мандат за нови предизвици

Магазин Порта, 2011 година

СЗПМ, претседател Драги Аргировски

Афирмација на животот во третото животно доба

МТВ Трета доба- Новогодишна емисија со

Драги Аргировски, претседател на СЗПМ

27.12.2011 година

Глобус, 17.01.2012 година

-Порастот на смртноста кај пензионерите сериозно ќе ја дестабилизира социјалната ситуација во македонските семејства

„Пензионер плус“– рубрика „Од свој агол“ 2012 година

За некои дилеми и проблеми од пензионерското живеење

–Разговор со Драги Аргировски

„Нова Македонија“ – Пензионерски видици, 2012 година

Драги Аргировски, претседател на СЗПМ:

-Не се користи мудроста на пензионерите

„Пензионер“ –комерцијален весник бр. 1 од 2012 година

Мега-интервју со претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија -Драги Аргировски

Емисија „Неделен витраж“ на ТВ Сонце 2012 година

Интервју со Драги Аргировски, претседател на СЗПМ:

–Создавање на модерна и европска пензионерска организација

Средба во ТВ Кочани со Драги Аргировски, претседател на СЗПМ

Грижа за пензионерите во сите сегменти

Интервјуира: Киро Герасимов, за ТВ Кочани

Инсерти:

„Ние инсистираме, и ова е повик, на изборните листи да бидат вклучени што повеќе истакнати пензионери.“

„Имаме иницијатива за државна социјална пензија (која постоела и во 1946 година)“.

„Бараме изградба на пензионерски домови за домување“.

„Се залагаме против старосната дискриминација“.

„Во СЗПМ членуваат сите структури на граѓани: од академици до работници, луѓе кои во минатото давале се од себе за да изградат нешто во нашата земја, оставиле белег во државата, па затоа заслужуваат да имаат мирен и достоинствен живот во третата животна доба.“

„Со измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, зголемувањето на пензиите се одвива преку шестмесечно усогласување, така што се одредува колку е 50 отсто од зголемувањето на просечната плата во нестопанството и колку е 50 отсто од просекот на промената на животните трошоци, па со тие индекси се зголемуваат пензиите. Оваа

методологија не е содветна и дава сосема мало зголемување, па така последното усогласување на пензиите изнесуваше само 0,75 отсто. Владата има законска можност да интервенира со буџетски средства за зголемување на пензиите. Во 2008 година, селективно, на помалите пензии им се додели поголем процент на зголемување, а на поголемите пензии помал процент. Ние инсистираме да се продолжи со зголемена динамика, за да може по две-три години просечната пензија да изнесува 60 отсто од просечната плата.“

„Пред една деценија, кога дојдов во асоцијацијата на пензионерите, значително придонесов, СЗПМ да излезе од информативниот мрак. Најпрво го уредував месечниот прилог „Пензионерски видици“ во весникот Нова Македонија, а потоа и „Пензионер плус“ како самостон весник на СЗПМ.“

„Јас лично, се уште не сум за политичка партија кај нас, иако силна партија можеме да формираме уште утре. Партија се формира кога заложбите и потребите на пензионерите не се исполнуваат и извршуваат.“

„Подготвуваме акција „Од Вас – за Вас“ за, колку е можно поголема масовност, вклученост на членството во сите постоечки активности, што придонесува за активно стареење на нашите пензионери. Во текот на 2011 година очекуваме во сите активности, на еден или друг начин, да бидат вклучени речиси сите членови на СЗПМ.“

„Ја интензивираме и меѓународната соработка“.

„СЗПМ има поддршка за своите активности од највисокото ниво на државата.“

„Преку проекти, СЗПМ во 2011 година, доби 7,5 илјади евра.“

„Настојуваме да се врати правото за бесплатно здравство за сите луѓе над 65 години.“

„Имав средба со 26 градоначалници од Македонија, како соработка на СЗПМ со локалните самоуправи, остваруваме многу поволности за пензионерите.“

„Од пензиите секој месец се одвојуваат по 120 денари за Солидарен фонд од кој на семејството на починат пензионер му се исплатуваат 30.000 денари помош. Зголемената смртност ја загрозува ликвидноста на Солидарниот фонд.“

„Рејтингот на СЗПМ од ден на ден станува поголем, а Сојузот станува пример.“

„Имаме Меморандум за соработка со Владата и со ЗЕЛС, во кој јасно кажуваме дека не сме задоволни од тоа колку се користи потенцијалот на пензионерите, кај нас има академици, писатели, доктори на науки и многу чесни и стручни луѓе, неизвалкани со политика, кои сакаат да придонесат за натамошен развој на државата. Воспоставивме контакти и со градоначалниците и сакаме во комисиите каде што се расправа за проблематиката на пензионерите да има и наши членови. Бараме да бидеме вклучени и во Економско-социјалниот совет, во ФПИОМ итн.“

„Владата вети дека во 2012 година пензиите ќе ги зголеми за 5 отсто, следната за 7,5 отсто и во 2014 година за цели 10 отсто.“

Книгата „Наши пензионерски времиња“ е белег за едно време, за едни години, за едно постоење на една популација која поседува голем потенцијал собиран и создаван низ годините.

∞∞∞∞

ДЕЛ VI.

ОЧЕКУВАЊА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ И НА СОЈУЗОТ

Очекуваме:

- Унапредување и зголемување на стандардот на пензионерите во сите облици. Унапредување на редовната исплата, усогласувањето и зголемувањето на пензиите. По создавање на услови за тоа, враќање на принципот исплатување на пензиите нанапред за тековниот месец.

-Да се корегира (или укине) висината на материјалниот цензус за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.

- Подигнување на квалитетот на живеење. Според Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, поимот квалитет на живеење се одредува со помош на два концепта: едниот, потесниот, се однесува на квалитетот на нечиј поединечен живот, колку добро тој самиот го живее својот живот и вториот, поширокиот концепт, односно мерењето на условите на квалитетот на живеење на некое лице, ги опфаќа показателите за животните услови кои ја опфаќаат околината и културата во одредено општество.

- Закон за пензионерско организирање. Од страна на СЗПМ, поднесена е иницијатива и даден е првичен текст на „Закон за пензионерското организирање“. Со овој закон треба да се регулираат специфичните прашања од пензионерското организирање. Образложението на иницијативата да се донесе таков закон е засновано врз анализите кои покажуваат, дека, одредени прашања, треба поразлично да се регулираат, за разлика од општото регулирање со Законот за здруженија и фондации, кој сега е во сила. Предложениот нов закон на специфичен начин („лек специјалис“) ги уредува односите во пензионерското организирање кое е најбројно граѓанско здружение во Република Македонија. Тој е во интерес на сите пензионери. Надлежна институција за областа на овој закон е Министерството за труд и социјална политика. Од него е побарано да го поддржи донесувањето на законот, за тој соодветно да влезе во собраниска процедура.

- Закон за социјална пензија на старите лица кои немаат право на пензија, ниту остваруваат право на постојана парична помош. Таков закон постоел пред шеесетина години. Познати се и современи примери на социјално згрижување на старите лица. Во меѓународното законодавство, првенствено во ЕУ, старите лица кои не се корисници на пензија по ниеден основ, а се над одредена возраст, остваруваат право на социјална пензија. Ова право очекуваме да се уреди со посебен закон за социјални пензии и во Република Македонија.

- Закон за заштита на старите лица. Според Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година најголемо влијание врз чувството на сигурност и квалитетот на живеење кај луѓето имаат домот и средината во која живеат. Животната средина како социјален елемент во живеењето, познанствата во улицата и населбата, навиките во врска со пазарувањето, навикнатите секојдневни движења и слично, имаат особено значајна улога за чувството на сигурност. Принципот на заштита на старите лица значи создавање услови за остварување

неформална заштита, која треба да ја обезбеди, семејството во кое живее старото лице, роднини, пријатели, соседи и формална заштита, која треба да ја обезбедат институциите во државата (социјална, здравствена, образовна, заштита на пазарот на трудот). Стареењето на популацијата се наметна како специфична тема низ целиот свет, на која во науката и човештвото и се придава сè поголем простор и значење. Стареењето на популацијата, само по себе наметнува голем број на нови квалитативни и квантитативни здравствени, економски и социјални проблеми. Република Македонија донесе Национална стратегија за стари лица 2010 – 2020. Таа е во согласност со Уставот на Република Македонија, Програмата на Владата за европска интеграција, економскиот пораст и социјалната посветеност, Националниот развоен план, Програмата на Владата на Република Македонија, Макроекономската политика на Република Македонија, Националаната стратегија за образование, Националната стратегија за домување, Националната стратегија за здравство, Стратегијата за демографски развој во Република Македонија итн. Очекуваме целосно остварување на акциските планови од оваа Стратегија.

- Целосно регулирање на правото и создавање поволна средина за квалитетно и сигурно домување на пензионерите/старите лица, како во домашни услови, така и во пензионерските домови и домувањето во социјалните институции за стари лица. Со изразени проблеми во однос на домувањето се издвојуваат следните категории: немоќни лица кои живеат сами или со брачниот другар и стари лица кои живеат во оддалечени/непристапни рурални средини.

-Државата да го интензивира финансирањето и понатаму да го стимулира отворањето дневни центри за стари лица во општините и населбите каде што живее доминантно старо население. Оваа активност засега се спроведува преку моделот јавно приватно партнерство.

-Развивање мрежа на алтернативни сервиси за задоволување на неопходните потреби од услуги за пензионерите (помош во личната хигиена, одржување на домот, народна кујна, набавка на лекови и секојдневни потреби, психолошка поддршка и слично).

-Целосно бесплатна здравствена заштита во сите видови (превентивна, куративна и долгорочна грижа) на сите нивоа на здравствениот систем (примарно, секундарно и терциерно), вклучително бесплатни лекови, санитетски материјали и ортопедски помагала.

-Право за бенефицирано користење на одмор и рекреација за сите пензионери/стари лица.

-Програми за образование и едукација на пензионери/стари лица (доживотно учење). Со посебен осврт на здравствената едукација, општото образование, професионалното образование, образование за правата во однос на социјалната и здравствената заштита, образование за живот во семејство и културно просветно образование. Засега ниту една институција не е законски обврзана да спроведува задолжително остварување на правото на професионално и друго образование на старите лица.

-Измена на Законот за работни односи на Република Македонија, во делот кој ја исклучува можноста корисникот на пензија едновремено да остварува дополнителен приход од работна активност, според примерот на земјите во кои постојат закони за вработување на пензионери, без зафаќање од пензијата, со што

се овозможува остварување на дополнителен приход од работна активност и со тоа можност за зголемување на животниот стандард.

-Сеопфатен бесплатен јавен превоз.

-Олеснет и организиран пристап до информации.

-Зајакнување на слободите и правата на пензионерите/старите, првенствено во Законот за семејство, особено против семејното физичко, психичко и финансиско насилство.

Фото:
http://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&catId=88&eventsId=980&furtherEvents=yes European Commission

ГЛАВА ТРЕТА

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ – ВРЕМЕПЛОВ 2012 – 2016

Почитувани,

во пресрет на јубилејот „70 години пензионерско организирање во Македонија 1946 - 2016“ направивме времеплов со избор на текстови од весникот „ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“, почнувајќи од бројот 52, кој излезе на 30 ноември 2012 година, па се до бројот 93 кој се појави во април 2016 година, во годината кога го славиме јубилејот.

Целта на овој времеплов е преку написите и преку фрагменти од одредени текстови, да се потсетиме на активностите и случувањата во времето во кое непосредно учествувавме, а кои ги запишале дописниците и другите соработници на редакцијата и ќе останат да сведочат за овој период.

Некој, можеби, преку овој преглед, за првпат ќе се сретне со овие написи. Некој ќе се потсети како учесник во активностите, а некој како автор и хроничар. Се надеваме дека ќе има и такви кои ќе ги препрочитаат написите, за да се потсетат на деталите од случувањата и да ги споредат со постигнатите големи успеси, но и со прашањата што допрва треба да бидат поставени и решени.

Во овој времеплов, применет е библиотечен, библиографски модел со кратки апстракти од написите. Не се цитирани написите од секој весник „Пензионер плус“, туку оние кои се однесуваат за Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, или за соработката помеѓу здруженијата, како и за меѓународната соработка.

Многу здруженија на пензионери издадоа монографии од кои се согледуваат деталите за нивното постоење и работа.

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ НАМЕСТО АРХИВСКА КНИГА ЗА ХРОНИКАТА НА СЛУЧУВАЊАТА ВО СЗПМ И ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Читателите кои користат Интернет имаат можност целосните изданија на сите броеви на „Пензионер плус“ да ги најдат на веб-страницата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, www.szpm.org.mk

Исто така, броевите на весникот се поврзани во годишници кои може да се најдат во архивата на СЗПМ, во централните библиотеки и во многу здруженија на пензионери.

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ Година 1 број 1 од 25 јули 2008 година

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година V, број 52
30 ноември 2012 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 52 од 30 ноември 2012 година

Еднакво зголемување на пензиите за сите

Министерот за труд и социјална политика, информираше за Предлог-измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со кои се предлага дополнително усогласување на пензиите кое ќе се изврши на начин што исплатата на пензиите за февруари 2013 година, ќе се зголеми за 5% и така добиениот износ ќе се подели со вкупниот број корисници на пензија. Покачувањето ќе влезе во основицата на пензиите. Министерот за труд и социјална политика појасни дека ваквата одлука била донесена на предлог на СЗПМ кој направил испитување во пензионерските здруженија, чиишто членови сметале дека ваквиот начин на покачување е покоректен и ќе им помогне и на оние пензионери со пониски пензии. Покачувањето на пензиите од 5 проценти ќе биде реализирано, откако претходно на почетокот на годината, пензиите ќе се усогласат со порастот на платите и со трошоците на живот, со кое пензиите ќе се зголемат за 2 процента. Во РМ се врши законското усогласување со 50% од порастот на платите и 50% од зголемувањето на трошоците за живот двапати годишно. Ова ќе продолжи и во иднина. Новата интервенција е повеќе социјална мерка, но важно е дека влегува во основицата и понатаму редовно ќе се усогласува со законската формула (не е еднократно зголемување). Претседателот на СЗПМ, е задоволен од мерката, за која како што вели, се залагале врз основа на мислењето на мнозинството пензионери.

Недела за грижа на старите лица

Министерот за труд и социјална политика, генералниот секретар на Црвениот крст на Македонија и претседателот на СЗПМ, информираа за одбележувањето на „Неделата за грижа на старите лица“ од 19 до 25 ноември 2012 година, под мотото: „НИЕ сакаме, ВИЕ знаете, ЗАЕДНО можеме!“ и има за цел подигање на свеста на населението за правата на старите лица, како и потребната грижа и помош на старите лица. „Неделата за грижа на старите лица“ е во организација на Националното координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Националната стратегија за стари лица 2010 - 2020 година, а поддржана од Австрискиот црвен крст, Австриската агенција за развој и ЕВН Македонија.

Промоција на книгата „Наши пензионерски времиња“ од Драги Аргировски

Студија за пензионерската популација со исклучително значајни вредности

Пред повеќе од 220 присутни пензионери и гости меѓу кои беа и министерот за труд и социјална политика, градоначалникот на општина Ѓорче Петров, претседателот на ССМ и семејството на авторот Драги Аргировски, на 6

ноември 2012 година, во големата сала на Домот на ССМ беше одржана промоција на книгата „НАШИ ПЕНЗИОНЕРСКИ ВРЕМИЊА“.

Пензискиот систем во Р Македонија постои повеќе од 60 година

Постојат три закони и поголем број подзаконски акти кои го уредуваат пензискиот систем. Тоа се Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти кои ја доразработуваат соодветната област. Во рамките на правото на социјалното осигурување е и пензиското и инвалидското осигурување, како едно од основните права на граѓаните, обезбедено од страна на државата. Македонскиот пензиски систем беше базиран на таканаречената меѓугенерациска солидарност. Имајќи ги предвид поранешните демографски и социоекономски фактори во одредено време тој систем беше добар и успешно применет во многу европски земји. Во последните неколку декади се појавија нови фактори и трендови кои иницираа проценки на одржувањето на тој модел и изнаоѓање подобри решенија со реформирање на таквите системи.

Од работата на ФПИОМ - Рационално и навремено сервисирање на Солидарниот фонд

Од октомври 2012 година, Пензионерскиот дом „Лика Чопова“ во Чаир по долг судски процес му припадна на ФПИОМ. Со Програмата за реконструкција и адаптација на деловните објекти на ФПИОМ утврдени се вложувања за адаптација и реконструкција. Друго важно прашање во работата на ФПИОМ е редовната исплата на средствата за Солидарниот фонд. Досега не дошло до застој во исплаќањето на средствата.

Шаховски турнир на пензионерите

Во организација на Градскиот сојуз на здруженијата на пензионерите Скопје по повод Денот на ослободувањето на Скопје 13 Ноември и оваа година се одржа традиционалниот шаховски турнир. Домаќин беше ЗП Солидарност - Аеродром. Градоначалникот на општина Аеродром го одигра првиот шаховски потег годинава. Учествуваа екипи од ЗП Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Тафталиџе, Центар, Чаир - Бутел, Шуто Оризари и Солидарност - Аеродром.

Работна средба со дописниците на „Пензионер плус“ и „Пензионерски видици“ - Навремено и точно информирање

Квалитетни и интересни информации од општ карактер и посебно за пензионерскиот стандард овозможуваат: весникот „Пензионер плус“, прилогот „Пензионерски видици“ во „Нова Македонија“ и прилогот за пензионери на албански „КОХА“. На 15 ноември се одржа работилница со дописниците и соработниците со цел да се унапреди нивното учество со пишани и фотоприлози во овие весници.

10 години КУД „Ѓоко Симоновски“

ЗП Куманово постигнува извонредни резултати во општествено ангажирање. Во рамките на КУД „Ѓоко Симоновски“ постигнатите резултати се

над очекувањата и се убав пример. Тоа започна со хорот во 2002 година, потоа следеше фолклорната секција, а во 2012 година, беше промовирана монографијата „10 години пензионерско културно живеење“ од авторката Татјана Антиќ.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 53-54
1 јануари 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 53-54 од 1 јануари 2013 година

Програма на СЗПМ за 2013

Година за паметење или како почна, така и заврши

На 20-ти декември ИО на СЗПМ ја одржа последната седница за 2012 година. Беше усвоен Извештајот на Надзорниот одбор за финансиското работење во 2012 година, со заклучок дека се работело законски и домаќински, а беше донесена одлука за времено финансирање до март 2013 година. Беше усвоена Предлог-програмата на СЗПМ за 2013 година од која ќе произлезат и програмите на комисиите и здруженијата членки на СЗПМ. На седницата беа донесени и други важни одлуки, а беа усвоени извештаи и информации и тоа: Извештај за 17. републички пензионерски спортски натпревари; Извештај за Републичката ревија на песни, музика и игри; информација за состојбата со пензионерските и старските домови во земјата со препораки; информација за проектот „Социјална карта“ и друго.

Активно стареење за поквалитетен живот

Европа старее, а во неа и Р Македонија која е со 16,5 отсто луѓе над 60 години. Животниот век кај нас во просек е 66 години. Новите состојби бараат поголемо разбирање и соодветен третман кон возрасната популација и стареењето. Стратегијата на СЗПМ е насочена кон активно и здраво стареење и создавање соодветни услови за достоинствен живот и заштита за подобрување на квалитетот на животот.

Излегоа од печат двата билтена на СЗПМ

Финансирање на активностите и работењето на СЗПМ во 2012 година и планирање на потребните средства за 2013 година

Големиот број активности и постигнати резултати на СЗПМ во 2012 година, бараа обезбедување додатни финансиски средства за да може СЗПМ, преку домаќинско работење да ја оствари програмата. Само од средствата од членарината, таков обем на програмски активности тешко може да се поддржи. Оттаму во 2012 година, зголемено е и учеството на донациите, спонзорствата и рекламите во весникот „Пензионер плус“, од што беа финансирани спортските натпревари на пензионерите, одржувањето на ревиите на песни, музика и игри, и одбележувањето на годишнините од пензионерското организирање во Македонија. Во Финансискиот план во 2012 година, во периодот јануари - ноември приходите се остварени со 92,4%, а расходите со 78,5%. Приходите од членарината учествува со 88,3%, а остатокот од 11,7% се приходи од други основи, донации, спонзорства, реклами и друго. Во расходите најголемо учество имаат за весникот „Пензионер плус“; пензионерските спортски натпревари; ревиите на песни, музика и игри, оперативните расходи за фукционирање на органите и телата на Сојузот и закупот на деловните простории.

Од работата на ФПИОМ - Со усогласувањата се одржува стандардот

Усогласување на пензиите со порастот на животните трошоци од јануари 2012 година, се изврши и тоа: за 50% од порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во РМ и 50% од движењето на индексот на трошоците на живот. Пензиите од јануари 2012 година се усогласија за 0,31% и од јули за 1,40% или вкупно изнесува 1,71%. Од податоците со кои располагаме, усогласувањето на пензиите во периодот од 2008 до 2012 година се остварувало вака: во 2008 година изнесувало 21,66%, во 2009 година тоа е 5,59%, во 2010 година е 1,40%, а во 2011 година изнесува 2,86%, а во 2012 година тоа е 1,71%. Во 2008 година, имаше дополнително усогласување на пензиите со Одлука на Владата на Р Македонија.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 55
22 февруари 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 55 од 22 февруари 2013 година

Воведник: За „идиотите“ и околу нив

Вообичаено е, кога се обраќате, некого да го ословите со некоја неутрална именка. Во тој случај, секој си го знае местото кое му припаѓа. Времињата меѓутоа, се изменија. Напредна образовниот и културниот статус на луѓето. Така, тие меѓусебно почнаа да се ословуваат и со некоја нова неутрална именка како адвокате, судијо, докторе, пратениче, експерту и сл. Денес веќе и тоа не е доволно, па некои прават обид да воведат и нови именки за статусната положба на луѓето, на дел од сегашната општествена јавност како што се „лудаци“, „фраери“ и сл. Најновото откритие е именката „идиоти“. Оваа именка во речникот на македонскиот јазик поинаку се дефинира. Добро е да се прочита таму. Се би било

во ред ако таа биде употребена во тоа значење. Односниот кум, со оваа именка ословува и луѓе кои припаѓаат на сосема различни социјални групи. Значи, овој господин си зема за право, и мене како и на најголемиот број луѓе од нашата социјална група, пензионерите, да не преименува во „идиоти“. И тоа го прави затоа што нам совеста не ни дозволува да застанеме на една од братоубиствените барикади. Нашиот нов кум се повикува на Аристотел. Со него си ги мие рацете, а и јазикот со кој ја изговара таа именка. Да направиме една дигресија. Што би се случило ако неговите миленици, политички неопределените граѓани се одзваа на необјавениот повик на противниците и застапниците на таквата демократија и излезеа на една од барикадите?

Интервју со Елизабета Канческа-Милевска - министер за култура
Пензионерските ревии од посебен национален интерес во културата

Во 2012 година, за првпат министер за култура беше покровител на една значајна пензионерска манифестација, односно на 10-тата јубилејна ревија на песни, музика и игри на пензионерите, манифестација која е значаен придонес на постарата генерација граѓани на РМ кон збогатувањето на културниот пејзаж во нашата држава. Оваа манифестација, го афирмира македонското изворно творештво, старградскиот фолклор, и е од големо значење и потврда на заложбите на пензионерите, активно да учествуваат во креирањето на културниот и на јавниот живот во нашата земја, почитувајќи ги трајните вредности, кои се наше национално обележје. „Имавме можност да проследиме изведба на македонски песни и игри кои потекнуваат од сите краеви на Македонија. Имаше многу енергија, многу љубов, многу ентузијазам во изведбата на бисерите на нашето фолклорно богатство. Сето она што го видов во рамките на Ревијата на песни, музика и игри претставува значаен придонес кон зачувувањето и промовирањето на македонската култура и традиција и на сето она што не прави посебни како народ“.

Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски личност на годината 2012

На 26.12.2012 година, Редакцијата на весникот „Нова Македонија“ ги прогласи десетте најпопуларни личности од Република Македонија за 2012 година. Тоа се десет личности кои се истакнале со својот придонес во областа на бизнисот, културата, политиката, уметноста, науката, образованието, спортот, општествените и хуманитарните дејности и кои дале голем придонес за афирмација на Македонија. Овие десет личности се убав портрет на Македонија за 2012 година. Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски за „Личност на годината 2012“ беше избран како резултат на извонредните резултати кои ги постигна СЗПМ под негово раководство. Затоа ова признание е негов личен успех, но наедно е признание за рејтингот што го има СЗПМ откако тој раководи со него. Тоа е признание за целото раководство и за сите 280.000 пензионери.

Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови

Проектот „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“ остварува грижа и здравствена заштита на лицата во трета доба; обезбедува здравствена заштита во домашни посети; професионален разговор со психолог и социјален работник; едукативно-програмски активности на две

локации и промоција на волонтерството. Од 2011 година на подрачјата на скопските општини: Центар, Кисела Вода, Карпош, Ѓорче Петров, Чаир, Бутел и Шуто Оризари со проектот се опфатени и се посетуваат 120 корисници во домашни услови. Тим од 4 медицински сестри и 34 волонтери се носители на теренските активности, каде што ги нудат следните услуги: мерење шеќер во крвта, мерење крвен притисок, контакт со матичен лекар, делење лекови, совети за земање терапии, совети за правилна исхрана, придружба при одење на лекар, при прошетка и купување лекови или прехранбени продукти, при завршување на административни работи, разговори и други различни активности. Проектот има две простории на Дневен центар. Тие се во Црвен крст - Чаир и во Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз“. Проектот е поддржан од Градот Скопје и Министерството за труд и социјална политика, како и од австрискиот Црвен крст и Агенцијата за развој.

Структура на реформираниот тростолбен пензиски систем

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување донесен во март 2000 година, се воспостави повеќеслоен пензиски систем, а со Законот за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, донесен во април 2002 година, поблиску системски се уредува обезбедување на материјална и социјална сигурност врз основа на капитализација на средствата. Структурата на повеќеслојниот пензиски систем се темели врз три вида (столба) на осигурување и тоа: 1) задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генераciска солидарност (прв столб), 2) задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб), 3) доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб).

Електронска здравствена картичка

ФЗОМ ја информира јавноста во врска со динамиката на проектот за електронска здравствена картичка кој напредува и се одвива по претходно утврдени рамки. Изработката на електронските здравствени картички се одвива редовно. ФЗОМ работи според претходно дефиниран акционен план по категории на осигуреници. Барањата на пензионерите кои поднесоа барање за издавање на ЕЗК кај матичните лекари се доставени за изработка на електронски здравствени картички.

Премиерот Никола Груевски го посети Пензионерскиот дом „Ѓорче Петров“ Скопје - Незаборавна средба за пензионерите

Премиерот Никола Груевски во придружба на министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски и генералниот директор на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување Беким Незири, на 30.12.2012 година, го посети Пензионерскиот дом „Ѓорче Петров“ во истоимената општина.

Средба со директорот на ФЗОМ

На 17.1.2013 година, се одржа работна средба со претставници на сите здруженија членки на четирите сојузи на пензионери на Македонија. На првиот дел од средбата присуствуваше директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. ФЗОМ како институција, целосно ја поддржува Програмата на Владата на РМ за обезбедување средства за болничко лекување без

наплата на учество - партиципација, за пензионери со пензија пониска од просечната во РМ, за 2013 година. На јавниот повик од Владата, СЗПМ бараше да се одобри бесплатно здравство за сите пензионери со над 65 години старост, но сметаме дека оваа мерка е подобра и похумана бидејќи опфаќа 120.000 пензионери со пониски пензии. Во вториот дел од седницата претставниците беа информирани со текот на постапката за средување на евиденцијата на пензионерите по здруженија и општини. На претседателите им беше поделен и материјал за полесно и тие самите да можат да придонесат за подобро и поточно ажурирање на списоците на пензионери по здруженија. Ова горчливо прашање со години се провлекува како нерешено, а сегашното раководство на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина заедно со раководствата на сите четири сојузи прават напори да го решат.

Проект „Бањско-климатска рекреација за 10.000 корисници на пензија за 2013 година“

Четврта година по ред продолжува реализацијата на Владиниот проект за Бањско-климатска рекреација на околу 10.000 корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија. Досега со овој проект беа опфатени околу 30.000 пензионери кои беа многу задоволни од еднонеделниот бесплатен престој во четирите бањи во нашата земја.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 56
29 март 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 56 од 29 март 2013 година

Поразно искуство

Немам особени предзнаења за теоретско третирање на функциите и целите на политичкото здружување и улогата на политичките партии. Ќе изнесам некои мои лаички размислувања. Во суштина, за тоа, зашто нивната наказна улога и активност почна да ја разнебитува државата по сите основи. Се надевам дека ова нема да биде протолкувано како некоја жалопојка по поранешниот еднопартиски систем. Немам такви оптоварувања. Но имам, други, и тоа големи. Кога во 1990 година на еден состанок г. Стојан Андов ме праша на која партија ќе бидам член, му одговорив: „На Македонија“. „Нема таква партија“, сериозно ми рече Андов! И тука заврши муабетот. А тогаш се формираа. Денес ми е сосема јасно, и сигурен сум дека тогаш не грешев.

Министрите Зоран Ставрески и Спиро Ристовски во посета на СЗПМ - Реализација на ветеното

На 6.3.2013 година, заменикот на претседателот на Владата и министер за финансии и министерот за труд и социјална политика, имаа средба со раководството на СЗПМ. Тие информираа дека пензионерите го добија ветеното зголемување на пензиите со февруарската пензија која е зголемена за 550 денари, линеарно за секој пензионер. Владата ќе продолжи со политиките за зголемување

на пензиите. Во 2014 и 2015 година се планирани нови покачувања, се разбира доколку општите економски услови го овозможат тоа. Во изминатиот период се реализирани и повеќе мерки со кои се подобруваат условите за живот на пензионерите како што се: намалувањето на цените на лековите, обезбедувањето на бесплатниот престој во болниците, бесплатниот јавен превоз, како и бесплатна бањско-климатска рекреација. Претседателот на СЗПМ на средбата го искажа задоволството на членството од добрата континуирана соработка и поддршка, и притоа ги запозна министрите со најзначајните активности што се реализирани во изминатиот период.

5. седница на Собранието на СЗПМ
Единствени во оценката за оствареното и планираното

На 12.3.2013 година, се одржа седница на Собранието на СЗПМ. На дневен ред беа: 1. Извештајот за работа на СЗПМ за 2012 година. 2. Завршна сметка за 2012 година, со Одлука за годишна сметка за 2012 година. 3. Извештајот за работа на Надзорниот одбор на Собранието на СЗПМ во 2012 година, и Финансиски план за 2013 година. 4. Програмата за работа на СЗПМ за 2013 година. 5. Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци во СЗПМ. 6. Измени и дополнување на Правилникот за спортски натпревари. 7. Автентично толкување на одредби од Правилникот за работа на Комисијата за арбитража на СЗПМ. 8. Прием за членка на СЗПМ на ЗП „Нов живот“ Бутел. 9. Верификација на мандати на делегати од ЗП Солидарни пензионери - Илинден, на ЗП Демир Хисар и на ЗП „Нов живот“- Бутел. 10. Разрешување и избор на член на Надзорниот одбор на СЗПМ.

Обраќање на Драги Аргировски, претседател на СЗПМ на 5. седница на Собранието на СЗПМ, - Остварените резултати - поттик за нови

СЗПМ обединува 56 здруженија на пензионери, доброволно здружени во Сојузот заради заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија, за поцелосно и единствено залагање за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, за поквалитетна здравствена заштита, за унапредување на културните, спортските и хуманитарните потреби на пензионерите и друго.

Поздрав или реакција во врска со формирањето на Партијата на обединети пензионери и граѓани на Македонија

На 12.3.2012 година, со украдена и злоупотребена иконографија, со инсинуации и лажно претставени цели и задачи, во Скопје под покровителство на необелоденети спонзори, во период на изборна кампања на партиите за локални избори, се одржа основачко собрание на нова, 54-та по ред ПП во Република Македонија, Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија (ПОПГ). Од сè срце им честитаме и им пожелуваме успех. Но, од аспект на позициите на СЗПМ, чувствуваме потреба да укажаме на некои „дела и вистини“ кои важни претставници на новата ПП ги прават и претставуваат во јавноста на необјективен начин.

На 4 јуни во Универзална сала во Скопје
Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри

Делегација на СЗПМ ја посети Дирекцијата на Универзалната сала во Скопје при што на директорката и беше врачена благодарница за придонесот на оваа институција во успешното организирање на минатогодишната Републичка ревија на песни, музика и игри, по повод десетгодишниот јубилеј на оваа значајна културна пензионерска манифестација. Беше договорено Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри 2013, да се одржи на 4 јуни во Универзалната сала во Скопје. Се очекува нов успех, дотолку повеќе што оваа пензионерска манифестација Министерството за култура ја прогласи за национален интерес на културата. Гостите беа информирани и за подготовките за одржување на манифестацијата „50 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје“ во чија програма се очекува да учествуваат скопските пензионерски ансамбли и поети. Инаку, од 20 април до 20 мај годинава ќе се одржат и шесте регионални ревии на песни, музика и игри во Велес, Радовиш, Охрид, Гостивар, Делчево и во Домот на АРМ во Скопје (домаќин ЗП Кисела Вода).

Во Велес - Блакцата на баба 18-ти пат

Петстотини пензионерки од дваесетина градови во Македонија уживаа, пееја, играа на 18-тата манифестација „Благцата на баба“ која имаше и хуманитарна нишка. Гостите ги вкусија многуте слатки, изработени по рецептите на нивните баби, извадени од пожолтените домашни тефтери. Овде можеа да се видат 50-тина блакца, нешто старо, но и нешто ново, за домаќинките кои сакаат да бидат во тренд. Собраните 15 илајди денари од продадените билети ќе бидат донирани на шестгодишниот Игор Пановски кој живее заедно со неговата самохрана мајка, и им се потребни за негова операција.

Зелникот на баба

Годинава по вторпат во питомиот рударски град Пробиштип, се одржа хуманитарната манифестација „Зелникот на баба“. На плоштадот имаше над 300 присутни од кои над 150 пензионери од 14 здруженија од регионот и тоа од градовите: Велес, Злетово, Неготино, Куманово, Кочани, Свети Николе, Кратово, Крива Паланка, Штип, Делчево, Виница, Македонска Каменица, од Скопје ЗП Кисела Вода и Пробиштип. „Зелникот на баба“ беше и меѓугенерациска манифестација бидејќи на истата присуствуваа генерации од 7 до 77 години: дечиња од градинките во цветни облеки и маски, ученици кои изведоа сплет од народни ора, пензионерски оркестри и групи, а пееше и нашата позната интерпретаторка, исто така, пензионерка, Блага Петреска. На плоштадот имаше направено две традиционални етно-соби. Во едната се замеси, исука и се испече под вршник зелник, а во другата се пржеа мекици. Сите изложени производи убаво аранжирани и изработени од вредните раце на пензионерките, беа многу брзо продадени што беше уште еден доказ за солиданоста и хуманоста на нашиот човек, а посебно на пензионерите...

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција: тел: 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 57
26 април 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 57 од 26 април 2013 година

Првомајски поздрав од д-р Живко Митревски, претседател на ССМ

Сојузот на синдикатите на Македонија е најмасовната работничка организација во Република Македонија која на овие простори опстанува повеќе од еден век. Во сиот овој период ССМ се води од своите темелни определби да се бори и изборува за почитување на со закон потврдените права на работниците, за нивно унапредување, за имплементирање на меѓународните трудови стандарди, за респектирање на синдикатот и за зацврстување на неговата позиција во општеството како рамноправен социјален партнер кој ќе учествува и ќе го дава својот придонес за градење на РМ како држава која претендира да стане членка на ЕУ. По повод најголемиот меѓународен празник на работниците - Први мај, ССМ упатува срдечни честитки и апелира да се почитуваат темелните човекови права, секому да му се овозможи да живее од својот труд, без дискриминација по која било основа, бидејќи тоа е иднината и прогресот на секое општество...

На викенд во Драч, Република Албанија

Како резултат на соработката помеѓу СЗПМ и туристичката агенција ТРИ-А, агенцијата нуди ексклузивна понуда во ДРАЧ – Р Албанија, за првомајските и јунските празници два полупансиона (појадок и вечера), превоз, посета на Круја (музејот на Скендер-бег), посета и шетање во Тирана, по цена од 60 евра. Летување во хотел Њу Јорк на брегот на Јадранско Море, десет полупансиони за 170 евра, без превоз. Датумите се по договор, а сместувањето е во трокреветни и четворокреветни соби.

Посета на Домот за стари лица „Сју Рајдер“

Министерот за труд и социјална политика и градоначалникот на Битола го посетија домот за стари лица „Сју Рајдер“, којшто е во фаза на реконструкција. Се работи за проект финансиран од европските фондови со поддршка на Владата на РМ. Објектот сега има и зголемен сместувачки и просторен капацитет. Во новиот Дом за стари и изнемоштени лица две третини од местата ќе бидат наменети за неподвижни, а една третина за подвижни лица, на кои на располагање ќе им биде високостручен и обучен кадар. За изградба на новиот Дом општината Битола вложи 170.000 евра, а вредноста на целиот објект е околу 830.000 евра, средства обезбедени од европските фондови и Владата на Република Македонија. Во новиот современ и модерен објект сега ќе може да се сместат околу 150 корисници.

Делегација на СЗПМ во ФПИОМ

Делегација на СЗПМ го посети ФПИОМ каде што ги прими генералниот директор. Тој информираше за актуелната состоба во оваа значајна државна институција, за грижата за редовната исплата на пензиите и слично. Се даде и

позитивна оцена за досегашната соработка помеѓу СЗПМ и ФПИОМ, а стана збор и за нови заеднички активности во интерес на пензионерите во нашата земја.

Петта средба на пензионерите во Тетово - Масовно и величествено

Петтата по ред и веќе традиционална средба на пензионерите се одржа во Тетово на 20.4.2013 година, кога се собраа околу 700 пензионери од ЗП Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Тафталиџе, Битола, Велес, Гостивар, Дебар, Кичево, Кратово, Крушево, Неготино, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Штип и Тетово. На почетокот, добредојде на присутинте им пожели претседателката на Активот на пензионерки при ЗП Тетово. Посетата во Тетово многумина ја искористија да прошетаат до туристичките, културните и историските знаменитости.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 58
31 мај 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 58 од 31 мај 2013 година

17-та седница на ИО на СЗПМ

Предложени документи за поголем ред и респект

СЗПМ е сојуз во кој членуваат 56 здруженија со околу 236 илјади пензионери. Здруженијата доброволно и со свое барање станале членки на оваа најголема, мултиетничка и многу активна организација. Со цел нивните активности да бидат одредени рамки и сведени под еден заеднички именител кој значи ред и поред, и за да се подигне уште повеќе рејтингот на истите на седницата одржана на 10 мај 2013 година, Извршниот одбор на СЗПМ предложи содржина на Колективен договор кој главно ќе го регулира финансиското работење на здруженијата, ќе ги елиминира непотребните разлики во одредени сегменти и ќе ја направи нивната работа за уште поголем респект на сегашните и идните пензионери, но и од општеството во целина, без да навлегува во нивните специфичности. Свесни за значењето на еден ваков документ, членовите на Извршниот одбор на СЗПМ едногласно ја прифатија потребата од негово донесување. На седницата на ИО на СЗПМ донесени се и други важни одлуки: Одлука за поддршка од страна на СЗПМ на културни манифестации и издавачка дејност на здруженијата, беше формирана комисија за средување на архивската граѓа на Сојузот во согласност со Законот за архивско работење на Република Македонија.

Дружење на Томина недела

На 9 мај над 400 пензионери од речиси сите градови на Македонија, а најмногу од источниот регион се собраа во Виница. Многумина го посетија Музејот на градот. Инаку, повод за оваа традиционална среба е одбележувањето на верскиот празник Томина недела. Откако завршија поздравувањата, почна веселбата. На средбата беа донесени и вапсани велигденски јајца за кои прва

награда освоија ЗП Охрид, втора ЗП Македонска Каменица, а третата награда ја добија ЗП Штип и ЗП Ново Село - Струмичко.

Премиерна изведба на драмата „Р“ од Јордан Плевнеш

Од ЗП Куманово, Културно уметничкото друштво „Ѓоко Симоновски“ - драмска работилница, на предлог на режисерот Стоје Додевски, беше поставена драмата „Р“ од познатиот македонски писател Јордан Плевнеш.

Разговор со Јесика Готенбос пензионерка од Холандија
Македонија е моја втора татковина

Веќе 10 години за Холанѓанката Јесика Готенбос сите патишта водат кон Македонија, а првата посета е во Пробиштип. Што е тоа што ја врзува за нашата држава и за малото рударско гратче Пробиштип беше повод за разговор...

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 59
28 јуни 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 59 од 28 јуни 2013 година

Да не се заборави

На 4-ти јуни 2013 година околу 1.500 пензионери свечено облечени како за најголем празник, се собраа во Универзалната сала во Скопје. Повод за овој масовен собир беа два настана поврзани со минатото, но живо присутни и денес. Едниот повод беше одбележувањето на педесетгодишнината од катастрофалниот земјотрес во 1963 година кој кај многумина присутни во салата разбуди тажни спомени поврзани со прекинати детски игри, со разурнати домови, со солзи за најмилите. На 4 јуни пензионерите покрај сеќавањата на разурнатото Скопје, во Универзалната сала ги вратија од заборав и многуте песни, ора и обичаи поврзани со традициите на сите што живеат на овие простори. Ревијата со пригодни обраќања ја отворија претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и министерката за култура во Владата на РМ Елизабета Канческа-Милевска.

Министерот Диме Спасов се сретна со раководството на СЗПМ
Со здружени сили до подобар живот на пензионерите

На 19 јуни 2013 година министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, се сретна со раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На средбата во седиштето на Сојузот беше разговарано за проектите на Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика, кои се однесуваат на обезбедување на достоинствен живот и социјална сигурност на пензионерите и старите лица.

Соработката продолжува со нова енергија

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и досега имаше одлична соработка со Министерството за труд и социјална политика на

Македонија. Таквата соработка ќе продолжи и понатаму, но со нова енергија. Доказ дека тоа ќе биде така е неодамнешната средба на министерот Диме Спасов во просториите на СЗПМ.

Треба да има само еден сојуз на здруженијата на инвалидски пензионери во РМ

Во организација на Сојузот на инвалидските пензионери на Р Македонија под раководство на претседателот на сојузот Љубомир Јанев во Велес се одржа консултативен состанок со претседателите на здуженијата на инвалидските пензионери на тема: Потреба од формирање на еден сојуз на здруженијата на инвалидски пензионери на Р Македонија. На седницата се констатира дека заради остварување на правата на инвалидските пензионери од областа на здравството, обезбедување лекови и медицински помагала, како и правата од областа на сообраќајот (користење на паркинзи, ослободување од плаќање на патарини и друго), правата на користење на бесплатни телефонски разговори, права кои произлегуваат од позитивните законски прописи, потребно е здруженијата на инвалидските пензионери да формираат еден единствен сојуз на здруженијата на инвалидски пензионери на РМ. Овој Сојуз со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) би формирал Унија на сојузи со цел да се зајакне и забрза остварувањето на правата на пензионерите согласно законот за пезниското и инвалитсакото осигурување, законот за здравствено осигурување и други позитивни закони и законски прописи со кои се одредуваат права на пензионерите. Потребно е сојузите да се позанимаваат и со потребата од вклучување во здруженијата на пензионери корисници на странски пензии кои живеат во Р Македонија.

Раководството на пензионерите на Македонија во посета на Дебарските Бањи – Цапа

Владиниот проект се спроведува без проблем. Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и потпретседателот Бесник Поцеста за време на посетата на Дебар дадоа оценка дека владионот проект за бањсака рекреација без наплата што се спроведува во четири бањи во Македонија, се реализира без проблеми.

Стекнување на статус од јавен интерес на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - Состојби и перспективи

Стекнувањето на статус од јавен интерес подолго време го окупира вниманието на Сојузот на здруженијата на пензионерите во Македонија, но барање за добивање на таков статус сè уште не е поднесено. Правната рамка на стекнување со статус од јавен интерес е содржана во Законот за здруженија и фондации, а исто така правна основа за стекнување со овој статус има и во предлогот за донесување посебен Закон за пензионерско организирање, кој очекуваме во најскоро време да биде предмет на разгледување на Владата на РМ, а потоа да биде даден во собраниска процедура. Како што е познато во досегашната практика интересот за добивање на овој статус сè уште е незначителен. На што се должи тоа?

ЗП Каменица - Масовен пикник во Еленец

Во манастирскиот комплекс „Покров на пресвета Богородица“ во месноста Еленец кај селото Цера - Каменичко, во чест на православниот христијански празник „Св Цар Костадин и Царица Елена“ беше организиран вториот по ред пикник на пензионерите „Еленец – 2013“ во чии рамки се одржа и натпреварот во правење баница на традиционален начин, печена под вршник. Илјадници пензионери тој ден – недела, втори јуни, уште во раните утрински часови, се упатија по падините на Осоговската Планина со стотици автомобили, комбиња и автобуси на молитва, на дружба, на забава, на заедничка трпеза од сите здруженија на пензионери од Брегалничкиот регион, но и од Скопје, Куманово, Крива Паланка и од други места.

18-ти регионални пензионерски спортски натпревари

Радовиш, седми регион - Во Радовиш се спортуваше и другаруваше

На 24 мај 2013 година, во организација на СЗПМ во Радовиш се одржаа 18-тите регионални пензионерски спортски игри на кои учествуваа преку 300 натпреварувачи и гости од ЗП Радовиш и Конче, ЗП Штип и Карбинци, ЗП Струмица, ЗП Свети Николе, ЗП Лозово и ЗП Ново Село.

Гази Баба, прв регион - Да се учествува, но и да се победува

Регионалните пензионерски спортски натпревари на здруженијата на пензионерите од првиот - скопски регион, оваа година се одржаа на 28 мај во општината Гази Баба, а домаќин беше истоименото здружение на пензионери. На натпреварите учествуваа здруженијата на пензионери од: Гази Баба, Кисела Вода, Солидарност - Аеродром, Центар, Чаир, Воените пензионери, Нов живот - Бутел, Солидарни пензионери - Илинден и Шуто Оризари.

Регионални спортски натпревари во Кратово, шести регион

Во шестиот регион, во Кратово, на 01.06.2013 година се одржаа Осумнаесеттите регионални спортски натпревари, во организација на СЗПМ. На овие натпревари учествуваа спортисти од пензионерските здруженија: Кратово, Куманово, Пробиштип, Злетово и Крива Паланка.

Струга, четврти регион - Охридските спортисти севкупни победници

Во организација на СЗПМ на 8 јуни 2013 година, во хотелот „Бисер“ кај Струга се одржаа 18-тите регионални спортски натпревари на пезионерите од 4-от регион. На овие традиционални натпревари во 11-те дисциплини, се натпреварува околу 150 спортисти - пензионери од градовите, Кичево, Охрид, Дебар, Македонски Брод, Вевчани, и домаќинот Струга. Во таа пригода, во знак на соработка и пријателство на претседателот Положани пригоден подарок, уметничка слика му врачи претседателот на Конфедерацијата на синдикатот на ЗП Поградец, Албанија, Назив Далјани.

Неготино, петти регион - Спорт, рекреација и дружење

На прекрасните терени на Спортскиот комплекс „Младост“ и во просториите на Хотел „Парк“ во Неготино, на 9 јуни 2013 година се одржаа 18-тите регионални спортски игри на пензионерите од Повардарскиот регион. На

игрите учествуваа околу 200 натпреварувачи од: Велес, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Валандово, Богданци, Гевгелија и Дојран.

Виница, осми регион - Најстариот натпреварувач - најдобар

На 15 мај годинава во Виница се одржаа Регионалните спортски игри учествуваа околу 200 пензионери од шесте здруженија во регионот: Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица, Кочани и домаќините Виница.

Битола, трет регион - Прилепчани со најдобри резултати

Во организација на Здружението на пензионерите од Битола на 16 јуни 2013 година беа одржани Осумнаесеттите регионални пензионерски спортски натпревари со учество на здруженијата на пензионерите од: Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар и Ресен.

Карпош, втор регион - Повторно најдобри натпреварувачите од Тетово

Во организација на СЗПМ оваа година Регионалните пензионерски спортски натпревари на здруженијата на пензионерите од вториот - скопски регион се одржаа на 20 јуни, во прекрасен амбиент на терените околу Езерото Треска, а домаќин беше Здружението на пензионери Карпош - Скопје. Во просториите на објектот и на терените околу Езерото се одржаа натпреварите во 11 спорстски дисциплини меѓу претставниците на здруженијата на пензионери од: Тетово, Гостивар, Тафталице ДДД, Ѓорче Петров, Карпош, Сарај и ОВР - Скопје.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 60-61
9 август 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 60-61 од 9 август 2013 година

Пензионерите во одбележувањето на двата историски Илиндена
Достоинствено одбележан 2-ри Август

На 2 Август 2013 година пензионерите од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, организирано се вклучија во одбележувањето на двата историски Илиндена - 110 години од Илинденското востание и 69 години од Првото заседание на АСНОМ, два значајни датуми поврзани со историјата и гордоста на Република Македонија. Големиот македонски празник беше одбележан достоинствено пред спомениците на паднатите борци и македонски револуционери, а голем број пензионери присуствуваа на собирите во Крушево, во Пелинце и во Скопје.

Континуитет во соработата со нови импулси

На крајот од јуни, 2013 година се одржа состанок на претседателите на здруженијата на пензионерите членки на СЗПМ, на кој присуствуваше министерот за труд и социјална политика на Владата на РМ Диме Спасов. Пред претседателите на сите 56 здруженија и други присутни на раководствата на

здруженијата и на Сојузот министерот рече: - Денешната средба во овој состав каде што се присутни сите претседатели на пензионерските здруженија е уште една потврда за политиките на Владата на Република Македонија за развој и континуирана соработка, градење доверба и партнерски однос со граѓанскиот сектор…

Величествен собир во Ораовица

Здружението на пензионерите од Радовиш и оваа година беше организатор на манифестацијата „Пикник на зелено“ која се одржа во манастирскиот комплекс „Св. Ѓорѓија“ кај с. Ораовица, во пазувите на питомата планина Плачковица, каде што волшебноста на природата, убавините со раскош ги растурила. Во убавиот летен ден 14 јули преко 6.500 пензионери од 39 здруженија од Република Македонија овде се дружеа, играа и пееја се до вечерните часови.

Акценти од интервјуто со претседателот на СЗПМ Драги Аргировски за магазинот „ПОРТА“ - Претседателот којшто го бараат сите

Скоро час и половина, време колку што поминавме во разговор во неговиот кабинет, на 4 јуни, пред почетокот на Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри 2013, во организација на СЗПМ, а под покровителство на министерката за култура д-р Елизабета Канческа-Милевска и градоначалникот на град Скопје Коце Трајановски, мобилниот и фиксниот телефон не престанаа да sвонат. Претседателот го бараа луѓе од сите возрасти и од сите професии. Затоа, првиот впечаток е дека овој човек иако возрасен и познат го красат многу нешта...

Соработката и понатаму продолжува

Неодамна претседателот на СЗПМ Драги Аргировски се сретна со министерката за култура на Република Македонија Елизабета Канческа-Милевска. На средбата разговараа за понатамошната соработка меѓу Сојузот и Министерството. Притоа претседателот и се заблагодари на министерката за поддршката на Регионалните ревии на песни, музика и игри, како и за покровителството на Републичката ревија за 2013, врачувајќи и благодарница.

ЗП Кочани - Петровденската награда во вистински раце

Со одлука на Одборот за доделувања награди и признанија, а по повод 12 јули празникот Петровден, годинава наградата за особени постигања од интерес за општината Кочани му е доделена на Здружението на пензионерите, за резултатите постигнати во севкупното живеење на пензионерите во минатата 2012 година. Наградата на свечената седница ја прими претседателот на ЗП Кочани, Ѓорги Серафимов.

Незаборавна средба во Стар Дојран

Во организација на ЗП Струмица на 29 јуни во Стар Дојран се одржа пензионерска пикник-средба на која присуствуваа преку 5.500 пензионери од повеќе здруженија од Републиката, меѓу кои најбројни и овој пат беа радовишани со 720 члена.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 62
20 септември 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 62 од 20 септември 2013 година

ЗП Куманово: На еко-хепенингот масовно и весело

На 17 август 2013 година, ЗП Куманово по единаесетти пат за своите членови и за пензионерите од други здруженија во Р Македонија, ја организираше летната манифестација „Еко-хепенинг“. Овој традиционален излет во природа беше организиран во Рекреативниот центар кај славно Пелинце, во кој е лоциран и Спомен-музејот на АСНОМ. Под сенките на дебелите столетни дрвја и жуберкањето на Пчиња, другаруваа над 2.500 пензионери од петнаесет пензионерски здруженија од Р Македонија и нивни колеги од Врање, соседна Србија.

18-ти републички пензионерски спортски натпревари во Штип
Пензионерите - значајна алка во социјалниот живот во секоја држава

И оваа година по осумнаесетти пат се одржаа Републичките пензионерски спортски натпревари, овој пат на 7 септември во Штип. Натпреварите се одржаа во пресрет на големиот македонски празник Денот на независноста на Р Македонија, 8-ми Септември. Пензионерите спортуваа и се натпреваруваа и во чест на 20 септември, Денот на пензионерите на Македонија. Се се одвиваше во убава и другарска атмосфера. 7 септември 2013 година во Штип ќе биде ден кој пензионерите долго ќе го прераскажуваат. На овие натпревари говореше министерот за труд и социјална политика Диме Спасов и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски. Најдобри резултати по третпат постигнаа спортистите на ЗП Охрид и Дебрца.

Меѓународна соработка
Пензионери од Охрид, Куманово и Битола во посета на Врање

По повод 19 август - Денот на пензионерите на Србија, делегација на ЗП на Охрид и Дебрца присуствуваше на одбележувањето на празникот во Врање. На покана на ЗП Врање од Републикава гости беа и делегации на ЗП Битола и Куманово. На свечената седница претседателката на ЗП Врање Мира Трајковиќ поднесе пригоден реферат, а празникот на славениците им го честитаа и гостите од Македонија.

35-годишен јубилеј „Пензионерите пеат“

Своето триесет и пет годишно постоење, пејачката група „Сирма Војвода“, која е во составот на Здружението на пензионери од Битола, го одбележа со голема манифестација.

Пензионери од Скопје во посета на новиот театар
Воодушевени од грандиозноста на објектот

Над стотина пензионери од Скопје предводени од претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, на 30 август 2013 година го посетија новиот објект на Македонскиот народен театар. Во придружба на министерката за култура, Елизабета Канческа-Милевска, и уметничкиот директор на Македонскиот народен театар, Дејан Пројковски, пензионерите прошетаа низ просториите на театарот, а водичите ги запознаа со сите поединости и значењето на овој грандиозен и репрезентативен објект на кој сите му се воодушевуваат.

ЗП Кочани - Величествен собир на пензионерите

Традиционалната средба на пензионерите од Македонија кај манастирскиот комплекс „Свети Пантелејмон“ недалеку од Кочани, се одржа на 11 август и на неа присуствуваа над две илјади пензионери од дваесетина здруженија на пензионери од цела Македонија. Ова е четврта година по ред како пензионерите од Македонија се собираат во Пантелејмон на заедничка средба и веселба.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 63
25 октомври 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 63 од 25 октомври 2013 година

Добрата соработка резултира со зголемена доверба

Вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески и министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, остварија работна средба со претседателот и претставниците на СЗПМ, на која се дискутираше за актуелните случувања и проблеми поврзани со пензионерската популација. И за време на европската криза, кога во многу земји пензиите се намалуваат или се поместува старосната граница, заштитата на пензионерите останува еден од приоритетите на Владата на Република Македонија. Од 2006 година досега пензиите во Република Македонија се зголемени за 50 отсто. Така просечната пензија во 2006 година изнесувала 7.603 денари, а во 2013 година таа изнесува 11.565 денари. Подобрен е и односот меѓу просечна пензија и просечна плата и тој сега изнесува околу 55 %. Зголемувањето на пензиите не е единствена мерка која е во насока на подобрување на условите на пензионерите, тука е и намалувањето на цената на лековите, обезбедување на бањско лекување, како и обезбедување на простории за организирано дејствување на пензионерите. Покрај зголемувањето на пензиите за 5 отсто од март 2014 година, Владата ќе продолжи со реализација на другите мерки и политики кои се во насока на подобрување на условите и подигнување на стандардот на пензионерите. Пензионерите треба да бидат спокојни бидејќи и понатаму пензиите ќе се добиваат во првата недела од месецот и Владата и натаму ќе помага во решавање на прашањата поврзани со оваа популација, се разбира во границите на реалните можности. Во буџетот на Министерството за труд и социјална политика обезбедени се дополнителни 35 милиони денари за бањско-

климатска рекреација на околу 5.500 пензионери кои оваа услуга ќе ја користат бесплатно. Проектот наидува на одобрен интерес кај пензионерите. Заинтересираноста оваа година беше огромна.

Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски - добитник на највисоката државна награда „11 Октомври“ за животно дело
- Признание и за 250 илјади пензионери

На 11 Октомври 2013 година, на Денот на востанието на македонскиот народ, во Собранието на Република Македонија, пред голем број гости од политичкиот и јавниот живот и претставници на дипломатскиот кор и бизнисот, највисокото државно признание - наградата „11 Октомври“ за животно дело оваа година им беше доделена на лауреатите: проф. д-р Срѓан Керим, економист и дипломат во областа на науката и образованието, на м-р Решат Амети, ликовен уметник во областа на културата и уметноста и во областа на новинарството и публицистиката на Драгослав - Драги Аргировски, доајен на македонското новинарство и публицистика и актуелен претседател на СЗПМ. На свеченоста, која се одржа во Кристалната сала, дипломите и плакетите на добитниците им ги врачи членот на Одборот за доделување на наградата и декан на Медицинскиот факултет, проф. д-р Никола Јанкуловски. Кажувајќи за добитниците на ова највисоко државно признание, тој истакна дека нив ги красат особини на креативност, инвентивност и иновативност, кои со својот долгогодишен и макотрпен творечки напор упорно чекорат по патеките на успехот и се искачуваат на самиот врв, на пиедесталот во областите во кои творат. За нив ова признание е за трудот и за постигнатите резултати, но истовремено тоа е и поттик и мотив за натамошна работа и за нови успеси и достигнувања. Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски смета дека оваа награда наедно е и признание за 250 илјади пензионери членови на Сојузот, кои со своите активности придонесуваат нашата најмасовна, невладина, неполитичка, непартиска и мултиетничка организација да се наметне како респектабилен фактор во општеството. Затоа, како нејзин челник, своите успеси ги смета како успеси на организацијата и на сите пензионери во неа. Својата среќа и радост тој секогаш и на секое место со нив ги споделува. - Среќен сум и радосен што една таква висока државна награда дојде и во новинарски раце. Ова е признание за 50-годишна активност и афирмација на се она што во Република Македонија било, е и ќе биде. Се може да се направи во државата, ако нема афирмација на тоа, ако не постои информирањето, ако нема благовремена информација за тоа, нема ништо, рече за јавноста Аргировски и истакна дека дел од наградата ќе вложи во реализирање на хуманитарен концерт на групата „Архангел“.

Реинкарнација - Се подготвува четвртиот играч

Мојата генерација има право да се интересира за исходот од „најдолгиот пат“ во одот по маките на својот народ во современата историја на битката за опстојот. Аманетот што го има наследено, влогот што го има направено за развој и закрепнување, како и општествената ангажиранот во денешните дни за да и даде на својата земја белег за активноста на една самосвесна и истрајна генерација која знае и умее да го одржува и чува достоинството и својот идентитет, ни ја зголемува одговорноста и потребата за активно учество во поддршката на интересот за расветлување на историската вистина за нашиот идентитет. Веќе сто

години минаа откако е направено харакири на македонското тело, душа и поимање.

Пикник-средба во Сарај - Скопје - Најавени рекордни активности

Во знак на одбележувањето на 20 септември, Денот на пензионерите и Денот на општината Ѓорче Петров, здруженијата на пензионери од општините Ѓорче Петров и Сарај, на 17-ти септември 2013 година, организираа заедничка пикник-средба за пензионери од повеќе здруженија од Скопје и Републиката. Средбата се одржа во Рекреативниот центар Сарај, каде што дојдоа повеќе од 2.500 пензионери заедно да го прослават празникот, да се дружат и да уживаат во убавиот амбиент, богат со чист воздух и разнобојност на природата.

13 ФЗЖО во Љубљана - Со македонски и албански песни тетовки го разубавија меѓународниот фестивал

Традиционалниот фестивал посветен на третата животна доба се одржува во чест на 1 октомври, Меѓународниот ден на старите лица, поддржан и од Европската унија. Церемонијалот се одржа од први до трети октомври и главно во Цанкарјев дом, каде што истовремено се одржуваше и саем на разни производи пред сè од словенечко потекло. СЗПМ овој пат го претставуваат членовите на Здружението од Тетово што претставува четврто учество од нашата земја. Карванот од Тетово го сочинуваа 30 учесници, од кои тројца беа претставници на СЗПМ. Шеф на делегацијата беше Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ.

ЗП Пробиштип, Во Лесново - Македонија во мало

На 21 септември во чест на двата празника, Денот на пензионерите на Македонија и празникот Мала Богородица, ЗП Пробиштип го организираше традиционалниот пикник на зелено во Лесново. На поканата се пријавија 35 здруженија. Во Лесново имаше пензионери од сите краеви на Македонија.

На предлог на Извршниот одбор на СЗПМ Владата на Република Македонија деновиве за нов член на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ го именува Драги Аргировски, претседател на СЗПМ.

ЗП Охрид и Дебрца: - Пензинерските ансамбли се душата на старградскиот мелос

Дваесет и петтото јубилејно издание на фестивалот „Охридски старградски средби“ се одржа на 28-ми септември, а му претходеше традиционалното дефиле низ градските улици. Со настапот на 15 групи кои ја негуваат убавата старградска песна, постоењето на ваквите фестивали е да се зачува, да остане и да продолж да се негува фолклорната традиција. На фестивалот настапи и Културно уметничкото друштво на ЗП Охрид и Дебрца и пензионерските ансамбли „Распеани гевгеличани“, „Распеани паланчани“. Пензионерските ансамбли кои се душата на фестивалот, пееја песни со ентузијазам и со голема љубов изведувана од различни музички тајфи. Забележителен настап имаа пензионерските друштва од Прилеп, Гевгелија, Штип, Крива Паланка и други.

Претседателот Иванов ги посети пензионерите

На големата традиционална средба, по повод 11-ти Октомври, во Прилеп, присуствуваа преку 400 пензионери од повеќе здруженија на пензионери од Македонија. Пензионерите ги посети и празникот им го честиташе и претседателот на Р Македонија, Ѓорге Иванов. На средбата присуствуваа пензионери од здруженијата: Велес, Кочани, Кавадарци, Свети Николе, Тетово, Крушево, Битола, Штип, Македонска Каменица, Виница, Кичево, Охрид, Гази Баба и Карпош.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
НЛБ Тутунска банка
Година VI, број 64
29 ноември 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 64 од 29 ноември 2013 година

Нов проект на Министерството за здравство

- **Домашна визита за старите болни лица**

Новиот проект на Министерството за здравство, „Домашна визита“, како што информираше министерот за здравство Никола Тодоров, ќе се одвива низ цела Македонија, во 652 населени места распределени во 84 општини, а во него ќе бидат ангажирани 340 патронажни сестри, кои работат во здравствените домови. Симболично, Проектот почна пред Неделата на грижа за стари лица, од 18 до 24 ноември. Сестрите секојдневно, во точно утврден термин имаа обврска да посетуваат стари, изнемоштени лица, лица со хронични болести, кои се избрани според дијагнозите и евидентирани во националниот електронски систем „Мој термин“.

ЗП Штип и Карбинци: Дружења на најактивните

Во месецот кога пензионерите го слават нивниот празник во ЗП Штип и Карбинци се случија многу активности и дружења на најактивните пензионери. На „Штипска пастрмалијада“ по покана на претседателот на здружението, беа присутни претседателите на 15 здруженија од Републиката, кои одржаа состанок и ги разгледаа потребите и резултатите на пензионерските здруженија, а притоа ја пробаа штипската пастрмајлија.

ССМ примен во Меѓународната конфедерација на синдикати

На 29 октомври, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија одржа свечена седница на која присуствуваа министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, министерот за одбрана Талат Џафери, претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, претседателот на Организацијата на работодавачи Ангел Димитров, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста и други високи гости. Седницата се одржа по повод приемот на ССМ за полноправна членка на Меѓународната конфедерација на синдикатите ИТУЦ (International Trade Uniun Confederation).

Акценти од Извештајот за учеството на СЗПМ на Меѓународниот 13-ти фестивал за трета животна доба во Љубљана, Словенија

Од 30 септември до 3 октомври 2013 година, Делегација и Фолклорна дружина од ЗП Тетово го претставуваше СЗПМ, на Меѓународниот 13-ти фестивал за трета животна доба, во Љубљана, Словенија. Овој Фестивал е уникатен настан за старите лица во Словенија и најголем настан од ваков вид во Европа. Тоа е место на интеграција, размена на идеи и креативност посветена на активно стареење, подобрување на квалитетот на животот на постарите луѓе и постигнување на солидарност меѓу генерациите. Секоја година фестивалот ја отвора вратата за меѓугенерациска хармонија, креативност и размена на идеи. Тајмингот и содржината на Фестивалот се поврзани со 1 октомври кој е Светски ден на постарите лица и со 3 октомври кој е Меѓународниот ден на детето.

13. ФЗЖД во Љубљана: „Остварување на програмските задачи на пензионерите во меѓуетничка животна средина“

Тетово е град со околу 80.000 жители, а општината ја сочинуваат уште десетина села со вкупно над 120.000 жители. И градот и селата ги карактеризира национално мешано население, во кое, според бројот жители доминантна е албанската заедница, потоа Македонци, Турци, Роми, како побројни, но и други национални заедници, меѓу кои Срби, Хрвати, Словенци, Муслимани, Власи, Црногорци итн., истакна во својот реферат Гојко Ефтовски.

Октомвриската награда за животно дело во областа на новинарството и публицистиката: Љубописот на Драги Аргировски *(Пренесено интервју од Македонското радио), Новинар Иван Лазов*

Меѓу добитниците на престижната награда „11 Октомври“ за 2013 година е и почитуваниот новинар и публицист Драги Аргировски. Повеќе генерации се сеќаваат на неговите многубројни извештаи, написи, интервјуа, репортажи и дневни информации што се плод на неговата четиридецениска работа како новинар во МТВ. Во исто време, тој е основоположник и на Македонската телевизија, автор на првиот ТВ-прилог на македонски јазик во 1961 година, долгогодишен уредник на ТВ-дневникот, основач на дописната редакција и на ТВ-програмите на националностите кои живеат во Р Македонија. Аргировски е потврден и како публицист - жанр во кој сè уште е активен и во кој сè уште создава. Ова високо признание за него е духовен поттик за натамошно ангажирање.

Излегоа од печат двата билтена на СЗПМ

На 6 јуни се одржа Републичката ревија на песни, музика и игри 2013. За оваа манифестација, како и за шестте регионални ревии кои и претходеа, беше издаден Билтен во боја во издание на СЗПМ. На 7 септември се одржаа 18-тите републички пензионерски спортски натпревари. И за овој значаен настан, како и за осумте регионални спортски пензионерски натпревари кои им претходеа на републичката како претселекција, беше издаден Билтен во боја како белег и трага за оваа манифестација.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција: тел: 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VI, број 65
27 декември 2013 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 65 од 27 декември 2013 година

2014 - година на солидарност

На 19 декември 2013 година Собранието на СЗПМ ја одржа шестта седница во мандатот. На почетокот на седницата потпретседателот на Собранието на Сојузот Бесник Поцеста во името на присутните му ја честиташе наградата за животно дело на претседателот Драги Аргировски истакнат новинар, публицист и општественик, истакнувајќи дека наградата „11 Октомври за 2013 година“ е и признание за активностите и резултатите и на сите пензионери на чие чело е Аргировски. Главно обележје на седницата беа Програмата и Финасискиот план на Сојузот за 2014 година. Во Програмата на Сојузот, 2014 година е прогласена за година на солидарност. Една од новините во Програмата за 2014 на СЗПМ е изготвување пензионерска социјална карта. По усвојувањето на Програмата беше усвоен ребалансот за 2013 година и Финасискиот план за 2014. Приходите и расходите предвидени за 2014 главно се движат во истите рамки со одредени поместувања на едни на сметка на други ставки. На крајот на седницата за членови на собранието беа избрани: Нада Давчева, Ментор Ќоку, Наум Чочоровски и Јордан Костадинов, кој воедно е избран и за член на ИО на СЗПМ.

Интервју со Диме Спасов, министер за труд и социјална политика
Унапредување на соработката со СЗПМ за подигање на животниот стандард на пензионерите и нивното партиципирање во социјалниот живот

Во текот на 2013 година одржавме неколку работни средби со претставници на Министерството за труд и социјална политика и претставници на Владата во СЗПМ на кои направивме ретроспектива на досегашната соработката во решавањето на прашања од животот и активноста на пензионерите во надлежност на вашиот ресор. Ве молам за коментар за ефектите од тие средби за нашата натамошна соработка?

- Изминатиот период Министерството за труд и социјална политика и Владата на Р Македонија беа посветени на развојот и унапредувањето на активностите поврзани со прашања од секојдневниот живот на пензионерите, унапредување на социјалниот живот, олеснување во пристапот на социјалните права и соработка преку невладиниот сектор бидејќи сметаме дека е потребно старите лица да водат живот во којшто ќе бидат целосно ангажирани нивните потенцијали и да имаат живот во којшто ќе ја добијат потребната поддршка од општеството. Една од програмските активности на Владата на Р Македонија е обезбедување на социјална сигурност на корисниците на пензија преку зголемувањето на пензиите и редовната исплата на истите.

ПРОГРАМА за работа на СЗПМ за 2014 година

Во подготвување на Програмата за работа на СЗПМ за основа се земени програмите на комисиите и другите помошни тела на органите на СЗПМ за 2014

година. Посебен приоритет во 2014 година ќе се даде на развојот на социјално-хуманитерните цели и задачи од причини што ИО на СЗПМ на седницата одржна на 14 ноември 2014 ја прогласи за ГОДИНА НА СОЛИДАРНОСТ. Во 2014 година во континуитет ќе продолжат започнатите активности преку кои се реализираат основните цели и задачи на СЗПМ. 1. Заштита на стекнатите права од ПИО и обезбедување на редовна исплата на пензиите. 2. Активности во 2014 - ГОДИНА НА СОЛИДАРНОСТ. 3. Усогласување на актите на СЗПМ и здруженијата со Законот за пензионерско организирање. 4. Продолжување на активностите за воведување на Пензионерска социјална карта. 5. Согледување на работата на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина. 6. Информација за функционирање и координација на организирањето и начинот на дејствувањето на здруженијата на пензионери - членки на СЗПМ. 7. Следење на остварувањето на поквалитетна здравствена заштита на пензионерите. 8. Подготвување на нова Спогодба за соработка меѓу Сојузот и ФПИОМ. 9. Промовирање на поголема соработка на локално ниво, односно меѓуопштинска соработка во извршување на активностите на здруженијата на пензионери во заштита на старите лица. 10. Одржување на работни состаноци на СЗПМ со претседателите на ЗП и Активите на пензионерки. 11. Следење и ангажирање во изградба на домови за пензионери и старски домови, дневни центри и пензионерски клубови во согласност со Стратегијата на стари лица на Владата на РМ 2010-2020. 12. Организирање и следење на 19-те спортски натпревари на пензионерите во Р Македонија. 13. Организација и следење на 12- ти по ред ревии на песна, музика и игри. 14. Реализација на меѓународната соработка со сојузи и здруженија од соседните земји (Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Албанија и Косово) за размена на искуства со земјите од ЕУ преку Институтот Хеврека од Љубљана. 15. Поттикнување и поддршка на организирање заеднички концерти и други културни манифестации, драмски претстави, изложби и сл. 16. Информирање, остварување на јавност и отчет во работата. 17. Одбележување на 68 години од формирањето на Сојузот на 20 септември Денот на пензионерите ќе биде достојно одбележен со свечености, хуманитарни акции и други активности. 19 декември 2013 година, Собрание на СЗПМ

Интервју со директорот на ФПИОМ Беким Незири

- **Навремено и квалитетно извршување на задачите**

Вие сте прв човек на ФПИОМ кој како ретко која институција го опфаќа речиси целото население на нашава земја. Кога дојдовте на оваа позиција со што најнапред се соочивте?

- Во рамките на пензиското и инвалисдкото осигурување својата социјална сигурност ја остваруваат 290.089 корисници на права од пензиско и инвалидско осигурување или 14,4% од вкупното население на Р Македонија во 2012 година. Бројот на осигуреници во таа година изнесуваше 507.061 и во сооднос со корисниците на пензија изнесува 1,78 осигуреници на еден пензионер што е поповолното во однос на другите зејми од опружувањето...

Работилница во Кавадарци

Пензионерките се најактивни во волонтерството

Во Република Македонија се поголем е бројот на луѓето кои и припаѓаат на возрасната популација. Од овој процент речиси една третина се жени, кои се

најзастапени и најактивни во волонтерството. На работилницата која се одржа на 29 ноември во Кавадарци присуствуваа претседателите на ИО на здруженијата на пензионери членки на СЗПМ и претседателките на активите на пензионерки при здруженијата. Домаќин на работилницата беше ЗП Кавадарци, на истата присуствува речиси сите здруженија. Тема на работилницата беше волонтерството и активностите и значењето на активите на пензионерки. Претседателот на ИО Ѓорче Петров предложи Сојузот да изготви еден вид Договор за волонтерство и да го дистрибутира по здруженијата, и во финансиските планови за 2014 година да бидат планирани финансиски сретства потребни за реализирање на одредени волонтерски активности. Во третиот дел се дискутираше за потребата да се изградат домови за стари лица, да се отворат клубови во руралните средини, да се отворат повеќе центри за дневен престој и друго. Беше предложена и Програма на активности на Сојузот односно на здруженијата со календар на настани за 2014 година и истата беше дополнета од страна на присутните.

Во Прилеп: Надградба на Домот за стари лица

Во Македонија покрај прилепскиот, домови за стари лица има уште во Скопје, Куманово и Битола. Прилепскиот дом за стари лица со условите во кои се сместени штитениците е меѓу најдобрите во државата. Во Прилеп нема приватна установа за сместување на стари лица. Штитениците кои се сместени во оваа институција, која е финансиски потпомогната од локалната самоуправа, плаќаат сами, или членовите на нивните семејства. Зависно од висината на пензијата и од просторот каде што се сместени, плаќаат од 7.200, 8.380, 9.400 или 11.340 денари месечно. Има изработено проект за надградба на постојниот објект со 40 нови соби со по еден кревет, санитарии, заеднички простории. Средствата ќе се обезбедат од европските фондови, за што годинава е направена посета на соодветни институции за продолжена соработка во Белгија. Дел од инвестициите се сопствени, а и средства од локалната самоуправа.

Празничен концерт на ЗП Кочани

Во рамките на одбележувањето на 20 декември Денот на пензионерите на Кочанското здружение, се одржа празничен концерт на кој настапија фолклорни групи, пејачи и ансамбли од здруженијата на пензионери од Кавадарци, Куманово и Кочани. Концертот го следеа и гости од здруженијата на пензионери од Штип, Прилеп, Кавадарци, Куманово. На свеченоста на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски му беше врачена слика од Кочани по повод добивањето на престижната награда за публицистика „11 Октомври“.

ЗП Велес - Пензионерите пееја со радост

Во Велес, на 23 ноември се одржа културната манифестација „Пензионерите пеат – 2013“, на која настапија 11 пејачки групи од 9 пензионерски здруженија и тоа од: Велес, Нов Дојран, Богданци, Валандово, Гевгелија, Неготино, Кавадарци, ЗИП Кавадарци, Прилеп со 2 групи, Штип и Воените пензионери. Со пригодно обраќање претседателот на ЗП Велес му ја честита наградата за новинарство и публицистика „11 Октомври за 2013 година“ на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
Излегува еднаш месечно. Редакција тел: 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VII, број 66-67
14 февруари 2014 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 66-67 од 14 февруари 2014 година

Резултати и активности за паметење

Според постигнатите резултати и активности, 2013 годината за СЗПМ ќе биде година за паметење. Сите активности и задачи што беа планирани за четиригодишниот мандат, се остварени за три години. Особено радува фактот што е постигната забележителна раздвиженост на пензионерите на полето на културните и спортските дејности, на пикник средбите и екскурзиите, на многуте секојдневни дружења во клубовите на пензионерите и друго, во коишто учествуваа над 300.000 припадници на оваа најмасовна невладина и мултиетничка организација, што претставува европски рекорд.

Ние не сме за потсмев

Ние не избираме кога ќе се родиме, ниту како ќе го живееме животот... Така стигнавме на темата. Во клубот на кој што припаѓам членуваат од чираци, калфи, мајстори до професионалци перфекционисти во својот занает и знаење. Кој до каде успеал да стигне со својот несебичен труд, својата среќа или својата умешност, своите наследни или стекнати доблести, таму го завршил својот „активен“ век... Од Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, за секоја од овие активности, со аргументи и солидни анализи, сериозно е барано, укажувано, коментирано, спротивставувано пред, и во фазите во кои за овие прашања одлучувале надлежните органи, по своја иницијатива или со барање мислење од надлежните органи. Но, овде отворено и јавно ќе проговориме за едно проширеко незадоволство и револт којшто се искажува во јавноста, коментарите кои се упатуваат на сметка на пензионерите кои се возат во градските автобуси во Скопје, или кон пензионерите кои одат на бањско-климатската рекреација...

Работилница на СЗПМ на Велешко Езеро: Информирање и едукација

Информирањето бездруго е еден од приоритетите на СЗПМ бидејќи ако нема точно и навремено информирање, изгледа како ништо да не се случува. Со цел овој приоритет да биде квалитетно реализиран, формирана е дописна мрежа која ги „храни“ весникот „Пензионер плус“, „Пензионерски видици“ и „КОХА“. На 29 јануари 2014 година, на Велешко Езеро се одржа втората работилница на која присуствуваа дописници од повеќе здруженија, Редакцискиот одбор, Издавачкиот совет и Комисијата за информирање на СЗПМ.

Во Прилеп во организација на СЗПМ: - Семинар за сметководителите

Во организација на СЗПМ на 21 јануари, годинава во Прилеп, за претседателите и книговодителите на ЗП од цела Македонија се одржа Семинар за подготовка на завршните сметки на ЗП за минатата година.

Новогодишно интервју со Драги Аргировски за ТВ Тера – Битола: „Ако не се радуваш на туѓата среќа, не си човек“

По барање на многу гледачи за новогодишната емисија го поканив на ТВ-разговор познатиот и признат новинар и публицист Драги Аргировски, актуелен претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Кој е Драги Аргировски? - Роден сум во Куманово, во 1939 година, во угледно кумановско семејство како единствено машко дете со четири постари сестри, миленик на фамилијата. Гимназија завршив во родното Куманово. Како ученик почнав да го негувам пишаниот збор, така што работев за младинската програма на Радио Скопје, за спортската рубрика на Нова Македонија, за Трудбеник и за многу други весници. На први септември 1960 година, кога се роди Македонската телевизија, бев на конкурс избран за новинар/соработник. Мојата прва вест беше за почетокот на школската година и за времето во Скопје. Во март 1961 година, го подготвив првиот прилог на македонски јазик за дневникот на ЈРТ. Пионер сум на Македонската телевизија...

Бањско-климатска рекреација на корисници на пензија во 2014 година - Континуиран интерес на пензионерите

Министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, директорот на Фондот за пензинското и инвалидското осигурување Беким Незири и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски одржаа конференција за медиумите на којашто информираа за Проектот „Бањско-климатска рекреација на корисници на пензија за 2014 година“.

Градоначалникот Трајановски ги посети старите лица од Домот „Мајка Тереза“

Градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски, како и секоја година, во јануари ги посети старите лица коишто се сместени во Домот „Мајка Тереза“, што се наоѓа кај локалитетот Скупи, во населбата Злокуќани во Скопје. Градоначалникот Трајановски ја искористи посетата и на корисниците и на персоналот на Домот им ги честиташе Новогодишните и Божиќните празници.

Од работата на ФПИОМ: Редовно исплаќање на средства за солидарен фонд

На една од седниците на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, неговиот член Драги Аргировски, претседател на СЗПМ, во врска со Информацијата за дозначените и исплатени средства за Солидарен фонд, во својата дискусија истакна дека откога се собираат средствата од ФПИОМ, нема никакви проблеми и дека соработката меѓу СЗПМ и ФПИОМ е подигната на највисоко ниво.

Признанија за учесниците на Проектот „Скопје се сеќава“ - Доделена благодарница и на СЗПМ

Во Културно-информативниот центар - Скопје, во организација на ЈЦОП „Универзална сала“ - носител на Проектот за одбележување на 50 години од скопскиот земјотрес, секретарот на град Скопје, на сите креативни учесници во реализацијата на проектот „Скопје се сеќава“, им врачи благодарници за нивната партиципација во комплетирањето на идејното решение за јубилејот. Во рамките на проектот се одржале околу 50 настани. За вредниот придонес во проектот за

одбележување на петте децении од скопскиот земјотрес и за несебичната поддршка и учество во програмите „Скопје се сеќава“ благодарница доби и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Фонд на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија

- **Позначајни решенија во новиот Статут**

Во Службен весник на Р Македонија број 174 од 12.12. 2013 година, е објавен новиот усогласен Статут на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија што е законска обврска утврдена во член 246 од Закон за пензиското и инвалидското осигурување. Во општите одредби во членот 3 е утврдено дека Фондот е самостоен во својата работа особено во примена на прописите од пензиското и инвалидско осигурување, но при тоа треба да се има предвид членот 186 од ЗПИО каде што е регулирано дека Министерството за труд и социјална политика врши надзор над законитоста на работата на Фондот, со право да запре извршување на акт на Фондот ако не е во согласност со ЗПИО или ако не е во согласност со Уставот се до донесување на Одлука на Уставниот суд. Исто така и сите нацрт-акти од Фондот подлежат на претходна согласност од Министерството за труд и социјална политика.

Традиционално одбележување на празници

Во повеќе здруженија на пензионери членки на СЗПМ традиционално се одбележи доаѓањето на Новата година, потоа Стара Нова година на 14 јануари и верскиот празник Василица. Пензионерки собираа облека за деца со посебни потреби и за сонародниците во општината Пустец, Албанија, посетија поголем број стари и болни пензионери и пензионерки во нивните домови и им поделија скромни и новогодишни подароци. На 13 и 14 јануари 2014 година меѓу маскираните од 7 до 77 во селото Подгорци - Струшко имаше голем број пензионери. Оваа Василичарска прослава се одржува традиционално под мотото „Вгодина повесели и порадосни“.

Пензијата е се подалеку од Американците

Неколку неодамнешни истражувања, кои биле спроведени во САД, покажуваат дека поголемиот број работници се очекува да се пензионираат подоцна отколку што имале претходно планирано. Погодени од рецесијата, која што значително ги намалила инвестициите и реалната вредност на домовите, повозрасните Американци, најверојатно веќе се помириле со тоа дека пензијата веќе не претставува и заминување од пазарот на труд. Имено, дури 82% од американските работници постари од 50 години очекуваат дека ќе мораат да работат за плата дури и откога ќе се пензионираат. Резултатите од истата анкета, покажуваат дека 47% од испитаниците очекуваат дека ќе се пензионираат подоцна отколку што мислеле.

Премиера на „Вечната куќа“ за пензионерите

- Приказна за вечноста на Македонија

СЗПМ во соработка со Раководството на новиот МНТ во Скопје, за пензионерите од здруженијата во Скопје, Велес и Куманово, на 26-ти декември 2013 година, обезбеди премиерно прикажување на културната драмска претстава „Вечната куќа“ од познатиот македонски автор Јордан Плевнеш. Со оглед на

поволната цена на картите (намалена на половина), интересот за претставата беше мошне голем, така што еден дел од околу илјада пензионери, претставата ја гледаа наредниот ден.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VII, број 68
28 март 2014 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 68 од 28 март 2014 година

Отчетна седница на Собранието на СЗПМ

Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 24 март 2014 година ја одржа својата отчетна седница на која беа усвоени Извештајот за работа и Завршната сметка за 2013 година, како и Одлуката за утврдување на единствените критериуми за матријално-финансиското работење на здруженијата и Сојузот. На седницата беше заклучено дека според резултатите 2013 година е една од најуспешните години за Сојузот, за што забележително обраќање имаше претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

Обраќање на претседателот Драги Аргировски на седмата седница на Собранието на СЗПМ
- Патот по кој чекори Сојузот е исправен и транспарентен - доказ се резултатите

Најнапред поздрав до сите Вас присутни. Задоволство е да се раководи и соработува со луѓе какви што сте сите вие, претставници на вашите здруженија. Поздрав и до гостите и сите оние кои даваат придонес нашата најбројна и многу активна невладина, неполитичка и мултиетничка асоцијација, која во последните години постигнува забележителни резултати, благодарејќи на единството на членството и раководните органи на сите нивоа, од огранок до Сојузот, да биде уште поуспешна. Како што ви е позната наша најважна цел е остварувањето на програмските задачи во заштита и унапредување на правата од пензиското осигурување. Наш приоритет е да имаме достоинствена старост и здраво и активно да стареeме во рамките на реализацијата на европските препораки во соработка со локалната и државната власт...

Од отчетната седница на Собранието на СЗПМ
- Единствени во дејствувањето и одлуките

На 24 март 2014 година СЗПМ ја оддржа својата отчетна седница. Присутните на седницата, најнапред ги поздрави и им се обрати со гордост заради постигнатото, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Покрај сумирањето на постигнатото и реализираното, тој се осврна и на неодамнешните напаѓања врз Сојузот од страна на „Партијата на обединети пензионери и граѓани“ и притоа меѓу другото рече. - Фактите и вистината се на страната на Сојузот. Нашите постигања се евидентни, нашето работење е транспарентно. Патот по кој чекориме е правиот пат, а патиштата по кои чекорат некои гласноговорници кои не напаѓаат се беспаќа. Дека е така ќе покаже времето, но и нашите понатамошни

резултати. Потоа седницата продолжи според предложениот дневен ред. Најнапред разгледани беа Извештајот за работа и Завршната сметка за 2013 година, за кои воводно излагање имаше потпретседателот на ИО на СЗПМ. Тој ги потенцираше најбитните постигања во Извештајот за работа на Сојузот, со констатација дека секогаш може да биде подобро.

Од аголот на вистината - Потсетување на аргументите

Деновиве во еуфорија на предизборието во јавноста беа лиферувани некои невистини за местото и улогата на најмасовната и најактивната невладина, непартиска и мултиетничка организација - Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Во време кога се сведуваат резултатите од работата и кога се дава отчет за реализацијата на Програмата на СЗПМ за 2013 година, некои загрижени новокомпонирани партиски челници, со ширење невистини си дозволија да ги девалвираат постигнувањата на Сојузот кои беа оценети за историски. Само недобронамерници, или неуки, не сакаат да ја видат и да ја дознаат вистината за СЗПМ и кажувајќи небулози, се залажуваат себеси и некои нивни поддржувачи (за да придобијат уште такви), мислејќи дека ќе им порасне рејтингот и, готово, „сите ќе потрчаат кон нив спас да побараат“. Туку, можеби е нешто друго во прашање!? Веројатно, свесни за неуспехот што ги очекува во изборите, како давеници за сламка се фаќаат и, ако е така, навистина не треба многу да им се забележува.

Пензиите повисоки за 600 денари - усогласеното зголемување влегува во основицата

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за финансии Зоран Ставрески, министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, директорот на Фондот за пензинското и инвалидското осигурување Беким Незири и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски остварија работна средба на којашто се разговараше за прашања поврзани со социјалниот живот на пензионерите. Пензионерите во март годинава добија покачување на пензиите за 600 денари. Средствата во висина од една милијарда и 800 милиони денари за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Р Македонија.

Работилница на Фондот за здравствено осигурување за пензионерите - Мерки за подобро здравје

Во рамките на програмата и мерките што ги презема СЗПМ за заштита и подобрување на здравјето на старите лица, во соработка со Црвениот крст на град Скопје и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз“ во Скопје, на 21-ви февруари се организираше прва работилница за информирање и едукација на пензионерите од областа на здравственото осигурување и превенција на здравјето. Во присуство на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, директорот на ФЗОМ м-р Маја Парнаџиева - Змејкова, поголем број медиуми и над стодваесетина пензионери од скопските здруженија, работилницата ја отвори секретарот на Црвениот крст на град Скопје, Сузана Тунева - Пауновска. Вакви едукативни работилници за Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во ФЗОМ е утврдено да се одржат според следниот распоред: март - ЗП Битола и Скопје; април - ЗП

Прилеп и Скопје; мај - ЗП Тетово и Скопје; јуни - ЗП Куманово; септември - ЗП Гостивар; октомври - ЗП Струмица; ноември - ЗП Штип и декември - ЗП Кичево.

Нов дом за стари лица во Битола

Една заедничка иницијатива на општината Битола, на ЗП Битола и на Раководството на Домот за стари лица „Сју Рајдер“ - Битола од 2007 година, со неговото давање на употреба, неодамна стана реалност. Само да потсетиме: Домот „Сју Рајдер“ беше основан 1953 година, со одлука на општина Битола, а објектот во типни бараки е изграден во 1969 година, како донација на англиската хуманистка Сју Рајдер. Оттогаш па до денес не е вршена никаква интервенција. Во рамките на „ФИШЕ“ програмата на Европската унија, еден од проектите ИПА - 1 опфаќа градење на објекти од областа на социјалата. Општината Битола своевремено учествуваше со свој проект за Домот „Сју Рајдер“ и во конкуренција на повеќе општини, комисијата го прогласи како најиздржан и се доделија средства за изградба и реконструкција. Дел од средствата беа одобрени од фондовите на ЕУ, а со помал дел учествуваше и општина Битола. Домот згрижува два типа на корисници по начинот на сместувањето: преку центрите за социјална работа и со индивидуални договори.

Реновиран Дневниот центар за стари лица во Маџари

Министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, градоначалникот на Општина Гази Баба Тони Трајковски и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски го посетија реновираниот Дневен центар за стари лица во Маџари, Гази Баба. При посетата, министерот Спасов потсети дека реновираниот Дневен центар за стари лица во Маџари, Гази Баба, е продолжување и спроведување на заедничките активности околу отворање на Дневен центар и центар за давање помош во домашни услови во општина Гази Баба, според Договорот за меѓусебна соработка, помеѓу Министерството за труд и социјална политика и општина Гази Баба, кој беше потпишан на почетокот на месец јули 2013 година. Инаку, во Македонија веќе постојат 5 дневни центри за стари лица и тоа во Чашка, Богомила, Самоков, Бучин и Вевчани.

Потпишан договор за градба на пензионерски дом

Општина Кочани и Источниот плански регион потпишаа договор за обезбедување на финансиски средства за подготовка на техничка документација за идниот регионален пензионерски дом во Кочани. Обезбедени се еден милион и 500 илјади денари за изработка на техничката документација за идниот регионален пензионерски дом во Кочани. Општина Кочани ја обезбеди потребната локација за градба на домот, а тоа е местото каде што се наоѓаше старата воена касарна на површина од 4.000 илјади метри квадратни, со решена инфраструктура, пат, вода, канализација и друго. Општината ќе обезбеди и довод на геотермалната вода. За два месеца се очекува да биде готова техничката документација, а почетокот на изградбата на регионалниот дом на пензионерите се очекува да започне кон крајот на годината. Домот во Кочани ќе го користат и пензионерите од Виница, Македонска Каменица, Делчево и Берово.

Трибина за правата на пензионерите во Дневниот центар „Даре Џамбаз“ во Скопје - Заложба за достоинствена старост

На иницијатива на активите на пензионерките од скопските здруженија, а по повод Денот на жената - Осми март, наспроти самиот празник, Црвениот крст на град Скопје, во Дневниот центар за стари лица во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, организираше трибина на тема: „Жените во улога на лобисти за правата на пензионерите во организација“. Пред околу двесте пензионери и стари лица од Скопје, на трибината се обрати министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, а претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, после воведното излагање, одговараше на прашања на присутните.

Кон прогласувањето на 2014-та за година на солидарност - Солидарноста во прв план

Со овој Проект македонската организација на пензионери презема еден гигантски чекор во остварувањето на поголеми социјалнохуманитарни активности во интерес на своето членство. Солидарноста е вкоренета кај македонските граѓани и нема сомневање дека и овојпат тие во многу поголем обем и на најразлични начини и форми ќе ја изразат низ дела. Секако, прифатливите и добронамерни идеи се секогаш добредојдени. За пообемните зафати секако е неопходна поддршка од органите и институциите на државата. Но и за нив, нови иницијативи би биле од корист.

Македонците пензионери во Хрватска

Со Томе Апостолоски, прилепчанец кој живее во Загреб, се сретнавме во прилепското здружение на пензионери и разговаравме за Македонците пензионери во Република Хрватска. - Во Хрватска живеам веќе 43 години. Работев во структурите на образованието, а сега сум, можеби меѓу најактивните пензионери Македонци. Мојата активност пред сè е ангажираност за подобрување на животот на околу 4.200 Македонци кои живеат во Република Хрватска, а со тоа се разбира и на пензионерите. Јас сум претседател на Македонската координација за македонските клубови во Хрватска. Наша основна задача е да им се помага на нашите иселеници за подобро и навремено решавање на одредени проблеми што се јавуваат. Многу сме активни на културен план. Ги одбележуваме сите важни историски датуми за Македонија, позначајни јубилеи, годишнини и слично, - вели Апостолоски.

Пензионерките од Македонија во Велес - Бабите со „Блакцата на баба“

По 19-ти пат во Велес се одржа хуманитарно забавната манифестација Блакцата на баба. На неа се дружеа, пееја и играа повеќе од 400 жени пензионерки од 20 градови од земјава. Ова е единствена ваква манифестација во земјава и препознатлив бренд за кој има голем интерес.

Министерот Спасов во посета на пензионерите во Катлановска и Дебарска Бања

Министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, деновиве ги посети пензионерите кои престојуваат во Катлановска Бања, во рамки на проектот „Бањско-климатска рекреација“. - Оваа година планираме да опфатиме бројка од околу 5.500 пензионери, кои ќе ја искористат оваа бесплатна услуга. Мене ми е

особено важно што пензионерите кои до сега ја користеа оваа услуга и со кои остварив средба, се навистина задоволни од реализацијата на овој проект и од условите кои ги нудат бањите во Македонија за нив, - истакна ресорниот министер.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
Година VII, број 69
25 април 2014 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 69 од 25 април 2014 година

ФЗОМ и СЗПМ - Организирани повеќе работилници за здравствена едукација на пензионерите

Во рамките на активностите што заеднички ги спроведуваат СЗПМ, Фондот за здравствено осигурување и Црвениот крст на Македонија во Прилеп, на осми април се одржа работилница на тема „Информација и едукација за подобро здравје на пензионерите“. Клубот на ЗП Прилеп беше преполн со заинтересирани кои зедоа активно учество во работата на оваа здравствена работилница. Вакви работилници се одржаа и во Кавадарци, Валандово и Радовиш...

„Willage Games“ 2014 - Игри од македонската традиција и култура

Македонската добротоворна организација во соработка со пензионерските групи од западниот и северниот дел на Мелбурн организираше „Игри од нашето детство“ или таканаречени „Виллаге гамес“. Целта на овие игри беше да се промовира активното стареење кај повозрасното македонско население кое живее во Австралија со активности кои се блиску до македонската традиција и култура. Игрите се одржаа на 30-ти март 2014 во манастирот „Свети Прохор Пчински“ во Донибрук. Во рамките на истите, се играа повеќе игри: шах, дама, царица, петкамен, трчање на 50 метри, игра со обрачи, бејот, погодување гатанки и друго.

Бабините зелници предизвик за неколку илјади гурмани

Во март, на првиот пролетен ден, на градскиот плоштад во Пробиштип, над 2.000 гости и учесници беа дел од манифестација во Македонија „Зелникот на баба“, која за три години, од општинска, прерасна во Републичка. Годинава овој неодминлив македонски специјалитет, беше предизвик на градскот плоштад да се соберат претставници на над 30 општини од нашата убава Македонија и токму овде во овој мал, но прекрасен град да се понуди „Зелникот на баба“, оној што го сукале и го оставиле во аманет нашите предци. На третата по ред манифестација освен претставниците од Вешта жена, Организацијата на жените „Веселите пензионери“, со задоволство своите специјалитети ги понудија и пензионерките од ЗП Куманово, Крива Паланка, Скопје, Кратово, Штип, Неготино, Велес, Кочани, Македонска Каменица, Чешиново - Облешево, Делчево, Прилеп, Свети Николе, претставнички на жени волонтерки и членки на клубовите на

пензионерите при општинските организации на Црвениот крст на Крива Паланка и Неготино, претставнички на пензионерите од ЗП ОВР Скопје и други.

Пензионерите на Саемот на книгата

Од 7 до 14 април, на Скопскиот саем, се одржа 24. саем на книгата. Не само љубителите на убавиот пишан збор, туку и многу љубопитни кои сакаа да ја посетат оваа убава традиционална манифестација со интерес ги разгледуваа многубројните штандови. Во реката посетители кои ги имаше во голем број и во неделата, на претпоследниот ден од Саемот, присуството на повозрасните посетители беше видливо и тоа не само како „придружници“ на своите помлади членови на семејството, туку и активни пребарувачи и купувачи на книги од животната област што ги интересира најмногу. Вакви манифестации се и места каде што повозрасните можат да се сретнат со своите врсници, пријатели, познати, некогашни колеги и да си разменат мисли, малку да се дружат да се почувствуваат дел од сите генерации, кои ги поврзува најубавата животна нишка - духовното, мисловното, убавото...

Бајка во Прага

Ансамблот „Вања Лазарова“ од Активот на пензионерите при Црвениот крст – Чаир, Скопје, учествуваше на 6-иот меѓународен фестивал на народни песни и ора, кој се одржа на 21 и 22 март во Прага, Република Чешка. Тоа што членовите на Ансамблот го доживеаа во Прага и на Фестивалот може да се види и доживее само во бајките. Убавините на Прага се познати, но настапот на Ансамблот на финалната вечер беше вистинско изненадување и за учесниците и за гостите. Испеавме четири македонски народни песни во траење од 15 минути, а аплаузот траеше цели 20 минути. Успехот беше видлив уште на генералната проба, каде што бевме внимателно слушани и поддржани од сите учесници на фестивалот. Инаку, на оваа меѓународна манифестација учествуваа 17 хорови, групи и ансамбли и 14 игроорни групи, а фестивалот имаше ревијален карактер. Веднаш по нашиот настап, од менаџерот на Меѓународниот фестивал во Франција, Ансамблот доби директна покана за учество на оваа манифесатација во Париз, по наш избор, дали во оваа или наредната година. Со оглед на големата ангажираност на Ансаблот и подготовките за настапи во Русе и Велинград, Република Бугарија, поканата ја прифативме за 2015 година.

Прва мултиетничка средба на пензионерите – во ЗП Тетово

Тетово беше домаќин на првата мултиетничка средба на пензионерите од Македонија, востановена со определба на СЗПМ. Над 600 пензионери од речиси сите здруженија на нашата земја, во саботата во ресторанот „Арена“ се дружеа и разонодуваа повеќе од пет часа.

ВЕБ-страница на СЗПМ

Посетеноста од ден на ден се поголема

СЗПМ му дава посебна важност на информирањето на членството, но и на сите случувања во Сојузот и здруженијата за пошироката јавност. Во 2014 година тој тренд продолжува, се разбира, преку весникот „Пензионер плус“, додатокот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“ и страницата за повозрасната, односно пензионерската популација во весникот КОХА на албански јазик. Информирањето на членството и на пошироката јавност се одвива

и преку печатот и електронските медиуми, на национално и на локално ниво. Како и до сега, весникот „Пензионер плус“ и понатаму ќе излегува еднаш месечно, во последниот петок од месецот, додатокот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“ во четврток во втората недела, а страница за повозрасната, односно пензионерската популација во весникот КОХА во четврток третата недела од месецот. На овој начин целиот месец ќе биде покриен со информации. Што се однесува до веб-страницата на СЗПМ, таа доби нов изглед и содржина. И понатаму ќе биде поместуван весникот „Пензионер плус“, но од почетокот на оваа година постои архива на сите инфо-новости, како што постои од минатата година на сите изданија на весникот. На веб-страницата објавени се и билтените за спорт и фолклорните ревии, а така ќе биде и понатаму. Убава новина е, кога станува збор за веб-страницата на СЗПМ, тоа што сега на истата се поместени и потстраници на здруженијата членки на Сојузот. Сега засега, свои потстраници имаат следните здруженија: ЗП Гази Баба, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Дојран, ЗП Карпош, ЗП Кисела Вода, ЗП Тафталиџе ДДД, ЗП Крушево, ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Солидарност - Аеродром и ЗП Бутел. Во наредниот период се очекува да бидат изработени и за другите здруженија. На потстраниците на здруженијата поместени се: личната карта на здружението, фотографии и состави на раководствата, телата и комисиите, нивните програми за работа и друго. На овој начин афирмацијата на здруженијата и на Сојузот како целина, ќе биде уште покомплетна, а комуникацијата меѓу здруженијата многу подобра. Кога сме кај веб-страницата, можеме да се пофалиме дека истата од ден на ден е се попосетена. На пример од 11 март до 10 април 2014 година, бројот на посетителите изнесувал 573, односно во однос на декември 2013 година се зголемил за 40 %, кога страницата имала 335 посети. Од овој број речиси сите посетители се нови. Страницата најмногу ја посетуваат посетители од Р Македонија 53%, а 19 % од Скопје. Од податоците се гледа дека најмногу посетители се на возраст од 25 до 34 години, но 23,5 % се посетители над 45 години. Бројките се доказ дека страницата ја посетуваат речиси сите генерации, а што се однесува до полот состојбата е следна: жени: 45,84%, мажи: 5416%. Меѓу посетителите има владини и невладини организации, туристички работници, компјутерџии, социолози, спортисти, фолклористи, инструктори за здрава храна и други. Што се однесува пак до државите и јазичните подрачја, најголем број од посетителите се од англиското јазично подрачје односно од земјите каде што се користи англискиот јазик и тој број изнесува 80,28% во посочениот период. Со содржините поместени на www.szpm.org.mk обезбедено е целосно информирање и транспарентност во работењето на СЗПМ во земјата и надвор од неа.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VII, број 70 30 мај 2014 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 70 од 30 мај 2014 година

Најдобрите чувари на традицијата и идентитетот на 10-ти јуни во Универзалната сала во Скопје

На 3-ти мај 2014 година Берово беше домаќин на првата од шесте, културна манифестација на пензионерите, на која со песни, музика и ора настапија здруженија од градовите: Виница, Делчево, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево и Берово.

Втората регионална ревија се одржа на 9 мај во срцето на Овчеполието, во Свети Николе, каде пееја, играа и се дружеа пензионери од Пробиштип, Лозово, Ново Село, Штип, Струмица, Злетово, Радовиш и од градот домаќин.

На 11 мај регионална ревија на песни, музика и игри, се одржа во Домот на културата во Струга крај прекрасното Охридско Езеро. На оваа културна манифестација на пензионерите настапија претставници на здруженијата на пензионери од: Струга, Крушево, Охрид и Дебрца, Прилеп, Кичево, Битола, Дебар, Демир Хисар и Македонски Брод.

На 15 мај верните чувари на традициите и обичаите се собраа во Неготино, градот домаќин, да се дружат и да им покажат на помладите генерации како се чува фолклорното богатство.

12-тата регионална ревија на здруженијата на пензионери од Повардарскиот регион, се одржа во Центарот за култура „Ацо Ѓорчев“ во Неготино. Во градот на виното и грозјето, се претставија учесници од здруженијата од Неготино, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Велес и Богданци.

На 20-ти мај 2014 година во Домот на АРМ во Скопје, се одржа 12-тата регионална ревија на песни, музика и игри. Домаќин беше ЗП Солидарност - Аеродром. На Ревијата учествуваа 8 здруженија на пензионери и тоа: Солидарност - Аеродром, Кратово, Крива Паланка, Кисела Вода, Куманово, Воените пензионери, Гази Баба и Центар.

На 6-те регионални ревии учествуваат 45 здруженија, а најдобрите според оценката на селекторот и Комисијата за култура на ИО на Сојузот ќе настапат на 10 јуни во Универзалната сала во Скопје, на завршната Републичката ревија.

Спортување и дружење по 19-ти пат

И оваа година ќе се одржат 8 натпревари од 19. регионални пензионерски спортски натпревари. Најнапред се одржаа меѓу неколку здруженија. Првиот, 19. регионален пензионерски спортски натпревар беше во Свети Николе каде што се натпреварувaа здруженијата од осмиот регион. На 30 мај ќе учествуваат пензионерите од вториот регион, а домаќин ќе биде ЗП Бутел. Еден ден потоа се здруженијата од шестиот регион, а домаќин ќе биде ЗП Злетово. Пет региони ќе одржат регионални спортски натпревари во јуни и тоа: на 5 јуни во Богданци, на 11 јуни ЗП ОВР Скопје, на 14 јуни во Берово, на 18 јуни во Македонски Брод и на 21 јуни во Крушево. Завршната Пензионерска спортска олимпијада ќе се одржи на 6 септември во Тетово, каде што ќе настапат најдобрите и најподготвени

пензионери - спортисти. И на регионалните и на завршната натпревари, пензионерите ќе спортуваат и ќе се дружат, како и во изминатите 19 години, свесни дека така го одржуваат во кондиција и телото и духот.

Седница на Собранието на Сојузот на ЗП на град Скопје

Согледување и подобрување на дејствувањето

Собранието на Сојузот на ЗП на град Скопје неодамна одржа отчетна седница за работата во 2013 година и донесе Програма за работа и Финансискиот план за 2014 година. Најпрво на присутните им се обрати министерот за труд и социјална политика при што истакна дека грижата за стандардот на пензионерите е еден од приоритетите на Владата на Република Македонија. Градоначалникот на Скопје потенцираше дека на заемно задоволство соработката на градот со Градскиот сојуз на ЗП е примерна, при што истакна дека градот Скопје, како и досега, така и натаму ќе се обидува и ќе работи, во рамките на можностите ќе им помага на пензионерите од Скопје. Претседателот на СЗП на град Скопје говореше за работата и постигнувањата на Сојузот во минатата година, како и за активностите на СЗП на град Скопје кои беа дадени во Извештајот за 2013 година. Претседателот на СЗПМ ја нагласи улогата на Градскиот сојуз на ЗП во повеќе области, а особено во остварувањето на соработката со градот Скопје, со кој и СЗПМ има примерна соработка. Во тој контекст го спомна успехот во организирањето на републичките ревии на песни, музика и игри во Универзалната сала во Скопје, а даде и некои предлози и иницијативи за уште подобро и поорганизирано дејствивање на Градскиот сојуз во наредниот период.

Министерот Спасов во Пензионерскиот дом во Аеродром

Министерот за труд и социјална политика, во придружба на претседателите на СЗПМ и на СЗП на град Скопје, помошник-директорот во ФПИОМ, и раководителот на Скопската филијала, неодамна го посети Пензионерскиот дом „Јане Сандански“ во општината Аеродром во Скопје. На заедничката средба со дел од станарите, управникот на Домот ги запозна гостите со состојбата во Домот, а потоа министерот Спасов ги информираше присутните за приоритетите во реализирањето на некои проекти што имаат непосредно позитивно влијание врз подобрувањето на животниот стандард на пензионерите. Министерот Спасов одговараше и на прашања од присутните, при што вети дека во наредниот период, во границите на можностите, ќе се издвојат средства за подобрување на животните услови и во другиот дел во Домот.

Разговор со: М-р Маја Парнарџиева-Змејкова, директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Здравствената грижа за пензионерите континуирано се подобрува

На почетокот на 2014 година имавте редовна работна средба со Драги Аргировски, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и членовите на Комисијата за здравство д-р Стојанче Стефановски и д-р Илија Глигоров. Во заемни разговори беа опфатени повеќе прашања. Во овој разговор ќе побараме одговори на дел од најважните прашања за пензионерите.

Проектна задача - Здравствен туризам за пензионери

Општопознато е дека населението на планетата старее, и според прогнозите на Светската здравствена организација во 2050 година 1/4 од населението ќе биде постаро од 60 години. Очекувани и неизбежни промени ќе се појават во продуктивноста на националните економии, што на оваа популација можеби ќе влијае неповолно врз многу сегменти од нејзиниот живот - на трошоците за нега и здравствена заштита, и останатите пензионерски бенефициии. Владите, локалните заедници и семејствата ќе треба да изнаоѓаат нови пристапи и стратегии во корист на здравјето и благосостојбата на овој сегмент од населението. Здравствениот туризам за пензионерите е тема на најсериозни истражувања, а особено во земјите каде што процесот на демографско стареење значително напредувал, како на пример во Јапонија која има најстара популација на планетата и во која во 2012 година 23% од населението било постаро од 65 години.

Француско-македонска вечер - Вечер за паметење

На 30. 4. 2014 година, во Културноинформативниот центар во Скопје, поточно во познатиот „Салон 19.19“, по иницијатива на пензионерот шансониер од ЗП Карпош Слободан Јаневски, а под покровителство на Културниот француски центар во Скопје, се одржа традиционална Француско-македонска вечер на шансони и поезија.

Берово: 12-та регионална ревија на песни, музика и игри
Негување и чување на културните традиции

Центарот на Малешевијата, историското гратче Берово, на 3-ти мај 2014 година беше центар на најзначајната и најмасовна културна средба на пензионерите од градовите: Виница, Делчево, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево и Берово.

Свети Николе: 12-та регионална ревија на песни, музика и игри
Се редеа песна до оро, се прелеваа боите на носиите

На 9 мај во Домот на културата „Крсте Мисирков“, светониколчани имаа можност да уживаат во прекрасните изведби на соло-пејачи, ансамбли, културно-уметнички друштва, пејачки групи, викоички изведби и друго, да се видат традиции и обичаи кои се веќе подзаборавени, а се во колоритот на македонските носии на учесниците од здруженијата од Пробиштип, Лозово, Ново Село, Штип, Струмица, Злетово, Радовиш и Свети Николе.

Струга: 12-та регионална ревија на песни, музика и игри
Израз на мултикултурното богатство

Во Струга, во градот на поезијата и туризмот, во организација на СЗПМ, на 11-ти мај 2013 година, во Домот на културата, се одржа 12-та регионална ревија на песни, музика и игри. На оваа културна манифестација на пензионерите од четвртиот регион настапија претставници на здруженијата на пензионери од: Струга, Крушево, Охрид и Дебрца, Прилеп, Кичево, Битола, Дебар и Центар Жупа, Демир Хисар и Македонски Брод.

Неготино: 12-та регионална ревија на песни, музика и игри
Песните - лек за душата и срцето

Дванаесеттата ревија на песни музика и игри на здруженијата на пензионери од Повардарскиот регион, во организација на СЗПМ, се одржа на 15-ти мај во Неготино. На овој врнежлив пролетен ден, во градот на виното и познатата неготинска пита, во Центарот за култура „Ацо Ѓорчев“, во свечени колоритни носии на сцената се појавија учесниците од здруженијата од Неготино, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Велес и Богданци.

Скопје: 12-та регионална ревија на песни, музика и игри
Фолклорно богатство поздравено од многубројната публика во Домот на АРМ

Во организација на СЗПМ на 20 мај во присуство на голем број гледачи во полната сала на Домот на АРМ во Скопје се одржа 12-тата регионална ревија на песни, музика и игри на која ЗП Солидарност - Аеродром, беше успешен домаќин. Учество во културно-уметничката програма во Домот на АРМ во Скопје имаа: ЗП Кратово; ЗП Крива Паланка; ЗП Кисела Вода; ЗП Куманово; ЗП Воени пензионери - Скопје; ЗП Гази Баба; ЗП Центар и домаќинот на ревијата ЗП Солидарност - Аеродром.

Нови дострели на драмската работилница на ЗП Куманово
Актерство на професионално ниво

Драмската работилница на КУД „Ѓоко Симоновски“ на ЗП Куманово, продолжува со своите креативни актерски остварувања. Во пресрет на Првомајските празници, на сцената на Народниот театар репризно по 25-ти пат ја прикажа претставата „Ленче кумановче“ од најплодниот македонски писател на битови драми Васил Иљоски.

„Весели пензионери“ во Србија

На покана од Здружението на Македонците „Даме Груев“ во Србија членовите на КУД „Весели пензионери“ беа на тридневно гостување во малото рударско градче Рудник каде што работат над 30 рудари од добревските рудници. Повод за гостување, според зборовите на претседателот на Здружението е желбата да се зачува македонштината, македонските песни, ора и обичаи кај Македонците кои живеат во регионот на Поморавјето. На двочасовниот концерт, кој се одржа на градскиот плоштад покрај „Веселите пензионери“ од Пробиштип настапија и КУД „Типопластика“ од Горњи Милановац и пејачката група од Рудник.

Делегација на СЗПМ кај генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија - Пензионерите вклучени во хуманитарната помош од поплавите

На 19 мај 2014 во просториите на Црвениот крст на Република Македонија, делегацијата од СЗПМ се сретнаа со генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија...

Пикник на пензионери кај Демир Капија - Дружење во Дошница

Здружението на пензионерите од Демир Капија на 17 мај беше домаќин на втората по ред пикник-средба на зелено што се одржа во познатото излетничко

место Дошница. На овој голем собир присуствуваа над 1.200 пензионери од Скопје, Куманово, Крива Паланка, Пробиштип, Македонска Каменица, Радовиш, Струмица, Ново Село, Велес, Неготино, Кавадарци, Валандово, Дојран, Богданци и од Демир Капија при што другаруваа, се одмораа и се забавуваа.

Ѓурѓовденски обичаи во Кочани

Манифестацијата „Ѓурѓовденски обичаи, песни и ора“ која ја организира ФА „Љупчо Сантов“ по повод верскиот празник Ѓурѓовден во населбата Оризари крај Кочани, помина во знакот на одбележувањето на верските обичаи и традицијата поврзани со овој празник.

ЗП Штип - Пензионерите пеија во чест на „Светите Кирил и Методиј“

На 23.5.2014 година во големата сала на културниот дом „Ацо Шопов“ во Штип, по трет пат се организираше манифестацијата „Пензионерите пеат“, во чест на сесловенските просветители светите браќа Кирил и Методиј. На оваа манифестација учествуваа пејачки групи и хорови на девет здруженија на пензионери од: Велес, Неготино, Радовиш, Свети Николе, Куманово, Кичево, Гевгелија, Пехчево и Штип.

Поетско-музички перформанс - Со Љубов за Македонија

На 8-ми мај во Музејот на револуционарната борба на македонскиот народ се одржа интересен поетско-музички перформанс под наслов „Со Љубов за Македонија“ во организација и модерација на Виолета Сековска, која беше и водител на оваа манифестација. Перформансот беше посветен на вечната и најголемата љубов, љубовта кон татковината, а присуствуваа посетители буквално од сите генерации, од деца до пензионери. Посебна убавина на манифестацијата и даде учеството на дечињата од градинката „Весели цветови” кои облечени во стилизирана народна носија со мавтање на малите рачиња и со нежна детска насмевка пеија со љубов за Македонија.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
• за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VII, број 71
27 јуни 2014 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 71 од 27 јуни 2014 година

Пензионерска Републичка ревија на песни, музика и игри 2014

Со песна и љубов кон нашето културно богатство, идентитет и традиција

Чувството на припадност кон своите корени со достоинство го покажаа 250.000 пензионери членови на СЗПМ, од цела Македонија. Тие низ песната и играта се дружеа, учествуваа и присуствуваа и на 6-те регионални ревии на песни, музика и игри, за целосно да му оддадат почит и да се поклонат уште еднаш на културното творештво на 10 јуни во Универзалната сала во Скопје, на Републичката пензионерска ревија. На оваа величествена и масовна културна пензионерска манифестација присуствуваа околу 1.500 пензионери. За

навременото информирање исполнето со почит кон оваа популација, до сите медиуми, до новинарите и снимателите кои го одбележаа овој наш значаен настан, голема благодарност од СЗПМ кој беше организатор на шесте регионални и на Републичката ревија на песни, музика и игри, седум незаборавни културни манифестации на пензионерите во Република Македонија.

Околу 5.000 пензионери се дружеа во Дојран

Во средината на јуни и оваа година Дојран повторно беше центар на најголемата средба на пензионерите во овој регион. Околу 5.000 пензионери од триесетина здруженија од Македонија го преплавија крајбрежјето на убавото езеро и во поголем број се собраа под сенките на „Трите јавори“ за да присуствуваат на отворањето на средбата на пензионерите, на која домаќини беа здруженијата на пензионери од Велес и Неготино.

ЗП Македонска Каменица - Масовен пикник во Еленец - организација за почит

На 1.6.2014 година над 5.000 гости пензионери и граѓани од околните места го постигнаа рекордот на овој собир. За оваа голема бројка најголема заслуга има ЗП Македонска Каменица во соработка со локалната самоуправа и Месната заедница на село Цера. Пред гостите настапија со културно-уметничка програма пензионери од повеќе здруженија од Македонија и тоа: Бутел, Кочани, Велес, Куманово, Кавадарци, Воените пензионери и Каменица. Сите се претставија со својот изворен мелос и носија. Паралелно со програмата, по трет пат, се одвиваше натпреварот „Бабина баница“ со месење, сукање и печење на баница под вршник на отворено. Меѓу пријавените девет здруженија, сите беа добри натпреварувачки, а трите награди ги однесоа ЗП Велес, ЗП Бутел и ЗП Македонска Каменица.

ЗП Куманово -Традиционален концерт „Мајски ракувања“

Комисијата за културно-уметнички самодејности на ЗП Куманово, се ангажира и годинава на крајот на мај да го одржи својот традиционален концерт „Мајски ракувања“, посветен на најубавиот месец во годината, на сесловенските просветители Кирил и Методиј. Оваа концертна претстава беше мајски подарок за граѓаните од Куманово. Верни на својата традиција пензионерите им приредија широка лепеза од песни, ора, музика и хумор.

ЗП Берово - Дом за стари лица

Од претстојната есен се очекува општината Берово да го добие првиот дом за стари лица. Станува збор за донација од хуманитарната организација Холандија - Македонија во висина од 111.828 евра, а останатите 20 % се инвестиција на локалната самоуправа - општина Берово. Домот за стари лица ќе се гради на местото на управната зграда на поранешната градежна фирма „Пелагонија“, во Берово. За потребите на домот, во првата фаза, ќе се адаптираат 11 простории. Во рамките на објектот ќе работи и здравствен центар. - Со изградбата на овој центар општината Берово ќе биде една од првите општини што посветува внимание на оваа категорија граѓани. Нашата општина е прва во регионот која гради и ќе стопанисува со Дом за згрижување на стари лица - вели градоначалникот Драги Нацински. Проект е најголема донација на хуманитарната организација Холандија - Македонија во општината Берово.

Делегација на ОН во СЗПМ
- Поддршка на Проектот за социјална карта

Благодарение на широката информираност на јавноста и многубројните институции за дејствувањето на СЗПМ и преземањето конкретни мерки за подобрување на животниот стандард на пензионерите на разни начини и со учество во работата на УО на ФПИОМ и други активности што произлегуваат од соработката со Министерството за труд и социјална политика, претставници на Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) изразија интерес да воспостават контакт со Раководството на СЗПМ и непосредно да се запознаат со мисијата на Сојузот. Така, тричлена делегација, предводена од Олег Серозин, шеф на Одделот за техничка соработка при Секторот за социјална политика и развој на Одделот за економски и социјални работи во Секретаријатот на ОН (УНДЕСА), придружуван од Соња Таневска, помошник-претставник на Фондот за население на ОН (УНФПА) и Душан Томшиќ, претставник од Министерството за труд и социјална политика, на 29-ти мај го посети СЗПМ и запознавајќи се со целите и задачите од Програмата за работа, изрази подготвеност за поддршка на некои проекти од областа на социјалната политика. Посакувајќи им добредојде на гостите, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски ги информираше за активностите и успесите на Сојузот во минатата и во оваа година со акцент на заложбата на Раководството за подобрување на квалитетот на животот на пензионерите на сите нивоа, од што произлезе и потребата за ваква средба. Претседателот Аргировски соговорниците посебно ги запозна со иницијативата за изработка на пензионерска социјална карта и со текот на спроведувањето на Пилот-проектот за таа намена во ЗП Ѓорче Петров. Со вклучување во дискусијата по одделни прашања околу овој проект пошироки објаснувања дадоа потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста, секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова и претседателот на ЗП Ѓорче Петров, Методија Новковски. Притоа, на претставниците на ОН им беше прикажан и прашалникот за анкетирање на членството во ова здружение, кое по реализацијата на проектот треба да изготви извештај и предлог програма за спроведување во рамките на Сојузот. Шефот на делегација Олег Серозин ги изнесе своите забелешки и предлози за подобрување на содржината на прашалникот за да се добијат одговори кои повеќе соодејствуваат на именувањето на проектот за да се исполни социјалната компонента, која во целост ќе ја оправда определбата за поддршка и доделување помош, главно во технички средства и опрема. Сугестиите за подобрување на текстот со нови доплонувања беа прифатени од раководните луѓе на СЗПМ, а реализиорањето на помошта треба да уследи по усогласувањето на ставовите и конкретизирањето на потребите при спроведувањето на Проектот и во другите здруженија. Средбата помеѓу овие два значајни субјекти заврши со договор за повторно видување и преземање конкретни чекори за реализирање на помошта од Фондот за население на Обединетите нации наменета за вакви дејности.

Од работата на ФПИОМ: Предвидувања на подолг период

Во рамките на Секторот за финансиски прашања при ФПИОМ, постои и работи Отсекот за актуарство. Неговата задача е да изготвува проекции - програми за идниот развој на нашиот пензиски систем со предвидувања и да ги следи сите новини што на овој план може да се очекуваат. Отсекот за актуарство

секоја година изготвува Извештај, којшто задолжително го разгледува и усвојува УО на ФПИОМ. Така, во најновиот Извештај, квалитетно се обработени обезбедувањата на краткорочни и долгорочни проекции за приходите и расходите на Фондот врз основа на претпоставените демографски и економски развојни трендови и нивни варијации, зависно од различните претпоставки за политиката на пензиите.

Работилници со ФЗОМ за правата на пензионерите

Во здруженијата на пензионери во двата полошки града Тетово и Гостивар, со претставници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, беа организирани работилници на кои се расправаше за здравственото осигурување и превенција на здравјето на пензионерите.

Републичка ревија на песни, музика и игри 2014

- **Убави песни, ора, кореографии и бурни аплаузи**

Круна на 6-те регионални ревии и квалитетот на настапите беше Републичката ревија која се одржа на 10-ти јуни во Универзалната сала во Скопје, на која зедоа учество 35 од 57-те здруженија. Над 3 часа се испреплетуваа рефрените од македонските евергрини, се прелеваа боите на носиите од сите краеви и од сите националности, се нижеа оро до оро, се прикажаа стари традиции, се разлеа звукот на кавалите, гајдите, зурлите, се заигра оро на дајре. Песни, ора, традиции, кореографии и бурни аплаузи ја исполнија салата. Беше тоа извонредна програма, богат колорит од изворни и староградски песни. Сите 35 здруженија се погрижија да им приредат на присутните пријатни мигови на кои сите долго ќе се сеќаваат. Ревијата ја следеа повеќе од 1.500 граѓани, а мошне инспиративно и професионално ја водеше познатата новинарка Цветанка Илиева. Дружењето на пензионерите продолжи во хотелот „Њу Стар“, каде на учесниците благодарници им доделија претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и претседателот на СЗП на град Скопје Крсте Ангеловски, како домаќин на Републичката ревијата на песни, музика и игри 2014. Дружењето во пријатно време и атмосфера го збогати познатата пејачка група „Молика“ и Круме Спасовски, пејач ветеран.

ЗП Охрид и Дебрца „Рурален доктор“ ги дава очекуваните резултати

И во ЗП Охрид и Дебрца, почна со реализација Пилот-проектот на Министерството за здравство „Рурален доктор“. Со овој проект се „покриваат“ 37 селски населби каде што има претежно стари, изнемоштени и осамени пензионери, кои од здравствени причини не можат сами да си помогнат и да патуваат во градот на лекарски прегледи. Секојдневно патронажна служба на ЈЗУ Здраствен дом Охрид, прави обиколка од три до пет селски населби за преглед на пензионери и други лица во поодминати години. Селските населби се покриваат по повик на претседателот на Месниот огранок на пензионерите во соработка со претседателот на Месната заедница, кои телефонски ја информираат Патронажната служба во кои рурални средини треба да вршат обиколка, иако има однапред подготвен распоред за посета на овие населби. Во просек месечно здравствена услуга во руралните средини од патронажната служба добиваат околу 140 пациенти, но во летните месеци се очекува овој број да биде поголем бидејќи повеќе пензионери овој период го минуваат во селските населби.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VII, број 72-73
8 август 2014 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 72-73 од 8 август 2014 година

Уште една бенефиција за највозрасните жители

На 30 јуни, во СЗПМ се одржа средба на која присуствуваа министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески и генералниот директор на Македонски железници Транспорт АД Скопје Оливер Деркоски. Домаќин на средбата беше претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, со своите соработници: потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста, Методија Тошевски, потпретседател на ИО на СЗПМ и Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ. Гостите ги информираа првите луѓе на Сојузот дека со проектот Бесплатен превоз во железничкиот сообраќај дополнително се подобруваат условите за живот за највозрасните жители во нашата земја. Секој втор викенд од месецот почнувајќи од јули **пензионерите**, односно жените постари од 62 и мажите постари од 64 години ќе можат бесплатно да патуваат со воз. Тие на билетарите ќе треба да приложат само лична карта и ќе добијат бесплатен билет со патничко осигурување.

Радовиш домаќин на најмасовната пензионерска средба
Во Ораовица се дружеа над 8.000 пензионери

На 20.7.2014 се одржа величествен собир каде што присуствуваа пензионери од скоро сите здруженија од Македонија. Со преку 100 автобуси и толку минибуси и комбиња уште во раните утрински часови пристигнаа над осум илјади пензионери. На собирот покрај богатата целодневна програмска содржина во конакот на манастирскиот комплекс беше одржан работен состанок на раководството на ЗП Радовиш и Конче со претставниците на сите здруженија, на кој се разменија искуства.

Од што сте незадоволни господа - што е тука спорно?!

СЗПМ на декемвриската седница на Собранието на СЗПМ, по претходна широка и стручно сеопфатна анализа од страна на членството, на седница на своите органи ја донесе Одлуката за утврдување на единствени критериуми за материјално финансиско работење на здруженијата на пензионери и СЗПМ, со која во суштина утврди заедничка политика која како усогласен интерес и потреба, здруженијата и Сојузот ќе ја спроведуваат во сверата на своето финансиско работење. За нејзино прифаќање се изјасниј 55 од 57 пензионерски здруженија, а едно пензионерско здружение, Здружението на пензионерите Кавадарци, му забрани на својот член во Собранието на Сојузот да се изјасни за одлуката.

Преземено интервју по повод 70 години на МРТ
Задоволства од времето поминато во и со настаните

Во документарната емисија „Траги на времето“ на Македонското радио - Радио Скопје, гостин беше Драги Аргировски, истакнат новинар и публицист, еден од основоположниците на Македонската телевизија, актуелен претседател на СЗПМ...

Пикник во туристичката месност „Рамна река“

Во организација на ЗП Пехчево на 12 јули се одржа по третпат пензионерски пикник на кој присуствуваа над 1.500 пензионери од Штип, Гостивар, Неготино, Велес, Берово, Виница, Делчево, Злетово, Ново Село, Свети Николе, Богданци, Пехчево и други.

Делегација на ЗП Струга и ЗП Охрид и Дебрца
во Поградец – Албанија

Конфедерацијата на синдикатите на Албанија за општина Поградец на 12 јули одржа седница во проширен состав со другите грански синдикати, членки на оваа асоцијација. На нивна покана, а во рамките на Спогодбата за соработка, на седницата на Конфедерацијата присуствуваа делегации на ЗП Струга и ЗП Охрид и Дебрца, предводени од претседателите и секретарите.

Работилници за здраствена едукација на пензионерите

Во организација на СЗПМ и ФЗОМ во Дебар во Домот на пензионерите се одржа средба со пензнионерите од општините Дебар и Центар Жупа, со цел тие да бидат информирани за нивните права од сферата на здраственото осигурување. Досега се одржани 15 средби со пензионерите, во разни градови од земјата. Средбите се мошне ефикасни и им помагаат на пензионерите во остварување на нивните права од оваа област. Ваква работилница се одржа и со пензионерите на Струга. На работилницата директорот на ФЗОМ Џемали Мехази се заблагодари на СЗПМ и на Црвениот крст за успешното реализирање на едукативните работилници кои имаат цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за нивните права од здравственото осигурување. При тоа, Мехази истакна дека пензионерите како целна група на осигуреници се многу важни и токму затоа ФЗОМ е секогаш отворен за соработка со нив за да им излезе во пресрет на нивните потреби, онаму каде што е тоа во надлежност на Фондот. Ваква корисна работилница се одржа и во ЗП Гази Баба. На неа присуствуваа голем број пензионери во салата на Клубот на пензионерите во Автокоманда. Поради актуелноста на темата, предавањето беше проследено со големо внимание, а беа поставени повеќе прашања од областа на здравствената заштита.

Летни културни бранувања

Веќе шеста година летните спарнини ги разведруваат разновидни културни манифестации и содржини што ги организира министерството за култура на РМ, а на кои пензионерите можат да присуствуваат по пониски цени. Културниот бран летово ќе ги заплисне жителите на Вевчани, Валандово, Велес, Градско, Кавадарци, Ресен, Маврово - Ростуше, Пехчево, Пробиштип, Радовиш, Крива Паланка, Кривогаштани, Могила, Неготино, Кочани, Дојран, Гевгелија, Демир Капија, Македонска Каменица, Кратово, Делчево, Охрид, Берово, Кичево и

Богданци. На разни сцени во овие места ќе има околу 160 настани. Летните културни бранувања освен омасовување и доближување на културните вредности до што поширок број население меѓу кои се и најголемите чувари на нашето културно богатство - пензионерите, ќе придонесат и за збогатување на туристичката понуда во туристичките места.

Дружењето - најдобар лек против осаменоста (2) -Веќе не сме сами!

Веќе пишувавме дека осаменоста не е болест, но таа создава меланхолија и депресија, за што пак е потребна лекарска терапија. Во Македонија има околу 280.000 старосни и семејни пензионери, од кои 245 илјади се организирани во 57 локални здруженија и 400 клубови и домови, преку СЗПМ. Во земјата постојат 4 државни и уште десетина приватни домови за стари лица. Но, тој број е апсолутно недоволен, и потребите за нови капацитети се сè поголеми. Се организираат излети и патувања до познати културно-историски споменици и излетнички места, пикник и еко-средби на зелено, со играње, пеење и дружење, потоа натпревари во изработка на домашни ракотворби и традиционални јадења. Низ ваквите средби се стекнуваат нови познанства и пријателства, а некои прераснаа и во нови бракови. Со организирањето на шесте регионални ревии на хорови и пејачко-игроорни групи, како и со осумте регионални спортски натпревари, луѓето се реализираат и ги исполнуваат своите афинитети и способности. Низ клубовите преку 150 илјади пензионери користат разни услуги, се дружат, информираат со предавања на актуелни теми, здравствено се просветуваат и користат здравствени прегледи, а за потешко болните, со подмладокот на Црвениот крст, се организираат домашни посети, купување прехранбени производи и плаќање на сметки. Иако грижата на општството за оваа категорија граѓани е многу значајна, сепак самоиницијативноста на оваа категорија граѓани е најважна. Примери има многу, но пораката е единствена - физичка активност, правилна исхрана и редовни превентивни проверки на здравјето и уште почести ментални активноси преку читање, смеење, дружење, здрава атмосфера во семејните или пријателските кругови. Кога не сте сами, вие сте со целиот свет и целиот свет е Ваш!

Од работата на ФПИОМ - Изнаоѓање поволно решение

Во својата активност, а поради настанатата состојба со прибирањето и исплатата на посмртнината, односно недостигот на средства во Солидарниот фонд, Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, ја разгледа и усвои Информацијата за период од јануари до мај 2014 година и усвои заклучок. Фондот на ПИОМ е задолжен со согласност од корисникот на пензија, да задржи дел од пензијата за обезбедување на средствата потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членарина на здруженијата на пензионери. Така, врз основа на одлуката од Одборот на регистрираната организација на четирите Сојузи на пензионери во Македонија висината на задршката за Солидарен фонд изнесува 120 денари, а висината на членувањето во здружението изнесува 30 денари, или вкупно има задршки во износ од 150 денари, додека висината на посмртна помош е во износ од 30.000 денари. Задршките на средствата за исплата на посмртна помош дозначени во тековниот месец се однесуваат за исплатата на пензиите за претходниот месец, односно средствата од задршки за посмртна помош за мајските пензии ќе бидат во функција за исплата на Солидарен фонд за

починатите корисници во месец јуни 2014 год. Во периодот од јануари до мај 2014 год. по основ на задршки на средства за Солидарен фонд се акумулирани средства во износ од 165.744.960 ден., кои обезбедуваат исплата на средства за солидарен фонд за 5.525 починати корисници. Меѓутоа, во истиот период се исплатени средства за посмртна помош за починати 5.685 корисници на пензија во износ од 170.550.000 ден. Податоците покажуваат дека во овој период починале повеќе 160 пензионери...

10-годишен јубилеј на „Распеани пензионери“ во Неготино

Јован Давчев ни ја раскажа приказната за идејата и почетокот и работата на „Распеани пензионери“. - Идејата за формирање Културно-уметничката група „Распеани пензионери“ произлезе од Здружението на пензионери од Неготино кога бев повикан од раководството на здружението и ми се обратија со зборовите: Јоване, сакаме од тебе една голема услуга за Неготино да составиш музичка група во здружението. Тоа беше некаде околу 15-ти септември 2003 година. Бидејќи јас како аматер уште од мал свирев речиси на сите жичани инструменти, им одговорив дека ќе се потрудам да го сторам тоа иако знаев дека ќе биоде доста тешко. По некое време повторно бев повикан во здружението од страна на раководството и ми беше речено на 2.11.2003 година да одиме во Пробиштип каде ќе биде одржана првата пензионерска ревија на песни, музика и игри. На таа прва ревија зедоа учество околу 10 здруженија, а ние од Неготино бевме набљудувачи. На самата ревија се запознав со повеќе пензионери кои ми дадоа упатства и насока како да се организираме и да формираме пејачка група...

Дружење на пензионерите од Холандија и Македонија

Пензионерите од градот Харлем Мер Мир од Холандија предводени од Јесика Готенбос и Милевка Здравковска, претседател на Комисијата за КЗЖ при СЗПМ, на 28 јули 2014 година, пристигнаа во Радовиш, каде што со пензионерите домаќини поминаа едно незаборавно дружење. Во вечерните часови на граѓаните од Радовиш, пензионерите од Македонија и Холандија им приредија убав концерт со богата културно-уметничка програма, која претставуваше плетенка од македонските евергрини и весели холандски танци.

Наскоро пензионерско-старечки дом во Штип

Во ЗП Штип и Карбинци забрзано се работи на подготвувањето простор и документација за свечено поставување **камен-темелник** на долго очекуваниот Пензионерско-старечки дом во Штип. Тој ќе биде лоциран на местото од стариот ресторан кај касарната. Оваа локација е отстапена на пензионерите од локалната самоуправа на градот под Исарот. Првичните подготовки на статички мерења и обезбедување на теренот се извршени, следуваат подготовки за поставување на темелите. Овој Пензионерско-старечки дом ќе биде во трајна сопственост на пензионерите, бидејќи инвеститори сме ние како Здружение на пензионери, а изведувачи на градбата се „Еврогрaдба“, - ни изјави Михаил Василев, претседателот на здружението.

XIX регионални пензионерски спортски натпревари

1.714 натпреварувачи на Регионалните спортски пензионерски натпревари - Бројот на натпреварувачи се зголемува секоја година

Годинашниве 19. регионални спортски натпревари и игри организирани и координирани од СЗПМ, се одржаа од 22.5.2014 до 21.6.2014 година, по следниот редослед: На 22.5.2014 година, натпреварот се одржа во 7-от регион на кој домаќин беше ЗП Свети Николе. За атлетските дисциплини и за стрелаштво со воздушна пушка се одржа на Градскиот стадион, а за салонските дисциплини во Клубот на пензионерите. На 30.5.2014 година, натпревар се одржа во првиот регион на кој домаќин беше ЗП Бутел. Натпреварите во салонските дисциплини се одржаа во просториите на ресторанот „Олимпија“ во Радишани, а атлетските дисциплини во непосредна близина на ресторанот покрај реката Серава. На 31.5.2014 година, натпревар се одржа во шестиот регион а домаќин беше ЗП Злетово. Натпреварите се одржаа во просториите на Основното училиште „Браќа Миладиновци“ и во непосредната близина на училиштето. На 5.6.2014 година, натпревар се одржа во петтиот регион на кој домаќин беше ЗП Богданци. Натпреварите во салонските спортски дисциплини се одржаа во затворени простории на повеќе локации во непосредна близина на Здружението. Атлетските дисциплини се организираа во Спортскиот центар. На 11.6.2014 година, натпревар се одржа во вториот регион а домаќин беше ЗП ОВР. Натпреварот се одвиваше во Спортскиот центар „Езеро-Треска“ кој има идеални услови за ваков вид спортски натпревари. На 14.6.2014 година, натпревар се одржа во осмиот регион на кој домаќин беше ЗП Берово. Натпреварите во салонските дисциплини беа во Домот на пензионерите, додека атлетските дисциплини и стрелањето со воздушна пушка на терените на Градскиот стадион. На 18.6.2014 година, натпревар се одржа во четвртиот регион а домаќин беше ЗП Македонски Брод, на терените на фабриката „Сувенир“ и во хотелот „Сувенири“. На 21.6.2014 година, натпревар се одржа во третиот регион со домаќинот ЗП Крушево. Спортските натпревари во салонските дисциплини се одвиваа во просториите на хотелот „Монтана“, а атлетските дисциплини и стрелаштвото на спортските терени Гумење. На сите натпревари присуствуваа членови од непосредното раководство на СЗПМ, како и градоначалниците и членовите на локалната самоуправа. На годинашниве 19-ти по ред спортски натпревари непосредно учество имаа рекорден број здруженија 55, од кои 53 старосни и 2 инвалидски здруженија, членки на СЗПМ со 1.714 натпреварувачи од кои 1.047 во машка и 667 во женска конкуренција. Право на настап на Републичките натпревари кои ќе се одржат во септември во Тетово, обезбедија голем број здруженија: 47. Во споредба со претходните години бројот на натпреварувачи по сите параметри се зголемува, што претставува добар знак дека бројот на пензионерите што сакаат да се баваат со спорт и спортски активности е постојано во пораст како програмска цел на СЗПМ. Од вкупниот број на 1.714 натпреварувачи кои учествуваа на регионалните спортски натпревари, 400 обезбедија право на настап на Републичките натпревари и тоа: 208 во машка и 192 натпреварувачи во женска конкуренција. Покрај натпреварувачите на регионалните спортски натпревари по сите основи беа присутни уште 578 или вкупно се натпреварувaа и се дружеа 2.292 пензионери. Ако се има предвид дека максималниот можен број на натпреварувачи на регионалните спортски натпревари изнесува 2.750, се наметнува заклучокот дека има простор за уште поголема активност, особено кај побројните здруженија на

пензионерите кои недоволно се активни на спортски план. Помалите здруженија покажаа дека и тие можат да бидат добри организатори и домаќини на регионалните натпревари. На крајот, потребно е да се истакне дека на овие натпревари во еден подолг временски период му претходеле подготовки внатре во здруженијата по ограноци, каде што се организираа селективни - квалификациони натпревари за обезбедување екипи за учество на регионалните натпревари. Така се доаѓа до сознание дека во подолг период од два до три месеци раздвижени се или се активни на спортски план голем број пензионери по сите основи. Исто така, треба да се истакне дека покрај натпреварувањето битно е и меѓусебното дружење и ширењето познанства, што е и една од главните цели на овие натпревари.

Семејството Балтовски од Битола

- **Убаво е во Австралија - ама дома, си е дома**

Во далечната Австралија или како што се нарекува Петтиот континент, живеат и голем број Македонци. Меѓу нив е и семејството на Сотир и Зоре Балтовски. Но интересно е тоа што тие и покрај тоа што го постигнале во Австралија, решиле своите пензионерски години да ги поминуваат и во Македонија - 6 месеци во Австралија, 6 месеци овде. Во Австралија пензионерите имаат повеќе бенефиции, зашто оваа далечна земја е економски побогата. Секој пензионер има право да го добие секој лек во аптеките, без разлика колкава му е цената за само 5 - 6 долари. Секој пензионер во градот каде што живее, добива бесплатни автобуски карти за градскиот сообраќај, а двапати во годината има право да патува бесплатно со воз низ цела Австралија. Се разбира дека има и други привилегии. И на крајот од разговорот еве го нивниот заклучок за нив, за Австралија, за Македонија: - Убаво е во Австралија, таа е наша втора татковина, но дома си е дома!

ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Битола

„Подари насмевка“ за помош на детските здравствени установи

Со одржувањето на пригодната забава за пензионерите на ЗП Охрид и Дебрца, на која учествуваа 150 пензионери, заврши Проектот „Подари насмевка“, што го организираше Стопанска банка Скопје, по повод својот јубилеј 70 години од постоењеето. Стопанска банка ќе донира поголема сума средства за набавка на медицинска опрема и апарати за Детската клиника во Скопје, како и на други педијатриски здравствени институции од јавен интерес. Во забавниот дел од програма настапи познатиот интерпретатор на забавна музика Драган Мијалковски со познати домашни и странски шлагери и евергрини, а вечерта беше збогатена и со настап на танчерски групи од емисијата на МТВ „Танц со ѕвездите“. Претходно вакви забави за пензионерите беа организирани во ЗП Кавадарци и во ЗП Центар Скопје. Оваа хуманитарна акција под мотото „Подари насмевка“, иницирана од Стопанска банка АД Скопје, наиде на голем одзив кај битолските пензионери.

Отворена амбуланта во Пештани, најзадоволни пензионерите

По неколкугодишна пауза, во туристичката населба Пештани е отворена Општа здравствена амбуланта со лекар, медицинска сестра и друг неопходен медицински персонал кој ќе работи во две смени од 8 до 20 часа, секој работен

ден. Оваа здравствена ординација се реализира со Пилот-проектот на Министерството за здравство, Фондот за ПИОМ, СЗПМ и „Рурален доктор“. Изминатите години во Туристичката населба немаше здраствена ординација, бидејќи немаше интерес кај приватните лекари да отворат амбуланта со концесија, па така недоволниот број клиенти и пензионерите и другите жители одеа на преглед во Охрид. Сега се создадоа услови за отоврање на Здравствена амбуланта благодарение на проектот „Рурален доктор”.

Одржана манифестацијата „Пензионерите пеат – 2014“

На 28 јуни требаше да се биде во Прилеп во салата на Домот на културата „Марко Цепенко“, за да се види што умеат и што знаат да пеат и играат пензионерите од југозападниот регион на Македонија. На десеттата по ред манифестација „Пензионерите пеат – 2014“ пензионерите од десет здруженија со преку 200 учесници (пејачи, музичари и игроорци) исполнија 22 песни и 2 ора. Во Прилеп, учесниците од ЗП Битола, Богданци, Валандово, Велес, Кавадарци, Струга како гости и, домаќинот, ЗП Прилеп со двете КУД „Пензионер“ и „Пенка Котеска“, се претставија со убави македонски и староградски песни и ора.

И пензионерите иселеници одлични активисти во родното место

Меѓу дебарските иселеници кои живеат во САД, има и пензионери кои малку повеќе од другите земји, сакаат подолго да престојуваат во родното место. Дебарчани кои мигрирале пред неколку децении во Америка, имаат желба третата доба на животот да ја поминат во родниот град. Последните години се забележува една поголема присутност на дебарчани, а посебно тие кои ги поминале 70-тите години на животот.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува однаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VII, број 74
19 септември 2014 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 74 од 19 септември 2014 година

Септември месец на празнувања

Пензионерите членови на СЗПМ покрај што се активни на сите полиња преку целата година, со радост и почит ги одбележуваат и речиси сите меѓународни, национални и верски празници. Така е секоја година. Покрај другите, тие преку своите здруженија со низа манифестации ги одбележуваат и двата најзначајни и најголеми празника за оваа најмасовна и најактивна асоцијација на луѓето од третото доба. На 8 септември 2014 година, пензионерите заедно со сите граѓани на Република Македонија, го прославија Денот на независноста по дваесет и трет пат. На 20 септември пак, по 68 пат пензионерите од Македонија ќе го празнуваат и својот пензионерски празник. Тоа е ден на пензионерското организирање во Македонија.

19 -ти републички пензионерски спортски натпревари
Заврши уште една успешна Спортска пензионерска олимпијада

На 6-ти септември 2014 година се одржаа 19-тите републички пензионерски спортски натпреври по повод 23 години независна и самостојна Република Македонија и 20-ти септември, Денот на пензионерите од Македонија. 19-тите републички пензионерски спортски натпреври од две причини претставуваат вистинска Спортска пензионерска олимпијада. Првата причина е големата масовност. Во изминатите години бројот на учесниците и здруженијата кои се натпреваруваат постојано расте. Оваа година, на 8-те регионални натпревари учествуваа 1.714 пензионери и 47 здруженија, за разлика од Првите републички пензионерски спорски натпревари кои се одржаа во Охрид на 28 август 1996 година и на кои учествувале само 12 здруженија. Втората причина зошто го носи називот Олимпијада е затоа што на овие натпревари се постигнуваат солидни спортски резултати иако натпреварувачите се во поодминати години, во третата животно доба. Годинава 19-тите републички пензионерски спортски натпреври се одржаа во мултиетничко Тетово. Во Тетово настапија 400 пензионери, најдобрите од осумте регионални пензионерски спортски натпревари, пред над илјада нивни другари и пријатели од цела Македонија. И оваа година, по четврти пат во низа победија натпреварувачите од ЗП Охрид и Дебрца. Во нивните раце и овој пат се најде сјајниот пехар, чиј сјај беше зголемен од насмевките и радоста на победниците. Втори беа Кумановци, трети Прилепчани и четврти домаќините, пензионерите натпреварувачи од ЗП Тетово. Крајот на Спортската олимпијада 2014 во Тетово беше одбележан со македоски, албански и српски песни и ора, а ги пееја и играа сите заедно носејќи убави спомени од 19-тите републички пензионерски спортски натпревари.

Меѓународна соработка
Настап на „Езерските скакулци“ од Холандија во Демир Капија

Големата хуманистика и искрената пријателка на Македонија, Јесика Готенбос од Холандија преку своите чести посети во претходните неколку години, склопи бројни пријателства особено со пензионерите од Пробиштип, но и од некои други градови во земјата, а преку многуте донации од фондацијата „Помош за Македонија“ воспостави „хуманитарен мост“ помеѓу Холандија и Македонија. Фондацијата донираше: медицински апарати и опрема, мебел, постелнина, облека, дидактички материјали и финансиски средства во повеќе здравствени, образовни, социјални и хуманитарни институции во Македонија. Последниве години вакви донации во повеќе наврати беа донирани и во Специјалниот завод во Демир Капија. Покрај ова хуманистката Готенбос, со помош на нејзината долгогодишна пријателка од Пробиштип, Милевка Здравковска - претседателка на Комисијата за културно-забавен живот при СЗПМ, годинава обезбеди и учество на пензионерскиот ансамбл Де Мерсе Хопперс „Езерски скакулци“ од Холандскиот град Харлем Мермиа на престижниот меѓународен фестивал „Илинденски денови“ во Битола.

Перформанс посветен на Илинден „Сè за Македонија“

По повод големиот празник Илинден кој со светли букви повеќе пати е запишан во историјата на македонскиот народ и во срцата на сите Македонци, во новоотворениот ресторан „Галија“ сместен во водите на реката Вардар, се одржа

голем перформанс под наслов „Сè за Македонија“, во организација на Виолета Сековска.

ЗП Ѓорче Петров и ЗП Сараj - Свечен собир

По повод 23 години од независна и самостојна Република Македонија и Денот на пензионерите на Македонија, 20-ти септември, ќе се одржи голем пензионерски собир со културно-уметничка програма, на 19 септември во Сараj, со почеток во 10 и 30 часот. Ова е втора средба која станува традиционална и е во Програмата на СЗПМ, а претставува централна прослава на овие два значјни за пензионерите, празника. Домаќините на средбата ЗП Ѓорче Петров и ЗП Сараj очекуваат на оваа манифестација да присуствуваат и да се дружат голем број на пензионери од Скопје и другите градови во Р Македонија.

Хронологија на досега одржаните Републички пензионерски спортски натпревари - Спортување и дружење за здраво тело и здрав дух

Во чест на Денот на пензионерите на Македонија, 20 септември, а поаѓајќи од синтагмата во здраво тело - здрав дух, Сојузот на пензионерите на Македонија заедно со Комисијата за спорт во 1996 година, започна со реализација на идејата за организирање масовни спортски натпревари на пензионерите во нашата земја. Се сметаше дека спортувањето во поодминати години од животот овозможува да се одржува физичката и интелектуалната функција на човековиот организам. Поради тоа се планираше најпрвин да се одржат натпревари во општинските организации на пензионерите, потоа во региони, а завршница да бидат еднодневни републички спортски игри...

Три новини од ФЗОМ кои се однесуваат на лековите на рецепт

Првата новина се однесува на лекови на рецепт пропишани од дежурен лекар

Од 1-ви септември 2014 година, лекарите во дежурните лекарски служби во здравствените домови ќе можат да пропишуваат лекови на рецепт на товар на ФЗОМ уште четири лекови (антивиротици и антибиотици). Втората новина се однесува на организирањето дежурни аптеки по градовите. За обезбедување на континуирана здравствена заштита за осигурените лица ноќе, сабота, недела и државни празници, приватните здравствени установи - аптеки кои имаат склучен договор со ФЗОМ договорено е да организираат дежурства. Третата новина е олеснување на надоместокот на средства (рефундации) за лекови од Позитивната листа. Овие три новини претставуваат посебна поволност за пензионерите чие здравје е нарушено во третата доба.

Од работата на ФПИОМ: - Објективно стратешко планирање

На една од последните седници на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ беше разгледан предлогот на Стратешкиот план за периодот од 2015 до 2017 година и истиот беше едногласно донесен. При тоа, во дискусијата беше едногласно оценето дека ваквите квалитетни предвидувања се прават на време, значи сите идни промени, особено на финансиско-економски план подготвено да се дочекаат и, се разбира, негативните последици одговорно да се спречат во интерес на сегашните и идните пензионери...

Пензионери од Охрид, Битола и Куманово гости на ЗП Врање

Православниот празник „Свето Преображение Господово“, кој е празник на ЗП и на градот Врање и оваа година, на 19 август беше пригодно одбележан. На свеченоста присуствуваа околу 270 пензионери, гости и претставници од јавниот живот на градот Врање, меѓу кои потпретседателот на СЗПС и пратеник во српскиот парламент Мирољуб Станковиќ, почесниот претседател Зоран Алексиќ и делегациите на збратимените здруженија на пензионери од Македонија, од градовите Охрид, од Битола и од Куманово.

Во Чашка на празникот Успение на Пресвета Богородица

На самиот ден на големиот верски празник Успение на Пресвета Богородица, дворот на црквата во населбата Чашка кај Велес, беше премал за да може да ги собере над две илјадите пензионери и други гости кои дојдоа од повеќе краеви на Македонија, самоиницијативно, но и организирано преку своите здруженијата на пензионери. Оваа година, за првпат беше организиран ваков голем народно-верски собир по повод овој празник, кој уште е познат и како Голема Богородица.

Вечер на повеќегенерациска почит во ЗП Велес

На 12 август 2014 година во салата „Бели мугри“, во Велес се одржа меѓугенерациска средба посветена на Драги Аргировски, новинар и публицист, автор на 18 книги од кои пет посветени на пензионерската популација на која во моментов е претседател. Драги Аргировски по многу нешта е мошне интересна личност со големо животно и професионално искуство и мудрост, од кој многу работи можат да научат генерациите од седум до седумдесет и седум години. Вреден и трудољубив, правдољубив и со изострено набљудувачко око тој чекори низ животот дружејќи се и поучувајќи ги и најмладите и најстарите. Затоа воопшто не изненадува идејата за организирање на „Вечер посветена на Драги Аргировски“ од страна на ЗП Велес, осмислена, режирана и успешно водена од Весна Димитровска - Бобевска. Творештвото, како и ангажирањето на Драги Аргировски како председател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија беше прикажано на богат ѕиден весник и низ повеќе слајдови и фотографии...

13-ти меѓународен еко-хепенинг во Пелинце, ЗП Куманово

ЗП Куманово, на 16 август годинава, по 13-ти пат беше домаќин на традиционалната пензионерска средба, која се одржа во Излетничко-туристичкиот центар во Пелинце, на која присуствуваа над две илјада пензионери од дваесетина здруженија од Републиката и гости пензионери од Лесковац, Србија. На оваа манифестација, за првпат годинава, присуствуваа и гости пензионери од Лесковац, соседна Србија.

Пензионерска средба посветена на солидарноста во ЗП Кичево

Неодамна во Кичево во прекрасниот амбиент на хотелот „Арабела“ се одржа пензионерска средба посветена на солидарноста. Над 400 пензионерки и пензионери од здруженијата Охрид и Дебрца, Струга, Битола, Ресен, Демир Хисар, Крушево, Прилеп, Велес, Неготино, Штип, Струмица, Карпош, Гази Баба од Скопје, и од Тетово, како и од здружението од Кичево, кое беше домаќин на средбата, дојдоа и даруваа свои средства.

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 75 од 31 октомври 2014 година

ЗП Пробиштип

- За Денот на пензионерите, Лесново беше Македонија во мало

Здруженијата на пензионерите на Македонија го одбележаа својот празник 20-ти септември со величенствен и незаборавен собир во живописното Лесново. На 21-ви септември, голем број пензионери, верници и туристи да се најдат во Лесново, да бидат дел од еден незаборавен собир, да се дел од обележувањето на еден од поголемите христијански празници Мала Богородица - Раѓањето на мајката Божја. Тој ден во Лесново допатуваа 35 здруженија со над 8.000 пензионери.

60 години од формирањето на првото Здружение на пензионери во Македонија, Јубилеј - достоен за почит

Кон крајот на септември ЗП „Центар“ во Скопје го одбележа големиот јубилеј - 60 години од своето постоење со свечена седница на Собранието. Како прво пензионерско здружение во Републиката Основачкото собрание е одржано на 22 јануари 1954 год. На него е донесен правилник за работа, а првиот статут е донесен во 1956 год. Со ваква организациона структура како денеска, Здружението функционира од крајот на 1998 год. кога беше донесен нов Статут со нова организациона поставеност. Круна на целата прослава на големиот јубилеј секако беше Монографијата на Здружението на пензионерите на општина Центар - Скопје чие излегување од печат пригодно се вклопи во прославата на значајниот јубилеј. Развојниот пат на Здружението со сите карактеристики претставува пример на организираност и структура на пензионерската организација во градот, па и во Републиката.

Фестивал за трета животна доба 2014 во Љубљана, Словенија

Доделено Меѓународно признание на македонскиот пензионерски Сојуз

По повод 1-ви октомври Меѓународниот ден на старите лица во Европа, во Љубљана, Словенија, се одржа 14. фестивал на трета животна доба. СЗПМ на овој фестивал беше претставен од делегација. На Фестивалот од ова здружение настапија двете културно-уметнички друштва: „Пензионер“ и „Пенка Котеска“.

Акценти од рефератот на Тркалезната маса

„Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - стимулатор на семејните вредности во Република Македонија“

Во рефератот ја прикажуваме улогата на СЗПМ во унапредувањето на односите помеѓу генерациите во рамките на семејствата во кои заедно живеат и стари и млади. За тоа направена е студиска анализа и согледан е долгогодишниот развој и промените во традиционалното заедничко семејно живеење на неколку генерации во Република Македонија. Констатирано е дека сè уште во значителен

број (до 27% во рурални и до 22% во градски средини) има семејства во кои заедно живеат три генерации. Согледана е меѓугенерациската соработка во Македонија, посебно е анализирана улогата на старите лица во традиционалните македонски семејства.

Акценти од рефератот на Стручната конференција
Пензионерското организирање во Република Македонија и ЗП Прилеп

Основните принципи врз кои се заснова пензионерското организирање во Република Македонија, а кои се и камен-темелник во Законот за ПИО, се принципот на солидарност и заемност. Овие принципи претставуваат услов без кој не може да функционира ниту пензиското и инвалидско осигурување, ниту пак пензионерското организирање. Здруженијата на пензионерите на Македонија како самостојни правни субјекти, дејствуваат во интерес и заштита на здравјето и рекреативно-забавниот живот на корисниците на пензија во постојана меѓусебна соработка и соработка со Сојузот. Залагањето на Сојузот има цел работата на здруженијата на пензионери да стане потранспарентна и подостапна за по-широкото членство што е и главната мотивирачка сила за нивната работа.

Светски ден на старите лица
Припадници на трета доба се натпреварувaа во давање прва помош

Во рамките на проектот „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“ се одбележа Светскиот ден на старите лица на 1.10.2014 година во просториите на Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“ во Скопје. За првпат беше организиран натпревар по прва помош помеѓу екипи составени од лица во трета доба. На натпреварот настапија вкупно 5 екипи, активни пензионери од трите дневни центри раководени од страна на Црвениот крст на град Скопје и ООЦК Гази Баба. Екипите за овој натпревар се подготуваа еден месец и низ овој процес се здобија со знаења за давање прва помош. Повеќе од 30 стари лица имаа можност да го покажат своето знаења на 4-те поставени бази. Во организацијата и реализација на настанот се вклучија 11 волонтери, а настанот го отворија поддржувачите на проектот, Градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски, претставник на Управниот одбор на компанијата ЕВН Македонија Игор Гиевски, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски генералниот секретар на Црвениот крст на Македонија Саит Саити. На настанот и официјално беше доделен чек од страна на компанијата ЕВН Македонија за тековното функционирање на проектот за период од една година за градовите: Скопје, Кичево, Гостивар, Прилеп, Крива Паланка, Велес и Струга. Со оваа активност директно се реализираа целите на проектот т.е. активното стареење и меѓугенерациската соработка.

Нови измени во сферата на лекови

Со последните измени во сферата на лековите, ФЗОМ за осигурениците овозможи олеснување на начинот на добивање лек на товар на Фондот, поголем избор на лекови, како и проширување на индикационите подрачја за лековите што може да се пропишат на товар на ФЗОМ. Овие новини имаат и финансиски ефекти.

Од работата на ФЗОМ: Резултати од билатералната соработка

Веднаш да истакнеме дека по осамостојувањето на Република Македонија, сосема очекувано во сите овие дваесет и повеќе изминати години, Фондот на ПИОМ разви широка и мошне плодна меѓународна соработка. Тоа, пред сè, се огледа во веќе досега потпишаните меѓународни билатерални договори за разрешувањето на прашањата со пензискиот систем и создавањето услови да нема бариери за нашите работници и признавањето на нивниот работен стаж остварен во било која странска земја и обратно, работен стаж во нашата Република за нивни работници, идни пензионери. Дека е ова најдобра потврда на нашата пензиска политика, може да се види од веќе воспоставената билатерална соработка минатата и оваа година.

ЗП Прилеп - Во Љубљана беше чест да се биде – Македонец

- Оставивме силен впечаток како Здружение и како настапи на двете КУД „Пензионер“ и „Пенка Котеска“, а посебно околу продлабочувањето на соработката со ЗП од Логатец – Словенија, ни рече Кирил Ѓорѓиески, претседател на Прилепското здружение на пензионери по враќањето од 14 -иот фестивал на „Третата животно доба“ од Љубљана.

Во Дебарски Бањи - Цапа – Пензионери од повеќе градови

Во Дебарските Бањи - Цапа во бањскиот локалитет во Косоврасти престојуваше и последната група на пензионери за оваа година во рамките на владиниот проект за бесплатна рекреација. Станува збор за 60 пензионери од повеќе градови. Во двата локалитети на овие познати бањи во Бањиште и Косоврасти во рамиките на владиниот проект оваа година престојуваа 1.600 пензионери.

ЗП Гази Баба – Традиционална пензионерска Средба

Со учество на над двесте и педесет пензионери од градовите, Струмица, Кичево, Тетово и од скопските здруженија Солидарност - Аеродром, Воени пензионери, Кисела Вода,Тафталиџе, Карпош, Солидарни пензионери - Илинден, Бутел и други, а во организација на домаќинот, Активот на пензионерки при ЗП Гази Баба, се одржа традиционална средба на 30 септември во чест на верскиот празник Вера, Нада и Љубов, Денот на Активот на пензионерките при здружението ЗП Гази Баба.

ЗП Ресен – Средба на „Јаболкобер“

Познатата овоштарска манифестација „Јаболкобер 2014“, која повеќе од 20 години се одржува под покровителство на општината Ресен, беше повод ЗП Ресен да организира средба на пензионерите од неколку ЗП од југозападниот регион на Македонија. По свечената церемонија околу 250 пензионери од Прилеп, Битола, Демир Хисар, Струга, Охрид и Дебрца својот престој во Ресен го продолжија со организирање заедничка културно-забавна средба.

Средба во Сојузот на пензионерите на Србија

Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски на 15 и 16 септември беше гостин на телевизиската емисија „Окружување“ во Белград, Проект на Центарот за демократија и помирување во југоисточна Европа, што финансиски го

поддржува Европскиот фонд за Балканот и Министерството за надворешни работи на Германија. Во едночасовната емисија со свои искажувања за положбата на старите лица учествуваа експерти од Хрватска, Словенија, Македонија и Србија. Престојот во Белград претседателот Драги Аргировски го искористи да го посети Сојузот на пензионерите на Србија каде беше одржан состанок со Ѓуро Периќ, претседател и Рајко Јариќ, секретар на Сојузот на пензионерите на Србија. На состанокот се разменија искуства од работата и за можностите за подобрување на соработката помеѓу двата Сојуза.

ЗП Куманово – Македонија достоинствено претставена во Романија

Во проектот „Европа за граѓаните“, финансиран од ЕУ, првпат учествуваа четири држави: Полска, Латвија, Македонија и домаќинот Романија. Локалната самоуправа на Куманово, како организатор на проектот, претставувањето на градот и на државата му го довери на ЗП Куманово, кое учествуваше на манифестацијата што се одржа по тој повод од 5 до 10 септември 2014 година во Кампина во Романија. Присутните беа запознати со целта на проектот преку презентирање и запознавање со улогата на организацијата за граѓанско општество при ЕУ и со непосредни дружења и дебати на кои беа претставувани најпознати личности, културното богатство и националните јадења на земјите учесници.

Традиционална музичко-забавна средба

ЗП Куманово и Активот на пензионерките на 17 октомври годинава по тринаесети пат ја организираа традиционалната музичко-забавна средба на која присуствуваа пензионери и пензионерки од Велес, Воените пензионери, Пробиштип, Прилеп, Неготино, Крива Паланка, Врање од Република Србија и над стотина пензионери од Куманово.

Збратимување помеѓу ЗП Солидарност - Аеродром
и ЗП Охрид и Дебрца: Спогодба за подобра соработка

Врз основа на одлуките на собранијата на ЗП Солидарност - Аеродром Скопје и ЗП Охрид и Дебрца Охрид на 15.10.2014 беше потпишана „Спогодба за збратимување“. Домаќин на заедничката свечена седница беше ЗП Солидарност – Аеродром од Скопје во клубот „Аеродром“. Спогодбата ја потпишаа претседателите на Извршните одбори.

Меѓународна соработка:
- Пензионерите од Врање во посета на битолските пензионери

На 14 октомври ЗП Битола ја одбележа 68-годишнината од формирањето. Оваа мала свеченост беше зголемена со присуство на збратименото здружение на пензионери од Врање. Делегацијата од Врање беше примена од претседателот на Здружението Томе Илиовски, а дружењето и свеченоста по овој повод се одржа во салата на ресторанот „Папараци“ во присуство на претседателите како претставници од ограноците, членовите на Собранието и Извршниот одбор.

ЗП Охрид и Дебрца – Охридски староградски средби

Традиционалната манифестација „Охридски староградски средби“ и оваа година започна со дефиле на учесниците по охридските улици и краткотрајно претставување на отворено на две локации, како и целовечерен концерт. На средбата настапија дванаесет ансамбли и пејачки групи речиси од сите краеви на

Македонија. Со карактеристични староградски песни и ора се претставија здруженијата на пензионери од Куманово, Велес, Свети Николе, Кавадарци, Прилеп, Неготино, Штип и Карбинци и Охрид и Дебрца.

„Ленче кумановче“ на кочанската сцена

Љубителите на театарската уметност од Кочани и поширокиот регион на 27 септември во вечерниот термин имаа можност да присуствуваат на еден несекојдневен настан, кога настапија кумановските пензионери со битовата претстава „Ленче кумановче“. Соработката со кочанското пензионерско здружение е на високо ниво. На 30 октомври кочанските пензионери гостуваат во Куманово на манифестацијатра „Пензионерите пејат за својот град“, а следниот настап на кумановските фолклористи е на концертот на ЗП Кочани кој ќе се одржи во првата половина на месец декември годинава.

Сакам да сум пензионер

Кога учителката ги прашала првооделенците кој што сака да биде кога ќе порасне, меѓу множеството најразлични одговори како полицаец, лекар, пилот, глумец... добила и еден малку невообичаен одговор. Јас сакам да бидам пензионер, како од пушка извикало едно од дечињата. На дополнителното прашање а зошто, следувал аргументиран одговор. Затоа што дедо секогаш има време. И пари. Ме носи и ме враќа од училиште, шетаме во парк, ме научи да возам велосипед, ме носеше и на одмор... Мама и тато постојано се зафатени, ги гледам најчесто пред спиење да ми кажат добра ноќ. За дедо се е бесплатно, возење во автобус, на жичара, има попуст за интернет, доби бесплатен телефон, платата никогаш не му доцни... Добро, добро, доста е, го прекинала учителката.

ЗП Ѓорче Петров и ЗП Сараj

Пензионерска средба во рекреативниот центар Сараj

По повод одбележувањето на Денот на пензионерите на Македонија, Денот на општина Ѓорче Петров, 20-ти септември и 23 години независна и самостојна Република Македонија, здруженијата на пензионери од Ѓорче Петров и Сараj, организираа пензионерска средба во Рекреативниот центар Сараj. На оваа средба, која веќе станува традиционална, дојдоа голем број пензионери од дваесетина здруженија од Македонија, да другаруваат со природата и со своите колеги од цела Македонија.

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 76 од 28 ноември 2014 година

Врачено високото меѓународно признание од Фестивалот за трета животна доба на кумановските и кочанските пензионери

И оваа година во организација на ЗП Куманово се одржа манифестацијата „Пензионерите за својот град“ на која покрај кумановските пензионери присуствуваа и пензионери од ЗП Кочани. На оваа традиционална свечаност,

претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите Драги Аргировски, на кумановските и кочанските пензионери им го врачи високото признание кое Меѓународниот фестивал за трета животна доба, кој се одржува во Љубљана, во Република Словенија, му го додели на СЗПМ и на здруженијата кои го претставуваа Сојузот. Признанието е за долгогодишно учество и придонес во активностите на фестивалот, а на кој СЗПМ учествува веќе пет години по ред.

70 години од ослободувањето на македонските градови
Ноемвриски празнувања

Низ целиот ноември, градовите на Република Македонија со разни свечености ја одбележуваа седумдесетгодишнината од своето ослободување. За извојување на оваа слобода македонскиот народ даде 24 илјади жртви, борци и невино население. Но, кога била во прашање слободата, дилеми немало никогаш. Партизанската заклетва секогаш го истакнувала заветот - кој умрел за слободата - доволно живеел!

Седница на Правно-економскиот форум на ИО на СЗПМ
Волонтеризмот во фокусот

Правно-економскиот форум на ИО на СЗПМ, на 20-ти ноември 2014 година ја одржа шестата редовна седница на која се расправаше за повеќе актуелни прашања од работата и дејствувањето во тековната година. Поголем дел од седницата Форумот му посвети на прашањето за волонтерско ангажирање на пензионерите согласно со Законот за волонтерство и Статутот на СЗПМ. Посебен придонес кон дооформувањето на волонтерското ангажирање на пензионерите се очекува со реализацијата на проектот „Пензионер – волонтер“, чии практични аспекти можат да се согледаат и во пилот-проектот за формирањето на пензионерската социјална карта, чии носители се припадниците на Здружението на пензионерите „Ѓорче Петров“. Беше потенцирана улогата на Форумот во иницирањето промени во законската регулатива што се во интерес на пензионерската популација.

ЗП Битола: - Се разлеа песна под Тумбе-кафе

По повод 4-ти ноември, Денот на ослободувањето на Битола, Активот на пензионерки при ЗП Битола, под Тумбе-кафе организираше заедничко дружење и чествување на празникот, на кое присуствуваа над 400 учесници и гости од четиринаесет Активи на пензионерки од РМ.

Право на рефундација на средства за користење здравствена услуга дијализа во странство

Со Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравственото осигурување, Фондот овозможи на осигурените лица кои користат хемодијализа подолго да престојуваат во странство. Имено осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, на товар на средствата на Фондот ќе може да користат 13 хемодијализи во годината во странска здравствена установа и тоа не подолго од 30 дена.

Има и кои знаат дека постоиме, но малку се...

Бројот на возрасни жители од година во година е се поголем. Така е во светот, така е во Европа, а така е и кај нас. Само нашиот Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија брои околу 250.000 пензионери, а заедно со другите сојузи таа бројка се приближува кон 300.000 пензионери. Тоа во проценти изразено е околу 17 отсто од вкупното населени во Република Македонија. Во последните неколку години оваа многубројна популација си го наоѓа местото кое и припаѓа, благодарение на сопствениот ангажман, на ангажманот на раководствата на здруженијата, на сојузите, но и на Владата и државата. Но секогаш, може да биде подобро, особено во еден сегмент кој понекогаш подзаборава на нас најстарите жители - патувачи, купувачи, пациенти...

Делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Скопје во Белград: – Остварени целите на посетата

Деновиве, делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Скопје, предводена од претседателот д-р Крсте Ангеловски, престојуваше во Здружението на пензионерите на градот Белград во Република Србија. Во делегацијата беа претставници на здруженијата на пензионерте од: Центар, Аеродром, Чаир, Сарај, Илинден, Ѓорче Петров, Шуто Оризари, Бутел и ЗВП. Цел на посетата беше размена на искуства околу работата на здруженијата на град Скопје и на Белград. Скопската делегација во Белград беше пречекана од членови на раководството и пензионерите од Сојузот на пензионерите на Србија - Градска организација на пензионерите Белград. Присутните најпрво ги поздрави, изразувајќи добродојде и пријатен престој, претседателот на Сојузот на пензионерите на Србија Ѓуро Периќ, кој се заблагодари за ваквата иницијатива и истакна некои сегменти од работата на нивните здруженија. „Имаме слични проблеми, слична организираност, финансирањето ни е најголем проблем, имаме редуктирање на пензиите во последните години, со третата доба имаме проблеми итн. На оваа средба треба да се слушаме, да размениме искуства и да видиме како во иднина, ако е можно да искористиме и ваши позитивни искуства“, - рече покрај другото Периќ. На гостите од Скопје, добродојде и пријатан престој им посака и Василије Белобрковиќ, секретар на ГОП на Белград и претседател на ИО на движењето ТДС, кој истакна дека сме организирани на сличен начин. Работиме волонтерски, а оваа година послабо стоиме финансиски. Во 2008 година формиравме доброволен Солидарен фонд каде, членовите учествуваат со 1% од пензијата, која му се враќа на разни начини. Тоа се покажа многу корисно. На спортски план организираме олимпијади, а добро би било да организираме заеднички акции, натпревари и слично. Со големо внимание на средбата беше следено излагањето на д-р Крсте Ангеловски кој ги поздрави домаќините и во име на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, при што ги запозна со работата на Сојуз на ЗП на град Скопје и СЗПМ, кажувајќи и за историјата, составот - структурата, клубовите дневните центри, пензионерските домови. Исто така тој информираше и за финансирањето на здруженијата, а зборуваше и за други актуелни теми поврзани со животот и работата на пензионерите. Димитрије Богатиноски од ЗП Солидарност - Аеродром, зборуваше за финансирањето на здруженијата и клубовите, кириите, спортските активности, олимпијадите, секциите и друго. Во дискусијата се вклучи и Салтир Каровски, кој укажа на искуствата во Правно-економскиот форум, при што рече дека во завршна фаза е

донесувањето Закон за пензионерско организирање, истакнувајќи ја потребата за нормативното регулирање на организацијата на пензионерите. Методија Новковски од ЗП Ѓорче Петров, меѓу другото ја истакна потребата за продолжување на соработката и ползување на искуствата. На крајот од двете страни беше изразено задоволсто од средбата, со единствен заклучок за корисноста и потребата за натамошна соработка. Поканата за возвратна посета од домаќините беше со задоволство прифатена. При враќањето, делегацијата искористи уште една можност да стапи во контакт и оствари средба со раководството на ЗП Јагодина, каде што претседателот на Здружението Слободан Николиќ информираше за работата, успесите и проблемите на пензионерите, кои се потешко успеваат да се справат со предизвиците на нивното живеење.

Соработка со пензионерите од Лебане

Активот на пензионерки „Зора“ од Бутел и Здружението на пензионери од Лебане, Република Србија, годинава воспоставија контакт за соработка.

Десетта седница на ОРО за солидарни средства и членарина
Значајни одлуки за натамошно дејствување

Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина на 30-ти октомври 2014 година ја одржа десеттата седница на која расправаше за регулирањето на отворените прашања од Проектот за ажурирање на евиденцијата кај членките, како и за други актуелности поврзани со распределбата на членарината по сојузи и решавањето на спорни прашања и проблеми во одговорност на Организацијата.

ЗП Крива Паланка – Четиридневна посета кај своите во Војводина

Здружението на пензионерите Крива Паланка и оваа година за своите пензионери организираше четиридневна екскурзија до нашите иселеници во Војводина Р Србија. Екскурзијата беше реализирана во времето од 6 до 9 ноември оваа година, при што беа посетени Панчево, Качарево, Глогоњ и Јабука.

Во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје: Хуманитарна кабаретска претстава

На 18-ти ноември 2014 година, во свечената сала во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, беше реализирана хуманитарната кабаретска претстава „У кафанче карши Станче“. Претставата е производ на заемната желба на одговорните на проектот „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“ во Црвен крст на град Скопје и артистите од Драмската работилница на КУД „Ѓоко Симоновски“ од Здружението на пензионери Куманово.

Дванаесетти меѓународен салон за најдобар стрип
„Златен стрип“ за Богдан Николиќ

Во рамките на проектот „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“ во Црвениот крст на град Скопје, една од активностите која веќе 1 година континуирано се реализира е сликарската работилница. Секој четврток учествуваат и создаваат уметнички творби 13 талентирани корисници, кои ги насочува и надгледува проф. м-р Стојче Тоциновски. Оваа година на 12-тиот меѓународен салон за најдобар стрип во Велес 2014, учествуваше и Богдан Николиќ, како претставник од сликарската

секција, кој изработи стрип една од најсофистицираните изработки, односно производи на сликарската работилница. Во стрипот главен јунак е Јордан Хаџи Константинов - Џинот. Со изработката на стрипот и учеството на натпреварот, Богдан Николиќ се здоби со Златен стрип, специјална награда за учество на конкурсот за стрип на 12. меѓународен салон на стрип во Велес. Со оваа активност на Дневниот центар уште еднаш се докажа дека лицата и во третата доба можат успешно да учествуваат во сите разновидни активности на општеството и да даваат свој значаен придонес.

Шаховски турнир во чест на 13 Ноември

По повод 70 години од ослободувањето на Скопје, Градскиот сојуз на здруженијата на пензионери, го организира традиционалниот турнир во шах меѓу екипи од скопските здруженија.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VII, број 77
26 декември 2014 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 77 од 26 декември 2014 година

Проширена седница на Собранието на СЗПМ
Едногласна потврда за постигнатите резултати

На 16-ти декември 2014 година се одржа проширена седница на Собранието на СЗПМ на која присуствуваше министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, членовите на Собранието, членовите на Извршниот одбор, претседателите на здруженијата членки на Сојузот и други гости. По неговото обраќање, мошне аргументирано излагање имаше претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Главниот сметководител на СЗПМ имаше излагање во врска со финансиското работење на Сојузот во 2014 година и за предложениот Финансиски план за 2015. Од приложениот Извештај, на седницата беше констатирано дека Сојузот во 2014 година работел плански, рационално и домаќински, а како резултат на тоа останати се финансиски средства кои ќе бидат искористени за опремување на новите простории кои Владата на РМ ги додели на Сојузот на трајно користење, без надоместок. Предлог-програмата за работа на СЗПМ во 2015 година ја елабориираше секретарот на ИО на СЗПМ. И двата документа беа едногласно прифатени со напомена дека новоизбраното раководство во март истите може да ги надополни и прошири со свои идеи и согледувања. На седницата беше донесена одлука четири здруженија на инвалидски пензионери да преминат од СЗПМ во постојните инвалидски сојузи, каде што и природно припаѓаат.

Работилница за едукација на пензионерите за права од здравственото осигурување

Деновиве во Велес се одржа осумнаесеттата работилница наменета за пензионерите за едукација на нивните права од здравствено осигурување, како и едукација за определени здравствени програми кои ги финансира ФЗОМ.

Едукативните работилници веќе цела година се организираат во соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Овие едукативни работилници имаат за цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за правата од здравственото осигурување, како и за превенција на своето здравје за 3-те најчести незаразни заболувања (кардиолошки, нефролошки заболувања и дијабет).

Обраќања на проширената седница на Собранието на СЗПМ на 16. 12. 2014 година:

-Честитки за постигнатите резултати и успеси
Диме Спасов, министер за ТСП на РМ

-2014 - година со активности и постигнувања за почит
Драги Аргировски, претседател на СЗПМ

Обраќањата може да се прочитаат во весникот!

ПРОГРАМА за работа за 2015

Собранието на Сојузот, на седница одржана на 16 декември 2014, донесе ПРОГРАМА за работа на СЗПМ за 2015 година. Области во програмата се:

1. Остварување на уставните и законските права на корисниците на пензија.
2.Заштита на правата од пензиското и инвалидското осигурување како и унапредување на правата на идните пензионери.
3. Усогласување на Статутот и други акти на Сојузот со Законот за пензионерско организирање.
4. Волонтерство во сегашни услови на работење на пензионерските здруженија.
5. Продолжување на активностите за пензионерската социјална карта.
6. Поквалитетна здравствена заштита на корисниците на пензија.
7. ОГРАНОКОТ како организациона единица на ПРВО МЕСТО.
8. Регионални состаноци на претседателите и Активите на пензионерки.
9. Работа на помалите здруженија на пензионери.
10. Поголема соработка на Здруженијата на пензионери со локалнта власт.
11. Следење и ангажирање за изградба на пензионерски и старски домови и дневни центри за престој на пензионерите.
12. Организирање и следење на Јубилејни 20-те спортски натпревари на пензионерите во Република Македонија.
13. Организирање на 13-те регионални ревии на песна, музика и игри.
14. Организирање на Републичка ревија на песна, музика и игри.
15. Соработка со Црвениот крст и други невладини асоцијации.
16. Соработка на Сојузот со ФПИОМ.
17. Меѓународна соработка на СЗПМ со останатите сојузи од соседните земји и размена на искуства со земјите од ЕУ преку Институт „Хеврека“ од Љубљана.
18. Информирање, остварување на јавност и очет во работата.
19. Одбележување на 69-те години од формирање на СЗПМ - 20 септември.

Програмата за работа е од отворен карактер и може да се менува и дополнува во текот на годината.

Проект за изградба на Дом за стари лица во Кочани

По неколкумесечна работа компанијата „Вектор 90“ од Струмица го достави идејниот прокет за Дом за стари лица кој е изработен по нарачка на

Здружението на пензионери и локалната самоуправа на општина Кочани. Проектот за Дом за стари лица е со капацитет од 156 лица од кои 55 се двокреветни соби, 12 еднокреветни и 6 апартмани со потребните придружни услови за функционирање на објектот за стари лица. Во просторот се наоѓа сала за дневен престој, кујна со ресторан, просторија за лекар и медицинска сестра и подрумски простории со градежен дел. Идниот дом за пензионери кој ќе биде лоциран во населбата Шатровиќ, ќе започне да се гради наредната година.

Реагирања со повод Трибина со чудни намери

На една трибина во Домот на АРМ се расправаше за статусот и актуелните состојби на пензионерите во Македонија. Иницијаторите и организаторите на трибината (неколку здруженија кои не се членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите), навистина поставија интересна тема за разговор и сигурно би имало некаква полза од оваа средба набрзо да не беа демистифицирани намерите на челниците на овие организации. Протагонистите на трибината почнаа со „дрва и камење“ да фрлаат по најмасовната непартиска, невладина и мултиетничка организација на пензионерите во Македонија, искажувајќи тотално непознавање или намерно заобиколување на фактите. Сега, залудно би било да се впуштаме во расправа со „дилетанти“ и да им докажуваме што сè има направено СЗПМ во областа на заштитата на правата што им припаѓаат на пензионерите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во областа на здравствената заштита и вкупното подобрување на квалитетот на животот и во сите други области опфатени со Програмата за работа. Претседателот на ПОПГМ се пожали дека пензионерите се изманипулирани од власта, веројатно мислејќи на неговите верни членови на партијата!

Трибина злоупотребена во политички цели

На 2 декември 2014 година, во просториите на Домот на АРМ - Скопје, во присуство на околу 150 лица, се одржа трибина на тема: „Статусот и актуелните состојби на пензионерите во Македонија“. Како организатори се појавија здруженијата: на пензионери од Македонија и иселеници (ЗПМИ), на обединети пензионери (ЗОП), на пензионери интелектуалци од Скопје (ЗИПС) и Детскиот парламент на Македонија (ДПМ). Имајќи ја предвид темата, веднаш паѓа в очи дека во конкретниот случај Детскиот парламент на Македонија како соорганизатор е апсолутно изманипулиран. Сепак, организаторите беа удостоени со присуството на претставниците од СЗПМ на чело со потпретседателот на Собранието. Текстот за оваа трибина би го завршил со констатацијата дека организаторите на истата дозволија трибината да се злоупотреби во политички цели.

Од работата на ФПИОМ: Рамномерно и полнење и празнење на касата

На една од седниците на Управниот одбор на ФПИОМ, беше усвоен Буџетот за 2015 година. И овој пат беше истакнато дека тој се темели врз рационалното трошење на средствата, мобилизација на вработените во ФПИОМ за максимално штедење и вложување напори за прибирање средства од заостанатите неплатени придонеси од одделни фирми. Важно е да се каже дека и во 2015 год., продолжува примената на стапката на придонес за пензиско и инвалидско осигурување од 18 проценти. Се продолжува и во идната година со

законското усогласување на пензиите за 5 проценти планирани за зголемување на пензиите во септември идната година, но и реално потребниот прилив на нови корисници на пензија за 1,81 %. Од погорното како планирање, но и врз основа на остварените приходи и расходи на Фондот за периодот во првите шест месеци и оценките до крајот на 2014 год., како и наведените проектирани претпоставки, Буџетот на Фондот на ПИОМ за 2015 год. ќе биде со избалансирани приходи и расходи.

Информација за дозначените и исплатените средства за Солидарен фонд за починати корисници на пензија во период јануари-ноември 2014 година

Согласно со Законот, ФПИОМ е задолжен со согласност од корисникот на пензија, да му се задржи дел од пензијата за обезбедување на средствата потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружението на пензионери (членарина). Врз основа на донесената Одлука бр. 02-02/847 од Одборот на Регистрираната организација на Сојузите на пензионерите на Македонија, висината на задршката за Солидарен фонд изнесува 120 денари, а висината на членувањето во здружението изнесува 30 денари, или вкупно задршки во износ од 150 денари. Посмртната помош е во износ од 30.000 денари. Средствата за Солидарен фонд - посмртна помош, Фондот ги уплатува на посебна потсметка во рамките на Трезорската сметка со назнака „Средства за Солидарен фонд - посмртна помош на корисниците на пензија“. Во периодот јануари - ноември 2014 година пресметани се и задржани средства за Солидарен фонд- посмртна помош во вкупен износ од 366.127.560,00 денари и истите се дозначени по месеци на посебна сметка за оваа намена.

Општествените иновации, решенија и технологии и активното стареење

По повод обележувањето на Меѓународниот ден за стари лица 2014, Одборот на Виенската невладина организација за прашања поврзани со стареењето (Vienna NGO Committee on Ageing) организираше посебен настан на тема: Општествените иновации, решенија и технологии и активното и здраво старење.

Улогата на Министерството за здравство во здравствената заштита

- **Здравје за сите**

Здравствена стратегија на Република Македонија - 2020 сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем кој ја одредува визијата кон унапредување на здравјето и подобрување на здравствениот систем кој ќе одговара на потребите на населението. Постигнувањето на целите, определбите и насоките од оваа стратегија се обезбедува преку акционен план. Цели на Владата на РМ се: развој и конкурентност во здравствениот сектор, со особен акцент на јавното здравство; подобрување на квалитетот на здравствените услуги; подигнување на нивото на здравствената заштита; информирање на граѓаните и заштита на нивните права како пациенти; контрола на ефикасноста и ефективноста во здравствениот систем. Проекти: национални и превентивни програми за здравствена заштита, електронско здравство и електронска здравствена картичка; 15 програми за превентивен, навремен и соодветен здравствен третман на граѓаните; програма

„Здравје за сите“ со бесплатни превентивни прегледи за сите граѓани; рано откривање и лекување на ракот на дојката; задолжителна имунизација со бесплатна вакцинација на сите деца, без оглед на здравственото осигурување; организација и унапредување на крводарителството; спречување и отстранување на бруцелозата; спречување на туберкулозата; заштита од СИДА; заштита на лица со душевни растројства; покривање на трошоците за дијализа и набавка на лекови за тешки заболувања; заштита на лица од болести на зависности; рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената; систематски прегледи на деца, ученици и студенти; бесплатна здравствена заштита на мајките и децата; заштита на здравствено неосигурени граѓани. Во фокус следење и унапредување на здравјето на пензионерите Министерството за здравство во континуитет презема мерки за унапредување на системот за здравствена заштита и унапредување на здравјето на сите граѓани. Во таа насока, се донесени повеќе мерки со посебен фокус за следење, унапредување и одржување на здравјето на повозрасните лица и пензионерите на територијата на целата држава.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел: 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VIII, број 78-79
20 февруари 2015 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 78-79 од 20 февруари 2015 година

Владата и Министерството за труд и социјална политика продолжуваат да се грижат за стандардот на пензионерите и во 2015 година

Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, директорот на Фондот за ПИОМ, Амет Даути и претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Драги Аргировски неодамна информираа за нов Проект за корисниците на пензија и за продолжување на Проектот бањско-климатска рекреација во 2015 година за нови 5.500 корисници на пензија. - Години наназад како ресорно министерство ја покажавме нашата грижа за старите лица во земјата низ програмски документи, но и низ конкретни проекти и иницијативи на повеќе нивоа, кои овозможија, пред сè, материјална и финансиска сигурност на оваа категорија на граѓани, како и активности во насока на квалитетен и исполнет социјален живот. „Бесплатен туристички викенд за корисници на пензија за 2015 година“, е важен нов проект кој претставува дадено ветување пред граѓаните и дел од програмата на Владата на Република Македонија. Со проектот е планирано да се опфатат до 3.000 корисници на старосна, инвалидска и семејна пензија и вклучува услуга која може да се користи еднаш, во периодот од април до ноември 2015 година, во траење од 3 дена и опфаќа: 2 полни пансиона (2 ноќевања со три оброка дневно), односно пристигнување во петок попладне, а заминување во недела попладне, и автобуски превоз до хотелскиот објект.

Пензионерите донираа средства за поплавените

И сега, како многупати досега, пензионерите и пензионерските здруженија донираа средства за поплавените региони во нашата земја. Средствата се дел од оние кои се наменети според финансиските планови на здруженијата за хуманитарни цели, но многумина дадоа и свои лични средства. Покрај тоа тие се вклучија и во емисиите на медиумите како што беше „Отвореното студио“ на ТВ К5 и други, со цел да се анимира целокупната јавност во оваа хумана и хуманитарна акција. И не само што помага со финансиски средства, кои се издвојуваат од членарината, многумина од нив учествуваа и во спасување на имотот и луѓето што настрадаа од оваа природна непогода заедно со Црвениот крст на Република Македонија со кој СЗПМ има потпишано Меморандум за соработка. Со овие активности пензионерите уште еднаш им покажаа на помладите генерации што е солидрност и хуманост.

Информирањето во Сојузот и здруженијата на посакуваното ниво
Доброто и навременото информирање е најсилното средство за сè

На 28.1.2015 година Издавачкиот совет и Редакцискиот одбор на весникот „Пензионер плус“ одржаа заедничка седница. Главна точка на седницата беше оцена на „Пензионер плус“, „Пензионерски видици“ и прилогот во „Коха“ и веб-страницата на СЗПМ во 2014 година и планирање за истите во 2015 година.

Во организација на СЗПМ
Работилница за сметководителите на здруженијата

Во организација на СЗПМ на 22 јануари, годинава во Скопје, за претседателите и сметководителите на здруженијата на пензионери од цела Македонија се одржа семинар-работилница за подготовка на годишните сметки на здруженијата за 2014 година. На работилницата присуствуваа 60 претставници од 30 здруженија на пензионери членки на СЗПМ.

Шуто Оризари: Потпишан Меморандум за соработка

Во организација на Здружението на љубители на ромската фолклорна уметност „Романо ило“, а со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија и градот Скопје, во рамките на одбележувањето на Неделата на ромската култура „Рома фест 2014“, а со цел афирмирање и популаризирање на ромската култура и идентитет преку ромската носија, фолклор, литература и обичаи, беа вклучени и пензионерите од ЗП Шуто Оризари. Во присуство на голем број пензионери од ова Здружение, гости и претставници од Здружението „Романо ило“, четвртата вечер од фестивалот беше посветена на пензионерите и се одржа во пензионерскиот клуб во Шуто Оризари. Под мотото „Да не заборавиме“ средбата се одржа со традиционална пита, чалгиска музика и коктел. На средбата беше потпишан Меморандум за соработка меѓу ЗП Шуто Оризари и Здружението на љубители на ромската фолклорна уметност „Романо ило“. Целта на овој меморандум е, како што изјави директорот на здружението, да се промовира што повеќе ромската култура и идентитет, а пензионерите се тие преку кои најлесно може да се добијат информации за корените на оваа, но и на секоја друга популација. Последната вечер од фестивалот помина во знакот на етно-музичките ромски бисери, каде пензионерите од Шуто Оризари настапија со својата музичка и игроорна група со

изведба на обичаи од ромска свадба и друго, за што бурно беа поздравени со аплауз и силни овации.

ЗП Свети Николе: Незаборавна средба по повод празникот „Свети Никола“

Здруженијата на пензионери во сите градови од нашата земја, се грижат деновите во третата доба на нивните членови да бидат што повесели, посреќни, поведри, исполнети со патувања, мир, спокојство и достоинство, се до крајот на нивната животна патека. Така е и во Свети Николе. Со години наназад се прославува празникот „Свети Никола“ - патронот на градот, кој е многу значаен за сите граѓани на градот. По тој повод, ЗП Свети Николе и оваа година како и многу други до сега, за своите членови и пријатели од многу градови од Македонија, организираше прослава во чест на „Свети Никола“. И оваа година повторно се сретнаа и се дружеа над 350 пензионери. Се поздравуваа старите пријатели, но се градеа и нови пријателства меѓу пензионерите од Радовиш, Струмица, Штип, Кочани, Тафталиџе од Скопје, Пехчево, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка, Куманово и Велес.

Дневен центар „Даре Џамбаз“ – Скопје Необично дружење

На 12.2.2015 година во домот „Даре Џамбаз“ Скопје, во просториите за дневен престој на пензионерите, се одржа интересна средба. Во посета на дневниот центар беа дечиња од детската градина Р.Ј. Корчагин со своите воспитувачи. Во центарот покрај другите активности, повеќе од една година работи **сликарска работилница**. Неа ја посетуваат пензионери еднаш неделно по 2-3 часа, кои имаат наклоност и желба да сликаат. Работилницата ја води академскиот сликар Стојче Тоциновски. Дечињата од градинката, облечени во жолти униформи, приредија приредба во рамките на проектот кој го работат насловен „Да бидеме хумани“. Тие играа, плескаа со рачињата, потскокнуваа и пееја песнички поврзани со хуманоста која како особина треба да ја сознаат и негуваат уште од мали. Тие хуманоста ја покажале со собирање помош за градинка во поплавените подрачја. На крајот поставуваа и прашања на пензионерите за нивниот поранешен и сегашен живот. Со голем интерес ги гледаа готовите слики и следеа како пензионерите сликаат. Средбата заврши со подарување честитки - слики за секој пензионер, а кои дечињата ги изработиле.

ФПИОМ: Информација за членарина за членување во здруженија на пензионери заклучно со ноември 2014 година

Во 2014 година, средства за членување во здруженијата на пензионерите заклучно со ноември од истата година се дозначени во вкупен износ од 91.528.350 милиони денари.

Бројот на корисници кои плаќаат членарина и пресметаните средства за периодот јануари-ноември 2014 година се прикажани во Табела 1:

Табела 1: Број на корисници кои плаќаат членарина и пресметани средства за периодот јануари-ноември 2014 година

Месец	Бр. на членови	Средства за членарина
Јануари	275.439	8.263.170
Февруари	275.504	8.265.120
Март	276.139	8.284.170
April	276.571	8.297.130
Мај	276.854	8.305.620
Јуни	277.065	8311.950
Јули	277.705	8.331.150
Август	278.120	8.343.600
Септември	278.877	8.360.310
Октомври	279.015	8.370.450
Ноември	279.856	8.395.680
Вкупно		**91.528.350**

Од работата на ФПИОМ: Разрешување на одделни значајни прашања

Почетокот на работата на ФПИОМ во оваа 2015 година е одбележан со изборот на Јасмина Иванова за нов претседател на Управниот одбор, која доаѓа како претставник од Министерството за труд и социјална политика, нов член на УО е Кристина Јорданова, претставник од Министерството за финансии. Во овој изминат период се вложени многу напори на вработените за вкупната работа на ФПИОМ максимално да се зголеми и што е можно подобро да се пречекаат новите работни активности и ангажирања. Во таа смисла, на неколку особено значајни прашања им беше посветено соодветно и особено внимание. Така, на пример, во периодот од единаесетте месеци од минатата година, за Солидарен фонд, пресметани и задржани се средства во вкупен износ од 366.127.560 ден., а за истиот период, од Фондот на ПИОМ, за посмртна помош се исплатени средства во износ од 365.730.000 ден. за 12.191 починат корисник на пензија. Но, ако се земе предвид дека средствата за исплата на посмртна помош за бројот на починатите пензионери, во просек изнесува околу 33.240.000 ден., а месечниот износ на средствата кои се наменети за исплата на Солидарен фонд изнесува околу 33.284.323 ден., тоа значи дека лани овие средства биле доволни да ја покријат тековната исплата на средствата за посмртна помош. Со тоа, минатата година, Фондот на ПИОМ во целост и навреме ги исплаќал средствата за посмртна помош. Не помало внимание во работата на Фондот на ПИОМ, предизвика и Правилникот за начинот на вршење ревизија на решенијата со кои е утврдено правото од пензиското и инвалидското осигурување. Според овој правилник, Фондот на ПИОМ врши задолжителна ревизија на донесени првостепени решенија со кои е утврдено право на старосна, семејна и инвалидска пензија, право остварено со примена на договори за социјално осигурување и право на паричен надоместок за утврдено телесно оштетување.

Акценти од интервјуто со Драги Аргировски, првиот човек на СЗПМ за магазинот „Порта“

- **Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е партнер на Владата и битен фактор во општеството**

Спонтано, онака како што само тој знае, а коешто е резултат на неговото долгогодишно новинарско искуство, повеќе од еден час разговаравме со неуморниот и мошне успешен претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Драги Аргировски, којшто многумина го сметаат за многу значајна личност вградена во историјата на новинарството, публицистиката и пензионерското организирање во Република Македонија...

ЗП Ѓорче Петров: Успешно завршен Пилот-проектот „Социјална карта“

Здружението на пензионери Ѓорче Петров од страна на СЗПМ ја доби довербата да реализира еден многу важен Пилот-проект: Изработка на Социјална карта на членовите на здружението...

ЗП Карпош: Прва едукативна работилница: „ФЗОМ поблиску до пензионерите“

Заедничкиот проект на Фондот за здравствено осигурување и СЗПМ „ФЗОМ поблиску до пензионерите“ и оваа година продолжи да се остварува преку едукативни работилници низ целата Република. Прва таква од планираните 30 работилници за 2015 година беше организирана за пензионерите од ЗП Карпош на 17-ти јануари во Клубот на пензионерите во огранокот Тафталиџе.

Германија - земја на добар живот и незавидна старост

Од земјите во ЕУ, Германија има најголем број луѓе на возраст над 65 години, но исто така и најмалку успешен пензиски систем, бидејќи во последните 10 години рапидно расте бројот на пензионерите кои се во потрага по работа. Некогашните индустриски инженери и вработените во државната служба, денес се дистрибутери на весници, пакувачи на производи во супермаркети или бебиситери. Единствената разлика е во тоа што овие луѓе сега имаат повеќе од 65 години. Пензионерите се принудени да бараат дополнителна работа за да ги дополнат средствата добиени од пензијата со разни „мини-работни места“, бидејќи финансиските трошоци потребни за да се помине месецот се зголемиле за 60 % во однос на трошоците во 2000 година.

Интервју со м-р, д-р Ленче Нелоска, в.д. директор на ЈЗУ. Геронтолошки завод „13 Ноември – Скопје“: Енергијата ми е насочена како да им се олесни животот на пациентите

Д-р Ленче Нелоска, од 2007 година е директор на Геронтолошкиот завод „13 Ноември – Скопје“, установа која е исклучително важна особено за популацијата од трета доба, но која на многумина и од разни причини им станува втор дом.

...

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција: тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VIII, број 80
27 март 2015 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 80 од 27 март 2015 година

Изборите завршија, следува работа за подобар и подостоинствен живот на пензионерите

За претседател на СЗПМ со акламација повторно избран Драги Аргировски.

На 24-ти март 2015 година, СЗПМ ја одржа својата изборна седница. За повторно да се кандидира за претседател на Сојузот досегашниот прв човек на оваа најмасовна невладина асоцијација, на своите изборни седници поддршка дадоа голем број здруженија членки на Сојузот. По извршеното гласање со силен аплауз од присутните Драги Аргировски едногласно беше избран за претседател на Собранието, а со тоа и на Извршниот одбор на СЗПМ. Потоа за потпретседател на Собранието на СЗПМ беше избран Бесник Поцеста, докажан активист и борец за пензионерските права. По неговото пригодно обраќање беа избрани членови на Извршниот и Надзорниот одбор, како и на Статутарната комисија на Сојузот.

Отчетна седница на Собранието на СЗПМ:

За постигнатите резултати заслужни сме сите

Собранието на СЗПМ на 19-ти февруари 2015 година ја одржа својата отчетна седница на која расправаше за работата и постигнатите резултати на Сојузот во минатиот четиригодишен мандат. Со седницата раководеше претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој ги поздрави членовите на Собранието и другите присутни гости, а по усвојувањето на дневниот ред даде поширок осврт за работата на Сојузот и го потенцираше големиот придонес во подобрувањето на квалитетот на пензионерското живеење. Притоа ги посочи позначајните резултати кои оставија белег во досегашниот развој и дејствувањето на Сојузот постигнати низ разни форми и соработка со Владата и релевантните институции, што беше поздравено со силен аплауз. Како успеси од историско значење тој ги наведе културно-забавните манифестации, пред сè ревиите на песни, музика и игри, кои поради придонесот во развивањето и зачувувањето на традициите и културното богатство се прогласени за државен интерес, како и Пензионерската спортска олимпијада која оваа година одбележува 20-годишен јубилеј. Сите документи беа едногласно усвоени. На седницата стана збор и за други актуелни прашања од работата на Сојузот, а беа дадени информации и насоки за одржување на изборната седница на Собранието.

Осврт на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски на отчетната седница на Собранието: Значајни постигања на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во мандатен период 2011 - 2015 година – Голем придонес за подобро пензионерско живеење

Во овој свечен и значаен момент, гледајќи ве вака собрани во голем број од сите здруженија членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија имам впечаток како да беше вчера денот кога ми ја дадовте вашата

доверба и ме избравте за претседател на Сојузот. Тоа е така затоа што изминатиот четиригодишен период многу работевме, имавме многу активности. Денот изгледа како година само на оној кој ништо не работи, а на оној кој е активен денот му е кус и му недостасува време. За точноста на оваа народна мудрост се нашите постигнати разултати и успеси!

Акценти од Извештајот за работата на СЗПМ и неговите органи и тела во 2014 година

Во 2014 година за СЗПМ според постигнатите резултати може да се смета дека отиде понапред во развојот на организираниот живот на пензионерите, бидејќи активностите и задачите што беа планирани се остварени во целост. И натаму активноста на пензионерите на полето на културните и спортските дејности, на пикник-средбите, екскурзиите и дружењето во клубовите на пензионерите беа главната содржина од пензионерското живеење, но значително се проширија и добија поквалитетна содржина.

Книжење на пресметаната амортизација кај непрофитните организации - здруженијата на пензионерите

Според сознанијата со кои се располага, а пред сè врз основа на поставени прашања околу изготвувањето на завршната сметка за 2014 година, очигледно е дека сè уште има дилеми при пресметувањето на амортизацијата кај непрофитните организации. Текстов има цел да ги разјасни тие дилеми и нејаснотии. Според одредбите на член 13 од Законот за сметководство на непрофитните организации („Службен весник на РМ“ бр. 24/03, 17/11)., во главата за признавање на приходите и расходите е утврдено дека признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, што го прави овој систем поразличен од системот за сметководство на трговските друштва.

ЗП Велес ја одбележа 20-годишнината од манифестацијата „Блакцето на баба“

И оваа година како и многу години наназад се одржа Манифестацијата „Блакцето на баба“ на која присуствуваа пензионери и пензионерки од повеќе здруженија од нашата држава. Средбата се одржа на 14 март во ресторанот „На Велешко“ на брегот на езерото Младост. Гостите ги забавуваше пејачката Андријана Алачки. Манифестацијата „Блакцето на баба“ за првпат беше оддржана во 1994 година.

ЗП Ново Село: Се дружеа над 250 македонски и бугарски пензионери

Како и претходните години, така и оваа ЗП Ново Село, на 14-ти јануари во реномираниот ресторан „Сонце“ во село Борисово, во подножјето на „Беласица”, организираше прослава на Стара - Нова година, на која, покрај стотина пензионери од ова здружение, присуствуваа околу 150 претставници и гости од здруженијата на пензионерите од Струмица, Делчево, Свети Николе, ЗИП Струмица и други. На средбата присуствуваа голем број пензионери од Републиката и за првпат пензионери од Европската унија, поточно од градот Сандански, Република Бугарија.

„Тодорица“ во Свети Николе

Сите патишта, денес, водат во Свети Николе. „Тодорица“ во нашиот град се празнува многу одамна. Оваа година, како и досега, беше организиран Меѓународен фестивал на изворен фолклор под називот „Тодорица 2015“. На фестивалот зедоа учество фолклорни ансамбли од повеќе градови на Македонија меѓу кои и од Свети Николе, но и од соседна Србија. Пензионерите од Свети Николе настапија со Женското трио на изворен фолклор „Syница“. Гледачите во преполната сала, тие ги потсетија на обичај кој е можеби веќе подзаборавен, а се изведува на празникот Ѓурѓовден, и освоија плакета за најдобра вокална изведба. Пензионерите од неколку Здруженија од Македонија уживаа во прекрасните изведби на учесниците на фестивалот, но и во прошетката низ градот и разгледување на панаѓурските тезги. Со својата посета овој настан го зголеми и нашиот познат пејач Круме Спасовски, чии пензионерски денови се исполнети со пеење и дружење, а средбата со него секогаш е пријатна.

ЗП Струмица: Прослава на два празника

Здружението на пензионери Струмица со пригодни манифестации ги одбележаа двата празника - Тримери и 8-ми Март - Денот на жената. Празникот Тримери, како ден на армасаните, традиционално се одбележува на 20-ти февруари, а по тој повод на прославата во Струмица, покрај членовите од истоименото здружение, присуствуваа и 300 пензионери од ЗП Гази Баба и Карпош од Скопје, Радовиш, Пехчево и Ново Село. Хорот и музичката група од ЗП Струмица со посебни песни од тримерските обичаи театрално го изведоа обичајот одење кај армасаната девојка. Денот на жената струмичките пензионерки го прославија заедно со учениците од Централното основно училиште „Маршал Тито“ кои им подарија свои рачно изработени рамки со слики и им го честитаа празникот на македонски и турски јазик, бидејќи ова училиште е мултиетничко, а Здружението на пензионери учениците ги почести како што доликува за овој празник. Пензионерките членови на хорот на ЗП Струмица им ја испеаја песната Пензионерки и пензионери - химна на Здружението, компонирана од негови членови.

ЗП Кавадарци: Традиционално одбележување на „Свети Трифун“

На 14-ти февруари по повод празникот „Свети Трифун“ во градот на виното и лозјето Кавадарци се одржа традиционалната средба помеѓу пензионерите од целата држава. Ваквата средба која со години наназад редновно се организира беше од забавен карактер и беше исполнета со богата програма. Постарата генерација граѓани покажаа и докажаа дека навистина знаат и умеат добро да се забавуваат. Се беше во симболиката на „Свети Трифун“. Како и многупати досега се потврди дека ова е најзабавната и најмасовната средба на пензионерите на ниво на цела држава. Присуствуваа околу 400 пензионери од речиси сите здруженија. Пензионерите велат дека голема е честа да се биде дел од оваа манифестација.

На повидок успешна соработка со пензионерите од Шведска

На 11 март 2015 година, делегација на една од најголемите пензионерски асоцијации од Шведска која брои над 450.000 пензионери имаа средба со

претседателот на СЗПМ. Претседателот Аргировски најпрвин им посака добредојде на гостите, а потоа ги запозна со организацијата и целите и задачите на Сојузот, кој е најмасовна, невладина и мултиетничка пензионерска асоцијација во Македонија. Тој ги информираше гостите и со активностите кои Сојузот ги планира во 2015 година. Господинот Милан Стојчевски во своето обраќање ги запозна домаќините дека нивната организација веќе цела година работи на овој проект за соработка и дека сакаат шведските пензионери да ги видат убавините на Македонија, но и да се запознаат и да соработуваат со пензионерите од нашата земја. На средбата беше договорено двете пензионерски организации во иднина да имаат соработка на сите полиња, преку размена на искуства на сите нивоа. Се планира пензионери од Шведска да доаѓаат во Македонија, почнувајќи од мај месец оваа година. На средбата беше договорено висока пензионерска делегација од Шведска да ја посети Македонија и тоа да биде прв официјален чекор во соработката помеѓу двете земји.

ЗП Битола: Хуманоста на дело

Неодамна, кога Пелагонија ја зафатија невидени поплави, голем број припадници на ЗП Битола, активно се вклучија во давањето помош на загрозеното население од водената стихија. На првата редовна седница за оваа година ИО на битолското здружение, донесе одлука, на Црвениот крст од Битола, кој се грижи за настраданите од поплавите да му се додели еднократна парична помош во висина од 150.000 денари. На седницата е заклучено финансиска помош да се додели и на една од најактивните организации во справување со поплавите ПЕГАЗЕДУ од Битола, која се занимава со едукација и превенција за заштита од пожари и други елементарни непогоди.

Пробиштип: Од фондацијата „Помош за Македонија“ и пензионерите ќе имаат корист

Колку може да ги зближи народите нашиот фолклор, говори и случајот со Холандија. Од една случајна средба, преку љубовта кон нашиот фолклор се создаде нераскинлива врска која се преточи во повеќекратна хуманитарна помош за Македонија. На 25 и 26 февруари во Пробиштип престојуваа Јесика Готенбос, претседателка на фондацијата „Помош за Македонија“ и секретарот на истата, госпоѓата Марија. Оваа хуманитарна фондација од Холандија, преку Црвениот Крст во Пробиштип, во нашата држава е присутна повеќе години. Тие ги снимаат состојбите во Македонија и се определуваат која година во која општина што ќе донираат. Досега во Пробиштип, во повеќе наврати, имаат донирано облека, ќебиња, инвентар за некои установи и слично. При последниот престој на претставничките од фондацијата, на Здравствениот дом „Нада Михајлова“, каде најголемиот дел од пациентите се токму пензионерите, им беше врачен ваучер во вредност од 5.000 евра.

ЗП Пробиштип: Концерт со измешани емоции

На покана на установата за заштита на стари и изнемоштени лица „Елисавета“ во Скопје, КУД „Весели пензионери“ од ЗП Пробиштип, во рамките на одбележувањето на својот 40-годишен јубилеј, на 12 февруари, пред 40-те корисници и вработените, во пријатен и топол амбиент го одржа првиот концерт во кој прозвучија многу изворни рефрени проткаени со поезија.

Ехо од фестивалот „Гоце фест“ 2015 година – Живот со песни и музика

Како и минатите години, на најпознатиот фестивал на нови родољубиви и патриотски песни „Гоце фест“ 2015 година, кој се одржа на 13-ти февруари во Универзалната сала во Скопје, пензионерите се покажаа како верни и најмногубројни посетители на оваа значајна традиционална културна манифестација во Р Македонија. Покрај помладите интерпретатори на новокомпонирани родољубиви и патриотски песни, на фестивалот настапија познати пејачи и претставници на највозрасната популација граѓани, кои со своите изведби ја воодушевија публиката. Посебно задовоство за нив беше поддршката од нивните колеги пензионери кои за цело време ги бодреа со аплаузи и учествуваа во доделувањето награди. На фестивалот беа доделени повеќе награди, од кои Специјална награда доби Ристо Краповски, втора награда Нацка Славкова и трета награда Круме Спасовски.

Работилница со дописниците на „Пензионер плус“, прилогот „Пензионерски видици“ во „Нова Македонија“ и прилогот за пензионери во весникот на албански јазик „КОХА“:

-Сојузот има дописничка мрежа каква што посакуваат многу медиуми

На 20.2.2015 година се одржа Работилница со дописниците на весникот „Пензионер плус“, прилогот во весникот „Нова Македонија“, „Пензионерски видици“, страницата за пензионери во весникот на албански јазик „КОХА“ и веб-страницата на СЗПМ. Во полната сала во која беа присутни над педесет дописници од речиси сите здруженија членки на СЗПМ беше задоволство да се констатира дека информирањето на пензионерите и на пошироката јавност во земјата и надвор од неа за пензионерите и нивните проблеми и успеси на „своите плеќи“ ја носат овие припадници на третата доба.

Интервју со Драги Аргировски, претседател на СЗПМ за НАША ТВ

- Активности за достоинствено и активно стареење

Драги Аргировски, актуелниот претседател на СЗПМ е успешен општественик, доајен на македонското новинарство и познат публицист. Има напишно голем број новинарски написи, коментари, анализи и 18 книги од кои 5 се за пензионерската проблематика. Како општествено активна личност се труди да се создадат услови за подобар животен стандард на пензионерите во материјална и духовна смисла, како и за нивно достоинствено и активно стареење. Како новинар ги вложува своите напори пензионерите да бидат што подобро информирани, но и општеството да ги знае и да ги решава нивните проблеми, а како публицист сето тоа да биде забележано и да се вгради во македонската публицистика. Секако, за оние кои не знаат, а такви се малкумина, Аргировски, е еден од основоположниците на Македонската телевизија и автор на првиот телевизиски прилог на македонски јазик во 1961 година, долгогодишен уредник на ТВ-дневник, основач на дописната, но и на други редакции во МТВ. Тој е новинар со над 55 години плодна и многу успешна новинарска кариера. Во пензија заминува како помошен генерален директот за програмски прашања на МРТ, а неговата новинарска кариера е истовремено и историја на македонската телевизија. Во 2013 година ја доби највисоката државна награда „11 Октомври“ за животно дело во областа на новинарството и публицистиката, а Редакцијата и

читателите на весникот „Нова Македонија“ за неговиот придонес во афирмација на Република Македонија го прогласија за „Личност на годината 2012“. За одделни дејности од јавен интерес Драги Аргировски е добитник и на: Ноемвриската награда од областа на публицистика на родниот град Куманово, на наградата „Крсте Мисирков“ на Здружението на новинарите на Македонија, на „Златно перо на хуманоста“ од Црвениот крст на Македонија, на признанието „Мајка Тереза“ и уште на многу други.

Пензионери од Скопје во посета на Археолошкиот музеј на Македонија - Воодушевени и горди од виденото

Новиот Археолошки музеј на Македонија, покрај брегот на Вардар, јужно од Камениот мост во Скопје и тој ден на 18.3.2015 година стамено стоеше и ги чекаше своите посетители. За цело време влегуваа и излегуваа луѓе желни за нови сознанија и материјални докази за богатото културно наследство на Македонија од памтивека до ден-денес. И се така, до единаесет часот, кога во фоајето на Музејот се насобра поголема група, речиси, над стотина пензионери од скопските здруженија.

По повод Осми март: Ретро модна ревија и изложба на слики

По повод празникот на жената Осми март, а во организиција на Црвениот крст на Скопје, согласно проектот „Дневен центар на стари лица и центар за давање помош во домашни услови“, на 10.3.2015 во Домот на АРМ се реализираше модна ревија и изложба на слики од лица во третата доба. Идејата да се направи оваа манифестација произлезе од волонтерите и стручните соработници вклучени во овој проект. Во ревијата учествуваа 9 кориснички од дневните центри, кои како манекенки ја прикажуваа убавината на жената и активизмот во третата доба.

Изложба по повод 8-ми Март

По повод 8 Март, Меѓународниот ден на жената, во Културниот дом „Крсте Петков Мисирков“ во Свети Николе, придружена со нежни музички звуци, беше отворена изложба на слики, макраме и еколошки слики и икебани. Овие уникатни дела се изработени од вредните раце на светониколските пензионерки членки на секцијата „Овчеполска ѕуница“ при Здружението на пензионери од градот. Иако секцијата постои само неполни четири месеци, ѕидовите на Салонот на библиотеката во Културниот дом беа закитени со голем број дела, благодарение на ентузијазмот на талентираните припаднички на третата доба, членки на оваа секција која во секој поглед е поддржана од раководството на Здружението на пензионери од Свети Николе.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VIII, број 81
24 април 2015 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 81 од 24 април 2015 година

Колку сме солидарни

Солидарноста како социолошка категорија секој ја толкува на свој начин. Дефиницијата за солидарноста не е единствена во погледите на различните социјални групи. Но за да имаме појдовна основа за расправа на темата која за членството на СЗПМ, односно за голем дел од пензионерите е значајна компонента во врзувањето крај со крај на сѐ потешката живејачка, ќе појдеме од општиот поим на солидарноста. Како дел од социјалната патологија на секое општество, солидарноста се изразува во сите форми на упросечување на битните компоненти како што се платите, пензиите, цените, социјалните давачки, дел од даноците итн. Под солидарна помош се подразбира помош која ја обезбедуваат здруженијата и која ја користат или можат да ја користат сите членови. Конечно, здруженијата на пензионерите на Македонија имаат и една далеку поширока и позначајна улога во општеството. Колку сме солидарни? Прашањето не е само реторичко. Можеме да теоретизираме на оваа тема во многу варијанти, но факт е дека во една општествена организација како што се здруженијата на пензионерите и СЗПМ, прашањето на солидарноста и во потесен контекст (внатре во асоцијациите) и во еден поширок контекст (во поширокото општество) не смееме да го занемариме. Раслојувањата во социјалната сфера кои настануваат силно притискаат на двете најмасовни социјални групи: младите, преку проблемот на образованието и невработеноста и пензионерите, преку потребата за одржување на стандардот на живеење пред тој да падне под достоинството на луѓето кои својот животен потенцијал и идеал го вложувале во развојот на Република Македонија.

Зошто е добро да си пензионер во Англија

Постои фама дека да се оди во пензија не е убаво. Така е кај нас, но така е и во други земји во светот. Непобитен факт е дека третата доба не е баш златна како што многумина сакаат да го прикажат, но да се биде пензионер не е ни така лошо и загрижувачки. За поткрепа на ова еве неколку причини кои го докажуваат тоа, но за пензионерите во Англија. Бесплатен автобуски превоз. Ако ги исполнувате условите да можете да добиете државна пензија во Англија, автоматски добивате право на бесплатен градски превоз од 9.30 пред пладне до 11.00 часот попладна од понеделник до петок и цел ден за време на викенд и празници. Бесплатен автобуски превоз има во Велс, Шкотска и Северна Ирска. Попуст за превоз со железница. Кога ќе наполнат 60 години англичаните имаат право на повластена железничка карта. Зимски попуст за купување гориво. Попуст за купување гориво во зима имаат сите кои имаат над 60 години. Бесплатна ТВ-претплата. Ако сте 75 години или постари во Англија не плаќате ТВ-претплата. Подарок за Божиќ. Од 1972 година пензионерите и старите луѓе во Англија добиваат таканаречена „Божиќна честитка“. Не е укината ни за време на

кризата. Станбена помош. Корисниците на Пензионерскиот кредит имаат бенефиции и околу домувањето. Оние со ниски примања добиваат дел од киријата или помош за плаќање на рата од стамбен кредит. Лекови без партиципација. Во Англија сите пензионери над 60 години не плаќаат партиципација за лекови без ограничување. Пензионерите имаат попусти и за посета на музеи, уметнички галерии, претстави, концерти и друго, но за оваа бенефицијa плаќаат членарина од 12 фунти годишно. Како што гледате има доста сличности како кај нас, иако сме многу помала земја!

Сојуз на борците на Македонија

- **70 години од пробивот на Сремскиот фронт**

Сојузот на борците на Македонија, на 17-ти април 2015 година организираше свечен собир во Домот на АРМ по повод седумдесетгодишнината од пробивот на Сремскиот фронт. На собирот присуствуваа учесници во битките на Сремскиот фронт, меѓу кои беа генерал-полковникот Тодор Атанасовски, Трајче Дренковски, Драгица Русковска, како и членови на семејствата на учесниците, а со своето присуство овој настан го увеличаа министерот за одбрана Зоран Јолевски, заменикот на началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-потполковникот Насер Сејдини, членот на ИО на СЗПМ Салтир Каровски, последниот жив Асномец Петар Ивановски - Тиквар и други граѓани поддржувачи и следбеници на слободарските традиции од НОВМ. Собирот беше отворен со Химната на Република Македонија во изведба на хорот „Серенада“ од ЗП Карпош и со оддавањето почит на паднатите борци на Сремскиот фронт и загинатите во борбата за ослободување на Македонија. За учеството на македонските единици на Сремскиот фронт и за херојствата на нашите борци говорше претседателот на Главниот одбор на СБМ, генерал-полковникот Тодор Атанасовски, кој непосредно учествувал во борбите за пробив. За значењето и текот на битките опфатени со пробивот на Сремскиот фронт зборуваше д-р Александар Стојчев, директор на Воениот музеј и член на претседателството на Главниот одбор на СБМ. Собирот заврши со изведување борбени песни од НОБ од хорот „Серенада“, а песни читаа поетесата Лидија Лучко Јеремиќ и водителот ГоранНиков.

ЗП Кочани: Презентиран идејниот проект за Домот за стари лица

Во просториите на ЗП Кочани беше презентиран проектот за изградба на идниот дом за стари лица и пензионери, кој ќе се гради по пат на јавно приватно партнерство. Во подготовката на идејното решенија беа инвестирани средства од 60 илјади евра кои ги обезбедија ЗП Кочани од сопствени извори и Центарот за развој на Источниот плански регион. На свеченоста присуствуваа претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, државниот секретар на Министерството за труд и социјална политика Енвер Хусејин, градоначалниците на Кочани, Зрновци и Облешево Ратко Димитровски, Блаже Станков и Костадин Личков, директорката на Центарот за развој на Источниот плански регион Драгица Здравева и повеќе кочански пензионери. Ова е првата фаза. Домот ќе располага со 144 легла во 66 двокреветни соби, ќе биде на три ката и ќе ја користи геотермалната вода од изворите кај село Подлог, како и сончевата енергија преку изградба на фотоволтаична централа од 50 киловат-ампери. Домот за стари лица во Кочани

има регионален карактер и во него ќе бидат сместени пензионери од Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево, Берово и други места.

Зелникот на баба по четврти пат

Во организација на општината Пробиштип, на 20-ти март, на градскиот пазар по четврти пат се одржа една интересна, слатка и хуманитарна манифестација, која од годинава доби Републички карактер, а е насловена како „Зелникот на баба“. Пробиштип како добар домаќин и организатор на вакви средби и овој пат им посака срдечно добредојде на учесничките од дваесетина невладини организации, од кои 16 беа здруженија на пензионери од градовите ширум Македонија. Ги имаше тука пензионерките од Гостивар, ОВР Скопје, Куманово, Крива Паланка, Злетово, Штип, Свети Николе, Велес, Неготино, Радовиш, Кочани, Облешево - Чешиново, Македонска Каменица, Делчево и градот домаќин Пробиштип.

ЗП Штип и Карбинци: Пензионерскиот дом повеќе од потреба

Пензионерското живеење во Штип, активно започнува во далечната 1959 година, кога е изграден првиот пензионерски дом, со службени простории и клуб-бифе со сала за дружење и состаноци. Подоцна се покажало дека има потреба за изградба на поголем дом со сите потребни простории и станови за загрозени пензионери. Така, 1970 година се изгради постојниот дом со 12 гарсониери, кои се сосема малку за денешните потреби, бидејќи покрив над главата бараат повеќе пензионери. Затоа забрзано се работи на изградбата и до јуни со наши средства Домот треба да биде завршен до карабина. Новиот дом ќе го опслужуваат стотина пензионери, ќе има социјални и полуксузни гарсониери и лекарски надзор, а салата ќе биде и клуб и бифе, каде што пензионерите ќе се дружат и ќе се занимаваат со своите игри.

ЗП Виница: Незаборавна масовна средба по повод Томина недела

На 17 април над 700 пензионери од 24 здруженија - членки на СЗПМ, а најмногу од источниот регион, се собраа во Виница. Повод за оваа традиционална средба која се одржува повеќе години е во чест на одбележувањето на верскиот празник Томина недела. Се играа ора од сите краеви. Се пееја песни кои будеа спомени од младоста, но и одмногуте вакви средби. Средбата имаше и натпреварувачки дел бидејќи беа донесени и вапцани велигденски јајца, кои вредните пензионерки ги донеле да ја покажат својата креативност, но и да освојат и една од трите награди.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VIII, број 82-83 5 јуни 2015 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 82-83 од 5 јуни 2015 година

Состанок со претседателите на здруженијата во СЗПМ
Со оптимизам кон нови постигнувања и афирмација на Сојузот

Определбата за динамизирање на активностите и внесување нови содржини и импулси во работата, СЗПМ во новиот мандат почна со разновидни и збогатени форми на дејствување со цел уште повеќе да им се доближи на пензионерите и да придонесува во подобрувањето на квалитетот на животот на оваа популација граѓани. Така, по конституирањето на органите и телата во СЗПМ, на 28 април 2015 година, во седиштето на Сојузот беше одржан состанок со претседателите и други претставници на здруженијата на пензионери. Во своето излагање претседателот на СЗПМ Драги Аргировски го нагласи значењето на првиот состанок во новиот мандат посебно од аспект на интензивирањето на меѓусебната соработка и внесување димензија на интеракциски однос поради поцелосно запознавање на активностите и проблемите што ги тиштат пензионерите.

ЗП Охрид и Дебрца: Конечно ќе се гради дом за стари лица

Иницијативата за изградба на Дом за стари лица во Охрид, која ЗП Охрид и Дебрца ја подигнаа уште пред неполни пет-шест години, конечно ќе се реализира. Долгоочекуваниот Дом за стари лица ќе го гради АД „Илинден“, од Струга. На електронската аукција почетната цена што беше понудена од 1.393 денари достигна вредност од 1.532 денари за метар квадратен. Струшката градежна фирма „Илинден“, која беше единствен понудувач за откуп на земјиштето на спроведената електронска аукција во вкупна површина од 8.500 метри квадратни плати околу 13 милиони денари. Според урбанистичко-планската документација Домот за стари лица ќе зафаќа вкупна површина од 6.300 метри квадратни и ќе има шест ката, односно приземје плус 4 ката и мансарда, односно максимална дозволена висина до 17 метри. Купувачот на земјиштето според договорот се обврзува во рок од 12 месеци да обезбеди одобрение за градба, а во рок од 4 години да го изгради објектот.

ЗП Демир Капија: Над 1.200 пензионери во Дошница

Годинава Здружението на пензионерите од Демир Капија беше домаќин на третата по ред пикник-средба на зелено што на 16 мај се одржа во познатото излетничко место Дошница, на околу пет километри од градот. На овој голем собир 21 здружение на пензионери ширум нашава земја организирано другаруваа, се одмораа и се забавуваа, а беа присутни над 1.200 пензионери кои во утринските часови во Демир Капија допатуваа со автобуси. Престојувањето на пензионерите беше искористено и за посета на живописната Демиркаписка клисура, градскиот музеј кој е отворен од пред неколку години, Хидроцентралата Дошница како и рибникот за проиозводство на калифорниска пастрмка.

ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Солидарност - Аеродром
Заедничка седница за збратимување

Извршните одбори на ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Солидарност - Аеродром од Скопје, деновиве во Охрид оддржаа заедничка седница, втора по ред, по онаа од октомври минатата година, кога двете здруженија, во Скопје, потпишаа Меморандум за збратимување. На заедничката седница стана збор за досегашната соработка и во која насока таа ќе се одвива и унапредува. Беа иницирани повеќе прашања во насока на подобра здравствена заштита, културна соработка, организирање заеднички средби и други активности, а беше утврдена потребата за донесување заедничка годишна програма за работа. Истовремено, двата извршни одбора се договорија да изработат заедничка Декларација за решавање на најактуелните прашања на двете здруженија, со која ќе биде запознаен и СЗПМ.

Висока делегација од Албанија во СЗПМ
Договор за проширување на соработката во интерес на пензионерите

Меѓународната соработка со пензионерските асоцијации во земјите од нашето соседство, но и пошироко постои и на ниво на здруженија. Во тој контекст е и посетата на делегација од Албанија предводена од Кол Николај, претседател на Конфедерацијата на синдикати на Албанија, во чиј состав се и пензионерите. Заедно со господинот Кол Николај на средбата од албанска страна во Скопје присуствуваше и Назиф Далјани, претседател на Конфедерацијата на Поградец. Господинот Далјани е човекот којшто прв организирал средба на раководствата на пензионерите на двете земји пред десетина години и кој многу придонел оваа соработка да биде плодна и на посакуваното ниво.

Меѓународна билатерална средба со пензионери од Словенија
- **Размена на искуства и договор за активности во 2015 година**

Делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите од Словенија, предводена од потпретседателот Донко Антон, деновиве претстојуваше во Македонија и оствари средба со претседателот на СЗПМ. На средбата се разговараше за досегашната повеќегодишна успешна соработка и поддршка, но и за наредните заеднички проекти. Гостите прејавија интерес за нашите законски регулативи кои се однесуваат на пензионерите и тоа за висината, за редовноста и за зголемувањето на пензиите, а посебно за соработката со државната власт и локалната самоуправа по прашања од интерес на пензионерската популација.

ЗП Тетово: Мултиетничко дружење

Во Тетово на 16 мај се собраа над 300 пензионери од повеќе здруженија речиси од сите краишта на нашата земја. Дружењето, создавањето нови пријателства и соживот беа содржина на оваа традиционална манифестација - „Мултиетничка средба на пензионерите на Македонија“. Во Тетово како најмултиетнички град другаруваа луѓе од „третата доба“ од различни етникуми со изворен народен фолклор, песни на македонски, албански, турски, ромски, српски јазик, а ората беа вистинско шаренило од игроорци кои немаа друга идентификација освен - пензионери. Организатор на оваа мултиетничката средба на пензионерите беше ЗП Тетово, а покровител СЗПМ.

Министерот Спасов во посета на пензионерите

- Пензионерите задоволни од благодатите на владините проекти

На 25-ти април оваа година, министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на СЗПМ и градоначалникот на општина Дојран Борче Стамов, како и дел од раководството на ЗП Гевгелија и ЗП Дојран, ги посетија пензионерите во Дојран, во хотелот Полин, кои користат бесплатен туристички викенд во рамките на истоимениот владин проект.

На 29 април министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Драги Аргировски, и градонач алникот на општина Гевгелија Иван Франгов, исто така, ги посетија пензионерите кои ја користат услугата бањско-климатска рекреација во здравствената установа, природно лекувалиште „Негорски Бањи“ АД Негорци, Гевгелија.

Бањско-климатска рекреација во Бања Банско: Незаборавна недела

Крај Струмица, во Банско, во хотелот „Цар Самоил“, се наоѓа Бања Банско. Во рамките на Владината акција за бесплатна бањско-климатска рекреација за корисниците на пензија, последната недела од месец април, група од 180 пензионери, престојуваше седум дена во овој бањски комплекс.

ЗП Тетово: Признание од Словенија

На 7-ми мај, 50-тина пензионери од Словенија го посетија меѓу другите градови и Тетово. Гостите од Словенија по овој повод на домаќините им подарија збирка и уметнички релјеф во минијатура. На средбата, на Гојко Ефтоски, доскорешниот претседател на Собранието на Здружението на пензионерите на Тетово, му беше врачен Орден на друштвото на пензионерите од одбраната на Република Словенија.

Успешна соработка помеѓу синдикатите на Македонија и Албанија

Во рамките на посетата која се реализира во СЗПМ, претседателот Драги Аргировски и Кол Николај претседател на Сојузот на синдикати на Албанија (KSSH) беше остварена и работна средба со претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија д-р Живко Митревски. На оваа средба претседателите разговараа за повеќе значајни теми во однос на законите кои се однесуваат на работниците и пензионерите.

ЗП Пробиштип: Кога спортот гради пријателства

На 20-ти мај годинава, Пробиштип беше домаќин на пријателските спортски игри на кои традиционално учествуваат пензионерските здруженија од Крива Паланка, Кратово, Свети Николе и Пробиштип. Над дведеценското дружење на пензионерите од овие четири здруженија создаде нераскинливо пријателство меѓу пензионерите кои покрај на спортските терени се среќаваа и по други семејни поводи.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VIII, број 84-85
10 јули 2015 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 84-85 од 10 јули 2015 година

Традиционален пензионерски пикник во Дојран

- **Масовност во убавина**

На 20.6.2015 година сите патишта водеа кон Дојран. Голем број автобуси и комбиња се слеваа кон оваа божја убавина. Тој ден во Дојран, под покровителство на Здружението на пензионерите од Дојран се одржуваше традиционалното дружење на сите пензионери од Македонија „Пикник на зелено“. На оваа средба беа поканети 35 здруженија од Републиката, а присуствуваа околу 7.000 пензионери. Најбројни, околу 750, како и многу пати досега, беа пензионерите од Радовиш.

Прва седница на Правно-економскиот форум на ИО на СЗПМ

- **Утврдени задачите за работа**

Правно-економскиот Форум на ИО на СЗПМ на 23 јуни 2015 година ја одржа првата седница во новиот состав после изборите во Сојузот. Претседателот Стоев во воведното обраќање го посочи значењето на Форумот во толкувањето на правно-економската регулатива и давањето помош во дејствувањето на Сојузот. Улогата на ова тело е во укажувањата и застапеноста на правните аспекти во работата на пензионерската организација. Мислењето и ставовите на Форумот се почитуваат и се вградуваат во документите што ги донесува Сојузот.

Новите членови на Форумот се припадници на стручната фела и добри познавачи на законитоста, економијата и пензионерската проблематика. Расправата беше фокусирана на дополнување на Програмата за работа на Форумот за 2015 година и давање начелно и стручно мислење за рботната верзија на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на СЗПМ. Програмата за работа едногласно беше усвоена, а во однос на измените на Статутот, беше заклучено дека Форумот начелно ја поддржува работната верзија на. Нацрт-одлуката со определени забелешки кои ќе се земат предвид при утврдувето на конечниот текст на истата. Форумот расправаше и за надлежноста и помошта во решавањето на проблеми и по преставки на некои здруженија членки на Сојузот, за што зазеде ставови и определи работна група за изготвување информација по прашања кои се однесуваат на заштитата на правата на пензионерите стекнати со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и другата правна регулатива. За предлогот-измени и дополнувања на Статутот на посебна седница позитивно се изјасни и Статутарната комисија на СЗПМ.

Комисија за информирање:

- **Само добро информираниот пензионер е корисен за себе и за општеството**

На 26 јуни 2015 година се одржа седница на Комисијата за информирање и издавачка дејност на ИО на СЗПМ. Од Извештајот и од анализите во врска со

работата на оваа комисија, може да се заклучи дека таа си ја исполнува задачата за која е формирана. На седницата беше разгледан Извештајот за работата на Комисијата за информирање и издавачка дејност на ИО на СЗПМ за 2014 година, а беше усвоена Програма и Планот за работа на Комисијата за 2015 година.

Покана за соработка и збратимување: Средба за паметење

Една дамнешна желба на пензионерката Славица Кузевска - Хузаниќ, член на Здружението на пензионери од Иванич Град, од Република Хрватска, се оствари. Имено, по неколкуте контакти со ЗП Битола, Здружението на пензионери од Иванич Град ја реализира својата замисла за посета на Република Македонија и на Здружението на пензионери од Битола. Посетата е остварена на 5.6.2015 година, од страна на 70 пензионери од Иванич Град, Република Хрватска.

Сојуз на здруженија на пензионери на град Скопје

- **Избрано ново раководство**

Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје на 25.6.2015 година ја одржа конститутивната седница на која беше верификуван мандатот на членовите на Собранието и избрани членови на органите на Сојузот. За претседател на Собранието беше избран Љупчо Димовски од ЗП Бутел. За членови на Извршниот одбор беа избрани Методија Новковски од ЗП Ѓорче Петров, Ратка Коколанска од ЗП Карпош, Димитрија Димовски од ЗП Тафталице, Крсте Ангеловски од ЗП Центар, Димитрија Богатиновски од ЗП Солидарност - Аеродром, Благоја Арсиќ од ЗП Кисела Вода, и Рауф Хамиди од ЗП Чаир. Потоа беше одржана конститутивна седница на Извршниот одбор. За претседател на ИО беше избран Методија Новковски. Собранието избра и членови на Надзорниот одбор и на Комисијата за Статут и правни прашања. На наредната седница на ИО ќе бидат избрани работните тела и комисии и ќе биде донесен План за реализација на Годишната програма за работа на Сојузот.

Седумнаесет старски домови отворени со поддршка на владините мерки

Како резулатат на владините мерки и поволности отворени се 17 домови за стари лица, а во постапка на основање се уште четири. Во соработка со општините продадени се и три локации за изградба на нови старски домови со што продолжува континуитетот за зголемување на капацитетите за згрижување стари лица во државата.

Од работата на ФПИОМ: Исчекор што значи современо работење

Во изминатите неколку години во ФПИОМ, беа реализирани десетина проекти, кои придонесоа за максимално приближување и располагање на услугите на сегашните и идните пензионери, но и перманентно настојување за унапредување и модернизирање на вкупната работа во Фондот на ПИОМ. Со последните измени на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Фондот беше задолжен до крајот на 15 февруари 2015 година, да подготви, имплементира и реализира цикличен процес за доставување на прегледи за утврден стаж и плата. Во ФПИОМ беше направен Акциски план, во кој главни обврски беа да се дефинира процесот на работа, да се обезбедат службени податоци за е-маил адресите на обврзниците за уплата на придонес и согласноста

на Агенцијата за заштита на лични податоци. Во ФПИОМ, паралелно се работи на реализација на многубројните програмски работни задачи, што недвосмислено покажува дека прифаќањето и реализирањето на новите проекти е иднината на модерното административно работење.

Седница на Управниот одбор на ФПИОМ
Усвоени информации за членарината и Солидарниот фонд на пензионерите

Управниот одбор на ФПИОМ на 29 јуни го усвои Предлог-буџетот на ПИОМ за 2016 година со предлогот за Стратешкиот план до 2018 година, а беше информиран и запознаен со позитивната финансиска состојба во првите пет месеци од годинава. На оваа седница беа усвоени и информациите за членарината и за Солидарниот фонд за корисниците на пензија во периодот јануари-мај 2015 гиодина.

5. Јубилејна републичка ревија на песни, музика и игри 2015
Фолклорна ревија со мултиетнички призвук

Во прекрасен амбиент, во салата на Македонската опера и балет во Скопје, на 9-ти јуни 2015 година, повеќе од два часа се разлеваа пријатни звуци и рефрени од убави евергрини, се преплетуваа бои на изворни и староградски носии - македонски, албански, ромски, влашки, српски..., се нижеа оро до оро, песна до песна, обичај до обичај и традиции, се додека „камче по камче“ се сложуваше мозаикот наречен „македонска фолклорна ризница“. Над 2 часа, учесниците во јубилејната 5. републичка ревија на песни, музика и игри, на присутните им ги презентираа подзаборавените традиции и обичаи, познатите ора и рефрени од македонските песни, изворните музички инструменти, староградските и изворни носии од повеќе краеви на нашата земја и ги вратија во времињата на убавината и незаборавот.

На годинешните 20-ти пензионерски регионални спортски натпревари учествуваа 1.607 натпреварувачи
Спортот е битен фактор за здравјето на пензионерите

Годинашниве 20-ти по ред пензионерски регионални натпревари во сите 8 региони во Републикава се одржаа под знакот на големиот јубилеј 20 години континуирано одржување како на регионалните така и на републичките натпревари. Првите натпревари се одржаа во Охрид во 1996 година, а на нив учество земаа само десетина здруженија, кои се натпреварувaа само во три спортски дисциплини во присуство на 150 учесници. Оттогаш наваму, спортот како главна преокупација кај пензионерите, односно луѓето од третата доба, стана важна активност и фактор за одржување и подобрување на психофизичката состојба кај оваа популација.

ЗП Охрид и Дебрца
Здравственото осигурување – поблиску до пензионерите

Во рамките на неколкугодишната успешна соработка меѓу СЗПМ и Фондот за здравствено осигурување, годинава заеднички се реализира проектот „Фондот за здравствевно осигурување - поблиску до пензионерите“. Овој проект континуирано се спроведува во сите 53 здруженија на пензионери членки на

Сојузот, а почна да се реализира во јануари оваа година и ќе трае до крајот на јануари 2016 година. Во рамките на овој проект, деновиве во здружението на пензионери Охрид и Дебрца, со видеопрезентација, се одржа предавање на тема: „Обезбедување на лекови на товар на Фондот и употреба на ортопедски помагала“. Стана збор и за пилот-проектот 46 Подвижни аптеки во руралните средини и функционирањето на 24-часовното дежурство на аптеките во Охрид, во неработните и празничните денови, кои ги дадоа очекуваните резултати. Кај охридските пензионери, ваквите предавања околу здравствената заштита и снабдувањето со лекови секогаш побудувале големо внимание и интерес, од причини што пензионерите заради здравствената состојба се најголемите потрошувачи на лекови.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VII, број 86
15 септември 2015 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 86 од 15 септември 2015 година

Пензионерите се горди на минатото и задоволни од сегашноста

Возрасните жители на нашата земја со почит му се поклонуваат на минатото, свесни дека народ без минато е народ без иднина. Така беше и на 2 август кога голем број пензионери го посетија славното Крушево. Така беше и во Пелинце и во Скопје. Нивното присуство го одбележи значењето и непобитноста на нашиот втор Илинден од 1944 година, кога беше прогласена независна и слободна Народна Република Македонија. Пензионерите беа присутни и на други места кои се камен-темелници на нашата земја Македонија. Тоа беа достоинствени одбележувања и поклоненија на долгата патека по којашто помина татковината до 8 септември кога Република Македонија стана независна држава. На 20 септември по 69. пат пензионерите од Македонија ќе го празнуваат својот празник. Во чест на денот на пензионерите речиси во сите здруженија ќе има прослави и свечени одбележувања. Од ден на ден, од година на година благодарение на напорите на Сојузот, на неговото раководство и на раководствата на сите здруженија на пензионери негови членки, неговото величество „ПЕНЗИОНЕРОТ“ станува се позначаен и незаобиколен фактор во општеството.

20-ти Јубилејни Републички пензионерски спортски натпревари во Скопје

Дваесеттите јубилејни републички пензионерски натпревари помеѓу најдобрите спортисти од здруженијата на пензионерите во Македонија, кои се изборија на регионалните средби за учество на пензионерската олимпијада, во организација на СЗПМ, годинава се одржаа на 4-ти септември на терените во

комплексот на хотелот Њу Стар во Скопје. На спортското поле се сретнаа 397 натпреварувачи кои пред присутните гости и поддржувачи си ги одмерија силите во 11 спортски дисциплини и во 21 категорија во женска и во машка конкуренција. Оваа најмасовна пензионерска средба се одржа во чест на одбележувањето на 8-ми Септември - Денот на независноста на Република Македонија и 20-ти септември - Денот на пензионерите на Македонија. Спортската пензионерска олимпијада се одржа под покровителство на Владата на Република Македонија - Министерството за труд и социјална политика и поддршка на Комерцијална банка АД Скопје и градот Скопје.

-*Обраќање на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски...*

-*Свечено обраќање на министерот за труд и социјална политика Диме Спасов...*

-*Обраќање на градоначалникот на град Скопје Коце Трајановски...*

-*Обраќање на градоначалникот на општина Бутел Петре Латиновски...*

-*Обраќање на претседателот на ЗП Бутел Љупчо Димовски...*

Тука само се кажува дека имаше обраќања, а текстовите може да се прочитаат во весникот кој е достапен и во електронска форма.

Охрид и Дебрца недостижни победници

Најголемиот јубилеен натпревар помеѓу најдобрите пензионери спортисти кои на регионалните средби се изборија за учество на Републичката пензионерска олимпијада, годинава се одржа на 4-ти септември на терените во комплексот на хотелот Њу Стар во Скопје. Во 11 спортски дисциплини во машка и во женска конкуренција се натпреваруваа 397 спортисти од 41 здружение на пензионери. Во мошне изедначена поединечна и екипна конкуренција, најдобри резултати постигнаа натпреварувачите од ЗП Охрид и Дебрца и по петти пат едноподруго ја освоија победата.

Хронологија на Републичките пензионерски спортски натпревари
20 години спортување и дружење

Пред 20 години во чест на Денот на пензионерите на Македонија, 20-ти септември, во далечната 1996 година на иницијатива на дел од раководството на Сојузот и на некои здруженија започна да со реализација една убава идеја: организирање масовни спортски натпревари на пензионерите во Македонија. Оваа иницијатива била доставена до сите, 34 здруженија на пензионери (толку ги имало тогаш), при што се добиле различни мислења и предлози. Кај многумина постоело извесно сомневање за тоа каков ќе биде интересот кај пензионерите за спортување, дали ќе се обезбедат најнеопходните материјални и други средства и слично. Сепак, преовладале оптимизмот и корисноста од спортското организирано дружење за ширење на пријателства и за надминување на монотонијата во животот кај пензионерите.

Писмо: Реакција со повод -Вистински покачувања, а не измислувања!

На фејсбук објавен е текст со провокативна содржина под наслов: „Какви покачувања на пензии, какви бакрачи“!? Во дел од овој текст е даден публицитет на Соопштението на Партијата на обединети пензионери и граѓани на Македонија, цитат: „За обединетите пензионери „покачувањето“ на пензиите е безобѕирна владина манипулација, а поддршката од СЗПМ - подаништво! Партијата на обединети пензионери и граѓани на Македонија (ПОПГМ), го осудува безобѕирното манипулирање на Владата со пензионерите, со најавата за божемно „покачување на пензиите за 5 проценти“ - се вели во партиското соопштение. Ова соопштение на ПОПГМ претставува демонстрација на неинформираност и непознавање на законската регулатива, во конкретниов случај Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Во случајов не се работи за никаква манипулација на Владата на Република Македонија со пензионерите, ниту за „подаништво“ од СЗПМ, туку се работи за операционализација на членот 5 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 160/2014), што го донесе Собранието на РМ на седницата одржана на 29.10.2014 година.

ЗП Радовиш и Конче: Над 9.000 пензионери се дружеа во Ореовица

И оваа година на 19 јули 2015 година, Здружението на пензионерите од Радовиш и Конче беше организатор на манифестацијата „Пикник на зелено во Ореовица“ која се одржа во манастирскиот комплекс „Свети Ѓорѓија“. Во овој убав летен ден околу 9.000 пензионери од 38 здруженија членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија дојдоа во Ореовица да се дружат и да уживаат во прекрасната природа и богатата културно-уметничка програма.

ЗП Куманово: Еко-хепенинг – Пелинце 2015

Традиционалната средба на пензионерите „Еко-хепенинг 2015“ по 14-ти пат се одржа во славното козјачко село Пелинце, во организација на кумановското здружение. Месноста покрај Меморијалниот музеј на Првото заседание на АСНОМ, со својот природен амбиент покрај реката Пчиња, под дебелите сенки ги дочека учесниците од повеќе градови од Република Македонија. Манифестацијата започна во свечена атмосвера со исполнување на химната на Македонија. На пензионерите од десетина здруженија во улога на домаќин се обрати претседателот на ЗП Куманово, кој им посака добредојде на учесниците и пријатен престој во ова природна оаза на пензионерско дружење, одмор и рекреација.

Од работата на ФПИОМ: Зафати што нѐ чекаат одложување

Во своите финансиски планови, Фондот на ПИОМ, планира средства за санирање, односно за реконструкција и адаптација на деловните објекти што се во негова сопственост. Така, Фондот во Централата, филијалите и деловниците, како и во домовите за живеење на корисниците на пензија со Буџетот за 2015 година планира да инвестира средства за реконструкција, адаптација и инвестиционо одржување во висина од 9.470.000 денари. Во ФПИОМ, планирани се средства за инвестиции за редовно одржување на домовите за живеење на корисниците на пензија во трите дома Аеродром, Автокоманда и Чаир, сите во Скопје и во Пензионерскиот дом во Куманово.

Пензионерите од Скопје со картички за јавен превоз

Во просториите на Здруженијата на пензионерите во Бутел, Ѓорѓе Петров, Солидарност - Аеродром, Гази Баба и други скопски пензионерски организации - членки на Градскиот сојуз на СЗП деновиве голем број пензионери се сликаа за „скопска електонска картичка“ што од 1 јануари 2016 година задолжително ќе се користат за градскиот превоз во Скопје во автобусите на ЈСП и во приватните. Условите и документацијата за добивање на овие типови картички за превоз остануваат и натаму исти и ќе се одвива на осум места, каде што ќе бидат сместени инфоцентрите на локациите во Аеродром, Транспортен центар, Бит-пазар, Карпош 2, Шумарскиот факултет, Порта Влае, ЈСП-турс и седиштето на ЈСП. Најважно за сите корисници на јавниот автобуски превоз е тоа што ќе мора задолжително да ја имаат „скопската електронска картичка“, независно дали е персонализирана или е неперсонализирана.

ЗП Кочани: Голем собир кај манастирот „Свети Пантелејмон“

Традиционалната девета средба на пензионерите од Македонија се одржа кај манастирскиот комплекс „Свети Пантелејмон“ на 11.8.2015 година. Организатор беше ЗП Кочани кое направи сѐ средбата да помине во најдобар ред на општо задоволство на големиот број пензионери дојдени од 23 пензионерски здруженија од цела Македонија.

Продолжува реконструкцијата на пензионерските домови

Министерот за труд и социјална политика Диме Спасов при крајот на август изврши увид во градежните активности за реконструкција и подобрување на условите за живеење на пензионерите во Пензионерскиот дом во Автокоманда во Скопје за што биле вложени три милиони денари.

Домот за стари „Зафир Сајто“ во Куманово
Грижа за пријатен престој на станарите

Домот за стари „Зафир Сајто“ во Куманово, како институција за заштита и грижа на старите лица успешно функционира и постојано работи за подобрувањето на квалитетот на услугите со цел животот на корисниците да им биде што поквалитетен и подостоинствен. Оваа година благодарение на доброто менаџирање на директорот на Домот беше направена целосна реконструкција и уредување на геријатриското одделение, каде што престојуваат неподвижни корисници, а во текот на септември оваа година ќе се преуреди уште еден реон за полузависни станари. Домот соработува и со здружението на пензионери од Куманово, чии членови се чести гости во Домот. Од сето ова задоволни се станарите, но и нивните семејства кои од разни причини се приморани да ги сместат своите родители и блиски роднини во оваа институција. Со други зборови сите се трудат Домот да му биде вистински дом на ова големо семејство на возрасни луѓе.

Повелбата на Република Македонија за Црвениот крст
- поттик за нови активности

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) го честита добивањето на државната Повелба на Република Македонија за Црвениот крст на Република Македонија. Заштитниот знак - Црвен крст на Република

Македонија (ЦКРМ) го означува коренот на хуманоста и вредносниот систем за помош на оние на кои им е најпотребна, ја дава историската и функционалната врска со Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, го истакнува јавниот легитимитет и кредибилитет, ја обезбедува комуникацијата со јавноста и особено ранливата јавност и врши заштита на дигнитетот при активностите во рамките на прокламираната хумана мисија и визија.

Владимирово „Илинденски средби – 2015“

Во Владимирово, со звуците на малешевските зурли и тапани, од 31 јули до 2 август, традиционално се одржаа „Владимирските илинденски средби – 2015“, под мотото: „За Илинден, каде да си, дома да си“. Неколку стотина пензионери, дојдени од Скопје, Куманово, Кочани, Делчево, Штип и други места, во комплексот на манастирот „Свети Илија“, ручаа вкусно манастирско гравче. На средбата настапи и игроорната и музичката група при ЗП Кочани.

ЗП Прилеп: Концерт на пензионери на отворено

На 13 август на камената сцена на плоштадот Александрија во Прилеп, во рамките на Прилепското културно лето, со целовечерен концерт се претставија пензионерите од Битола и Прилеп. Покрај гостите од Битола, свој настап имаа и членовите на КУД „Пензионер“ од ЗП Прилеп.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VIII, број 87
30 октомври 2015 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 87 од 30 октомври 2015 година

Ќе се градат домови за стари лица

Во Скопје и во целата земја недостатокот од сместувачки капацитети за стари лица е дамнешен проблем кој СЗПМ и претседателот Аргировски го истакнуваат секаде и во секоја прилика. Точно е дека во последно време, се отворија повеќе такви приватни установи, но тие не ги задоволуваат потребите на пензионерите, а и се доста скапи. Проблемот станува уште покритичен ако се земе предвид дека животниот век кај нас и во Европа е се подолг и бројот на старите луѓе е се поголем. Од овие причини изјавата на премиерот Никола Груевски дека ќе се градат и реновираат старски домови во Скопје и во Републиката, израдува многумина, особено оние со пониски пензии. - Ќе се градат старски домови за лица со ниски пензии кои не можат да бидат прифатени во приватните старски домови заради цените. Најнапред ќе се гради дом во Скопје, а потоа и во други градови од Републиката. Во таа насока ќе биде изграден нов објект за геријатрија и палијатива во кругот на Геријатрискиот центар во Ѓорче Петров и старски дом со капацитет од 510 легла во Гази Баба во Скопје, - рече премиерот Никола Груевски, на 16 септември одговарајќи на новинарско прашање дали се планира изградба на нов државен Дом за стари лица, а истото го потврди и на неодамнешниот состанок на кој се сумираа и анализираа барањата од граѓаните кои

премиерот и неговите соработници ги слушнаа на средбите кои ги имаа со нив. - Нашата одлука, - појасни премиерот Груевски, - е во правец да бидат згрижени стари лица кои имаат ниски пензии и немаат имот, како и болни стари лица што не можат да бидат прифатени во приватните домови. Сакаме да помогнеме да се зголеми капацитетот на државните старски домови, но не сакаме да им бидеме конкуренција на приватните, кои доста помагаат во решавање на овој проблем, но тие им се недостапни на многумина, а такви незгрижени има многу, - изјави премиерот Груевски. Притоа, тој нагласи дека ќе бидат многу внимателни во однос на ова прашање, за да се овозможи и понатаму да се развива приватниот сектор, кој во овие неколку години, како што рече, доста е развиен и отворени се 17 нови домови за стари лица во Република Македонија и истите згрижуваат околу 600 лица. Во Скопје во моментот во државните домови за стари лица има исполнет капацитет од 558 места, а она што се планира, истакна премиерот Груевски, е дуплирање на овој капацитет и ќе се одвива постепено и во одредени фази. - Старскиот дом во Гази Баба ќе се гради во три фази. Првата фаза ќе биде за 170 лица и ќе чини околу еден милион евра, а Министерството за труд и социјална политика ги почна постапките за проектирање на Домот. Некаде во втората половина на следната година, откако ќе биде избран проектант кој ќе го направи проектот, ќе биде објавен јавен повик за изведувач на објектот. Очекуваме во втората половина од 2016-тата да започне изградбата на првата фаза. Во наредните две фази ќе бидат обезбедени уште 340 легла. Исто така, ќе бидат реновирани и некои од постојните државни старски домови во државата, - рече премиерот Никола Груевски.

На 4 октомври посета на вицепремиерот Зоран Ставрески и министерот Диме Спасов на СЗПМ

- **Од зголемувањето на пензиите задоволни најголемиот број пензионери**

Вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески заедно со Диме Спасов, министер за труд и социјална политика на 4 октомври го посетија СЗПМ. - Нашата доверба и соработка не се од вчера. Ги градиме веќе девет години, а резултатите се потврда за тоа. Владата и нејзините министерства водат континуирана грижа за најстарите жители на земјата. Во таа насока се и многуте проекти кои се реализирани со успех, а така ќе биде и во иднина, - изјави на почетокот на средбата, вицепремиерот Ставрески. Надоврзувајќи се на неговите зборови Диме Спасов рече: - Владините проекти бањско-климатска рекреација и бесплатен туристички викенд пензионерите ги поздравија со задоволство. Тоа го потврдија на неколкуте средби што ги имавме со нив. Со овие два проекта досега се опфатени над 36.000 пензионери. Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски ги информираше гостите за неодамнешното учество на македонските пензионери на 15. меѓународен фестивал за трета животна доба во Љубљана - Словенија, на кој со песни и игри од Македонија беше претставена нашата земја пред присутните пензионери и гости од Австрија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Македонија, Словенија, Србија, Унгарија и Црна Гора, и на кој претседателот на СЗПМ беше прогласен за лидер во пензионерското организирање на Балканот и пошироко и беше поздравена иницијативата идната година да се одржи Балканска фолклорна ревија по повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија. Тој, исто така, ги информираше високите гости дека сите тие

постигнувања се резултат на залагањата на членството, но и на поддршката што ја има Сојузот од нашата Влада, нејзините министерства и локалната самоуправа. Потоа беше одржана прес-конференција на која имаше голем број новинари од електронските и пишаните медиуми. Во својата изјава пред нив, Зоран Ставрески рече: - Денес беше исплатена септемвриската пензија зголемена за 621 денар за секој пензионер во Р Македонија. Во октомври 2016 година ќе бидат исплатени уште по 650 денари зголемени пензии за сите пензионери во државата. Со ова го исполнивме најголемото ветување кое им го дадовме на нашите највозрасни граѓани, што е доказ дека ние како Влада ветувањата не ги забораваме и ги исполнуваме. Во својата изјава Диме Спасов појасни дека Владата и Собранието на РМ ги усвои измените и дополнувањата на Законот за ПИОМ и на Законот за социјална заштита. - Со ова последно зголемување пензиите се зголемија за 5 %. Досега зголемувањето на просечната пензија од 2006 година заклучно со октомври годинава изнесува 70,3 проценти. Од 7.683 денари, во 2006 година, сега просечната пензија изнесува 13.085 денари, - рече Спасов. - Оваа одлука на Владата ја поддржа и СЗПМ. Зголемувањето на овој начин е многу поголемо од редовното усогласување за многу поголем број пензионери со пензии до 15.000 денари и за нив изнесува од 4-8 %. Согласувњето на Сојузот со ова решение е во согласност со главната карактеристика на пензионерите: - солидарноста. Најголемиот број пензионери се задоволни бидејќи со ова покачување просечната пензија во Р Македонија е највисока од земјите во опкружувањето, - истакна Аргировски.

ЗП Пробиштип - Пикник на зелено во Лесново
Времето не ги поколеба пензионерите

И годинава Здружението на пензионерите од Пробиштип беше организатор на традиционалната средба на зелено во Лесново. Средбата се одржа на 21-ви септември и беше во рамките на одбележувањето на Денот на пензионерите во Македонија 20-ти септември и големиот празник на православните верници „Мала Богородица“. Во нешто помал број од минатата година, сепак бројката од околу 6 илјади пензионери од цела Македонија ги надмина очекувањата. Според програмата на домаќинот ЗП Пробиштип, со претставниците од 30-те здруженија се одржа средбата на која се разменија предлози, искуства и мислења за негување на традицијата на ваквите дружења на оваа популација.

Пикник-средба во Сарај – Скопје:
Уште еден пример за нашиот соживот

Рекреативниот спортски комплекс Сарај во Скопје, сместен во истоимената општина покрај десниот брег на Вардар, на 15 септември беше центар на најмасовната пикник-средба на пензионери од скопските и десетина други здруженија од СЗПМ, која првпат оваа година под покровителство на градоначалникот на Скопје ја организираше Градскиот сојуз на здруженијата на пензионери. Над 2.000 пензионери, по повод Денот на сувереноста на нашата држава и својот празник - 20 септември, чествуваа и во пријатен амбиент и убаво време повеќе часови се дружеа.

ЗП Виница: Втора средба кај Драгобраште

Традиционалната втора средба на пензионерите од Виница и регионот се оджа на 13-ти септември кај манастирот „Вознесение Христово“ близу селото Драгобраште. На средбата присуствуваа голем број пензионери дојдени од повеќе здруженија од Кочани, Штип, Карбинци, Македонска Каменица, Конче, Радовиш, Делчево, Пехчево, Берово и Виница. Средбата ја организираше ЗП Виница со помош на општина Виница и Црковниот одбор на Манастирот „Вознесение Христово“ во село Драгобраште.

Излагање на Меѓународната конференција во Љубљана, Словенија 30.9.2015 година: „Како до активно стареење“ –Драги Аргировски

Почитувана екселенцијо Иво Вајгл, почитувани европратеници, почитувани дами и господа, драги домаќини. Чест ми претставува и задоволство да ве поздравам од името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, најмасовна и најактивна невладина, неполитичка мултиетничка пензионерска организација во Република Македонија со вкупно 250.000 редовни членови. Во моето излагање посебно ќе се задржам на постигнувањата и проблемите во работата на Сојузот, со акцент на меѓугенерациската солидарност и соработка и вработувањето на постарите луѓе.

15-ти фестивал за трета доба во Љубљана - Словенија
Достојно претставена Република Македонија

Во организација на СЗПМ, а со директно учество на делегација од СЗПМ и културно-уметничките друштва од ЗП Радовиш и Конче и ЗП Македонска Каменица, на 29 и 30 септември и оваа година беше успешно реализиран проектот „Учество на меѓународниот 15-ти фестивал за трета животна доба, Љубљана, Словенија“. На маргините на Конференцијата се одржа и Прва средба на претседатели на сојузите на пензионерите од Југоисточна Европа, што ја водеше новиот претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија, Антон Донко, кој врачувајќи му уметничка слика на претседателот Драги Аргировски, свечено го промовира во лидер на пензионерското организирање на Балканот, што беше прифатено со аплауз од сите присутни. На втората конференција со која раководеше Давор Домикуш, претседател на програмскиот борд за Фестивалот, на тема „Сеопфатни стратегии за стареењето“, посебен интерес предизвика подготвувањето на закон за старите лица во Словенија, како новитет во Југоисточна Европа.

ПРЕС во СЗПМ: Зголемување на пензиите поголемо кај пензионерите со пониски примања

Во СЗПМ на 27 септември се одржа средба со претставници на поголем број медиуми на која претседателот Драги Аргировски информираше дека септемвриската пензија е зголемена за 621 денар. Со тоа се имплементира одлуката на Собранието на РМ усвоена во октомври минатата година. Покачувањето не е еднократно, туку влегува во основата на пензиите за наредниот период и е исто за секој пензионер во нашата земја.

ЗП Штип и Карбинци: Пензионерскиот дом во завршна фаза

Завршувањето на изградбата на Домот на пензионери и стари лица во Штип е насушна потреба и доминантна цел во Програмата на ЗП Штип и Карбинци. Повеќе субјекти од градот под Исарот се заинтересирани за побрзо ставање во функција на ова здание, иако главниот товар го носи матичното здружение на пензионери кое во изградбата до карабина ги вложи сите заштедени средства. Домот влезе во втора фаза на изведба, а донесена е одлука на ИО за пренамена на покривот, што ќе чини повеќе средства и време, но долгорочно гледано ќе биде многу поефикасен. Изведувањето на занаетчиските работи, столаријата, преградувањата, инсталирањето водовод и канализација, како и другите работи, како што рече, потпретседателот на ИО, бараат дополнителни финансиски средства, што ги нема здружението, а овој проблем би можел да се разреши со враќање на данокот на додадена вредност од 18% во износ околу 5 милиони денари, што ќе биде доволно за ставање во функција на Домот.

ЗП Куманово: Втора мултиетничка средба во Глажња во општина Липково

ЗП Куманово и огранокот на пензионерите од Липково на 3.10.2015 година ја организираа втората традиционална мултиетничка средба на која зедоа учество стотина пензионери од Куманово и од селата Умин Дол, Љубодраг, Ново Село, Бедиње, Матејче, Липково, Слупчане и Старо Нагоричане. Според утврдената програма најпрвин беше посетена Месната заедница и Пензионерскиот клуб во Липково, а потоа во училиштето беше организирана работна средба.

ЗП Гази Баба: Пријатна и незаборавна средба

Во организација на Активот на пензионерки при ЗП Гази Баба, на 29 септември се одржа, по третпат, традиционалната средба, а во чест на верскиот празник, „Светите маченици“ Вера, Надеж и Љубов, кој е и ден на Активот на пензионерките при Здружението, на која присуствуваа повеќе од 250 пензионери од градовите: Куманово, Прилеп, Битола, Струмица, Неготино, Кичево и пензионерските здруженија од Скопје: Тафталиџе, Бутел, Илинден и Карпош.

Дневен центар за пензионери од село Истибање

Наместо денот да го минуваат на бетонските плочи покрај коловозот, 130 пензионери од село Истибања - Виничко, ќе го минуваат во квалитетно уредено и пријатно место за секојдневно дружење и релаксација. Просториите од поранешниот пензионерски дом сега се комплетно адаптирани со сите потреби на оваа категорија граѓани од третата доба. Во дневниот центар вложени се околу 20.000 евра за преуредување и адаптација и 4.500 евра за внатрешно уредување. Ова е 13-ти дневен центар за стари лица на ниво на државата.

ЗП Прилеп: Празнична средба на пензионерите од Македонија

Весели, расположени за другарување и се разбира за игра, беа над 300 пензионери од повеќе здруженија од Македонија за празникот 11 Октомври во Прилеп. Традиционално, за денот на вооруженото востание на македонскиот народ, 11 Окртомври, се одржува средба на пензионерите во градот првоборец и херој, Прилеп. Така беше и годинава. На овој ден, Прилеп со право може да се

каже дека беше Македонија во мало. Пензионерите и пензионерките ги имаше скоро од сите здруженија, од повеќе градови на државава.

ЗП Кочани: Пензионерите на зажнејување на ориз

Во завршните активности од манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ кои се одржаа на оризовите полиња во село Прибачево Кочанско, учествуваа и членовите на Фолклорниот ансамбл при ЗП Кочани. Дваесетина пензионери облечени во народна носија со српови во раце потпомогнати од оркестарот на здружението, изведоа неколку жетварски народни песни од кочанскиот крај, со што и официјално ја започнаа рачната жетва на оризот во кочанскиот регион.

На сцената на Кумановскиот театар:
Заеднички проект на професионалци и пензионери аматери

Драмската работилница на КУД „Ѓоко Симоновски“ на ЗП Куманово достигна уште еден извонреден успех во својата приказна. Неочекувано, но сосема заслужено доби извонредна прилика своите актерски квалитети да ги покаже во заедничкиот театарски проект на Народниот театар од Куманово. Имено, успешната актерска игра во битовите драми, ги забележа младата режисерка Билјана Радиновска од Скопје и во својот проект на комичната драма „Зад кулисите“, ангажира да учествуваат девет пензионери артисти. Со тоа, нашите актери го одбележаа своето прво актерство на сцена на професионален театар. Тоа е големо признание за ансамблот на драмската работилница на пензионерското здружение на Куманово.

ЗП Битола: Дониран „Летниковец“ на Домот за стари лица „Сју Рајдер“

Во рамките на редовните активности, а во согласност со годишната програма на ЗП Битола, на 7 септември, остварена е посета на Домот за стари лица „Сју Рајдер“ во Битола. Посетата ја реализира одбрана делегација на Здружението, а по повод предавање на објектот „Летниковец“ кој е направен во дворот на Домот за потребите на штитениците, корисници на услугите на Домот „Сју Рајдер“. - Ова е едно од низата активности кои ги спроведуваме со Здружението на пензионери од Битола и е резултат на исклучителната соработка. Овој „Летниковец“, убедена сум дека нашите штитеници добро ќе го искористат. Намената му е, во дворот да можат да одмораат, да играат шах, дама или карти, или едноставно да се дружат во една пријатна атмосфера. Морам да нагласам и тоа дека ЗП Битола е наш најпосакуван гостин и искрен соработник со кој сме во постојан контакт за реализација на заеднички активности, - потенцираше директорката Марица Тодоровска. Да потсетиме. Домот за стари лица е модерна зграда, неодамна пуштена во употреба, опремена по сите стандарди за најсовремени услови за живот. - Оваа донација е во рамките на нашата соработка со Домот за стари лица. Донацијата „Летниковец“, ќе ја користат станарите на Домот, кои се наедно и наши членови. Што се однесува до соработката со раковотството на Домот, го искажувам огромното задоволство од досега реализираните заеднички проекти, начинот на соработка и комплетните реализации на истите, - истакна претседателот на битолските пензионери Томе Илијовски. Токму така. Во повеќе наврати и на страниците на нашиот весник ја забележавме, токму успешната соработка на Домот за стари лица и ЗП Битола.

Тие се без малку постојано присутни во Домот по разни поводи, а обостраната соработка е секогаш добредојдена.

Пензионерите во „Феферонче шоу“

Деновиве на МТВ се прикажува емисија за натпревар во готвење, така наречена „Феферонче шоу“. Најбројни учесници во ова шоу се пензионерите. Учеството на пензионерите во ова шоу покажува колку се неограничени можностите за исполнување на нашиот пензионерски живот и дека пензионерите умеат да покажат што научиле во својот живот и дека годините не се пречка и на овој план, готвењето.

ЗП Кочани: Презентиран проектот за Дом за стари лица

Во просториите на ЗП Кочани на 8 октомври министерот за труд и социјална политика Диме Спасов присуствуваше на презентацијата на изработената проектна документација за изградба на регионален Дом за стари лица. Претседателот на ЗП Кочани Ѓорѓи Серафимов, ги поздрави присутните истакнувајќи дека го радува и што заедно со Општината и Министерството прејавува интерес за градба на ваков објект кој ќе има региоанален карактер. По видеопрезентацијата на домот што ја направи архитектот Александар Гицов, Спасов истакна дека се работи за модерен, енергетски ефикасен проект. - Ние како Министерство ги поддржуваме ваквите идеи и ќе дадеме максимална поддршка и на Општината и на Здружението на пензионери од Кочани за изнаоѓање стратешки партнер за изградба на истиот, - истакна министерот Спасов. Градоначалникот на Кочани, Ратко Димитровски најави распишување на јавен повик за изнаоѓање приватен инвеститор за да може на определената локација да се гради дом со сите современи потреби за вакво домување.

ЗП Солидарност - Аеродром и ЗП Охрид и Дебрца
Натпреварување и дружење во Скопје

Во Скопје, на 15 октомври 2015 година, двете збратимени здруженија на пензионерите, ЗП Солидарност - Аеродром и ЗП Охрид и Дебрца одржаа спортско-рекреативни игри под мотото „Заедничко спортување и дружење за одржување на виталноста“. Поводот за тоа беше одбележувањето една година од потпишувањето на Спогодбата за збратимување.

ЗП Крива Паланка: Награда „8-ми октомври“ за Здружението

По повод Денот на ослободувањето на Крива Паланка - 8-ми октомври, на свечената седница на Советот на општината, највисоката награда „8-ми октомври“ беше доделена на Здружението на пензионери Крива Паланка. Задоволни од ваквиот потег, раководните луѓе од Здружението се пријатно изненадени што нивното работење и успесите ги следеле и надлежните фактори од општината и затоа Здружението го номинирале како единствен кандидат за оваа висока општинска награда.

ЗП Прилеп: Милион денари на име еднократна помош

Еден милион денари, Здружението на пензионерите од Прилеп, годинава додели како еднократна помош на скоро 220 свои членови. Деновиве им беа исплатени средствата на 70 пензионери. Комисијата на ЗП Прилеп ги разгледа

барањата на пензионерите со пониски пензиски примања и здравствени проблеми и на 11 членови на ЗП им додели по 5.000 денари, на 24 по 4.000 и на 35 членови по 3.000 денари. Вакви и слични на овие активности, ова ЗП практикува од поодамна и е едно од пензионерските здруженија во Македонија што посебно се грижи за финансиската и здравствената состојба на своите членови и им помага.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VIII, број 88
27 ноември 2015 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 88 од 27 ноември 2015 година

Конфедерација на синдикатите на пензионери на Поградец, Албанија

- **Зародиш на нови мостови на соработка на пензионерите на Македонија, Србија и Албанија**

Конфедерацијата на синдикатите на пензионерите на Поградец, Албанија, на 7-ми ноември ја одржа годишната седница на Собранието. Извештај за работата на Собранието за 2015 година, поднесе претседателот на Конфедерацијата. Тој во извештајот посебен акцент стави на економско-социјалната состојба, стандардот на пензионерите и актуелните потешкотии присутни во општеството, во државата и пошироко во регионот. Присутните претставници на Собранието и гостите од неколку здруженија од Македонија и од Србија, од името на СЗПМ ги поздрави потпретседателот на Собранието. На годишното Собрание присуствуваа делегации на раководствата на ЗП Врање и Прешево, од Србија, на ЗП Охрид и Дебрца, на ЗП Гостивар и на ЗП Дебар и Центар Жупа, здруженија од Македонија. Присутните на Собранието од името на пензионерите на ЗП Охрид и Дебрца ги поздрави претседателот на Извршниот одбор кој рече: - Соработката со Конфедерацијата на синдикатите на пензионерите на Поградец успешно и континуирано се одвива повеќе од 20 години. Задоволни сме од успешната соработка, а посебно што таа се проширува и со други здруженија на пензионери од Србија и од Македонија. Воспоставување на соработката значи зближување на пензионерите од трите држави, воспоставување нови хоризонти на соработка, која треба да се проширува и унапредува, а во тие рамки ние сме амбасадори на зближувањето и градење мостови на пријателства. Во знак на проширувањето на соработката на Конфедерацијата на синдикатите на Поградец со други здруженија, на ЗП Врање, ЗП Гостивар и ЗП Дебар и Центар Жупа, им беа врачени признанија за почесни членови на Конфедерацијата. Вакво признание на претседателот на Извршниот одбор на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески му е врачено уште во 2007 година, и оттогаш Трпчески е прв почесен надворешен член на Конфедерацијата на синдикатите на пензионерите на Поградец - Република Албанија.

Сојуз на ЗП на град Скопје
- Шаховски турнир по повод празникот на градот

По повод Денот на ослободувањето на Скопје - 13 ноември, во организација на Градскиот сојуз на здруженијата на пензионери од Скопје, а под покровителство на градоначалникот Коце Трајановски, се одржа традиционалниот шаховски турнир помеѓу здруженијата членки на Сојузот. Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија во интерес на пензионерската организација и натаму ќе ја поддржува и унапредува соработката со Градот. Шаховскиот турнир протече во добра организација и пријатна атмосфера за натпревар. Најдобри резултати постигнаа шахистите од ЗП Ѓорче Петров во машка конкуренција и женската екипа од ЗП Центар. Второто место го освои машката екипа од ЗП Центар и женската од Ѓорче Петров. Третопласирани беа екипите во машка и женска конкуренција од ЗП Кисела Вода.

Состанок со претставници на СЗПМ и МЦМС

На 30 октомври Комисијата за менаџирање проекти на СЗПМ одржа состанок на кој присуствуваа: претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, Александар Кржаловски, директор на МЦМС, како и Андреа Наумовски, Ѓорѓи Хаџи-Васков и Драги Мишевски, членовите на комисијата. Состанокот започна протоколарно, при што претседателот Аргировски во куси црти го запозна претставникот на МЦМС Кржаловски со улогата и целите на СЗПМ, со влијанието на Сојузот во државата, со неговиот мултиетнички и непартиски карактер, активната меѓународна соработка, лидерското место во регионот и признанијата добиени од Сојузи на пензионерите во опкружувањето и пошироко, за грижата за животниот стандард на пензионерите, за организирањето на културно-забавниот и спортскиот живот на членството, како и со активностите и целите на новоформираната Комисија за менаџирање проекти при СЗПМ. Посебно се осврна и на иницијативата за организирање на „Европска фолклорна пензионерска ревија Скопје 2016“ со поддршка на ЕУ и европратеникот Иво Вајгл која се очекува да се одржи по повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија. Претседателот Аргировски потсети дека своевремено СЗПМ имал свој член во Советот на МЦМС и дека би било добро тоа да се обнови. Кржаловски ја искажа заинтересираноста на МЦМС за соработка и учество во заеднички проекти што би било од заедничка корист, при што го подвлече нивното искуство и познавања за изработка на добри проекти. Препорача да се пријави СЗПМ за институционален грант (на крајот од годината) и за акциски грант (април 2016 година). Исто така Сојузот може да конкурира и за помалите грантови кои не се условени со добивање на еден од споменатите големи грантови, а кои се одбираат од пријавените секои 3 месеци, до 2017 и 2018 година. Исто така тој вети дека ќе се заложи СЗПМ да добие покана за следниот повик за предлагање член во новиот Совет на организацијата.

ЗП Лозово - Незаборавна средба на верскиот празник Петковден

Општинското здружение на пензионерите од Лозово, по повод верскиот празник Параскева - Петковден, на 27.10.2015 година, беше домаќин на повеќе Здруженија на пензионери, кои заедно со месното население во црквата Петковица, го одбележаа овој голем ден, кој беше убав, сончев, празничен. Откако се проследија верските обичаи во црковниот храм, честитки за празникот

до месното население и гостите упати претседателот на ЗП Лозово. Таа топло добредојде им посака на претставниците на СЗПМ, на пензионерите на ЗП Свети Николе, ЗП Велес, ЗП Кратово, ЗП Крива Паланка, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Македонска Каменица, ЗП Неготино, ЗП Демир Капија, ЗП Бутел, Здружение на трудови инвалиди Свети Николе, Здружение на трудови инвалиди Велес, како и на генералниот спонзор „ЗЕГИН“. На присутните им се обрати и секретарот на ИО на СЗПМ, која им го честита празникот на сите, а во своето обраќање посебен осврт даде за поволностите што ги имаат и оние што допрва ќе следуваат за пензионерите во Македонија. Потоа многубројните гости беа послужени со црковен ручек, вкусно македонско гравче. Но, најсреќни беа пензионерите од ЗП Велес, бидејќи според верските обичаи за празникот е потребен кум, а ЗП Велес се јави за кумство за наредната година. За доброто расположение придонесе и музичката група „Четири плус еден“ од Лозово која ги крена на нозе сите пензионери, и цел ден неуморно се играше.

Средба кај градоначалникот на Скопје
- Сесрдна поддршка на пензионерите

На иницијатива на Раководството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Скопје и новиот претседател на ИО, на 18-ти ноември, беше реализирана средба на претседателите на ЗП членки на Сојузот со градоначалникот на Скопје, наедно претседател на ЗЕЛС Коце Трајановски, на која присуствуваше и учествуваше во разговорот претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Добредојде на предводниците на градските здруженија и на лидерот на СЗПМ, им посака градоначалникот Трајановски, кој на почетокот ја истакна добрата и континуирана соработка со градските здруженија на пензионери и Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, која, како рече, беше официјализирана со потпишување меморандум и планирање средства за поддршка на пензионерите од буџетот на градот. Средбата помина во работна атмосфера и исклучителна оперативност и подготвеност на градоначалникот да се решаваат актуелните прашања и проблеми. Градоначалникот Трајановски покажа подготвеност и преземливост за брзо решавање на прашањето околу дефинирањето на сопственичките односи на Рекреативниот центар Катланово, како и проблемот со бесплатниот автобуски превоз, за кој даде ветување дека ќе се заложи истиот да важи за повеќе денови и за сите пензионери, а не само за старите лица. Средбата заврши со заедничко фотографирање и ветување на градоначалникот до следното видување пред Нова година поставените прашања и барања да се решат и пензионерите да се чувствуваат рамноправни граѓани и задоволни и среќни што живеат во нашата метропола.

Тромеч помеѓу ЗП Куманово, Гази Баба и ЗВП
Воените пензионери добри домаќини и организатори

На 6-ти ноември, во Спортско-рекреативниот центар на АРМ во Скопје, се одржа традиционалниот „Спортски тромеч – 2015“ помеѓу пензионерите од ЗП Гази Баба, ЗП Куманово и Здружението на воените пензионери, кое наедно беше домаќин и одличен организатор на средбата. Добредојде на учесниците и на гостите им посака претседателот на ЗВП, при што посебно ги поздрави претставникот на Генералштабот на АРМ. Притоа соопштени беа спортските

дисциплини за натпревар (пикадо, шах, домино, табла, фудбал - шутирање пенали и кошарка - слободно фрлање во кош).

ЗП Неготино - Традиционална фолклорна регионална средба

Програмските активности на ЗП Неготино континуирано и плански се остваруваат и на сите полиња се забележува успех во работата. Грижата за животот и здравјето на пензионерите се манифестира низ повеќе облици и начини на дејствување. Така, раководството на здружението, имајќи ја предвид возраста на членството, настојува да им излезе во пресрет на потребите и барањата, при што организира разни активности според искажаниот интерес, како што беше и неодамнешната масовна акција за проверка на притисокот и мерење шеќер во крвта на повеќе од стотина пензионери. Исто така, во октомври беа актуелни и културно-забавните и рекреативните активности, од кои посебен впечаток остави манифестацијата „Пензионерите пеат“ во која со свои претставници учествуваа здруженијата на пензионери од Кавадарци, Битола, Велес, Гевгелија, Прилеп со настапот на КУД „Пенка Котеска“ и „Пензионер“ и Здружението на пензионери домаќин од Неготино. На оваа фолклорна средба учествуваа и инвалидските пензионери од Кавадарци. Добредојде на гостите и учесниците во улога на домаќин им посака претседателот на неготинското здружение**,** а пригодно обраќање имаше и градоначалникот на општина Неготино. На крајот од манифестацијата беше организирана другарска средба.

ЗП Демир Хисар - Едукативна работилница на ФЗОМ

Топлото ноемвриско сонце придонесе педесетина демирхисарски пензионери да присуствуваат на едукативната работилница за користење ортопедски помагала и снабдување со лекови. Здружението на пензионери Демир Хисар и ФЗОМ заеднички беа организатори на оваа едукација преку која пензионерите се запознаа со сите новости што ги засегаат нив. Како гости - предавачи од ФЗОМ беа фармацевтот Марија Конева и д-р Ана Филиповска. Пензионерите поставуваа многу прашања во врска со нивните права, а добиваа мошне исцрпни и прецизни одговори. Секако, најголем интерес искажаа за цената на лековите. Претседателот на ЗП Демир Хисар истакна дека пензионерите се особено заинтересирани за ваков вид предавања, па така Здружението и понатаму ќе продолжи со вакви и слични едукации и информирања за кои ќе пројават интерес пензионерите. Демирхисарските пензионери беа задоволни и благодарни на стручните лица за нивниот пријателски пристап. Тие искрено се заблагодаруваат и за настојувањата на СЗПМ и ФЗОМ грижата и исполнувањето на правата на пензионерите да станат секојдневна практика во работата на одговорните субјекти.

Куманово „Пензионерите за својот град“

По повод одбележувањето на Денот на ослободувањето на Куманово - 11 ноември, во Центарот за култура „Трајко Прокопиев“ во Куманово беше одржана традиционалната манифестација „Пензионерите за својот град“, во која, покрај претставниците на ЗП Куманово, главно од КУД „Ѓоко Симоноски“, учествуваа и членови на Фолклорниот ансамбл, солисти и оркестарот на народни инструменти од ЗП Кочани. Пред почетокот на концертот во холот на Центарот за култура беше отворена изложба на ликовни дела од пет автори пензионери, за кои стручно

толкување даде Роберт Цветковски, историчар на уметноста. На почетокот присутните ги поздрави претседателка на Комисијата за културно-уметники самодејности Славица Ламбаша, при што го истакна значењето на оваа активност за љубителите и творците на ликовните дела, кои преку четката и боите ги искажуваат своите видувања и доживувања. Една слика - илјада зборови доловени во еден миг остануваат овековечени засекогаш. Изложбата беше проследена од голем број посетители и гости. Инаку, главната манифестација - концертот „Пензионерите пејат за својот град“ се одржа во големата сала на Центарот за култура во Куманово на која настапија оркестарот, солисти на народна музика и членови на драмската секција при Кумновското здружение. И настапот на кочанските пензионери - фолклористи беше поздравен со бурен аплауз од публиката, која ја исполни салата до последното место. Дружењето меѓу кочанските и кумановските пензионери продолжи и по концертот. Народната песна и оро одекнуваа до доцните вечерни часови. Такво пријатно дружење и убави доживувања се очекуваат и на следната средба, која мошне брзо ќе се одржи во Кочани.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година VIII, број 89
25 декември 2015 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 89 од 25 декември 2015 година

Среќна нова 2016 година

Во годината што изминува имаше проблеми во нашите домови, во нашата земја, но и глобално во целиот свет. Имаше и радости: средби, дружења, натпревари, јубилеи, годишници... Затоа, не мислете само на лошото, дајте му предност на убавото. Искористете ги вашата мудрост и искуство стекнати низ годините за полесно да се справите со сè. Сетете се дека животот никогаш не бил милозлив. Тоа најдобро го знаеме ние припадниците на третата доба. Дочекајте ја Новата 2016 година мудро и со радост. Запаметете ги убавите нешта за да ви ја греат душата во годината која доаѓа. Оставете ги грижите и работите што ве вознемирувале. Заборавете на долговите, болестите, на оние кои внесувале немир во вашите срца, па макар да се и вашите најблиски. Влезете во Новата година со љубов и со добра мисла, свесни дека не е среќа да се посакува нешто што го немате, туку да уживате во она што го имате. Малите нешта, кои најчесто и не ги забележуваме, нека бидат содржината на деновите кои доаѓаат. Посакајте си себеси и на сите што ви се блиски и драги добро здравје. Посакајте да биде мир во државата и во светот, мир на целата планета. Бидете позитивни, добронамерни, хумани и љубезни. Дарувајте ја својата добрина, внимание и пријателство, на секој на кој му е потребно. Радувајте му се на секој нов ден, на убавата книга, убавата музика или песна, на прошетката со пријателите, напијте се кафе или чај со пријателот што сте го подзаборавиле, радувајте се на успесите на вашите деца и внуци, на сите што ви се блиски... Пречекајте ја Новата 2016 година, со

насмевка и желба да ни биде сѐ подобро од изминатата, сѐ подобро во секоја наредна година. Бидете среќни и весели каде и да сте, во вашите домови, сами или со најблиските, во некој пензионерски или старски дом заедно со вашите врсници. Сетете се дека 2016 година, е особено значајна за нас пензионерите, бидејќи оваа година се навршуваат и 70 години од пензионерското организирање во Македонија. Овој значаен јубилеј да го прославиме достоинствено онака како што тоа сме го правеле многупати досега. Да го одбележиме со активности кои ќе им бидат пример на сите пензионери во опкружувањето и пошироко. Да ги забележиме со крупни букви сите резултати, сите успеси и постигања насобрани низ годините, за да оставиме неизбришлива трага за нашето постоење и постигања. Со песна и оро, со другарство и соживот на нашите фолклорни ревии, на нашите спортски натпревари, на нашите средби и прослави, да покажеме дека нашиот пензионерски живот е добар и достоинствен и дека сите заедно и понатаму сплотени ќе настојуваме да биде уште подобар и подостоинствен и нашиот и на идните генерации кои доаѓаат. - СЗПМ

Резултатите поттик за нови активности во јубилејната 2016 година

Собранието на СЗПМ на 21 декември ја одржа својата втора седница во новиот состав. На седницата донесени се значајни документи и одлуки. Според едногласно усвоениот дневен ред најнапред воведно излагање за Предлог-статутарната одлука за измени во Статутот на СЗПМ даде претседателот на Комисијата за Статутарни прашања на СЗПМ. Тој детално ги образложи најбитните одредби заради кои беше пристапено кон овие измени и притоа нагласи дека истите немаат цел да се мешаат во автономноста на здруженијата кои се правни субјекти, но дека од друга страна, тие треба да го почитуваат Статутот на асоцијацијата во која тие доброволно пристапиле. Секретарот на ИО на СЗПМ рече дека оваа одлука е резултат на согледувања на Сојузот и здруженијата и дека при неговата изработка претходно е испочитуван во потполност демократскиот процес на работење. На крајот се донесе заклучок пречистениот текст на новиот Статут на СЗПМ да се изврши до март, а здруженијата да ги усогласат своите Статути до крајот на 2016 година. На седницата на дневен ред беше и Предлог-програма за работа на СЗПМ. Програмата за јубилејната 2016 година беше оценета како сеопфатна и едногласно беше усвоена од присутните. Финансискиот план за 2016 година на СЗПМ го образложи главниот книговодител кој рече дека истиот е изготвен врз база на Извештајот за период од 1.1. до 30.11.2015 со предвидувања за декември месец. Тој истакна дека со донесување на овој документ на крајот од годината се избегнува донесување на одлука за привремено финансирање за првите три месеци од 2016 година, како што беше практика во изминатите години. Оценка за финансиското работење во 2015 година, како и за финансискиот план за 2016 претходно даде Надзорниот одбор на СЗПМ, а истата ја усвои Извршниот одбор. Приходот во најголем дел е од членарина, а најголеми ставки на трошок се: ревиите, спортските натпревари и излегувањето на весникот „Пензионер плус“. Потоа, претседателот на Комисијата за спорт на СЗПМ, ги образложи измените на Правилникот за спортски натпревари. Меѓу другото рече дека се укинуваат дисциплините двобој и тробој, а се воведуваат шутирање на мали голчиња и слободно фрлање на кош. На седницата за нови членови на ОРО беа избрани: Салтир Каровски, Ѓорге Андонов, Кирил Ѓорѓиоски и Јован Гиновски.

Постигнатите резултати и успеси на Сојузот во 2015 година претставуваат обврска, но и поттик за уште подобро работење во иднина, а особено во наредната јубилејна 2016 година.

5-та седница на ИО на СЗПМ

Донесени важни документи и избран нов потпретседател на ИО на СЗПМ

На 10-ти декември 2015 година се одржа петтата седница на Извршниот одбор на СЗПМ. На почетокот на седницата имаше Комеморација и едноминутно молчење со кое му се оддаде почит на починатиот потпретседател на ИО на СЗПМ Методи Тошевски кој даде своевиден придонес во работата на Сојузот и пензионерското организирање во земјата. Потоа на седницата со еден глас воздржан беше избран Салтир Каровски за нов потпретседател на ИО на СЗПМ. Претседателот на Статутарната комисијата поднесе информација за резултатите од јавната расправа по Предлогот за измени во Статутот на СЗПМ. Беа усвоени предложените измени кои заедно со препораките ќе ги усвои Собранието на СЗПМ на 21 декември 2015 година. Извештај за успешното финансиско работење на Сојузот во периодот од 1.1. до 30.11.2015 година, поднесе главниот сметководител на СЗПМ. Се заклучи дека Сојузот во назначениот период работел според планот, средствата се трошени рационално и домаќински, дури во одредени ставки има и заштеда, а така ќе се продолжи и до крајот на годината. На седницата едногласно беше усвоена Предлог-програмата на СЗПМ за 2016 година. На седницата претседателот на Комисијата за спорт и рекреација ги образложи новите измени во Правилникот за спорт на СЗПМ. Во правилникот се воведени две нови дисциплини: шутирање на мали голчиња и фрлање на кош наместо двобој и тробој. На седницата беа донесени и неколку одлуки за несметано тековно работење.

„Салтир Каровски, потпретседател на Извршниот одбор на СЗПМ. Роден е 1948 година. Има завршено Правен Факултет во Скопје. За време на својот работен век извршувал одговорни и значајни раководни задачи и општествени функции. Бил: секретар на Секретаријатот за народна одбрана на општина Чаир - Скопје; помошник-министер за одбрана на РМ и раководител на Инспекцијата за одбрана. По пензионирањето, најнапред се вклучува во работата на ЗП Бутел, а потоа и во ЗП Центар. Во СЗПМ член е на ИО, претседател на Комисија за меѓугенераciска соработка и соживот и претседател на Одборот на регистрираната организација за солидарен фонд и членарина“.

Саем на НВО

На четврти декември 2015 година во МКЦ се одржа Саем на невладини организации под покровителство на градоначалникот на град Скопје. Повеќе од 60 НВО имаа свои штандови на кои преку разни промотивни материјали промовираа свои цели и активности. Свој штанд на саемот имаше и СЗПМ како една од најголемите невладини организации во РМ. На Саемот на НВО беа изложени весници, билтени, книги, флаери и друго. Беа одржани и повеќе работилници. И СЗПМ имаше своја работилница на која модератор беше Георги Хаџи-Васков, а за активностите и резултатите на СЗПМ зборуваше претседателот на СЗПМ кој посебен акцент даде на 70-годишниот јубилеј на Сојузот кој е идната година. За волонтерството во СЗПМ зборуваше секретарот на СЗПМ. Потоа

имаше прашања и одговори. На крај од саемските активности имаше доделување награди и признанија. Се на се убава можност за меѓусебно запознавање умрежување и соработка меѓу невладините организации од градот.

ЗП Свети Николе: Прослава на „Свети Никола“ со два повода

Во Свети Николе пензионерите имаат две причини заради кои го празнуваат овој ден со посебно внимание и голема почит. Едната причина е што градот го носи името на светецот, и е патрон на малото гратче сместено во Овчеполието, а втората причина е што и здружението на пензионери на општина Свети Николе го носи истото име. Овој празник се празнува секоја година, така беше и оваа година. По тој повод во пријатна атмосфера во хотелот „Илинден“, во село Црнилиште се сретнаа пензионери од: ЗП Велес, ЗП Куманово, ЗП Штип, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Струмица, ЗП Пробиштип, ЗП Кратово, ЗП Кочани, ЗП Крива Паланка и ЗП Лозово.

ЗП Тетово: Пензионерите се дружеа и забавуваа

Предновогодишната средба како манифестација веќе стана традиција на една активност на Здружението на пензионерите во Тетово. Ваква средба се одржа на 5-ти декември. Годинешната предновогодишна средба побуди голем интерес кај пензионерите, така што примени се сите што покажаа интерес. Не беше одбиен ниту еден пензионер. Се пријавија 339 и сите беа присутни на средбата. Пензионерите плаќале по половина износ од договорениот за целото мени. Освен тетовски пензионери, гости на средбата биле и членови на раководството на ЗП Гостивар, со кои се одржуваат традиционални меѓусоседски содржински средби и релации.

ЗП Гази Баба: Достојно одбележана 43-годишнината

По повод четириесет и три години од формирањето на ЗП Гази Баба, на 12-ти декември, во присуство на голем број членови и гости, со пригодна програма беше одбележан Денот на здружението. На свеченоста присутвуваа и претседателот на СЗПМ, градоначалниците на општините Гази Баба, на Арачиново и на Петровец, како и повеќе претседатели и претставници од скопските здруженија на пензионери, претставници на раководствата на ЗП Куманово, Струмица, Прилеп и Врање - Србија, членови на Собранието, Извршниот одбор, ограноците, одборите, комисиите и голем број активисти. На почетокот, хорот под раководство на диригентот, промотивно ја исполни Свечената песна на ЗП Гази Баба. По промоцијата, пред присутните хорот се претстави со колаж од две жетварски песни, „Излегла Јана по поле“ и „Каде си тргнала, Кито“, во придружба на изворниот оркестар. Потоа претседателот на ЗП Гази Баба ги поздрави присутните и им посака добро здравје и убави пензионерски денови. По повод годишнината, соработката и придонесот за афирмација на здружението, благодарници се доделени, на претседателот на ИО на СЗПМ и на градоначалниците на општините Гази Баба, Арачиново и Петровец, на кои наедно им беше врачен по еден примерок од свечената песна на Здружението. Благодарници за нивно лично залагање и придонес во развојот, остварување на целите и задачите на здружението им беа врачени и на институции, како и на повеќе пензионери активисти. Во таа пригода, претседателот Андонов доби подарок, уметничка слика, пејзаж, во масло на

платно, која ќе ги краси просториите на здружението, од пензионираниот академски сликар, член на Здружението, Благоја Богески. Свеченоста збогатена со пријатна и весела музика, мина во ретко убава атмосфера со песни и игри.

ЗП Гостивар: Мултиетничка вечер по 20-ти пат

Здружението на пензионери „Гостивар“ е основано во 1946 година и во 2016, ќе слави 70 години од формирањето. Денес ова е едно од најстатите здруженија - членка на СЗПМ брои 6.300 членови, а во него членуваат пензионери од општините: Гостивар, Маврово - Ростуше и Врапчиште. Во здружението има 23 ограноци. Според Програмата здружението има голем број активности во текот на целата година. Секоја година, дваесет години по ред, здружението организира мултиетничка тредиционална вечер по повод Денот на ослободувањето на Гостивар. Околу 300 пензионери од повеќе здруженија се дружеа, пееја песни на македонски и албански јазик, играа македонски и албански ора.

ЗП Бутел - Прва јубилејна прослава на здружението

Најмладото здружение на пензионери во Скопје го одбележа својот прв петгодишен јубилеј од своето формирање.

ПРОГРАМА НА СЗПМ ЗА 2016

Собрание на СЗПМ, на седницата на 21.12.2015 година донесе Програма за 2016 година. Програмата ќе се одвива во знак на одбележување на 70 години од пензионерското организирање во Република Македонија, односно од создавањето на Сојузот како асоцијација на корисниците на пензија: 1. Одбележување на 70 години од пензионерското организирање во Република Македонија, во текот на јубилејната 2016 година, сите активности ќе се извршуваат на начин со кој ќе се потенцира долгогодишното егзистирање на Сојузот, а за тоа ќе посведочи и планираното подготвување Монографија која како историска творба ќе остане во меморијата на идните генерации. Посебни свечености ќе се одржат по повод 20 септември - Денот на пензионерите на Македонија. 2. Обезбедување материјална и социјална сигурност на корисниците на пензија; 3. Натамошни активности за унапредување на соработката со Фондот на ПИОМ и други државни институции во интерес на пензионерите; 4. Унапредување на здравствената заштита на корисниците на пензија; 5. Организирање на 14-тите регионални ревии на песни, музика и игри; 6. Организирање на Балканска фолклорна ревија - Скопје 2016; 7. Активности за донесување на Законот за пензионерско организирање; 8. Продолжува воведување на Пензионерската социјална карта во здруженијата на пензионерите; 9 Реафирмирање на мирно решавање на споровите; 10. Работни состаноци на Сојузот со здруженијата на пензионерите; 11. Волонтерство во сегашни услови на работење на пензионерските здруженија; 12. Организирање и следење на 21-те спортски натпревари на пензионерите во Република Македонија; 13. Соработка со Црвениот крст и други невладини асоцијации; 14. Информирање, остварување на јавноста и отчет во работата; 15. Програмата за работа е од отворен карактер и може да се менува и дополнува во текот на годината.

Комисија за информирање и издавачка дејност
Во фокусот: 70-годишниот јубилеј на СЗПМ

На 15 декември 2015 година Комисија за информирање и издавачка дејност на ИО на СЗПМ одржа седница. На истата беа разгледани и усвоени следните документи: Извештајот на Комисија за 2015 година; Програма на Комисијата за 2016 година и План за реализирање на Програмата за работа во 2016 година. Од дискусиите беше констатирано дека информирањето во 2015 се одвивало низ повеќ е форми и содржини. Редовно излегуваше бесплатниот весник „Пензионер плус“, како и прилогот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“. Во „Коха“ страницата за пензионери излегувала само 4 пати. Билтените за фолклорни ревии и за спортски натпревари успешно се реализирани. Редовно беше ажурирана и веб-страницата. Беа одржувани прес-конференции за најважните случувања. Ваквиот тренд ќе продолжи и во 2016 година. Комисијата ќе се вклучи активно во изготвување Монографија по повод 70-годишниот јубилеј, на 50-тиот број на „Пензионерски видици“ и на стотиот број на весникот „Пензионер плус“. Информирањето на членството ќе се остварува и преку емисијата „Трето доба“ на МТВ и „Златни времиња“ на МРА, наменети за популацијата од третата доба, како и во емисии на другите телевизии во државата на локално и национално ниво.

Од работата на ФПИОМ – Исполнување на обврските и штедење

Исполнувањето на сите законски рокови е приоритет во работата на Фондот на ПИОМ. За тоа, особена заслуга има Управниот одбор и менаџерскиот тим, кои хармонично соработуваат и функционираат, во интерес на доследното исполнување и реализирање на пензиската политика во РМ. Точно тоа е мотивот навреме да се донесуваат најважните документи за понатамошната работа на Фондот на ПИОМ, како што е - финансискиот план за следната 2016 година. Изготвувањето на Буџетот на Фондот е фундиран врз циркуларот што за 2016 година го испрати Министерството за финансии, во кој се содржани главните насоки за подготвување на Предлог-буџетското барање и очекуваните макроекономски индикатори за развојот на Републиката во наредната година. Покрај тоа, при планирањето на приходите и расходите на Фондот земено е нивото на обврските на Фондот во 2015 година и очекуваните нови обврски на Фондот што ќе произлезат во 2016 година согласно со законската регулатива, Програмата на Владата на РМ, утврдените цели на Фондот во Стратегискиот план за периодот 2016-2018 година, како и насоките на УО на Фондот за приоритетните цели и задачи што треба да се остварат во следната година.

Претседатели на скопските здруженија на средба во Тирана
Нов мост на меѓународна соработка

На 22, 23 и 24 ноември 2015 година делегација од десетина претседатели на здруженија на пензионери, членки на Сојузот на здруженијата на град Скопје, беа во тридневна посета на **Конфедерацијата на синдикати на Албанија**, во чиј состав се и пензионерите.

ЗП Охрид и Дебрца - Петта меѓугенерациска средба

ЗП Охрид и Дебрца и Основното училиште „Христо Узунов“ на 20-ти ноември 2015 година ја организираа петтата Меѓугенерациска средба на

пензионерите од Месниот огранок Горна влашка маала и учениците од училиштето. Оваа традиционална манифестација е проект на Европската унија, а реализација на СЗПМ. По заедничката средба на пензионерите и учениците и разговорот за тоа како се станува пензионер и кои се активностите и придобивките на пензионерите, беше изведена богата едночасовна културно-уметничка приредба.

Акценти од мегаинтервјуто со Драги Аргировски, претседател на СЗПМ на Телевизија К-3, во Куманово

„СЗПМ достоинствено ќе одбележи 70-годишен јубилеј во 2016 година. Почитувани пензионери, Новата 2016 година, да ви донесе многу среќа, радост и достоинствено здраво и активно стареење и можност да ја препознаете убавината на малите секојдневни нешта кои го прават животот“...

На „Денот на дрвото“ – И пензионерите засадија дрвца

Голем број пензионери од здруженијата на СЗПМ на „Денот на дрвото“ организирано се вклучија во акцијата која на 2.12. 2015 година беше спроведена под мотото „Засади успех“ и на ова поле давајќи им пример на помладите. Учествувајќи во оваа традиционална акција во Република Македонија, припадниците на третата животна доба дадоа посебен придонес во пошумувањето на голините и еколошкото збогатување на просторот. Така, пензионерите од ЗП Радовиш и Конче, на однапред подготвени терени во непосредна близина на рудникот „Бучим“ на овој ден заедно работеа и се дружеа со ученици, студенти, вработени во локалната самоуправа и во други организации и институции.

Исто така, пензионерите од општина Конче садеа дрвца на локацијата Макрешка Река, во близина на с. Ракитец. „Денот на дрвото“ пензионерите од ЗП Лозово го одбележаа со засадување борови и чемпреси во дворот на својот клуб, а покрај естетското уредување, за да ги заштитат трендафилите од ниските температури, врз секое коренче ставија по едно пластично шише. И во другите здруженија, беше забележливо дека пензионерите со воодушевување и со љубов работеа без оглед на годините, како секој да очекуваше со години да гледа како растаат посадените дрвца и како мирисаат расцветаните цветови.

ЗП Крива Паланка

Едукативна работилница за лекови и ортопедски помагала

Во организација на Фондот за здравство на Македонија и Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, преку подрачната единица на Фондот за здравство Крива Паланка и двете здруженија на пензионери, старосни и инвалидски, на 20 ноември 2015 година се оддржа Едукативна работилница за лекови и ортопедски помагала, наменета за оние кои имаат потреба од тоа. Пред голем број присутни пензионери предавачите најнапред ја истакнаа целта за која е наменета оваа Едукативна работилница, а таа е токму за пензионерите, за лица од трета доба на кои најпотребна им е услугата од здравството.

ЗП Велес: „Свети Климентови поетски средби“

На 8-ми декември годинава Здружението на пензионери Велес ги организираше „Свети Климентовите поетски средби“ на кои учествуваа поети од повеќе здруженија од Македонија, меѓу кои од Велес, Штип, Кавадарци и Свети

Николе. Средбата започна со обраќање за значењето на „Свети Климент“. „Свети Климент“ е, првиот македонски духовник, учител и книжевник. Оваа дејност била цврсто поврзана со вистинското сестрано христијанизирање на Македонците, како и основањето и организирањето на првата македонска епископија во Охрид и областа Кутмичевица.

ЗП Крива Паланка - Традиционална екскурзија во Војводина

Од година во година интересот на пензионерите од ЗП Крива Паланка е се поголем за организирање екскурзија во Војводина - Република Србија. Така, Здружението при крајот на октомври 2015 година за своите пензионери организираше четиридневна екскурзија до нашите иселеници во оваа покраина. При тоа беа посетени местата Панчево, Качарево, Глогоњ и Јабука.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
- за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска Банка
Година IX, број 90-91
5 февруари 2016 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 90-91 од 5 февруари 2016 година

70-годишниот јубилеј на пензионерското организирање во Македонија ќе биде достоинствено одбележан

Годинава СЗПМ ќе ја одбележи 70-годишнината на пензионерското организирање во нашата земја. Тоа е редок јубилеј на една од најстарите невладини организации во Републиката. Почетокот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е во далечната 1946 година, кога е донесен првиот закон за пензионирање на работниците во земјата, со што започнало и пензионерското организирање како дел на Единствените синдикати во Македонија. Во 1990 година во независна, суверена и самостојна Република Македонија бројот на пензионерите се зголемува на 166.224. Тогаш СЗПМ се определува да биде самостојна невладина и неполитичка мултиетничка организација, организирана сила која ќе ги штити правата на пензионерите утврдени со закон. На редовниот конгрес на Сојузот на синдикатите на Македонија во 1994 година во усвоениот Статут е избришано колективното членство на пензионерите, но вообичаената комуникација со ССМ продолжува, а во последните години истата се интензивира. Со тоа што сме прогласени за лидери на пензионерското организирање на Балканот во 2016 година, се планира и збогатување на меѓународната соработка на европско рамниште со цел да се користат европските искуства за размена на пензионерските традиции и за соработка. Секако, во јубилејната 2016 година, ќе се збогати соработката и со медиумите. Во март заедно со весникот „Нова Македонија“ го бележиме 50-тиот број на заедничкиот прилог „Пензионерски видици”, а во ноември ќе биде промоцијата на Монографијата „70 години пензионерско организирање во Македонија“ и на 100-тиот број на „Пензионер плус“. Во текот на годината со нови содржини ќе се збогатува и веб-страницата на СЗПМ. По долги настојувања СЗПМ јубилејот го дочекува во нов деловен простор што е добиен од Фондот на ПИОМ и кој ќе се користи без надомест. Со тоа заслужено се создаваат услови за

натамошно пофункционално, поефикасно и подомаќинско работење на СЗПМ, во интерес на просперитетот на пензионерите. Сето тоа укажува дека Јубилејната година очекуваме да мине во работна и славеничка атмосфера.

Седница на Одборот на регистрираната организација при СЗПМ
- Донесени значајни заклучоци

Одборот на регистрираната организација при СЗПМ, на седницата што ја одржа на 21-ви јануари 2016 година, ги разгледа информациите на ФПИОМ за дозначените и исплатените средства за Солидарен фонд за починатите корисници на пензија, како и за членарината за членување во здруженијата на пензионери заклучно со ноември минатата година, а расправаше и за распределбата на членарината кај инвалидските сојузи.

Членарина за членување во здруженија на пензионери заклучно со ноември 2015 година

Согласно со член 115 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, ФПИОМ на корисникот на пензија, со негова согласност, му запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здруженија на пензионери (членарина). Издвојувањето за посмртната помош и членарината се врши од пензијата на корисникот на пензија, освен од семејната пензија на дете остварена по основа на школување. Средствата за Солидарен фонд - посмртна помош, Фондот ги уплаќа на посебна потсметка во рамките на Трезорската сметка, со назнака „Средства за солидарен фонд - посмртна помош на корисниците на пензија“. Овие средства во тековната година не се доволни да ја покријат исплатата на средствата за посмртна помош на починатите корисници на пензија. Според направените анализи и предвидувања од страната на Стручната служба на Фондот каде се земени во предвид двата битни параметра како времетраењето на користење на пензијата во просек од 15 години за еден корисник (што влијае директно на задршката за солидарен фонд) и бројот на починатите корисници на пензија (кој е зголемен за 3% во период јануари-ноември 2015 година во однос на истиот период во 2014 година), во 2015 година Фондот во целост ќе ги сервисира и навреме ќе бидат иплатени средствата за посмртна помош. Согласно со очекуваниот број пензионери до крајот на 2015 година, бројот на пензионери кои би плаќале Солидарен фонд и членарина, би изнесувал околу 284.000 пензионери. Со тоа, ќе се зголемат уплатените средства за Солидарен фонд и редовно ќе се извршуваат сите обврски по основа на исплата на средства за покривање на погребните трошоци за починатите пензионери.

Продолжува проектот „Фондот поблиску до пензионерите“ и во 2016 година

Фондот за здравствено осигурување на Македонија како финансиска институција од јавен интерес во здравствениот систем на Република Македонија продолжува со својата отворена и конструктивна соработка со сите субјекти во здравствениот систем, во рамките на своите надлежности и согласно со законските прописи. Важен чинител во здрвавствениот систем се здруженијата на граѓани, а посебно место има Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Фондот за здравствено осигурување има одлична соработка со

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и на замено задоволство заеднички утврди дека поради големиот интерес од страна на пензионерите за едукативни работилници, во 2016 година ќе реализира нов - трет циклус на теми кои се од посебен интерес на пензионерите. Договорено е проектот „Фондот поблиску до пензионерите“ да се одржува во текот на 2016 година во 30 градови во Македонија.

Објавен е интегралниот текст на новиот Статут
СТАТУТ НА СЗПМ (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)
...
Статутот може да се види во весникот!

Интервју со Душанка Дивјак-Томиќ, амбасадор на Србија во Република Македонија
Заложба за соработка помеѓу пензионерите од Србија и Македонија
...
Содржината на интервјуто може да се прочита во весникот!

Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија - Препораки

По Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статуот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, јавната расправа по здруженијата на пензионерите траеше од 30 јуни до 30 септември 2015 година. Во текот на расправата здруженијата дадоа свои мислења и предлози на Статутарната одлука која содржеше заеднички одредби за СЗПМ и здруженијата на пензионерите со цел тие да бидат регулатива како на Статутот на Сојузот, така и на статутите на здруженијата на пензионерите. Со цел да се постигне усогласеност по одделни витални прашања од пензионерското организирање, Извршниот одбор на СЗПМ, ги донесе следните ПРЕПОРАКИ: за здруженијата на пензионери - членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија 1. За решавање на прашањето на декумулација на функциите во органите на здружението се препорачува избраните претставници да извршуваат само една функција. 2. Се препорачува здруженијата да имаат претседател на Собрание и претседател на Извршниот одбор кој истовремено е и претседател на здружението на кој начин не постои кумулација на функции, бидејќи претседателот на здружението не е посебен орган. 3. За здруженијата на пензионери до 5.000 членови е целисходно да имаат претседавач на Собрание и претседател на здружение, кој истовремено е и претседател на Извршниот одбор на здружението. 4. Се препорачува здруженијата да не вршат исклучување на член од здружение, доколку е неопходно би требало да се исклучи само од органите на управување. Ова е од причини што според Законот за пензиското и инвалидското осигурување на пензионерот се одбива истовремено дел од пензијата за посмртна помош и членарина. Со оглед на тоа што членарината се дозначува во здружението, пензионерот има право да ги користи правата по таа основа и би требало и понатаму да биде член на здружението. 5. Се препорачува статутите на здруженијата да имаат одредби за одржување на избори на секои 4 години. 6. Се препорачува здруженијата на пензионери да ги усогласат своите статути со Статутот на СЗПМ вклучувајќи ја и Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на СЗПМ до крајот на 2016 година.

Скопје, декември 2015 година, претседател на СЗПМ

Бесплатно болничко лекување за 170.000 пензионери со пензии до 12.600 денари

Пензинерите чија пензија е пониска од 12.600 денари имаат право на бесплатно болничко лекување во државните болници и клиники во земјава, без да платат партиципација за услугите. Оваа привилегија која беше првпат воведена минатата година ќе може да ја користат околу 170.000 пензионери во земјата, но не и членовите на нивните семејства, ниту граѓаните што остваруваат право на пензија од друга држава.

Работилница за сметководители при СЗПМ

- **Едукација за правилно-финансиско работење**

Во организација на СЗПМ, на 29-ти јануари, во ресторанот „Панини“ на Велешко Езеро, беше одржана работилница за составување финансиски извештаи и годишна сметка во здруженијата на пензионери и Сојузот на која присуствуваа: сметководителите и претседателите на зруженијата членки на СЗПМ, претседателот на СЗПМ, потпретседателот на Собранието, потпретседателот на ИО, изготвувачот на материјалот Димитар Тодевски и претседателот на Надзорниот одбор. Авторот на прирачникот за составување финансиски извештаи - годишни сметки за 2015 година, Димитар Тодевски, ги образложи прашањата поврзани со оваа проблематика и ги назначи проблемите кои можат да се појават во разни случаи и да предизвикаат реперкусии доколку не се постапува според пропишаните регулативи, а посебно според Правилникот за сметководство на непрофитните организаци. На работилницата беа расчистени сите дилеми околу изготвувањето на финансиските извештаи и завршната сметка во ЗП и СЗПМ, а сите поединости и специфичности во разни случаи и примери се содржани во прирачниот материјал што им беше поделен на сметководителите. Во меѓувреме, претседателот на СЗПМ оствари посебна средба со претседателите на ЗП на која ги информираше за позначајните активности во 2016 година, со најава на домаќините и термините за одржување на ревиите и спортските натпревари на регионално и републичко ниво, како и можноста по повод 70-годишнината на пензионерското организирање, СЗПМ да биде домаќин на Европската ревија на песни, музика и игри во Скопје. На средбата се разговараше и за некои негативни појави и проблеми, а посебно за непочитувањето на договорите од ЈП Македонски шуми при испораката огревно дрво за пензионерите, за што беа дадени насоки за нивно разрешување.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
• за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3225 710 e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година IX, број 92
25 март 2016 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр 92 од 25 март 2016

Трета седница на Собранието на СЗПМ
Минатата 2015, една од најактивните години

На 18 март 2016 година, Собранието на СЗПМ ја одржа својата трета седница што ја отвори Драги Аргировски, кој според новиот Статут како претседател на Извршниотодбор, истовремено е и претседател на Сојузот. На предлог на Кандидационата комисија за претседател на Собранието на СЗПМ беше избран Бесник Поцеста. Потоа беа избрани двајца членови во Извршниот одбор на СЗПМ: Калина Сливовска - Андонова, главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“ и Јован Ќирковиќ од ЗП Кисела Вода. Воведно излагање за Извештајот за работата на СЗПМ за 2015 година поднесе потпретседателот на ИО. Тој се задржа и на најновите измени и дополнувања на Статутот на СЗПМ, како и на работата на Органот на регистрираната организација за солидарен фонд и членарина. Извештајот за остварување на Финансискиот план за 2015 година го елабориираше главниот сметководител на СЗПМ. Мислење на Надзорниот одбор за Финансискиот извештај поднесе претседателот на НО.

Седница на Организациониот одбор за 70-годишниот јубилеј на СЗПМ
Подготовките се интензивираат

На 18 март 2016 година Организациониот одбор за организирање на активности за достоинствено одбележување на 70 години од пензионерското организирње во Македонија одржа седница. Претседателот на РМ Ѓорге Иванов ќе биде поканет да биде покровител на јубилејната манифестација која ќе се одржи на 20 септември 2016 година, Денот на пензионерите на Македонија. Формирани се комисии за свечената академија, за подготовка на предлог за одликувањена СЗПМ по повод јубилејот, за признанија за истакнати членови на СЗПМ, за информирање на јавноста за активности по повод јубилејот во СЗПМ и други. Исто така, беше формиран Издавачки совет и Редакција за изработка на МОНОГРАФИЈА по повод 70 години од пензионерското организирање во која ќе бидат поместени информации со фотографии и текстови од активностите во изминатите години. По повод јубилејот ќе биде издадена нова публицистичка книга „Аргументите ја осветлуваат вистината“, чиј автор е Драги Аргировски, како и „Архивски белешки за пензионерското организирање во Македонија“ од Илија Глигоров. По повод големиот јубилеј ќе има и други активности и манифестации преку целата година, како на ниво на Сојузот, така и на ниво на здруженијата членки на СЗПМ.

ЗАКЛУЧОЦИ на ИО на СЗПМ

По повод одбележувањето на јубилејот „70 години пензионерско организирање во Македонија1946-2016“, Извршниот одбор на СЗПМ на седницата одржана на 18-ти февруари 2016 година ги усвои следните заклучоци:

1. Да се формира Организационен одбор за одбележување на јубилејот. 2. Да се одржи Свечена академија за јубилејот на 20.9.2016 год. 3. За покровител да се покани претседателот на Република Македонија проф. д-р Ѓорге Иванов. 4. До претседателот на РМ да се достави Предлог за доделување одликување на СЗПМ по повод јубилејот. 5. Да се доделат признанија на институции со кои успешно соработува СЗПМ подолг период. 6. Да се доделат признанија на градоначалници кои придонесуваат во работата на СЗПМ и на здруженијата. 7. Да се доделат признанија на истакнати активисти во областа на спортот, културно-забавниот живот и други заслужни членови. 8. Да се издаде колор монографија „70 години пензионерско организирање во Македонија 1946-2016“, со тираж од 1.000 примероци на македонски јазик и дел на албански и англиски јазик. 9. Во месец мај 2016 година да се објави книгата „Архивски белешки за пензионерското организирање во Македонија“ од авторот Илија Глигоров. 10. Во месец јуни да се објави новата публицистичка книга од Драги Аргировски „Аргументите ја осветлуваат вистината“ за актуелната пензионерска проблематика. 11. Доколку од Европската унија или од други донатори се обезбеди целосна финансиска поддршка, СЗПМ во Скопје да организира меѓународна манифестација „Балканска ревија на песни, музика и игри“. 12. Сите манифестации што во 2016 година ќе се организираат од Здруженијата на пензионерите да бидат во духот на јубилејот „70 години пензионерско организирање во Македонија“.

СЗПМ во новите простории

По повод јубилејот пензионерите го добија најпосакуваниот подарок од државата

На 18 февруари 2016 година, СЗПМ се всели во нови деловни простории. Во присуство на голем број гости на свеченото отворање прв на присутните им се обрати претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, при што рече: - Во годината кога Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија го одбележува својот голем јубилеј 70 години од пензионерското организирање во Македонија, го добивме најпосакуваниот подарок од државата, работни простори во кои ќе се одвиваат нашите активности. Денес е голем ден за Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, најмасовната и најактивната невладина организација. За добивањето на овие простории изразуваме голема благодарност на Владата и на Министерството за труд и социјална политика на Македонија, особено на заменик-министерот Диме Спасов со кого Сојузот на пензионерите има одлична долгогодишна соработка. Се заблагодаруваме на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и директорот Шаип Зенељи и неговиот тим, како и на претседателката на Управниот одбор Јасмина Иванова за успешната соработка. Посебна благодарност и до претседателот на ССМ Живко Митревски и директорката Вера Бужаровска со кои во изминатите години имавме примерна соработка. При тоа за оние кои не знаат морам и овој пат да потенцирам дека зародишот на СЗПМ е во ССМ, бидејќи пред седум децении Пензионерската организација била дел на единствените синдикати на Македонија. Големи поздрави и до претставниците на медиумите, со посебна благодарност до главниот и одговорен уредник на весникот „Нова Македонија“ Александар Димковски, со кој повеќе години успешно го реализираме прилогот „Пензионерски видици“ и се разбира информативниот мрак за животот и активностите на оваа значајна масовна популација во државата. Благодарност и до

изведувачите коишто го создадоа овој пријатен и функционален амбиент. Прославата ја почнуваме со шампањско. Со ова свечено предавање и отворање на новиот работен простор, започнува свеченото одбележување на нашиот значаен и голем јубилеј, 70 години на пензионерското организирање во Македонија. Просториите се убави, но уште поубаво е чувството дека СЗПМ е почитувана асоцијација која од ден на ден е се поприсутна во сите случувања во државата, дека Сојузот и неговите членови не се на маргините на случувањата и заборавени од државата, туку напротив. Непобитен доказ е и давањето на трајно користење на овие простории во кои сме денес сите заедно.

Обраќање на заменик-министерот Диме Спасов
СЗПМ Респектабилен општествен фактор во државата

Поздравувајќи ги присутните на прославата заменик-министерот за труд и социјална политика Диме Спасов откако му го честиташе на Сојузот јубилејот, го изнесе своето свечени обраќање...

Обраќање на Шаип Зенељи, директор на Фондот на ПИОМ
Успешна соработка со СЗПМ

Со пригодни зборови присутните ги поздрави и Шаип Зенељи, директор на Фондот на ПИОМ и го честита јубилејот и вселувањето во новите работни простории...

Настанот го следеа голем број медиуми, за кои Диме Спасов, Шаип Зенељи и Драги Аргировски дадоа посебни изјави:
...
Изјавите може да се прочитаат во весникот!

СЗПМ на форумот „Вмрежувањето и соработката на граѓанските организации“

На 11-ти февруари 2016 година, претставници на СЗПМ учествуваа на форумот „Вмрежувањето и соработката на граѓанските организации“ што го организираа Македонската канцеларија на проектот Техничка поддршка за граѓанските организации - ТАКСО и ТАКСО ресурсниот центар воден од Македонскиот центар за меѓународна соработка - МЦМС. Форумот создаде простор за дискусија на граѓанските организации и нивните мрежи за потребата и придобивките од заедничка соработка и вмрежување. Работилниците кои беа организирани во рамките на форумот придонесоа за идентификување на потребите за градење на капацитетите за вмрежување и за дизајнирањето на идните активности поврзани со оваа тема. На дебатата активно учество зема претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој ги истакна современите можности и поволностите од мрежното работење. Покрај презентацијата, дебатата и работилниците, имаше и постер презентации, на кои претставниците наСЗПМ, д-р Илија Глигоров и д-р Андреја Наумовски ги запознаваа учесниците со работата на СЗПМ како мрежа на пензионерските здруженија, со најбројно членство и со видни долгогодишни резултати.

Сојуз на здруќенијата на пензионерите на град Скопје
Решавање на приоритетни задачи

Една од приоритетните задачи од Програмата за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Скопје за оваа година беше решавањето на проблемот со сопственоста на Рекреативниот центар Катланово (РКЦ), кој досега беше отстапен само на користење на Сојузот. Всушност, таквиот статус на овој локалитет, за две-три стотини метри оддалечен од бањата во Катланово, наметна финансиски оптоварувања, кои толку нараснаа, што Градскиот сојуз не беше во состојба сам да ги разреши. Извршниот одбор на ГС побара помош од градските здруженија кои на неодамнешниот состанок на Координативниот одбор (составен од нивните претседатели), се согласија да учествуваат во трошоците за легализација на Центарот. Исто така, на состанокот беше презентирана одлуката на Градот Скопје за износот на финансиската поддршка што ја даваше за бесплатен превоз на здруженијата со автобус од ЈСП надвор од Скопје, оваа година да се пренамени за решавање на проблемот со сопственоста и легализацијата на РЦК. ИО на ГСЗП искажува грижа и подготвеност за спроведување и на другите активности од Програмата, а посебно презема мерки за заживување на културно-забавните и спортско-рекреативните активниости во своја надлежност. Во таа насока, на неодамнешната седница на ИО беа формирани двете комисии при одборот и тоа: Комисија за културно-забавен живот и Комисија за спорт и рекреација.

ЗП Кавадарци, ЗП Велес и ЗП Свети Николе
Заедничка прослава

На 6-ти март 2016 година припадничките на понежниот пол од Кавадарци заедно со пензионерките од Свети Николе и Велес го прославија 8ми Март, Денот на жената. Импресиите од оваа средба и меѓусебното дружење на пензионерките со песни и музика во пријатна атмосфера ќе останат долго во сеќавање.

Блакцата на нашите баби – дел од македонскиот идентитет

По 21 пат, на 13 февруари 2015 година, ЗП Велес ја одржа манифестацијата „Блакцето на баба“. На Манифестацијата учествуваа над 300 пензионери и пензионерки речиси од сите здруженија членки на СЗПМ. Најбројни беа од Радовиш, не заостанаа ни Градско, Охрид и Дебрца, Дебар, Неготино, Тетово, Свети Николе, Штип и Карбинци, Кочани... Манифестацијата „Блакцето на баба“ и годинава имаше хуманитарен карактер. Новина е тоа што по повод оваа манифестација од страна на ЗП Велес беше издаден и прирачник со повеќе рецепти за нашите старински блакца.

Интервју со Бранко Раковец, амбасадор на Словенија во Република Македонија: Придонес за подостоинствен живот на пензионерите

Разговорот со Бранко Раковец, амбасадор на Словенија во Македонија, го започнавме со заедничка констатација дека односите помеѓу нашите држави се традиционално добри - пријателски и партнерски во сите области, а поинтензивна соработка на политички, економски, културен и научен план е воспоставена по распаѓањето на некогаш заедничката држава на двете земји. Ништо помалку во тој однос не заостанува и соработката помеѓу пензионерските организации и надлежните институции кои се грижат за остварување на правата на пензионерите

врз основа на постојните законски прописи. Таквата соработка се манифестира во размената на искуства и придонесот кон обезбедувањето здраво, активно и достоинствено стареење на припадниците на третата животна доба.

Заменик-министерот за труд и социјална политика Диме Спасов ги посети: Катлановска Бања и Дојран
Пензионерите задоволни од проектите на Владата

Заменик-министерот за труд и социјална политика, деновиве ја посети Катлановска Бања, каде и оваа година продолжува Проектот за бесплатна бањска рекреација. Проектот „Бесплатна бањско-климатска рекреација“ досега имаа можност да го искористат над 32.600 пензионери. Годинава ќе бидат опфатени 5.500 пензионери. Буџетот за реализација на овој проект е 38 милиони денари, од кои 35 милиони се за покривање на шест полни пансиони, бањско-климатска рекреација и соодветни здравствени прегледи и околу три милиони денари за покривање на трошоците за превоз на корисниците на оваа услуга. Очекуваме бројот на корисниците да се исполни до мај годинава, на смени кои се однапред определени и за кои корисниците на пензија се информирани. Оние кои нема да ја искористат оваа услуга, тоа ќе го сторат во септември кога проектот ќе продолжи. Овој проект, ја покажа својата успешност и по шестата година од својата реализација е показател за напорите и заложбите на Владата за подобрување на животот на пензионерите. Континуираното зголемување на пензиите, подобрувањето на животниот стандард, бесплатниот превоз во јавниот сообраќај, како и овој проект, го подобруваат психофизичкото здравје на пензионерите, нивната виталност и социјализација.

ЗП Охрид и Дебрца
Заедничка прослава на пензионерките од Охрид, Струга и Кичево

Денот на жената - Осми март, традиционално и оваа година пензионерките од ЗП Охрид и Дебрца го одбележаа со пригодна свеченост. Првпат годинава, Активот на пензионерки на ЗП Охрид и Дебрца иницираше празникот на жената заеднички да го одбележат со пензионерките од активите на ЗП Струга и Кичево. На прославата учествуваа околу 300 пензионерки од трите здруженија.

Дневен центар за стари лица
Бараат мерење притисок, набавка на лекови, но најпотребно им е вниманието!

Право на посета во домашни услови имаат стари неподвижни лица кои не се во можност да ги извршуваат секојдневните обврски и се лица со висок социјален ризик. Во Дневниот центар за стари лица во Маџари, кој наедно е и Центар за давање помош во домашни услови, помош побарале триесетина лица. Најчесто имале потреба од здравствени прегледи, набавка на лекови или ситни поправки на апарати за домаќинство. Но најмногу од се, имаат потреба од друштво и внимание, велат волонтерите од Општинската организација на Црвениот крст на Гази Баба.

Бесплатен железнички превоз за пензионерите
Незаборавно патување со новиот воз

Проектот на Владата на РМ за бесплатен превоз на пензионерите секој втор викенд во месецот со новите возови на Македонија, стана реалност и повеќе од 40.000 припадници на третата животна доба досега ги користеле овие услуги. Благодарение на соработката и барањата на СЗПМ до надлежните институции на државата за поддршка и помош во спроведувањето на мерките за подобрување на квалитетот на животот на најстарата и најбројната популација граѓани, пензионерите со задоволство го користат и овој бенефит. При промотивното возење со новиот воз на релација Скопје - Велес и обратно, на 12-ти март 2016 година, голем број пензионери од Скопје имаа чест да патуваат во придружба на заменик-министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов.

Излезе 50-тиот број на „Пензионерски видици“

На 10-ти март 2016 година излезе 50-тиот број на „Пензионерски видици“. Убаво, но уште поубаво би било кога примерот на весникот „Нова Македонија“ би го следеле и другите пишани медиуми, а и електронските. Можеби весникот „Нова Македонија“ го издава „Пензионерски видици“ бидејќи генерациски тој е врсник со многумина од нас. Опстанува веќе 72 години, а со вакво опстанување не може да се пофали ниту еден друг весник во земјата. Рака на срце „Нова Македонија“ се купува и чита и кога во неа не е поместен прилогот „Пензионерски видици“ и заради другите содржини. По повод 50-тиот број на овој прилог, директорот на весникот „Нова Македонија“ и главниот и одговорен уредник го посетија СЗПМ и на претседателот Драги Аргировски како проект-иницијатор на изданието му се заблагодарија, подарувајќи му комплет од сите броеви на прилогот. „Пензионерски видици“ е резултат на одличната соработка меѓу раководствата на весникот „Нова Македонија“ и СЗПМ. Овој прилог овозможува случувањата во здруженијата и Сојузот да се дознаат и прочитаат во земјата и многу пошироко. Да се надеваме дека во иднина прилогот ќе биде уште побогат, а соработката уште подобра.

Во ФПИОМ потпишан договор за полиси за осигурување на пензионери

На 10.3.2016 година во ФПИОМ се потпиша Договор за нудење на полиси за осигурување и плаќање на рати со административна забрана за корисниците на пензии и нивните потесни семејства. Договорот го потпишаа в.д. директорот на ФПИОМ, претседателот на СЗПМ и како давател на услугата, извршниот директор на „Сава осигурување“ А.Д. Скопје. Оваа услуга се однесува за пензионерите и нивните потесни семејства, при што, како корисник на оваа услуга секогаш ќе се јавува пензионерот, без разлика дали ја користи услугата во свое лично име или ја купува за член од семејството. Полисите ќе се издаваат на одложено плаќање, односно на10 рати без камата.

На повидок убава соработка

Во весникот „Македонија“ од Торонто, Канада, во мартовскиот број на овој весник на Македонците од Северна Америка беше објавен напис за одбележувањето на 70-годишниот јубилеј на пензионерското организирање во Македонија и активностите по тој повод. Овој интересен весник излегува редовно од 1984 година еднаш месечно во првата недела во месецот. Него го уредува Соња Лозановска со која е договорена соработка меѓу весникот „Македонија“ и нашиот весник „Пензионер плус“ на теми кои ќе бидат од заеднички интерес. Инаку, весникот „Македонија“ е многу интересен, и по содржина и по дизајн. Во него има написи за случувањата поврзани со нашите сонародници, Македонци. Голем број написи има и за Република Македонија. Во весникот на 48 страници се поместени и написи за прослави, собири, совети за здравје, занимливости, крстозбор и шеги.

ПЕНЗИОНЕР плус
СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК
» за сегашни и за идни пензионери
Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 e-mail: vesnik@szpm.org.mk www.szpm.org.mk
NLB Тутунска банка
Година IX, број 93
29 април 2016 година

„ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ бр. 93 од 29 април 2016 година

ЗП Тетово - Мултиетничката средба во знакот на два јубилеја

Овогодишната мултиетничка средба на пензионерите на Македонија се одржа во знакот на два јубилеја: 70 години од постоењето на пензионерската организација и пет години од организирањето и одржувањето на ова мултиетничко дружење. Во салата на ресторанот „Арена“ во Тетово се собраа над 500 пензионери од речиси сите краишта на Македонија, кои се и сведоци и учесници на ова веќе традиционално собирање. „- Не е ова само „обично“ дружење на нашите членови. Повод и основата на ова дружење е ширење на соживотот на различните национални, верски и други припадности со кои не обединува Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Ние сме најмасовната невладина организација со содржински програми со кои го разубавуваме животот на луѓето од третата доба. Оваа мултиетничка средба, чиј домаќин е ЗП Тетово, годинава ја одржуваме во знакот на 70-годишнината од постоењето и организирањето на пензионерите во нашата земја. Почитувани присутни, искористете го ова собирање за размена на искуства, за создавање нови пријателства, релаксирајте се и забавувајте се. Петтата по ред мултиетничка средба на пензионерите на Македонија ја прогласувам за отворена“ - ова беа зборовите на Драги Аргировски, претседател на СЗПМ, во својство на поддржувач на средбата. На учесниците на оваа средба на пензионерите во Тетово, што се одржа на 16-ти април, им се обратија и Ајредин Амзаи, помошник-директор на Фондот на ПИОМ и Ахмет Ќазими, началник на Одделението за општествени работи на општината Тетово, кои го изразија своето задоволство што имаат можност да бидат дел од ова масовно собирање на пензионерите и заедно да ги споделат доживувањата и се друго што носи една средба со пензионерите. Овде присуствуваа и Бесник Поцеста, претседател на Собранието

на СЗПМ и Салтир Каровски, потпретседател на Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ. Во името на домаќинот, ЗП Тетово, на присутните им се обратија Стојан Соколовски, претседател на Собранието и Шабан Азизи, претседател на Извршниот одбор на ЗП Тетово. Видно задоволни од големиот број присутни пензионери, во своите обраќања до присутните истакнаа дека мултиетничката средба во секој поглед ја постигнува својата цел, а ЗП Тетово истовремено со посебна програма се вклучува во одбележувањето на големиот јубилеј - 70 години на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Присутните ги забавуваше составот „Маестро бенд“, исполнувајќи песни и ора негувани во традициите на различните национални припадности во нашата земја. Се забавуваа сите, играа и пееја и немаше ваша и нивна песна или оро. Се беше едно, наше, пензионерско!

Активности на СЗПМ

- Дописниците главни презентери на постигнатото

Традиционалната Работилница со дописниците на весникот „Пензионер плус“, прилогот во весникот „Нова Македонија“, „Пензионерски видици“, страницата за пензионери во весникот на албански јазик „КОХА“ и веб-страницата на СЗПМ, членовите на Издавачкиот совет и Редакцискиот одбор на весникот „Пензионер плус“ и членовите на Комисијата за информирање на СЗПМ, се одржа на 12 април 2016 година во ресторанот „Панини“ на Велешко Езеро. Работилницата беше отворена од претседателот на СЗПМ и претседател на Издавачкиот совет на весникот „Пензионер плус“ Драги Аргировски, кој е познат македонски новинар и публицист, со големо искуство и знаење во областа на јавните медиуми, и со своето доаѓање како пензионер во Сојузот, беше именуван за претседател на Комисијата за информирање, а потоа застанувајќи на чело на оваа најголема невладина мултиетничка асоцијација постојано се залага за подигање на нивото на информирањето на пензионерите, но и на пошироката јавност. Негови проекти се бесплатниот весник „Пензионер плус“, прилогот „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“, страницата за пензионери во весникот на албански јазик „КОХА“ и веб-страницата на СЗПМ. Тој ја осмисли и ја воведе страницата на албански јазик во „Пензионер плус“. Исто така, тој е и двигател на прилози и емисии и во електронските медиуми. Во своето обраќање пред присутните на Работилницата, претседателот Драги Аргировски зборуваше за значењето на информирањето воопшто, со посебен осврт за развојот на информирањето во Сојузот и неговиот личен удел да внесе светлина во информативниот мрак кој владеел до неговото доаѓање меѓу пензионерите. Во продолжение на излагањето, претседателот на СЗПМ меѓу другото рече: - Вашата работа како дописници на овие весници кои го промовираат животот на возрасната популација во нашата држава, ме прави горд бидејќи резултатите се добри, што не значи дека не можат да бидат уште подобри. Со ваква дописна мрежа не можат да се пофалат ни многу поголеми весници во земјата, а ваква дописна мрежа е мислена именка за сојузите на пензионери во земјите од нашето опкружување и пошироко. Меѓу вас има и новинари со новинарско искуство, но има и такви кои во „Пензионер плус“ ги направиле првите новинарски обиди. Продолжете така, бидејќи вие сте главни презентери на постигањата на Сојузот и вашите здруженија. Вашето квалитетно информирање е особено важно и потребно оваа година кога СЗПМ одбележува 70 години од

пензионерското организирање во нашата земја. Во своите написи одбележете ги успесите и постигањата во изминатите седум децении, но и се она што ќе се случува по повод овој голем јубилеј со каков ретко кој може да се пофали. А ќе има што да се пишува: осум регионални ревии на песна, музика и игри и републичка завршна ревија која ќе се одржи во Скопје, осум регионални пензионерски спортски натпревари и Пензионерска спортска олимпијада која ќе се одржи во Радовиш. Голем број собири и дружења, хуманитарни акции, екскурзии и друго. Пишувајте за активностите во вашите здруженија, но и за оние кои ги нижеле резултатите и успесите низ сите овие седумдесет години и се втемелиле во овој долг пат на пензионерското организирање во земјата. Во Љубљана минатата година бев прогласен за лидер на пензионерското организирање на Балканот. Во мозаикот на тоа лидерство вградени сте и сите вие со вашата работа и дејствување. За оние кои не знаат претседателот Аргировски ја создаде дописната мрежа на Македонската радио-телевизија. Тој проект како и многу други нешта од неговото големо новинарско и организациско искуство е пресликано и во Сојузот. Од 53 здруженија само девет немаат свој дописник. Половината од нив имаат своја веб-потстраница. Весникот „Пензионер плус“ е исполнет со случувања во здруженијата и општините на сите полиња. Со своите написи тие го потврдуваат она што постојано го потенцира претседателот Аргировски дека само добро информиран пензионер е добар за себе, но и за општеството. На Работилницата стана збор и за примената на новите технологии во изготвување на написите со кои, на општо задоволство пензионерите дописници добро се справуваат. Само неколку здруженија се уште испраќаат написи по пошта. Останатите ги испраќаат по електронски пат, многумина сами, но има и такви кои имаат лични асистенти од внуците, пријателите, соседите... За написите и за одредени забелешки во врска со нив зборуваше зам. гл. и одговорен уредник на „Пензионер плус“, Мендо Димовски. Секретарот на ИО и член на Издавачкиот совет Станка Трајкова, зборуваше за темите за кои дописниците треба да пишуваат а тоа се: волонтерството, семејното насилство, родовата еднаквост, изготвување на социјални карти по здруженијата, усогласување на статутите на здруженијата со Статутот на СЗПМ и друго. При тоа таа акцентираше дека во известувањето за се, треба да биде подигнат квалитетот бидејќи 2016 е јубилејна година. Во својата дискусија Салтир Каровски, потпретседател на ИО на СЗПМ и член на Издавачкиот совет истакна дека претседателите на здруженијата треба да им дадат поддршка на своите дописници и во техничка и во информативна насока. Само со заеднички напори може информирањето да биде квалитетно и интерактивно, како од урбаните, така и од руралните средини. Претседателот на Собранието на СЗПМ и член на Издавачкиот совет Бесник Поцеста ги поздрави присутните и го изрази задоволството што се наоѓа заедно со луѓето кои го афирмираат Сојузот и своите здруженија и потенцираше дека без нив нема да се знае за успесите на здруженијата, но и за проблемите со кои се среќаваат пензионерите. Придонес во Работилницата со своите дискусии дадоа и Веле Алексоски, Добре Тодоровски, Цвета Спасикова, Елица Даниловска, Нада Алексоска, Спирко Николовски, Крсте Спасески и други, кои го искажаа задоволството од соработката со Сојузот и изразија желба вакви среќавања и работилници да има почесто.

ЗП Солидарност – Аеродром
- Свечено одбележан Денот на здружението

Здружението на пензионери Солидарност - Аеродром од Скопје, традиционално, по седми пат, свечено го одбележа 14 април, Денот на здружението. Свечениот собир започна со пригодни песни кои ги исполни новоформираната хорска група. Потоа присутните меѓу кои беа претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, потпретседателот на ИО на СЗПМ Салтир Каровски, претставници на СЗП на град Скопје и од збратимените ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Кисела Вода, како и други гости, ги поздрави Димитрије Богатиноски претседател на Извршниот одбор на ЗП Солидарност - Аеродром. Во оваа свечена пригода, тој се осврна на резултатите и активностите, и меѓу другото рече: - Треба да бидеме задоволни од постигнатите резултати. Нашето Здружение постои само седум години, но според активностите на сите полиња успеавме да се вброиме меѓу најактивните здруженија во градот, но и пошироко. Тоа го постигнавме благодарение на заедништвото и дружењето, на нашата меѓусебна соработка, благодарение на сите вас. Денес најзаслужните за постигнатото ќе добијат признанија и благодарници. Потоа на присутните им се обрати претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој на активностите и резултатите на ЗП Солидарност - Аеродром е посебно горд, бидејќи тоа е неговото матично здружение. Претседателот Аргировски честитајќи им го јубилејот, во своето обраќање истакна: - Солидарност - Аеродром според постигнатото и активностите, се вбројува меѓу најактивните здруженија во Сојузот, и е пример дека годините на постоење не се битни, туку резултатите и постигнувањата. Одбележувањето на овој јубилеј е дел и од одбележувањето на 70-годишнината на пензионерското организирање во Македонија. Свеченостите ќе ги имаме преку целата година, а работата и активностите ќе продолжат и во наредните години во интерес на пензионерите во сите здруженија членки на СЗПМ. На крајот од овој свечен собир претседателот Богатиноски искрено им се заблагодари на членовите на органите и телата на Здружението, како и на стручната служба. Новина оваа година беше што покрај благодарници, беа доделени и признанија за придонес во развојот и работата на здружението.

СЗПМ
СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
1946 - 2016

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Министерството за внатрешни работи на НРМ – Скопје, врз основа на чл. 13 буква г) од Законот за удружувањата, соборите и другите јавни собирања, донесува ги предметите одобрување основањето и работата на Здружението на пензионерите од Народна Република Македонија со седиште во град Скопје, донесе следното:

РЕШЕНИЕ
ЗА ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Одобрува основањето и работата на „Здружението на пензионерите од Народна Република Македонија" со седиште во град Скопје, а со правно дејство на територијата на Народна Република Македонија.

Такса по тар. бр. 1 и 7 од Законот за таксите е наплатена.

Решение на Министерството за внатрешни работи на Народна Република Македонија бр. дел 4-XI-1496 год. врз бр. 221/2-90
II – 29—466